# САКАМ ДА КАЖАМ

*Горан Михајловски*



ГОРАН МИХАЈЛОВСКИ

# сакам да кажам

НИП "НОВА МАКЕДОНИЈА" АД
вечер
СКОПЈЕ, 1997

Издава: НИП "Нова Македонија" А.Д. Скопје – Редакција "Вечер"

Претседател на Управниот одбор: Панде Колемишевски

Главен и одговорен уредник: Стојан Насев

*

Корица и илустрации: Сашо Смилевски

Лектура и коректура: Алена Георгиевска

Подготовка за печат: "Тиха" – Скопје *студио за типографија*

Подготовка на колори: Скенпоинт, Скопје

Печат: Печатница "Нова Македонија", Скопје

ISBN 9989-9900-0-X

Издавањето на книгата го помогна Министерството за култура на Република Македонија

***На татко ми,***

***кој не дочека да ме искара за оваа работа***

# *Сакам да кажам*

*Ако нешто не ти се допаѓа, не го сфаќај сериозно.*

*Мислам дека на овој начин, веќе седма година функционира колумната "Сакам да кажам", што се објавува секоја сабота во ревијалното издание на скопскиот дневен весник "Вечер". Пред себе ја имате истоимената книга во која се објавени сите колумни од нивното појавување во јануари 1991 година, сѐ до крајот на 1996 година. Се работи за едно навистина сериозно време кое, убеден сум, претставува историски пресврт во нашето живеење. "Сакам да кажам" е еден вид хронологија на настаните што на многумина ни го сменија животот, меѓутоа видени на еден поинаков начин. Секогаш сум сакал и најтемните работи да ги гледам од ведрата страна. Во овие изминати сериозни времиња имаше многу луѓе кои, сакајќи или не, знаеја да направат будалаштини. Ним многу им благодарам.*

*"Сакам да кажам" го пишуваат сите мои читатели. Белешките за она што во сабота го читате во весник се фаќани преку целата недела, на секакви парченца хартија најдена кај-годе, од она што ќе го забележам по кафулињата во коишто излегувам, на гости кај пријателите, од колегите кои честопати знаат да ми кажат: "Имам нешто за тебе!", од познати и непознати фаци сретнати случајно на улица, пред некој шалтер, во "пиљарница", во редици (најинспиративни беа редиците за бензин)... Затоа и најмногу се радувам кога истите тие луѓе, познати и непознати, на истите или на други места ќе ми речат: "И јас така би кажал!" Им благодарам.*

*Му благодарам и на мојот драг пријател Ацо Ивановски, кој, додека сѐ уште бев почетник во весникот, го откри "несериозното" во мене и ме поттикна да ја пишувам оваа рубрика. Таа и денеска живее во "Вечер", заедно со текстовите на моите почитувани колеги кои се дел од моето пишување. И ним им благодарам.*

*Конечно, им благодарам и на неколкуте познати скопски фирми кои со сета сериозност ја сфатија мојата молба да ми помогнат да ја издадеме оваа книга и во овие тешки времиња одвоија некој денар за нејзино објавување. Нека не ми забележуваат што не ги откривам нивните имиња. "Сакам да кажам" сѐ уште излегува и, да сме здрави и живи, би сакал да излегува и во иднина. Можеби во некоја прилика и тие сериозни фирми ќе заслужат несериозен осврт, па не сакам луѓето за мене да мислат дека сум неблагодарен. Впрочем, ако не им се допаѓа тоа што ќе го прочитаат, нека не го сфаќаат сериозно.*

***Горан Михајловски***

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| 1991 година | 7 |
| 1992 година | 97 |
| 1993 година | 191 |
| 1994 година | 275 |
| 1995 година | 363 |
| 1996 година | 459 |

# 1991



# ЗАДОЦНЕТО ПАЛЕЊЕ

**12 јануари 1991**

## • Најголема придобивка на светската демократија – јавното гласање

Држ´те го Џобе, додека не одлетал со "Тетекс во светот", зашто лошо ни се пишува. Ние сме имале генијален премиер, ама не сме го познавале.

Му требаа четири и пол години да го фати македонски вознес и на тие "таму горе" да им манифестира задоцнето македонско палење. Со законот што широкоградо му го понуди на старото едноумно собрание, македонската влада го стресе Анте Марковиќ. "Не може така, другари. Ние не ги замрзнуваме платите!" Сега во светот и пошироко познатите пребогати македонски фирми ќе можат да си делат плати кој колку што сака. Бидејќи досега Џобе и покрај сите оригинални потези не се покажа доволно безобразен како неговите колеги од Србија да краде директно од сојузната каса, не му преостанува ништо друго туку боновите за исхрана да ги промовира во македонска национална валута.

Вгодина бројот на пензионерите ќе се намали. Ќе изумрат. А Џобе може безбедно "со Тетекс во светот", благодарејќи на тоа што навреме ги ослободи текстилците од непотребните давачки за пензиско-инвалидско осигурување. За возврат им гарантира дека ќе останат вечно млади.

Во исто време додека премиерот добиваше задоцнето патриотско вдахновение, пратениците на ВМРО и ПДП нѐ уверуваа дека најголема придобивка на светската демократија е јавното гласање. За да може Ратка Димитрова да гледа кој како крева рака. Бидејќи и во иднина ќе им треба контрола, по можност лично од нивниот претседател Љупчо Георгиевски, единствен начин да го внесат во парламентот е под итно да воведат втор собраниски дом – Дом на војводите.

За сето тоа да биде регуларно и без импровизации, ќе се погрижи Благоја Ханџиски кој отсекогаш имал оригинални предлози. Тој ќе прави уставна комисија. Не е виновен човекот што не знае дека со секое собрание во пакет оди и уставна комисија. Досега и онака сите работи ги решаваше неговата ЦеКа.

Во меѓувреме членовите на ВМРО се исправени пред уште еден историски предизвик. Како во старите добри комунистички времиња треба да се определат меѓу Љупчо и Владо. Кој не е на линијата на Гоце, Ченто и Љупче, тој не заслужува да биде во ВМРО. Дополнителен услов за лојалност е комитите да не се во никаква роднинска врска со некои од уредниците и новинарите на РТС, "Нова Македонија" и "Вечер". За сето тоа да биде најдемократско, целиот церемонијал се изведува јавно и во присуство на војводата. Сѐ уште не е решено што ќе се прави со непослушните. Додека не ослободиме некој пуст остров во Егејско Море, ќе се задоволиме и со Голем Град на Преспанското Езеро.

Засега доволен степен на послушност пројавуваат само водителите на третиот канал на Македонската телевизија. Го кинат ЈУТЕЛ. Во иднина, кога сакате да ви

кажат што е интересно, јавете им се на нив. Бидејќи ЈУТЕЛ е здодевен, ќе ви пуштат билијар. Тоа е – да умреш од задоволство.

## ОПЕРАЦИЈА "ВАТИКАН" 19 јануари 1991

### • Со благослов на папата Македонците во Хрватска ќе правaтат културна и просветна автономија

1. Според секогаш добро известените извори на НИП "Слободанка", на територијата на Македонија веќе почна операцијата "Ватикан". Новинарот-истражувач на "Политика експрес" Александар Писарев откри дека "челниците во македонската држава" и "врховништвото" на ВМРО имале конспиративни разговори во Хрватска, со единствена цел како во Павелиќевата НДХ да воспостават оска: Скопје–Загреб – против Белград". Ажурниот дописник на "Мала Слободанка" од Скопје дознава и дека "со благослов на папата, Туѓман им дозволил божиќно собирање и прослава на празниците на сите Македонци во Хрватска".

Операцијата "Ватикан", барем како што може да се претпостави, се одвива во две насоки. Првата е создавање на културна и просветна автономија на Македонците во Хрватска. Втората, пак, има за цел прогонство на Србите од Македонија. Тоа според "Мала Слободанка" не е никакво чудо, затоа што и на Хрватска и на Македонија гледиштата им се идентични кога е во прашање укинувањето на културно-просветната автономија и прогонството на Србите".

Прогонетите Срби ќе се засолнуваат во манастирот "Прохор Пчински". За исхраната не треба да се грижат, бидејќи српската црква ќе им сервира храна во музејските простории на АСНОМ. Така директно ќе влезат во историјата како вечно напатен и прогонуван народ.

2. На хрватско-македонската "завера против кралот" остро реагираше и СК – Движење за Југославија. Истурените одреди што се нарекуваат Координационен одбор за Македонија протестираа со писмо што до "Нова Македонија" беше испратено на – српскохрватски јазик, што е мошне автентично толкување дадено директно од теренот. На тој начин најверодостојно се изразува загриженоста за иднината на Македонија, посебно за нејзиниот јазик.

Во меѓувреме, покрај Драгиша – првиот генерал на СК-ДЈ, во централата во Белград стигна уште еден проверен кадар на црвено Куманово. Методи Петровски може мирно да спие, зашто стана професионален секретар на Сојузот на социјалистичките партии на Југославија, составен од партиите од три републики. Тоа ѝ дава целосен легитимитет на неговата борба за социјалис-

тичка Југославија. И му овозможува да си го каже своето квалификувано мислење при изборот на членови на Претседателството на СФРЈ. Нека му ја мисли Стипе Месиќ доколку Петровски реши да побара ревизија на неговиот избор, зашто за него не расправал Фронтот.

3. Во исто време додека Петровски фрла сидро во Белград, бродот на Киро Поповски сè повеќе се ниша. Таман од немајкаде направи партија и се престори во социјалист, што му беше единствен начин да ја задржи фотелјата, сега скопските фронтовци сакаат да го тргнат од кормилото.

Тоа ќе биде вистинска штета. Киро има извонредни пратеници. На паример, Ѕинго се однесува како да е пратеник на Социјалистичката партија на Србија, па во македонското собрание упорно ја бранеше Србија со цитатите од изданијата на "Слободанка". "Сите крадеа, па морале и тие".

4. Анте Марковиќ ја започна турнејата низ Југославија. Патува со "пегличка". Во знак на протест што Туѓман ги укина царините на странските возила. Премиерот се "зезна" кога пред некој месец, додека уште важеа царинските прописи, на ќерката ѝ купи "рено 5". И тоа од Словенија, додека Словенците уште не беа отпатувале.

Марковиќ со "пегличката" ќе се покаже како вистински заштитник на домашната автомобилска индустрија. "Застава" ги зголеми цените колку што девалвираше динарот. Така стана светска, па едно "југо" сега има посветска цена од "Нисан-дали сте гребеле денес". Како на секоја светска кола, менувачот тешко ѝ влегува во рикверц. Затоа "Застава" оди само напред. Наместо пари, на белградски "Југопетрол" му ги плаќа долговите со автомобили. Така југословенски ориентираните купувачи на бензин на пумпите низ Србија можат да си купат и некое "југо". Со парите од примарната емисија на српската народна банка. И со обврзниците од заемот за препород.

5. На следниот ЈУ-самит и Стојан Андов, за да не му избега возот од 10 и 30, ќе патува со "застава". Доколку успее да избега од новинарите. Пушти радио – Стојан Андов, отвори весник – Стојан Андов, веќе ме фаќа страв да го отворам фрижидерот или машината за перење. И од таму ќе истрча – Стојан Андов.

Кога презафатениот Андов се појави и на ТВ-екраните, колегите од Македонската телевизија од радост му пуштија конфети. Бидејќи студиото уште не е исчистено од новогодишната програма, се претпоставува дека и новоизбраните претставници на власт ќе бидат пречекани во празнично расположение. И со полни чаши – конфети.

# ПРВА ПЕТОЛЕТКА

**26 јануари 1991**

## • Светскиот пазар ќе го освоиме со нашето најефикасно тајно оружје – општествената сопственост

1. Прв Матовски јава на чело на колоната, по тесно патче планинско... И на тешкиот пат што го заоде во ноември минатата година од Центарот "Сава" во Белград, застана да земе душа во Универзалната сала во Скопје, за да ги убеди членовите на скопскиот клуб на воени пензионери и разочарани комунисти дека формирањето на неговата партија СК – Движење за Југославија е почеток на нова фаза на развојот на социјализмот во светот.

Во меѓувреме, додека познатиот скопски универзитетски професор Никола Матовски држи предавања дека е само прашање на денот кога и Америка и Англија ќе бидат земји пролетерски, неговиот постар колега, адмиралот Бранко Мамула, практично ни објасни дека стожерот на новата социјалистичка револуција ќе биде оската: Куба – Југославија – СССР – Кина. И ни ја предочи сличноста на начините на кои се урива комунизмот во СССР и Југославија. Рака на срце, не кажа дали на сличен начин како советските балтички републики ќе бидат казнети и нашите предавнички републики, ама бидејќи илјада грла само неколку минути потоа запенето извикува "Сите сме армија", тоа и не му беше потребно. По френетичниот аплауз упатен на армијата не верувам дека во земјава има човек кој не го послуша првиот човек на најцрвената југословенска партија Драгиша Атанасовски, кога ги повика граѓаните да го вратат оружјето мирно, достоинствено и на демократски начин!

2. По мирното, достоинствено и демократско разоружување, СК од Движење на Југославија ќе прерасне во Движење на Светот. Во 21 век ќе ги освоиме светските пазари со нашето најмоќно оружје – општествената сопственост. Таа е најефикасна. Така вели економскиот стручњак Драгиша Атанасовски. Бидејќи сиромашната Европа сѐ уште не дошла до ова значајно откритие, туку се мачи со целосно отворен, а нерегулиран пазар и никако не може да се извлече од пазувите на раниот капитализам. СК-ДЈ е тука да ја спаси и да ја воведе во социјализмот. За почеток ќе мора да ги затвори сите приватни кафеани, бакалници и увозно-извозни фирми и строго да ги почитува одредбите од првиот петгодишен план.

3. За да биде сѐ како во времето на првата петолетека се грижи и најдемократската македонска партија ВМРО. Првата дама на македонскиот парламент Ратка Димитрова изјавува дека "она што ги обединува пратениците на ВМРО-ДПМНЕ е чувството дека е исправно да се бориш за идеалите на својата партија" и дека тие се сосема слободни во одлучувањето. За разлика од нив, одборниците на ВМРО-ДПМНЕ на првата седница на Собранието на Скопје беа опкружени со десетина чувари, кои беа директно под контрола на војводата Љупчо и

комитата-заштитник Борис Змејковски. За секој случај, да не му текне на некој одборник да заборави на идеалите за кои се бори.

На Љупчо Георгиевски не му недостига ни познавање на речникот од историската 1948, па пред неколку дена во стилот на тогаш актуелната песна "Што је више клевета и лажи....", на новинарите им порача: "Вие само напаѓајте нè! Со секој ваш напад, нашата партија излегува сè посилна и посилна!" Нели наскоро од Македонија ќе ги снема сите политички партии? Ќе остане само ВМРО, па отворен е патот за создавање на еднопартиски систем. А кога ќе постои само партијата на Љупчо, тој веќе ќе најде начин како да се разбере мирно, достоинствено и демократски со идејно застранетите новинари што секојдневно го напаѓаат.

4. Се плашам само дека она бастионче на комунизмот што тогаш го споменуваше, ќе биде токму во Скопје. Завчера во Универзалната сала комунистите порачуваа: "Нашето знаме и нашето Скопје пак ќе биде црвено, а ѕвездата петокрака ќе ја симнат од нашето знаме дури тогаш кога ќе успеат да ги симнат сите ѕвезди од небото".

Оваа изјава ќе биде добредојден предизвик за новиот градоначалник на Скопје, Талес од Милес, по грешка роден во Велес. Не му преостанува ништо друго, туку уште веднаш да се зафати со симнување ѕвезди од небото. Дека тоа нема да му биде тешко, докажа уште на првата седница на скопското собрание – новинарите го чекаа петнаесет минути да ја даде првата градоначалничка изјава, а тој отрча да ја прими честитката од својата сопруга, госпоѓата Роза. Се гледа дека човекот има искуство во симнување ѕвезди.

5. Ексклузивното право за пренос на првото симнување ѕвезди од македонското небо го откупи Македонската телевизија. Ексклузивниот коментатор ќе биде кој друг, ако не Миленко Неделковски. Тој веќе ги изброи ѕвездите над Скопје оној пат кога го заврши својот извештај со: "Специјално за Македонската телевизија од Градскиот стадион во Скопје – Миленко Неделковски!"

Се очекува деновиве Миленко да биде лансиран директно во вселената. Преносот ќе го врши од соѕвездието Кумова слама.

## УДАРНА ЗАБАВА

**2 февруари 1991**

- **Додека Скопје со општонародна веселба ќе го спасува светот од воена катастрофа, во Југославија ќе завладее мир и гробна тишина**

1. Од добро известени воени кругови во Багдад се дознава дека Садам Хусеин поднел молба за виза во југословенската амбасада. Откако слушна дека Циле во Скопје ќе прави светска мировна манифестција, Садам веќе ги спакува куферите и подготвен чека да долета на забава среде Македонија.

Во меѓувреме, Циле Национале пишува покани до сите светски државници и собира стручна екипа за мултимедијалниот хепенинг што ќе го спаси светот од катастрофа. По неговите бројни мировни походи низ селата и градовите низ татковината и среде Македонците од дијаспората, можеше да се очекува една ваква светска иницијатива што ќе појде, од каде, ако не од средиштето на стабилниот Балкан, мирната Југославија, пребогатата Македонија и "светското" Скопје.

Она што посебно радува во преобразбата на свети Василие Водоносец во свети Василие Миротворец, е тоа што учи на старите грешки и прифаќа совети. Така, по неуспешниот поход на "Студенчица" која сакаше да ја реши со разговор, ја прифати сугестијата на најпознатиот југословенски менаџер Џаро, кој предлагаше на шахтата во Добреноец да ја качи Лепа Брена. Брена не дојде во Добреноец, но ако Циле направи една принципиелна коалиција со Џаро, таа ќе ги смири духовите на Хусеин и Буш.

Додека Скопје се подготвува за општонародна забава за мир, во Југославија состојбите сами од себе ќе се смират. Ширум целата земја ќе биде тивко и достоинствено. Ќе владее гробна тишина.

2. Во иницијативниот одбор за мировната манифестација се најде и професорот Никола Матовски, во пошироката јавност познат како челник на колоната на СК – Движење за Југославија. Навистина, во одборот на Циле се појави маскиран како претседател на Клубот на Обединетите нации во Скопје, ама брзо ја издаде својата партиска припадност. Неколку пати во текот на својата мировна дискусија побара во Скопје да се организира некоја "ударна" манифестација, и тоа исклучиво во форма на голем општонароден митинг.

На Циле и на Џаро сега им останува проблемот како да го осмислаат ударот што им го нарача војничката партија. Најдобро е, за да биде во стилот на СК-ДЈ, на денот на мировната манифестација да удрат неколку плотуни од артилериско оружје од тврдината Кале. Така силно ќе одекне повикот за мир, а и конфигурацијата на теренот е многу погодна. Од прва можат да се погодат и плоштадот "Маршал Тито" и коцкичките на ЦеКа и потстанарските простории на реформистите. Единствено ќе треба да се гаѓа "на тепка" во седиштето на ВМРО, затоа што никој жив не знае каде ќе се наоѓа тоа утро. Откако почнаа офицерите да се занимаваат со генетика и да испитуваат дали војводата Љупчо го наследил генетскиот материјал на дедо му додека бил српски џандар или пак додека бил бугарски војник, ВМРО-овците го селат своето седиште секој ден, да ги заташкаат трагите на своите дедовци.

3. Откако пак на телевизија три-четири пати ни го прикажаа трилерот на режисерот КОС, во кој главната улога му беше доверена на хрватскиот министер за тероризам Мартин Шпегељ, во Македонија почна масовно одбивање на понудите за снимање филмови. Особено кога е во прашање главна улога. Лидерите на партиите ги проверуваат плакарите по канцелариите и сопствените

домови, спуштаат завеси за да се скријат од некоја евентуална камера или микрофон. Кога се поздравуваат со други луѓе, ги загледуваат по џебовите, од таму случајно да не ѕирка некое камкордерче. Кога си легнуваат в кревет со своите госпоѓи и другарки, се покриваат со три јоргани. Бидејќи КОС секогаш објавува само дел од материјалот што е снимен, не е никакво чудо некој ден од вишокот материјал во ударен термин, во ударно време, на телевизијата да ни пушти филм со лидерите на нашите партии во ударна акција во своите кревети.

4. Нашиот народ дефинитивно нема смисла за ударни работи. Не го бива дури ни за тероризам. Си играле децата терористи и направиле молотов коктел. Го фрлиле во зградата на ЦеКа. Толку биле мајстори што фитилот догорел, а шишето не експлодирало.

На сличен начин пред неколку месеци беше запалена и зградата на бившите бугарски комунисти во Софија. Само што, за разлика од нашите коцкички, нивното масивно здание и тоа како гореше.

Во потрагата по терористите нашата милиција може да биде сигурна само во едно: Шишето го фрлил некој што не се школувал во Бугарија.

## ШПИОНИ МУЛТИПЛИЦИРАНИ 9 февруари 1991

**• Најпознатите скопски шпиони Хенри Кисинџер и Лоренс Иглбергер примаат минимален личен доход**

1. Самостојните независни синдикати на скопските шпиони со поле на дејствување во Грција најавуваат протестен митинг пред Собранието на Македонија. Претседателот на иницијативниот одбор за мирно и достоинствено доаѓање во Скопје, Хенри Кисинџер, специјално за американската ТВ мрежа Си-Ен-Ен разочарно изјави дека повеќе не може да живее со боновите на "Меркур-импорт" и дека, додека македонските парламентарци се договараат за своите плати и избираат која канцеларија повеќе им одговара, сосема заборавиле на шпионското одделение во САД и веќе три месеци не им испраќаат пари за лични доходи.

Паниката во македонските политички врвови е сѐ поголема, бидејќи со доаѓањето на Кисинџер по плата пред Собранието конечно ќе се открие тајниот заговор на релацијата Скопје – Вашингтон и грозоморниот план за измислување македонско малцинство во Северна Грција.

Како што дознаваат секогаш добро известените од шпионските кругови новинари на грчките гласила, на најавениот митинг нема да пристигне најпознатиот скопски шпион Лоренс Иглбергер. Тој како човек кој добро ги познава овдешните прилики, бидејќи е врбуван за скопски агент уште во 1963 година, кога допатувал со помошта за настраданите во земјотресот, има разбирање за

моменталните финансиски тешкотии на новата македонска политичка постава. Дури се обидел да ги одврати штрајкувачите од походот на Скопје, убедувајќи ги дека платите ќе стигнат веднаш штом ВМРО ќе формира влада, веројатно сеќавајќи се на предизборните ветувања дека штом ВМРО ќе дојде на власт во Македонија ќе се слеат милијарда долари. Во меѓувреме, додека се вршат финансиските трансакции по светските банки, на побунетите шпиони ќе им се исплати загарантиран личен доход. Како интервентна мерка ќе се користат средствата што ќе стигнат од продажбата на весникот на ВМРО-ДПМНЕ – "Глас".

2. Весникот "Глас" се појави како логична последица, откако на господата им здодеа да ги превоспитуваат режимските новинари и откако сфатија дека е беспредметно да држат предавања како треба да пишува вистинскиот Македонец. Со појавата на "Гласот на Македонците од светот, каде и да се", македонското новинарство се здоби со пригодна литература по практична настава.

На новинарите со поголеми интелектуални способности им се препорачува текстот во кој се прави прецизна анализа на сѐ она што е македонска петта колона. Според авторот на текстот, македонските предавници се: македонската интелигенција, македонските јавни гласила, македонските партии, РСВР и Владимир Голубовски. Доколку некој освен авторот на текстот и евентуално некој од раководството на партијата не се пронајде на списокот на петоколонашите, ќе биде прогласен за благонадежен Македонец од прв ред.

3. Црвено Куманово повторно е во својот препознатлив елемент. Докажувајќи ѝ на југословенската јавност дека не им се само мажите огнени борци за единствена, федеративна Југославија, кумановските жени од страв да не заостанат зад своите белградски другарки се вклучија во женското популистичко движење за Југославија. Тоа што не најдоа погодна, југословенски ориентирана другарка во Скопје, што ќе им зборува на митингот, им беше мал хендикеп, бидејќи наместо републичка направија локална манифестација, но и тоа ќе го заборават кога нивните делегатки ќе се најдат во Белград, на централната сојузна манифестација да упатат порака за мир и да побараат интервенција на армијата.

Веќе нема сомнение дека третиот бран на антибирократската револуција овој пат ќе падне врз грбот на шармантниот Анте Марковиќ. Како ќе се спаси од женскиот налет не е јасно, но што се однесува до односот со кумановските жени, најдобро би било да се посоветува со Петар Гошев. Слични милозвучни изјави на љубов, какви што денес му се упатуваат на Марковиќ, пред една година преживеа и Гошев, во времето кога кумановчани ја открија неговата словенечка врска.

4. За откривањето на Гошевата шпионска мрежа најзаслужни се симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ, кои пред десетина дена протестираа пред зградата на Македонската радио-телевизија. Тогаш им соопштија на тамошните новинари дека се шпиони на Гошев и српски шпиони. Бидејќи за кумановчани Гошев и натаму е словенечки шпион, следува заклучок дека новинарите се мултиплицирани шпиони.

# ЗУРЛИ И ТРУБИ

**16 февруари 1991**

- **Мирјана Марковиќ ќе оди на шопинг во Солун без виза, преку српско-грчкиот премин Богородица**

1. "Черешна се од корен корнеше, Кекене се од армоника делеше, во политика се селеше..."

Веста за изборот на еден од најдобрите македонски армоникаши Јован Кекеновски за потпретседател на Собранието на Скопје болно одекна меѓу сите вљубени двојки кои имаа намера токму тој да им свири на свадба. Разочарувањето е големо и сосема разбирливо, зашто дури и во случај амбициозниот потпретседател на Скопје да се согласи некому да прави штимунг на семејната веселба, за таа прекувремена работа на самостојниот музички уметник ќе треба да му се исплати и функционерскиот додаток.

Од додатокот се откажала музичката придружба на Јове Кекене. Проблем прават само зурлаџиите. А зурли, барем досега, во скопското собрание имало доволно.

Оркестарот на главниот град, под диригентската палка на Миле Жица и со асистенција на првата армоника Јове Кекене, е комплет вмровски. Се подразбира дека репертоарот им е составен исклучиво од македонски старореволуционерни песни. А најубавите македонски песни се тажни. Ако тргнеме по таа логика, иднината на скопјани ќе биде – солзи.

2. Кога човек подобро ќе размисли, можеби е подобро да се давиш во солзи, отколку во ѓубре. Довчерашниот претседател на МААК Гане Тодоровски, кој во моментов ја врши функцијата доживотен духовен водач на Движењето и Партијата, неодамна во интервјуто за весникот "21" изјави дека ВМРО е отпадот на МААК. Затоа сепак радува изборот на музиканти за "дрмање" во Скопје, ако за ништо друго, тогаш барем со песни и ора практично да ја отфрлат тезата на пензионираниот ректор на Универзитетот за школување Македонци.

На градските одборници образованието не им е којзнае колку добра страна, па веројатно и не обрнаа внимание на беседата на Гане Тодоровски на конгресот на МААК, кога по втор пат на јавноста ѝ соопшти дека "МААК е политичко движење и партија што треба да векува, да биде масовна школа на македонството која ќе произведува, формира и оспособува ВКВ Македонци". Подобро што не го разбраа, инаку ќе се откажеа од војводата Љупчо Георгиевски. Тој прво беше во МААК, па сега некако му доаѓа дека таму не можел да ги положи испитите. Остана нискоквалификуван Македонец. Згора на тоа и отпадник.

3. Куманово како најзаслужен град во Македонија за развој на теоријата на антибирократска револуција стана седиште на истурено одделение на Школата за висококвалификувани Југословени при Универзитетот "Слободан Милошевиќ"

од Белград. Се дознава дека за тоа најзаслужни се оние возбудени жени, што ги фати камерата на ТВ Белград на сесрпскиот митинг пред Палатата на Федерацијата, што мафтаа со листот хартија на кој пишуваше "Куманово". Велат, се покажале добри ученички кај Буба Морина, професорката во убаво однесување и добро воспитување, со посебен осврт на Анте Марковиќ.

Завчера, со трупата што се движи на Југославија, во Куманово гостуваше и сопругата на Милошевиќ, Мирјана Марковиќ. Во своето предавање повика на војна против братоубиствена војна. Војната треба да започне токму од Куманово.

Зошто Колишевски, кога го подарувал "Прохор Пчињски", на Србите не им го подарил и Куманово? Така можеби ќе се спасевме од заканите на д-р Марковиќ која, образложувајќи ја теоријата на својот сопруг "Сите Срби од вселената во една држава", ни се заканува дека "во случај на распад на Југославија, опасноста од губење на идентитетот во најголема мера му се заканува на македонскиот народ".

4. Се очекува, на борбениот повик на Мирјана Марковиќ, кумановчани, предводени од своите воинствени другарки, да нè спасуваат од братоубиствена војна и присилно да нè зачленуваат на Академијата за висококвалификувани Југословени. Бидејќи, како Македонци – лошо ни се пишува. Ќе ни се изгуби идентитетот. А како Југословени ќе имаме нагласен српски идентитет.

Во меѓувреме, во знак на традиционалното грчко-српско пријателство, грчкиот премиер во парламентот веќе на големо зборува за грчкиот сосед – Србија! Кога ќе заврши војната и кога комплетно ќе го изгубиме идентитетот, Грците во Југославија нема да влегуваат преку Димитровград, туку на српско-грчкиот премин Богородица. А Мирјана Марковиќ ќе оди на шопинг во Солун без виза.

Од Грција ќе ни купува маслинки, кафе, алва и маргарин. За да не бидеме гладни. Во Куманово ни рече: "Македонскиот народ секогаш бил патриот, ведар и сиромашен. Патриот и ведар треба да остане, но сиромашен повеќе не треба да биде".

5. Во нејзина чест ќе мачкаме грчки маргарин и ќе јадеме бурек со маслинки. А за ведро расположение не треба да се грижиме. Си ги имаме зурлите. Тие, во новосоздадените услови, ќе се претворат во труби – ДРАГАЧЕВСКИ.

## НАРОДНИ ПЛАТЕНИЦИ

**23 февруари 1991**

### • Само платен Македонец е добар Македонец

1. Јавно изјавувам дека ќе го тужам мојот главен и одговорен уредник кај пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Да му се суди како на најголем произве-

дувач на антимакедонци во редакцијата "Вечер". Не ме плаќа доволно. Ме прави поткуплив.

Сега лесно можат да ме купат токму 26-те ВМРО-овски пратеници, кои за јануари од благајната на Собранието си ја подигнаа првата пратеничка плата од околу 14 милијарди. Можат да одвојат некој динар и за мене. Ако во меѓувреме ми се зголеми цената, по основа на подобрен македонски квалитет, за да ме исплатат ќе треба да вработат уште некои од преостанатите 11 ВМРО-овци, што сѐ уште не се професионалци во Собранието.

Дел од парите ќе отстапам за колешката од мојата канцеларија, што меѓу првите го застапуваше ставот дека пратениците можат, ама и не мораат да бидат платени. Деновиве, во соопштението на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, научно беше елаборирано дека тоа е опасен антимакедонски став. Од него произлегува дека Македонија како држава не е кадарна да го издржува својот парламент, да ги плаќа своите 120 пратеници.

2. Околу 170 илјади работници немаат примено плата повеќе од еден месец. Не се кадарни да издвојуваат за платите на своите претставници. Опасни антимакедонци! Повеќе од 160 илјади пензионери ги чекаат своите пензии со задоцнување од повеќе од еден месец. Опасни антимакедонци со одложено дејство! Повеќе од 160 илјади чекаат работа. Безнадежни и непоправливи антимакедонци!

Во секоја куќа и на секој агол демне по некој балкански шпион. Непријатели и антимакедонци - прст и плева. Среќа што ја имаме пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ која навреме го откри овој опасен антимакедонски заговор.

3. Колку пари – толку музика. Поголема плата – поголем Македонец. А платите – во динари. Нестабилни.

За да се зачува стабилноста на пратеничката функција, најдобро е платите да се исплатуваат во германски марки. Така и македонштината ќе се вреднува по европски критериуми. Освен тоа, таквата исплата е многу логична. Белким нема странските известителни служби да се обидат да ги врбуваат македонските пратеници со левови?

На потег се македонските банки. Најтопло им го препорачуваме штосот на "Политика експрес", што ја лансира тезата за озрачените "калашњикови" на хрватските редарственици, купени од Унгарија. Истиот рецепт може да се примени и во наши услови.

Ќе објавиме дека девизите скриени по чорапите и перниците на македонските граѓани се радиоактивни и дека предизвикуваат смртност кај 50 од сто од озрачените. Ќе ставиме наслов дека Македонија станала најголема нуклеарна депонија во Европа. Ќе измислиме неколку вистински приказни во кои сопствениците на девизи изјавуваат дека сакаат што побрзо да се ослободат од нив и ќе ја цитираме изјавата, да речеме на директорот на Комерцијалната банка а.д., во која тој вели дека банката добила строги упатства како да се однесува и каде да ги складира озрачените девизи. На тој начин и банкарските служби ќе ни се приклучат во офанзивата против опасните антимакедонци.

4. Додека пратениците на ВМРО-ДПМНЕ си ја чукаат главата дали секој втор или секој трет Македонец е антимакедонец, за Србија и Грција тој проблем е веќе решен. Завчера во Белград беше најавено формирање на Друштво на српско-грчко пријателство, со што "силно ќе биде изразен интересот на Србите и Грците нивниот заеднички географски простор подобро да се валоризира во рамките на Европа, Азија и Африка". Македонија и Македонците веројатно се наоѓаат на некои други простори – во вселената.

Споменувањеато на Европа, Азија и Африка мошне успешно се вклопува во омилената патриотска реченица на сесрпскиот вожд: "Сите Срби во една држава". Овој пат неговиот лут противник, претседателот на Демократската партија д-р Драгољуб Мукиновиќ, жалејќи се дека српската политика е заложник на југословенската, околу нејзиното гледање на македонското прашање изјави: "Друштвото на српско-грчкото пријателство мора да се земе како сериозен сигнал на созревање на новата политика спрема соседите".

5. Во вселената веројатно е лансирана и македонската влада. Истиот ден кога ТАНЈУГ јави дека грчките камиони масовно го заобиколуваат преминот Богородица, одејќи преку Бугарија на српскиот премин Димитровград, таа ни соопшти дека, според податоците што ги поседува, нема појави на издавање визи на грчките граѓани на границите.

# ОЗРАЧЕНА ПАМЕТ

**2 март 1991**

- **Откриен е распоредот на македонските милиционери што ќе се вратат од Косово**

1. Во западна Македонија нема да има пукање. Ако, не дај боже, почнат престрелки меѓу тамошните Албанци и Македонци, војната ќе се води со – радиоактивно зрачење.

Радиоактивниот детектор по име Александар Писарев, од серијата "Слободанка експрес", деновиве дојде до сензационално откритие. Како илегален дописник од Македонија на својот весник му го издиктира следниов текст:

"По вестите за повлекување на единиците на македонската милиција од Косово и соопштението на Извршниот совет на Собранието на Македонија дека милиционерите ќе бидат распоредени на вршење безбедносни задачи во својата Република, се слушна дека Туѓман му ги нуди на ВМРО озрачените "калашњикови", за да ја тргне нуклеарната депонија од "лијепа наша".

Пратеникот од ПДП Неим Селмани, кој на собраниска седница загрижено прашуваше дали вратените милиционери ќе бидт пратени во западна Македонија, за информација од прва рака ќе треба да му се обрати на детекторот Писарев. Тој

веројатно има цврсти докази и за бројот на "калашњиковите" што ги договорил Љупчо Георгиевски со Фрањо Туѓман.

Бидејќи претседателот на Хрватска во моментов нема друга работа освен да бара жртви на кои да им ги подметне "калашњиковите", зашто 50 од сто од редарствениците масовно му умираат, не е вишто чудно дел од контингентот да му бил понуден и на Невзат Халили. Тоа, за волја на вистината, детекторот Писарев не го открива, ама може да се претпостави. Инаку, што друго би работела "шиптарско-усташко-врховистичката коалиција, ако не се занимава со озрачување на паметот на агилните дописници.

Во озрачените глави веројатно е направено и сценариото за граѓанска војна во западна Македонија. Низ Тетово, Гостивар и Дебар ќе се водат улични борби со – зрачење. При поставувањето замки, Албанците на Македонците, или обратно, ќе си викаат: "Стој, ќе те зрачам!" И наместо цевките, кон непријателот ќе ги вртат кундаците на калашњиковите.

2. Од тотално уништување ќе нè спаси само војската. Како што предвидува Стојмир Цветковски, што во Собранието на Македонија се претставува како пратеник на преобразените комунисти, половината од населението од републикава ќе легне да ја бакнува земјата пред тенковите, кога ќе дојдат да нè спасуваат.

Кога почетната еуфорија ќе спласне, сите ќе почнат масовно да си бараат брачни другари од редовите на братските југословенски народи и народности. Затоа што и Стојмир, почитувајќи го југословенството, се оженил со Хрватка. Така барем се исповедаше пред македонскиот парламент и пред македонската јавност.

Озрачените Македонци и Македонки ќе се растурат низ цела земја за да прават Југословени.

3. Така високо контаминирани ќе пристапат кон СК – Движење за Југославија. Конечно, ќе соберат сила да го симнат од власт Анте Марковиќ, затоа што "води економска политика заснована на концепт на либерален капитализам". И самите ќе го протераат американскиот амбасадор Ворен Цимерман, кој ја разбива државата, бидејќи "подолго време се однесува како Југославија да е негова фирма". Па затоа бараат од СИС "најитно да ја предупреди американската влада на сите можни последици кои веќе се создадени и кои можат да настанат од таквото однесување". Ако ништо друго, тогаш барем да го предупреди господинот Цимерман да не мрда од деконтаминираниот Белград, затоа што сè наоколу е веќе опасно озрачено.

4. Дека и во неозрачените бракови не оди сè како подмачкано, најдобар пример е двојката Слободан Милошевиќ – Мирјана Марковиќ. Изгледа дека другарката со цветот во косата не му шепнала на својот брачен другар какво соопштение подготвува нејзиното Движење за Југославија, па во понеделникот дојде до целосно разидување во ставовите на СК-ДЈ и ополномоштениот претставник за печат на Слободан Милошевиќ – претседателот на Претседателството на СФРЈ Борисав Јовиќ.

Како инаку можеше да се случи, во исто време кога Јовиќ на Танјуг му изјавуваше дека "Македонија и БиХ ги изложија своите ставови за можните функции на заедничката држава, кои, по моја оценка, не се разликуваат битно од ставовите на Србија и Црна Гора", истата новинска агенција да емитува соопштение на Извршниот одбор на СК-Движење за Југославија, во кое, покрај заканите до Марковиќ и Цимерман се укажува дека "со отпорано искажаните сепаратистички тенденции на Хрватска и Словенија, дојдоа и слични претензии на раководствата на Македонија и Босна и Херцеговина".

## НАРОДЕН МАЧЕНИК 9 март 1991

### • Времињата се менуваат, само Саво останува

1. Македонија е во транс, паднатата на колениици, обвиткана со тага и болка за големиот Македонец со име – Саво. Единствен начин да се смири вознемиреноста кај македонскиот народ и да му се врати сигурноста и вербата во посветла иднина е да му се препорача на мандаторот на владата, д-р Никола Кљусев, министерското место за образование и култура повторно да му го даде на проверениот Саво Климовски.

Тоа можеби ќе биде мал чекор за Кљусев, но голем за Македонија. Рехабилитирајќи го за сите гревови Саво – херојот на нашето време, македонскиот премиер ќе докаже дека живее со страдањата на македонскиот народ и ги уважува нивните духовни потреби, деновиве искажани со стотици пораки: "Те сакаме Саво!"

На ова најмногу ќе се израдуваат илјадници македонски средношколци, што прва година запишуваат, на пример, во насока: "Пресадувачи на цвеќиња од саксии", а во четвртата матурираат со наставна програма од специјалноста: "Калемење овошки во зимски услови". Но, благодарноста кон нивниот министер е многу поголема, зашто секоја втора сабота одат на екскурзии по македонските планини и на тој начин ги одработуваат деновите од првото полугодие кога штрајкуваа нивните професори.

Ако Кљусев го задржи Климовски како специјалист за образование, ќе му дозволи да ја истера докрај теоријата за менлив образовен систем. Но, што да се прави, времињата се менуваат, а со нив и Саво. Па и самиот тој уште можеби и додека не сонуваше дека еден ден ќе биде толку важна личност, по него да се потресува цела нација, објавуваше научни дела од обласа на самоуправното интересно здружување. А сега вели дека СИЗ-овите се промашена работа. Исто така што воинствено го бранеше насоченото образование. А сега пак ги враќа гимназиите.

2. Кога е во прашање Саво Климовски, сè е можно, па во неговата бурна кариера му се случи и тоа како министер за култура да го затвори театарот во Куманово. Тоа што во светот министрите за култура обично отвораат, а не затвораат културни институции, за наши прилики не важи. Исто како што не важат некои нормални политички однесувања и потези. Инаку, како можеше да се случи човек што на изборите бил кандидат за пратеник на Странката на Југословените во Македонија, толку да им се допадне на некои кругови во партиите на Македонското национално единство, за да го предлагаат да добие орден за заслуга за народ. Личноста се вика Саво Климовски, а заслугата се состои во тоа што прв пат во официјалната комуникација, на една конференција за печат, го употреби зборот: "Шиптари".

Кога Саво повторно би седнал во министерската фотелја, тоа би бил најдобар доказ за широкоградоста и добродушноста на новиот македонски премиер. Истиот тој Саво пред четири години седеше во владата што го измисли генијалниот закон за пензионирање и не се потресуваше што од македонските факултети и научни институции ги исфрли сите оние што имаа над 60 години. Меѓу нив беше и Никола Кљусев.

3. Додека Саво Кимовски со сета своја македонска национална страст се бореше против албанизирањето на образовните институции во западна Македонија, некои пратеници во македонското собрание упорно се обидуваа од своите колеги да направат полиглоти. Само што малку се подзаборави на заканата од Хисни Шакири, изречена на српски јазик, дека "ќе дојде ден во овој парламент да се зборува на албански", во завчерашното издание на "Вицотека" (заштитено име за седниците на Собранието на Љупчо Георгиевски) Томе Стојановски од ВМРО-ДПМНЕ, поддржувајќи го барањето на својот претседател за оригинална презентација на изјавата на Министерството за надворешни работи на Бугарија, рече дека таа може да биде поделена и на бугарски јазик. Штета што не беше поделена. Ќе беше тоа добра шанса за докажување на познавачите на бугарскиот јазик, а и практична вежба за бившите софиски ученици и студенти.

4. Во недостиг на јазичните вежби, на македонските простори се практикува вежбање со пукање од огнено оружје. Во Охрид секцијата на ВМРО-ДПМНЕ побарала од Стрелачкото друштво користење на стрелиштето за обука и тренинг со оружје. Во градовите низ западна Македонија драстично е зголемен бројот на барањата за поседување оружје. Во Битола општинскиот СВР го одбил барањето за дозвола за револвер на претседателот на Управниот окружен одбор на ВМРО-ДПМНЕ Димитар Црномаров. Дозвола побарале и неколкумина пратеници на оваа партија од Битола.

Инаку, во Македонија нема вооружени паравоени формации. Се вооружуваат поединци.

5. Црвено Куманово овој пат не го споменувам. Во интерес на безбедноста на нашиот тамошен дописник и во интерес на мојата лична заштита од бројните

анонимни писма со поштенски жиг "Куманово". Конечно и во интерес на зачувување на инвентарот на дописништвото на "Вечер".

## СПЕЦИЈАЛНО ВОСПИТУВАЊЕ 16 март 1991

**• Народ што си ја тепа својата младина, не треба да се грижи за својата иднина**

1. Најнов начин за смирување на палавите деца, кога не сакаат да се приберат дома и да одат в кревет, е пред полноќ да им се пушта видео снимката на последната строга и драматична изјава на Борисав Јовиќ. На децата дејствува застрашувачки, а за родителите ептен смирувачки. Бидејќи, откако ќе ги извести дека отсега па натаму нивната судбина зависи од тоа што ќе реши Штабот на Врховната команда на оружените сили, сепак ќе ги утеши со милозвучните зборови, со кои на сите граѓани на Југославија им ја гарантира сигурноста и безбедноста. Но, не и на нивните деца.

Таман Јовиќ се израдува дека, еве, конечно и во Југославија ќе почне граѓанска војна, а тој уште повеќе ќе порасне во очите на севишниот Слободан Милошевиќ како тенковска ѕвезда заштитничка – му го расипаа расположението. А само пред петнаесетина дена во интервјуто за Танјуг, како проверен демократ и човек подготвен на компромиси и договори, се жалеше дека: "Некои решенијата ги бараат низ политиката на свршен чин и наметнување еднострани одлуки за целата југословенска заедница". Сега Јовиќ нуди повеќестрани решенија – негови и на дел од армискиот врв. Само не може никако да сфати и да преболи зошто дури и воениот министер генералот Вељко Кадиевиќ му го сврти грбот. Веројатно гледа подалеку од неговиот врховен командант, па претпостави дека тенковите можат многу лесно да го свртат правецот на движење и од центарот на Белград повторно да се вратат кон Топчидер и Дедиње. Да го "заштитуваат" топлиот и сигурен дом на Слободан Милошевиќ.

2. На тој начин Борисав Јовиќ веќе си обезбеди место во историјата. Негова предност е што нема да треба да се гради некој нов објект, или пак улица за да се овековечи со неговото име. Во Приштина веќе постои сала што се вика "Боро и Рамиз". Легендата за старите добри партизански другари, кои заедно се бореа и загинаа во борбата против фашистичкиот окупатор, може да биде заменета со новокомпонирана, а името на салата да остане исто: "БОРО (Јовиќ) и РАМИЗ (Алија)".

3. Место во историјата се бара и за премиерот на српската влада Драгутин Зеленовиќ. И тој ги извади од памет луѓето кога пред Собранието на Србија бладаше во полусон дека одвај спречил некакви упади и терор врз српското население во Хрватска и Босна и Херцеговина. Два дена подоцна Секретаријатот

за информирање на неговата влада соопшти дека Зеленовиќ кога зборувал за Столац не мислел на истоименото место што се наоѓа на територијата на Босна и Херцеговина. Бидејќи не објаснува за кој Столац се работи, изгледа дека српскиот премиер пред пратениците се жалел дека во непроспиената ноќ имал големи проблеми за да ја заштити својата Столица. Само што јавноста тоа не го разбира.

4. Во деновите што го потресуваа Белград и Југославија поради оставката на Душан Митев(иќ), со теорија на специјално воспитување се прослави уште еден Душ(м)ан – Матковиќ, министер за индустрија во мамурната влада на Зеленовиќ. На митингот кај устието на Сава, што Социјалистичката партија на Србија го организираше за поддршка на Милошевиќ, тој на студентите собрани на Теразие ултимативно им се закани: "Доколку 12-те илјади студенти не сакаат да се разотидат, ние ќе тргнеме на нив!" Ревносниот министер сериозно го сфати повикот на сесрпскиот вожд Милошевиќ, што преку ТВ екраните повика на родителско-детска пресметка со тоа што бараше "од сите граѓани на Србија да придонесат во воспоставување на мирот и редот, на тој начин што според своите можности ќе им укажат помош на државните органи..." Народ што си ја тепа својата младина не треба да се грижи за својата иднина.

5. За својата иднина не треба да се грижи ни Македонија, барем што се однесува до партијата Обединети Македонци. Нејзиниот претседател Ванчо Весков предлага економско и воено приближување на македонската држава со земјите на ЕЕЗ и НАТО и директно со Соединетите Американски Држави.

Вечна дружба со САД бара и Партијата за демократски просперитет. Американскиот амбасадор г. Ворен Цимерман го молат да ги заштити од повампирување на комунизмот во Македонија.

Овие сметки може да им ги замрси само новооснованата организација "Солунски атентатори" под покровителство на големобугарската националистичка организација ВМРО-СМД од Софија, чиј лидер е Димитар Гоцев. Од современите гемиџии ќе мора да се стресат и Американците. Првата цел на бомбашки напад ќе биде НАТО-базата "Криволак".

## СЛОБОДЕН ЧИН

**23 март 1991**

### • Слободата во Србија е ограничена со буквата "Н" на крајот на зборот

1. Боро ни се врати! Во согласност со својата проверена чест и совест, на пратениците на српското собрание категорично им рече: "Пу, не играм!"

"Тато, пушти ме барем уште малку да бидам претседател!", жално залелека Борисав Јовиќ. А тато е многу строг. Тепа и знае само да наредува, бара и инсис-

тира. Остро рече: "Ајде сега, Боро, на работа!". И Боро мирно и достоинствено се врати во Југославија.

Целата земја знае дека претседателот на нејзиното Претседателство не прифаќа политика на свршен чин. Неговите настапи се СЛОБОДЕН чин. Како што ќе каже СЛОБОДАН.

2. Слободен чин е и самоиницијативноста на социјалистичкиот пратеник Александар Бакочевиќ. Спонтано собра 130 потписи за разрешување на Риза Сапунџија од функцијата член на Претседателството на СФРЈ од Косово. Собранието на Србија постави нов член. Се вика Сејдо Бајрамовиќ. Собранието на Србија слободно го врати во Претседателството и Борисав Јовиќ. Собранието на Србија сега ќе избере и член на Претседателството од Војводина.

Кога веќе собранието на една република поставува тројца членови на Претседателството, јасно е дека се работи за нерамноправност. За да се обезбеди рамноправност и гласање како што ќе сака тато, Собранието на Србија ќе постави членови на Претседателството од Босна и Херцеговина, Хрватска и Македонија. Словенија може да оди по ѓаволите. За Црна Гора важи истото: "Наредувам, барам и инсистирам!". "А сега Буќин, на работа!"

И сите ќе живееме слободно.

3. Тоа што си играм со "светото" име Слободан и си дозволувам да го преведувам на македонски, веќе е доволен знак за агилниот пратеник Батриќ Јовановиќ да посочи до каде дошла насилната македонизација. Ете, таа не завршува само на оние "неколку илјадници насилно македонизирани Срби во Скопска Црна Гора", туку оди дури и до претседателот на "сите Срби во една држава".

Пратеникот за сите времиња е познат по својата приспособливост. Отсекогаш бил лојален на врвовите на српската политика. Затоа нема да му падне тешко кога до него ќе допре насилната македонизација. Ќе се вика Батко Јовановски.

4. Слободан Милошевиќ, кој е научен само да зборува, минатата недела мораше и да разговара. Студентите од Белград му поставија многу незгодни прашања. Па некои општински одбори на Социјалистичката партија на Србија изразуваат "чудење и незадоволство затоа што голем број студенти не покажале ни елементарна пристојност, воспитување и култура. Жалосно и бедно изгледале младите момчиња, желни за власт, кои барале оставка на Слободан Милошевиќ".

Е па претерале. Мора да се знае дека слободата во Србија е ограничена. Со едно "Н" – на крајот на зборот.

5. Европскиот парламент најде причина да ја стави состојбата во Југославија на дневен ред на своето заседание. Сојузниот парламент таква причина – нема. Дури, претседателот на Собранието, Слободан Глигориевиќ, изјавува дека "нема причина да не му верува на Претседателството на СФРЈ". Иако има толку детинест претседател што еднаш сака, а вторпат не сака да си игра. Па чекаат иницијатива. Потоа ќе чекаат уште десет дена, зашто само така, според деловникот, може да се "свика" заедничка седница на двата собора.

Во меѓувреме Глигориевиќ ќе вежба строев чекор. И ќе чека да дојде 27 март. За тој датум во Белград се закажани два паралелни митинга. Социјалистичката партија на Србија на Теразие ќе организира концерт за да го одбележи денот кога пред 50 години народот му се спротивстави на фашизмот. Опозицијата на Плоштадот на Републиката ќе се обиде на истиот ден кога пред 50 години Србија му рекла "Не!" на фашизмот, сега да му рече "Не!" на комунизмот.

Во 1941 година главниот збор го имаше војската и еден генерал. Луѓето извикуваа: "Подобро војна, отколку пакт!" Секакво паралелно поврзување на овие два историски датума го сметам крајно злонамерно и тенденциозно.

6. Македонија конечно доби влада. По повеќе од четири месеци откако се одржаа изборите. Премиерот Кљусев нè замоли да не го вознемируваме и во наредните 100 дена.

Штета! Баш сакав нешто да кажам.

Уште 98 дена...

## МРАЧЕН ЕКСПЕРИМЕНТ 30 март 1991

### • Во Титовите вили има лаборатории

1. Спијте мирно. Среќни и задоволни чекајте го 25 мај. Тоа е датумот од кога ќе почнеме да живееме побогат и поубав живот. Така се договорија пред некој ден бан Фрањо и крал Слободан. Најдоцна за два месеца ќе ја решат југословенската криза. Роденденот на Тито ќе го дочекаме во благосостојба и блажен мир.

Тоа што на конференцијата за печат во Сплит и двајцата глумеа дека ништо не се договориле, можеби е резултат на тоа што Милошевиќ не ги признава границите на републиките. А двајцата усреќители на народот се состанале "некаде во граничното подрачје". Ако се тргне според софизмот на Милошевиќ во стилот: "Книн го прекрши Уставот на Хрватска, затоа што Хрватска го прекрши Уставот на Југославија, значи Книн не го прекрши Уставот на Југославија", аналогно на тоа: "Милошевиќ и Туѓман се сретнале на границата меѓу Србија и Хрватска, Милошевиќ вели дека границите не постојат, значи Милошевиќ и Туѓман воопшто не се сретнале".

Договорот: "Јас тебе Анте, ти мене Книн!" го направиле на некое друго место. Сега им останува уште заедно со другите колеги да ги прошетаат сите Титови резиденции низ Југославија. За последен пат. После ќе има пасоши, а којзнае, можеби ќе си бараат и визи.

2. Најлесно му е на Милан Кучан. Веќе му стана сосема јасно дека ризикот на Словенија е многу поголем ако остане во Југославија по вкусот на Туѓман и Милошевиќ, отколку да си ги спакува куферите – па што биде нека биде. Нема

поголем авантуризам отколку да живееш со самобендисани народни усреќители. Освен тоа Кучан си има Запад.

А што да прави нашиот Киро Глигоров? На запад од Македонија е – Албанија.

3. Лево и десно од македонскиот претседател на средбата со новинарите во Сплит седеа Слободан Милошевиќ и Момир Булатовиќ. Така тој се најде меѓу двете очи во главата. Па мораше јасно да проговори дека без страв и придружба би се прошетал низ Книнска Краина. Којзнае, можеби Момо и Слобо го удирале со чевлите по нозете, под маса. Се плашам само да не го згазнат.

За Милошевиќ знаеме дека е многу храбар. Не му е страв да се вози во хеликоптер, кога патува на митинзи. Во сопственото Собрание мандаторот на Владата не го предлага лично – туку со писмо. Ако, не дај боже, прочита експозе, веднаш си оди дома. До пред некој ден единствен контакт со новинарите оствaруваше преку своите нежни телохранители... Ама, затоа без придружба ќе оди во Книн и таму ќе се сретне со Милан Бабиќ, кој, ете, е "претседател на сите луѓе и граѓани – таму".

Претседателот на "сите луѓе и граѓани" на Македонија Киро Глигоров во Сплит собираше храброст да тргне по автономната област западна краина во Македонија, што толку дарежливо и срдечно на Албанците им ја нуди Борисав Јовиќ. Глигоров ќе шета низ Тетово, Гостивар и Дебар без придружба, затоа што мир и сигурност на граѓаните ќе им обезбедува Јовиќ. Ќе биде главен командант за обезбедување во акцијата "свршен чин" и така ќе си ги задоволи своите војнички афинитети.

4. Сега ми е сосема јасно зошто Милошевиќ и Туѓман својот експеримент за Југославија го правеле во Титовата вила во Караѓорѓево. Затоа што Тито таму има лабораторија. И кога си правел експерименти, ги направил Македонците. Така вели некој Радован Томашевиќ, се претпоставува дека е историчар, во својот "научен" фељтон во списанието "Осмица".

Томашевиќ открива дека "Македонците несомнено, според етнолошките критериуми се посебен јужнословенски народ, со многу знаци на самобитност, а македонската нација, сепак, настанала како чедо на авнојско и титоистичко етнолошко експериментирање".

Тој вели дека нема докази какви биле плановите на експериментаторот. Ама, знаејќи за Титовата србофобија, србождерство и проверена шиптарска усташоидност, се претпоставува дека експерименталното чудо е создадено да им наштети на и онака напатените Срби.

5. Што ни подготвуваат народните претставници по Титовите лаборатории и какво чедо ќе излезе од нивните експериментирања, допрва ќе почувствуваме.

Последниот кадар од ТВ преносот од Сплит беше како господата и другарите претседатели се повлекоа зад црна завеса. Ќе работат во мрак.

# ЛЕТАЧКИ ЦИРКУС

**6 април 1991**

- **Акробатските вештини, опасни по живот, стануваат сè поздодевни за широките народни маси**

1. Летачкиот циркус на шестемина величествени продолжува да ги забавува народите на Југославија пред ТВ екраните. Главно со непроменет репертоар на акробатски вештини, па стануваат помалку и здодевни. Ако продолжат вака, процентот на гледаноста на нивните прес-конференции од недела на недела сè повеќе ќе опаѓа. Нема смисла. Повеќе од дваесет милиони луѓе возбудени седнуваат пред ТВ екраните со надеж дека нивните усреќители нешто се договориле. А тие – пак ништо.

За да останат во зенитот на популарноста, ќе треба своите медиумски настапи да ги осмислат на друг начин. Да бидат интересни, па луѓето да ги чекаат како не знам каков филм. Бидејќи за комедија очигледно не ги бива, а за крвава драма нивните ликови ги играат анонимни каскадери, треба да пробаат од другите жанрови. Еден колега веќе ги нарече шестемина каубојци. Веројатно може да ги замисли како главни јунаци на некој добар вестерн. Дојдоа тивко и влегоа во легенда. Или пак, во стилот на некој добар политичко-шпионски трилер, шестемина величествени седнати на зелена маса сомнително ќе се погледнуваат, размислувајќи: "Знам кој е убиецот, ама во моментов не може да ми текне". За полноќните часови се препорачува некое филмче со послободна содржина. По некоја страствена и жешка расправа актерите си шепотат на увце: "Да го направиме тоа уште еднаш"...

И ќе го направат. Идната недела – на Брдо кај Крањ.

2. Не знам зошто колегата од Телевизија Скопје Драган Ѓорговски толку се жестеше зошто македонските новинари не можеа да дојдат на ред. Прес-конференцијата во Белград и онака беше приватна средба со новинарите на Милошевиќ и Туѓман. Освен тоа, немаше време да ги постават нарачаните прашања. Конечно, се знае дека акробатите на трапез, циркуски дисциплини опасни и по живот, се токму Туѓман и Милошевиќ.

Токму затоа, не знам зошто останатите претседатели еднаш не се раздружат од двајцата најголеми носители на среќа на Југославија и да ги остават на мир да си држат свои конференции за печат, со свои новинари, да си докажуваат колку се миротворци, да си ги разменуваат знамињата на нивните најголеми на светот држави, да бараат, инсистираат и наредуваат мобилизации на својот резервен состав, да ги ослободуваат окупираните територии...

Раздружувањето најискрено му го препорачувам и на нашиот претседател Киро Глигоров. Да не ги кине нервите гледајќи ги скоковите на смртта на патувачката трупа. Само, пред да ја напушти претставата, нека не заборави од

Слободан Милошевиќ да наплати авторски надоместок за својата идеја, дадена уште пред три месеци, со која завчера се удираше в гради српскиот претседател. Иако Големиот Слобо патем успеа да ја подзаборави Македонија, не му пречеше "да ја открива Америка" со четирите прашања околу кои треба да се разговара, па дури за прв пат го спомена и зборот "заедница". Во годината на заштита на авторските права, доколку Милошевиќ продолжи да се кити со туѓи перја, тоа ќе биде уште една причина повеќе нашиот претседател конечно и да им се налути.

3. Ниту еден од врвните македонски раководители не прозборел збор за присоединувањето на т.н. Српска автономна област Краина кон Република Србија. Веројатно не сакаат да се мешаат во внатрешните работи на "големите".

Во меѓувреме, по добро познатиот Батриќ Јовановиќ, кој во Собранието на Србија зборуваше за илјадници насилно македонизирани Срби во Скопска Црна Гора, деновиве извесен Предраг Мијаиловиќ на министерот за врски со Србите надвор од Србија му препорачува во собранието да отвори расправа за Србите во Македонија. Затоа што од 1945 година до сега во Македонија се прогонува српската шајкача. А се знае, шајкачите на овие простори се носеле уште од времето на цар Душан кога неговата престолнина била во Скопје.

Се очекуваат барикади на патот кон Кучевиште.

4. Претседателот на Владата на Македонија д-р Никола Кљусев вели дека К-15 и надоместоците за превоз и исхрана се измислени категории. Значи – не постојат. А сепак му се добредојдени за крпење дупки.

## ДЕМОКРАТСКА ДИСЦИПЛИНА 13 април 1991

**• Да ги оставиме нашите големи браќа на мир да се испотепаат меѓу себе**

1. Иселениците се вратија. Дојдоа на Конгресот на ВМРО-ДПМНЕ во Прилеп. Наместо со милијарда долари, колку што ни ветуваа дека ќе ни донесат уште пред изборите доколку победи ВМРО-ДПМНЕ, пристигнаа со полна торба совети. За пари ќе popричекаме, бидејќи во Македонија уште не се создадени услови за странски вложувања. Не се сменети директорите и главните уредници на јавните гласила.

За да се надмине и оваа пречка, тие понудија оригинална идеја. Побараа зградата на "Нова Македонија" да им се распореди на партиите, така што секоја партија ќе добие по еден кат и по една редакција. Така ќе се обезбеди повеќе-партијност во Куќата.

Идејата ја промовираше Драган Богдановски, веројатно по урнек на слични партиски поделби на весниците во земјите на Западна Европа, од каде што доаѓа. Бидејќи зборуваше од името на најмакедонската партија на светот, логично беше

што побара весникот "Нова Македонија" да го земе ВМРО-ДПМНЕ. Другите партии нека се спогодуваат околу другите редакции. Еве, ние веќе сериозно размислуваме да се дадеме на лицитација. Нека биде сè во знакот на пазарната економија, па нашите идеолошки сфаќања ќе ги менуваме во зависност кој како ќе нè плати.

Последниот кат во меѓупартиската поделба е резервиран за Штабот за одење на Солун. Од таму пука јасен поглед кон влезот на грчкиот конзулат. Во секој момент може да се види дали има турканици пред вратата, за да може брзо да се реагира. Да се испрати некој комита да извади визи, без многу чекање.

2. ВМРО-ДПМНЕ сега може сè, бидејќи на конгресот во Прилеп зајакна и организационо се престрои. Министерот Александар Лепавцов промовираше шема на организацијата, што личи на струјно коло во некој сложен електричен апарат, на која може да му позавиди дури и градоначалникот на Скопје, електроинженерот Милан Талевски.

По углед на сите модерни европски партии, Лепавцов најдемократски во шемата предвидел и дисциплинска комисија. Во неа ќе дојдат до израз "чесни, бескомпромисни и тврди членови на ВМРО-ДПМНЕ". Најголема мана на шемата е што г. Лепавцов не предвидел со кои инструменти ќе се дисциплинира непослушното членство.

3. Не знам дали мислеше на "дисциплинирана" демократија и претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Љупчо Георгиевски кога на конгресот изјави: "Кога би ги немало нашите 37 пратеници во македонското собрание и демократијата во Македонија не би била тоа што е". Меѓутоа, со сигурност знам дека ист потег каков што направи неговата партија, пред неколку месеци повлече и Социјалистичката партија на Србија. Бидејќи и Слободан Милошевиќ, исто како нашиот Љупчо Георгиевски, се најде во уставна позиција да не може да биде на чело на партија, СПС, веројатно сметајќи дека Слобо е незаменлив, го стави неговото претседателско место на партијата во мирување. Во меѓувреме со српските социјалисти ќе раководи колективно тело од неколку потпретседатели.

Уште нешто. Омилена синтагма на Милошевиќ е: "Сите луѓе и граѓани". Во Статутот на ВМРО-ДПМНЕ пак стои: "Сите Македонци и граѓани на Македонија". Преведено во македонски услови, му доаѓа дека Македонците се луѓе. И веројатно граѓани од прв ред.

4. Екскурзијантите претставени во личностите на првите луѓе на "сите луѓе и граѓани на Југославија" го напуштија Брдо кај Крањ. Не договорија ништо значајно ново, освен што успеаја да ја растројат југословенската ТВ мрежа. Испитувања за можните растројства на "луѓето и граѓаните" што со нетрпение очекуваа да ги видат на ТВ екраните – сè уште не се направени.

Втора значајна придобивка е што во денот кога поради штрајк авионите на ЈАТ останаа на земја, многу успешно функционираше флотата на "Ер президент". Успеаја да пренесат еден бубрег на трансплантација во Загреб.

Конечно се договорија за референдум. Во Македонија ќе се изјаснуваат сите граѓани дали се за суверена Македонија во сојуз на југословенски држави или пак за сојузна држава. Крајно време е да ги оставиме нашите големи "браќа" на мир да се испотепаат меѓу себе, а ние да ги посматраме од пристојна оддалеченост. Освен ако не сакаме да се казниме, па и натаму да останеме заложници на Туѓман и Милошевиќ.

5. Со сето почитување кон мојот постар колега од Македонската телевизија Драган Ѓорговски, се надевам нема да се налути ако го потсетам дека истото прашање му го поставува на претседателот Киро Глигоров веќе три пати. А претседателот, бидејќи не си ги менува лесно ставовите, како некои негови колеги од другите републики, мора три пати истото да му го одговара.

Предлагам, на следната средба во Охрид Ѓорговски да не оди. Претседателот Глигоров го знае прашањето и сам ќе земе збор да му одговори.

## ЗАГУБЕНА ОРИЕНТАЦИЈА 20 април 1991

- **Мора да е ѓаволски тешко да се разбереш со човек кој не слуша добро и не те разбира што зборуваш, а згора на тоа не знае ни каде се наоѓа**

1. Мислам дека повеќе нема потреба да го гњавиме претседателот на Републиката Киро Глигоров со прашањето: "Зошто, кога се водеа билатералните меѓурепублички преговори, не дојде до најавената средба меѓу него и претседателот на Србија Слободан Милошевиќ"?

Во тоа време на оваа тема беше лансиран еден виц кој, по изјавата на Милошевиќ дека не ја признава сувереноста на Република Македонија, дадена на прес-конференцијата во срцето на македонската држава и култура – Охрид, наместо одговор, на зајадливите новинари, може со мирно срце да им го прераскажува и самиот Глигоров. Наводно, по примерот на тајните српскохрватски сеанси и претседателот на Македонија му предложил на Милошевиќ да се сретне со него, "Некаде во граничното подрачје". Двајцата претседатели во закажаниот термин дошле на лице место, ама не се виделе. Глигоров чекал во Табановци кај Куманово, а Милошевиќ – на Богородица кај Гевгелија!

2. Насмевката што се појави на лицето на претседателот Глигоров, како реакција на безобразното негирање на македонската сувереност од страна на Милошевиќ, може да се толкува само како знак на олеснување, што конечно и македонската јавност "во живо" виде со каков човек треба да има работа нејзиниот претседател. Мора да е ѓаволски тешко да се расправаш со човек што повремено "не слуша добро", многу често "не разбира" ("Говори српски да те цео свет разу-

ме!"), а во последно време почнал и да го губи чувството за ориентација во просторот. Постојано зборува за добрososедски односи во контекст на традиционалното српско-грчко пријателство. Со таква сериозна мана, а воден од светата цел на сите Срби во светот да им обезбеди една држава, ќе почне сите земји што ги посетува, а со кои Србија има традиционално добри односи, да си ги прогласува за соседи.

3. Од посетата на Грција најмногу штета имаше неговото послушно "синче" Момир Булатовиќ. Сиромашкиот, остана два дена без родителска заштита, па во Охрид се избезуми и во еден момент дури гласаше против Милошевиќ. После "тато" си го зеде синчето на ручек да го прекори за неговото невоспитано однесување, па попладнето го избистрија тоа што го замати заведеното детуле.

Овој пат навистина го разбирам Булатовиќ. Од каде можеше да претпостави дека тој што до пред една недела најмногу бараше референдум сега ќе биде – против референдум. Немаше кога да се слушнат, бидејќи Милошевиќ патуваше. Па дури и по слетувањето на охридскиот аеродром дадоа различни изјави. Милошевиќ рече: "Одиме натаму!" а Булатовиќ "Одиме чекор напред"!

Уште еден доказ дека Милошевиќ не само што го загубил чувството за ориентација, туку ја загубил и смислата за логично размислување, со неговото тврдење дека ни една република не е суверена, а суверенитетот ѝ припаѓа на Југославија. Од друга страна вели дека во Грција не ја претставувал Југославија, туку Србија. Значи, Грците сите државнички почести му ги приредија на некојси претседател на некое територијално подрачје наречено Србија. А и Уставот на Србија во кој, како во вистинска суверена држава, на Милошевиќ му е дадена и улогата на врховен командант на оружените сили – не важи. До некоја следна потреба за негова потреба.

4. Менувањето на ставовите според потреба, па дури и селидбата од една идеологија во друга, е добро позната работа и на македонските простори. Пред неколку дена ВМРО-ДПМНЕ го образложуваше барањето имотот на СК-ПДП да ѝ се врати на државата, затоа што комунистите со преминување во Социјалдемократски сојуз ја менуваат и идеологијата и стануваат нова партија. На конференцијата за печат беше присутен и Драги Арсов.

Моите постари колеги го паметат Арсов од времето кога, како морално слободен новинар се префрли на работното место во Собранието на СРМ. Паметат и дека беше во тимот на тогашниот претседател Ката Лахтова.

Сега Драги Арсов е еден од поголемите Македонци во ВМРО-ДПМНЕ и потпретседател на Собранието на Македонија. Како еден од многуте што ја сменилe идеологијата и партијата, можеби лично се чувствува одговорен за "комунистичките злосторства" меѓу кои бил веројатно и некој негов пишан збор, но не верувам дека со добра волја би го преотстапил потпретседателското место во Собранието на некој друг. Таа фотелја, покрај тоа што е производ на неговата несомнена вештина за преобразба во вистинско време, сепак има подлога и во

неговото долгогодишно служење по собраниските кабинети, од славното минато кога го градел комунизмот.

5. Пописот заврши. Го прогласија за успешен. Албанците докрај останаа лојални на своите ПДП и НДП и не се попишаа.

Резултат: Албанците самите си се избришаа од списокот на населението на Македонија. Републичкиот завод за статистика, со тоа што ја прогласи работата за завршена, ја избриша западна Македонија.

Проблеми нема! Нема кој да ги создава.

## НАЦИОНАЛНО ПОМИРУВАЊЕ 27 април 1991

**• Со нетрпение се чека моментот кога ќе се прегрнат македонските злосторници и македонските баба-роги**

1. Граѓаните на Југославија овој месец ќе одбијат да ја платат телевизиската претплата, бидејќи југословенските ТВ студија не се придржуваат на однапред договорената програмска шема. Во четвртокот не го видовме петтото продолжение од неодамна започнатата мамутска серија "Шест лица ја бараат Југославија". Како што објасни еден од статистите, Момир Булатовиќ, кому токму сега сценариото му даваше шанса да се истакне со малку посолидна улога, до одлагањето на емитувањето на петтата епизода дошло затоа што во истиот термин во Собранието на Југославија зборуваше Борисав Јовиќ. Така, во времето кога нестриливо го очекувавме продолжението на омилената сапунска опера, во која јунаците безуспешно трагаат по изгубената Југославија во сите туристички локалитети каде што покојниот претседател оставил свои вили, експозето на Јовиќ ни дојде како ЕПП или како интермецо "до следната емисија".

Тоа беше добра шанса Јовиќ да се покаже во поинакво светло, бидејќи добро го запаметивме како човек што ни се појавуваше секоја вечер пред спиење и не "вадеше од памет", не оти граѓанската војна веќе почнала да се води во нашите станови. Она што успеа да ни го докаже е дека на неговата превртливост ѝ нема крај. По историското "давам – не давам оставка", тој завчера во сојузното собрание, верувале или не, го рече и ова: "Во расплетот на југословенската криза не можат да се игнорираат еднодушните предупредувања на сите релевантни меѓународни фактори – Европската заедница и сите нејзини членови, САД и Советскиот Сојуз, соседните земји, како и другите значајни политички и финансиски меѓународни субјекти..." Тоа е истиот Јовиќ кој пред еден месец го прогласи Анте Марковиќ безмалку за шпион на ЦИА, го обвини за распродажба на земјата и се жестеше да му пишува писмо на Џорџ Буш, бидејќи неговата поддршка на

програмата на СИС била најгрубо мешање во внатрешните работи на Југославија.

2. Со него никогаш не си начисто. Исто како што не можеш да ја предвидиш политиката што му ја подготвува главниот креатор Милошевиќ, затоа не ни преостанува ништо, освен секој ден да очекуваме нешто ново и по правило – нелогично. На што ќе мора да се навикнеме. Откако собраа искуства од странство – Милошевиќ од Грција, како да го реши проблемот на малцинствата, а Јовиќ од Турција, како е можно пет века да се владее на Балканот, не ми се верува дека наскоро имаат намера да нè ослободат од своето политичко присуство.

Прво се обидоа да го урнат југословенското претседателство. Потоа го урнаа концептот за референдум за иднината на Југославија. Сè уште не отстапуваат од намерата да ја урнат единствената југословенска институција која функционира – СИС и Анте Марковиќ. А цело време нè лажат дека Србија нема намера да ја растура Југославија. Нека решат конечно: сакаат Југославија или Голема Србија. Или, тоа е една иста работа?

3. Наградното прашање за следната сабота гласи: "Кој има подолг комунистички стаж: новото раководство на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија или новото раководство на ВМРО-ДПМНЕ? Наградата ќе ја додели ОК на ВМРО-ДПМНЕ од Кавадарци, кој според едно соопштение емитувано во третиот дневник на Македонската телевизија тврди дека во нивната партија нема ниту еден поранешен член на СК, односно КП. Згора на тоа, на комунистите воопшто не им бил дозволен прием во ВМРО-ДПМНЕ.

Во меѓувреме, додека комунизмот во Македонија изумира (освен оној дел што од СКМ премина во СК – Воено движење на Југославија и неколкумина претседатели на општински комитети, како и некои пратеници за кои да ме убиеш не можам да се убедам дека се социјалдемократи), продолжува војната меѓу најнекомунистичките партии во Македонија. Во официјалните контакти во јавноста тие веќе си се нарекуваат "злосторници" и "баба-роги".

Во соседната република во мода е националното помирување. Тоа како цел го зацрта и ВМРО-ДПМНЕ. Со нетрпение чекам кога ќе се прегрнат македонските баба-роги и македонските злосторници. За помирител им го предлагам Невзат Халили. Како најнеутрална варијанта.

4. Новиот рекламен слоган со кој некои наши туристички работници се претставуваат во светот е: "Ние не ги убиваме туристите, ние се убиваме меѓу себе".

Во Неум, согласно со моралните принципи на новата босанко-херцеговска власт, ова лето, на оние туристи, кои жедни за авантура ќе допатуваат кај нас, ќе им биде забрането да се сончаат по топлес. Сега засега, покрај тоа што не смеат да ги шетаат своите голи гради, сепак ќе им биде дозволено да се појавуваат без фереџе.

Во другите делови на Југославија се размислува во туристичкиот аранжман да се вклучи и изнајмување на панцирни елеци. Ќе бидат добредојдени за

присуство на претставите на националните и меѓунационалните помирувања ширум Југославија.

Во Македонија, пак, дозволено е целосно соголување. Убаво е за очи, а и туристите ќе се вклопат во природниот амбиент. И ние и тие ќе шетаме голи и боси.

## ВОЕНА ПАРАДА

**4 мај 1991**

### • Во Ангола заврши граѓанската војна. Далеку е Африка...

1. Први мај го прославивме работно, свечено и величествено. Како во старите добри времиња. Со многу говоранции, аплаузи, безброј разновидни знамиња и тенковско дефиле на братството и единството.

Еуфоричното славје со пеење револуционерни песни и пукање од сите видови оружје – продолжува, на општо задоволство на сите кои во последните неколку месеци нè плашеа со граѓанска војна. На свечената трибина останаа непополнети местата предвидени за главните команданти Туѓман и Милошевиќ. Воената парада се изведува со боева муниција, па се препорачува нејзино следење од пристојна далечина.

2. Откако командантите, на својата прва средба во Караѓорѓево, ја отворија годинашнава ловна сезона, териториите на кои го гонат дивечот станаа места опасни за живот. Тогаш се договорија да ја суредат Југославија, најдоцна за два месеца. Крајниот рок, од кога треба сите среќно и весело да живееме, во братска слога и вечен мир, е 25 мај.

Среќниот живот се одлага на неодредено време. Спорот настанал во моментот кога не можеле да се договорат кој од нив двајцата ќе ја прими штафетата.

3. Штета! Беше предвидено последен носител на штафетата да биде прославениот четнички војвода Воислав Шешељ. Во прошетките низ српските земји, растурени насекаде низ светот, тој секогаш е присутен на вистинското место во вистинско време.

Бројните милиционери, кои за 2 мај, во организација на кумановската подружница на СК – Движење за Југославија, се најдоа на пикникот во кругот на манастирот "Св. Прохор Пчињски", попусто го очекуваа. Војводата имаше неодложна работа да ги храбри и повикува на освета Србите на мировниот митинг на Плитвице. На "светата српска земја" околу манастирот "Прохор Пчињски" и онака покрај српската милиција имало доволно граѓани од јужна Србија. Освен тоа, војводата Шешељ веќе го "снимил" теренот околу манастирот, уште минатата година, кога за Илинден ги симна обележјата на македонската државност. Па сега може да премине во напад кога сака. Само да ја заврши работата во Хрватска.

Шешељ го "сними" и теренот околу Куќата на цвеќињата во Белград и дојде до заклучок дека е "многу незгоден за напад". Сепак, за денес најавеното уривање на Титовиот гроб се одлага. Иако Шешељ се фалеше дека ако треба дури и ќе легне под тенковските гасеници.

На што офицерот на гардата, задолжен за безбедноста на Меморијалниот центар на Дедиње, потсмешливо реагирал: "Какви гасеници? Ќе го натепаме со стапови!" Рачки од тапан!

4. И по Тито – Тито. Денес, во 15,05 нема да свират сирените. Свиреа вчера. Редовна проверка на системот за тревожење секој прв петок во месецот.

Култ-песната со изменет наслов: "Другар Тито – ние ти се кол(н)еме!"

Во Македонија, досега неправедно запоставуваното одбележување на смртта на Гоце Делчев, кој ја имал таа несреќа да загине на ист датум како Тито, годинава доби нагласено значење.

Меѓу другото, стиховите на една новокомпонирана народна песна која деновиве се емитира на радио-брановите одат вака:

"...Песна за Гоце пееме,
со него се гордееме,
сите му се колнеме,
по негов пат ќе појдеме..."

5. Вечерва на Песната на Евровизија боите на Југославија ќе ги брани Беби Дол со песната "Бразил". Лани, "Ајде да лудуваме" на Тајчи ме асоцираше на секогаш насмеаниот Анте Марковиќ и на неговата програма што токму во тоа време почна да дава опипливи резултати. Во денешнава политичка ситуација поврзувањето на името на една латинскоамериканска земја со реалноста, колку и песната и пејачката да се весели, буди непријатни асоцијации. На пример: хиперинфлација, сиромаштија, воена диктатура...

6. Во Ангола заврши граѓанската војна. Владата на анголскиот претседател Едуардо Душ Сантуш и разбунтуваното движење Унита по 16-годишната војна постигнаа согласност за трајно примирје.

Далеку е Африка...

## КУЛТУРНО ДАВЕЊЕ 11 мај 1991

### • Господ да нè чува од српското јунаштво и хрватската култура

1. Убиј ме нежно. Само, внимавај при тоа да се види духот на илјадалетната хрватска култура. Со давење, пред очите на целата светска јавност за пример како се негуваат традициите на вековното пријателство меѓу македонскиот и хрватскиот народ. Нека биде тивко, со помош на голите суверени хрватски раце и со

благослов на државно-правниот поредок на Република Хрватска. Потоа најкултурно и најцивилизирано, како што тоа се прави во модерниот свет, ќе пристигне телеграма со сочувство од врховниот Фрањо Туѓман.

Крлежа ја предвидел гнасната смрт на Сашко Гешовски. За жал, и ние дури деновиве најтрагично доживеавме што значи неговата реченица: "Господе, чувај ме од српското јунаштво и хрватската култура!" И колку и да нè убедува претседателот Киро Глигоров дека "Сашко е првиот војник што падна за слободна и независна Македонија!", нема да ми биде никогаш јасно, зарем мораше Македонија да се брани во Сплит? И мораше ли токму македонска крв да ги означува границите меѓу мегаломански замислената милошевиќевска Србија во која ќе живеат сите Срби и Туѓмановата Независна држава во која на Србите им се наметнува хрватсвото со сила?

2. Најдобар коментар за хрватската култура и српското јунаштво деновиве дава Европа. На ТВ каналите вестите за состојбата на Југославија се најавуваат со визуелна вињетка на која е напишано "Граѓанска војна". Но, уредниците и новинарите упорно зборуваат за етнички судири. Што асоцира на скарани племиња. И со тоа не само што ни кажуваат дека уште долго нема да нè примат во своето друштво, туку не се ни трудат да нè жалат, бидејќи се работи за сосема нецивилизирани луѓе кои меѓу себе се пресметуваат на крајно примитивен начин. На пример, со давење. Или пак со вадење очи.

3. Југославија се подготвува за граѓанска војна, а македонскиот парламент – спие! Така вели вечно будниот пратеник Тодор Петров и безуспешно му ѕвони за будење на претседателот на Собранието Стојан Андов, да побрза и конечно да ги стави на дневен ред сто и педесетината предлози на Петров за нови закони и уште пет-шестотини амандмани на постојните. Потоа да отвори расправа и да му даде време за дискусија од два-три дена, а останатите пратеници постојано да ги буди со ѕвонче. Да не спијат повеќе, зашто Тошо ја решава судбината на Македонија.

Југославија се подготвува за граѓанска војна, а македонското собрание уште не донело закон за легализирање на проституцијата и отворање на јавни куќи. Кога го предлага овој закон, Тодор Петров веројатно има на ум дека во војна на војниците ќе им треба разонода. Особено што и политиката, како најголема курва, штом е војна во прашање, ќе мора да се скрие.

Во меѓувреме, додека да почне војната, јавните куќи ќе служат за мирновременски потреби. Портир ќе биде лично Тошо, затоа што како вечно буден, на штрек ќе ги пречекува возачите од соседна Грција и ќе им проверува дали добиле виза за влез во Југославија во дипломатските претставништва во Солун или Атина, или пак визата им ја издал лично Слободан Милошевиќ на преминот кај Димитровград. Македонските проститутки ќе можат да работат само со тие што го почитуваат реципрочниот визно-пасошки режим и со тие што ја признаваат сувереноста на македонската држава.

Ако и покрај сите проверки заскита некој возач со виза од Димитровград, ќе биде приведен во посебна соба за садо-мазо третман. Ќе им ги пушта снимките од своите дискусии во Парламентот.

4. Ако пак некој заскита викендов на излет по падините на Скопска Црна Гора, нека се подготви за свечен пречек на четниците на Воислав Шешељ. Тој и неговиот другар Мирко Јовиќ веќе се фалат дека ќе ни пристигнат во посета. Подготвени за масовна одмазда. Затоа што во српското собрание веќе се сериозно загрижени за илјадниците насилно македонизирани Срби.

Во Македонија на десет метри од нивниот стан немаат трафика во која можат да купат весник на српски јазик. А во книжарниците не можат да пронајдат книга отпечатена на српски јазик. Децата им учат во училишта со српски паралелки, ама на одморите мораат да се мешаат со Македончињата од другите одделенија. Во самопослугите пак крвожедните касиерки секое утро до смрт ги претепуваат, затоа што и по десетици години живот во Македонија не сакаат да побараат ни леб на македонски јазик. А на телевизија пак не можат да видат ниту една забавно-музичка емисија со српски песни и српски актери. Па сега бараат наместо претплата за МРТВ да плаќаат претплата за Радио-Телевизија Белград.

5. Класичен пример за вест во низа деновиве ни даде ЈНА. Прво јави дека загинатиот војник е Македонец. Потоа јави дека и ранетиот е Македонец. Другиот ден извести дека и давениот нишанџија е Македонец. Потоа – и возачот е Македонец. Потоа – цел екипаж Македонци. Потоа – повеќе од 50 од сто во единицата што ја обезбедувала зградата во Сплит – Македонци.

Се чека веста дека во ЈНА служат само Македонци и изјавата на адмирал Стане Бровет дека повлекувањето на македонските војници би водело кон републички армии.

6. Во Скопје, пред некоја вечер, повторно на митинг се слушна паролата: "Чиста Мкедонија!". Овој пат надлежните органи навреме реагираа. "Комуналец" веднаш ги изми улиците.

# БАБА РОГА — 18 мај 1991

## • Како може претседателот на Југославија да не биде Србин?

1. И на Боро конечно му дојде неговиот "свршен чин". На општа жалост и паника што ги зафати редовите на младите мајки. Токму го научија рецептот за успивање на палавите деца, не давајќи им до доцна навечер да зјапаат во телевизорот, заканувајќи им се: "Брзо во кревет, сега ќе се појави чичко Боро", кога и нему му истече мандатот.

Сега ќе мораат повторно да ѝ се вратат на старата Баба Рога. Што, со оглед на напреднатоста на децата, не верувам дека ќе ги даде очекуваните резултати. Баба Рога не знае така убаво да раскажува за крвопролевање, хаос и граѓанска војна. Освен тоа, нема никакви врски во армискиот врв. Едноставно, не може да се мери со мајстор Боро, кој малку-малку, па ќе ни приредеше некоја атрактивна изложба на најсовремено тешко оружје. Тоа, од друга страна имаше и значајно образовно значење. Бидејќи по мирниот сон мајките ќе си ги изведеа децата на проштека и патем, на некој плоштад, можеа да ги поучат: "Гледај чедо, ова се вика – тенк!".

2. Во последната епизода од југословенската крими-серија "Полноќен повик", главниот јунак практично покажа како ја сфаќа демократијата. На српски начин. Во согласност со својата чест и совест, во рамките на девизата: "Сите сме рамноправни, ама Србија е најрамноправна", и почитувајќи ја волјата на базата која не може да дозволи на чело на Југославија да дојде некој што не е Србин, Јовиќ гласаше против Месиќ.

Во име на Србија таму беа повикани и некои претставници на некакви автономни покраини, само за да дигаат раце. Момир Булатовиќ пак беше прозван да ја прочита домашната задача. Додека не донесат одлука српското собрание да го избира и членот на Претседателството од Црна Гора. Во меѓувреме ќе се создадат услови сите членови на Претседателството, од сите републики, да ги избира Собранието на Србија. Плус од САО Краина. Него ќе го користат како џокер. На тој начин ќе го исполнат барањето на Воислав Шешељ само Србин да може да биде претседател на Југославија.

3. Сигурно во моментот на гласањето Борисав Јовиќ ги имал на ум овие барања на четниците и Шешељ. Затоа, не само во согласност со својата чест и совест, туку и во договор со лидерот на мирољубивото четничко движење, Јовиќ беше против Месиќ. Од друга страна и Шешељ му се реваншира на Јовиќ, повторувајќи ги неговите зборови за Анте Марковиќ како најголем антисрбин на светот.

Кога си пијан, особено од национализам, сѐ е можно. Па и тоа, таканаречената Социјалистичка партија да се изедначи со четниците на Шешељ. Се очекува, кога наскоро Борисав Јовиќ ќе стане претседател на СПС, во Србија да биде потпишана нова коалиција. Ќе имаат убаво и звучно име – националсоцијалисти!

4. Инаку, четниците од скоро во Србија се регистрирани како политичка партија. Во Министерството за внатрешни работи ги водат како непостоечки. Со што се согласува и билтенот на Слобо "Политика експрес" велејќи дека четниците некому му се привидуваат. Шетаат како духови. А министерот во доживотна оставка, Радмило Богдановиќ, вели дека тие духови не прават беља низ Србија, туку низ Хрватска, па таму треба да ги уапсат. Тој е задолжен да ги лови тие што се против Слобо, како што успешно си ја заврши работата на 9 март.

Од преголема љубов кон великиот вожд и секирации како да го заштити од обожавателите, тој не ни знае каде се наоѓа Собранието на Југославија. Пред

чии порти Шешељ порачуваше "Око за око, заб за заб". Што е оценето како длабока хумана порака за братска размена на човечки органи меѓу нациите. А тоа што извикуваа "Ќе го убиеме Месиќ!" и "Ќе го убиеме Марковиќ!" се длабоки патриотски пораки, интерпретирани како желба за ослободување на српството од најголемите непријатели. И како израз на верност кон Борисав Јовиќ, кој не сака да ги гледа во својата близина закоравените "усташи".

Конечно, зошто има потреба да се реагира на такви настапи пред сојузните органи? Кога и онака цела Југославија е приватна сопственост на Милошевиќ.

5. Европа засега не покажува интерес да се меша во приватните работи на Југославија. Може евентуално, по концертот за Курдите, на лондонски "Вембли" да се организира уште еден добротворен концерт. Посветен на жртвите на Јовиќ и анонимните дигачи на раце. А Италија и Грција, наместо летувања на своите крајбрежја, на нашите туристи можат да им организираат бегалски кампови.

За воена интервенција Европа уште не размислува. Освен, како што мисли Васил Тупурковски, ако оцени дека југословенските настани драматично ѝ ја загрозуваат безбедноста. Барем додека Воислав Шешељ не ѝ ги донесе своите четници пред Европскиот парламент во Стразбур. Или пред седиштето на ЕЕЗ во Брисел. Па да почне да им се заканува на сите европски влади што го поддржуваат Анте Марковиќ.

6. Во Скопје се врати парламентарната делегација на македонското собрание, која во Сплит ги испитуваше околностите под кои загина Сашко Гешовски, а беа ранети двајца македонски војници. Според изјавата на пратеникот Љупчо Поповски, таму тече мед и млеко. Секој родител би бил будала ако не си го испрати синот во војска во Сплит.

## НЕЗАВИСНИ КОРЕЊА — 25 мај 1991

**• Европа ја почна борбата за одбрана од Југославија**

1. Најпопуларна реклама на Телевизија Црна Гора, откако и оваа република си го доби својот автентичен четврти глас во Претседателството на Југославија во името и делото на д-р Бранко Костиќ, носи порака: "Кока кола и корени – единствено чувство!" Рекламата се емитува на одредено време, додека не ги потрошиме залихите на лименките "кока кола", со кои скапаниот капиталистички Запад во соработка со "шпионот" Анте Марковиќ сакаше да нѐ потцени и направи зависни.

Срeќа наша што си го добивме Бранко Костиќ како уставен потпретседател на Претседателството на Југославија и како новоустоличен портпарол на Слободан Милошевиќ, кој навреме го откри капиталистичкиот заговор против Југославија и му рече "Не!" на Џорџ Буш.

Бидејќи осведоченият непријател на сите Срби во светот, американскиот амбасадор Ворен Цимерман, изјави дека "ублажувањето на последиците на Никлсовиот амандман ќе зависи делумно од тоа дали на г. Месиќ ќе му биде дозволено да ја преземе функцијата претседател на Претседателството на Југославија", новиот заштитник на српството, четвртиот глас Костиќ, реши да ја одбрани независноста на Југославија. Во духот на црногорската традиција, како пред педесет и кусур години кога и легендарниот Темпо, во екот на блокадата од страна на Информбирото, на Американците им изјави: "Ќе јадеме и лисја за да преживееме", наследникот на Темповата идеја пред три дена на Цимерман му порача: "Уверен сум дека и овој пат нашиот народ попрво ќе се определи да ја чува својата независност и слобода, па макар јадел и корења, отколку да прифати економска помош што би била условена со губење на таа независност".

Тоа што во листата на јадења на Костиќ се споменуваат корењата како главен специјалитет, веројатно е условено од црногорското поднебје. Во кршевитите планини Црногорците ќе можат да копаат само закржлавени корења. Што не значи дека, под патронатот на независниот Костиќ, ние нема да живееме поубаво и побогато. Пролетва ни се погоди времето, а и земјава ни е родна. Не ќе мораме да се мачиме со копање корења. Ќе пасеме трева. А зависни лименки "кока кола" ќе шверцуваме од Грција. Тоа е она вистинското! Само тоа е тоа!

2. Со верификацијата на новите членови на југословенското претседателство, промовиран е новиот принцип: "Нека е и глупост, само да е независна!" Така, не само што можеше да се случи човекот кој до пред извесно време изјавуваше дека црногорската нација е измислена сега да биде претставник на Црна Гора, туку за прв човек во колективниот шеф на државата, во преодниот беспретседателски период, да биде поставен – Сејдо Бајрамовиќ.

Врховниот командант Сејдо, со чин заставник – прва класа (во пензија), сега може да ги построи генералите Вељко Кадиевиќ и Благоја Аџиќ и да им нареди да ја бранат независноста на Југославија – до последниот корен. Во меѓувреме, заедно со останатите Три гласа ќе врти томбола и на тој начин ќе одредува кој може да биде на чело на државата. Како искусен во таа работа, бидејќи ова место му дојде како унапредување по местото шеф на томбола во Боксерскиот клуб "Приштина", немаме причина да се грижиме за својата судбина. Среќата е во Сејдо.

3. Додека ние се коцкаме "на ситно", скапаниот капитализам не мирува. Се подготвува за одбрана од независните комарџии. НАТО маневрите ги организира во североисточна Италија. А и Буш нешто спомна дека НАТО досега успешно го контролирал мирот во Европа, па најави некакви специјални единици подготвени да дејствуваат од Атлантикот до Урал. Луѓето се подготвени на сè. Мора да се

сфатат, бидејќи и тие знаат дека во своето соседство го имаат командантот Сејдо и другите Три гласа. Полни со сила, бидејќи јадат здрава храна. Мотивирани од повикот на српските четници: "За Србинот секоја војна е подобра, отколку било каков лажен мир!"

Одговор на ова дојде од странските бродарски компании кои одбија да ги превезуваат навивачите на Црвена ѕвезда на натпреварот во Бари. Осигурителната компанија "Лојд", на бродовите што ќе впловат во водите на Јадранското Море им наплатува осигурување како на бродови кои пловат во подрачје зафатено со војна.

Европа ја почна борбата за одбрана на својата независност. Од – Југославија.

4. Во Македонија, пак, сосема независно од Европа, градиме правна држава. Главни консултанти се пратениците на ПДП и НДП во Собранието на Републиката. Според нивните лекции, уривањето на дивоградби, како што е она на скопската улица Дижонска, и урбанистичкото уредување на просторот насекаде во светот се третира како нецивилизиран чин, што нема никаква врска со правната држава. Тоа пак што во Дебар директорите од македонска националност насила се заменуваат со Албанци е вистински показ на правната држава. Исто како што неказнето поминува повикот за бојкот на пописот на населението.

На Запад тие се мерилата за правна држава. На запад од Македонија е – Албанија. Таква ни била среќата.

5. Во скопските болници се појави оглас на младо момче кое за да преживее продава еден бубрег и едно око. Се очекува, кога ќе дознае за ова, независниот Бранко Костиќ на граѓаните на Југославија да им се обрати со уште попатриотски повик од прославената покана за јадење корења. "Око давам, независноста не ја давам!" За инает на Буш и на Анте Марковиќ.

## ПИЈАНИ ДОМАЌИНИ — 1 јуни 1991

**• Да не беа Србите, сега Вашингтон ќе се викаше Цариград**

1. Според тукашните правила на кафеанско однесување, човек треба да е луд ако се согласи на сите пијани гости да им нарача и плати последна тура пијачка. Очигледно господата Жак Делор и Жак Санте не ги познаваат балканските правила, па се појавија како галантни гости среде балканската крчма, подготвени, во паузата меѓу едно пеење и едно пукање, да го одврзат ќесето и да платат уште една тура. Притоа изгледа не водат сметка дека постојаните муштерии се веќе и тоа како пијани. Од национализам.

Можеби пред да пристигнат во Југославија, европските мисионери на добра волја имаа барем трошка надеж дека по разговорите со опиените домаќини

нешто ќе им стане јасно и дека ќе успеат балканската крчма да ја преуредат барем во некој попристоен евтин ресторан. Меѓутоа, многу ми е чудно што на нивниот прв соговорник од претставниците на суверените републики, претседателот на Македонија Киро Глигоров, му нуделе четири милијарди долари, а на крајот таа сума не ја споменувале. Веројатно кога почнале да им се редат на исповед сите претседатели, еден по еден, раскажувајќи им ја секој својата оригинална и најдобра идеја за преуредување на внатрешниот простор, заемодавачите се подзамислиле. Па изјавија дека тие се подготвени да дадат пари, ама дали ние ќе ги добиеме, најмногу зависи од нас.

Значи, Европа ќе заштеди четири милијарди долари.

2. И претседателот на Србија Слободан Милошевиќ излезе задоволен од средбата со Европејците. Првпат нешто не оквалификува како заговор против Србија и српскиот народ и како мешање во внатрешните работи на Србија. Уште малку ќе излезе дека на гости му дошле пријатели. А тоа не е добро. Бидејќи, како што пишуваат неговите весници, на Србија секогаш зло ѝ нанесувале пријателите, а добро – непријателите. Затоа се во постојана потрага по непријатели. А кога ги нема – ги измислуваат.

Она што може да излезе како последица од последната изјава на Милошевиќ е да дојде до пресврт во војната што Србија им ја објави на Соединетите Американски Држави. Бидејќи сега мора да се менува тактиката за напад. Замислена како пробив преку Европа.

Оваа замисла не е без основа. Има покритие во славното историско минато на српскиот народ. Како што вчера објаснува "Борба", "можевме со мирна душа, само да сакавме, да ги пуштиме Турците да ја срамнат Европа со земја, што секогаш им било цел. И тие би стигнале до Америка..." А Џорџ Буш, во тој случај би бил Турчин. Вашингтон – нов Цариград и центар на Отоманската империја.

Во современи услови творецот на операцијата "Јапонија" што би се користела за напад на Америка е сликарот Милиќ од Мачва. Тој вели: "Србите, како слободен народ, под итно мораат во Европа да ги доведат Јапонците! Нека се научат и Европејците и Американците што е слободен и отворен светски пазар, да се види кој поубаво произведува и продава, а особено што е поевтино и поубаво..."

Бидејќи "Црвена застава" и ЕИ "Ниш" знаат што е тоа слободен и отворен светски пазар, па уште кога на своите квалитетни, убави и евтини производи ќе им ги додадат "Јапонците", Буш ќе може само да се слика. А Америка пред да пропадне, нема да има време ни да признае дека авторот на антисрпскиот амандман Никлс е усташ.

3. Сметките на Србите и Јапонците може да им ги замеша само Туѓман. Со неговата силна народна гарда, со сите два хеликоптера и пет-шест противавионски топови. И со заклетвата на набрзина приучените гардисти дека за Хрватска ќе го дадат и својот живот. Бидејќи во однос на секоја нормална армија на суверена држава само тоа и им преостанува.

Тоа што пред пет-шест децении на слични стадионски паради светот исто така гласно се смееше, подоцна многу скапо го плати. Особено што Туѓман цврсто решил токму нему да му успее тоа што ни на еден хрватски владар не му успеало со илјадници години наназад. И постигнува завидни резултати.

По една година од неговото доаѓање на чело на државата, суверенитетот на Хрватска го стесни на половина од целата територија. Сега оди понатаму. Следната годишнина на хрватската државност суверенитетот ќе биде ограничен на територијата на врховничкиот уред, заедно со оние војничиња облечени како човечињата на вињакот "Тренк", што гордо ги нарекува претседателска почесна гарда.

4. На вљубениците во Туѓман во Македонија сè уште не им текнало пред Собранието на Македонија да донесат некои играорци, облечени во комитска облека, да претставуваат македонска национална гарда. Без нив и сувереноста на Македонија – е нула. Како што се нула и партиите, доколку Владата не им фрли еден поголем дел од буџетскиот колач.

На предизборните митинзи сите партии ветуваа дека ќе ги намалат зафаќањата од стопанството и дека ќе го намалат буџетот. Сега пак, дури и овие пари што од републичката каса ги користат за свое финансирање им се малку. За барањата имаат дебело покритие: партиите навистина ветуваа, ама Владата како што е општо познато е – непартиска.

5. Најнов рекламен слоган: "За голема и цврста Македонија – ВЕП!". Вардар, Егеј, Пирин.

## АЛИЈАНСА КИРОСЛАВИЈА 8 јуни 1991

**• Се наближуваат стоте дена на македонската Влада. Се плашам да не побара уште сто**

1. Ситуацијата ни е дефинитивно за никаде, дури и оние кои живеат од коцка почнаа да им испраќаат пораки за разум на шестмината суверени. Учесниците на традиционалната средба на работниците од лотариските организации од Југославија, кои деновиве се дружат во Нови Сад, го имаат тоа задоволство да им гостува членот на Претседателството на Југославија од Војводина Југослав Костиќ, кој на претседателите на републиките им порача конечно во Сараево да се договорат "по мерка и желба на граѓаните на оваа земја, а не така како што сакаат одделни републички раководства".

Бидејќи Југослав Костиќ, како втор, трет или четврт глас на Србија, многу добро знае што е "по мерка и желба на граѓаните на земјата", не е воопшто

чудно што слична порака не им упати и на колегите кои заедно со него седат во фантомското Претседателство на Југославија. Сосема друга работа е што на оваа средба едноставно заскитал. Отворање на "Лотаријада" сепак е вистинско место за вистинскиот човек во Претседателството – Сејдо Бајрамовиќ. Како искусен шеф на томбола, координаторот Сејдо конечно ќе имаше можност да ѝ покаже на југословенската јавност и што знае и умее.

Под раководство на така спретен томболџија и шестмината суверени ќе можат да продолжат да се коцкаат. Со судбината на граѓаните.

2. Ако соопштението од Сараево не е најобично наивно блефирање, кое во коцката обично донесува загуби, тогаш на нас новинарите црно ни се пишува. Доаѓаат тешки денови, бидејќи нема да имаме со кого да ги пополнуваме весниците и термините во телевизиската и радио-програмата, резервирани за забава и развеселување на народот.

Со оглед на искуството од претходните пет самити, може да се каже дека сме имале среќа што на новинарите во Сараево не им беше дадена можност да поставуваат прашања. Да имаше прес-конференција, тие со своите прашања само ќе ги испокараа меѓу себе претседателите и сè ќе паднеше во вода.

Во 1943 година на 6 јуни започна истоварувањето на западните сојузници на плажите во Нормандија. Она што беше "Ди деј" во Втората светска војна пред речиси пет децении, на истиот тој шести ден во шестиот месец, кога се одржа шестиот самит на шестмината претседатели, оваа година можеби претставува потклекнување пред "истоварувањето" на истиот тој Запад, кој сè повеќе го стега обрачот на економската и политичката блокада, дигајќи бариери за одбрана од југословенското беснило.

Искрено кажано, формулацијата "конструктивна основа за продолжување на разговорите за уредување на односите меѓу југословенските републики", сè уште ми личи на конструктивна основа за продолжување на агонијата. Она за што сега се вели дека е "чекор напред" е само прифаќање на разговор за нешто што претседателот на Македонија Киро Глигоров упорно се обидуваше да го стави на дневен ред уште на самиот почеток на преговорите. Од тогаш мина многу време, а резултатите се видливи. Која е гаранцијата дека уште утре Туѓман и Милошевиќ нема да си ги продолжат своите тренинзи на воена вештина и трпение на граѓаните?

3. За добрата волја на Киро Глигоров народот веќе ѝ измисли име на преуредената заедница – КИРОСЛАВИЈА. Меѓутоа, почитувајќи ја неговата скромност и во чест на вториот предлагач на заедничкиот компромис, претседателот на Босна и Херцеговина Алија Изетбеговиќ, а на иста линија со зборот "сојуз", Југославија би можеле да се вика – АЛИЈАНСА КИРОСЛАВИЈА. Во секој случај звучи многу поевропски отколку само КИРОСЛАВИЈА.

4. Најсуверената република Словенија забрзано се подготвува за осамостојување. На 26 јуни ќе ја напушти Југославија и затоа во изминатите денови донесе повеќе самостојни закони. Тие ќе ѝ обезбедат нормативна самостојност.

Донесен е закон за пасоши, отпечатени се нови словеначки патни исправи, но словенечките граѓани и по 26 јуни ќе патуваат во странство со југословенски пасоши. Усвоен е и Закон за обезбедување на државната граница, ама ЈНА ќе остане таму "уште некоја година". Отпечатени се нови словеначки пари, ама и по 26 јуни платниот промет ќе продолжи да се одвива со југословенскиот динар...

Дали некој праша зошто се носат закони кои нема да стапат во сила?

5. Најдобриот комичар не би можел да замисли посмешно сценарио: Бугарски функционер слетува со бугарски авион, изнајмен од македонска авиокомпанија и накитен со македонски национални симболи, среде грчки аеродром. Недостига уште податокот авионот да го возел српски пилот, за да биде вистинска урнебесна балканска комедија.

По нервозното реагирање на грчките власти на слетувањето на авионот на "Палер Македонија" на атинскиот аеродром, пребоен со "светите знаци од Вергина кои се цврст доказ за грчкиот карактер на Македонија", добро нека размислат производителите на автомобилите "Пежо" пред да ги пласираат на пазарот на Грција. Французите ќе мораат да го вадат заштитното "лавче" од автомобилите, бидејќи според остроумното и историско толкување ќе излезе и дека светиот знак од Вергина е цврст доказ за грчкиот карактер на Франција.

6. За инает на Грците ѝ предлагам на македонската влада да донесе одлука сите службени возила да бидат "Пежо". Само ќе ја замолам по два дена да не се предомислува. Зашто има таков обичај. Прво го укина надоместокот за превоз и хранарина, па повторно го воведе. Ги зголеми цените на бензинот, па по два дена ги намали. Им даде пари на партиите за еден месец, па ја смени одлуката да важи шест месеци.

Стоте дена се наближуваат. Како што почнале со тактиката "Пу, не играм!", се плашам да не ни побараат уште сто.

## МРТВО МОРЕ 15 јуни 1991

**• Комунизмот не чини, ама комунистичките закони се добри**

1. Чаша џус од портокали и непрегледна морска широчина. Тројцата претседатели Алија Изетбеговиќ, Слободан Милошевиќ и Фрањо Туѓман удобно испружени во бамбусовите фотелји, под арката на балконот на сплитската вила "Далмација", демек се договараат за иднината на Југославија. Туѓман гледа право кон морето, другите двајца фрлаат поглед откосо. Колку да се знае кој е домаќин во куќата на Големиот Гетсби. Ексклузивно право за следење на секое сркнување од чашите со џус имаа само Хрватската телевизија и ХИНА.

Каква ли држава ќе скројат кога се гоштеваат само со џус? Да фатеше камерата на ХТВ барем некое шише прошек или чаши со беванда, па да им

верува народот. Па да си мезнат малку далматинска пршута, прстаци, пашко сирење... Па телохранителите од зад нив да им запеат на увце: "С Понистре се види Шолта, пива клапа испод волта..."

Вака, со сокче во рака, клапата под арката воопшто не си направи штимунг за пеење. Па дури ни Шолта не се гледаше. Само монотоно сино пространство. Ни чамец, ни едрилица, ни бротче... Тројцата сами, отсечени од светот, со џус од портокали, во куќата на Големиот Гетсби "продаваат" раскош и си даваат значење. А Туѓман божем незаинтересирано загледан во мртвото море. "Гледај, гледај... Ништо не се гледа..." Дури ни бродовите на италијанскиот брег со Сплит и Дубровник. Велат, им паднале резервациите за 90 отсто. Па решиле да не му го расипуваат погледот на хрватскиот татко на нацијата.

2. Само еден ден по сплитскиот состанок и по изјавата на Алија Изетбеговиќ дека нема никогаш да се согласи со поделба на Босна, сметките од делбениот биланс пристигнаа во вид на оригиналната идеја за кантонизација на Босна и Херцеговина. По углед на Швајцарија ќе се формираат муслимански, хрватски и српски кантони.

Така, покрај Македонија, ќе добиеме уште една Швајцарија на Балканот. Три Швајцарии во Европа!

Грбот на новата швајцарска балканска конфедерација ќе биде симбол на историскиот договор на тројцата во Сплит. Стилизирана чаша џус и мртво море.

3. Граѓаните на Словенија ова лето одморот ќе го минуваат на своето приморје. Раздружени, отцепени, самостојни и сами бендисани. Затоа што нивната влада ги повика да летуваат во Словенија. Тоа им е една од мерките за подобрување на ликвидноста на самостојното стопанство.

Веќе е напишано и сценариото за свеченото прогласување на самостојноста. Милан Кучан на 26 јуни ќе посади липа. Во тој момент тоа ќе биде единствениот симбол на ефективна самостојност. Наспроти целосната – нормативна. Како награда за оние кои ќе сфатат што значи нормативна, а што ефективна самостојност, следи бесплатно летување на словенечкото приморје.

Милан Кучан годинава нема да одмора. Мора да седи во Љубљана. Да го полева дрвцето. Бидејќи, како што стојат работите, Демосовата влада сосема ќе го откачи, па наместо оставка ќе му понудат пензија. За подарок ќе добие убава, шарена кофа од словенечко производство. Секое попладне, со кофата полна со еколошки чиста вода, ќе изврши смотра на построената словенечка војска и ќе го полее младото дрвце. Така секој ден ќе следи како му расте самостојноста.

4. Во Македонија за такво нешто нема потреба. Имаме дрва – колку сакаш. Насекаде. Дрво до дрво. Затоа немаме никакви проблеми со самостојноста.

Па така, во јужната балканска Швајцарија, иден Сингапур и најмирната оаза во светот, успеавме да ги совладаме сите тешкотии. Последна работа ни остана уште педагошката евиденција. Затоа што од тоа на кој јазик ќе бидат напишани четворките и петките во основните училишта директно е загрозена егзистенцијата

на Албанците на овие простори. Ако пак случајно се појави некоја оценка на албански јазик, тоа не е ништо друго туку безобразен напад на суверенитетот на македонската држава.

На последната конференција за печат на ПДП беше речено дека Албанците си ги бараат правата што ги имаат со Уставот од 1974 година и велат дека до 1983 година биле навистина рамноправни граѓани. Пратениците на оваа партија, пак, цело време за нивната загрозеност го обвинуваат стариот систем и едноумието. А токму едноумието им ги дало сите права кои сега си ги бараат назад. Значи: комунизмот не чини, ама комунистичките закони се добри!?

Штом си дозволуваме да дојдеме во ситуација да си го губиме времето во дискусии дали сведителствата на албански се напад на македонската сувереност или одбрана на албанските национални права, многу брзо ќе станеме рамноправни. Ќе оствариме не нормативна, туку ефективна рамноправност. Во сиромаштијата. Заедно, и едните и другите, ќе молиме за леб.

5. Во меѓувреме ќе работиме на создавањето балканска конфедерација. Со добрите соседи – Албанците, и со уште подобрите – Грците и Бугарите. Солиден почеток на реализацијата на оваа идеја е конференцијата на демократските партии од Балканот. На која не е поканета ниту една партија од Македонија. А медиумски најекспонирана личност е Вук Драшковиќ.

Не знам што би рекол на ова Љупчо Георгиевски. Тој постојано ни ја "бутка" тезата за обединување на Балканот со бегање на Македонија од Србија. А Србите на собирот во Грција – главни.

Нема врска. И онака Драган Богдановски најави дека идниот конгрес на ВМРО-ДПМНЕ ќе се одржи во Солун.

## ПРОБЛЕМАТИЧНИ ПРЕЧКИ — 22 јуни 1991

### • Будимир Лончар има идеална шанса да стане премиер на грчката Влада

1. Се сеќавате ли на некој од оние стари социјалистички вицеви, од времето на самоуправувањето, кога бевме заљубени во себе и се занесуваме дека цел свет ни завидува? Тие обично започнуваа со зборовите: "Си бил еден Американец, еден Рус и еден Југословен..." И обично завршуваа на тој начин што Југословенот секогаш излегуваше најпаметен, а другите двајца глупави и изиграни.

Русите веќе одамна не ни доаѓаат. Ама, ме чуди како еден Американец, со име Џејмс Бејкер, се осмели да пристигне во Југославија и во услови на така духовито изградено наследство да се вклучи во вицотеката, и тоа не со еден, туку со најмалку шестмина Југословени. Како да не знае дека ние сме најпаметни и дека нема теорија тој нас да нè изигра. Па, на пример, да му ја преземе иниција-

тивата на Васил Тупурковски за свикување на седница на Претседателството на СФРЈ. Или пак, наместо Месиќ, тој да седне во фотелјата на претседател на Соединетите Југословенски Држави.

Во моментов додека го читате текстот, Бејкер веројатно веќе лета што подалеку од Југославија. Ние го дочекавме и го испративме. По него веќе никој нема да ни доаѓа.

2. Затоа, пак, Македонија со нетрпение го очекува српскиот министер за односи на Србија со Србите надвор од Србија. Ќе дојде лично, да се увери во насилното македонизирање на овдешните Срби. Затоа што, како што неодамна ѝ изјави на дописничката на Македонското радио од Белград "оценките за положбата и асимилацијата на Србите во Македонија се градени на основа на многу разговори со Србите од Македонија, сериозни и угледни луѓе". Што веројатно било доволно, во информацијата на неговото министерство да се напише и ова: "Процесот на асимилација во Македонија се поттикнува низ основното образование, вработувањето, дејствувањето на Македонската православна црква".

Во Македонија сега засега на ова не се реагира. Министерот за односи на Србите со Србите се вика Станко Цвијан. Место за паника нема. Барем до оној момент, додека на негово место не го замени Воислав Шешељ.

3. Проблемот е во тоа што не може да се врши асимилација на некој народ од некој друг непостоечки. Како што веројатно смета сојузниот секретар за надворешни работи Будимир Лончар, кој бега како од ѓавол од зборовите "Македонија", "македонско", "Македонци" во интервјуто за грчкиот весник "Катимерини". Излегува дека во Република Македонија живеат Пречки, Прашања и Проблеми.

Од што логично произлегува дека и насилно асимилираните Срби во Македонија не се македонизирани, туку – пречкосани. Со што се согласува и лидерот на Српското движење за обнова Вук Драшковиќ, кога вели дека македонското прашање е засекогаш решено по Балканските и Првата светска војна. Сега останува да се реши уште прашањето на Пречките.

Тој во вчерашното интервју за "Борба" изјавува дека со грчкиот премиер Мицотакис "се согласил во речиси сите прашања, па и околу т.н. македонско прашање... така што на г. Мицотакис му реков дека со такви ставови може да биде и претседател на Српското движење за обнова".

Со оглед на усогласените ставови околу Пречките, доколку Мицотакис стане лидер на СДО, на испразнетото место на чело на грчката влада може да се намести лично Будимир Лончар. Па, како премиер на Грција, од атинска перспектива да гледа како да ги премости Пречките на патот до Белград. Вук Драшковиќ, пак, би можел да се пресели во Македонија. Ќе биде претседател на Здружението на Србите, со седиште во Скопје, и заедно со министерството во Белград ќе се бори против нивното насилно пречкосување.

4. Македонија нема време за чекање, па затоа веќе отпечати и свои пари. По налог на Конгресот на ВМРО-ДПМНЕ, што се одржа годинава на Велигден,

на кој во конгресната резолуција што е донесена е запишано дека "носител на емисионата и монетарната политика ќе биде Македонската национална банка, а паричната единица на македонската држава ќе биде – статер".

Македонија сè уште нема национална банка, ама затоа доби национална печатница во Прилеп. Која наместо ознаки на тутунска хартија печати пари. Бидејќи директорот на печатницата со статерите сите нè убеди во неверојатните можности на нејзината нова технологија, можеме да очекуваме чуда. Среќа што ВМРО–ДПМНЕ на својот конгрес не ја предвиде и висината на девизните резерви на државата Македонија. Во спротивно, Прилеп масовно ќе нè снабдуваше со американски долари.

5. Како поткрепа на македонската државност, покрај статерот и печатницата што може да печати девизни резерви, деновиве во Зоолошката градина во Скопје добивме три лавчиња. Тие можат да бидат добар реквизит во сценариото со кое ќе треба да го прославиме денот на осамостојување на Македонија. Кучан може само да ни позавиди. Тој ќе сади липа, а ние ќе одгледуваме лавови.

Бидејќи мораме да се навикнеме да гледаме циркуси, ништо чудно ако вработените во Зоолошката градина побараат некој висок македонски државник да им биде кум на лавчињата. За благослов би се погрижило некое свештено лице. А целата претстава околу прославата на првиот ден на самостојна Македонија може да ја спронзорира "Палер Македонија".

Вистинска мерка за патриотизам ќе покаже оној кој секојдневно ќе им носи храна на лавчињата. А Зоолошката градина ќе стане култ-место на кое со свои очи ќе можеме да се увериме како расте и јакне независна Македонија.

## ТРУДНА НЕВЕСТА — 29 јуни 1991

**• Новинарите прибираат документи за да го докажат своето македонско потекло барем до трето колено наназад**

1. Борисав Јовиќ конечно може мирно да спие. Омилените зборови од неговиот речник, од времето кога секоја вечер со својот препознатлив ведар лик ни посакуваше добра ноќ, веќе не се негова луда желба. Сега имаме и хаос, катастрофа, братоубиствена војна, крвопролевање, тенкови, свршени чинови... Милан Кучан дочека да стане мал претседател на малата држава, но не го дочека ни првото утро за да ја полее независната липа. Му ја згазија тенкови. Јанез Јанша конечно доби вистинска можност да го провери своето воено познавање и "на живо" да го тестира увезеното оружје. Фрањо Туѓман, во согласност со својата самобендисаност, ги изигра дури и Словенците, со тоа што си ја прогласи својата

независна Хрватска еден час пред нив. Колку да се знае кој прв почна. Слободан Милошевиќ сега може само задоволно да гледа како светското јавно мислење одеднаш ја заборави болшевистичка Србија, тепањето на својот народ, укинувањето на автономијата на покраините и целата вина ја префрла на сецесионистичките Хрватска и Словенија. Во меѓувреме добива доволен маневарски простор да подготви нова офанзива за остварување на вековната цел: Сите Срби во една држава. Воениот врв го дочека вистинскиот момент, без врховен командант да покаже кој ја има силата во оваа земја. Без разлика што со неа заедно не одат ни разумот, ни убавината.

Сакам да кажам многу работи и за уште многу други, кои, еве, конечно успеаја да нè донесат во ситуација во иста држава да се делиме на наши и ваши. Но, зборовите веќе немаат смисла. А и совеста не ми дозволува. Заради почит кон мртвите. И "наши" и "нивни".

2. А заради почит кон македонското литературно наследство, деновиве се потсетив на Чернодрински и неговата "Македонска крвава свадба". Затоа што нашите пратеници наместо да нè воведат во идниот, имаат обичај да нè враќаат на почетокот на овој век.

Главни виновници за ова се големите собраниски паузи и евтината пијачка во собраниското бифе. По целодневно "закрепнување" не треба да чуди што пратениците накрај се чувствуваат како на свадба. Па Митко Анастасовски од ВМРО-ДПМНЕ дури инсистираше: "Невестата ќе ја венчаме вечерва!"

Не знам зошто се брзаше толку невестата да се венча така – апансас. Како да е трудна, па ајде побрзо да се откачиме од неа. Во што чисто се сомневам, бидејќи Македонија е – невина. Нели со ништо не придонесе за ескалација на југословенската криза. Настрана што уште не сме го одбрале момчето. А и не знаеме колку мираз можеме да однесеме.

За да не ме обвинат големите и добри Македонци дека се залагам Македонија да ни остане вечно стара девојка, ќе им кажам дека колку што сум сфатил од историјата, и во 1903-та ја венчаа Македонија набрзина, со неподготвен мираз, без целосна согласност на родителите... Ама, млада, зелена, ја измамија стројниците отстрана.

3. Љупчо Георгиевски беше подготвен за свадба. Дотеран, запетлан, со вратоврска. Ама невестата се исплаши. Ѝ втераа страв во коските македонските новинари. Цело време ја убедуваат дека е грда и дека никој не ја сака. А и да ја земе некој, ќе ја земе од сожалување како неспособна, бидејќи секогаш друг мора да ја храни.

За да ја венча Македонија, Љупчо е лично подготвен да скокне под првиот тенк на армијата која не се знае кој ја командува. Потоа, како човек кој за разлика од новинарите има сосема одговорен однос кон својата држава, ќе организира отпор со македонската војска, вооружена со најсовремено странско вооружување и со поддршка на целата светска јавност која ја признава Република

Македонија. За сè да мине во најдобар можен ред, лично ќе ја преземе контролата врз средствата за јавно информирање што водат антимакедонска политика и ќе емитува и објавува покани за свадба.

Потоа триумфално ќе настапи неговиот партиски соборец Љупчо Јакимовски и заповеднички ќе рече: "Дајте да направиме држава и да не се играме!"

4. За да се биде новинар во македонската држава, не само што ќе треба да се преживее тортурата на смешните парламентарни заседанија, туку и ќе мора да се донесе доказ за македонското потекло, барем до третото колено наназад. Затоа што, во вистинска европска држава во која, како што вели г. Георгиевски, средствата за јавно информирање се под контрола, и реченицата од типот "новинар од немакедонско потекло", каква што изговори Томислав Стефковски, е врвен израз на демократијата и почитување на човековите права.

Исто како што и Томе Стојановски, по напуштањето на Парламентот од страна на пратениците на албанските ПДП и НДП, во бифето (ако е тоа олеснителна околност) пред ТВ камерите изјави: "Среќен им пат!" Не знам – каде? И каква европска, самостојна и меѓународно призната држава ќе направиме без Албанците што со векови живеат со нас. Бидејќи не сакам да верувам дека во Собранието седат толку усвитени глави што можеби веќе сонуваат товарни вагони, она "Среќен им пат!" ме враќа на новокомпониранта врвна патриотска мисла "Вардар тече кон Солун".

Сите патишта водат кон Солун. На годишен одмор. Зашто, ако продолжиме вака, патот до Охрид ќе ни биде блокиран.

5. Македонската телевизија од минатата недела, во терминот кога се прикажуваше серијата "Подобар живот", ни ја емитува воената серија "Ранетиот".

И "Вечер" е во тек со времето. Подготвуваме нова наградна игра. Наместо "мазда", среќниот читател ќе добие – тенк.

## КАПЕТАН ДРАГАН

**17 август 1991**

### • Ловците на уценети глави, потпишани на потерниците што ги издава Вељко Кадиевиќ, тргнаа на Македонија

1. Драгиша повторно јава. На топ. Како на Дивиот Запад, каубојски мавта со ласо и ги предводи ловците на уценети глави, потпишани на потерниците што ги издава Вељко Кадиевиќ.

Граѓанското лице на служба во СК – Движење за Југославија, прославениот кумановец Драгиша Атанасовски, на работно место – командант на војничката партија, пред неколку дена се фалеше на страниците на "Вечерње новости" дека

"моментно работи на омасовување на Народниот фронт". Вели дека се бори за мир и за зачувување на Југославија. "Меѓу другото и за помош на ЈНА при мобилизацијата, особено кога тоа го попречуваат републичките власти". Дека станува збор за мировна организација – нема сомнение. Најдобар доказ е нејзиното име.

Најтешка задача на Народниот фронт во овој момент е како да се улови главата на претседателот на Македонија Киро Глигоров. Затоа што одбива да ги испраќа младите момчиња од републикава како топовско месо во освојувачките походи на сесрпскиот вожд. Што особено го налути генералот Кадиевиќ, бидејќи без нив "ЈНА би престанала да постои како една од последните заеднички југословенски институции". А тој убаво си замислил и Македонија да ја задржи во остатокот од Југославија. Веројатно сѐ уште не се консултирал со главниот командант Милошевиќ, дали би му одговарало, како што ја избркаа Словенија, да нѐ избркаат и нас. Па вели дека "тоа би било крај на Југославија". Србија ќе претрпи голема штета, ако покрај Словенија сега ќе се откаже и од Македонија.

2. Дека нема намера да се откаже, потврдува зачестеното гостување на родниот град на Драгиша на страниците на изданијата на слободниот белградски печат. "Вечерње новости" и "Слободанка експрес" секој ден мака мачат во Куманово да пронајдат некој Милан Бабиќ, Миле Мартиќ, капетан Драган... Па објавуваат разговори со ретки остатоци од "помакедончениот" српски народ во Куманово, што уште си го задржал српскиот воинствен дух. На пример, со некој одборник во кумановското собрание, кој тврди дека власта ги менува презимињата. Тој се презива – Цветковиќ. Или пак извесен Стоилковиќ, кој се претставува како претседател на Младинскиот совет на Куманово, што им порачува на граѓаните на Македонија дека со гласање "За" на референдумот ризикуваат да ги повторат страшните призори од Словенија и Хрватска.

Бидејќи "одлуката за референдум ги вознемирува Србите во Куманово и околината", фронтот може да се отвори и тука. Оној "народниот"– на Драгиша. Па ако и покрај сите маки слободниот белградски печат не успее да исфабрикува некој Милан Бабиќ, подготвен е во негова улога на топ да дојава лично Драгиша. Наедно ќе настапи и како "капетан Драган". Да ужива во страшните призори, кои толку многу ги посакува неговата партија.

3. За "стравотиите што ќе ја снајдат Македонија" деновиве зборуваа и неколкумина членови на југословенскиот и републичкиот одбор на СК-ДЈ, на прес-конференцијата во Скопје. Тоа што настапија како СК – Движење за обединување на Србија и Црна Гора (со уште некое проширување) е само малку изменето толкување на програмата на "југословенската" партија. Прилагодена кон новите услови.

"Словенија може да си оди, среќен ѝ пат!", порача Гојко Груевски пред присутните новинари, така што тие си помислија дека можеби пред нив е лично Слободан Велики, преправен во член на СК – Движење за Југославија. Меѓу

другото и затоа што се отепа од фалење на белградската иницијатива за скусена Југославија. Како да ја проучувал "Слободанка експрес" што неодамнешната средба на светото српско тројство го коментираше со наслов: "За Југославија – нов живот".

"Нов живот"се вика еден дуќан за погребна опрема!

А до новиот живот на Киро Глигоров ќе мора да му се забрани "да ги комплицира работите, изјавувајќи дека Македонија не прифаќа никаква редуцирана или осакатена Југославија". Има да биде како што вели СК-ДЈ: "Суверена Македонија во суверена Југославија, без какви и да е условувања сврзани со бројот на членките на југословенската држава или пак со нејзиниот официјален назив". Иако Гојко Груевски лично не би се согласил да се менува името и да се вика Србославија. Може да остане истото име, затоа што и онака "Србија и Црна Гора се правни наследнички на СФРЈ".

Од што произлегува и одговорот кому ќе му припадне техниката на ЈНА. И кој ќе биде најдобро вооружена држава во регионот. Нешто слично како Ирак на Блискиот Исток.

4. Од стравотиите што можат да нè снајдат, верувам само во можноста и во самостојна Македонија Македонската телевизија да продолжи да емитува рекламни спотови од времето на кинеската револуција. "Нека цветаат илјада цветови!"

Прво ќе биде суша, потоа ќе нè надвиснат црни облаци, па ќе нè фати пороен дожд и на крај ќе ни расцветаат суверените ливади. Како на пакувањето на бонбониерите на "Европа". При таква длабока содржинска порака нема да има човек кој нема да заокружи "за".

5. Проблем е што луѓето не успеваат да стигнат дома до почетокот на ЕПП. Заглавуваат по пат на некоја бензинска пумпа. Сите го чекаат танкерот.

## МАРКОВИ ГУЛАБИ — 24 август 1991

**• Малку собирање со воена полиција, малку судење, малку затвор и додека си трепнал ти изминало доброволното служење на воениот рок**

1. Морам да почнам со Горбачов. Иако немам што многу да кажам, освен да признаам дека не верував дека ќе се врати. Барем не така брзо. Па сега ни останува да се радуваме. И да се чудиме на глупоста на сценаристите на воено-државниот удар.

Од друга страна тоа воопшто не ме прави спокоен. Затоа што не верувам дека тие што требаше да извлечат поука од пропаднатиот пуч им дале простор на

своите способности за интелектуално расудување, ослободувајќи се од идеолошката затапеност. На оние пак со национални фрустрации воопшто не им верувам. Нивните испрани мозоци не ги валкаат уште тони пролеана крв. За глупостите на современтие војсководци кои сонуваат средновековни држави.

2. Дури сега ми стана јасно дека Југославија не ја разбива никој друг, туку Киро Глигоров и Алија Изетбеговиќ. Оваа воена тајна од висок степен на доверливост конечно ја обелодени генерал-потполковникот Марко Неговановиќ. Тој е задолжен од највисокиот воен врв да се појавува на прес-конференции и да ги засмејува домашните и странските новинари. Создава пријатна и лежерна атмосфера иако, според првичните планови, требаше да го замени Борисав Јовиќ во улогата на дежурна Баба Рога. Погреши уште на стартот. Требаше да се појавува секоја вечер по цртаните филмови. Само изгледа го зафркаваат во неговата куќа, па не му пишуваат секојдневно што треба да прочита. Тука веќе никого не може да излаже. Штом не му е напишано, се буни, па ССНО ќе мора под итно да го врати Борисав Јовиќ. Настрана тоа што неговиот постојано ведар и насмеан лик на сите ни недостасува.

Киро и Алија се виновни што наместо во рацете да држат маслиново гранче и гулаб, држат оган и сув барут. Така вели генерал Марко. А не сфаќа дека тие не можат да се угледаат на најголемиот југословенски миротворец Слобо Велики. Тој си има гулаби да избира, од белградскиот Плоштад на Републиката, до дубровничкиот Страдун. А маслинови гранчиња му испраќаат пријателите од "соседна" Грција.

Нашиот Киро Глигоров во недостиг на гулаби се обиде во Охрид да набави лебеди. Ама генерал Марко не попушта. Или гулаб, или ловец-бомбардер. Може евентуално "бели орли". Како што ѝ е името на доброволната чета на извесниот Драган Бокан, што среде Кнез Михајлова во Белград беше подготвен да им пресуди по итна постапка на овие белграѓани што пијат "кока-кола", наместо да тргнат во "одбрана на татковината". И со тој предавнички чин, директно предизвикан од американската пропаганда која го труе српскиот воинствен дух, ја деградираат генијалната мисла на Слобо Велики: "Ако не знаеме да работиме, знаеме да се тепаме!" А тие пијат "кока-кола". "Само тоа е тоа!"

3. Некако не се чувствувам сигурен кога претседателот на Републиката Киро Глигоров се одмора во Охрид. Тоа некако ме асоцира на Крим. Во наши, минијатурни услови. Особено што воениот врв сè почесто зборува за некакво кривично гонење против најодговорните лица "кои го саботираат и не го спроведуват законот за воена обврска". За моралната оспособеност на армијата која ги собира регрутите под закана за кривичен прогон воопшто не треба да се разговара. Малку собирање со воена полиција, малку судење, малку затвор и додека си трепнал, ќе ти измине доброволното служење на воениот рок во единиците на ЈКА – Југословенска кривична армија.

Што се однесува пак до Васил Тупурковски, за него нема проблеми. Не го фаќа никаков воен удар, па дури и да е во режија на Дмитриј Јазов. Во исто време

е на три-четири места. Негованoвиќ не е сигурен дека ќе го фати дури и кога му е среде Белград. Од каде може да претпостави дека тоа е вистинскиот Циле, кога неговите тајни служби му јавуваат дека се вози во транспортер низ Осиек. И во исто време лови лебеди со Глигоров во Охрид. А скопските известители на генерал Марко му јавуваат дека прима делегација на некој куќен совет од општина Кисела Вода.

Ете кој создава хаос и безредие во Југославија. Како што би рекол Марко Неговановиќ. И би додал "освен во Словенија..."

4. Затоа што Словенците и како независни и самостојни продолжуваат да го градат имиџот на политичка проституција. Не ѝ верувај на Словенија дури и кога ти доаѓа во мисија на добра волја. Кога можеа да ја зезнат Хрватска, зошто воопшто разговараме за Македонија?

Наместо да си ги полеваат суверените липи, тргнаа по светот да му делат лекции како да ја преуреди Југославија. Димитриј Рупел, нивниот министер за надворешни работи, вели – како Бенелукс. Словенија е Луксембург, Хрватска е Холандија, а "Југоистокот" е Белгија. Во "Југоисток" се Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и се разбира Македонија.

Нека ми простат одговорните кај нас што им го злоупотребувам материјалот означен со "Доверливо", а потпишан од Министерството за надворешни работи на Словенија, ама таква глупост едноставно е гревота да не се објави. Материјалот е насловен со "Наоди и предлози на Република Словенија за разговорите со тројката на ЕЗ". Во него тие се гледаат како "меѓузона која ја поврзува Европа со Југоисток". Уште "сметаат дека "Југоисток" може да се посматра како целина што има поцврсти природни врски отколку другите делови на денешна Југославија", а односот меѓу "Југоисток" и Хрватска е потесен, отколку меѓу овие две компоненти и Словенија". И една лекција до Запад: "Посебноста на Југославија е во тоа што таа сега не може во целина да биде вклучена во европските интеграции, а до тоа може да се дојде постепено, како поединечни зони". Значи, отиде Словенија во Европа, а вие Балканците седете си во Голема Србија.

По ова нека ме убеди некој дека и повлекувањето на ЈНА не е смислено во кабинетот на Милошевиќ. И нека се обиде да ми ја објасни нашата "умерена и толерантна политика со уважување на позициите на другите" и "заложбата за сојуз на рамноправни суверени држави".

## ХРАБРИ МАЖИШТА

**31 август 1991**

### • ЈНА ја поддржува борбата на Хрватите за културна автономија на Хрватска

1. Генералите Вељко Кадиевиќ и Благоја Аџиќ само навидум изгледаат како вистински мажишта. Кога се појавуваат пред ТВ камерите. И тоа исклучиво на

ТВ Белград. Дури завчера откривме дека славните воини губат храброст кога треба да стапат во директен контакт со жени. Затоа во топчидерскиот Дом на гардата го пуштија својот верен заменик Марко Неговановиќ. Но, попусто. Дури ни неговата препознатлива насмевка на селски швалер од времето на колективизацијата не успеа да ги одоброволи огорчените мајки. Бидејќи очигледно престанал да размислува некаде во тој период, од кога му потекнува шармантниот начин на однесување, мртов ладен им се обрати на насобраните: "Почитувани родители на нашите војници..." Заборави дека пред само една недела на прес-конференција зборуваше за некакви изманипулирани родителски чувства и за групи луѓе кои лажно се претставуваат како родители на деца што служат војска. Настрана што од препотентното однесување можеше јасно да се види неговата порака: "Не ви ги враќам децата! Барем не – живи!"

Не е виновен човекот. Така му напишале, така и прочитал.

2. Во меѓувреме, додека мајките беа на најразличен начин сопирани и задржувани да пристигнат до Белград, веројатно додека да се напише текстот на обраќањето на генерал Неговановиќ, генијалниот Борисав Јовиќ и неговата СеПСа решија да им помогнат на Марко и неговите другари. Упатија повик до сите патриотски Срби да ги бојкотираат жените што им се пуштија на генералите. Затоа што во мозочните вијуги на Јовиќ се запали уште една Тесла која му го осветли патот до вистината. Кругот на разбивачи на ЈНА се шири. Покрај проверените непријатели Глигоров и Изетбеговиќ, сега се приклучија и мајките. Што со оглед на храброста на генералите може да биде многу опасно. Особено што љубовта кон нив некои жени ја преточија во паролата: "Убијте се или губете се!" А единствениот начин да се изгубат среде мноштвото жени е да се пикнат под некое здолниште. Што и да изберат, ќе мора да – потклекнат.

3. Додека Србија стоеше на барикадите, во одбрана на татковината од мајките, Великиот Вожд држеше конференција за печат во Париз. Уште еднаш го потврди тоа што на сите во светот, освен на таму некојаси Европска заедница, им е совршено јасно: "Србија не е во војна со Хрватска, ниту пак српски сили учествуваат во судирите". "Српските сили не ги напаѓаат хрватските градови". Тие само ги напаѓаат усташките превозни средства, наречени трамваи, во српскиот град Осиек, рано наутро кога геноцидните Хрвати одат да довршат со клањето на остатоците од голоракиот и допола заклан српски народ.

Фактите зборуваат дека Србија ни во еден момент не употребила сила. Треба да им се верува. Она што остана по бомбардирањето на Вуковар само говори дека таму навистина не е употребена никаква сериозна сила. Се работи за некои тактичко показни вежби на ЈНА, во чијшто состав нормално се нашле 90 од сто српски доброволци, во одбрана на своите огништа.

Впрочем, најдобар доказ за неутралноста на армијата е телевизиската снимка на која Миле Мартиќ се бакнува со припадници на ЈНА пред освоената полициска станица во Киево и го гази хрватското знаме и таблата на која има

обележја на хрватската државност. Уште подобар доказ е веста на Радио Белград дека "започнала решавачка битка за ослободување на Вуковар", во исто време кога армијата го бомбардира градот. Сега веројатно Миле Мартиќ ќе тргне и на освојување на полициската станица во Плитвице. Вели дека тамошните редарственици "сакале да им се предадат". Сигурно на ист начин како и во Киево. Потоа се сели кон Далмација. Затоа што во едно интервју најави: "На ред се Петриње, Карловац, Шибеник и Задар, бидејќи нам ни е потребен излез на море, а и едно поголемо пристаниште е во интерес на ЈНА".

За да ја докаже својата неутралност, ЈНА по неколку месеци ќе биде обвинета дека им дава поддршка на Хрватите што бараат културна автономија во Хрватска. Сè во свое време.

4. Тогаш веројатно и Борисав Јовиќ нема да изјавува дека Декларацијата на Министерскиот совет на ЕЗ е исто што и Резолуцијата на Информбирото од 1948 година. Што сè уште не значи дека Југославија нема да ги прифати нивните услови. Затоа што освен Месиќ, Дрновшек и Тупурковски, кои ја прифаќаат, и Јовиќ кој ѝ рече одлучно: "Не!", останатите бараат време да се консултираат. Сега очите на европската јавност се свртени кон Сејдо Бајрамовиќ. Со нетрпение очекуваат што ќе каже по консултациите со шефовите на томболи ширум Косово. Европските министри се колнат во неговата способност да намести добивка. Зашто, ако се потпрат на коцкарската среќа – лошо им се пишува. На овие простори одамна нема паднато премија. А загубите се големи. Дневно во просек по 20 – 30. Човечки животи.

5. "Политика" оди побрзо од времето. Додека ужичани го тргаа споменикот на Тито од главниот плоштад на нивниот град, читателите на угледната "Слободанка" во исто време можеа да читаат за тој настан како да се случил – претходниот ден. Видовитиот дописник од Титово Ужице еден ден порано ги виде и големиот кран, и масата одушевен народ, и радоста на граѓаните, и аплаузот... Ова се случи дури следниот ден.

А вчера "Слободанка" му ги отвори страниците на некојси д-р Богомир Самојловски, потпишан како претседател на Здружението на Македонците од Белград, кој тврди дека членовите на неговото здружение "се длабоко уверени дека Македонија не може да опстане како самостојна држава". Веројатно затоа и сосема се откажаа од неа, бидејќи и на македонските редакции им пишуваат на српски јазик и со латинско писмо. На крајот тие поканувaат некој од раководството на Македонија да дојде на состанокот на нивното здружение, "да поразговара со нив и да се увери како живеат и работат во Србија". За полесно да се разберат ќе зборуваат – српски.

6. Подготовките за референдумот се во тек. Покрај порано предвидените, ќе бидат отворени дополнителни гласачки места. На пумпите на "Макпетрол".

# СОСЕДСКИ СЕКИРАЦИИ

**7 септември 1991**

**• Бугарија врши притисок пред референдумот со продажба на евтин кашкавал во Македонија**

1. Просто ме фаќа срам. Така спокојно си седам и си пишувам само на еден ден пред референдумот, додека сите соседи паѓаат во очај од секирации само што ќе помислат што сè може да ѝ се случи на самостојна и независна Македонија.

Како може човек да не биде трогнат до солзи кога ќе прочита дека: "Општинскиот одбор на СК – Движење за Југославија од Лесковац, на итен состанок, им дал полна поддршка на напорите на македонските комунисти да му го зачуваат достоинството на македонскиот народ". Сега дури и Жељу Желев, со историската изјава дека ќе ја признае независноста на Македонија, ама без народот што живее во неа, може да се слика.

Лесно ни е нам, кога за нашето достоинство се грижат комунистите на Лесковац. Што да кажат Американците, кога ќе им се налутат Грците. Грчкото радио ѝ предложи на својата влада да ги прекине дипломатските и сите други врски со оние земји кои ќе ја признаат независна Македонија. Во исто време "Та неа" дознава дека: "ако Вашингтон реши да ги признае другите југословенски републики, тогаш ќе ја признае и скопската република и нејзиното право да се нарекува Република Македонија". Ако тоа се случи, тогаш на Грција нема да ѝ остане ништо друго туку да ги прогласи САД за окупатори. Во што сигурно ќе добие поддршка од верниот другар Слобо Велики. Кој, доколку до тогаш заврши со ослободувањето на Хрватска, е подготвен да отвори нов солунски фронт. Тенковите ќе мораат да минат низ "скопската република".

2. Само така ќе бидеме спасени од предавството што пред неколку дена го откри "Слободанка експрес". Овој "угледен" весник вели дека е "повеќе од сигурно оти е направен договор за поделба на Македонија". Во сценариото им е дадена улога на сите водечки личности, почнувајќи од претседателот Глигоров, преку премиерот Кљусев, па до Љупчо Георгиевски и Борис Змејковски, ама "клучна улога на разбивач на Југославија му е доверена на Васил Тупурковски". Тој бил, како што дознава "Слободанка експрес" – "врската на Скопје со Запад, преку Софија". Играл тројна улога. Веројатно затоа што Циле секогаш се наоѓа на три места одеднаш. Од кои задолжителна локација му е Женева, каде што тајно се сретнува со Димитар Гоцев, од софиската врховистичка ВМРО-СМД.

Приказнава е очигледно производ на некој извештај на КОС, правен по ист урнек како од времето кога нè бранеа од империјализмот, капитализмот и скапаниот Запад. А новинарот е некој страстен вљубеник во научно фантастични филмови од советско производство. Просто се натпреварува со првата пушка

во Ју-новинарството Мирослав Лазански, кој откри дека Македонија купува оружје во Полска. Па вчера пак се јави "Слободанка експрес" и експресно обелодени дека оружјето го купил скопски "Макотекс". Сигурно од средствата за плата што не им е исплатена на вработените три-четири месеци наназад. Помина времето кога вработените на "Макотекс" одеа по скопските претпријатија да продаваат маички и крпи за бришење, за да заработат плата. Сега одвај чекам да се појават и кај нас, да си купам еден калашников од Полска. На три рати, со чек на почек.

Она што сепак не може да се скрие, е тврдењето на "угледниот" белградски весник дека "Бугарија има силни упоришта во македонската Влада и Парламентот". Во бифето на Собранието за појадок даваат кашкавал "Витоша". Со бугарскиот кашкавал во сендвичите Бугарија врши континуиран притисок врз стомаците на пратениците. Што во пресудни моменти за Македонија може да биде многу опасно.

Воопшто, во овие предреферендумски денови низ Скопје се чувствува засилено бугарскиот елемент. Ете, на пример, вчера без проблем на Зелено пазарче си купив една пита "Витоша". Килограм 100 динари. Мора да се признае дека цела пита е навистина тешко упориште на Бугарија за еден домашен фрижидер. Го спакував во комора за длабоко смрзнување, па додека Македонија не прогласи независност, ги замрзнав односите со Бугарија.

3. На тој начин ќе се угледам на Бранко Костиќ, четвртиот српски глас во сојузното претседателство, кој не се согласува со мировната декларација на Европската заедница и ги замрзна односите со цел свет. Решил човекот да јаде корења, па тоа тие е.

Доаѓа зима, па ако замрзне земјата, ќе биде тешко да се копаат корења. Затоа Бранко разработува нов систем. Оружјето што ЈНА го повлекува од Словенија ќе биде продуктивно употребно за здрава исхрана на населението. Земјиштето ќе биде изорано од тенковски гранати и касетни бомби. Корените сами ќе излегуваат на површина. И тоа потпечени, подготвени за на софра. Бранко ќе треба само да ги собере плодовите на својата мировна и принципиелна политика.

4. Премиерот на Папуа Нова Гвинеја Раби Намалиу ги предупреди своите сограѓани: "Ако експресно не се опаметиме и не престанеме со востанички детски игри, ќе имаме ситуација како во Југославија!".

## ХЕРОЈ НЕВЗАТ

**14 септември 1991**

- **Кајчарите во Охрид интензивно работат на изградба на флота разурнувачи со кои преку Вардар ќе ја нападнеме Грција**

1. "Како? Не чујем вас добро... Биќе и хапшења... То вам гарантујем..."

Ехото од говорот на Слободан Милошевиќ со кој го најави апсењето на Азем Власи, по неколку години задоцнување пристигна во Скопје. Навистина, никој не најави дека ќе го апси лидерот на ПДП Невзат Халили, ама општинскиот суд за прекршоци од Тетово го употреби рецептот на Милошевиќ за одмазда заради бојкотот на рефендумот. Шеесет дена затвор, затоа што Халили со неговото семејство одбил да даде податоци за пописот. Иако на државата ќе ѝ беше многу поприфатливо да му одмереше парична казна. Вака уште ќе мора и бесплатно да го храни. Настрана што од човекот ќе направи херој, иако тоа тој најмалку го заслужува. Освен ако не сака навистина да ги одоброволи комитите што пред некоја вечер распалено викаа: "Кај сте сега Шиптари?", па да им ги извади Албанците на улица на протест поради затворањето на маченикот од село Порој. Потоа настапува армијата како арбитер во меѓунационалите судири. И потоа се случува Косово, или не дај боже Хрватска.

Искрено кажано, неизлегувањето на Албанците на референдумот за самостојна Македонија го доживеав исто како кога пријателот ќе ти го сврти грбот тогаш кога ти е најтешко и кога ти е најмногу потребен. Потоа ми помина лутината, бидејќи видов дека самите Албанци дозволуваат нивните партиски лидери да ги третираат како необразована маса, неспособна да мисли со своја глава, употреблива само како гласачка машина. Конечно и референдумот си го толкував како бегство од освојувачката политика на Слободан Милошевиќ, па си размислував штом тие не ја признаваат оваа држава, зошто наместо да ги бараат своите права кај Киро Глигоров не отпатуваат на прием кај Слободан Милошевиќ.

И таман да го дочекам моментот кога Невзат Халили ќе го видам заедно со Ибрахим Ругова на иста маса со Милошевиќ, во Македонија профункционира правната држава. За нејзината ефикасност сведочат размислувањата на првиот републички правник, министерот за правосудство Ѓорѓи Наумов, изречени во расправата по нацртот на Уставот. Покрај неговата оригинална идеја во Уставот да се нацртаат границите на Македонија, уште поинтересна е идејата македонската држава да се дефинира како сопственост на македонскиот народ. Во тој случај, тој би бил сопственик на Халили, па би можел за евтини пари да им го продаде на Србите на превоспитување, наместо да го храни два месеца во тетовскиот затвор.

2. Трошоците за издржување на Халили не мора да паднат на товар на македонската држава. Според логиката на белградскиот печат: "Куманово

останува во Југославија!", затоа што на референдумот не излегол потребниот број гласачи, најголема можност да остане во Југославија има Тетово, заедно со општинскиот затвор. Таму бројот на гласачите беше уште помал. Според истата логика и некои месни заедници каде што компактно живее албанско или српско население си остануваат во Југославија. Истото може да се случи и со одделни згради, чиишто куќни совети можат да си прогласат спрски автономни области и да се отцепат од Македонија. Сѐ во рамките на начелото за правото на народот за самоопределување.

Кога една Германија се тресе од демонстрантите кои пред нејзината амбасада во Белград ѝ порачуваат: "Волјата на српскиот народ мораат сите да ја почитуваат", што остана за Македонија. Особено што Здружението на Србите и Црногорците од Косово се заканува: "ако Македонија сака фронт – тогаш ќе го има!"

Како ќе се развиваат борбите на фронтот меѓу две завојувани згради, сега е тешко да се предвиди. Веројатно ќе се почне со ноќно крадење на бензин од непријателските автомобили паркирани на заедничкиот паркинг. Југословенските домаќинки ќе ги прекинат дипломатските односи со македонските домаќинки и ќе престанат заедно да пијат кафе и да си гледаат на шолја. Недовербата меѓу двете страни ќе се зголемува бидејќи и едните и другите нема да раскажуваат трачеви за сосетките. Накрај сето тоа ќе се претвори во судир со несогледливи последици, кога ќе почнат меѓусебно да си ги валкаат спростирените алишта за сушење.

3. Додека траат судирите меѓу куќните совети, Грција може мирно да спие. Затоа што нема да имаме време да работиме на проектот "Вардарски слив". Весникот "То вима" пишува дека: "... вардарската долина поради својата широчина е погодна за транспорт на оклопни единици и поволна за вооружена закана или напад на Грција".

Сиротите тие, не знаат дека ние покрај оклопните возила веќе создаваме и воена морнарица. Кајчарите во Охрид веќе деноноќно работат на изградба на флотата разурнувачи со која за почеток ќе го бомбардираме Солун. А "Макпетрол-Темко" ги усовршува градобијните ракети и ги приспособува во далекометни проектили, со ласерско водење, со чија помош ќе го гаѓаме грчкиот парламент среде Атина. Само тоа го држиме во најстрога тајност, така што дури ни агилните и добро известени новинари на "Политика" не ги имаат откриено злосторничките намери на агресивната "скопска република".

4. Како и би можеле да откријат, кога беа зафатени со следење на приредбата на скопскиот плоштад, на која ги откриваа диригентските способности на премиерот Никола Кљусев. Самостојноста на Македонија не беше крунисана само со промоција на новото македонско шампањско, туку и со нов начин на пеење на химната "Денес над Македонија", под диригентска палка на премиерот.

Додека претседателот на Владата му диригираше на народот, а неговата десна рака Блаже Ристевски го подбуцнуваше да ги спушти рацете и да ги пушти

луѓето да пеат како што сакаат, министерот за информирање Мартин Треневски ја претстави новата модна колекција за сезоната есен-зима: референдумска памучна маичка со куси ракави, над свечената бела кошула и свилена вратоврска. Истата вечер, на Третиот Илинден, со својата појава брилираше и првиот келнер на самостојна и суверена Македонија – градоначалникот на Скопје Миле Струја со манир на француски угостител ги делеше чашите со шампањското.

На здравје!

## ХАУГ ХАУГ — 21 септември 1991

### • Поданиците на големите поглавици забрзано се селат во вечните ловишта

1. Просто се чудам како да ја споделам радоста со премиерот Кљусев, затоа што Бугарите му дале цврста гаранција дека нема да дозволат разговори за Македонија без нејзино присуство на најавениот, па во последен момент одложен состанок во Атина. Доколку бев злобен, дури и ќе му се радував на состанокот, бидејќи Грците имаа незаменлива можност да го нагостат Милошевиќ, когошто нивните партнери во Европската заедница исклучително го ценат како прв крвник во Европа и сериозен кандидат да му го преземе водечкото место на Садам Хусеини на светската топ-листа. Само, веројатно старата дама го искара своето јужно недораснато чедо, па сега Бугарите можат да се искомплексираат, не оти токму тие го одложија состанокот и ја спасија Македонија.

Штом дознав за откажувањето на средбата во Атина, за да се "престанам"и си дојдам на себе, седнав да пишувам "Сакам да кажам". Веројатно од истата причина и големобугарската националистичка ВМРО – Македонско друштво "Вардар" од Благоевград, седнала да му пишува писмо на Кљусев. Во него му порачува дека "со задоволство ја следела неговата посета на Софија" и "верува дека таа е почеток на нов тип односи меѓу Република Бугарија и Република Македонија".

И потпретседателот на Владата Блаже Ристевски на конференцијата за новинари рече дека "сегашниот израз на добра волја на бугарското државно раководство ни дава надеж дека тензиите ќе попуштат и во блиска иднина можеме да очекуваме смирување на одредени страсти". Потпретседателот Ристевски е историчар. Старата латинска поговорка вели "Историјата е учителка на животот". А во историјата секогаш кога Бугарија давала надеж, за Македонија излегувало безнадежно.

Премиерот Кљусев изјави дека "не сакале да влегуваат во кавга". Иако според логиката на бугарскиот претседател Жељу Желев такво нешто едноставно не е можно. За караница се потребни најмалку двајца. А ние според бугарскиот лидер не постоиме. Не постои ни Кљусев.

2. Затоа пак, во неговата влада сè уште постои најмакедонскиот министер Јордан Мијалков. Со таков епитет го закити најмакедонската пратеничка група во македонското собрание. Според тоа како претставниците на ВМРО-ДПМНЕ запалено го бранеа министерот за внатрешни работи на целата јавност ѝ стана јасно колку Владата ни е експертска, стручна и натпартиска.

Ако се случеше, како што предлагаше пратеничката Ратка Димитрова, целата оваа работа да се префрли во кафеана, на маса, со чашка ракија, во "здрав" машки разговор, јавноста немаше да дознае дека експертноста на министерот на полицијата се состои во апсење, а неговата стручност ја потврдува сомневањето дека со "чистење" мислел да тргне по ред. Од главата, накај опашката. Освен тоа, Собранието на Македонија се најде како најпогодно место за расправа по оваа тема, затоа што ретко која кафеана работи во околу 3–4 часот по полноќ. А и да се најдеше кафеана за 120 гости во ниедно време, кој можеше да гарантира дека пратениците меѓу себе немаше и "машки" да се степаат. Па да почнат да ги вадат пиштолите од внатрешните џебови. И во тој случај ќе им требаше арбитражната комисија на чело со Стојан Андов. Кој во фин дипломатски манир, во раните утрински часови спречи судир од пошироки размери со историската реченица на собраниското заседание: "Чекајте бе, госпоѓата Димитрова сака пак!".

3. Тоа што му успеа на Стојан Андов никако да му успее и на лордот Карингтон, на кој Европа му довери многу покомплицирана задача отколку онаа со мирењето на црнечките племиња во Африка, со која своевремено се прослави. Ги седна во Игало на иста маса поглавицата Накострешена Коса Што Зборува Англиски, поглавицата Блажена Насмевка На Ајкула и големиот врач Топ Што Сонува Југославија и ги натера да си речат: "Хауг!". Ама не успеа да ги натера да го испушат лулето на мирот. Накострешена Коса Што Зборува Англиски не сака да се откаже од својата омилена кубанска пура. Дури ни по цена Американците да ги натераат Кубанците да се преориентираат на марлборо. Во тој случај Србија ќе мора да ја почне решавачката битка за ослободување на Куба. Сега кога дури и СССР реши да ја напушти.

Меѓуплеменските борби продолжуваат. Поданиците на големите поглавици забрзано се селат во венчните ловишта.

4. Како што извести "Борба" од пред неколку дена, програмите на локалните радио-станици во Србија се преполни со музички желби за испраќање на септемвриските регрути во ЈНА. Најбарана песна е: "Марширала, марширала краља Петра гарда".

Оттука, сосема ми е нејасен револтот и гневот на родителите од Македонија, чиишто синови минатата недела беа однесени во прекоманда низ хрватските ловишта. Имаат таква чест, децата да им бидат кралски гардисти.

5. Уште еден прилог кон потпишувањето на племенското примирје – членот на Претседателството на СФРЈ Бранко Костиќ – Корен, во паузата меѓу два

вегетаријански оброка изјави: "Има малку најдемократски земји во светот, кои во својата земја би дозволиле вакво воздржано однесување на својата армија".

На ова Борисав Јовиќ лаконски би додал: "Штета што немаме барем една атомска бомба!".

Хауг!

## МАПЕТ ШОУ

**28 септември 1991**

- **Џејмс Бејкер се тресе од страв, од самата помисла дека судбината му зависи од Сејдо Бајрамовиќ**

1."За забава сега е време,
за камера и рефлектори сто,
да паднат сите на теме,
кога ќе почне Мапет шоу".
Да облечеме костуми,
да се знае кој е кој,
за успехот нема зима
кога ќе почне Мапет шоу.

Дами и господа, време е за најсензационалната, најмапетовската и најславната емисија! Тоа е она што ние го нарекуваме – Директен пренос од седниците на македонското собрание!

Додека колегите од Македонската телевизија ја вежбаа новата најава за најгледаната македонска претстава, Владата на Македонија пак му работеше на народот зад грб. Во последен момент ја наруши програмската шема на МРТВ и ја одложи седницата закажана за вчера. Така ни го скрати најголемото задоволство, што во овие тешки денови за суверената македонска држава можеме да си го дозволиме.

Сега не ни преостанува ништо друго, освен да се потпреме на фантазијата и да ги замислуваме ѕвездите на македонското гласачко тело во улогите на жабецот Кермит, мечето Тупко, госпоѓицата Гица, Гонзо, чудовиштето Чупко..., па сè до оние двајца редовни "мрчатори" од галеријата. Што се однесува до мене, намерно нема да ви ја откријам тајната кој на кого ми личи. Не заради друго, ами од пуста почит кон ѕвездите на Џим Хенсон. Ми е страв да не се навредат, ако ги споредувам со нашите народни избраници.

2. На настапот на нашите омилени пратеници ќе чекаме до идната недела. Премиерот Кљусев на минатата седница бараше за иницијативата на СДСМ за одговорност и разрешување на министерот за внатрешни работи Јордан Мијал-

ков да расправа Советот за безбедност. Бидејќи не сум чул дека такво тело постои во Македонија, си помислив да не треба за нашиот министер да расправа Советот за безбедност на Обединетите нации? Белким не се толку опасни заканите за апсења, изречени на два-тројца на македонска територија, за да го загрозуваат светскиот мир?

Советот за безбедност расправаше за Југославија, ама во "пакетот" не влезе и барањето за оставка на министерот Мијалков. Секоја чест на премиерот кој со барањето да се расправа во Советот за безбедност веројатно мислеше да ја провлече Македонија на мала врата, директно во седиштето на ОН во Њујорк. Настрана што дури и таму немаше да помине идејата за смена на Мијалков. Кина ќе го искористеше своето право на вето. Гарантирано!

3. Само пред десетина дена премиерот Кљусев со "пријатно задоволство" ни соопшти дека добил гаранции од неговите колеги, бугарскиот премиер Димитар Попов и романскиот премиер Петре Роман, дека нема да дозволат никакви заговори и разговори зад грбот на Македонија. Пред два дена премиерот Роман поднесе оставка. Бугаринот Попов има добри шанси да загуби на скорешните избори. Нам сега само ни преостанува да констатираме дека Никола Кљусев ги загубил гаранциите. На негово "непријатно задоволство".

4. Можам само да замислам со какво задоволство ќе биде проследено откопувањето на посмртните останки на некогашниот претседател на некогашната Југославија во некогашниот главен град Белград. Свитата на Слободан Милошевиќ, која ширум светот веќе ја красат епитетите на варваризам, не можеше да замисли пооригинален начин за јавно манифестирање на својата уривачка определба. А на оние илјадници белграѓани и други граѓани на Србија, кои три дена минуваа покрај одарот на мртвиот Тито и на 8 мај 1980 во непрегледен шпалир го испратија до Куќата на цвеќето на Дедиње, изгледа уште очите им се полни со солзи, па затоа не можат да видат што се случува околу нив. Титовите генерали на славната Титова армија не можат да гледаат од правот што се дига по бомбардирањето на сопствената земја. Сите новокомпонирани социјалдемократи преобразени комунисти, либерали, разни национални демократи, ширум Титова Југославија не гледаат подалеку од смалениот видеокруг на тесните партиски интереси. Само оние што отсекогаш искрено признавале дека не го сакаат Маршалот, сега не можат искрено да се израдуваат на неговото тотално деградирање.

Познатата мисла: "Оној што не ги почитува мртвите, не се почитува ни себе си!", не може да ги вразуми варварските племиња на Балканот. Почитта кон мртвиот, макар каков и да бил, е за еден фин, културен и далечен свет.

5. Покојниковата сопруга Јованка Броз изјави: "Ако од тоа им биде подобро, нека им служи на чест!". Очигледно на новокомпонираните Титомразители и тоа нема да им биде доволно. Затоа членот на Претседателството Југослав Костиќ граѓаните ги повикува да го линчуваат Анте Марковиќ. Веројатно за да им биде подобро. Бидејќи, како што им кажа злобниот потпретседател на

српската влада Будимир Кошутиќ, Анте Марковиќ и СИС се "центар на предавството" на српскиот народ.

Дека во некогашниот главен град на некогашна Југославија не е сè препуштено на законот на линчот, потврда е присуството на Сејдо Бајрамовиќ. Тој ќе му помага на Костиќ Други да го утврди редоследот на линчување на членовите на СИС, збогатен уште со неколку најпрославени усташки злосторници, како што се Бејкер, Де Микелис, Геншер, Враницки, Ван ден Брук. Едноставно нивните имиња ќе ги нареди на томбола и – кому иде! Кога Сејдо ќе викне "Бинго!", настапува Костиќ Други (оној што не јаде корења) и им кажува на луѓето кого треба да линчуваат. Можам да замислам како Бејкер се тресе од страв само при помислата на Сејдо Томбола.

6. Вчера во нашата редакција пристигна пратка со специјално издание на Обединетите нации за одржување на примирјето. Книгата се вика "Сини шлемови". Нè подготвуваат. Учиме како да се однесуваме со нив.

## МОДНИ ДИКТАТОРИ — 5 октомври 1991

**• Дубровник ќе биде српски или нема да го биде**

1. Главниот моден правец според кој ќе се облекуваме во сезоната есен-зима го трасираа диктаторите од Белград. Најголемите српски, а со самото тоа се подразбира и – светски модни куќи, за претстојната сезона ни препорачуваат "милитару стуле".

Пред два дена, во луксузното здание на некогашната Палата на некогашната Федерација во Белград, модните диктатори "Костиќ & Костиќ цомпану", "Јова Босс Лимитед" и "Мистер Бинго" ги претставија најновите модели. За ревијата беа одбрани моментно најпознатите ТОП-манекени: Кадиевиќ, Аџиќ и Бровет. Ако се суди според воодушевувањето со кое публиката ги прифати креациите, може да се предвиди вистински БУМ на југословенскиот пазар.

Модните критичари забележуваат мало застранување од досегашниот пристап во креирањето на познатите српски диктатори. Така, куќата "Костиќ & Костиќ цомпану", наспроти досегашниот препознатлив имиџ на куќа што облекува главно љубители на корења и друга здрава храна, сега ја прифаќа цврстата војничка линија и заговара скалпирање, на истиот начин како што препорачуваше креаторот Мистер Југослав кога ги повикуваше вљубениците во неговиот моден стил да го линчуваат Анте Марковиќ. Мистер Сејдо Томбола, успешен бизнисмен од косовополската модна империја "Мистер Бинго", во приближувањето кон "милитару стуле" го исфрли детаљот на искривена вратоврска врзана на незапетлана кошула и препорачува остар мажествен стил

– распетлана војничка униформа до папок, со многу влакна на градите, под кои е истетовирано "Успомена из ЈНА" и со дискретни додатоци во вид на шишиња со црногорска комовица и откочена полуавтоматска пушка. Пред таков модел ќе воздивнуваат сите патриотски определени госпоѓи и госпоѓици на териториите на кои славната армија се чувствува своја на своето. Некои од возбуда дури можат и да паднат. Мртви! Единствено поимот за сериозно облекување "Јова Босс Лимитед", по сугестија на главниот спонзор Мистер Милосевиц, реши да не отстапува од првобитната кројка. Тој е за чистење и чешлање. На теренот. Така исчистени и исчешлани и модерно облечени ќе можеме да влеземе во новата држава. Ќе биде тоа вистински мод(ер)на федерација.

2. Колку да нема недоразбирање зошто фирмите ги пишувам според Вук Караџиќ. Ќе ви ја цитирам генијалната мисла на министерот за образование на Србија Данило Ж. Марковиќ: "Кирилицата е поубава и попрактична за компјутери отколку латиницата!"

3. Случајно бев сведок на една улична караница на неколку дечиња од 6–7-годишна возраст. Којзнае зошто ја беа прекинале играта, кога едно дебело мрсу-лаво му се закануваше на друго, помало и послабичко од него, со зборовите: "Ќе те размавам како Дубровник!"

Не видов што потоа се случи. Вечерта слушнав дека "ослободителите" на Дубровник порачуваат дека древната тврдина Пиле нема да ја третираат како културно наследство, туку како усташко гнездо. Дубровник се спаси од сите можни варварски наезди и војни, го оставија и италијанските окупатори, но "народната" армија нема да му прости. "Дубровник ќе биде српски, или нема да го биде!" би рекол во препознатлив стил врховниот командант на таканаречената ЈНА. "То вам ја гарантујем!"

4. Исто како што Дубровник од културно наследство се претвори во усташко гнездо, и саканиот и многу почитуван врховен командант и маршал Тито стана најголем злосторник. Колку што мене ми е познато, армијата не ја демантираше веста дека ССНО издал наредба од касарните и воените објекти да се извадат сликите и другите одбележја со ликот на Тито и ниту една касарна да не го носи неговото име.

Значи, кога за неколку дена новите регрути во скопската касарна "Маршал Тито" ќе полагаат заклетва, може да очекуваме армијата да приреди двојна свеченост. Покрај заклетвата ќе биде промовирано ново име на касарната. Ќе се вика "Краљ Петар".

И уште нешто. Ајде да погодуваме кој ќе му салутира денес на белградскиот аеродром на престолонаследникот Александар Караѓорѓевиќ кога ќе допатува во својата "историска мисија". Кадиевиќ или Аџиќ?

5. Потпретседателот на Собранието на Србија Павиќ Обрадовиќ во интервју за "Борба" нѐ извести дека "историски интерес на Македонија е да се приклучи кон "Белградската иницијатива". Што би се рекло – кон Србославија. Ако не

сакаме, тогаш ќе ни го земе Кумановското Поле и Скопска Црна Гора. Не знам дали рафинеријата во Миладиновци според завојувачките планови на српската политика спаѓа во Кумановското Поле, но штом српските нафташи пристигнаа во Скопје да се договараат за заеднички вложувања со скопската рафинерија и "Макпетрол", и тоа без присуство на новинари (освен на телевизија, зашто сакаат да се сликаат), можеби и рафинеријата им влегува во границите на модерната федерација. Во соопштението од средбата се вели дека "соработката е од заеднички интерес за двете републики". Ние на нив бензин и транспорт на нафта од Солун, а тие нам – српски резервисти и "ослободители на Куманово".

6. Ни прашањата од читателите на нашата редовна рубрика "Дежурен телефон" не се она што беа. Деновиве еден се интересираше: "Кој авион е побрз – "Миг 21" или "Миг 29"?

# ДОБРОВОЛНА РАКЕТА

**12 октомври 1991**

## • Владата на Македонија воведува данок на љубов

1. Знам дека со ова што сега ќе го кажам ризикувам врз себе да го навлечам бесот на сите новокомпонирани патриоти, национални борци високо јавнати на функционерски фотељи, "маченици" на титоистичкиот режим и "жртви" на комунизмот што во животот постигнале сè што посакале и на запенетите гласноговорници и химнопејачи кои од претерана употреба веќе го излижаа гордото значење на зборот "Македонија".

Дами и господа, празникот 11 Октомври им го честитам на сите борци од НОБ на Македонија!

Со ова во никој случај нема да си го одземам правото, во некоја друга прилика, кога нема да биде модерно да се плука по нив, да им соопштам зошто им се лутам. Имам многу да им кажам. Но, денеска сакам само да ѝ се придружам на честитката што пред три дена на борците им ја упати македонската влада, со обелоденување на предлогот за намалување на нивните пензии. Пооригинална честитка за својот празник, и тоа на јубилејното 50-то одбележување, борците не можеа ни да сонуваат.

Претседателот Киро Глигоров во празничниот говор во Прилеп порача "да ја изразиме должната почит кон сите преживеани борци, патриоти, жртви на окупаторот и на фашистичкиот терор". Неговата влада – "сè експерт до експерт", за санирање на пензиските фондови реши да "ги преиспита правата на посебните категории осигуреници". Затоа предлага гарантираната боречка пензија за најголем стаж од 20 години да изнесува место досегашните 6400 – 4100 динари. Лимитот ќе им биде намален и на носителите на Партизанска споменица 1941.

"Држава сме!"би рекол премиерот Кљусев (со штипски акцент). Ни требаат пари. А тие пари ќе ни ги собере преку неброените давачки со кои ги оптовари сите цени кои може да ги контролира. Затоа што "оваа влада има голема љубов кон народот".

Борците не треба да се вознемируваат. Особено не оние што побрзаа да ни се јават во редакцијата и тврдат дека "ВМРО им се одмаздува". Се работи сепак за владиниот данок на љубов. Како преодно решение до воведувањето данок на воздух. Не може туку-така да се троши суверениот македонски кислород, а да не се плати. Па, држава сме! (со штипски акцент).

2. Кога подлабоко ќе размислам, доаѓам до заклучок дека сепак е подобро да платиш данок за воздух, отколку данок во крв. Се плашам дека фабриката "Билјана" во Прилеп нема да може да достаса со производство на вата "Цик-цак". Затоа што капетан Драган Атанасовски, кумановецот на гастарбајтерство во Белград, вработен како личен наместник на сопругата на Слободан Милошевиќ, под фирма "претседател на СК-ДЈ", порачува дека разврската на Ју-кризата ако не биде по пат на преговори, ќе биде по пат на граѓанска војна "со крв до колена од која нема да биде поштедена и Македонија". Во што сосема се согласува со Љупчо Георгиевски кој на бугарската телевизија изјавува дека "Србите нема без крв да се извлечат од Македонија".

3. Од сонување многу крв на човек му се заматува умот. Па капетан Драгиша из Куманова, давајќи личен пример во воинствените повици на општа мобилизација против "фашистичка Хрватска", се пријавил како доброволец во Белград. Наводно, во доброволните единици веќе немало место. Па армијата размислува да го пренамени доброволецот Драгиша во ракета со далечинско наведување. И тоа за повеќекратна употреба. Прво ќе го лансираат директно на зградата каде што живее Љупчо Георгиевски, затоа што, како што рече на конференцијата за печат одржана завчера, "и ВМРО-ДПМНЕ води фашистичка политика". Заедно ќе прават – крв до колена. Потоа така искрвавен ќе мавне директно во зградата на Собранието да расчисти со дезориентираното, конфузно и нагласено антијугословенско и антиармиско раководство на Македонија. Посебно ќе се позанимава со Васил Тупурковски (ако успее да го пронајде) и ќе го натера да признае кои му се странските налогодавачи за туркање на земјата во хаос и ќе му се одмазди затоа што сè уште носи маички "Мура", а не "Први мај – Пирот", како што му прилега на секој што не е антинародно, антидржавно и фашистички настроен.

Бидејќи во Хрватска крвта дошла само до листовите на нозете, доброволната ракета од типот "Драгиша М-91" ќе биде лансирана од последниот кат на зградата на ЦеКа во Нов Белград директно на Бански Двори во Загреб. За секој случај, бидејќи не се знае кој го направил првото бомбардирање. Овојпат тврдата глава на доброволната ракета ќе падне директно на масата каде што разговараат "најзлогласните фашисти" Туѓман, Месиќ и Марковиќ, а Драган ќе го сними разговорот во кој тие смислуваат најмонструозни планови за геноцид на голоракиот српски

народ. Кога ќе упадне Драгиша со својата боева глава, веднаш ќе започне разговорот за мирно решавање на југословенската криза. Туѓман ќе го праша: "Буш пукла?" Ракетата ќе одговори: "БУМ!"

4. Можам да си замислам со какво одушевување ќе биде пречекан министерот за информирање Мартин Треневски по 12-дневната посета на Јапонија. Особено од колегите на Македонската телевизија кои отстапуваа поголем простор во своите дневници за соопштенијата на Министерството за информации за секој чекор на министерот, отколку за посетите на странство на претседателот Глигоров и премиерот Кљусев, а да не зборуваме за министерот за односи со странство Малески.

Министерот за сè, по разговорите во "Нисан" и "Сони", на крајот од посетата на Јапонија се сретнал со поглаварот на Јапонската православна црква г. Тоодосиос Синзи Нагашима. Во Министерството за следење на патот на министерот се вели дека архиепископот Нагашима се заложил за унапредување на контактите и соработката со Македонската православна црква. Сега јапонските православци, уште и ако се некои големи луѓе во "Нисан" и "Сони", над својата работна маса, по углед на македонскиот министер, ќе си го закачат св. Климент.

Денес е најавена негова конференција за печат. Се очекува македонската јавност да биде запозната на кои места спиел и што ручал и вечерал нејзиниот министер за информирање. Во соопштенијата на неговото министерство единствено тоа не беше објавено.

## ЕВРОПСКИ КАМЕЊА

**19 октомври 1991**

### • Оазата на мирот завиткана во оган и чад

1. Ако Европа мисли да задржи барем малку од своето достоинство, крајно време ѝ е да дигне раце од Југославија и да нè остави на мир да си ги решиме проблемите. Со војна. Уште и ако мисли да си поврати барем дел од изгубениот кредит, вложен во досегашните јалови преговори, ќе мора да нè искористи за свои потреби.

На пример, нашите таканаречени преговарачи можат да се покажат како многу погодни за обновување на традиционалните белези на Холандија– ветерниците. Лордот Карингтон ќе биде задолжен лично, со токмак во рацете, да ја испита цврстината на материјалот од кој се создадени главите на југословенските главешини. Оној што ќе успее да го скрши токмакот, останува во Европа. Другите – назад на Балканот. Така по пат на природна селекција Холандија ќе добие првокласен материјал за реновирање на своите ветерници. Класа: тврдо-

главост со пет ѕвездички. Тие што ќе бидат избрани, ќе бидат вработени на неодредено време во Холандија. Во ветерниците ќе се користат како камења. И ќе можат да мелат колку што сакаат.

2. Само на тој начин Европејците ќе можат да се спасат од заканите на самоименуваниот претседател на Претседателството на Југославија во непосредна воена опасност, Бранко Костиќ, партизанско име – Корен. Тој заедно со неговиот сонародник Момир Булатовиќ деновиве беше во обиколка на единиците на федералната армија која се подготвува да го "ослободува" Дубровник и таму забележа дека "Европа многу агресивно се однесува", а и оној усташоиден Холанѓанец "Брук поставува некои услови кои се крајно неприфатливи и овој народ очигледно не е подготвен да ги прифати". На пример, што би правел овој народ, ако некоја здружена европска војска му ги изгази корењата. И ако почне да го бомбардира со лименки пиво и кока кола. Отиде Бранко засекогаш во Холандија.

Просто ми се растрепери срцето и ми навреа солзи на очите кога прочитав дека сентименталниот Момир Булатовиќ се воодушевил од "борците" за Дубровник, бидејќи наместо тој нив, тие него го тешеле "сакајќи да дадат свој придонес за разрешување на грижите што го мачат". Во моментов Момо има најголема грижа како да ги редефинира воените цели, во ситуација кога Црна Гора не е во војна. Почетната цел на црногорските резервисти беше да пијат кафе на дубровничкиот Страдун. Сега охрабрени од јуначките зборови на Костиќ–Корен и Булатовиќ–Слобо Мали, црногорските јунаци ги редефинираат своите цели. Каков Дубровник, какво кафе! Има да пијат капучино во Анкона. На тој начин ќе направат безбедна отстапница за војската. Кога ќе се повлекува на Крф.

3. Затоа пак Слобо Велики нема никакви грижи. Ете, сега дури и му ги одложија локалните избори. Одлагање побара претседателот на српскиот парламент Александар Бакочевиќ, со образложение дека моментно 130 илјади нејзини граѓани се мобилизирани и се наоѓаат надвор од Републиката.

И Бакочевиќ и Милошевиќ се категорични: Србија не е во војна. И нема воени цели.

4. Своите воени цели деновиве ни ги предочува редакцијата на "Борба" со објавување на фантомски фељтон за "црвено, југословенско Куманово и македонски Книн". Фељтонот доаѓа сосема случајно. Нема никаква врска со изјавите на потпретседателот на српското собрание Павиќ Обрадовиќ дека, ако Македонија се отцепи, Србија ќе си ги земе Скопска Црна Гора и Кумановското Поле.

Неодамна Извршниот одбор на Лигата за демократија изнесе интересен предлог: Во Куманово, од 160 илјади жители на општината, 12 илјади се Срби. Значи, околу 8 од сто. Во Белград како милионски град живеат околу 150 илјади Македонци. Значи – 15 од сто. Следејќи ја Милошевиќевата логика, според која ако во Гвинеја Бисао живеат двајца Срби, тие можат да си направат САО Гвинеја

Бисао и според која само 8 од сто население може да решава да ѝ се припои на Србија, ќе му го дадеме Куманово. Ама ќе си го земеме Белград.

По ова Милошевиќ нека му се моли на господ да не ни текне да почнеме да си правиме разни МАО низ Војводина, низ селата кои се населени со колонисти од Македонија. Па да ја лансираме паролата: "Сите колонисти од Македонија во една држава!"

5. Се разбира доколку во тоа не нè спречи некој пуч. Минатата сабота своевиден удар направија кумановските сестри Маријана и Росана на финалната вечер на "Макфест" во Штип. Истрчаа на сцената облечени како генералки, со еполети на црните кошули. И тоа без петокраки, зашто знаеле однапред дека Костиќ и неговите тројца верни другари ќе донесат наредба за симнување на петокраките како обележје на армијата. Под спонзорство на "Застава" од Крагуевац, позната како бивша фирма на Бора Јовиќ, која пропадна во производството на автомобили, но сега минусот многу успешно го покрива со производство на оружје, му порачаа на таму присутното македонско раководство: "Луди сме, луди сме, немој да уништиме сè!" Настрана што низ песна се прашуваа: "Кој ќе ни суди од Триглав до Вардар?" Само да не биде "Застава", со својот широк асортиман на производи.

6. Пучот не успеа, па народот во мирна атмосфера продолжи да си прави вицеви на сметка на актуелната ситуација:

Решил претседателот Киро Глигоров да ги прошета лордот Карингтон и господинот Сајрус Венс низ Македонија. Ги качил во авиончето за одозгора да ја видат оазата на мирот. Арно ама, долу ништо не се гледало. Сите градови завиткани во чад, а оган избива речиси од секоја улица. Им станало сомнително на светските дипломати, па го прашале домаќинот: "Добро, каква е оваа оаза на мирот, кога повеќе чади, отколку во Хрватска?" А Киро им одговорил: "Не се секирајте. Луѓето си прават ајвар за зимница!"

## КОЛЕКТИВНА ПСИХИЈАТРИЈА 26 октомври 1991

### • Одметнатата четворка во Претседателството на Југославија се снабди со невропсихијатар

1. Целиот обземен од колективниот занес на преживеаните и истрауматизирани остатоци од малтретираниот, обесправен и заклан српски народ, просто надуен од среќа што токму нему му се укажала историската шанса големиот Слобо да му ја довери улогата на претседател на Југославија – рамноправна заедница на сите Срби и оние кои се чувствуваат Срби, Бранко Костиќ–Корен ги собра на

едно место, на тркалезна маса, во седиштето на српската федерација во српскиот главен град Белград "најодговорните претставници на народот што сака да остане во Југославија". Со помош на генерал Кадиевиќ, кој конечно откри кој сака, а кој не сака да остане во Југославија, им објави војна на сите кои не се Срби, до конечно формирање на САО Европа, САО Америка, САО Африка, САО Азија и САО Австралија, со што ќе ја остварат вековната желба на напатениот српски народ да живее во една држава. Кој не сака да живее со нив може да се отцепи, ама мора да ги остави териториите, заедно сосе корењата за исхрана. Што се однесува до Бранко, другите можат да се збијат на Антарктикот и Арктикот, па таму нека си ги прават своите усташки и фашистички држави.

Како награда, Бранко можеби се понадева дека на местото на саканиот Маршал од сега ќе виси неговата слика. "Народна армија" веќе објави дека на саканиот врховен командант Тито местото му е во музеј, па најави простување од него "на достоинствен начин". Сликите ќе ги вадат достоинствено. Со нужна почит кон врховниот командант Слобо Велики.

Генералот Кадиевиќ нема време достоинствено да ја извади сликата на најдрагиот Тито, бидејќи е зафатен со плановите за борба против фашизмот. Па сега, кога ќе удри на Хрватска, нема да запре до Загреб, туку ќе оди најмалку до Бон, да им удри две-три шлаканици на усташоидните Кол и Геншер, па потоа ќе им го разурне и Берлин, да не можат Германците никако да се преселат во староновиот главен град. Сето тоа ќе го направи сосема легитимно, според одлуките на легитимниот самопрогласен врховен командант. Сега, кога на двата Костиќа, Јовиќ и Сејдо ќе им се придуржи и Радован Караџиќ од Босна, ќе бидат петмина, па ќе можат дури и да ја укинат непосредната воена состојба. Караџиќ им дојде таман. Од кога бараа еден невпропсихијатар за своите сеанси?

2. Од кога студентите од српска националност на Правниот факултет во Приштина бараа еден разбран, умерен и угледен професот по "Увод во правото"? Конечно го добија.

Тешко ѝ на државата, која згора на сè, се фали дека е и "правна", во која "Увод во правото" предава Воислав Шешељ.

3. Од кога Македонија не видела некоја интересна шоу-претстава во зградата на македонското собрание? Има речиси цел месец. Токму затоа, гладниот за забава македонски народ заедно со народностите, националностите, етничките групи и другите граѓани, со нетрпение очекува кога Стојан Андов ќе ја стави на дневен ред актуелната политичко-безбедносна ситуација во Републиката. Тогаш и Љупчо Георгиевски треба да ги образложи причините за својата оставка.

На прес-конференцијата беше соопштено дека ВМРО-ДПМНЕ ќе мине во "конструктивна опозиција". Бидејќи истата партија контролира неколку значајни ресори во Владата на Македонија, некако не ми е јасно како тоа ВМРО мисли да премине во опозиција, а да ги поддржува своите министри. Или пак, наместо "конструктивна опозиција" ќе претставува – "неконструктивна позиција"?

4. Како секоја сериозна конструктивна опозиција и ВМРО-ДПМНЕ би требало да си формира влада во сенка. Нека не ми забележуваат што им се мешам во внатрепартиските работи, ама би им препорачал за министер за надворешни работи да го именуваат Цветан Јовчески од Прилеп. Тој на собраниската комисија за надворешна политика, освен што го караше владиниот министер за односи со странство Денко Малески (повикувајќи се на информации од "угледниот" весник "Глас"), дека тој на Американците им велел да им речат на Бугарите да не ја признаваат Македонија, побара да ги види и стенограмите од мировната конференција во Хаг. Да проконтролира нешто... Сега сигурно Цветан работи интензивно на превод на стенограмите од англиски на прилепски. Се подготвува за конструктивен опозиционен настап на собраниската говорница.

За оние кои не го знаат Цветан да ги потсетиме: тоа е оној пратеник што припаѓа на категоријата слична на Драги Арсов – влегува во постојаниот состав на Собранието, заедно со инвентарот, со таа разлика што Цветан не бил стручна служба како Арсов, туку социјалистички самоуправен делегат. Првото сериозно раскинување со мрачната историја беше неговото историско "Не" на минералната вода "Књаз Милош", по што овој унитаристички производ на големосрпската политика засекогаш беше избркан од македонскиот собраниски дом. Потоа се јави како милиоционер кој му бараше лична карта на Киро Глигоров, за да може да ја прифати неговата кандидатура за претседател на Републиката. Од пасивна одбранбена позиција премина во активен напад, кога како резервист на тенк Т-34 борбено ја изговори славната реченица: "Господине мајоре, какав сам такав сам, со врска и со чевли!" Сосема логично би било кариерата на овој надежен политичар да заврши како шеф на македонската дипломатија.

5. Оригинални македонски правила за регистрирање претпријатие:

а) обезбедување парични средства за почеток на работата;

б) пријава во надлежен стопански суд;

в) на отворањето задолжително да биде присутен Киро Глигоров, или Васил Тупурковски, или Стојан Андов, или Никола Кљусев во комплет со Блаже Ристевски;

г) МТВ да го емитува поздравниот говор на гостинот – во целост.

# НЕЗАВИСНА САЛАТА

**2 ноември 1991**

**• Италијанците и самите не знаат зошто овошната салата ја нарекуваат "Мачедонија" (писмо од Рим)**

1. Италијанците имаат обичај да смислуваат вицеви еден ден по некоја последна значајна вест. Меѓутоа, за Југославија – нема вицеви. Или вестите ги претекнуваат во време или работата ептен не е за смеење.

2. Во секој барем малку пристоен ресторан или во било која слаткарница во Рим можете да уживате во убавините на Македонија. И тоа за само 3–4 илјади италијански лири. Италијанците својата овошна сала ја викаат "мачедонија". Кога ќе ги прашаш зошто токму така – не знаат да одговорат. Едноставно, за нив "мачедонија" е салата, напрвена од сите можни видови сезонско овошје, убаво декорирана. Одозгора украсена со крем.

Имав повеќе проблеми да им објаснам на моите италијански пријатели дека нивната "мачедонија"е слична на мојата Македонија. Целата е измешана. И ако недостига барем еден вид овошје, нема да биде – она вистинското. Како што би била еднолична и со блуткав вкус италијанската салата ако ја подготвуваат од конзерви и ако забораваат некој вид овошје. Разликата е само во тоа што немаме крем. Немаме на што да ја ставиме вишната што доаѓа над него.

3. Се надевам дека верните читатели на "Сакам да кажам" нема да се налутат што денес не ги споменувам моите омилени јунаци. Ставен сум на тешка мака да им пишувам писмо од Рим во време кога би можел да шетам по продавници. Сосема одвоен од она што би можело да ми биде добра тема за пишување. На пример, за конференцијата на генералот Кукањац. Или, за патот на Стипе Месиќ во Дубровник. Или, за преминувањето кон илегално дејствување на Љупчо Георгиевски.

Впрочем, тука неколкупати се сетив на Љупчо. Бидејќи имав задача да известувам од посетата на претседателот Глигоров и министерот Малески на Рим и Ватикан, имав единствена можност во живог да се уверам во "македонската катастрофална државна политика". Па, и самиот Де Микелис рече дека Македонија "никогаш не водела националистичка политика и не размислувала за решавање на кризата наметната со сила". Катастрофа!

Сега, откако Љупчо си ја презеде обврската конечно да издејствува независност, и тоа директно во Америка, Македонија може да здивне. Има да нè признаат додека си изговорил ВМРО-ДПМНЕ.

4. Така, Италијанците нема да имаат време да го отворат козулатот во Скопје и додека да се свестат ќе мораат да го преуредат во амбасада. На што најнормално би било и ние да отвориме амбасада во Рим.

Ако случајно ме чита некој што е одговорен за таа работа, го молам да ме има предвид. Ако веќе не може да ме вработи како аташе за печат, би ми одговарало и некое место на "лево сметало".

– Што си будала! – коментира колегата Јосиф Ќурчиев од Македонското радио, со кого деновиве се згрозувавме од "македонската катастрофална државна политика", мерејќи ги римските улици. Ми вели: "Кога Македонија ќе биде независна, во Скопје ќе биде уште поубаво и побогато од Рим, па ќе сакаш да си останеш дома".

Министерот Малески неговите зборови би ги прокоментирал дипломатски кусо: – "Нели"!?, а јас – "Сепак ме мрзи да чекам во редови пред бензински пумпи. Независни – а празни".

Исто како што во еден ден се испразни Македонија од најодговорните луѓе во Републиката. Глигоров и Малески во Рим и Ватикан, Кљусев и првата лига на пејачи на народни песни во Австралија. Љупчо во Америка и Канада. Парламентарците, со Бранко Црвенковски, во Албанија.

За тоа време слатката овошна салата наречена "мачедонија" ферментира. Може да ни скисне.

5. Фрлив паричка во познатата Фонтана ди Треви. Велат, кој ќе фрли, сигурно пак се враќа во Рим.

Аривидерчи Рома. Следниот пат можеби ќе дојдам со македонски пасош. Можеби ќе летнам директно од Скопје, а не од Белград. Но, најмногу од сѐ ќе се радувам ако имам барем пари, за да можам да порачам една најголема порција "мачедонија". Со многу крем на нејзиниот врв.

М-М-М...

## ЕВРОПСКО МАГАРЕ 9 ноември 1991

**• Улогата на кучката Дијана во разоткривањето на хрватската геноцидност**

1. Одвај чекам да го донесеме Уставот. Белким тогаш ќе можам да си кажам што си сакам, а притоа никој да не ме посочи како предавник на националните интереси или, не дај боже, дестабилизатор на оазата на мирот. Премногу долго сѐ му подредивме на Уставот. Си седиме мирни – дури не нѐ признаат. Така ни велат оние што секој ден ни воведуваат нови давачки, ни го правдаат зголемувањето на цената на бензинот со зголемувањето во другите републики, ја забошотуваат исплатата на пензиите... Толку се научивме да молчиме, што од стравот да не нѐ прогласат народни непријатели не реагиравме ни на ѓубрето што речиси цела недела ни го красеше главниот град. Прво да го донесеме Уставот. Па макар се удавиле во ѓубре. Валкани, болни, ама мирни и независни.

Белким од понеделник ќе станеме нормална држава. Со душа чекам да почне да се штрајкува. Онака, мераклиски, на европски начин. Па да станат оние 84 илјади работници кои примаат плата со задоцнување од повеќе од два месеца. Па

да им се придружат оние четириесетина илјади со загарантиран личен доход. Па да ги поддржат десетте илјади "стечајно" безработни и уште 65-те илјади "превработени". Кога ќе им дојдат уште и 160-те илјади од списокот на невработените и кога сите заедно ќе престанат да се секираат која е задницата на оставката на Љупчо Георгиевски, дали за Уставот ќе гласаат ПДП и НДП, што му кажал Киро Глигоров на папата и дали премиерот Никола Кљусев победил на фестивалот "со песни и ора низ Австралија – земја македонска", туку ќе почнат да бараат храна – тогаш ќе станеме европска држава. А Уставот ќе биде и најмакедонски и најграѓански истовремено кога ќе се наполнат тезгите во продавниците.

2. Во Европа можеби може да се стигне со "Устав 91", ама за да се тргне, ќе ни треба барем "супер 98". А тој, како што стојат работите наскоро ќе го нема. Од вчера Европа реши да воведе економски санкции против цела Југославија, војувал не војувал, исто ти се фаќа. Настрана што им предлагаат на Обединетите нации да воведат ембарго на испораката на нафта. Лесно им е на Србите. Ним Воислав Шешељ веќе им препорача наместо да возат автомобили да јаваат коњи. Туку, што ќе правиме ние? Кај нас отповеќе има само магариња. А јас навистина не би сакал во Европа да пристигнам на магаре. Не ми е нивото.

Поведрата страна од вчерашната вест од заседанието на европските министри во Рим е таа што "ЕЗ предвидува можност за давање финансиска помош на оние републики кои ќе ги поддржат мировните напори на Заедницата". Што би се рекло – прво ќе те соблечат, потоа ќе ти го "спопикаат", па накрај ќе ти подарат крпа – за да си го покриеш газот.

3. Она што ќе остане непокриено, веќе е обезбедено. Авионот на угандската компанија од типот Боинг 707, што своевремено беше запленет на загрепскиот аеродром поради шверц на оружје, стана сопственост на федералната армија. Сојузната управа за царини изгледа не сакала да се мачи со разни лицитации, продажби, барања купувачи, па реши авионот да ѝ го подари на некогашната југословенска и народна армија.

Тоа од своја страна и не е толку лошо. Значи, господата воени злосторници се подготвуваат да бегаат. Тоа што одбраа широкотрупен авион, наменет за карго превоз, значи дека ги има многу. Тоа пак што леталото е предвидено за летање на долги линии, значи дека ќе бегаат далеку. Во Кина, или во Куба.

Таму, во мир и благосостојба, каква што може да понуди само изворниот реал-социјализам, на непоколебливиот пат до комунизмот, бегалците од угандскиот "Боинг" ќе можат да му се воодушевуваат на делото што го оставија зад себе.

4. Пред неколку дена "Борба" објави репортажа од бомбардираниот Шид. Покрај описот на загинувањето на тројца граѓани при артилерискиот напад од страна на хрватските сили на ова гранично место меѓу Србија и Хрватска, репортерот во траурен стил пишува дека "кучката Дијана, жива, но осакатена, само што не ги напуштила засекогаш своите шест кутриња". Според начинот

на пишување може да се заклучи дека шесте кутриња биле српски. Инаку "про-југословенската" "Борба" воопшто не би се возбудувала.

По овој трагичен настан можам да си го замислам Вељко Кадиевиќ, како уживајќи во благодетите на некоја викендичка на Фидел Кастро, среде непрегледно поле на шеќерна трска, полн со себе дека од близина му прави инает на својот вечен идеолошки непријател, пошироко познат под името "Америка", пишува мемоари со стручна подлога, под наслов: "Улогата на кучката Дијана во расветлувањето на доказите против фашистичката власт на Хрватска, која работи по налог на нацистите Геншер и Мок, со посебен осврт на геноцидноста на Хрватите и нивното влијание врз голоракиот и напатен српски народ низ вековите". Рецензенти: Воислав Шешељ и Слободан Милошевиќ.

5. Во исто време, во слободна, мирна, независна, суверена, конструктивна и меѓународно призната Македонија, Стојан Андов во својата книга "Како го пишувавме Уставот" ќе полемизира со авторскиот труд на пратеникот Михаил Пановски: "Улогата на македонските србокомунисти во уништувањето на идејата главен град на Македонија да стане Охрид". Сосема независно од нив, пратеникот Горан Зафировски ќе ја доврши финансиската конструкција на општината Гази Баба како бесцаринска зона.

Сè си мислам: ако можат Крушево и Гази Баба да бидат бесцарински зони, зошто јас не би предложил еден амандман на член 118, па во Уставот да ја "протуркам" некако и мојата месна заедница?

## ОАЗА ФАТАМОРГАНА — 16 ноември 1991

### • Цената на мирот во Македонија зависи од цената на сатарите

1. "Парламентарците" од пред Собранието на Македонија уште се лечат од македонскиот транс, во кој западнаа кога завчера вечер пред нивните очи се појави – со глава и мустаци Гоце Делчев, реинкарниран во битолскиот војвода Димитар Црномаров. Господ им се насмевна на напатените, кога "сосема случајно", минувајќи пред Собранието на Македонија, им го разубави предизборниот митинг на припадниците на најмакедонската партија со присуството на Црномаров и неговата придружничка Дијана Транталовска–војвотката од Ресен. Според набрзина направената анкета меѓу присутните новинари на платото пред Парламентот – најзгодната претставничка на високото раководство на ВМРО-ДПМНЕ.

Којзнае, можеби присуството на војвотката беше клучниот момент на предизборниот митинг, на кој Димитар Црномаров на македонската милиција ѝ

велеше "со народо да постапуваат со убо, оти е револтиран и не ќе можи да се контролира ами треба да му се апелира на разумо на македонскио народ, да му се кажи дека оваа милиција нема да го тепа, оти таа е наша, македонска војска". Бидејќи беа создадени услови "да се апелира на разумо на македонскио народ", Црномаров, возбуден поради историскиот момент во кој се најде, ја заборави мислата на Гоце Делчев за културниот натпревар меѓу народите, па наместо неа, доследен на својата револуционерна и интелектуална величина, изјави: "И припадниците на малцинствата се припадници на македонскиот народ!"

Видно возбудени од ова ново сознание, парламентарците од улицата егзалтирано ја манифестираа воодушевеноста што малцинствата се дел од нив, упатувајќи се мирно и достоинствено низ улиците на Скопје извикувајќи со сиот љубовен жар: "Сатари за Шиптари!", "Каде сте сега Шиптари?" и пеејќи ја љубовната романса "нека разберат клетите Шиптари, македонско име нема да загине..."

Увидувајќи ги своите пејачки квалитети, тие се упатија кон просториите на касетната продукција на Македонската радио-телевизија, условувајќи го својот настап со менување на сите што се презиваат на "иќ". Колку за почеток. Во зависност од ситуацијата, ќе ја преиспитаат и подобноста на оние чиишто презимиња завршуваат на "ски".

2. Сето ова нема никава врска со ВМРО-ДПМНЕ. Впрочем, и нивниот пратеник Томислав Стефковски јасно кажа во емисијата "Отворен екран" дека неговата партија никогаш својата програма не ја засновала врз антиалбанството. Најдобар доказ за тоа е лекарот Ковачевски од Тетово, кој на своите сограѓани им дозволува да патуваат во Цирих. А тоа е врвот на граѓанските и човечки права, запишани во сите меѓународни документи, што може да му се даде на едно малцинство. Згора на тоа и – шиптарско. Друго е што тие се толку дрски, па тие права ги злоупотребуваат и за Цирих летаат со "Палер Македонија", не водејќи сметка за неделивоста и непреносливоста на суверенитетот на авионот, и тоа, гледај, под жолтото лавче на опашката.

3. Токму затоа, со каков образ новинарите тврдат дека митингот пред Собранието бил во организација на ВМРО-ДПМНЕ? Кога таму сите си се нарекуваа "македонски народе". И како што беше речено на парламентарната говорница: "Народот се придржуваше на сите правила". Веројатно на правилата на антибирократската револуција од Војводина и Црна Гора, од прет три години.

Пратеникот Митко Анастасовски, кој бил бистро дете, ама комунистите не му дале да се школува за правник, вчера тврдеше дека митингашите не барале ништо особено. Само го барале Андов и Гошев. Притоа носеа јамки од јаже и велеа: "Еве ја бесилката", "Ние ќе ви судиме!" Што претставува висок степен на демократија. Особено ако бесилката се постави на некое високо дрво. Или на јарболот пред собраниската зграда.

4. Во секој случај, сопатниците на Митко Анастасовски се потрудија да го обелат образот на Љупчо Георгиевски кој, пред да замине за Америка во потрага

по меѓународно признание на Македонија, на новинарите им изјави дека синтагмата "оаза на мирот" е обична лицемерна фраза. Па оазата сега ни се причинува. Како фатаморгана.

Тоа и не е многу далеку од умот, особено кога се слушаат мировните говори на Анте Поповски и Тодор Петров, во кои порачуваат: "Мир, ама не по секоја цена!" Сè зависи од тоа дали можат да се најдат поевтини сатари за Шиптарите. И дали "Комуналец" ќе ја покачи цената за ѓубретарина, за да може да обезбеди чиста Македонија.

Како што можеше да се разбере од говорот на Петров, тој се обиде да ги предупреди демонстрантите оти не е убаво да бараат чиста Македонија, со зборовите: "Пријателите си ги избираме сами, а соседите ни се дадени од господ". Добар настап за предизборно претставување на кандидатот за претседател на Републиката. Особено кога се знае неговиот придонес за унапредување на добрососедските односи со Грција. Наскоро ќе можеме да очекуваме блокада некаде кај Групчин, каде што претпоставувам би била границата со областа на специјален статус на Албанците од западна Македонија, кој ќе им го подари Европа. За да ги заштити од сатарите.

Што се однесува до Анте Поповски и неговата татковинска партија МААК, пак излегоа надитрени од ВМРО-ДПМНЕ. Им го присвоија предизборниот митинг во оној момент кога едно момче од Гостивар на плоштадот во Скопје рече: "Граѓански устав е за граѓани, а не за примитивци. Европа нема да ги прими Албанците со кечиња и фереџиња".

Откривајќи го вистинскиот пат за Европа – преку улица, па пред парламент, европски настроените антибирократски револуционери, сакајќи да се ослободат од непотребниот товар, ја пронајдоа вистинската формула. Па викаа: "Умрете, Шиптари!"

5. Прашање до министерот Јордан Мијалков: Што би се случило, во било која земја на светот, која се фали дека е правна и демократска, кога некој само би се обидел да го симне државното знаме од пред институцијата која е свет симбол на државноста?

Бистрото дете Митко би рекло: Милицијата беше конкретна. За тоа што не прави разлика меѓу "конкретно" и "коректно" се виновни комунистите.

## НЕЗАВИСЕН МАМУРЛАК

**23 ноември 1991**

### • Имајте ги сите ваши права за само 45 динари

1. Генијалната идеја на Стојан Андов, синтетизирана во обичната реченица: "Ајде сега службите нека направат промаја!", ја спаси Македонија од страшната

уставна криза, а наедно ни овозможи на сите да ни јакне чувството на непоколебливост, особено во ситуација кога ќе те остават отворен и незаштитен од разно-разни ветришта. Не сметајќи го лошото расположение на стручните собраниски служби, кои по наредба на шефот мораа да пуштат ветер, атмосферата во Собранието беше лежерна и пријатна. Пратениците главно убаво се забавуваа, подготвувајќи се за што поефектен естраден настап пред ТВ камерите, а одвреме навреме, тајно, под клупите, внимавајќи да не ги види Ханџиски, ги учеа стиховите на македонските патриотски песни, од Илинденското востание до денес.

Сепак, победник на "Гоце фест" како што се очекуваше стана Ханџиски. Добро упатените тврдат дека за тоа многу поголема заслуга од неговото револуционерно минато има бугарското кашкавалче во една рака и вискито на Фаик Абди во другата, што како комбинација, во овој светол момент на македонската историја, а особено како израз на конструктивната, умерената и кон сите отворена политика на македонската дипломатија, дојде како дадена од господ.

Клучниот момент, кој според своето значење ја надмина и легендарната идеја на Стојан Андов и европската комбинација на Ханџиски, беше настапот на госпоѓата Димитрова како ороводец и нејзината трансформација од прва виолина на Парламентот во прва играорка на самостојна Македонија. Нејзиното конкретизирање на претходниот настап на говорницата, кога зборуваше дека не треба да се срамиме од гунчињата и опинците, наиде на општо одобрување на народните маси, па како госпоѓата Ратка на прославата не се појави како што се очекуваше во народна носија, тоа не беше пречка една друга патриотски настроена граѓанка, на оригиналното прашање на новинарот: "Како се чувствувате?", на ТВ екраните да одговори: "Да живее Македонија на чело со Киро Глигоров и партијата!".

На оваа трогателна сцена, кога постоеше опасност возбудената граѓанка во националниот занес да си го земе дома микрофонот, заедно со колегата Зоран Трајчевски, кој со натчовечки напори ѝ го тргна од рацете, не остана рамнодушна дури ни Доста Димовска. Таа, обично ладна и смирена, цврсто реши да не го почитува партискиот став и непоколебливо се фати на оро. Тоа ѝ дојде како некој вид покајание што не гласаше за Уставот, па во договор со Стоиле Стојков, кој убедуваше дека гласал, ама скришно, како комунистите, со здружени сили го оставија на цедило Драги Арсов. Тој и покрај сѐ остана доследен на своето сфаќање на партиската дисциплина. Многу добро знае што значи тоа – "демократски централизам". Уште од младите комунистички денови. Штета што не дојде на прославата. Немаше кој да пее.

2. Гледајќи ги главните јунаци на најомилената ТВ серија, граѓанките и граѓаните на Македонија не можеа да не ја споделат радоста што последната епизода заврши во стилот на американските лимунади – со лапачка, пијачка и бакнувања кој со кого ќе стигне. Уверени дека со Уставот ќе ни биде секој ден оро и песна, задоволните избирачи излегоа на улиците и плоштадите. Сега никој не може да ги врати дома. А камоли на работа.

Следејќи ја теоријата: Кој видел добро, тешко му е да се врати на полошо, во пракса проверена лично од премиерот Кљусев кога се заборави во Австралија, на народот му се заарни, па си го прославува Уставот секоја вечер. Мамурлакот што ги мачи секое утро, кога ќе се појават на работа, на факултет или во училиште, граѓаните стоички го поднесуваат како нивни несебичен придонес за стабилноста на самостојна и суверена Македонија.

Лебот и игрите важат за сите подеднакво. Завчера и отворањето на пицеријата на Фуфо, на градскиот плоштад во Скопје, беше проследена со општонародно славје и веселба во чест на Уставот. Сите јадеа и пиеја без пари. Како во комунизам. Пратениците беа сместени во новиот објект. А народот – под панаѓурски шатор.

3. Користејќи го зголемениот патриотски набој на скопјани, зајакнат со по неколку "екстра скопско", група младинци, веројатно први увидувајќи дека од песна и игра не се живее, го продаваа Уставот на Македонија, рекламирајќи го со извиците: "Имајте ги сите ваши права за само 45 динари!"

Чудно. Два дена пред тоа фирмата "21" го продаваше Уставот за 150 динари. Младинците го распродаваа за 45. Во понеделникот ќе го отпечати "Нова Македонија" и ќе можете да го имате само за 15 динари.

Цената на Уставот незадржливо паѓа. Ќе мора да се изготви нов Устав.

4. Мора во оваа работа да има сплеткано прсти оној авторитетен потпретседател на владата на Србија Будимир Кошутиќ. Изгледа тој отпечатил отповеќе Устави, за да им ја намали цената и да нè натера да пишуваме нов Устав. Во кој ќе наведеме дека Македонија е држава на српскиот народ и на ослободените од него народи. Со што конечно петмилионскиот напатен српски народ на овие простори ќе успее да го преправи фалсификуваниот попис според кој тука живееле само три милиони Срби.

Ако ова не е аларм за нашите власти, тогаш нека се замислат над одговорот што генералот Стеван Мирковиќ им го испратил на раководителите на Социјалдемократскиот сојуз. Им рекол: "Ние ќе се вратиме!"

Ако нивното враќање биде така триумфално како што беше ослободувањето на урнатините на Вуковар, подобро ич нека не доаѓаат. Доволно ни е што секој ден "Слободанка експрес" има македонско катче во кое го освестува македонскиот народ дека не му чини раководството.

5. Во духот на изменетата програма за идејно-политичкото образование во единиците на некогашната ЈНА, во весникот "Народна армија" се јавува реклама со купон за порачка на комплет од четири книги под наслов: "Големите српски војводи".

Кога ќе спласне интересирањето за нив, доаѓа на ред порачката од Одбраните дела на Воислав Шешељ.

# СИН БРАК

**30 ноември 1991**

• **Песната "Земи момче Македонче", сосема спротивна на новиот претприемачки дух**

1. Најстрашното помина. Полупретседателството од Белград, што си се замислува како врховен командант на некакваси армија, годинава заборави да ни го честита празникот со по десетина плотуни од десетина артилериски орудија во сите главни градови на републиките. Што и покрај видното олеснување не треба да нè успие. Особено ако се има на ум познатата порака на Бранко Костиќ Корен ,упатена на еден мирнодопски митинг до неговите Црногорци: "Чувајте ги куршумите, ќе ви требаат за подоцна!" Знаејќи како подоцна беа употребени не само куршумите, туку и разно-разни бомби, мини и гранати, може со сигурност да се тврди дека опасноста не е сосема избегната.

Ако се има предвид строгата принципиелност на полупретседателот Бранко Корен, ништо чудно од него да пристигне честитка со задоцнување. Па уште една... Па уште една... За потсетување. Па после ќе правиме ударни бригади, одново да ги изградиме градовите. Како Вуковар.

Во ослободените краишта ќе воведеме воен комунизам. Доживотен шеф на привремената влада ќе ни биде Борисав Јовиќ. Тој штотуку се врати од Кина, каде што се усовршуваше во областа: "Принципиелно одржување на власт, игнорирајќи политика на свршен чин, со посебен осврт на воена демократија и воспоставување тенковска благосостојба, по методот "Тјен ан мен." Со што ги доби сите потребни квалификации да нè поведе во среќната и радосна иднина. Тогаш дури ни Слобо Велики нема да може да му забрани достојно да го одбележи празникот. Ќе викне Боро: "Пали!" и ќе грмне толку силно, да се слушне од Куба, па до Кина. Цел свет ќе ни се чуди. И ќе бега, како што сега сите бегаат од Србија.

2. Во едно лежерно претпразнично расположение, очигледно не секирајќи се многу колку ќе ни биде прекрасно, ако Боро и Бранко сепак решат да не штедат муниција, па свечено да ни го честитаат празникот, го "фатив" дрдорењето на една група девојки во моето омилено кафуле, кои гласно размислуваа на тема: "Десет илјади сини шлемови – десет илјади можности за мажење во странство".

Згрозен од ниското патриотско ниво на моите сограѓанки, а особено фрапиран од сознанието дека тие воопшто не ја фермаат забраната на инвалидизираниот врховен командант за напуштање на земјата, што така дрско го манифестираа, не обрнувајќи воопшто внимание на партизанскиот марш "Еј Боро, лепи Боро", сето ова им го раскажав на моите колешки од редакцијата.

Наместо да ја споделат мојата лојалност кон домашни и сериозни врски, тие во духот на новото време искажаа завидно ниво на претприемачки мента-

литет. Така наспроти моите очекувања да се зафатат со продукција на плочата со наслов: "Земи момче Македонче, па да видиш што е рај", со цел идеолошко отрезнување на залудената младина, тие решија да формираат агенција за контакти и стројништво со фирма: "Шлем син – брак фин А.Д."

Сега на колегите од политичкиот сектор им останува задолжението најитно да контактираат со Киро Глигоров, Васил Тупурковски и Денко Малески, да ги замолат во меѓународните институции да бараат сини шлемови и во Македонија – да не излезе бизнисот бадијала. За таа цел веќе е лансиран и рекламниот слоган "Пенис бонус, пакс ин домус", што парламентарците на ПДП и НДП, кои имаат обичај да се расфрлаат со латински изреки, би го превеле во современа варијанта "Добар шлем – мир во куќа!"

Патем, нека побараат во единиците што ќе дојдат кај нас да има и понекоја жена.

3. На прекубројните во агенцијата "Шлем син – брак фин А.Д." не им преостанува ништо друго, освен да го контактираат претседателот на СК-ДЈ Драгиша Атанасовски. Како што пред некој ден објави "Политика", тој си нарачал интервју во овој весник. Неговите служби за информирање му ги напишале прашањата. Истите служби по неколку дена му ги одговориле. Потоа бил повикан новинарот, да му го предадат отчуканиот текст. И накрај му побарале број на жиро-сметка за да му платат за интервјуто. Затоа што било добро.

Агенцијата на Драгиша, освен што се занимава со финансиско потпомагање на добрите новинари, работи и на планот на физичката заштита на семејствата на офицерите на армијата. Општинскиот одбор на СК-ДЈ од Куманово го предупреди органот на Управата за внатрешни работи дека, доколку не преземе мерки за заштита на офицерските семејства, тогаш членовите на СК-ДЈ ќе преземат најефикасни мерки за одбрана од насилниците.

4. По ова останува дилемата дали Драгиша има првенствена задача да ги штити офицерските жени или пак налогодавачот од Белград му наредил на "300 до 500 илјади Срби во Македонија" да им ги обезбеди сите српски права. Затоа што Србите како интерпланетарни суштества имаат историски права да го почитуваат само Уставот на Република Србија, било каде да се наоѓаат. Тоа е истото како и со Македонците во Србија. За нив таму важи само Уставот на Македонија.

5. Таквото право на Македонците не им е дадено само во далечната Јапонија. На пример, правото на пцуење и повикување на тепачка.

По снимката што деновиве ја видовме од тепачката во парламентот на Токио, крајно време е да го испратиме нашиот Миле Струја на стручно усовршување на Далечниот Исток. Таму нема: "Анте - анте курела!" Или, што би рекол одборникот Станиша Стоев во крајниот степен на својата креативна способност за дијалот: "Ако сакате да се тепаме, ајде да излеземе надвор!"

Јапонците тоа го прават прецизно и решително. И не губат време. Се тепаат на говорница.

6. Премиерот Кљусев сето тоа би го решил лаконски. Долго ќе се памети неговиот коментар во забавната емисија "Директно со Владата": "ГЛУПОСТИ!" (Внимавајте, акцентот паѓа на "О").

## ВРХОВЕН ТОКМАК 7 декември 1991

### • Во економската пустош може да нè спасат само "Нестле" чоколади

1. Собирајќи го последниот атом од истрошената македонска сила, кој остана благодарејќи на моето дрско и некооперативно однесување кон македонските србокомунисти кои ми беа мачители во зандаината наречена Југославија, решив да си го соберам достоинството што, како што научно втемелено ни објасни Љупчо Георгиевски, ми паднало на најниската гранка. Арно ама, апокалиптичното пророштво на војводата од Делчево, кој со помош на астролошките испитувања вршени во Бугарија ни најави економска пустош, ми ја уби секоја помисла на животот во независна, суверена, самостојна и обединета Македонија. Тоа, комбинирано со најновото сознание дека "тие што треба да го прават тоа немаат визија, способности и не знаат како да го направат тоа", плус – големото разочарување дека новата македонска парична единица нема да се вика "лев" и конечно, суровиот реален факт дека отсега, па натаму, забавно-хумористичната серија "Директен пренос од Собранието на Македонија" ќе биде посиромашна за актерските мајстории на Љупче, ме фрлаат во длабок очај, така што навистина сум загрижен кога ќе можам да соберам барем уште еден атом да си го подигнам достоинството, на барем една гранка погоре.

Длабоко свесен дека во овој тежок момент за македонската држава не смеам да излезам предавник и да трошам инфлаторни српски динари за книжни марамчиња "Палома" или, скраја било, за "Целекс" од САО Бања Лука, се воздржувам да не заридам. Иако, од друга страна, според количеството на солзите кои можам да ги пуштам за Љупче, можам да помогнам за подобрување на електроенергетската ситуација и да ги наполнам акумулациите на напатената ни татковина.

Сепак, ми се чини дека од овој дополнителен труд нема да има потреба. Едноставно, не верувам во никакви балкански пророштва сè додека нив не ги потврди на овие простори веќе докажаниот видовит Митко Анастасовски. Бидејќи тој тоа не го стори, нема потреба од тревожење на јавноста.

Освен ако дополнително не се возбудивте поради оставката на Драги Арсов. Јас лично за тоа немав време. Бидејќи Драги и Љупчо, како што беше речено, и дошле и си отишле во пакет, се занимавав со одгатнување на дилемата: Кој на кого му е машничка? И си замислував како стои машничка на пакет завиткан во полукартонска хартија за пакување од софискиот ЦУМ.

2. Впрочем, суштинското несогласување на Љупчо е во пакет-аранжманите на останатите од македонскиот врв. Мислам дека последниов пат најмногу го изнервира Васил Тупурковски. Кога слушна дека Циле од Америка ќе ни донесе "Нестле" чоколадо и уште кога виде како србокомунистичките и необолшевистички новинари се радуваат на подарокот на вујче од Америка, реши и него да го спомене во своето најново дело "Критики на мудрата, разумната и слатка македонска политика". Во кое едно цело поглавје се занимава со прашањето: Како можеше Циле, без да се консултира со никото, да прави предавнички разговори и на неосвестениот македонски народ да му нуди "Нестле" чоколада, кога според бугарските астролози ни настапува период на тотален економски хаос?

Во таква ситуација, којзнае што сè може да му се случи на народот, кој според Љупчо е целосно заблуден. Најбезболното нешто што може да нè снајде, вака национално неосознаени, неодбранети и излажани од македонското раководство, е да го фрламе чоколадото, а да ги јадеме златцата.

3. Она што може да биде најлошо за Циле е веднаш по враќањето од Америка да биде пресретнат од специјалните пештерски единици на Бранко Корен и да биде приведен во штабот за заштита на загрозените Срби. Сиромашкиот, сигурно во Америка немал можност да ја слушне најновата изјава на д-р Корен во која ја предупредува меѓународната заедница дека "мора да сфати, дури и по цена на економски санкции и нафтено ембарго, нема дел од српскиот народ во оваа Југославија кој би го оставил српскиот народ во Хрватска да биде повторно изложен на физичка ликвидација и геноцид, па макар се бореле за негова заштита и негово право и со токмаци".

Не е толку страшно како Циле ќе се снајде во улога на командант на некоја токмачка дивизија. Многу поголем проблем ќе биде како ќе му стои животинската кожа, како нова униформа на врховниот командант. Барем во периодот додека Бранко, со чин "токмак со три кокарди", не го наговори да премине на макробиотика, на Циле ќе му биде забрането да присуствува на состаноците што ќе се одржуваат во длабочината на некоја белградска пештера. Како особено заинтересирана странка, договорите со Грција за заплашување на македонските граѓани со пребојадисани авиони ќе останат тајна за "таканаречениот" Васил Тупурковски.

Којзнае, можеби, ако дознае на кое место Грците пак ќе влезат на нашето небо, ќе организира одбрана. Ем ќе се оправда пред Љупчо Георгиевски ем ќе ги изненади врховните токмаци со употреба на македонското супер тајно оружје. Доколку тајната веќе не ја издал министерот за внатрешни Јордан Мијалков, јас ја преземам одговорноста за издавање воени тајни. Ќе ги гаѓаме со ластегарки.

4. Молам кога ќе ми се суди за штотуку направеното кривично дело, како олеснителна околност да се земе предвид мојата лојалност кон Владата.

Во понеделник лично на премиерот Кљусев ќе му пријавам една колешка која не ја почитува одлуката на Владата за забрана на изнесување прехранбени производи од Македонија. Моите шпиони ми javија дека кога неодамна службено

патувала за Белград, во авионот внела три ѓевреци. И не успеала да ги изеде во македонскиот воздушен простор.

## МИЛУВАНИ НЕЦЕЛИВАНИ

**14 декември 1991**

### • Македонските жени се задоволни од Владата

1. Како да кажам дека никој не нè сака, ама не сакам да си помислат дека поради тоа паѓам во очај? Којзнае како му е на претседателот Глигоров со сите оние писма што деновиве ги пишува и ги испраќа низ светот. А толку многу се трудевме да им се допаднеме на сите. Па накрај си останавме милувани нецеливани. Изгледа премногу кокетиравме со старата љубов.

Така е тоа секогаш кога "ем ти се иска, ем не ти стиска". Па љубовта останува само на предигра. Многу "шарај-барај", а на крајот пак незадоволени.

Дури и еден Радош Смиљковиќ, на кој, со самиот факт дека е во раководството на партијата на Милошевиќ, по дефиниција не би требало многу сериозно да му се фаќаат зборовите, во интервју за "Борба" се чудеше зошто Македонија конечно не се определи – сака да биде сама или со нив? Како одговор, ние го испративме потпретседателот на Собранието во Белград да се слика со творците на српско-црногорската Белградска иницијатива за зачувување на Југославија. И тоа на состанок на кој се расправа за буџетот за наредната година и за финансирање на армијата.

2. Туку, дајте некако да му ја заштитиме раката на претседателот. Од многу пишување писма може да си ја повреди. Белким нема веднаш по признавањето на Словенија и Хрватска да се предаваме. Дури тогаш ќе треба пишување и пишување...

Ситуацијата е комплицирана, бидејќи во овој деликатен момент за македонската држава претседателот остана без потпретседател. Како итна замена за војводата Љупчо го предлагам Тошо Петров. Навистина, амбициите на Тошо пукаат кон претседателското место, ама ќе мора да чека да наполни 40 години.

Дотогаш не се сомневам дека улогата на пишувач нема да си ја изведува крајно совесно. Не за џабе во Собранието го викаат скрибоман од прва класа. На потпретседателското место Тошо ќе му даде општоевропски пристап. Не толку затоа што на Грција ѝ се добро познати неговите залагања за отворени граници и слободен проток на луѓе, стоки и идеи. Повеќе оти како десна рака на Глигоров, потпретседателот Тошо ќе може да му се најде при рака и на лордот Карингтон. Сигурно во неговата фиока веќе стои подготвен документ на Хашката конференција.

Останува уште прашањето кој ќе ги затвора ковертите и кој ќе ги лиже поштенските марки на писмата. Што од своја страна не би требало да претставува којзнае каков проблем. Ќе се распише конкурс. Може да се направи квалитетен избор. Лигуши имаме колку што сакаш.

3. На крајот на краиштата, што сме запнале толку со тоа меѓународно признавање? Демек, така полесно ќе влеземе во Европа. Што ќе ни е тој луксуз кога Европа ќе ја снема под ударите на големогерманскиот неонацизам? Угледната "Слободанка експрес" во вчерашниот број открива дека изворната документација од времето на Хитлер "до влакно се поклопува со сегашните јавни и донекаде прикриени апетити на Мок, Геншер, Кол..." Па во насловот ексклузивно порачува: "Обединета Европа – Гебелсов изум". Дванаесеттемина во Мастрихт само нѐ лажеа дека правеле некоја европска унија. Тие ти работеле по идејата на Гебелс. Создавале четврти рајх. И само мачкаат очи дека тоа го прават за да обезбедат поубав и побогат живот на своите граѓани. Кога целиот чесен свет знае, а тоа и "Слободанка експрес" го тврди, дека тие бараат жртви. А кој треба да биде жртва? За стручњакот кој ги открива Гебелсовите документи и авторот на текстот нема дилеми: "Одговорот е, кога се Германците во прашање, секогаш ист: Словените. И меѓу нив особено – Србите!"

Ете, затоа Слобо Велики пред некој ден ѝ објави војна на цела Европа. Оригинално и во духот на историската традиција го искористи собирот по повод јубилејот од почетокот на борбата против фашизмот за да ги повика Србите да ја продолжат борбата што ја започнале уште во 1941. Со таа разлика што сега главната ударна сила му се четниците.

4. Ударна сила пак на словенечките жени им се – јајцата. Лесно им е ним, на чекор пред меѓународно признавање, да се собираат пред парламентот во Љубљана и да ја дестибилизираат владата гаѓајќи ги прозорците со јајца. И да му викаат на својот премиер: "Лојка, Лојзе нема јајца!". Сѐ затоа што демохристијаните на Лојзе Петерле сакаат со новиот устав да го забранат правото на абортус.

Ете така и Словенија минува низ истиот пат на неизвесност и улична демократија, каква што виде Македонија пред донесувањето на Уставот. Кај нас бараа "чиста Македонија", таму викаат "Абортус је правица, држава је прасица". Со еден голем плус за македонските раководители кои не дозволија да "им се случат – жени". Ниту премиерот Кљусев добиваше забелешки слични на неговиот словенечки колега, ниту пак по зградата на нашето Собрание летаа јајца проследени со извиците "Вие ова го немате". Тоа е голем комплимент за уставотворците, почнувајќи од премиерот, преку експертите, па сѐ до претседателот на Собранието Стојан Андов. Нема што, можат да се натпреваруваат со словенечките раководители. Нашите умеат со жените.

5. На такви мажишта тешко дека ќе можат да им наштетат разно-разни влади во сенки. Тоа што на Кљусев му се причинуваат сенки, во облик на Балабан од Охрид, не мора да значи дека особено го загрижува најавата на ВМРО-

ДПМНЕ дека ќе формира влада во сенка и ќе премине во опозиција. Одвај чекам да го видам составот на таа влада. Одамна слатко не сме се насмеале.

Се прашувам само како ваква сончева земја ќе изгледа со толку влади во сенка. Којзнае, покрај социјалдемократите и ВМРО-вците, можеби утре ќе им текне да формираат влада и реформистите. ПДП и НДП и онака и оваа официјалната влада ја третираат како да е во сенка. Па дури и Владо Голубовски, со својата бројна пратеничка група, може да реши да оди во опозиција и да формира своја влада.

Дури тогаш ќе ни биде супер. Во дебела ладовина.

## ЕВРОПА ТРОПА 21 декември 1991

**• Србија внимателно ќе ги разгледа барањата на европските држави за нивно признавање**

1. Само човек да не им се најде во кожата на Европејците. Сиромашките, наместо да се подготвуваат за прослава на Божик, тие се зафатени со пишување писма до Србија, со барање да бидат признати. Затоа што агилниот потпретседател на српската влада Будимир Кошутиќ изјави дека Србија нема причина да бара признавање од некој што има покуса историска државност од неа.

Европските парламенти сега забрзано работат на приспособување кон условите што им ги постави Србија, ако сакаат да бидат признати нивните држави. Барањата за независност треба да ги испратат до сесрпската арбитражна комисија, на чие чело е угледниот и надалеку познат одмерен правник Будимир Кошутиќ. Тој ќе оцени дали Европејците ги задоволуваат критериумите да бидат меѓународно признати. Единствено треба да одговорат на следните прашања од "Српската декларација за критериумите за признавање на земјите кои ја сочинуваат таканаречената Европска економска заедница".

а) Дали се согласуваат на териториите меѓу нивните административни граници каде што живее макар и еден Србин да формираат српски автономни области?

б) Дали се обврзуваат да воведат задолжително изучување на најсветскиот јазик – српскиот, за да можат нивните државјани да "говоре српски да их цео свет разуме"?

в) Дали ќе преземат сеопфатни мерки за менување на начинот на исхрана и постепена замена на тешко сварливата храна со корења, произведени во колхозите на Бранко Костиќ?

г) Дали ќе набават специјални приемници за прием и емитување на дневникот на ТВ Белград, заедно со додатокот, со обврска за време на нивното емитување непријателските сателитски станици да емитуваат сериозна музика?

д) Дали прифаќаат сите телефонски разговори да ги најавуваат еден месец однапред на прислушната телефонска централа во Белград?

Членките на српската заедница се договорија, покрај горенаведените услови, за Германија да воведат дополнителни критериуми. Доколку Кол и Геншер сакаат да добијат позитивен одговор од Коштуниќ, треба да се обврзат во иднина да не го употребуваат името Германија за својата земја, бидејќи тоа предизвикува комплекс на повисока вредност кај српскиот народ, кој два пати ја победил таа "творба". Потоа, покрај дозволата за формирање САО на етничките и историските територии што ги населуваат српските гастарбајтери, таканаречената германска творба ќе мора прва да ја признае републиката на Лужичките Срби.

2. Среќа наша што ние не сме членки на ЕЗ. Инаку тешко дека ќе можевме да конкурираме кај судијата Будо.

Колку за почеток, ќе моравме на местото министер за надворешни работи да го поставиме Благоја Ханџиски. Нему никогаш немаше да му се случи таков дипломатски гаф, каков што направи министерот Денко Малевски кога во обраќањето до парламентот ги заборави госпоѓиците. Настрана што Ханџиски, како професор на електротехнички факултет, на Собранието би му понудил многу поубава декларација за меѓународно признавање, отколку онаа што ја замислиле во ресорното министерство.

И таман помислив дека, по принципиелната критика на Ханџиски, ќе се јави премиерот Кљусев да каже: "Ќе ја видиме ние таа работа" и да го задолжи Министерството за односи со странство да испита дали во Словенија и Хрватска министрите им се обраќаат само на госпоѓите, а не и на госпоѓиците, за да може да преземе мерки на одговорност, кога спасот за министерот Малески пристигна токму од таму од каде што најмалку се очекуваше. За збор се јавија најрепрезентативните претставнички на парламентарните госпоѓици Ѓулистана Јумеровска и Доста Димовска, кои, давајќи му целосна поддршка на министерот Малески, му ги поткопаа сите надежи на Ханџиски за лансирање во дипломатската орбита.

Од извори блиски на госпоѓиците Јумеровска и Димовска се дознава дека тие многу добро разбрале оти обраќањето: "Госпоѓи и господа пратеници" е дипломатска финеса на министерот Малески. Тој намерно не ги поздрави госпоѓиците, од проста причина што зборуваше за политика на немешање во внатрешните работи на други и немање територијални претензии. А таква политика се применува само кај госпоѓиците. Сосема друго прашање е ако госпоѓиците решат по мирен пат да го искористат правото на самоопределување, до отцепување.

3. Со задача да ги отстрани сите опасности кои можат да настанат со неконтролираното движење на сините шлемови и нивниот интерес за влијание кај

чесните госпоѓици и госпоѓи, Србија реши да формира државен комитет за односи со ОН. На негово чело е Бора Јовиќ, но само формално, затоа што главниот офицер за врска со странците е заставникот Сејдо Бајрамовиќ кој своевремено изјави дека има искуство со сините шлемови. Тоа што неговото име не се споменува во списокот на ова значајно тело е затоа што неговото присуство како врвен воен стручњак се чува под печатот "воена тајна". Според шифрите кои успеавме да ги дешифрираме се одзива само на лозинката "Томбола", со јавката "Бинго!"

Мистер Бинго својот англиски јазик го усоврши во разговорите со лордот Карингтон, кога, како што соопшти неговата служба за информирање, се интересирал за здравјето на госпоѓата Кристл Карингтон, а разменил искуство од поранешната соработка со Алексис.

Бидејќи лордот Карингон сега треба да одговори на условите што му ги постави Србија, Мистер Бинго, уверен дека наскоро целиот свет ќе зборува српски, престана да ја гледа непријателската англиска серија "Ало, ало" и да си го крши јазикот вежбајќи: "Фа, фа, фаа, фа, фа, фаа..." Повеќе нема да му треба. Отсега ќе разговара само со Американци.

4. Дополнителна причина за незадоволство предизвика веста што вчера пристигна од Лондон, каде што на аукцијата во "Сотби" сабјата на кнез Михаило Обреновиќ ја откупил некој непознат купувач, кој лицитирал преку телефон. Сабјата требало да ја купи Југословен што живее во Швајцарија и да ја даде на некој српски музеј, но не ја издржал трката на лицитацијата.

Тоа беше причина вчерашна "Политика" разочарано во еден наслов да констатира: "Сабјата на кнез Михаило не доаѓа во Србија".

Сигурно телефонскиот купувач бил од Германија.

5. Анте Марковиќ задоцни. Да поднесеше оставка пред неколку месеци, сигурно ќе му беше посветена насловната страница.

## МАМА МИА

**28 декември 1991**

### • Во Европа ќе влеземе со шкембе-чорба и расолница

1. На почетокот бевме искрени и простодушни. Потоа се правдавме дека сме биле наивни. Подоцна веќе се почувствувавме длабоко навредени и излажани. Накрај излезе дека сме биле дефинитивно – глупави. Притоа не нè правда никакво обвинување кон другите кои се – расипани.

Секој ден очекувавме некакво изненадување со наша парична единица, кога како новогодишен порадок си добивме српски динари. Велат: "Нема место за паника, ги има доволно!" Таман колку и ние да го поднесеме товарот на платите

на воените злосторници. И да придонесеме за рентабилно производство на печатницата во ТОП-чидер.

Граѓаните на Македонија, длабоко убедени дека со пребојадисаните хартиички, од кои е избришано името на нивната република, им се заштитува закрпениот џеб, во знак на благодарност кон правовремените решенија на македонската влада чекаат во редици за да се поклонат пред шалтерите на банките. Во областа пак на курирската и преведувачка дејност за 1991 година, особено признание за унапредување на преведуваштвото од српски на македонски јазик, ѝ се оддава на Народната банка на Македонија за нејзиниот последен труд: "Воведувањето српски динари на територијата на Македонија нема никакво политичко значење".

Сосема ослободен од помислата дека можеби Србија пак сака нешто да нè зафркне, се зафатив со темелно читање на Уставот и конечно се успокоив кога ја пронајдов одредбата според која "Народна банка на Македонија е емисиона банка". Друго прашање е што на гувернерот никој не му кажал што треба да емитира. Па, сиромашкиот, шалтерите мора да ги снабдува со пари кои единствено му биле понудени. И не треба да му се лутиме што сега ни нуди најевтина хартија. Едноставно, човекот немал избор.

2. Дента кога пристигна веста за експресната замена на југословенските динари со српски и кога црниот курс на девизите почна нагло да расте, еден колега од Македонското радио со скриен микрофон меѓу дилерите на скопската берза во Старата чаршија го забележа овој дијалот:

– Брзо реагирате?

– Нормално! Тоа ни е работа.

Немаме никаква причина да се сомневаме дека новинарот би го добил истиот одговор, ако по некоја случајност тој ден се појавеше на седницата на Советот на мудреците, во јавноста познат како Влада на експерти. Впрочем, од соопштението што вечерта пристигна по редакциите, јасно се виде дека експертите, среде метежот и хаосот што настана со замената на парите, решиле да направат радикален пресврт. Македонската новинска агенција ТАМ повеќе нема да се вика ТАМ, туку ќе се вика МИА. Мама миа!

3. Во општиот тренд на осовременување и премин од там-там на висока западна технологија се приклучи и Собранието на Македонија. Со должна почит кон покојниот систем, бидејќи сепак почека да му направи четириесетдневен парастос и да му го испрати духот, на четириесет и првиот ден од донесувањето на новиот устав реши малку да го измени. Амандманите за измена одат на експресна јавна расправа. Европа нема време за чекање, па до 5 јануари треба да завршиме со расправата. Овој пат, за разлика од времето кога го донесувавме уставот, имаме шанси амандманите мазно да ни поминат. Ќе бидат залеани и добро подмачкани.

Ќе си ја чекаме Новата година и ќе дискутираме. По првиот амандман ќе расправаме со чашка ракија. Со вториот ќе се префрлиме на вино. Третиот најдобро оди на европски начин – со шампањско. Ама од македонско потекло.

Ќе биде малку незгодно ако се најде некој како Тодор Петров, па да почне да дава амандмани на амандманите, особено ако му пречи пиењето. Но, во секој случај, расправата ќе ја сумираме на тој начин што сè ќе залееме со расолница и ќе подмачкаме со шкембе чорба. Во никој случај не смееме да си дозволиме во Европа да влеземе мамурни.

4. Во веселата јавна расправа најтешко ќе падне отсуството на Драги Арсов. Неговиот најнов хит "Жал за Солун", што пред два дена го промовираше во Собранието, е премногу тажен и не само што не е пригоден за народно славје, туку не е ни компониран во духот на современата европска музика.

Македонската јавност сепак требаше, во спомен на неговите музикални настапи во Парламентот, да му се оддолжи за задоволството што ѝ го приредуваше на тој начин што барем ќе го изгласаше за "Фолк хит на годината". Вака неговата кариера, и покрај тоа што во последно време настапува со уметничкото име "Дракче контра-бенд" е пред сериозна неизвесност, па ќе мора да размисли да почне да настапува како во младите години. Кога не знаеше да им рече "Не!"на сите што доаѓаа на власт.

Но дека, за жал, се работи за безнадежен случај, доказ е сведочењето на моите колеги, кои од новинарската галерија го следеа неговиот последен настап и целосната незаинтересираност на публиката во салата за она што се случува на сцената. Ќе остане забележано дека дури и госпоѓата Димитрова, како реномиран музички уметник и педагог, дигнала раце од усовршување на Арсов. Била видена како не можејќи да ја слуша новокомпонираната, а до крај демодирана "Жал за Солун", се занимавала со читање весник.

5. За новогодишната ноќ најдобро е да не се занимаваме многу-многу со разни петарди или, не дај боже, бомби и други експлозиви. Бидејќи и тука може да важи предупредувањето што им беше дадено на хрватските граѓани пред Божик, во случај нашето МВР да заборави да ве потсети, "Сакам да кажам" ви советува:

"Не фрлајте петарди, за да не ја испровоцирате армијата. Може да одговори жестоко и со сите расположливи средства".

# 1992



# ФИЛТЕР МАКЕДОНИЈА

**4 јануари 1992**

## • Емитувањето на "Македонската крвава свадба" е невкусно во моментот кога Турција го брани македонското право на самостојност

1. Којзнае чија клетва го пристигна Сајрус Венс, кога сиромашкиот го снајде таков малер, па мораше Новата година да ја дочека во Југославија. Згора на тоа, во друштво со двајцата најдобри воени другари Слобо и Фрањо. Којзнае колку бил возбуден и од самата помисла дека еден од нив ќе биде првиот што ќе го бакне и ќе му ја честита Новата година. Што, мора да се признае, не е безначајна работа. Особено кога ти се дава таква можност среќа да ти посакаат лично Слобо и Фрањо. Од нив и онака само среќа може да нè спаси.

Единствениот пропуст во новогодишниот аранжман, што господарите на војната му го организираа на американскиот гостин, го направи ТАНСРБ, кој дури ни од воени извори не успеа да дознае на кое место, во ноќта кога пристигна деведесет и втората, се случил "судирот" и кој прв "нападнал", а кој жестоко возвратил на честитките со сите расположливи средства. Наместо тоа на народот му беше понудена формулацијата "Сајрус Венс новогодишните празници ги мина на патот меѓу Белград и Загреб".

Ако се сеќавате, патот меѓу Белград и Загреб беше инспирација дури и за славната Агата Кристи, да го смести дејството на својот роман "Убиство во Ориент експрес". Таа возот го запре во Винковци. Можеби и Сајрус Венс, уште во Њујорк мечтаел за новогодишна, луда и незаборавна авантура. Арно ама, Милошевиќ не успеа да ги пушти во сообраќај брзите пруги на Србија. Па така Венс мораше да се задоволи со авион. А авионот не може да запре во Винковци. Освен ако некој не го ракетира.

2. Сега Милошевиќ е зафатен со подготовка на нов божиќен аранжман. Гостин ќе му биде Невзат Халили. Ќе оди кај него да собере искуства пред најавениот референдум за политичко-територијална автономија на Албанците од Македонија. Чијшто историски интерес е да живеат во несамостојна, зависна, несуверена и меѓународно непризната држава. Затоа што Уставот не им го гарантира правото териториите што ги населуваат да можат да си ги заградат и да си ги носат со себе во Албанија. Што е во директна спротивност со генералното начело според кое сите кечиња мораат да живеат во иста држава.

Токму затоа загрозените припадници на албанската националност во Македонија по референдумот ќе пристапат кон формирање на автономни албански вилаети. За кои во весниците ќе се употребува кратенката АВ АВ. Партијата за демократски просперитет е задолжена за производство на што поголем број кечиња. А тоа самото по себе претпоставува повеќе АВ АВ.

Во чест на името и делото на непоколебливиот борец за албанските права во Македонија, Невзат Халили, неговото село Порој ќе стане административен центар на Обединетите АВ АВ. Навистина, Тетово е поголема метропола, но не е многу препорачливо за главен град. Таму има останато уште понекој Македонец. Настрана што загрозените и малтретирани Албанци од околните села би доживеале урбан и културен шок. Вака, Порој им доаѓа како преодно решение.

3. Во чест на свеченото прогласување на Обединетите АВ АВ, композиторите ќе направат современа, пригодна верзија на песната "Ав, ав, Шарко лае, за шега не знае, само р´жи, вие, никогаш не спие". И онака одамна не сме слушнале некоја песна што не е пригодна. Единствена опасност е поради популарноста на оваа песна да престанеме да ги слушаме песните за Македонија. Тоа во овој критичен момент пред меѓународното признавање може да ни го затапи партиското чувство.

Сетилото за патриотизам ни е веќе така наострено, што освен за Македонија за ништо друго немаме чувство. Па наместо, како нашите стари, да си пееме за љубов и за убави жени, ние сме опседнати со "Македонија, моја кралице, ти убавице". И тоа толку болно сме забегани што дури не ги ни забележуваме "гордите Македонки"(Пиринки, Егејки, Вардарки), ниту пак се потресуваме кога ни порачуваат "Македонка кога љуби, свест се врти, ум се губи". Па дури и за Нова година ни компонираа пригодна песна во која нè повикуваат "да ѝ наздравиме на Македонија".

Ако цената што треба да ја платиме за меѓународното признавање на Македонија е осиромашување на речникот, со употреба на зборот "Македонија" во неколку варијанти – добро. Ќе го издржиме и тоа. Ама никако не ми е јасно зошто да наздравуваме за среќата на Македонија, а не за својата среќа. И воопшто, има ли логика Македонија да е среќна, а ние – несреќни?

4. Во секој случај и песните не ни се толку смешни во однос на одлуката на Хрватската телевизија да го забрани прикажувањето на филмовите од воениот минато, што ги прикажуваат Германците како агресори. Емитувањето на такви филмови било оценето како невкусно додека Германија го брани правото на хрватска самостојност.

По угледот на своите колеги од Загреб и луѓето од Македонската радиотелевизија би можеле да го забранат емитувањето на народните песни кои пеат за "клети Турци, зулумџии" и слични работи. Нивното емитување би било невкусно додека Турција го брани правото на македонската самостојност. Дури, ние би требало да одиме и понапред од ХТВ. Не само да не ги емитуваме филмовите и драмите со тематика од турското ропство, туку во книжарниците да ги заплениме стотиците дела на македонски автори што пишувале за тој период. Можеби ќе бидеме културно посиромашни, ама не смееме ни малку да ризикуваме кога е во прашање меѓународното признавање.

5. Досега немам слушнато што се случувало на таканаречената Конвенција за нова Југославија во Белград. Ме интересира дали и понатаму ќе си се нарекуваат

"Југославија". Не заради друго, туку загрижен сум за пазарот на Тутунскиот комбинат од Прилеп. Дали ќе имаат каде да ги продаваат цигарите "Филтер Југославија". Белким нема и нив да ги прекрстат во "Филтер Македонија".

## НОЌНА ПРОГРАМА 11 јануари 1992

### • Дури и воениот врв ја призна Македонија како посебна воена област

1. Графитот "Ново Лисиче – самостојна држава", што деновиве се појави на тарабите на едно градилиште во најновата скопска населба, најпластично ги изразува вековните стремежи на станарите на новолисичките згради. И токму сега, кога Ново Лисиче ги направи сите чекори за да ги исполни условите за меѓународно признавање, станарите на две згради што се најблиску до депонијата "Вардариште" организираат референдум за политичко-територијална автономија.

Одлуката за распишување на референдум е донесена на заеднички состанок на претставници од двата куќни совета, некаде пред Нова година. На самото место, на паркингот меѓу двете згради, е формирано легално собрание за организирање референдум за политичко-територијална автономија во рамките на Ново Лисиче. Причината за овој сецесионистички акт лежи во загрозеноста и обесправеноста на овие станари во однос на жителите на државата Ново Лисиче. Наводно, според строгите критериуми за признавање, што ги одреди Сеевропската унија на месни заедници, Ново Лисиче, за да се здобие со меѓународен субјективитет, мора покрај постојаната магла да обезбеди услови и за ветер. На ветерот му се спротивставуваат токму споменатите згради, бидејќи во тој случај би дошло до струења и прочистување на воздухот, со што на овие станари ќе им биде загрозено основното човеково право да ги уживаат благодетите на пријатните мириси на "Вардариште".

Добрите познавачи на меѓународните прилики сепак сметаат дека Ново Лисиче ќе добие меѓународно признание. На тој пат тешкотии им прават и властите на соседната држава Село Лисиче. Жителите на Село Лисиче сметаат дека со воведувањето на ветер во маглата на Ново Лисиче се создаваат претпоставки за територијални претензии кон нивната држава. Во смисла, смрдеата од депонијата "Вардариште" да дојде и кај нив. Дополнителна причина за скепса е и употребата на зборот "Лисиче" во името на државата што бара меѓународно признавање. Новолисичани немаат намера, ниту пак сакаат да разговараат за промена на името на својата држава. Овој категоричен став им го предочија на експертите од Село Лисиче на неодамнешните преговори водени во "Лисабон". Така се вика една позната кафеана во селото Лисиче.

2. Проблемот на односите меѓу Село Лисиче и Ново Лисиче, што, како што се дознава во добро информирани дипломатски извори во седиштето на Сеевроп-

ската унија на месни заедници, ќе продолжи да се решава на преговарачка маса во кафеаната "Лисабон", не е ништо во однос на меѓународниот скандал што "мириса" во односите меѓу Македонија и Грција.

Имено, со детаљна проверка на товарот што го пренесувале камионите на (гледај каква дрскост) "Мактранс" од Скопје, во пристаништето Патрас на Јонското Море грчките експерти на контраразузнавачката служба откриле дека се работи за електронска опрема за супертајното македонско оружје, увезено од Германија, Австрија, Словенија или Хрватска за потребите на македонската воена морнарица. Оружјето требало да биде монтирано на кајчиња во речното бродоградилиште во Скопје, а потоа со помош на бројната и современо вооружена македонска пешадија, потпомогната од оклопните единици и суперсоничните авиони на "Агромеханизација", да биде префрлено во Солун за потребите на Македонската воено-поморкса област.

Грчките весници велат дека на ниту едно превозно средство што ја носи ознаката "Македонија" нема да му се дозволи влегување или минување низ Грција. Сиромашките, тие како да заборавиле дека ние си го имаме Тошо Петров и неговите гевгелиски занаетчии, мајстори за блокади на граници. Кога можеа Словенија и Хрватска да го привлечат вниманието на светот со војна, ние како мирољубива држава би можеле повторно да пробаме со блокада на Грција.

3. Во секој случај, што се однесува до признавањето, тоа е веќе свршена работа. Ете, нè призна дури и воениот врв. Како посебна воена област. Во сообразност со нашето мирно самоопределување, тие си го самоопределија за командант на Воената област Македонија генералот Никола Узелац. Тој со мудрите и рационални потези, што ги влечеше како командант на Бањалучкиот корпус, се покажа како ненадминлив миротворец низ западна Славонија.

И неговото поставување на командното место на Македонија е во рамките на исполнување на условите што треба да ги исполниме за да бидеме меѓународно признати. Затоа и се согласуваме командантот да биде странец. Тој е единствениот кој ќе може да командува со војската на територијата на самостојна Македонија во која останаа уште малку македонски војници. Што значи – има ефективна власт над целата државна територија.

4. Кога е во прашање признавањето, нема да има проблеми само со програмата на Македонската телевизија. Целата е приспособена на самостојната македонска држава. Што значи – сиромашна.

Не е проблемот во тоа што по цел ден гледаме вести, на сите можни јазици што се зборуваат во републикава, внатрешнополитички и надворешнополитички емисии со тема: "Ќе нè признаат или не?", па слушаме и длабоки аналитични коментари дури и на третиот канал. Најголемиот проблем е што МТВ, верувам и самата несвесна за тоа, со самостојната програма работи директно на штета на самостојната македонска држава.

Размислуваат ли нашите колеги што сè може да се прави откако ќе заврши програмата на сите три канали, рано-рано, уште во десет и пол навечер? Кога самостојни и суверени, без странска ноќна програма, со гордо национално чувство дека сме се изнагледале чиста национална ТВ програма, ќе легнеме во кревет среќни дека наскоро ќе нè признаат и нема да можеме да заспиеме од возбуда.

Ако телевизијата навистина мисли да работи за доброто на Македонија и за рамномерен наталитет кај сите нејзини граѓани, тогаш нека емитува селективна програма. Нека воведе ноќна програма на албански јазик.

Македонците ќе се преправаат дека спијат.

## КАЛИМЕРО MACEDONIAN — 18 јануари 1992

### • Ем-Ти-Ви прва ја призна независноста на македонската држава

1. Македонската нација одвај зема душа по силните вибрации предизвикани од колетивниот патриотски оргазам, што настапи во истиот момент кога Македонската телевизија ја призна независноста на Република Македонија. Распаметените од радост граѓанки и граѓани на главниот град на вековно напатената држава дефилираа пред ТВ камерите и од улиците и кафеаните си нарачуваа која земја сакаат да ги признае. Во тој критичен момент на, како што сега се вели, незапирливиот процес, целата работа можеше да ја расипе една госпоѓа, која во анкетата се чудеше "зошто Франција вака се однесува". Среќа што во тоа време господинот Митеран имаше проблеми со приемот на сликата на Ем-Ти-Ви. Инаку ќе се правдаше на повредената суета. Демек, ние не ѝ веруваме на француската принципиелност. Убаво се виде колку тие го почитуваат мислењето на првиот човек на својот уставен суд.

Затоа пак веселбата покрај малите екрани достигна кулминација кога почнаа да се јавуваат дописниците од разни места низ републикава, известувајќи за хистерична расположба на нивните сограѓани кога дознале дека веднаш по Ем-Ти-Ви со признавање се огласиле браќата од Бугарија. Во сеопштата народна веселба "Со песни и ора низ Македонија" тогаш добро ќе дојдеше една пригодна благодарница во вид на песна со наслов "Мерси Б´лгарија", по углед на хрватската "Данке Дојчланд". Тој уредувачки пропуст нема никогаш да биде заборавен, колку и да се правдаат одговорните дека тие веќе подготвиле пригодна песна со наслов "Тешекур Туркие". Од музичката продукција на МРТ нè известија дека песната е компонирана во ориентален стил и дека ја изведува Сузана Спасовска, со голото меше. Наводно и една акчилница во Старата скопска чаршија веќе се прекрстила во "Кај Сулејман". Но, бидејќи Љупчо Георгиевски веднаш "ја поздрави дрскоста

на Бугарија", во знак на благодарност, а по угледот на загрепското кафуле "Геншер", скопското раководство нареди акчилницата да се претвори во "Кафè Желè".

Така Турција, доколку не побрза со признавањето на Македонија, со што ќе ги задоволи нарачките на анкетираните скопјани, ризикува Старата чаршија повеќе никој да не ја нарекува "Турска", протерување на баклавите, тулумбите и кадаифот од овие простори и – што ќе биде најтрагично, никогаш да не го видат сценскиот настап на голото меше, како ориентално се извива по тактовите на музиката "Тешекур Туркие".

2. Кога ќе видиш, како и да ја завртиш работата, не можеме да се ослободиме од Балканот. Иако, на пример, министерот Малески постојано, од петни жили се трудеше да нè научи на европско однесување. Затоа што во Европа владеело правото, а не силата. Па сега веројатно и самиот тој не знае како да се однесува европски, кога Европа се однесува грчки?

Од сите приказни за принципиелната Европа накрај излезе дека би можела да ни држи лекции од најстариот занает. Како стара дама, барем за тоа има богато искуство.

Штета што и ние малку не се потсетивме на сопственото богато искуство, што го имаме, на пример, со Франција и Англија од времињата кога принципиелно ја решаваа судбината на Македонија, делејќи ја меѓу соседите. Па сега претседателот Глигоров разочарано изјавува: "за жал, се покажа дека правдата и политиката не одат заедно".

3. Целата оваа ситуација не мора да се сфати сосем трагично. Македонија и ваква, непризната, мора да води сметка за својот имиџ. На пример, да размислува за свој заштитен знак, според кој ќе биде препознатлива во светот. Првото нешто што ми паѓа на ум, кога го чувствувам разочарувањето од потезите на Европа, е нашата маскота да биде она мало црно пиленце од цртаните филмови, со половина лушпа од јајце на главата, кое постојано вика: "Нема правда! Нели?" Ќе се вика "Калимеро Macedonian 92".

4. Тешко е да се дознае што е на менито на Мицотакис и Милошевиќ, но претпоставувам дека е некој супер специјалитет, штом се среќаваат за појадок секои два дена. Бидејќи ние му веруваме на Милошевиќ, убедени сме оти не се работи за пилешко, во било кој облик. Не за друго, туку загрижени сме за неговото варење. Пилешкото е тешко за појадок.

Што не значи дека таква храна не може да се конзумира за вечера. Особено ако за предјадење има грчки маслинки, а со вечерата оди француски шампањ. Без него не би можела да се замисли новогодишната атмосфера, која во Атина му ја создаде домаќинот Мицотакис на францускиот гостин Митеран.

Додека Митеран и Мицотакис принципиелно се насладуваа, малку посеверно на Балканот, на брегот на Охридското Езеро, во хотелот "Силекс", претседателот Глигоров и големиот Ѕинго веруваа во чесноста на Европејците.

5. Во секој случај, нормално е новогодишната ноќ во Атина да мине во пријатна и лежерна атмосфера. Сè додека од север ги заштитува умерениот

Глигоров. Доколку атињаните и нивните европски пријатели ја пропуштат можноста сега да ѝ ја признаат независноста на Македонија, мораат да водат сметка дека тука ќе има и нови избори. Можат ли да претпоставaт, кога си изграат со трпението на народот, кој ќе биде победникот? Тогаш Македонија навистина може да стане проблем.

## ВИРУСНА АГРЕСИЈА **25 јануари 1992**

### • За сè е виновна Грција

1. Една "Македонка" шири паника и страв низ просторот на Грција. Откако ревносните грчки цариници пред некој ден успеаја да ја фатат како, наконтена со модни детали, инспирирани од мотивот на Беас Куле во Солун, сака да ја премине границата, преплашените Грци повеќе не ги фаќа сон. Конечно се уверија во експанзионистичката и агресивна политика што ја спроведува "Република Скопје". По обичај недоверливи во ефикасноста на пограничните органи, стравуваат дека многу "Македонки" се веќе растурени насекаде низ земјата, па имаат уплав некоја да не се најде случајно и во нивните домови.

Во недостиг на очевидци може само да се претпоставува како грчкиот цариник се однесувал кон илегалната "Македонка" од градскиот плоштад во Скопје. Веројатно веднаш штом ја забележал ја подложил на детаљна контрола. Ја разгледувал парче по парче. Па ја вртел, де однапред, де одзади. Па ја местел спротивно на светлоста, да види што се проsира. Потоа можеби ги викнал и колегите. Па примениле групна контрола. Меѓутоа и покрај возбудата, се воздржале да не ја – скинат. Ќе ја подготват за пат во Брисел, кај другите Европејци, за Самарас да им ја покаже негибната.

Сме имале среќа, па ни остана "Македонката" невина.

2. На Грците сепак им се препорачува, пред да ја изнесат "Македонката" на европска виделина, малку да видат што пишува во нивниот печат. Новинарите како да им се школувале на високата школа на белградските изданија на "Слободанка", така што под влијание на учителите не можат да ги избегнат нивните омилени термини. Па за Џани де Микелис, кому му излетало два-три пати да каже збор-два за Македонија, со сигурност може да се тврди дека е фашист, ватиканец, Дуче и гроф Чано.

Е сега, може да се замисли, како ќе се однесува "Македонката" што ќе ја доведат Грците во Брисел, како дополнителен аргумент против признавањето на "Скопје", кога преку маса ќе го здогледа шизикот Џани. И што сè може да се случи, ако Џани ја земе "Македонката" в раце. Од таа спојка на фашистичко-ватикански и коминтерновски елементи ќе се создаде невидена вештачка творба

која во главите на македонските националисти и италијански фашисти е замислена само како база од каде што ќе поаѓаат здружените македонско-италијански фаланги во опсада на Солун.

Откако со помош на Џани ќе ја освоиме Грција, од Родос, каде што според традицијата "Македонката" ќе ја замениме со "статер", ќе удриме директно на Египет. Еднаш засекогаш да ја освоиме Александрија. Да му се оддолжиме на Александар Македонски. За инает на Република Атина.

Во ослободените краишта Џани де Микелис, како автор на книга за италијанските дискотеки, сега ќе може да го прошири својот опус со туристички водич за љубителите на диско-клубовите низ Грција и по островите. Диск-џокеите ќе го поздравуваат со пуштање на хитот: "Дали сум Пиринка, Егејка, Вардарка, Јас сум горда Македонка!"

3. Штосот е во тоа што покрај супертајното оружје, што пред две недели ни го запленија во пристаништето Патрас, Грците пред пет-шест дена во Пиреј открија девет контејнери халуциногена дрога, наменета за првоборците на македонската фаланга. Па сега во освојувачки походи ќе одиме добро вооружени со вирусот "А". Кога ќе навалиме грипозни на шопинг во Солун, ниту еден трговец нема да може да се воздржи од плачење. Има да се изнашмркаат...

А дрогата што ни ја запленија, великодушно ќе им ја подариме. Нека продолжат да халуцинираат.

4. Претседателот Глигоров не можеше да избере полошо време за патување во Америка. Којзнае како ќе го примат кога ќе дознаат дека на Матка сме отруле осум белоглави орли. А орелот е симбол на САД. Па според некои толкувања може да излезе дека агресивната македонска држава на тој начин, скришно, ги покажува своите намери, кога ќе заврши работа со Грција да удри и на Америка.

Сè ми се чини дека и тука Грците замешале свои прсти. Тие ни ги отруле орлите, за да може Самарас поубедливо да нè кодоши кај Бејкер. Демек, не само што им го крадеме името, туку сме толку безобразни, па им ги труеме пријателските односи.

5. Им ги труеме и односите со Бугарија, која за инает на грчките пријатели од Белград нè призна како независна држава. Па во дрскоста отиде дури и дотаму што една улица во Софија ја прекрсти со име "Македонија".

Радио Белград завчера вечер реагираше на софиските прекрстувања на улиците. Со највата "Дипломатија на бугарски начин", јави дека некои улици ги добиле имињата "Љубљанска", "Загрепска", "Пиротска" и "Попова Шапка". Па потоа искоментира: "Ај "Љубљанска" и "Загрепска" – добро, ама од каде правото Бугарите за своите имиња да употребуваат српски топоними?"

Од кога пак Попова Шапка е српски топоним? Не е, ама може да биде во скратената федерација што дарежливо ни ја нудат Мицотакис и Милошевиќ.

Ви велам јас, за сè е виновна Грција. Особено, ако се размислува на грчки начин.

# ХУМАНИТАРНО ОРУЖЈЕ

**1 февруари 1992**

## • Лојалноста кон Владата се покажува со возење службени автомобили

1. Водителот на контактно-рекреативната програма на МТВ "Директно со Владата" одвај дочека емисијата да се приближи кон крајот, па како десерт на лежерно расположените гледачи да им го сервира одговорот на сложеното прашање "Како со 28 илјади плата да се купи "Тојота"?". Дополнителен услов е да се има и да се продаде десет години стар "голф".

Се разбира, одговорот не го даде самиот водител, кој завчера вечер беше зафатен со пресметките на структурата на трошоците на Македонската радиотелевизија, па се ценкаше со премиерот дали претплатата треба да изнесува 300 или 350 динари. Невозможниот потфат со тојотата во комбинација со стариот "голф" го објасни лично премиерот Кљусев, кој одвај дочека да му биде поставено тоа прашање, за конечно да ги демантира гласините за функционерските евтини јапонски автомобили, добиени како компензација за извезениот тутун, па со блажена насмевка му се пожали на загриженото граѓанство дека, ете, и него, иако е премиер, му земале фазла 85 илјади.

Веднаш потоа, за да не ги разочарува докрај, бидејќи тешко ѝ на државата кога во неа дури и премиерот можат да го крадат, им вети дека наскоро Владата ќе им рече решително"Не!" на српските "застави", а за возврат, во име на експертската љубов и достоинство со кои неговиот кабинет тржествено ги дарува поданиците, им порача дека не е далку денот кога сите ќе возат странски автомобили со мала царина, дури и поевтини од тутунските "тојоти".

Во тој момент на најпатриотскиот дел од граѓаните на Македонија им падна камен од срце. Од силна возбуда и радост веднаш потрчаа кон своите автомобили и свртија неколку крукчиња околу зградата како израз на благодарност кон дарежливиот премиер. Тој толку спонтан и симболичен гест во исто време беше и неконтролиран излив на восхит, затоа што повикот упатен од Кљусев само пред една недела "да се опамети нашиот индивидуален потрошувач, односно граѓанинот, бидејќи не може да се дозволува, во време на економска криза каква што имаме, олку масовно да се користат моторните возила кај населението" – повеќе не важи.

2. Ако Кљусевото нафтено ембарго останеше на сила подолго време, граѓаните за да ја докажуваат својата лојалност кон раководството, ќе мораа да се возат само со службени автомобили. Вака, што се однесува до лојалноста, сè е во ред.

Проблемот е во тоа што деновиве остана само Кљусев да ја контролира ситуацијата во Републиката. Претседателот Глигоров е во Америка. Според но-

виот Устав него го заменува претседателот на Собранието. И тој замина во Швајцарија. Па сега единствена гаранција дека некој нема да направи пуч ни е Никола Кљусев.

Полошо од тоа е што Стојан Андов, бидејќи се подготвуваше за пат, не ја водеше последната седница на Собранието. Го заменуваше Тито Петковски. А тој, сиромашкиот, многу сериозно си ја сфатил работата. Па на пратениците им беше здодевно. Немаше со кого да се караат. Дури сега видоа колку им недостига Андов, за да им го прави животот поинтересен. Затоа и не се појавија во салата по паузата, за да ја продолжат расправата. Видоа колку тоа ќе им биде безначајно без Андов. Се разочараа поради невичноста на Тито Петковски да ги разонодува. Башка што и гледалиштето не ги познава како сериозни. Мора да се признае – голем ризик е кога се појавуваш на екран, гледачите очекуваат хумор, а ти ги заспиваш од здодевност.

3. Многу сериозно и пред сѐ принципиелно си ја сфаќа работата т.н. Сојузен секретаријат на Владо Камбовски за правосудство и управа на некогашниот Сојузен извршен совет на некогашната Југославија. Српската гарда е внесена во неговиот регистар како здружение на граѓани. Белградските весници велат, имала хуманитарни цели. И ги исполнувала сите услови за регистрација: има минимум десет члена, не ја загрозува територијата на СФРЈ и не распалува расна омраза.

Слично на Српската гарда сега ќе се соберат десетина граѓани со оружје в рака и ќе се именуваат на пример: "Совет на потрошувачи". Па ќе тргнат со пушките по продавниците, во хуманитарна акција за намалување на цените. Ова хуманитарно здружение меѓу другото ќе ги преплашува трговците во истиот момент кога само ќе помислат да подигнат цена на некој производ. Користа од нивното дејствување ќе биде повеќестрана. Не само што ќе се сопре инфлацијата, и тоа без употреба на административни мерки, туку ќе се обезбеди нагледен материјал за д-р Камбовски да напише уште еден научен труд на тема "Употреба на оружјето во хуманитарни цели".

Што се однесува до формалната регистрација, би требало да нема проблеми. Условите се исполнети. Спорен е само оној кој бара од Советот на потрошувачите да не распалува расна омраза. Што правиме ако некој продавач е Црнец?

4. Не е виц, ама би можело да биде:

Вчера во редакцијата се јави еден читател со прашањето:

– Зошто вие во "Вечер" вработувате само малолетни?

– Како!?

– Па зошто сите текстови ги потпишувате само со иницијали?

Денес, како што можете да забележите, сите сме потпишани со полно име и презиме. Сме пораснале.

# ЕЛАДА ЕФХАРИСТО **15 февруари 1992**

• **Што ни вреди што се откачивме од Бранко Костиќ, кога и нашата влада ни нуди корења**

1. Грците се на наша страна. Внимателно ги следат нашите барања за предвремени избори и конечно им текна како да ни помогнат. Како услов за признавање бараат да распишеме избори во кои покрај Албанците, кои и онака учествуваа на минатите избори, сега да се појават и тие и Србите.

Така, граѓаните на Македонија пред да влезат во Европа ќе имаат таква чест, својата патриотска должност да ја остварат гласајќи за кандидатите на Српската радикална странка, Социјалистичката партија на Србија, ПАСОК и Нова демократија. Сите останати партии кои во своето име го содржат и зборот Македонија се забранети.

2. Подготвувајќи се за активност во длабока илегала, бидејќи ВМРО-ДПМНЕ ќе биде најзабранета (зборот "македонски" го употребува два пати во своето име), раководството на оваа партија отпатува за Бугарија. Од извори блиски на партијата се дознава дека патувањето во Софија не е само за да се изрази благодарност за признавањето, туку и да се манифестира неизмерна радост пред камерите на бугарската телевизија затоа што армијата си оди. Се работи за монструозен план, зготвен на релацијата Скопје – Софија – Анкара, со цел да се подготви терен за шопинг на потпретседателката на ВМРО-ДПМНЕ Доста Димовска по продавниците за ќебиња и завеси на Игнација во Солун.

Така ти е тоа кога "внатрешна" организација се занимава со надворешна политика. Уште кога во своето име ја има и додавката "револуционерна"– тогаш мора да станува збор за вистинска тајна дипломатија. Сè е во духот на традициите на Тајната македоно-одринска револуционерна организација од 1893 во Солун. Тајниот план предвидува легално преминување на границата од страна на "граѓанката од скопско потекло" госпоѓицата Доста Димовска, која божем решила да си прави мираз, па тргнала на шопинг-тура по Балканот. Со себе си води два верни придружника: Љупчо Георгиевски и Драги Арсов. Тие божем се задолжени да ѝ ги носат купените работи: постелнината од Софија, ќебињата и завесите од Солун и кожата од Истанбул, а всушност нивната тајна мисија се состои во агитација и предизборен маркетинг за кандидатурата на Доста Димовска за илегален градоначалник на Солун.

3. Вистински погодок ќе биде ако, наспроти митингот што го организираа Грците во Солун под мотото: "Македонија во нашето срце", ние си организираме митинг во Скопје со мото: "Ефхаристо Елада!" Ќе биде тоа наша најсрдечна благодарност кон загрижениот јужен сосед, зашто ако тие не беа толку пара-

ноични и не ја забавуваа Европа со смешки од типот "бараме Македонија да си го смени името", Европа ниту ќе знаеше за нас, а уште помалку ќе размислуваше да ни признае независност.

Грција не само што активно работеше на признавањето на Македонија и на афирмацијата на македонската надворешна политика, туку ја фрли Европа во очај, затоа што цело време ѝ се претставуваше како мајка на демократијата. Сиромашките Европејци си велат, ако навистина Грција е мајка на демократијата, тогаш подобро да побараат некој да ги посвои. Или пак да се откажат од недозреаната мајка и сите нејзини долгови направени во нивно име да не ѝ ги признаваат.

4. Црногорците пак упорно не се откажуваат од услугите на Бранко Костиќ кој сега им нуди јака српско-црногорска држава. Минатата недела ги убедувал на една трибина во Иванград дека "давајќи го својот глас за заедничка држава, ќе се определат за сигурност, мир, слога, за најсилна држава на Балканот, подготвена да одговори на секој кој би посегнал по нејзината територија".

Со по еден тенк во секое семејство, кога жителите на "најсилната држава на Балканот" ќе тргнат на годишни одмори, определени за мир, сигурност и слога, тешко на тој што ќе може да им застане на патот. Па радосни дека им пораснал стандардот, затоа што наместо оклопни возила возат тенкови, ќе застануваат да одмораат на паркинзите крај патиштата и ќе пеат: "Ко то каже, ко то лаже, Србија је мала, није мала, није мала јер је у њу цела ЈНА стала..."

5. Така распеани ќе им прават илје на митингашите од Куманово и Гостивар, кои толку многу сакаат да се возат со тенкчиња по "суверена Македонија во Југославија". Со солзи во очите ќе ги поздравуваат воените туристички конвои и длабоко, длабоко во душата ќе мечтаат за некоја најнова Југославија, која ако човек добро размисли за нив и не е толку неостварлива. Најважно е дека најдоа заеднички јазик со партиите на албанската националност. И едните и другите се против суверена Македонија. Им недостига само Милошевиќ. Да ги усреќи за цел живот.

6. Ние усреќувањето ќе го чекаме од Европа. Пустото признавање толку нѐ избезуми што во очекување на вестите од некоја европска метропола заборавивме дека треба да ѝ спискаме на Владата затоа што сѐ полошо живееме.

Дај веќе еднаш нека нѐ признаат. Белким тогаш и министрите ќе почнат да ги посетуваат самопослугите и да се чудат колку малку стока има, а колку скапо се продава. А можеби ќе имаат и повеќе време за да застанат во редиците пред бензиските пумпи.

Бадијала се радував дека се откачивме од Бранко Костиќ. Што ни вреди тоа кога и нашиве ни го нудат неговиот специјалитет. Корења.

## НЕЗАВИСНИ ЖАБИ

**22 февруари 1992**

- **Емисијата "Мапет шоу" е забранета за емитување во Грција, затоа што жабецот Кермит претставува "нова скопска провокација"**

1. Научно втемелениот и систематски истражуваниот специјалистички наод на докторот Цветан Јовчески, обелоденет зад собраниската говорница минатата недела, дека "досегашното делување на македонската влада беше импотентно", сигурно во душа го погоди премиерот Кљусев. Сега најверојатно се подготвува да направи реконструкција на кабинетот, ама има проблеми да докаже кој од министрите затајувал баш кога треба, па угледниот пратеник од Прилеп и нему, ни виновен ни должен, му залепи етикета.

Дополнителни компликации во лекувањето на болеста претставува забраната за употреба на ВЕП. Вардар, Егеј и Пирин – за голема и цврста Македонија повеќе не се во игра, затоа што Европа ја забрани употребата на вештачки стимулатори. А ние ја слушаме сè што ќе ни рече, па дури и во Уставот се откажавме од Егеј и Пирин. Пред Владата сега стои историскиот предизвик: како во услови на нормативна индиспонираност да ја поврати потенцијата и волјата за голема и цврста Македонија и да го слуша Советот на Европа.

Ќе мора да им се врати на народните лекарства. Старите во слични ситуации пиеле чај од пелин. Велат дека од пелиновата трева гарантирано се дига – моралот. На тој начин и Владата конечно ќе го почувствува горчливиот вкус на власта.

2. Иако, по сè изгледа, сè ќе стори да не проба од пелинот, а импотенцијата ќе продолжи да ја сокрива со мангупско однесување. Тоа што затајува "баш кога треба" ќе го брани со надворешни фактори.

Така, деновиве дури и претседателот Киро Глигоров се стави во функција на правдање на досегашните и евентуалните нови киксови "баш кога треба". Го посети божем независниот синдикат и таму ги убедуваше божемните претставници на работниците да се стрпат од предизвикување социјални немири во овој критичен момент за македонската држава. Небаре, ако имаме штрајкови, Европа нема да нè признае. Како Европа да не знае што се тоа штрајкови. Единствено што може да нема да ѝ биде јасно какво е тоа македонско чудо кога државната власт и синдикатот се на иста линија.

Истиот ден премиерот Кљусев, пред стопанствениците во Кочани, по втор пат за кусо време ни порача да внимаваме како ја трошиме нафтата. Па дури и најави дека "веројатно ќе донесеме мерки за ограничување на нејзината потрошувачка". Оправдувањето за ваквите добронамерни совети лежи во едноставната реченица: "Нема пари!".

Се прашувам, што ако Европската заедница го одложи признавањето до крајот на годината, а премиерот Кљусев не може да најде пари за нафта?

Нема пари, нема нафта! Со таков изговор и јас би можел да бидам претседател на влада. Или, да бидам поскромен – некој министер. Не сум, затоа што не сум способен да најдам пари. Ама затоа мислам дека тоа го може премиерот.

3. Ако нешто може да ми ја наполни душата со високи патриотски чувства, тоа е овие денови објавената вест дека два отсека на медицинските факултети во Љубљана и Марибор престанале со работа затоа што не стигнуваат македонски жаби за секцирање. Знаев јас дека ќе се каат Словенците што решиле да прават самостојна држава. Дури сега се гледа колку тие биле зависни од нас. Словенечката наука е незамислива без македонски жаби.

Сепак мислам дека и ние треба конечно да научиме нешто од словенечката себичност. Па наместо да им ги испраќаме за да учат медицина нивните студенти, ние ќе ги пренасочиме во Италија. Знаејќи за гурманските склоности на Италијанците, ете ни шанса да издејствуваме меѓународно признавање. Џабе Џани де Микелис се расправаше со Самарас за признавање на Македонија. Последниот удар на грчката дипломатија ќе ѝ го зададе со жаба. Веројатно за тоа Мицотакис наводно изјавил дека "прашањето со името на "Скопје" е жаба која Грција на крај ќе мора да ја проголта".

Сиромашкиот Самарас, сигурно не може ни да претпостави дека е можно дипломатската кариера да ја заврши слизнувајќи се на – жаба. Отсега натаму, во Грција е забрането емитирање на популарниот "Мапет шоу". Жабецот Кермит е "нова скопска провокација".

4. Во стилот на жабечко, ама синхронизирано крекање, доаѓаат секојдневните написи во белградските весници за состојбата во Македонија. Просто ми е незгодно колку Милошевиќевите душегрижници се насекирани за нашата судбина. Па ронат ли ронат бисери. Како солзи. Си ги читам секој ден и си плачам колку ќе ни биде тешко без Слободан Милошевиќ.

А дури колку ќе им биде тешко на Грците! Нивните другари од "Слободанка експрес" открија дека "очигледно Бугарија преку Македонија гледа остварување на санстефанскиот сон, според кој Бугарија ќе ги зафати површините сѐ до Лариса и Халкидики со главен град Солун". После Белграѓани ќе мораат да одат на шопинг во Бугарија.

## НАФТЕНА УЖИВАНЦИЈА 29 февруари 1992

**• Полска тоалетна хартија и бугарски влошки – европски квалитет на живот**

1. Кој ли беше тој што во предизборната кампања ги плашеше граѓаните дека Македонија нема време за чекање. Како нема? Има – и тоа не знае што да

прави со него. Па го троши пред бензинските пумпи на Макпетрол. Ужива во задоволството во редиците за бензин.

Не можам да го опишам воодушевувањето што ги зафати сопствениците на стотината возила, кога во средата, по едно четири-пет-шестчасовно чекање, се појави цистерна на Макпетрол. Таков аплауз одамна не се има слушнато на овие простори. На радоста ѝ немаше крај, затоа што уживанцијата продолжува уште неколку часа подоцна. Доаѓањето на цистерната е само почеток на забавата.

Просто им се чудам на граѓаните од Западна Европа како си го исполнуваат времето. Замислете ја таа страшна ситуација, да пристигнеш сам на бензиска станица и по две-три минути да наточиш гориво и да си заминеш. Ужас! Затоа ич не ги бива за дружење. Немаат кога да практикуваат дружење со непознати и по пет-шест часа да си прават муабет за сѐ и сешто. Патем, можат малку да ја озборуваат владата.

Но, нашата влада цврсто решила да истрае на патот да не ни дозволи да станеме некои ладни Европејци. Па потпретседателот Јован Андонов препорачува возење со градски автобус. Така имате шанса и него да го сретнете, па дури и да му отстапите место да седне, а ако се правите уште и дека не го познавате, можете дури и да ја пцуете Владата. Тоа ти доаѓа некако како надомест за стресовите што секојдневно ни ги приредува.

Примиерот Кљусев се жртвува за сметка на доброто расположение на народот и мора сам да се вози во неодамна купениот од царинарница службен металик мерцедес. Неколку пати нѐ предупредуваше да внимаваме како ја трошиме нафтата, затоа што нема да имаме време за дружење, ама не го слушавме. Е па, еве ни сега принудно штедење. Така и треба да се постапува со непослушен народ.

2. Можеби сепак не се заминати сите возови за Европа. Еве, државните станови ќе се продаваат за марки. Што значи, или ќе се врземе цврсто за германската валута, или пак Владата ни дава до знаење дека во догледно време не треба да сметаме на некоја стабилна македонска пара. Освен ако не е направен некаков договор да станеме една сојузна германска покраина. Во што искрено се сомневам.

Не знам само дали формуларите за купопродажба ќе бидат отпечатени на германски. И како, на пример, со плата од 80 марки ќе отплатиш месечна рата од 90 марки? Мора за десетте марки што ти недостигаат да трчаш на Бит-пазар да бараш кредит од црноберзијанците.

Оваа јагма за девизи што ќе мораат да се купуваат со безвредни пари сѐ повеќе ме потсеќа на Полска и Бугарија од пред некоја година. Со полската тоалетна хартија и бугарските влошки секојдневно се привикнуваме на таков квалитет на живот. А богами и кај нас шверцерите најдобро живеат. Имаме супер визија – Македонија ќе биде независна, суверена и шверцерска држава.

3. Се разбира, доколку останеме под ова име. Затоа што името на нашата држава станува сериозна пречка дури и во односите меѓу двете големи пријателки: Србија и Грција.

Писателот Милорад Павиќ во последниот број на "Нин" вели: "Јас морам да кажам дека не доаѓа предвид ни името "Скопска Република", бидејќи Скопје е престолнина на српското царство. Ако сакаме сите народи во Европа да ги посматраме како рамноправни во начело, тогаш на Србите не може да им се земе името на нивната стара престолнина и да му се даде на некоја нова држава".

Ете ти беља. Ќе мора Милошевиќ пак да си го земе авиончето под себе и да летне за Атина. Да се договори со Грците да распишат конкурс за ново име на Македонија. Европа и онака веќе ни го пишува новиот устав.

4. По средбата со лорд Карингтон во Белград Милошевиќ рече дека дури сега е задоволен и конференцијата за Југославија во Брисел може да продолжи. Демек, ако ЕЗ ги укине санкциите, Србија ќе биде рамноправен соговорник.

Што бара тогаш Македонија во Брисел? Знае ли лордот Карингтон дека ние сме во најлоша ситуација? Ем непризнаени, ем блокирани. Ако сакаат да нѐ повикаат во Брисел, а ние да се чувствуваме рамноправни, тогаш или нека нѐ признаат или нека ја натераат Грција да ни ја укине блокадата.

Само уште да најдеме маж тоа да го побара.

5. Пред една недела претседателот на Собранието Стојан Андов отпатува за Италија. Прво беше јавено дека оди на состанок на Хексагоналата. Потоа излезе дека тоа било меѓупартиски состанок на претставници од 14 земји.

Ете ти вистински маж. Не само што на партиски состанок отиде со државно авионче, туку како претседател на Собранието издејствува Европа да ја признае – неговата партија.

6. Се сеќава ли некој кој беше Циле?

Пред два дена го видов во "Хард рок".

## БАЛКАНСКИ ПОЛИГЛОТИ — 7 март 1992

### • Како ли ќе изгледаше Скопје ако ни се случеше она што му се случи на Сараево?

1. Ништо толку не можело да ја погоди националната гордост на македонскиот министер за урбанизам д-р Александар Лепавцов, колку незгодната ситуација во која бил ставен при неодамнешната прес-конференција, организирана заедно со неговиот гостин од Бугарија, која го засрамила пред сознанието дека новинарите од македонските гласила не само што не го зборуваат, туку не го ни разбираат бугарскиот јазик. И тоа му се случува среде Скопје.

Длабоко потресен од овој културен шок што му го приредува граѓанството, за кое тој така амбициозно прави планови каде да му изгради луксузни хотели и

дава дозволи за локации за киосци каде што ќе се продава владиниот весник, тој изгуби секаква волја да предложи откупот на државните станови да се врши исклучиво со левови, а средствата собрани на тој начин да се насочат во развој на новокомпониранаата бугарска песна, како благодарност кон Бугарија затоа што е првата земја што ја призна Македонија. Толкувајќи ја вревата што се дигна околу неговата прес-конференција, а како што тој милува да се изрази – "визави" богатиот асортиман на јазици со кои се служи, и во исто време, како што научно би рекол – "аплицирајќи" ја инерцијата на болшевичкиот дух што го препознава во хајката против него, грчевито се бори за "принципот на еквидистанца" како официјална политика на македонската држава.

Веројатно правдајќи се, Лепавцов ќе се држи до неговиот шеф Кљусев, кој на прес-конференцијата во Белград се трудеше да покаже дека знае српски. Па сега се во дилема, дали за Македонецот е нормално да зборува српски, а не е нормално – бугарски. Следејќи го начинот на изразување и јазикот што го употребуваат барем половина од македонските министри, изгледа дека сите се полиглоти. Само што најмалку го знаат македонскиот.

2. За разлика од полиглотот Лепавцов, кој среде Скопје зборуваше бугарски, како што се чудат и се лутат грчките весници, "скопјанецот" Дарко Панчев, среде Атина, по мечот "ги навредувал навивачите употребувајќи го својот мајчин јазик". По инцидентот што им го направи на аеродромот, запишувајќи се во картончето како Македонец, Грците толку се налутија на него, така што по националната трагедија што ја доживеаја со двата гола на Панчев во мрежата на нивниот фудбалски шампион, сега новинарите го обвинуваат тренерот на Панатинаикос дека "извршил предавство".

Панчев веројатно не е ни свесен дека ќе предизвика заладување во традиционално добрите грчко-српски односи. Грците навистина му ги простија сите гадости на нивниот пријател Милошевиќ, дури и по цена со таквиот однос да се избрукаат пред Европа и светот, ама тешко дека ќе можат да го "сварат" податокот дека најдобрата српска фудбалска екипа ги победила благодарејќи на головите на нивниот крвен непријател "од скопско потекло".

По сето ова не преостанува ништо друго, туку веднаш да се наименува Панчев како специјален пратеник во соседна Србија да посредува во решавањето на меѓуфудбалските проблеми кај балканските земји. За националниот херој од таков калибар, вакво високо место во македонската дипломатија е најмалку што може да му понуди македонската држава. Ако ништо друго, нема шанса да нè избрука. Покрај со нозете, човекот, како што признаваат дури и Грците, знае да се служи и со мајчиниот јазик.

3. Од сите јазици најмногу го сакам јазикот на парите. Само што ги немам. Затоа сум бескрајно радосен што Владата се претворила во банка и како во старите времиња им дава пари на скапани фирми.

Јас сè уште немам фирма, ама решив да се запишам на списокот на владината банка. Ми требаат едно три милиони динари. Ќе ги вратам кога ќе ги вратат и другите корисници на заемот. Како жиранти ќе ги повикам моите уредници. Тие ќе гарантираат дека во "Сакам да кажам" нема да се појави повеќе ниту еден ред против Владата. Ако ми го одложат враќањето на долгот дури и ќе ги фалиме. Чиста пазарна економија.

Само и покрај тоа, сè некако ме потсеќа на старите времиња. Тогаш државата плаќаше пари за еден весник што никој не го читаше. Се викаше "Комунист".

4. Бидејќи парите уште не сум ги добил, ќе го искористам уште ова: Пред два дена, на дневникот на МТВ министерот за здравство д-р Перко Колевски, на прашањето на новинарот "Каква е состојбата со лекови"?, прво трепна, па одговори: "Релативно добра"!.

Тоа "релативно" значи дека досега никој во републикава не умрел затоа што не можел да стигне до лекот што му бил потребен. Што не значи дека тоа не може да се случи. Особено сега, откако министерот даде оптимистички одговор. Ако го слушнале иселениците, ќе престанат да ни праќаат пакети со лекови.

5. Босна ја оставив за крај од две причини. Првата е да не ми забележат дежурните национални контролори дека македонските национални прашања ги ставам под втора точка. Втората е, што босанскиот граѓански разум и силата на секоја личност посебно, како единка, манифестирани против безумието и националните страсти, не можам никако да ги замислам во нашава средина. Се плашам и да помислам како ќе изгледаше Скопје доколку ни се случеше она што се случи во Сараево.

На прашањето на репортерот на "Јутел": "Како се чувствуваше критичната ноќ"? еден млад сараjлија со насмевка одговара: "Било, се заборавило"!

Сараево повеќе не е на Балканот. Колку и да се трудат да го балканизираат.

## ЕВТИНА НЕЗАВИСНОСТ **14 март 1992**

**• Како претседателот на Републиката ќе патува, кога премиерот не му дава да изнесе девизи?**

1. Во сообразност со својата духовна мисија за експертско спасување на татковината, а со цел постојано да го подига нивото на ведрото расположение на граѓаните, докажувајќи ја својата генетска предодреденост со љубов и достоинство да се засмејува народот во овие тешки моменти за македонската држава, Владата издаде уште едно соопштение, како последна епизода од серијата "Смешни инсерти и невозможни потфати од кабинетите на експертите".

Раководејќи се од благодарната визија, Македонија до крај да се претвори во шверцерска држава, Владата ни соопшти дека "во услови на осамостојување на Република Македонија, а посебно ако се има предвид дека Републиката треба да ги заштити девизните средства, ќе го контролира изнесувањето на девизи". Така, сега ако сакаме да патуваме во странство, ќе смееме да изнесеме само до илјада германски марки, и тоа со потврда од банка дека сме ги подигнале од штедна кништа. Супер идеја! Ама, во соопштението не се кажува од која банка ќе можеме да ги подигнеме девизите. Веројатно, од некоја странска. Нашите банки ќе си имаат добро покритие да продолжат со легален грабеж на штедачите. Ќе си направиш "влез-излез", ќе си платиш провизија и ќе си ја добиеш потврдата што ти ја бара Владата. Ете ти прекрасен спој на убаво и корисно. Ем банката нема да ги исплати заштедените девизи, ем за тоа уште и ќе ѝ платиш.

Доколку со оваа одлука Владата не сакала да врши санација на банкарскиот систем, тогаш сигурно сака да ни го ограничи патувањето преку граница. Какви патриоти би биле кога сега, во услови на осамостојување, би шетале ваму-таму по светов. Затоа и не ни даваат нови пасоши. А старите ни се од неважечка држава. Да не зборуваме и што досега петстопати нѐ предупредија да не трошиме бензин.

2. Не дај боже сега на лордот Карингтон да му текне да свика нова пленарка за Југославија. Којзнае како ќе отпатува претседателот Глигоров. Ај, тој како претседател можеби ќе се прошверцува покрај цариниците на аеродромот и без потврда, ама што правиме ако му ги фатат парите на министерот Малески. Ако заглават до доцна во Брисел, ќе мораат да си прилегнат на некоја клупа во парк. Зашто нашиве банки немаат ни ал, ни абер да ни понудат барем некоја кредитна картичка или најобични патнички чекови.

Во услови на осамостојување на Републиката претседателот и министрот за надворешни работи со личен пример ќе покажат колку евтино ќе нѐ чини осамостојувањето. Проблем може да настане само ако ги фати белгиската полиција и ако им наплати казна за спиење под отворено небо. А тие немаат ни пасоши. Тогаш со белешката ќе мораат да се пријават кај премиерот Кљусев да им ги оправда патните трошоци.

3. Одлуката на Владата многу убаво се совпадна со одлуката на Југословенскиот олимписки комитет да не ги води на Олимпијадата во Барцелона спортистите од Македонија. Не само да не ги трошиме парите, туку повеќе како потврда на нашата далековидна политика под мотото: "Зошто ние да си одиме, подобро ќе чекаме тие да нѐ избркаат.

Можам сега да си го замислам пратеникот Михаил Пановски како ќе списка во Собранието, затоа што на глава им се качи токму Парламентот да донесе одлука македонските спортисти да не учествуваат во југословенската репрезентација. Очекувам повторно да пристигне одговорот: "Ќе чекаме да заврши Олимпијадата, па после ќе се отцепуваме!" Демек, ако настапуваме под знаме на непостојна држава и ако зад имињата стои ознаката "Југославија", тоа ќе било шанса да се афирмира македонскиот спорт.

Свршија работа и спортистите и Собранието. Дури сега ептен достојно ќе ја претставуваат Македонија во Барцелона.

4. Само нам уште не ни доаѓа памет во глава, па мислејќи дека оние во Белград пијат мастило, ќе си одиме мртви ладни и на изборот за песна на Евровизијата во Нови Сад. Колку се тие расипани, а колку сме ние наивни, ништо чудно, како што ги изрежираа гласовите лани, оваа година да наместат да победи претставникот од Македонија. И на Евровизија ќе настапи пејач од Македонија, а ќе ја претставува Југославија.

5. Се разбира, доколку претходно се расчисти случајот со "сообраќајката" на Милошевиќ. Како што стојат работите, проблемот е толку сериозен што веќе се движи кон тоа да се претвори во меѓудржавен спор. Велат, да не му шитнал Кљусев на Милошевиќ некоја од "тојотите" на "Македонија табак"? Па му подметнал некоја што занесува на десно!?

Направи беља. Ги извади на улица средношколците од Белград, да се молат за побрзо оздравување на саканиот претседател. Во здравицата му порачуваат: "Слобо, не го менувај возачот!"

6. [redacted]

... Ова се вика "информативен мрак". Така велат во Форумот за слобода на информирањето и демократијата. Со овие црнила практично протестирам, затоа што "ја изгубив последната надеж во слободата" и го најавувам "почетокот на крајот на молкот" и борбата против "јавачите на мракобесието". Идната сабота, да сме живи и здрави, пак ќе ви се јавам во "Сакам да кажам". Ќе вршам "безочен информативен терор", "дури не го уништам и последниот читател, и тоа физички".

## ФОТО ЕКСПЕРИМЕНТ

**21 март 1992**

- **Се очекува премиерот да обелодени дека неговите експерти преминале во влада во сенка**

1. Благопријатното изненадување што, во рамките на зацртаната програма за континуитет на мајтапчиски потфати, македонската експериментална влада им го приреди на граѓаните пред неколку дена со одлука да го замрзне курсот на девизите на црната берза, резултира со општо подигање на степенот на духовитост кај припадниците на македонскиот народ и со него рамноправните националности, што во крајна линија го олабавува грчот пред меѓународното признавање и ги јакне демократските процеси, бидејќи секој може јавно да ѝ се смее на Владата.

Сите очекувања на граѓанството што ја населува оазата на мирот и благосостојбата сега се свртени кон премиерот Кљусев, кому му се стискаат палците за среќа да му успее и ова чудо невидено, да ја спушти цената на германската марка на црниот пазар од 230 на 120 динари. Како што ни објасни пред неколку дена, неговиот кабинет донел одлука да ѝ се стави крај на енормната цена на германската марка на тој начин што претпријатијата кои сакаат да купуваат девизи на црниот пазар ќе мораат да се пријавуваат во Стопанската комора!! Потоа ќе можат да купуваат, ама по договорен курс, кој не смее да биде поголем од 20 од сто од оној на банките.

Во ваква ситуација Стопанската комора и Народната банка на Македонија добиваат нови функции. Банката само го формира курсот на девизите, врз чија основа и натаму ќе ги ограбува девизните штедачи, бидејќи курсот по кој ќе им исплатува динарска противвредност ќе биде за 50 од сто помал од оној што го признава Кљусев. Во тој случај и експерименталната влада може конечно јавно да обелодени дека преминува во "влада во сенка". И онака експертите не седат во нивната зграда, туку ординираат по сокачињата на Бит-пазар. Целата економска политика на Македонија, бездруго и тие тоа го знаат, се води и диктира од Бит- пазар.

За да биде експериментот уште поинтересен, ќе дадам една експертска идеја, за која, бидејќи се наоѓаме во тешка состојба, нема да барам надомест. Со оглед на тоа што има опасност полицајците на Фрчковски, со цел да ја намалат цената на марката, деновиве да почнат почесто да ги посетуваат членовите на бит-пазарската влада, тие можат да си ги соберат девизите и да ни избегаат во Србија. Затоа Кљусев нека им понуди марките да ги продаваат по 120 динари, а разликата до вистинската цена нека им ја субвенционира. Го знаеме човекот како широка душа. Особено кога треба да се даваат субвенции на приватни фирми.

2. Конечно Владата ќе може да се фати со водење здрава економска политика. Откако го пронајде вистинскиот виновник за аферата со "тојотите". Во која главниот актер, како што рече Кљусев, бил самарот, а не атот. Што е виновен тој како краен купувач, што купил евтина кола? Навистина, човекот е доктор по економија, ама само за службена употреба. Приватно си е наивен граѓанин, без врска од пазарни цени и трговија и најприватно си се јавил во "Македонија табак": "Има тојоти? Има!"

Затоа, во одбрана на наивниот граѓанин кому кој ќе стигне може да му поттури евтина странска кола, службено премиерот најави борба против малверзациите, без милост за никого. Во име на заштита на моралот, сите малверзанти кои ќе бидат фатени дури и ќе бидат сликани за весник. Полицајците ќе одат во акција вооружени со фотоапарати. Демек, ќе ги ставаат на столбот на срамот.

И така, Владата ќе се занимава со јавно жигосување. Па постои опасност толку да се задлабочи во таа работа, што ќе заборави дека ќе треба да подготви еден куп закони, со кои уште во старт ќе ја направи црната берза неисплатлива.

Од експертска, Владата ќе ни се претвори во полициска. Што и не е воопшто необично, кога се работи за шверцерска држава. А ние – ќе се сликаме!

3. Во таков систем ништо чудно ако и банките се промовираат во институции во кои се врши најелегантен грабеж. Се извинувам доколку постои некој друг збор за да се опише ситуацијата кога инфлацијата изнесува околу 60 од сто месечно, а каматите на штедните влогови се 40 и нешто од сто – годишно.

Додека Владата се занимава со фотографирање, еве читам пред некој ден Комерцијалната банка решила да работи светски, па го усложнила издавањето на чекови. Ќе контролирале колку чекови се реализирани. Бидејќи се светски, ќе го стимулираат безготовинското плаќање, ама ќе ти ги ограничуваат чековите. Немаш потреба да се нервираш. За тебе мисли службеничката зад шалтерот. Таа најдобро знае колку смееш да потрошиш. Иако еден поголем број од нив не знаат дури и дека на непознат треба да му се обратат со "вие".

4. За разлика од нашата Влада, која може да се фали само со скромни успеси, Борисав Јовиќ во средата пред две и пол републичкото Собрание на бивша Југославија се отепа од фалење дека сините шлемови биле нивни голем успех. Не кажа кој им бил најголем, ама се претпоставува дека е тоа што успеаја да ги избркаат што подалеку од Србија дури и тие што мислеа дека ќе можат да живеат заедно со нив.

Сега, кога војната е завршена, а мирот го чуваат 14 илјади странци, во белградскиот печат се појави оглас со содржина: "Вистински мелем по војната – "Секси ревија", сигурен секс со "Секси ревија".

По колективната "дупачка" на Милошевиќ, Јовиќ и компанија со цела бивша Југославија, сѐ друго е чиста невиност.

## НЕНАДМИНЛИВО ЧУВСТВО 28 март 1992

### • Најкритичен момент ќе настане кога месечните плати ќе паднат од 30 на 20 марки

1. Сонот станува стварност. Повеќе никој не може да ни застане на патот што самите солидно го трасиравме за да можеме што побезбедно да пристигнеме во просторите во кои царуваат општото расположение и благосостојбата. Се наоѓаме во последната фаза од остварувањето на извонредно амбициозната програма и само прашање на време е кога ќе ја достигнеме планираната високо хумана цел – платите да изнесуваат триесетина марки месечно.

Што повеќе се ближи денот кога и формално ќе нѐ признаат со истовремено зачленување во меѓународниот клуб на сиромашните, сѐ позабележлива е радоста кај достоинствените граѓани. Моралот дополнително го подигаат вестите дека

само прашање на денови е кога од странство, покрај помошта во лекови, ќе почне да пристигнува и помош во храна.

Високо патриотски настроени, подготвени го пречекуваат критичнот момент кога примањата од триесет ќе се намалат на дваесетина марки. Во оазата на мирот сè што понатаму ќе се случува е чиста фатаморгана. А душата ќе ни биде исполнета со сознанието дека по толку години макотрпна работа и самопожртвуваност, конечно сме ги превтасале источните земји, на чијшто висок стандард на живот и уметност на шверцот отсекогаш сме се одушевувале. За Американците, пак, воопшто не ни помислуваме. Можеме само да им го украдеме рекламниот слоган од "кока кола". Зашто, помеѓу вкусот на голтка студена "Кока кола" и издржување семејство со 50–60 марки месечно (во најдобар случај, ако се вработени двајцата родители) нема никаква разлика. "Чувството е ненадминливо".

2. Единствено ми е жал за оние граѓани на Албанија кои пред две години се степаа да избегаат и да дојдат да живеат кај нас. Видоа дека се зезнале, па сега ќе навалат пак назад преку граница.

Особено сега, кога победи Сали Бериша и неговите демократи. Мора по оваа изборна победа таму да било многу весело, кога дури и на Киро Поповски на завчерашната прес-конференција му се провлече насмевка на лицето. Ај тоа, ама кога на социјалистот Киро ќе му се отргне од контрола и реченицата дека во Албанија забележал кај луѓето "радост што еден систем конечно е паднат", тогаш мора да се работи за драматичен пресврт во неговата определба. Којзнае колку и самиот би бил радосен кога и кај нас "еден систем конечно ќе падне". А уште порадосен – тој да си остане.

Во тој правец веќе ги направи првите чекори. Кога се во прашање изборните резултати во Албанија, на иста линија е со Љупчо Георгиевски од ВМРО-ДПМНЕ. И двајцата се израдуваа од демократијата што таму завладеала. Веројатно затоа што на македонското друштво "Братство" не му било дозволено да се регистрира како партија и да излезе на изборите. Па, како кандидат за пратеник се појавил само еден Македонец. И тоа на листата на Социјалистичката партија на Рамиз Алија.

Тоа е врвот на демократијата што може да се очекува од преку западната граница. Сè додека на тукашните Албанци не им биде даден статус на народ. Така му рекле на нашиот Киро Поповски и на парламентарната делегација раководителите на тамошната Социјал-демократска партија. А луѓето, вели Поповски, се интелектуалци. Зборувале странски јазици. Замислете!

3. Којзнае уште што сè ќе треба да замислуваме, кога доживеавме една Албанија, изгубена во времето и учебнички пример за кршење на човековите права, да поставува услови за прием на Македонија во КЕБС.

4. По преживеаната сообраќајна несреќа, претседателот на Србија Слободан Милошевиќ, читајќи ги рекламните пораки на српските туристички агенции "Одмарајте таму каде што сте добредојдени", си ја избра Грција за залечување

на главата. Благодарејќи на него, неговите сограѓани се добредојдени во Грција. Почитувајќи го своето животно кредо: "на лута рана, лута трева", фобијата од возење со автомобил ја лекува со непрекинато возење повеќе од две и пол илјади километри на релацијата Белград – Атина и обратно. Не се знае само дали си го сменил возачот.

Присуството на традиционално добриот пријател во Атина многу бргу се почувствува. Особено кај грчкиот министер Самарас, кој на една телевизиска емисија се однесува како Радован Караџиќ. Сите што биле за компромис во врска со Македонија ги нарекол предавници. Најтрагично е што таквото однесување има помин кај Европа. Најдобар пример е токму европското прифаќање на картите на Босна и Херцеговина од психијатарот Караџиќ. Резултатот од договорот и конструктивниот приод на ЕЗ кон тоа прашање се гледа. Во Босански Брод – особено. Кога само ќе ми текне дека истите ни го кројат договорот со Грција, страв ми е и да помислам како ќе изгледа конструктивниот приод на ЕЗ по македонското прашање.

Најголема фрка меѓу новинарите се дигна кога "од добро информирани извори" дознаа дека Милошевиќ, на враќање од Грција, ќе намине во Скопје. Наводно, претседателот Глигоров му порачал да му купи маслинки. Ќе му требаат за мезе, за коктелот кога ќе нè признаат. Арно ама, Милошевиќ и овој пат не ја искористи шансата да се покаже како добар другар. Или пак жената му рекла: "Што ќе им носиш, додека да ги признаат, ќе скапат!"

5. Настрана што ако послужиме маслинки на коктелот, тоа веднаш ќе биде протолкувано како предавнички акт од највисока категорија. Што ќе ни се маслинки, кога можеме да имаме колку сакаш пиперки и домати.

Ете, токму затоа во ВМРО-ДПМНЕ сè посилно продира земјоделско крило, а главна станува земјоделската политика. За да не настане тотален расцеп меѓу земјоделците и оние другите, најдобро партијата да направи мала измена во името. Нека биде Демократска партија за македонско земјоделско единство. Звучи слично: ВМРО-ДПМЗЕ.

## СЛЕП ХОРОСКОП

**4 април 1992**

### • Светлата иднина ќе ја пречекаме со темни очила

1. Големо е разочарувањето во македонската јавност, а може да се претпостави и наоколу низ светот, бидејќи, како што можевме со задоволство да слушнеме, нашиот претседател на парламентот бил познат човек, по завршената расправа за оставката на Стојан Андов, која не даде одговор на суштинското

прашање за развојот на демократските процеси во Републиката. Малку им е на граѓаните на Македонија што се секираат затоа што некој не сака да нè признае, па сега им треба уште и непотребното одолжување на разврската на случајот од ноќта меѓу 18 и 19 септември минатата година. Инкриминираната ноќ, како што нè потсети пратеникот Александар Флоровски, претседателот Андов ја изговорил реченицата "Чекајте бе, госпоѓата Димитрова сака пак!", а "што сакал да потенцира со оваа реченица, само тој може да ни каже!"

А Андов молчи. Што е најдобар доказ дека продолжува да манипулира со Собранието. И да дава повод неговите зборови да се толкуват на различен начин. Па тоа ќе го правда со демократија. Демек секој си има право да си мисли што си сака. Арно ама, ако тоа важи за народот, сепак нема смисла барем госпоѓата Димитрова повеќе од половина година да живее во дилема "што сакаше да потенцира господинот Андов".

Бидејќи ова прашање несомнено заслужува одговор, меѓу другото и затоа што задира во суштината на кревката парламентарна демократија, најдобро е да се формира парламентарна група која ќе ја анализира реченицата од сите аспекти. Пожелно е во работната група да влезат парламентарци кои ќе најдат начин да контактираат со луѓето блиски на Садам Хусеин и Анте Марковиќ. Којзнае, можеби токму критичната септемвриска ноќ Андов бил телепатиски поврзан со своите најверни другари, а инкриминираната реченица ја изговорил според упатствата содржани во тајниот план за уништување на Македонија, со работен наслов "Бермудски триаголник". За претседател на работната група најдобро е да го постават Митко Анастасовски. Тој, бидејќи е видовит, сè знае. Прашање на политичка проценка е само дали е време да каже. Или ќе остави на историчарите по неколку децении да се занимаваат со настанот што се случи во ноќта меѓу 18 и 19 септември 1991 година.

2. Ноќта и онака веќе дефинитивно влегува во историјата. Премиерот Кљусев во Собранието свечено ни соопшти дека наскоро на сите ќе ни светне. Вели дека нè очекува една нова светлина. Затоа е време уште сега да почнеме да се подготвуваме. Да заштедиме две-три плати за да можеме да си купиме темни очила.

Не е добро сега да се создава нова дилема што сакаше премиерот да каже кога им велеше на пратениците да ги замрзнат амандманите на буџетот до "новата светлина". Сега засега не се забележува ни некоја посебна навалица по оптичарите за набавка на темни очила. Тоа е уште еден доказ дека претседателот на Владата никој повеќе сериозно не го сфаќа.

Сепак, не е исклучена можноста некој ден да се појави со соопштение Министерството за информации: "Пробудете се, морни копачи и копачки, силно светнал ден!" Топло ќе ни препорача дека пристигнала новата светлина и затоа се наредува сите да си ги навлечат темните очила. Само на тој начин може да ја спаси Владата. Како слепци ќе нè водат како сакаат и каде сакаат и уште ќе им бидеме благодарни дека ни помагаат да го најдеме патот. Така и ни треба. Кога сме слепци и без темни очила.

3. Оттука затоа и не ми е јасно зошто се дигна толку голема врева бидејќи полицијата "им светнала" неколку пендреци на демонстрантите во Куклиш и Радовиш. Тоа било само онака, за да им го покажат патот до дома. Патот до светлата иднина ќе им го покаже некој друг. Не очекуваат белким и на тој пат да стигнеме со интервенција на МВР.

Сега големите демократи од Собранието плачат над натепаниот народ, со гнев зборуваат за пендрек-демократија, формираат работни групи, бараат одговорност од министерот за внатрешни работи, се повикуваат на земјите од Запад. Таму полицијата ич не тепала, дозволува да ја гаѓаат со камења, мирно гледа како се влегува насилно во објекти, толерира блокади на сообраќајниците, се прави луда кога некој го симнува и го кине државното знаме пред највисоката државна институција.

За родените демократи-парламентарци имам само едно прашање. Кога се толку фини и, што се вели, за народот, зошто не протестираат кај службата за обезбедување на Собранието да не ни прават проблеми на нас новинарите при секое влегување и како не им пречи меѓу нив по цел ден да се шетаме со беџовите околу вратот, како бележени? Нели нема од што да се плашат?

А и министерот Фрчковски би можел да биде малку повеќе демократ. Кога ќе бидат следните демонстрации пред зградата на Собранието, нека не пушти ниту еден полицаец. Па нека влезат демонстрантите во зградата. Да почувствуваат малку парламентарците на своја кожа како изгледа демократијата.

4. Пред најавеното "признавање" секој вистински патриот треба на поставеното прашање: "Што си во хороскоп?" да одоговори: "Македонец!". Еве што велат ѕвездите за овој знак во следнава недела:

ЉУБОВ: Деновите што доаѓаат не ви се наклонети во поглед на емоционалните врски. Внимавајте кому ќе му го отворите срцето.

РАБОТА: Не преземајте никакви активности. И онака ништо не ви поаѓа од рака.

ЗДРАВЈЕ: Главоболките се карактеристични за овој период на годината.

СОВЕТ: Што и да се случи во понеделник, не очајувајте. "Вечер" ќе продолжи да излегува секој ден, освен во недела.

## СРПСКА ИЛИРИДА — 11 април 1992

### • Сараево може да се напаѓа затоа што не е ставено на листата на УНЕСКО

1. Бидејќи, како што вели српскиот четнички војвода Шешељ, "единствено Србија е овластена да им даде согласност на Албанците од западна Македонија за формирање српска Илирида", страшно напатеното, со векови угнетуваното и

на работ на асимилација доведеното албанско население од Македонија има причини за радување. Најпринципелното миленичe на осведочениот албански пријател Слободан Милошевиќ го поддржа основањето на "Илирида" на територијата на Македонија и тоа го образложи со зборовите: "Тоа отсекогаш бил српски крај и оттука Србија има право над тие свои територии".

Албанските композитори сепак не побрзаа во знак на благодарност да испеат шлагер "Хвала ти Србијо", затоа што тука работите не се премногу јасни. Имено, Шешељ инсистира на името "Српска Илирида", на што тукашните Илири не се согласуваат. Освен тоа претстои дополнителна расправа за сукцесијата на таканаречената Република Македонија, затоа што нејзината територија ќе се подели меѓу Србија, Албанија, Грција и Бугарија. Проблемот е во тоа што и Србија и Албанија настапуваат со истата логика – сите свои да си ги соберат во една држава. Што преведено на прост јазик значи: Таму каде што сме повеќе – тоа си е наше, а таму каде што сме помалку – пак е наше, затоа што не смееме да дозволиме да бидеме малцинство. Гледајќи што се случува во Босна, може само да се замисли што би се случило кога за Српска Илирида би се степале еден Радован Караџиќ – Србин и еден Радован Караџиќ – Илир!? Такви типови, за жал, има колку сакаш и на ова поднебје. И што е најтрагично – добро успеваат.

Македонците тоа совршено не ги интересира. Тие чекаат да ги признаат.

2. Не се ни свесни дека со таа своја активност му го расипуваат варењето на главниот уредник на "Политика" Александар Прља, кој како специјален известувач се јавува од Атина. Па не може да ужива во изборот на свежа морска храна во Маринскиот клуб во Пиреј, на чист воздух над брдото Ликавитас. Затоа што Грците можат да заборааат на сите грижи, но никако не можат да се откачат од "проблемот на Република Скопје".

"Како во некои стари времиња, додека само што се зацврстуваше христијанството, стравот од Картагина во Рим така и стравот од едностраното прогласување и признавање на "Република Скопје" се вовлекол под кожата на современите генерации Грци", вдахновено раскажува Прља во вчерашната репортажа од Атина со наслов: "Скопје анте портас!". Тој вели дека "темата "Република Скопје" просто нема конкуренција овие денови во земјата која кај генерации Срби е доживувана како земја на нашиот јужен сосед" и објаснува зошто е тоа така со цитат на некој негов колега: "Се менува чувството на сигурност и пријателство, што по традиција го негуваме кон север, каде што отсекогаш биле Срби". А некој пратеник му изјавил дека "навикнале Србите и Србија да им се на граница, горе на север". Сиромашките, сега ќе мораат да си ги менуваат навиките. И тие, а и уредникот на "Политика". А тоа кај Балканците тешко оди.

3. Во истиот текст уредникот со лошо варење на морска храна обелоденува дека според грчките статистики во "Република Скопје" има близу 700 илјади Албанци, 300 илјади Срби, околу 200 илјади Власи и Грци, неодреден број Роми, 300 илјади се изјаснувале како Македонци, а околу половина милион се чувствувале Бугари или пробугари.

Најдобар доказ дека нема 300 илјади Срби е податокот што армијата ја напушти Македонија. Да ги имаше барем петина од тој број, таа одамна ќе им поделеше оружје и сега ќе ни ги ослободуваа градовите, еден по еден, како што ги ослободуваа во Хрватска и како што ги ослободуваат сега во Босна и Херцеговина. Можеби веќе ќе ја имавме и таа среќа деновиве да ги чекаме сините шлемови.

Обединетите нации треба конечно да го опоменат Милошевиќ дека светот веќе премногу троши за да ги покрива неговите ситни задоволства. Како што заглави во Хрватска, сега ќе заглави и во Босна и пак на помош ќе ги вика сините шлемови. Па потоа ќе се фали дека успеал да обезбеди мир за сите времиња. Вечен мир.

4. Таканаречената југословенска комисија за соработка со УНЕСКО завчера демантирала дека "историското јадро на Сараево е вклучено во светското наследство под заштита на УНЕСКО" – како што било наведено во апелот на Претседателството на Босна и Херцеговина да престанат нападите на овој дел од главниот град на БиХ.

Според тоа, Комисијата на ТАНЈУГ дообјаснува: "Сараево, ниту како град, ниту неговото старо јадро, не се запишани во листата на УНЕСКО".

Тешко на оние што не живеат во градови под заштита на УНЕСКО. И тешко ѝ на државата и на граѓаните што живеат во неа, во која на луѓето што работат во таква институција може да им текне да испратат демант со поглупава содржина. Останува уште ТАНЈУГ да објави: "Почнаа завршните операции за ослободување на Сараево!" Како што своевремено известуваше кога Србите го "ослободуваа" Вуковар.

А Дубровник? Нели тој навистина е под заштита на УНЕСКО?

5. Во врска со признавањето на Македонија веќе нема што да се разговара. Потребен е радикален пресврт во водењето на надворешната политика. Следниот пат на министерскиот состанок на Европејците претседателот Глигоров, наместо да патува со министерот Малески, нека го земе со себе артистот Мето Јовановски. Тој нека им влезе на министрите додека ручаат и нека им ја каже репликата од филмот "Тетовирање": "Признај, признај, п....... ти материна!".

# ГОЛОРАКИ АМЕРИКАНЦИ

**18 април 1992**

- **Од страв од Србија Маргарет Татвајлер видена на њујоршкиот аеродром како со група бегалци чека авион да избега на Куба**

1. Паника и страв владее деновиве по невообичаено пустите улици на американските градови. Илјадници незаштитени и оставени сами да се снаоѓаат, американски мајки со деца со денови чекаат на њујоршкиот аеродром да влезат во

еден од авионите кои ќе ги евакуираат на сигурно, на Куба или во Кина. Нивните вредни сопрузи и грижливи татковци, сосема голораки, со понекој минофрлач или снајпер ги запоседнаа значајните објекти во центарот на Њујорк и направија барикади низ њујоршките квартови за одбрана на родните огништа. Никој во светот не може да ја разбере оваа голгота низ која минува голоракиот американски народ, кој единственото што го сака е да живее во мир, обединет со сите Американци во една заедничка држава. Голема е огорченоста од сознанието дека модерниот свет не ја почитува правичноста, туку исклучиво интересот и силата.

Ова чувство дополнително е зајакнато со најновиот ултиматум на славниот српски војвода Шешељ, кој вчера го пренесоа сите големи американски ТВ станици: "Српскиот народ ќе ги фрли САД под нозе"! Претседателот Буш сè уште изјавува дека не прифаќа никакви ултиматуми. Но, кога "извесна Татвајлерова" се прочита себеси во белградските угледни весници, доби таков уплав, што не е исклучено наскоро и таа да биде прифатена како бегалка во Хавана или Пекинг. Најсериозно предупредување стигна од високо ценетиот дневен весник "Вечерње новости", кој на насловната страница со огромни букви предупредува дека САД и Европската заедница се впуштаат во опасна авантура на војна, од која тешко ќе можат да излезат без последици.

2. Очигледно Србија повеќе не може да го толерира однесувањето на САД и нивниот претседател Буш, кои од една страна постојано повторуваат дека се за мир, а од друга, под изговор дека го заштитуваат од геноцид американскиот народ, се договараат со Европската заедница да ги признаат сите републики од бивша Југославија кои Србија не сака да ги признае како самостојни држави.

Српскиот министер за надворешни работи се обиде да ги смири Американците со зборовите "Нема причина за паника и нема причина Србија да отстапи од принципиелната политика која ја водела и досега". Се разбира, доколку САД го почитуваат правото на Србите да останат да живеат во заедничка држава со сите оние кои сакаат да живеат со нив и со оние кои во меѓувреме ќе ги ослободат.

И Слободан Милошевиќ негираше постоење било какви паравоени формации на негоата територија, или пак, не дај боже, некој од Србија да учествува во агресијата на Босна и Херцеговина. А неговите весници со наслови "Белграѓанка – нишанџика", "Ослободен Зворник", "Српски доброволци во Бијелина". Па и на телевизија видовме како армијата "донесува мир" во Вишеград. Тие тоа го велат "го става под контрола градот". За слични акции, кога се работи за град во туѓа држава, има поедноставна реченица: "Го окупира градот".

3. Тоа што им стана јасно дури и на Американците, кои долго се надеваа дека Милошевиќ можеби ќе се смири, па и на Сајрус Венс, кој прво патува за Белград, изгледа единствено не им е јасно во Македонската телевизија. За нив, за она што се случува во Босна и Херцеговина сите се виновни. На дневниците уште се зборува за "судрените страни", "екстремистите", "националните лидери", "националните војски"... Изгледа и од војната во Хрватска ништо не успеаја да

научат, па пред некој ден на третиот канал имаа дополнителна лекција во која двајца гости во студиото зборуваа како "го ослободувале Вуковар од усташите".

Скраја да е, ама веројатно нема да ги сфатат работите дури кога ќе почнат и ним да им ја ослободуваат зградата. Еве, на последната седница на српското собрание повторно го актуализирале прашањето на границата со Македонија.

4. Последните настани во БиХ се само потврда дека од лошо секогаш има полошо. Еве, ние се жалиме дека ни е лошо, а други бегаат кај нас. Велат било добро.

На бегалците не можеме да им понудиме европски живот. Затоа што сè уште на знамето ни стои црвената ѕвезда петокрака. Така европското чувство за живот го сфаќа Љупчо Георгиевски. Сега ми е јасно зошто и Американците немаат чувство дека живеат во Европа. Кој ли ќе им изброи колку петокраки имаат тие на знамето?

Да си бидам искрен, се согласувам со Љупчо. И јас до денес не сум се почувствувал европски во Македонија. Само што, кога ќе застанам во редовите за бензин, кога ќе ја примам платата, кога нема да го најдам лекот што ми треба и кога ќе одам на Зелено пазарче да купам од шверцери масло за јадење и шеќер, затоа што во продавниците ги нема, ни на крај памет не ми паѓа дека тоа е така затоа што сè уште не сме ги смениле знамето, грбот и обележјата на границите.

5. Европско чувство, и тоа веројатно само за време на траењето на седницата на Собранието, имаше министерот Денко Малески. Ги слушаше внимателно цел ден, сигурно одвреме-навреме според дискусиите и самиот забораваше дека тие всушност расправаат за неговата интерпелација (што би рекол легендарниот Митко Анастасовски "интерпретација") и накрај – ладно си замина. Не го потресе ни тврдоглавото барање на некои ВМРО-вци: "Признај, та признај дека си виновен". Не признава човекот. Исто како Европа.

## БЛАГ СЕДАТИВ

**25 април 1992**

### • Д-р Блаже Ристевски ја спаси берзата во Њујорк од монетарна збрка со несогледливи последици

1. Појавата на потпретседателот на владата д-р Блаже Ристевски на завчерашната прес-конференција дејствуваше како благ седатив врз "неточно алармираната светска заинтересирана јавност" и во последен момент го спречи наглото паѓање на доларот на њујоршкиот Вол Стрит, кој за малку ќе го предизвикаа новинарите на македонските редакции, што неодговорно известија оти Републикава ќе воведе сопствена валута.

Дополнително смирувачко дејство, насочено кон домашната јавност, имаше обраќањето на другиот потпретседател д-р Беќир Жута. Сознанието дека ние,

како и досега, ќе чекаме да видиме прво што ќе направи Србија, "па врз основа на тоа и ќе реагираме", зајакнато со конечното разоткривање на главниот виновник за инфлацијата и сосема изместениот монетарен систем во ликовите на неодговорните и непрофесионални новинари, против кои во текот на вчерашниот ден во редакциите се "правеа соодветни постапки" (по сугестија на д-р Ристевски), во јавноста во Републиката беше примено со забележително олеснување. Наоѓајќи си утеха во неспорниот факт дека денес ни е добро, затоа што утре ќе ни биде полошо, вознемиреното, а потоа со ефикасна акција на Владата брзопотезно смиреното граѓанство се врати на своите вообичаени активности. Продолжи неуморно да ги обиколува продавниците и да ги споредува цените од пред неколку часа, застана трпеливо и спокојно во редиците пред бензинските станици, а богами без нервози ги посетува сите аптеки, затоа што знае дека лекови едноставно – нема, и затоа нема потреба за тоа да се секира.

Конечно, општопознатиот и широко прифатен стил на работа на Владата е – сè што работи да го сработи со што е можно повеќе компликации. Следејќи го позитивниот тренд на зацртаната Владина програма "секоја недела – барем едно мајтапење", дури и премиерот Кљусев на собраниската говорница се покажа како врвен чувар на државни тајни кога на пратениците им најави вонредна седница. А и министерот Лепавцов, од истото место, само десетина дена пред тоа на целата македонска јавност театрално ѝ соопшти: "Па, ние сме пред воведување на сопствена валута".

Што би рекол строгиот Блаже Ристевски: "Сите информации и коментари ги оценуваме како неодговорност, зашто редакциите треба самите да си направат оценка и да ги направат соодветните постапки".

2. За тоа време Владата нема да презема никакви постапки, затоа што за "чин што претставува првостепено значаен потег за секоја држава" (Б. Ристевски, повторно) се одлучува во Белград. Па сега чекаме Милошевиќ да си ја направи својата Југославија. Потоа ќе видиме како ќе реагира Владата, која сигурно "нема да седи со скрстени раце" (Б. Жута). Тоа што од понеделник можеме да се најдеме во ситуација да пазариме со странска валута, не е многу трагично. Само, досега барем се расправавме со марки.

Ослободување и овозможување на пријатно чувство кое го дава мирисот на српскиот динар ни ветува и Воислав Шешељ. На завчерашната седница на српското собрание тој предложи во Македонија "веднаш да се испратат две дивизии и да го растераат бугарското раководство".

Во исто време Милошевиќ ги убедуваше Карингтон и Пињеиро дека Србија нема територијални претензии ни кон една република.

Во исто време српскиот министер за надворешни работи Владислав Јовановиќ го убедуваше својот германски колега Геншер дека "Србија не е агресор".

Во исто време ниту еден од присутните министри во српската влада, кои го слушнаа овој повик за агресија, не реагираше.

Карингтон си одлета, а Милошевиќ остана во Белград да си ја прави Југославија. Бидејќи пред извесно време изјави дека од сите "опозициони" лидери најсимпатичен му е војводата Шешељ, најмногу ми е страв да не го наименува токму него за министер за одбрана на новата Југославија.

3. Без разлика што Србија прави нова Југославија, многу глупаво ќе биде ние да правиме нова Македонија. Ќе излезе дека ги копираме. А и не е фер за нашиот весник, да се даваат несериозни предлози, државата да ни се вика "Нова Македонија". Зошто да не биде "Вечер"? Остави што и националностите пак ќе се бунат дека се обесправени и загрозени. Зошто, на пример, да не се викаме "Флака"? Или, во знак на благодарност кон Турција – "Бирлик"?

4. На дежурните составувачи на соопштенија од ВМРО-ДПМНЕ им требаа неколку дена да напишат неколку реда осуда за тепањето на Македонците кај Роженскиот манастир. Злоупотребата на манифестацијата покрај гробот на Јане Сандански од страна на врховистичката ВМРО-СМД не ја споменаа.

Завчера во весникот се појави ваква вест: "На иницијатива на ВМРО-ДПМНЕ од Битола, вчера во Медицинскиот центар "Д-р Трипун Пановски" пристигна пратка од 18 тони лекови како помош од ВМРО-СМД од Бугарија".

Ништо не коментирам. Кој ќе помисли нешто лошо – срам да му е! И нека си ја "ишка" мувата од капата.

## ЈАКА ШТИКЛА

**9 мај 1992**

- **Производството на чевли за Филипинката Имелда Маркос – нова скопска провокација**

1. Не знам какви се народните обичаи и традицијата на Новата португалска република Лисабон, ама штом господинот Пињеиро решил да се претставува како кум, ако сака да ги почитува тукашните обичаи, каде што кумството претставува голема чест, требал однапред да размисли во каква финансиска авантура се впушта. Се знае, кога ќе му спискаме, уште и вака разочарани од глупавото име што ни го надена: "Куме, ти изгоре ќесето!", а тој, сиромашкиот, моментално без ситно – отиде честа на Европската заедница. Па ќе мораат честа да ја спасуваат на пример Англичаните, кои наводно предложиле да ни се даде некаква финансиска помош. А за ступидниот предлог за името ќе си се прават англичани.

Како високо патриотски настроен Вечерен Скопјанец (името на државата "Нова македонска република Скопје" не го прифаќам од каприц – за инает на "Нова Македонија" ќе си се викаме "Вечерна Република Скопје"), со нетрпение очекувам најновиот предлог на новопортугалските лисабонци да почне да дава

резултати.Тие досега се покажаа како многу конструктивни во решавањето на југословенскиот проблем. Како на пример нивниот дипломат Кутиљеро. Откако тргна по паметот на Радован Караџиќ и почна да си игра со цртање карти, свршија работа со Босна. Сега со името и нас ќе нè збришат. И така ќе ги решат сите проблеми. "Со име прифатливо за сите заинтересирани страни".

2. Во концепцијата не им влегоа Филипини. Кои, ете, ја признаа независноста на Македонија, иако тоа никој не го бараше од нив. Дури и никој не отпатува до Манила. Па сега нè ставија во незгодна ситуација. Не сме подготвени да им се заблагодариме.

Кога пред повеќе години диктаторското семејство Маркос бегаше од Манила, новинарите открија дека госпоѓата Имелда во нејзините ормари си ги заборавила своите три илјади чифта чевли. Сега, кога вдовицата Маркос учествува во претседателската трка, па уште и ако стане претседателка, ете ни шанса да се покажеме благодарни. Уште денес "Чик" и "Газела" нека почнат да изработуваат чевли за госпоѓата Имелда. Тоа што нема да отпатува за Филипини, ќе го продаваат тука. За сезоната пролет-лето, како колекција "Маркос".

Така, не само што ќе испаднеме фини пред Филипинките, туку ќе им приредиме "нова скопска провокација" на Грците. Ќе се повикаат на партизанскиот генерал Маркос, па ќе врескаат низ Европа дека им ја присвојуваме историјата. А на критичарите на надворешната политика на претседателот Глигоров и министерот Малески ќе може да им се одговори дека конечно "Македонија удри со ѓон" и "им акна штикла на Грците".

3. Во врска со однесувањето на САД и Европската заедница, кои "со сите средства се трудат да ја спречат војната и крвопролевањето во Босна и Херцеговина" и "ги разгледуваат мерките што треба да се преземат против Србија и Југословенската армија", ми текна на еден стар виц, ама добро се вклопува во сегашната ситуација:

Доаѓа синчето претепано дома и му се жали на таткото дека некое другарче од улицата го тепало. Слегуваат заедно и го наоѓаат тепачот. "Ти ли си го тепал син ми?" прашува таткото. "Јас!", одговара дрско мангупчето. "Ај да те видам, удри го сега ако можеш!", се сили таткото. Овој без размислување му удира уште една тупаница. Таткото зачуден од дрскоста, пак му се заканува: "Ај да те видам, уште еднаш!" Овој охрабрен го удира уште посилно. Синчето почнува да плаче и да моли: "Тато, ајде те молам немој да ме браниш повеќе!"

4. Мерките на антиинфлационата програма на Владата на Македонија, кои премиерот Никола Кљусев, во минатонеделната емисија "Директно со Владата", ги објасни на народски јазик со едноставната реченица: "Нема да имаш пари да купуваш раскошни производи од луксузна широка потрошувачка", граѓаните кои досега беа навикнати на невиден раскош и луксуз, па дури и си дозволуваа секој ден да си ги возат сопствените автомобили или, не дај боже, да ја обновуваат гардеробата барем еднаш годишно, сега си ги толкуваат секој на свој начин.

Пример број еден: Банкарски службеник зад шалтерот им објаснува на граѓаните зошто нема денари за исплата: "Па како не сфаќате дека тоа е суштина на реформата. Нема пари! Што ќе ви се пари? Ако си трошел литро масло, од сега ќе трошиш само четврт!"

Пример број два: Електротехнички инженер, вработен во релативно добро стоечка фирма: "Што се секираш, ќе земеме неплатено, ќе одиме во странство да работиме како келнери!"

Пример број три: Постара госпоѓа со купче рецепти пред шалтерот на една "државна" аптека: "Овие се договараат со Владата. Треба да изумрат што поголем број луѓе, за да можат тие што ќе преживеат полесно да ги прехранат".

5. Пред неколку дена претседателот на Собранието Стојан Андов се врати од Стразбур, каде што во име на Македонија го полагаше испитот пред Комитетот на земји нечленки на Советот на Европа за добивање статус на посматрач на парламентарното заседание на Советот. Рече дека нашите парламентарци го положиле испитот. Бидејќи беа четворица, сигурно си потшепнувале.

Се фалеа, а индексите не ги покажаа.

## НАРОДНИ МАЧЕНИЦИ 16 мај 1992

**• Владата конечно најде начин да го реши проблемот со пласман на раноградинарски производи**

1. Којзнае уште колку време ќе живеевме во заблуда, завидувајќи им на платите на саканите ни народни платеници, да не се појавеше Стоиле Стојков кој, сиромашкиот, собра храброст пред целата македонска јавност да ја открие бедата на македонскиот парламентарен систем. Длабоко разбирајќи ја неговата очајна позиција кога вели: "Па, 100 илјади денари, пари ли се тоа?". Кај нас, кои како новинари во принцип сме сурови и под строга контрола на комунистите, конечно проработи чувството на човечност и откажувајќи се барем за извесно време од понудените амбасадорски места, решивме да одвоиме солидарна помош за нашите длабоко почитувани народни маченици.

Проблемот се појави дури кога решивме да издвоиме по една солидарна дневница, за да ја помогнеме историската мисија на господинот Стојков и неговите другари. По опсежни подготовки и прецизни пресметки, дојдовме до разочарувачкото сознание дека, според бројот на вработените во "Вечер", збирот од нашите дневници за малку не може да ја достигне сумата од една мизерна пратеничка плата од стотина илјади денари. Настрана, што на наша совест лежи информирањето од седниците на работните групи на Собранието, кои никако да се одржат.

Презафатените платеници никако да се појават по комисиските расправи, така што човек со стопроцентна сигурност може да претпостави дека се работи за штрајк поради ниските плати. Од таа причина и си се договорија да го изменат Уставниот закон. Шест месеци им беа малку да ги донесат "државотворните" закони. Па сега си дадоа фора уште шест месеци. Таман кога ќе се вратат од одмор, наесен, ќе почнат да работат.

Впрочем, самиот потпретседател на Собранието Тито Петковски за пролонгирањето на Уставниот закон, за тоа што не се донесени други закони, рече дека во тој поглед сме биле – феномен. Што е уште една потврда дека имаме феноменален парламент. Затоа и не треба да го менуваме. Среќа наша што народните платеници се длабоко свесни дека се незаменливи, па самите имајќи ги пред себе високите идеали да направат држава во која ќе имаат плата за која нема да се срамат да кажат колкава им е, решија да продолжат да се жртвуваат.

2. Само, мав ни е работата ако жртвувањето на платениците не биде координирано со претставниците на Владата. Во таа насока и легендарниот народен маченик Ѕинго, при расправата за проблемот на пласманот на раноградинарските производи на територијата на бивша Југославија, рече дека "тука треба посебно да се ангажира Владата". Но додека да појасни оти "не мислел сега Владата да треба да оди во Загреб на пазар и да продава раноградинарски производи", експертски и експресно премиерот Кључев во главата веќе си направи план, кој министер на кој пазар да го испрати.

Тој самиот веднаш се виде во улога на накупец, како се ценка на Кванташкиот пазар во Скопје со производителите на зеленчук. По патиштата низ бивша Југославија, како министер за сообраќај, ќе го седне зад воланот на некое скапано "Тамче" лично Александар Лепавцов. Ем ќе го вработи според она што му е ресор, ем лесно ќе се снаоѓа по новите држави, затоа што човекот е нели – полиглот. За оние што ќе ги постави зад тезгите по пазариштата не треба многу да внимава. Барем одредено ниво на пазарно ценкање знаат да покажат. Само и таму да не се прават експерти. Ни отидоа пиперките и доматите бадијала. За Белград, каде што функционира најголемата црна берза, ќе треба да се испрати некој поачик човек. На пример, минситерот за финансии Тошевски. Ем да продава, ем да ги разменува динарите за денари. Единствено на кого не може да смета е министерот Денко Малески. Со него производителите на ран зеленчук мислат да направат пробив во Европа. Ќе го снабдат со горчливи краставици. Да им врати мило за драго на граѓаните на Европа. Да почувствуваат малку и тие што значи горчлив живот. Единствена опасност е ако некој радикален земјоделец му подметне за продавање лути пиперки. Ќе ги налути Европејците, па ќе ни го одложат признавањето уште некој месец. Додека не се издуваат.

3. Педантните хроничари на движењето на курсот на конвертибилните валути кои можат да се најдат на црната берза на Бит-пазар во Скопје, забележале дека

вредноста на девизите нагло се зголемува неколку дена пред некое патување на претседателот Киро Глигоров во странство.

Сега битпазарските дилери се ангажирани во решавањето на проблемот како да уфрлат некој свој човек во Министерството за односи со странство. Така би биле во тек со сите подготовки за патувања и би можеле да реагираат на берзата. Имено, Министерството за внатрешни работи прави рации за запленување девизи пред секое патување на висока државна делегација во странство. Бидејќи банките немаат пари, патните трошоци се подмируваат од девизите запленети на Бит-пазар.

Логиката на варирањето на курсот е повеќе од јасна. Штом се најави некое патување, се знае – следи рација. Девизите се кријат и цената им расте.

А јас се чудев зошто Кабинетот на претседателот почна патувањата да ги најавува само еден ден однапред.

## ДОМАШНИ СТРАНЦИ

**23 мај 1992**

- **За инает на цел свет и во знак на солидарност со другите напатени народи, ЈАТ ќе воведе линии за Хавана и Багдад**

1. Којзнае како се извадил од памет рускиот министер за надворешни работи Андреј Козирев кога, таман пред да се качи на авионот за да летне за Скопје, брцнал по џебовите и видел дека му ја нема нотата за признавање на Македонија. Се возбудила цела булукмента негови соработници, па дури и домаќините глумеле дека буричкаат по џебовите, небаре ја бараат несреќната нота, ама – џабе. А човекот сè си мислел дека го зел хартивчето уште во Москва. Белки не е толку замаен за да го загуби по пат. Па мораше да измислува рачки зошто ја прекинува миротворната турнеја.

Арно ама, во меѓувреме, благодарение на штотуку потпишаната спогодба со полицијата на Турција, министерот Фрчковски размени корисни информации од областа на безбедноста и дојде до сознание дека нотата на гостинот од Русија му ја украл од џеб Милошевиќ, додека срдечно и пријателски се поздравувале. Што е тоа за таков мангуп кој можеше да направи две војни и после пак да се претставува како миротворец. Ем не го пушти во Скопје. Ем му смисли невреме над Сараево. Ем го задржа уште една ноќ на спиење во Белград. На пријателско убедување. Ем му направи традиционално пријателска услуга на Мицотакис.

2. За возврат, од Грците ќе бара барем тие да не ги затвораат нивните аеродроми за авионите на ЈАТ. Ако можат уште да се заземат за него и во Европската заедница, да притискаат да не донесат заедничка одлука за блокада на ЈАТ-овите линии, ќе му дојде уште подобро. Затоа пред Мицотакис ќе истапи со допол-

нителен аргумент. Единствената меѓународна линија на која ќе лета српската авиокомпанија ќе биде Белград – Скопје. А тоа не би им се допаднало којзнае колку на Грците.

Во секој случај, и да се донесе заедничка одлука да им се забрани слетување на авионите од Србија на аеродромите на земјите на Европската заедница, Мицотакис ќе најде оправдување. Како, кога неодамна мораше да го повлече амбасадорот од Белград, па даваше изјави дека на тој начин ѝ помага на Србија. Ќе биде голема штета за авторот на рекламните слогани кои ги користат српските агенции нудејќи ги своите летни аранжмани. "Летујмо тамо, где смо добродошли!" Ќе мора ЈАТ да отвора нова линија за Хавана. Или, за инает на србофобичните Американци и Европејци, ќе го изврши летот за Багдад.

3. Единствената ЈАТ-ова меѓународна линија Скопје – Белград ќе ја користат екипите на македонските театри кои оваа година ќе настапуваат на Стериинoто позорје во Нови Сад. Ама, како домашни патници, зашто српскиот печат настапите на Драмскиот театар од Скопје и Народниот театар од Битола ги најавува како претстави од домашна конкуренција. Заедно со претставите на уште три театри од Белград и по еден од Крушевац, Бар и Суботица. Интернационалците доаѓаат од Братислава и Париз.

Бидејќи уметноста не треба да се меша со политиката, нашите театри ќе го дигаат борбениот морал среде Нови Сад. Додека салата ќе ечи од аплаузи, Босна и Херцеговина ќе ечи од бомби и гранати. Љубителите на уметноста што се прославија со уривање на Вуковар, Сараево и Мостар и што покажаа толку уметнички ентузијазам што не им пречеа ни изјави од типот: "Ќе го изградиме Дубровник повторно, ако треба уште поубав и уште постар!", ќе си ја одржат традицијата на југословенските театарски игри, на кои во некои други времиња беше прашање на престиж и да се учествува, а камоли да се победи.

Глупавите Хрвати и Словенци не патуваат за Нови Сад. Што знаат тие што е тоа интернационален театарски фестивал. Остави што немаат поим ни што е политика, а што уметност. Само ние сме паметни.

Само не и доволно расипани. Кога можеа, за да го лажат светот, проширената Србија да си ја прекрстат во СР Југославија, зошто да не можат и еден српски фестивал да го прекрстат во интернационален?

4. На времето имаше уште еден многу ценет театарски фестивал. Се викаше Мали експериментални сцени – Сараево. Размислуваат ли понекогаш љубителите на уметноста, што воопшто не ги интересира политиката, на темата: "Кој го уби МЕСС"?

5. Во тоа исто Сараево, познато по оној здрав босански хумор од вицовите за Мујо и Хасо, сите шеги последните месеци се правеа на сметка на војната што мирисаше.

Затоа, страв ме фаќа кога ги слушам деновиве разговорите низ Скопје, во кои низ шега се зборува за хуманитарните пакети што ќе ни ги испраќаат САД,

за логорите за бегалци што се подготвуваат, за тоа кој какво оружје може да набави, дали го подготвил подрумот или не...

На смеа, на шега, од Сараево како без глава избегаа и европските посматрачи и унпрофорци од Обединетите нации, заедно сосе командантот.

6. Што би рекол некојси претседател на некојаси Зулу партија во Јужна Африка: "Не сме Југословени, па да не можеме да се договориме!" Ако може тоа да биде некоја надеж, ние сме – бивши Југословени.

Што значеше тоа – договор?

## БЛАГОПРИЈАТНА СПЕСТЛИВОСТ 30 мај 1992

### • Во Скопје нема улица со име "Васо Мискин"

1. Емитувањето на серија филмувани прикази на теми позајмени од делата на Чарлс Буковски, во "пристојно" време (по дневникот) на програмата на Телевизија Србија, беше повод пред десетина дена страниците на белградските весници да се полнат со купишта аргументи "за" и "против" елементите на лесна еротика кои задираат во моралот на србијанските гледачи. Загрижените за чистунството на српските души се згрозуваа над атакот врз моралот, кој преку ТВ екраните се врши дури и на најмладите гледачи.

Како одговор на загрижените чувари на духовното достоинство, во уште попристојно време, на почетокот од дневникот, веднаш зад омилените цртани филмови и забавните ЕПП пораки, пристигнаа сликите на ужасот од сараевската улица Васо Мискин. Најголемите мајстори на хорор-филмовите од светот сега можат да му носат вода на режисерот со психијатриско потекло Радован Караџиќ, а продуцентите на остварувањата што ги полнат светските киносали можат да му се фатат на малиот прст на четничкиот "ѓенерал Ратко Младиќ. А Бранко Костиќ, од седиштето на филмската компанија, порачува дека "треба да се најде злосторникот". Иако, кога се претставуваше како потпретседател на Претседателството на СФРЈ, го потпиша унапредувањето на истиот тој Ратко Младиќ. Велеа тогаш, бил заслужен, се покажал во борбите околу Книн. Таму немаше телевизиска екипа што ќе можеше да ги овековечи неговите заслуги за народ. Што во никој случај не треба да буди сомневање кон неговите квалитети.

За инает на картографите од Европската заедница, за кои имавме илузии дека имале барем малку повеќе памет од Радован Караџиќ, по асфалтот што решиле да го делат на етничка основа течеше измешана крв од трите народи. А граѓаните на Србија, на кои така демократски им се нуди да изберат меѓу Слободан Милошевиќ и Воислав Шешељ, пред преполнетите излози на "Кнез Михај-

лова" во Белград ѝ се спротивставуваат на неспособната Европа со зборовите: "Србија нема да падне на колена". Тоа што луѓето на "Васо Мискин" останаа и без колена е ништо во однос на светите цели кои си ги постави големиот Вожд.

Оние во светот барем имаа уште еден повод за осуда на варварството, не криејќи од својата јавност кого сметаат за главен виновник. Со осуди и реакции се јавија многу државници, влади, претставници на политичкиот живот... Ние молчевме. Нам тоа не може да ни се случи. Во Скопје нема улица со име "Васо Мискин".

2. Затоа пак ние сме преокупирани со решавање на дилемата од витално значење за антиинфлационата програма, која упростено се сведува на прашањето: Дали машините за перење се луксузна стока! Благодарејќи на гостопримството што, нели, само МТВ му го укажува на премиерот Кљусев, завчеравечер имавме "пријатно задоволство" да ја гледаме емисијата "Директно со Владата". Од полемичниот разговор можевме да претпоставиме дека колегата Љупчо Кирков има "непријатно задоволство" да му биде расипана машината за перење токму во овие тешки моменти за македонската држава, кога народот мора да се одвикнува од старите навики и да се навикнува на "спестливост". Бидејќи премиерот проблемот со пералните го апсолвирал кога бил во Њујорк, по долго убедување го испрати новинарот да пере во јавни перални. Кога можат њујорчани, зошто да не може и Кирков?

Враќањето во иднината (петти дел), во продукција на МТВ, како остварување на образовната програма, со работен наслов: "Колку ќе ни биде убаво во комунизмот!", ја погоди поентата во клучната реплика: "Во овие тешки времиња треба да се воздржиме од раскошно однесување со купување фрижидери, перални, гардероби, чевли, телевизори, коли што лежат по улиците недоволно искористени, а некои дури купуваат и перални за садови".

3. Вечерта во комунизмот, утредента кај Радоман Божовиќ во Белград. По вторпат. Бидејќи ние не патиме од комплекси, многу ни е гајле тоа што цел свет се подготвува да ѝ воведе санкции на Србија. Па, ем им треба соработка со нас, ем условуваат со разговори кај нив. А нашиот премиер ги сфаќа проблемите на неговиот колега кој се подготвува за избори. Што никој во светот не му ги признава за легитимни.

4. Следејќи го советот на премиерот, новинарите да пишуваат за "типични работи од позитивен аспект", надоврзувајќи се на соопштенијата на Министерството за информации во кои секојдневно ни повторуваа дека потпретседателот на Владата д-р Блаже Ристевски учествува во работата на Меѓународниот конгрес за словенската култура во Москва, еве еден цитат од новинските извештаи од завршувањето на Конгресот.

"... Со акламација е усвоена и Нацрт-резолуција за Југославија, што ја прочита Радмило Мароевиќ, претседател на Српскиот фонд за словенска писменот. Во Резолуцијата се изразува протест против мешањето во внатрешните работи на

Југославија, што се претвори во отворена војна против оваа држава од страна на Ватикан и Германија од една и САД од друга страна, како и ЕЗ и КЕБС..."

5. На вечерата во хотелот "Метропол" во Охрид не гостуваше артистот Мето Јовановски. Рускиот министер Козирев сепак утредента го обелодени признавањето на Македонија без на него да се врши притисок со репликата од "Тетовирање": "Признај..."

Какви методи биле применети, ќе остане дипломатска тајна.

## ФОЛК-ФЕСТИВАЛ **6 јуни 1992**

- **Според Бадинтеровата комисија текстот на понудената химна "Три девојке тикве брале" имплицира територијални претензии кон соседите**

1. Организаторите на фолк-фестивалите "Валандово" и "Цветници" подготвуваат тужба против потпретседателот на Собранието на Македонија Тито Петковски, затоа што како извршен продуцент на нововостановената музичка смотра "Македонска пролет – Химна 92", играјќи на перфиден начин со патриотските чувства на граѓаните, ја доведе во прашање популарноста на нивните фестивали. Предноста на "Македонска пролет" е во тоа што им овозможува на слушателите активно да учествуваат во натпреварот за избор на најдобра химна, бидејќи при нивното емитување можат да вежбаат станување и седнување. Во зависност од тоа колкумина на која музика ќе почувствуваат потреба да станат, ќе се изврши рангирање по квалитет. Уште во старт ќе бидат елиминирани оние химни, за кои поголем број од слушателите ќе почувствуваат потреба да клечат.

Притоа на секој му е дадена целосна слобода да врши анализа на понудените мелодии, да ги толкува според своите гледања и да си игра асоцијации. За еден од анкетираните читатели на "Вечер"најважно било кога ќе нè признаат, па затоа предлага за химна да се избере народната песна "Со маки сум се родил, со маки и ќе си умрам". Навистина во битието на народот што ги населува овие простори е вградено чувството за помирување со судбината, што оди дотаму да претставува чист мазохизам, ама, нели, сега се наоѓаме во фаза на преобразба и би било пожелно историскиот момент да го овековечиме со некоја весела песна.

На пример, "Дојди ми Лено на перниче бело" асоцира на деновите на искушение кога Србија сакаше да нè смести во скусената федерација. Оние пак кои сè уште жалат за старата Југославија, се трогнуваат на "Ника, Ника, убава Марика, ми остави само слика", длабоко свесни дека новата држава се јавува како сукцесор на старата Југославија, а во делбениот биланс ќе наследи "само слика".

Најпогодна за младата балканска државичка сепак е химната "Кога љуби мома млада, љубовта е силна жешка". Текстот ја сугерира подготвеноста за

отвораење  на границите, повикот за дијалог и разбирање со соседите, како и добрата волја сите отворени прашања да се решаваат на мирен начин и со дијалог. Ако во оваа химна успее некако да се вкомпонира и "Ќе се грчам, ќе се турчам", ете ја на дело и нашата ориентација за регионални интеграции.

Во последен момент од конкуренција излезе "Три девојке тикве брале". Иако предлагачот го бранеше предлогот со порака за добрososедство, на предлог на Грција Бадинтеровата комисија ја ислуша песната и заклучи дека химната не е во согласност со Уставот на Република Македонија. Трите девојки имплицираат територијални претензии кон соседите, бидејќи асоцираат на трите дела на Македонија. Како ревносен соработник  на Конференцијата за Југославија, нашето раководство се откажа од "трите девојки" и на граѓаните им предложи за химна да си ја изберат "Сардисале лешочкиот манастир".

2. Со тоа пак се вративме на традицијата да си пееме тажни песни. А за организаторот на фестивалот, продуцентот Тито Петковски, се предвидува апсење по итна постапка. Затоа што го распејува народот во време кога Блаже Ристевски прогласи вонредна состојба. И дозволува, слушајќи ги песните, новинарите да си прават "злободневни и прилично слободни коментари што можат да се слушнат во нашата јавност". Наместо да му се воодушевуваат што тој, како единствен претставник од Македонија, на Конгресот за словенската култура во Москва се чувствувал како Димитрие Чуповски во 1912–13 година, кога се борел против српските емисари.

Во вонредна состојба се забранети слободни коментари. Дозволено е само слободно замајување на јавноста со најави за признавање на Македонија како проверен трик за ефтини политички поени. Реинкарнираниот Димитрие Чуповски нè извести дека "Естонците нè признале, ама кога дознале дека Русите нè признале, тие рекоа дека ќе нè признаат"!? А украинскиот министер за надворешни работи требаше да се врати од пат и да ја потпише нотата за признавање уште пред 12 мај. А и Молдавците му ветиле по телефон на Чуповски дека ќе ја прателе нотата во Скопје... И оди после, немој да ги објавуваш овие работи. Па нив ги кажува потпретседател на Владата. А неговиот збор има тежина.

3. Голема тежина имаат и зборовите на пратениците во Собранието. Особено тогаш кога зборуваат за пазарна економија. И кога дискутираат за Законот за трансформација на општествениот капитал. Најмногу се цени зборот на социјалистичките директори-акционери. Како оној на Ѕинго што воведувањето на законот за приватизација го гледа како воведување на неред и анархија. Не се вклопува во неговите погледи на редот. Уште со интерните акции не го откупил целиот "Силекс".

Она што радува е сознанието дека нашите директори сепак не се толку радикални како премиерот, кој веднаш ни нуди комунизам. Тие си го сакаат социјализмот. Најдобар ред е ако во областа на сопственоста има најголем неред. Освен тоа, толку се насекираа за работничката класа, ако можеа да ги чујат

Маркс и Ленин, ќе станеа од гробовите и ќе им се придружеа во дискусијата. Тоа што со интерните акции на работниците ќе бидеме феномен, единствена земја каде што штрајкуваат акционери, ќе биде само уште една потврда на нашите демократски принципи.

За на предлагачот да му помине овој закон пред ваков состав на Парламентот, најдобро е да предложи амандман што ќе гласи: "Овој закон никогаш нема да се применува".

4. Непријателите на "Вечер" и оние што сакаат да нè укинат не мораат којзнае колку да се трудат. Од вчера се продаваме по цена од 200 денари.

# ЛОЈАЛНА ДРЖАВА

**13 јуни 1992**

- **На знамето треба да се аплицира половина сонце без зраци, за да личи на кече**

Додека на највисоко ниво, во Уставната комисија во Собранието на Македонија, цела група одбрани умови од сите области се труди да го постигне и невозможното, како што е на пример обидот да открие која нота од музиката на предложените химни има скриен национален знак, или пак се замајува со дискусии од типот која нијанса на боја за знамето и грбот има засилена национална нагласка, додека траат консултациите дали сонцето треба да има долги или куси зраци, или пак да остане "голо", или да биде половина сонце – за да личи на кече, никому од тој збир на мозоци, што еднакво се разбираат и во уметноста и во политиката, не му падна на памет барем со едно ливче хартија да ги информира претставниците на националностите, кои не ја уживаат таа привилегија да бидат Албанци, што и како имаат на ум да им смислат за идното обележје на државата чиишто државјани се.

Господата имаат еден збор што немам обичај да го употребувам – лојалност. Лојалните граѓани се наградуваат. Не се ни казнуваат. Може само да се игнорираат. Наградата следи за оние што како самопрогласени водачи на својата нација повикаа на бојкот на пописот, на бојкот на референдумот за независна Македонија, не гласаа за Уствот, не се пријавуваат на регрутните покани за служење во македонската армија... Другите националности ја немаат таа привилегија – не се толку бројни, а и водачите не им се толку паметни како на пример Невзат Халили.

Што ќе се случеше доколку, на пример, Демократскиот сојуз на Турците изјавеше дека не ја прифаќа "Денес над Македонија", затоа што во текстот се споменуваат Делчев, Гули, Груев и Сандански кои се бореле против османлиското ропство? Или пак, ако Фаик Абди го напушти Собранието затоа што во знамето ја нема сината и зелената боја од симболите на ромската партија? Дали на некој таков сличен потег на Власите, Египќаните, Србите или било кој друг

граѓанин, претседателот на Собранието Стојан Андов ќе ја прекинеше целата постапка за донесување на државотворните закони? Дали претседателот Глигоров под итно ќе ги викаше на убедување во својот кабинет?

2. Испитот за лојалност кон државата овие месеци тешко го поминуваат и најголемите Македонци. Нека застане премиерот Никола Кљусев во ред пред било која бензинска станица во Скопје и нека гледа директен пренос, кој му ја урива антиинфлационата програма. Дали "Макпетрол", кој со нередовен дотур на бензин врши притисок за зголемување на цената, или оние "лојални" граѓани на Македонија, меѓу кои и "најголемите" Македонци, кои по пет пати во денот се редат да наточат гориво во својот резервоар, па потоа дебело им да го препродадат на Косоварите?

Забележувајќи, во близина на една бензинска станица, како еден скопјанец ги вади регистарските таблички од своето возило за да му ги позајми на друг возач со косовска регистрација, една колешка се сети на деновите кога добивме нова валута и кога нашите "лојални" граѓани цел ден се вртеа во редовите пред шалтерите, за да им ги заменат вреќите динари на шверцерите, за ситна провизија. Кога незадоволна затоа што не можеше да подигне ни пет илјади денари се појави на работа, првата реакција ѝ беше: "Со ваков народ држава не се прави!" Тешко неа! Ја направивме непријател, дефетист, србоманка... Сега само ја раскажа приказната за промената на табличките. Ништо не коментираше. Како лојална граѓанка.

Затоа пак, кога пристигна веста дека Електростопанството бара 150 на сто покачување и дека Владата го одбила барањето на "Макпетрол" за слободно формирање на цената на дериватите, разочарано се јави: "Па добро бре, мајката, кога можевме ние и уште којзнае колку илјадници победни од нас да трпиме и да чекаме програмата да даде некакви резултати, зошто не можат тоа да го направат и многу побогатите од нас?"

Тука некаде се менува тврдењето дека "со овој народ држава не се прави". Зашто, кога државата не е способна да се пресмета со една група дрчни монополисти, кои отворено ѝ ја урифаат политиката, тогаш проблемот сепак е во неа, а не во народот.

3. Не знае човек дали е пострашно кога граѓаните ќе ѝ откажат послушност на државата или кога највериниот пријател ќе ти го сврти грбот. Ете Мицотакис, вистински Грк-трговец, и тоа од оние најрасипаните, кога виде дека другар му Милошевиќ ќе паѓа и повеќе ништо не може да добие од него, не само што му "раскина", туку и почна да го цинкари низ светот. Па сега ги вади на видело пикантериите од времето кога беа во голема љубов.

За верување е дека Милошевиќ му предложил да ја делат Македонија. Ама Мицотакис не прифатил, затоа што Милошевиќ мислел на поделба на цела Македонија. Во тој случај за Грција би останало како што е и сега. А делот од Македонија што се вика Република Македонија би му припаднал на Милошевиќ.

Затоа Мицотакис не се согласил. Сега треба да се јави Милошевиќ и да го исцинкари традиционалниот пријател дека овој му предложил нему да го делат Скопје. А Милошевиќ во прв момент не сфатил во што е работата. Мислел дека треба да се дели градот. Тогаш, уште неискусен, бидејќи поделбата на Сараево не му беше почната, нешто се премислувал. Накрај се соочил со јавноста која се насекирала кому ќе му припадне Камениот мост, зашто нели тој бил Душанов, и пријателски го замолил Мицотакис: "Ништо од делбата – или цело Скопје, или ќе ти го земам и Солун". Ете, затоа Мицотакис морал да го пријави кај партнерите во ЕЗ.

4. Како и да е, Слобо и натаму успева да им се спротивставува на притисоците. Вчерашниот број на "Вечерње новости" донесува оптимистички текст во кој се вели дека и покрај блокадата, фирмата "Јунит" од Нова Пазова продолжува со извоз на Запад. "Јунит" го произведува сексуалното помагало ВЕП, за кое, како што пишуваат "Новости", како луди се тепаат некои земји на ЕЗ.

Кој вели дека Слобо може некој да го симне? И покрај сè, тој сепак наоѓа начин да го дупи светот.

**20 јуни 1992**

# КУРБАН БАЈРАМ

- **Девизните штедачи ја имаат последната шанса да станат акционери на пропаднати фирми**

1. Конечно обелоденетиот податок дека парите од девизните штедни влогови на граѓаните од Републиката не се пренесени надвор, во Народната банка на бившата Југославија, туку останале тука, ама се изгубиле некаде низ стопанството, ќе остане забележан во поновата историја на Македонија како прво признание дека, ете, имало некоја работа за која виновниците не се наоѓаат надвор и дека граѓаните всушност ги испокрала нивната држава.

Сознанието дека оваа работа нема никаква врска со унитаристичкот Белград предизвика длабоко разочарување кај гневните штедачи, само објаснувањето дека немало никакви манипулации со нивните пари, освен што им биле давани на македонските стопанственици за покривање на загубите, успеа малку да ги орасположи, сфаќајќи дека се работи за добра шега. Зашто, може ли да се употреби друг збор освен терминот "манипулација" кога некој ќе ти ги земе парите, за да му ги даде на друг, а тебе воопшто да не те прашува за тоа.

Идеите, пак, на оштетените штедачи да им се доделат акции на самоуправно приватизираните фирми, како надомест за парите што им биле земени, веќе никој не ги сфаќа како шега, туку како сериозна загриженост за умственото здравје на авторите на таа генијална замисла. Така, богатите гастарбајтери, со по неколку

стотици илјади марки во штедните книшки, ќе станат акционери на пропаднати фирми.

Тоа не е ништо чудно, затоа што станува збор за Македонија. Впрочем, и акционерите што седат во управните одбори на банките всушност ги претставуваат пропаднатите фирми. Порано, кога, нели, владееше едноумието и кога бевме социјалистичко самоуправно општество, тие само имаа друго име – се викаа комитенти, односно основачи. Местото каде што одлучуваа кој колкав кредит ќе си земе се викаше Собрание на банката.

Оние со дебели конта во книшката, бидејќи повеќето работеле во странство, многу не се разбираат во нашата специфична терминологија. Ама знаат дека парите им ги нема и дека во банките каде што ги оставиле на чување, повторно одлучуваат тие што им ги зеле.

2. Така "драстични" промени не се направени само во банките. Радикално изменетата ситуација во нашето ново општество, во кое ни цути пазарната економија, прогресот го предизвикува силната конкуренција и борбата за престиж во што поквалитетна стока и услуги со што помала цена, се гледа токму деновиве, кога почнува да се урива антиинфлационата програма.

Самоуправните акционери од незначајните сектори во стопанството, кои ние неоправдано ги нарекуваме монополисти, како во старите добри времиња кога наместо А.Д. беа О.З.Т., штом се најдат во тесно, бараат нови цени. Сега, бидејќи се пазарно ориентирани, некои не се ни консултираат. Ете, Топлификацијата поскапе преку ноќ, тајно – потајно не може да биде. Пред неа, со тројно повисока цена нè израдуваа поштарите. Тоа им дојде како наплата за квалитетниот телефонски сообраќај со кој ни дозволуваат да се луксузираме, да добиеме слободна линија по само 5–10 минути "мртов" телефон. "Макпетрол" дури почна да форсира и бонови за бензин, за да врши притисок за нова цена. Најмногу поддршка на антиинфлациониот пакет на Владата му даваат струјациите. Бараат "ситно" покачување од околу 200 од сто.

Ако од сето ова му се смачи, човек не може ни да умре без од него да не се направи профит, како во вистинско пазарно општество. Навистина, фалинка е што и умирањето, исто како и телефонирањето, трошењето струја, точењето бензин, е без конкуренција. "Бутел" е единствено погребно претпријатие. Добра работа пак е што човек може да испушти душа, а да се чувствува како господин. И тоа е акционерско друштво. И тоа, со оглед на познатите состојби во здравството, работи како високопрофитабилна фирма. Со репроматеријали од домашни извори. Грозно.

3. Насекаде промени. Најмногу во Штип. Таму трае предизборната трка за само едно пратеничко место во Собранието на Македонија. Мора да е многу вредно, кога сè што можеше да се регистрира како партија во Македонија истакна свој кандидат. Па, родниот град на претседателот на Републиката и на премиерот стана арена на меѓупартиски пресметки.

Сосема случајно, претседателот Киро Глигоров се појави во родниот град и ја посети тамошната библиотека. Вечерта Телевизијата како што е ред емитуваше подолг извештај од тој настан и тоа со тонски запис од прес-конференцијата на претседателот во Штип. И го пушти токму тој дел, каде што тој, божем не сакајќи, ги коментира нападите на неговата личност, направени пред неколку дена во рамките на предизборното претставување на една од партиите. Не го спомна името на Љупчо Георгиевски.

4. Не се споменува ни името на нашата држава, коешто евентуално би го прифатиле за да не им го скршиме атерот на кумовите од Европската заедница. Мене многу ми се допаѓа она "Бившата југословенска република Македонија". Скратно БЈРМ. Тоа за надворешна употреба. За домашна пак, за да не го кршиме јазикот, ќе си се викаме БАЈРАМ. Така ќе ги исполниме двете барања, и она за "Бившата..." и она за две имиња, едно вистинско, друго прекар, или нагалено.

Ќе продолжиме да си правиме бајрам на умот дека Европа искрено прави напори да нè признае. Само да не отидеме курбан. Ќе се викаме Курбан Бајрам

# КОМУНИСТИЧКИ МАНИФЕСТ

**27 јуни 1992**

**• Секој според можностите, секому според потребите!**

1. Пуританското идеолошко убедување дека со секое пречекорување на портите на Собранието на Македонија се остварува историската мисија на неокомунистичките пратеници, за кои токму сега е вистинскиот момент да се достигне светлата идеја: "Еден за сите – сите за никаде", наиде на невидено воодушевување и безрезервно прифаќање кај повеќе од 180 илјади пензионери, кои пред ТВ екраните не можеа да ја сокријат возбудата, трогнати од љубовта со која нивните народни платеници ги опсипаа на последната седница. Во одреден момент од ТВ преносот, некои од нив дури размислуваа да трркнат до собраниската зграда, да им ги соберат шамивчињата, уште незасушени од солзите кои пратениците пред извесно време ги лееја за земјоделците и со последниот денар од незамрзнатата пензија да им се понудат да им ги исперат и испеглани да им ги подготват за следното парламентарно заседание.

Посебно им се допадна идејата на неодминливиот Митко Анастасовски за класификација на граѓаните, со приоритет за замрзнување. Тој не се согласи Владата да ги стави пензионерите во најдлабокиот фрижидер. Иако, во суштина, идејата се чини општоприфатлива. Сите во фрижидер, со хибернација, ќе чекаме подобри времиња. Тој имаше и друга идеја. Тие со најмали пензии да добијат зголемување од 80 до 100 од сто, а тие со најголеми – 1 до 2 од сто.

Навикнати вакви генијални мисли да слушаме од видовитиот Митко, не успеавме ни да се изненадиме од дискусијата на неговиот партиски колега

Александар Спироски, кој рече дека пензионерите се една категорија – непродуктивни граѓани, и сите, од курир до директор, треба да имаат исти примања. Враќајќи ја така на голема врата во македонскиот политички живот идеологијата на Комунистичкиот манифест, дефинирана: "Секој според можностите, секому според потребите", си земам за право да побарам плата, барем колкава што имаат пратениците. Особено што и тие во народот важат за категорија непродуктивни граѓани. Кога може така да размислува еден дипломиран правник, зошто тоа да не му е дозволено на дипломиран новинар?

Каде ли ќе им беше крајот на пензионерите, доколку в.д. директорот на Фондот за пензиско осигурување Киро Зрмановски го земеше за сериозен пратеникот Цветан Јовчевски кој, како што рече, "неколку пати оргирал да се смени начинот на исплаќање на пензиите". Тоа што наместо "ургира" постојано го употребуваше зборот "оргира", целосно се совпаѓа со неговата потпаленост за ефикасно решавање на проблемот. И така е целиот зацрвенет во образите.

2. Со изборните ветувања од типот: "Еднакви пензии за сите пензионери!" во белградската работничка населба Раковица своевремено триумфираше српскиот пратеник Воислав Шешељ.

Хилтлер ги освои срцата на Германците ветувајќи им социјална еднаквост.

3. Останува сосема нејасно како за судењето на седуммината во Велес, за кои во ВМРО-ДПМНЕ се зборува како за најголеми Македонци, толку се заинтересира Бугарија. Работите опасно смрдат, штом и бугарското Министерство за надворешни работи официјално бара од нашето министерство подетаљни информации за, како што велат тие, "седуммината обвинети за тероризам".

Во бугарските средства за информирање се тврдело дека "тие се репресирани поради нивните бугарофилски национални убедувања и дека во одделни средини во Република Македонија започнува кампањата на заплашување и спречување на симпатии кон Бугарија и бугарскиот народ".

Судењето, демек, создавало "сериозна загриженост и неспокојство во бугарската јавност", особено (внимавај добро!) "во овој момент кога Бугарија ја призна и се ангажира со целосна поддршка на независноста на Република Македонија".

Еден од седумте "бугарофили" се огради од ова "братско" душегрижништво.

Повик за ослободување на "репресираните бугарофили" до "мајка Б́лгарија" уште не е испратен. Министерството за надворешни работи на Бугарија ги бара "здравите сили".

4. Ние пак, во овој момент кога Бугарија "се ангажира со целосна поддршка на нашата независност", се убивме тешејќи си се дека и не е толку лошо што не сме признати. Некако зачестија написите по весниците за турската република Северен Кипар. Како и тие имаат свои пасоши со кои патуваат насекаде, иако не се признати, па имале просечна плата од 800 марки, па тргувале со Велика Британија... Дури и ќерката на лидерот на кипарските Турци Рауф Денкташ ни дојде да ни пее на фестивалот "Избираме млади таленти" со звучно име

"Интерфест" во Битола. Од Министерството за информации сè уште не сме добиле соопштение кој од раководителите на државата ја примил.

Сепак, не е многу прифатливо врзувањето само со една земја. Зошто заборавивме на Аруба, Бермуда, Кајман, Гвадалупа, Гуан, Тувалу, Западна Сахара, Западна Самоа и Тајван? И тие не се членки на Обединетите нации.

## ДИПЛОМАТСКО НАСЛАДУВАЊЕ — 4 јули 1992

**• Владата на Македонија покажа висок степен на единство**

1. На почетокот на неделава што изминува, додека уште не бевме освестени од шокот што ни го приреди Европската заедница, на програмата на Македонската телевизија, во исто време, додека на првиот канал се вртеше анкета со граѓани од типот: "Ма, која е таа Европа што не нè признава!?", на вториот канал одеше еден стар филм за борбата на Мексиканците од Калифорнија против САД. Додека тамошните локални политичари, полни со револуционерен занес, се жестеа со изјави: "Ќе им се спротивставиме со сите средства!", "Не подлегнуваме на притисоците!", "Ќе ги победиме Американците!", еден ги убедуваше со зборовите: "Луѓе, дајте да преговараме, можеби ќе најдеме заедничко решение. Ќе биде добро и за нас и за нив. Разберете, со САД не можеме да се бориме!"

Филмот заврши со колеж во Калифорнија.

2. Којзнае колкумина експерти се ангажирани во Министерството за внатрешни работи на Велика Британија, за да ја организираат успешно посетата на нивниот шеф на дипломатијата на Македонија. Сиромашкиот Даглас Херд, ќе мора да ги впрегне сите свои умствени напори за да ја разбере нашата нова надворешнополитичка ориентација кон Африка, Азија и Латинска Америка, откако навредени ладно ја откачивме Европа. Сигурно ќе се отепа преколнувајќи нè да не ги напуштаме, ќе бара прошка, ветувајќи дека ЕЗ конечно ќе сфати дека Македонија се наоѓа во Европа.

Ако веќе се осмели да допатува, тогаш ќе мора да застане на говорница, пред нашите прекрасни и многупочитувани пратеници и добро да се испоти, објаснувајќи им, што разговарале тие таму за Македонија, како што сугерираше пратеникот Томислав Стојановски. Па потоа, има да си седне британскиот господин до нашиот претседател Глигоров и за казна едно пет-шест дена ќе ги слуша вдахновените дискусии на пратениците. Не го пуштаме да си замине за Лондон, барем додека не научи уште некоја лекција од дипломатијата, од најуспешниот кадар на високата дипломатска школа во Прилеп, Цветан Јовчески. Има да се засрами само што ќе го чуе Тито Петковски, кој таква демократија, каква што божем имало во неговото кралство, не прифаќа. А ќе посака да нè

признае во оној момент кога Трајан Мицевски строго ќе му се обрати: "Европа ќе нè признае, само слушајте јас што ќе ви кажам!" Ќе му легне на рамо на претседателот Глигоров и ќе го залева со солзи штом Љупчо Поповски ќе извика: "Не! Благодарам ЕЗ!" И конечно, ќе изгуби секаква желба да се врати назад кај Џон Мејџор кога ќе го запознае Блаже Ристевски, барем до оној момент, додека од него не принаучи неколку слаткоречиви зборови, со кои се манифестира искреност и верност кон колегите во Владата и претпоставениот.

3. Веројатно само сознанието дека "нашите средства за информирање се уште поедноуми, без елементи за почеток на некаков плуралистички дух во мислите и ставовите", бидејќи не ги научија лекциите по новинарство што потпретседателот на Владата Ристевски несебично ги делеше секогаш кога некој настан поврзан со неговото име ќе излезеше во јавност, е сосема доволно сите новинари што во критиките не го штедеа премиерот Никола Кљусев сериозно да се покаат. По последниот настап на Ристевски, Кљусев станува трагична фигура. Штом за цело време на претседателствувањето имал толку лојален прв заменик.

Сигурно е многу "човечки и прифатливо" што еден таков човек каков што е Блаже Ристевски, "висок интелектуалец, роден дипломат, респектиран соговорник, превасходен демократ, изразит хуманист и несомнен патриот", може да му забележи на својот колега Денко Малески затоа што тој "цело време живее со отворен страв за економската положба и социјалната состојба на македонскиот народ" и "искрено се плаши од економски колапс и не гледа излез од големите пречки и тешкотии на овој план".

Најголемата вина на министерот Малески е што се плаши од војна и глад. Наместо да води сметка како да се одржи на власт.

4. Ристевски го исцинкари министерот за односи со странство затоа што на последната седница на Владата ги убедувал дека треба да се оди на компромис, дека мора да се прифати некоја друга формулација на името, па макар и "бивша југословенска Република Македонија".

Во исто време партијата МААК, која истиот тој господин Ристевски го кандидираше на изборите за пратеник, го обвинува Малески, затоа што не ја сфатил дипломатската игра и не се согласил со името "бивша југословенска Република Македонија".

5. Гледајќи го повеќедневниот циркус во Парламентот, еден претставник од Министерството за односи со странство прокоментира: "Сега да се погоди како известувач некој расипан грчки новинар, веднаш ќе напише дека пратениците не можат да постигнат единство".

Зошто, за да се напише тоа, мора новинарот да биде расипан? И зошто – грчки?

6. Графитот "ЕЗ е курва", што деновиве така масовно беше експлоатиран, може да се прочита во преминот под зградата кај Управата за внатрешни работи на Скопје. Оние што секојдневно поминуваат таму сигурно забележале дека на спротивниот ѕид од оној на кој е напишан графитот има продавница за – гиро.

Така, скопјани имаат шанса за незаборавно чувство – во исто време додека ѝ се насладуваат на пакоста на авторот на графитот, да се наследуваат на вкусот на грчкиот национален специјалитет.

Поминувачите се ставени пред дилема: дали да се мисли со глава или со стомак?

## ЛЕТНА ШЕМА **11 јули 1992**

### • Незадоволните министри во оставка се подготвуваат да ги блокираат улиците околу Владата и "Макпетрол"

1. Најиздржливите примероци од сортата "граѓани на Македонија", кои храбро и стоички минаа низ голготата на експертизмот, одговарајќи секогаш подготвено на сите предизвици на современиот начин на живот, повторно се ставени во навидум безизлезна положба. Скршени од болката, предизвикана од сознанието дека сега дежурните виновници за сè: Грција и Владата на Кљусев, веќе не се во мода, си бараат утеха во податокот дека, ете, токму тие биле среќниците кои можат да се пофалат оти во нивно време се случи вистинско "западњачко" уривање на Владата.

Длабоко сочувствувајќи со нивната тага, но и висока свест за историското место што како современици на експертите што си заминаа ни дава кредит на оние што ќе дојдат по нас да им се фалиме оти "ние ја воведовме Македонија во клубот на демократските земји каде што нема понормална работа, Владата да падне, ако не ја бива", сепак паѓам во благ очај само и при помислата дека, ете, можеби уште идната сабота нема да има со што да го пополнам просторот на "Сакам да кажам". Кога јас, по паѓањето на Кљусев и неговите министри се наоѓам пред тотална инспиративна блокада, можам да замислам како се чувствува колегата Љупчо Кирков од Македонската телевизија со пропаднатата серија "Директно со Владата". А да не зборуваме за тамошното раководство кое, извадено од памет затоа што половина Македонија не им ја плаќа претплатата, сега се соочува со опасноста од масовен бојкот, штом на гледалиштето му се укинува најдобрата емисија од забавно-ревијален карактер. А пари за снимање нови хумористични серии нема.

Затоа, нека гледа претседателот Глигоров да пронајде побрзо нов мандатор, а пратениците од Собранието нека не се пазарат со месеци. Зашто, ако овој тампон период потрае подолго, а на народот не му се најде нов објект по кој ќе може да се извика за сè што му фали, тешко ним.

2. Затоа пак овој меѓупростор ќе им дојде супер на ексминистрите. Да почувствуваат малку и тие од благодетите на животот што им се нуди. Па, ќе може пензионираниот професор Кљусев, бидејќи ќе има време колку што сака,

да си ја земе "тојотата" и да си застане да чека бензин. Во редот ќе се сретне со ексминистерот за стопанство Стојан Трајановски. Па ќе си зафатат муабет, за ова, за она, и накрај ќе ја испцујат Владата зашто нема бензин. После ќе им дојде Фрчковски. Ама, господин човек, нема сигурно да се поти на педесет степени во редици, во кои никој не му гарантира дека и по пет-шест часа ќе дојде до бензин. Ќе ги "потпали" другите да ги свртат колите и да одат да ги блокираат улиците околу Владата, Собранието и "Макпетрол". Па ќе направи хаос. Па ќе му дојде полицијата, зашто не смее да блокира патишта и јавни установи. Па сите заедно ќе викаат "Уааа!" Пред Собранието ќе ги сретне "земјоделецот" Ангелов, како заедно со комбајнерите тропа со празни канти зашто нема дизел за жетвата. Ќе направат делегација и внатре ќе ги прими Киро Поповски. Ќе им вети дека нивниот проблем ќе го разгледаат пратениците на една од наредните седници. Тие потоа ќе му речат на Тодор Петров да направи анкетна комисија, за да испита дали полицијата ги пречекорила своите овластувања кога интервенирала против демонстрантите на Фрчко. И накрај, за сè ќе ја обвинат Владата.

...И сите ќе си живееме во љубов и среќа до крајот на животот...

3. Можам да претпоставам што муабет ќе си прават Кљусев и Трајановски додека ќе ги туркаат колите кон бензинската пумпа. Сигурно ќе дојдат до сознание, како што завчера ни обелодени на телевизијата министерот за стопанство во оставка, дека потрошувачката на деривати е зголемена затоа што има многу приватни фирми. Притоа сигурно се многу среќни што живеат во Македонија. Не дај боже да мораа да живеат во Германија, на пример. Или, скраја да е, во Америка или Англија. Таму има толку приватни фирми, што кутрите луѓе којзнае дали воопшто и застануваат да наточат бензин. Сигурно никогаш го нема.

Среќа наша што ги има тие приватни фирми. Да ни останеа и трговските фирми за прехрана од типот на "Макпетрол" како единствени и ексклузивни снабдувачи, денес ќе чекавме ред и за леб. И тоа со бонови, како што ни предлагаат "нафташите". Исти стомаци – исти резервоари.

Ние навистина не влеговме во војна. Затоа наскоро ќе зачекориме во воен комунизам.

4. Во меѓувреме Македонската телевизија има одлична шанса да го ублажи проблемот со емисии од домашно производство. Раководството на ВМРО-ДПМНЕ се согласува да им помогне на тој начин што ќе им го отстапи бесплатно филмскиот материјал, долг повеќе од три часа, за формирањето на Македонската национална гарда – ТМРО. Оваа документарна приказна, со несомнени уметнички и историски квалитети, бидејќи прави спој на сегашни настани со обичаи од времето на Гоце Делчев (со кубури, ками и погачи), може да се емитира во пет-шест епизоди во ноќната програма. Една недела премиерно, другата како реприза. И – се пополнила летната шема.

После само некој нека изусти дека ВМРО-ДПМНЕ има нешто против луѓето од телевизијата.

# ПЕНДРЕК СТОПАНСТВО

**18 јули 1992**

**• Сложената финансиска операција под шифра "Танкер" завршена на општо задоволство на граѓаните на Македонија**

1. Работејќи систематски и долгорочно на подигањето на општото ниво на достоинството на граѓаните на Република Македонија, Владата во оставка, за која нејзиниот премиер имаше обичај да каже дека со сета љубов и знаење им приоѓа на проблемите, конечно им стави крај на понижувањата на возачите, кои со денови чекаа да наполнат бензин во своите возила. Мора да ѝ се честита на бравурозно изведената акција, со која нè доведе до такво дереџе, па боновите за бензин ги пречекавме со општо воодушевување. Дури и сме и длабоко благодарни што државата и нејзиното миленичe "Макпетрол" така великодушно ни овозможуваат да се луксузираме со 10 литри повеќе отколку она што неофицијално веќе цел месец ни го најавуваа. Сега изненадени од дарежливоста нема да знаеме што да направиме со многуте 40 литри.

Она што посебно ја јакне довербата кон државата е фактот дека организацијата на поделбата на боновите ќе оди преку Министерството за внатрешни работи. Што самото по себе доволно зборува дека во моментов во Македонија нема поорганизирана институција од полицијата. Можеше во овие критични моменти да ја испробаат и армијата, па по бонови наместо кај полицајците да одевме по касарните. Но, премногу ќе личеше на воен комунизам. Вака остануваме цивилно општество. Во кое и понатаму ќе можеме слободно да си ги возиме своите фиќовци, беемвеа и тојоти. Тоа што комунистичката теорија за еднакви стомаци сега е применлива за еднакви резервоари и сосема спротивна на пазарното стопанство за кое го лажеме светот дека се залагаме, кај обичниот чекач пред бензинската пумпа предизвикува сосема човечка и логична реакција. Бидејќи од лошо секогаш може да има полошо, Владата маестрално ги доведе обичните луѓе во ситуација сами да си го бараат комунизмот. Добро е и што има бензин. А и од доброто има уште подобро. На пример, освен четириесетте литри што ќе ти ги даде полицијата, да си доземеш бонови за уште 10–20 литри на црната берза. Така што, сè на сè, и не е така црно. Замислете, бонови да ни даваат и за детергенти, масло за јадење, шеќер, брашно... Па и нив да ни ги дели полицијата!?

2. Државјаните на Македонија конечно можат мирно да спијат. Министерството за стопанство, "Макпетрол" и Рафинеријата успешно ја завршија најсложената финансиска операција под шифра "танкер". Десет дена нацијата се потресуваше од каде ќе соберат пари, па во која банка ќе се префрлат, па секој ден стискавме палци за потпишување на некакви акредитиви, па учевме нови зборови, се запознававме со технолошкиот процес во Рафинеријата, сега

ќе молиме бога Грците да не ни ја затворат границата... Којзнае колку се потресуваат граѓаните на други држави што се побогати од нас, па почесто купуваат танкери!?

Толку бевме преокупирани со пустиот танкер, така што длабоко влезен во потсвеста на некои луѓе, предизвикувајќи посебна ментална состојба, се рефлектираше и на митингот за признавањето на Македонија во Скопје. Па луѓето пееја за Македонија што "...има море, има море, зад Солунско Поле...". А во Солунскиот Залив пловат танкери, танкери... И ние со копнеж во очите "шараме" по морската шир и се прашуваме: "Ех, кој ли е нашиот танкер, со шеесетте тони сурова нафта од Русија, што рафинеријата ќе ја "вработи" цели петнаесет дена, а потоа "Макпетрол" ќе ни го продава правично и на сите еднакво, а ние со радост во душата ќе се возиме секој втор ден до работа и дома!" И тука несопирливо надираат освојувачки амбиции, длабоко сокриени уште од времето на Коминтерната и Тито, па во недостиг на мирис на бензин комбиниран со револтот кон Европа што не сака да нè признае поради Грција, душата не може да издржи и крикнува: "Солун е наш!" Заедно со сите танкери во солунското пристаниште.

3. Какви значајни чекори презеде Владата во деновите откако ѝ беше изгласана недоверба во Парламентот, Мицотакис ќе мора сериозно да се замисли. Којзнае, можеби ќе продолжат експертите со своите очајнички и осветољубиви потези, од типот на овие со кадровските промени по министерствата, па на некој можеби ќе му текне да му го земе Солун. Мотиви има доволно. Ем ќе му се реваншираат за непризнавањето, ем ќе ѝ се одмаздат на Европа.

4. Врв на политички невкус, отсуство на партриотизам и несериозност беше паролата "Чиста Македонија!", извикувана на митингот во неделата во Скопје. Зачудува колку постои неразбирање за тешката материјална ситуација, во којашто се наоѓа државата. И – наместо сите да се фрлиме на штедење и да не им правиме проблеми на државните органи, таму некои и бараат чиста Македонија.

Па, нема дизел. И "Комуналец" многу убаво предупреди дека со своите камиони-цистерни нема секој ден да ги мие улиците. И контејнерите со ѓубре нема да ги собира од споредните улици. Нема "суровина" за чиста Македонија.

# ХУМАНИ ПАТИКИ

**25 јули 1992**

**• Во подобра иднина ќе влеземе со спринтирање**

1. Овој народ имал голема среќа што при толкава немаштија и со вакво несреќно и несигурно опкружување има барем една погодност, што ниту еден момент не му е оставен, а да не му се понуди некоја забава за умот. Замислете

само, во каква депресија ќе западневме, ако со месеци не ги чекавме вестите за тоа кој имал намера да нè признае. Па уште и ако нè признаеја... Каде ќе најдевме попогоден виновник за сè што не ни чини, ако не ни беше Грција? Дури ни митингот не ќе мораше да го организираме. И ќе живеевме во здодевност, без мотив за политичко ангажирање.

Деновиве сите составуваме влада. Баш убаво што падна оваа старата, експертската, па отвори простор за ново замајување на народот. Притоа имавме среќа што пристигна и танкерот, инаку ќе ги претоваревме мозоците со размислување за две животно значајни прашања. Сега ни остана само обврската да смислиме кој министер во која министерска фотелја ќе седне. А Петар Гошев нека не брза со составување на кабинетот. Што ќе прави после? Ќе треба нешто да работат и ако почнат да грешат, ќе ни смислуваат нови занимации, за да ни го одвлечат вниманието.

Во меѓувреме, додека чита и слуша кој министер на кое место ќе го постави, Гошев може да шета по улиците и да ја смислува програмата. Инспирација – колку сакаш: од уличните продавачи на цигари, маички, гаќи и секакви дребулии, до економските гиганти кои претставуваат репрезентативен примерок на вистинско пазарно стопанство, од типот на "Макпетрол", банките, Топлификација, Поштата... Така најдобро ќе почувствува како нагло опаѓа достоинството на обичниот граѓанин.

Кога ќе помислам само колку далеку ни беа Полска, Источна Германија, Бугарија, Чехословачка, Русија. И колку сè повеќе ѝ се приближуваме на Албанија...

2. До каде стигнавме најдобро покажува тоа што почнаа сè помасовно да ни испраќаат хуманитарни пакети. Покрај храна и лекови сега ни даваат и облека што не им треба.

Така, градот побратим на Скопје – Нирнберг решил да ни испрати пакет со 1800 чифта спортски патики. Бидејќи на подарениот коњ не му се гледа во забите, не ни останува ништо друго, туку Собранието на Скопје да се зафати со поделба на патиките. Правилна и правична. Како што тоа честопати го прави со автобуските линии на приватниците во градскиот сообраќај. Подарувачите патиките ги намениле за членови на спортските клубови кои немаат доволно пари. Бидејќи сите се такви, ништо чудно да останат нераспределени.

Најдобро е патиките да им се поделат на политичарите. Да не ни бидат боси. Ќе им се дадат на членовите на новата влада, на замениците, на парламентарците, на раководствата на партиите, на понекој новинар и – за час отишле 1800 чифта патики. Така ќе можеме со трчање да се упатиме кон подобрата иднина. Во благосостојба ќе влеземе со спринт, благодарејќи на патиките од хуманитарната помош.

3. Којзнае дали на Гошев ќе му помогнат патиките да избега што подалеку од Србославија, која со неговото именување за мандатор почна зачестено да се промовира во македонската јавност. Дали затоа што "тој се докажал во омразата спрема Србите и сè што е српско", како што вели Демократската партија на

Србите во Македонија, или пак затоа што според нивните "сознанија" тие одеднаш се намножиле на токму 284159 Срби сега најавуваат "дипломатска" офанзива за одбрана на нивните права? Со такви "офанзиви" започнуваа и други српски партии, кои исто така се китеа со зборчето "демократска". Оние во Хрватска и Босна и Херцеговина.

Дали случајно и СКМ – Движење за Југославија сега ја поддржува идејата за меѓународна мировна конфедерација за Југославија? Колку што е познато, капата на Македонија ѝ е кроена токму на такви мировни конференции. Дали случајно и новиот премиер на Сојузна Република Југославија Милан Паниќ зборува за "економско присоединување" на Македонија кон трета Југославија?

Вчера во нашата редакција пристигна известување, навистина напишано рачно, но со печат на "Месниот одбор на Српската радикална странка – Скопска Црна Гора" и со потпис на некојси Трајче Кметовиќ, претставен како "претседател на Српското четничко движење за Српска Македонија", во кое се вели дека "Српската радикална странка и Српското четничко движење на 9 август ќе спроведат референдум за самостојна автономна област Кумановска долина".

Гошев има "пријатно" искуство токму со "црвено Куманово" и прославениот Драгиша Атанасовски уште од "спонтаните" митинзи по 14. конгрес на СКЈ на кои се бараше "Македонија во Југославија". Традицијата само се обновува.

4. Полицијата сè повеќе станува основен носечки столб на нашата цивилна демократија. По налог на Окружниот стопански суд, вчера во АД "Југоснабдител" во Скопје директорот беше доведен на работното место и физички заштитен од вработените – со помош на полицајци. Завчера, влезот на стечајниот управник на "Македонија спорт" му го осигуруваа две "марици" полни полицајци. Неодамна, неколку дена и ноќи, спротивставените табори во скопската "Млекарница" беа одделени со "тампон зона" од полицајци.

Добро е сè додека полицијата само им овозможува на директорите да дојдат до своите работни места. Што ќе правиме, ако еден ден почне таа и да ги именува и разрешува?

## ПЛАТЕНИЦИ МАЧЕНИЦИ

**1 август 1992**

### • Со големите плати граѓаните на Македонија ќе можат да си купат дури по 10 германски марки

1. Соочувајќи се со крајно поразителниот факт дека, во текот на својата напорна историска мисија, не успеале да нафрлат уште некое килце на мачeничките тела, барем не онолку колку што планирале, пратениците во Собранието

на Македонија, со извонредни познавања од областа на економијата, решија во дело да ја преточат животната филозофија "Сто милијарди, зарем тоа е плата?" и со револуционерен занес ѝ рекоа "Не!" на нехуманата антиинфлациона програма. Со возвишено чувство дека токму тие се од господ дадени да нѐ внесат во капитализмот, ама со ситен недостаток затоа што повеќе им се допаѓа комунизмот, го одбраа испробаното решение за планско подигање на платите и во духот на прославените демагози на народот му ветија 50-процентно зголемување на примањата.

Бидејќи производствените фирми и онака нема да можат да остварат толку колку што народните платеници им дозволија да земат, законот важи за оние што ништо не произведуваат. Кај производителите најдобро ќе помине печатницата за пари во Прилеп. Останатите, кога ќе си ги споредат платите со оние од нестопанството, ќе одат, по стариот обичај, да штрајкуваат пред Собранието. За да ги смират и нив, ќе им отпечатат плати и така ќе си живееме на вересија, како што цел живот нѐ учеа.

Кога новиот премиер Гошев ќе влезе во премиерскиот кабинет, ќе се соочи со потребата да им се заблагодари на довчерашните колеги од пратеничките клупи, затоа што му обезбедиле повеќе пари во џебот. Тоа што граѓаните на Македонија со големите плати ќе можат да си купат дури по десет марки, за да не им се обезвреднат, ќе биде дополнителен предизвик за него. На пример, да им го дигне стандардот, па наместо по 10 да си купуваат по 20 марки. И да ги натера да не трчаат по цели денови низ продавниците, да се натпреваруваат со цените. Би било многу подобро да си седат дома и да ги гледаат преносите од Собранието. Па, запознавајќи се со економските и сите други вратоломии на своите платеници да добијат незаситна желба веќе еднаш да ги сменат.

2. Само како да го сменат "Макпетрол"? Или барем да донесат уште некој дистрибутер на нафта, кој нема со своите потрошувачи да се однесува како да се малоумни.

Прво две недели нѐ забавуваа со купувањето танкер со нафта. Потоа два дена танкерот пристигнуваше во солунското пристаниште. Па десет дена ни соопштуваа по колку тони дневно пренесува железницата до скопската рафинерија. И сега, кога конечно тријумфално јавија дека првите деривати ќе се појават на бензинските станици, во Скопје повторно се појавија редици. На незадоволните потрошувачи кои вчера со часови чекаа да наточат бензин, како да се работи за сосем слабоумни луѓе, им беше сервирана информацијата дека "редиците се затоа што сите ќе одат на одмор и затоа што луѓето се плашат оти боновите од јули денес веќе нема да важат".

Целта, нели, секогаш ги оправдува средствата. За првите редици нѐ убедуваа дека сѐ ќе се среди со боновите. Сега, кога и со бонови ќе мораме да се потиме за 40 литри бензин, семоќниот "Макпетрол" ќе ни понуди нов спас. Зголемена цена.

3. Целата оваа ујдурма со бензинот, комбинирана со војната во Југославија и инаетот на Грција, го исфрли рекламниот слоган за годинашните летни одмори:

"Запознај ја татковината за да си ја сакаш повеќе". Па луѓето почнаа да ги откриваат излетничките места во близина на градовите, да ги испитуваат семејните стебла, трагајќи по напуштените села на предците, да се спријателуваат со сопствениците на викендичките и викенд-становите низ Охрид, Струга, Дојран, Маврово...

Ни остана само да се сеќаваме на одморите на "наше море", кога не ни требаа девизи и на комбинираните со шопинзи летувања низ Грција, кога одењето таму не беше акт на национално предавство. Сега Грција ни е најголем непријател, а "наше море" веќе е море на други четири држави (ако Неум сè уште го сметаме за босанско-херцеговски град). Кај Црногорците има шанси да се видат шахистите Фишер и Спаски, како гости на газда Јездо што го купи Свети Стефан, ама уште поголеми се шансите за соба со поглед на Шестата флота или, не дај боже, за блиска средба со маринците кои "ќе ги обезбедуваат хуманитарните конвои низ Босна". Хрватското "наше море" веќе е преку две граници, од кои едната се минува само со оклопен транспортер на УНПРОФОР. А на приморските аеродроми може да се слета само со некој транспортер што носи хуманитарна помош за Сараево. Словенија е толку далеку, што дури и кога беше "наша", за неа не важеше "наше море".

А и луѓето со кои порано ја запознававме поширoката таковина или островите на нашиот јужен сосед, повеќе не се исти. Навистина, некои и сега, од немајкаде се подготвени да партиципираат во "запознавањето на татковината". Други, со кои ги делевме спомените од "тие одмори", повеќе не се тука. Успешно испозавршија факултети и среќно се вработија. Работат како келнери и бебиситерки низ светот.

4. Во последно време нешто замолкнавме околу признавањето на Македонија. Баш беше добро да одржуваме постојана тензија и да пишуваме секојдневно. За да не заборават луѓето.

Еве, на пример, од каде знаеме во каква тајна мисија доаѓал рускиот авион што се урна пред слетувањето во Скопје. Можеби токму тој требало да ја донесе нотата за признавање, што ни ја вети Козирев.

## КОЛАРИЌУ ПАНИЌУ — 8 август 1992

### • Паниќ ќе ја признаеше Македонија уште на Илинден, ама немаше печат во авионот

1. Зошто Петар Гошев на прес-конференцијата на која обелодени дека не е во состојба да состави нова Влада на Република Македонија и затоа му го враќа довериниот мандат на претседателот на Републиката, не собра доволно храброст

да спомне и конкретни имиња, туку зборуваше за "некои партиски раководства" кај кои "почнаа да надвладуваат многу потесни интереси" од оние државните?

Му требаше само малку, затоа што сите знаевме со кого неговата партија реши да прави коалиција и кои партиски раководства беа особено заинтересирани за министерствата за полиција, финансии, правосудство и слично. Не објасни и зошто имал чувство дека ќе биде искористен "за еднократна употреба". Можеше, на пример, да биде конзервиран и откако немаше да успее, да биде тргнат настрана. Да не им пречи во новите избори на "некои партиски раководства".

Останува сега, по неговото одбивање на мандатот, да се види што уште ново може да се смисли, а сепак да не се оди на нови избори.

2. Тоа што Гошев, уште пред да стане премиер, го направи првиот кикс, па се "нацрта" во Охрид на разговорите со Милан Паниќ, во ситуација кога, фала му на господа, сѐ уште важечкиот премиер Никола Кљусев ни е здрав и жив (иако имал "мали" здравствени проблеми) и според Уставот должен да ја извршува премиерската функција до формирањето на нова влада, сега веќе може да му се одбие на неискуство, или пак можеби токму тоа го натерало да има претчувство дека ќе биде искористен за еднократна употреба. Тоа пак што пратениците во Собранието на Македонија на доаѓањето на Паниќ во Охрид, на Илинден оваа година, му дадоа толку големо значење на вчерашната седница, во ситуација кога државата без влада буквално влегува во сѐ поголем хаос, само покажува дека тие не ни размислуваат дека можеби би било добро и самите да се променат. Или уште подобро – да бидат заменети со нови.

Остави што за џабе им беше целата галама околу идејата на Паниќ за соединети балкански држави. Како да не се сведоци самите, кога одат да пазаруваат, дека унијата со Србија, барем што се однесува до финансиските текови, си функционира. Кога преку државната граница можат да се провлечат и цели камиони живи прасиња, за кои после инспекциските служби по скопските пазаришта се чудат како пристигнале, може да се каже дека бадијала трошевме пари за гранични премини. Освен ако тоа не се специјални места на кои за Илинден ни доаѓа Воислав Шешељ, кој според извештајот на Македонската телевизија "ги изнесол своите ставови за Македонија". Тоа што во ставовите имало и најава за формирање Српска радикална странка во Куманово и референдум за "Српска Македонија", не беше упатно да се соопшти на празник. Уште повеќе и затоа што тука го очекувавме премиерот на српско-црногорската федерација Милан Паниќ, за да ни соопшти дека ако сака "уште вечерва ќе ја признае Македонија". Тоа што, кога веќе доаѓа на празник и згора се прави галантен американски господин, можеше да му предложи на Глигоров да се сретнат во Прохор Пчињски, не му е голема грешка. Таму беше Воислав Шешељ. А српските весници утредента објавија наслов: "Шешељ са Македонцима".

3. Ете, човекот сакал уште вечерта да нѐ признае, ама што може да прави, кога нема, како рускиот претседател Елцин, печат во авионот, па тоа да го стори

во воздух, да не го поколебаат кога ќе стигне дома. Вака излегоа Русите поопремени од Американците. Затоа што и указите за признавање држави ги потпишуваат во авион. Па и признавањето на Македонија е извршено во воздух. На висина.

Сме немале среќа што Паниќ во Софија не се сретнал со бугарскиот претседател Желев. Инаку, можеби, и него како Елцин ќе го наговореше да нè признае, затоа што "тој најдобро ја познава ситуацијата во Македонија". Па ќе имаше уште еден повод да се фали и да се претставува како наш спасител.

Ако дојдовме во ситуација Бугарија да нè спасува, тогаш навистина длабоко сме заглавиле. Како спасуваат тие, досега не еднаш сме почувствувале.

4. А "Макпетрол" сè уште се спасува од гневот на граѓаните со глупави објаснувања за ненормална потрошувачка на бензин. Дури ни податокот дека дневно со гориво снабдува одвај 30–40 од сто од пумпите, не им е доволен конечно да признаат дека како монополистичко акционерско друштво не се способни редовно да го снабдуваат пазарот на Македонија со нафта и нафтени деривати.

Сега пак ќе почнат да нè мафтосуваат со купување нов танкер. Сиромашката Рафинерија! Ќе успее ли едноподруго да преработи нафта од два танкера? Одамна тоа не го има пробано. Под таков притисок може и да се расипе.

5. Патем, би било добро СОК да не се правда со објаснувањата "деловна тајна", кога ги бараме податоците кои фирми побрзаа веднаш да си ги подигнат платите за дозволените 50 проценти. Не се сомневаме дека се работи за крајно успешни фирми, одговорни пред своите партнери и потрошувачи, кои жилаво се борат за профит со бескомпромисната конкуренција на слободниот пазар. Колку да имаат што да читаат и кого да озборуваат незаситните граѓани додека се редат во редиците пред пумпите.

# СОНЧАНИ ПРАТЕНИЦИ

**15 август 1992**

- **Баш убаво што новиот грчки шеф на дипломатијата се фали дека е Македонец. Ние мислевме дека е Грк**

1. Конечно се создадоа неопходните услови и народните ни платеници да си го искористат своето неотуѓиво право на одмор. И тоа – заслужен. По осум месеци, откако го донесоа Уставот, успеаја, работејќи многу напорно, да донесат уште два закона, од тие таканаречените "државни". Го одбраа новото знаме и се согласија химната да ни остане иста како досегашната.

Така секој ден во секој поглед сè повеќе напредуваат. Соочени со тешкото бреме дека токму тие се од господ избраните да влезат во историјата, уште и дополнително притиснати со барањата нешто конечно да променат, а ним тоа никако не им успева веќе втора година, сега можат малку да здивнат. Ги огреа

сонцето. Од новото знаме. Сега постои опасност толку да се занесат оти којзнае што направиле, па да си залегнат. Ќе се сончаат. Како што се невнимателни, сигурно ќе изгорат. И нема да бидат во состојба да ги донесат другите пет-шест системски закони. Во ноември ќе мораат повторно да го менуваат Уставниот закон. Ќе го приспособуваат на своите можности.

2. Нѐ зачудува тоа што сега си имаме наше сонце во Атина да се квалификува како нова скопска провокација. Ќе можеме да фаќаме боја тука, на домашните плажи и нема да има потреба да одиме на одмор во Грција. Тоа што Грците мислат дека сѐ е нивно, па дури и сонцето можат да им го "продаваат" на оние со снежно белите нозе, дамкави тела и црвени фаци од западна и северна Европа. Таму веројатно и ќе започне новата дипломатска офанзива на свежо поставениот грчки шеф на дипломатијата Михалис Папаконстантину, со уверувањето на "белите" за вистинската намера на "скопјаните".

Уште и кога ќе им ја отпее химата "Денес над Македонија", во која повторно се споменува сонцето, на сите ќе им стане јасно оти ние не посегаме само по Грција, туку плановите ни се да ја освоиме и Јапонија. Како може "сонцето да се раѓа" над Македонија, кога сите знаат дека Јапонија е земја на изгрејсонцето? Дури и на знамето ја имаат ставено црвената вжарена топка. Сето тоа, комбинирано со Илинден кој, според Константину, за прв пат го споменуваме дури сега по 1944, не само што е јасен израз на аспирации кон Грција, туку е многу опасна скопска намера да тргне во ослободување на сите Македонци, кои "старо младо, машко и женско, на нозе се кренале" – насекаде низ светот. Кој вели дека Македонија нема море? Има море – зад Сиднејско поле. А и Торонто е наш. Токио подоцна ќе го ослободиме. Таму ни одговара почвата. Постојано има земјотреси и ќе нѐ потсетува на Скопје.

Баш убаво што новиот министер за надворешни работи на Грција Михалис Константину се фали дека е Македонец. Ние мислевме дека е Грк.

3. Тоа што сонцето се наоѓа на знамето на Република Македонија е уште еден несоборлив доказ за малтретирањето, угнетувањето и воопшто за загрозеноста на албанската националност. Сигурно најзагрозени се оние Албанки што среде лето шетаат со мантили и марами на главите. Мора да се чувствуваат многу непријатно под сонцето. Па барем да беше без зраци, да асоцираше на кече гледано одозгора... А ова македонсково зрачи ли, зрачи...

Затоа и не треба да им се лутиме на пратениците од албанските партии, затоа што не присуствуваа на седницата кога се донесуваше законот за знамето. По сѐ што дадоа за оваа држава, во вид на безрезервна поддршка на Уставот, повикот за масовен одзив на референдумот и крајно дисциплинирано спроведениот попис, ова со сонцето и не е некој голем грев. Мора да се разбере дека луѓето биле навредени. Велат, биле избрани македонски симболи. А тоа, мора да се признае е многу чудно и крајно невообичаено. Каде се чудо и видело државата што се вика Република Македонија да има македонски симболи!?

4. Тоа име – "Македонија" не смее да се споменува. За тоа најдобро е да се праша премиерот на српско-црногорската федерација Милан Паниќ. Толку се трудеше да им се допадне на Грците, што дури и кога преведувачот во Атина наместо "соседната Република" рекол Македонија, тој попарено реагирал: "Јас не го употребив тоа име!"

Толку се трудевме и ние да му се допаднеме, само неколку дена пред тоа, ама ништо. Паниќ си е Паниќ, а големосрпската политика не се менува. Тоа што во Охрид се фолираше дека уште вечерта може да ја признае Македонија не значи ништо кога за Грција, исто како и Милошевиќ, зборува како за сосед на Југославија. Нашава држава, по сè изгледа, им се чини како некоја проширена гранична зона во која движењето е без ограничување, а и може да се зборува што се сака, па дури и со кого се сака.

Сега, кога на самопрогласената СР Југославија од сите страни ѝ се закануваат не само со целосна изолација туку и со војна, уште подобро за нас што Паниќ не ни имал намера да нè признае. Којзнае колку ќе се радувавме на тоа признавање. Сигурно од занес и ќе заборавевме кој е одговорен за војната.

Ете, Милан Кучан сè уште го памети минатогодишниот јуни. Па на признавањето на Словенија од страна на СР Југославија реагираше одмазднички: "Тоа нема никакво значење кога доаѓа од држава што не е меѓународно призната".

Дали и нам мораше да ни се случи војна, за еднаш засекогаш да сфатевме дека на сè што доаѓа од Белград не мора така наивно да му веруваме. Добро е што го фативме Паниќ во лага. Барем да сме начисто со кого си имаме работа.

## БИНГО ЕКОНОМИЈА **22 август 1992**

**• Бидејќи Србите и Хрватите се договорија како да ја поделат Босна, Муслиманите ќе ги испратат во Македонија**

1. Најглупава ситуација, барем за новинарството, е кога ќе се формира нова влада. Затоа што би требало да се чекаат да поминат првите сто дена, па дури после може да се критикува. А Владата е за критикување. И како сега, кога Бранко Црвенковски ќе ја направи новата влада, човек да биде фин и да се однесува според правило, за да ги дочека првите сто дена? Не оти ситуацијава ни е – тука некаде, блиску до добра, па сто и првиот ден ќе си продолжиме по старо да молчиме. Баш мислам дека уште денес, додека Бранко сè уште е "во минус" денови, можеме да му се лутиме. Или барем да си фаќаме белешки за да не заборавиме.

Единственото објаснување зошто токму тој се согласи со неверојатна коалиција и при неверојатен состав во Парламентот да формира влада е тоа што

е – млад. И што решил во пракса да покаже што значи кога ќе се каже "младост – лудост".

2. Нема да има проблеми само кога се работи за целосно преминување на македонското стопанство на пазарна економија. Во тој правец отидовме далеку напред. Сè се продава и купува на зелените пазари. Сакаш "бинго" детергенти, сакаш бугарска козметика, сакаш српски блокирани прасенца, сакаш хрватски вегети...

Со бинго-економијата Македонија конечно профункционира и како социјална држава. Тоа што со продажбата на евтино бугарско сирење и турски сапуни ни денар не оди како придонес за државата, обичниот граѓанин не го интересира. Барем, додека не се разболи. Дури тогаш ќе види дека на сметка на здравата исхрана и квалитетна стока за одржување на хигиена, кога ќе се појави на лекар и во аптека, три пати ќе го преплати тоа што го заштедил на пазар. Остави што, кога ќе ти стане јасно што сè треба да поминеш за да ја заокружиш цела "здравствена процедура", ќе си речеш – подобро да умрам. Или пак кога на сметка на шверцуваната стока и на набрзина присобраното зголемување на платите, без да се евидентираат преку СОК, ќе паднеш во несвест од цените на учебниците за бесплатното школување, па ако веќе си згрешил и си родил некое дете, ќе бараш чаре да го праќаш во странство. Можеби ќе успее како келнер, па ќе стане шеф на сала.

3. Додека се занимаваме со високо принципиелни прашања, како на пример дали за нашите прилики е посоодветна бугарската тоалетна хартија со две ролни во пакување или полската со осум ролни, светот си подготвува некаква мировна конференција во Лондон. Ќе работат на смирување на војната во Босна и Херцеговина.

Малку доцна, зашто таму Хрватска и Србија си ја завршија работата. Туѓман и Милошевиќ си се договорија, нивните Бобан и Караџиќ си го остварија договореното. Како во учебниците од кои се учеше за братството и единството. Братски ја поделија единствена Босна. Сега, пред Лондон, големите војсководци се претвораат во миротворци. Имале подготвено "заеднички проект на решенија за БиХ". Дури Караџиќ понудил и територијални отстапки. Србите контролирале 70 од сто од територијата на државата, а им припаѓале само 64 од сто! Ете работа за триесет и кусурте учесници на лондонската конференција. Ќе решаваат кому да му ги поделат преостанатите 6 од сто територија која Караџиќ галантно ја дарува.

Бидејќи Србите и Хрватите во Босна си се договорија, Муслиманите некаде ќе ги преселат. На пример, во Македонија. Таа како суверена и независна држава која се фали дека во целост ги контролира границите, веќе ќе знае како да се справи со новите бегалци.

Инаку, Црвениот крст на Македонија завчера обелодени, со швајцарска прецизност, бројка од 30 до 50 илјади бегалци на територијата на нашата држава. И тоа "околу..." Што се "околу" дваесетина илјади лица за една вака богата

држава? Затоа и нема потреба да се регистрираат. И што ѝ текна сега на Владата (онаа на Кљусев) пред некој ден да се јавува со соопштение според кое на министерствата за внатрешни работи и за одбрана им наредила да водат повеќе сметка за бегалците од Босна и за дејствувањето на муслиманската партија СДА?

4. Арно ама, сè уште не издала соопштение за засилена контрола на стоката што се извезува преку границата со Србија. И агенцијата "Франс прес" и една германска телевизиска станица минатата недела, покрај редовните виновници за кршење на ембаргото против Србија и Црна Гора, како што се Романија и Грција, ја споменаа и Македонија.

Германците отишле со камера на српско-македонската и македонско-грчката граница и ги снимале цистерните со нафта кои патувале на север. Камионите имале регистарски таблички од Босна и Херцеговина. А колку што е познато, таму не работи ни една рафинерија.

Ние, иако сме на четириесетина километри до границата, не испраќаме ТВ екипи и фоторепортери да бројат камиони. Ѝ веруваме на пограничната полиција, на царината и на војската.

5. А редиците пред бензинските пумпи повторно се наше секојдневје. Овој пат "Макпетрол" пронајде нова измислица за замајување. Не се вршел редовен дотур од солунското пристаниште.

# ХАОТИЧНА ДОГРАДБА

**5 септември 1992**

- **Кога ќе штрајкуваат родителите на учениците, кои немаат професија со која можат да уценуваат?**

1. Замаени од слаткото чувство на телевизиската популарност и болно занесени во својата историска мисија, самобендисано излажани дека Македонија или ќе ја биде, ама само со нив, или ич не ја бидува, генијалните народни платеници се на пат да почнат да усогласуваат закон според кој ќе им биде овозможено доживотно останување во собраниските клупи. Текстот на нацрт-верзијата, со работен наслов: "До последен здив", сè уште е во фаза на консултации меѓу пратеничките групи. Но, според она што го видовме последните три дена, стопроцентно е сигурно дека сите ќе успеат да најдат заеднички јазик, затоа што ексклузивното право да го малтретираат народот со целодневен ТВ пренос на државната телевизија го искористија најрационално што умееја. Им покажаа на одушевените ТВ претплатници колку тие, иако навидум се караат, можат да бидат единствени кога се во прашање нивните пратенички места.

Македонија нема потреба да се грижи – народните платеници избрани на првите повеќепартиски демократски избори ниту во една варијанта не

помислуваат дека некој ден би можеле да бидат заменети со други луѓе. Демократијата почнува и завршува со нив, а тоа што божем зборуваа за некакви предвремени избори беше обична лажга, зашто дури сега се гледа оти тие не помислуваат дури ни на задоцнети избори. А и зошто би помислувале. Се знае – тим што добива, не се менува.

2. Во жарот на својата висока патриотска опседнатост со себе, заборавија во текот на трите дена да излезат малку од собраниската зграда и да видат како живеат нивните избирачи. Сигурно не гледале ни вести, затоа што го очекуваат само оној дел од извештајот каде што тие се споменати. Затоа и немаат поим каков хаос предизвикаа со демагошкиот закон за платите, кој меѓу другите и ним им овозможува покачување од околу 140 од сто. Во страсниот занес во расправата за новата влада не ни забележаа дека без нафта животот во Републиката замира. Ако, само тие да ни бидат живи и здрави. Ние некако ќе се снајдеме. И како можат да им влезат во положение на очајните возачи во редиците пред бензинските станици, кога за нив има бензин со посебно ливче со потпис. Пумпаџиите на станиците во Визбегово веќе подолго време ја имаат таа голема чест одвреме-навреме да се дружат со ТВ ѕвездите и со неописливо задоволство да им точат гориво во нивните резервоари.

3. Којзнае, можеби ќе им текне дека покрај нив во државата живеат уште околу 2 милиона луѓе, кога дел од нив ќе ги посетат пред Собранието. Одамна не ни се има случено она што во Македонија порано беше секојдневна практика – плати да се делат пред Собранието. Така е кога поербап излегоа синдикатите на просветните работници и на органите на управата, одошто синдикатите на работниците од фабричките хали. Па штрајкуваат оние чиишто покачувања на плати се зависни од покачувањата на оние што создаваат пари. Тие што произведуваат треба да си го зголемат производството. За другите ќе работи печатницата во Прилеп. Особено ако се толку моќни па можат да уценуваат. Како на пример наставниците, пекарите, лекарите...

Зошто на пример не штрајкуваат учениците? Или пак нивните родители? Што ќе се случи ако тие одбијат да ги испратат своите деца на училиште со два дена задоцнување? Затоа што од нивните плати се издвојува и делот за образование кој предвидува учебната година да започне на 1 септември. И затоа што и тие не го добиле предвиденото покачување, а немаат професија со која можат да уценуваат, а сепак треба да одвојат само за еден ученик најмалку триесетина илјади денари.

Најпаметно резонира синдикатот на органите на управата и правосудството. Тие најавија штрајк за 7 септември. А на осми септември би требало да го славиме денот на независноста. Кога ќе го спојат со викендот, ќе им дојде четвородневен празник.

Најдолг штрајк во континуитет имаат вработените во "Макпетрол". Такво чувство имаат корисниците на нивните услуги. Само не е јасно зошто тие не

работат. Веројатно не се задоволни со поделените дивиденди од акциите по евидентно крајно успешното работење.

4. Многу ме плаши оној дел од експозето на Бранко Црвенковски, во кој тој вели дека новата влада ќе оди на натамошна градба на системот. Бидејќи со црните берзи, сивата економија, боновите за гориво и редиците пред бензинските пумпи системот ни е налик на полско-чешко-руско-бугарскиот од времето на реал-социјализмот, човек мора сериозно да се замисли, што ли може да донесе надградбата на таков систем. Редови за леб – можеби.

5. Знаете ли зошто генералниот секретар на ОН Бутрос Гали, пред почетокот на Лондонската конференција, толку долго и нападно му ја тресеше раката на претседателот Киро Глигоров?

Пред да влезат во салата претседателот го предупредил Фрчковски да не џвака мастика. И беља – мастиката се залепила за дланката на Глигоров. Квалитетна – никако да се одлепи.

## ПОСЕБЕН СЛУЧАЈ — 12 септември 1992

**• Го прославивме Денот на независноста и ги посрамивме Американците**

1. За Македонија повторно се подготвува некој специјален третман. Сѐ е во ред, мирна, кротка, наивна, ама сепак е посебен случај. За набљудување. Тоа што набљудувачите никако не доаѓаат и по толку писма на претседателот Глигоров, е затоа што виделе дека не сме опасни за околината. Можеме да почекаме. Судските вештаци би рекле дека сме пресметливи. Па приоритет за набљудување имаат некои од нашето опкружување, кај кои балканскиот синдром малку поагресивно се манифестира.

Да не ни беше во генот молчењето како најпрепознатлива карактеристика, досега белким, наместо само да пишувавме писма на кои никој не сака да одговори, ќе направевме нешто да ги предизвикаме европските "лекари" да се позанимаваат и со нас. И што е најважно, сѐ можеше да изгледа "пресметливо".

Исто како што Грција веќе три недели нѐ прави будали, сопирајќи ни ја нафтата од солунското пристаниште, божем чека европски набљудувачи кои ќе се уверат дека таа не го крши ембаргото кон Србија и Црна Гора, можеме и ние да ги запреме сите европски камионџии на границата со Србија и да не ги пуштаме сѐ додека не дојдат европски набљудувачи. Зошто? Од каде сме ние сигурни дека некој грчки, холандски или германски камион нема стоката да ја истовари во Србија?

Е сега, друго е прашањето дали ние сакаме тие набљудувачи навистина да дојдат. Може да видат и некои други работи. Па дури и не мораат да дремат на

граничен премин и да бројат камиони. Та ние за успешните зделки на "Македонија табак" со СР Југославија јавувавме на ударните вести на телевизијата и на првите страници на весниците. Им дадовме малку на соседите да пушат. По толку војување низ Хрватска и Босна, редно беше малку српските борци да одморат со цигарче од Македонија. Баш им е нив гајле што потоа македонската влада јавно ја прогласи зделката за неважечка. Цигарите се важечки.

2. Набљудувачите во Македонија ќе имаат можност да видат како на дело функционира нашата определба за соработка, зближување и соживот на сите граѓани, без разлика на национална и верска припадност. И сите тие заедно ја јакнат довербата меѓу државите на регионот, особено со соседите (без Грција, се подразбира).

Албанците набавуваат девизи, Ромите набавуваат нафта, Бугарите и Турците ни ја возат до тука, а Македонците чекаат во редици. Потоа бензинот од своите резервоари им го преточуваат на Србите, за марки.

3. Не смеев никако да ги заборавам Србите при набројувањето на субјектите вклучени во решавањето на нафтената криза. Ако ги испуштев од шемата, можеше да се сфати дека тоа е нафтено загрозување на нивното национално чувство.

Веднаш ќе реагираше Бора Ристиќ од Демократската партија на Србите во Македонија и ќе спроведеше референдум меѓу Србите наредени во редиците пред пумпите на "Макпетрол". Бидејќи по шестчасовно чекање во ред заедно со возачите-Македонци им се заканува опасност од целосна асимилација, Ристиќ набрзина ќе направеше САО "Ред". И ќе се обратеше до радикалите на Шешељ за братска помош при обединувањето на САО "Ред" со САО "Скопска Црна Гора" и САО "Кумановска долина" во единствена држава "Српска Република РСЦГКД".

Така ќе фати добри позиции за некои евентуални мировни преговори на некоја нова лондонска конференција. Дарежливо, како Караџиќ што се откажува од 6 од сто од освоената територија во Босна и Ристиќ на македонското раководство ќе може миротворно да му понуди дел од територијата на САО "Трећи спрат", друга врата лево, у насељу Српски Јане Сандански у Скопљу цара Душана и вожда Ристића".

4. Сѐ уште не можеме да се освестиме по лудото славје на Денот на независноста на Македонија. Прва годишнина од референдумот, најголем државен празник... Таква импозантна прослава не се памети на овие простори. И толку импозантен собир на највисоките државни раководители, партиски лидери, културни дејци. Малку недостигаше, па нивната бројка да ја надминеше бројката на оние што присуствуваат на отворањето на "Фолк-фест". Или на концертите на скопската пиварница. Сето тоа во софистициран амбиент со полузнамиња. (Сонцето на знамињата низ Скопје беше отпечатено само од едната страна.)

Американците можат вода да ни носат. Кога видоа како ние си го славиме најголемиот празник, можат комотно да си ги укинат прославите на нивниот четвртојулски Ден на независноста. Од сега ќе го прославуваат осми септември.

5. Љупчо Кирков ја продолжи успешната ТВ серија "Директно со Владата". И ги прилагоди прашањата за новата главна личност. Наместо да го прашува Бранко Црвенковски за најнови модели на машини за перење, како во легендарната епизода со Никола Кљусев, во четвртокот вечерта го допре новиот премиер во срце, барајќи од него да им препорача на најмладите кој вид компјутери да користат.

Како и да е, и новиот премиер нема да може да се оттргне од сферата на апаратите за домаќинство. На Кирков му објаснуваше дека "ќе мора да се испеглаат диспаритетите во платите". Со таа разлика што нему му е полесно отколку на Кљусев. Во неговата Влада има и две жени. Сега Софија Тодорова и Гордана Силјановска ќе ги земаат пеглите в раце.

## ЕДНОГЛАСНА СИРОМАШТИЈА 19 септември 1992

**• Кога Бургас ќе стане поблиску отколку Солун...**

1. Од сега па натаму, вработените што заминуваат на принуден одмор затоа што нивните фабрики останале без мазут, тоа ќе го прават со особено задоволство и бескрајно среќни. Да не беше премиерот Бранко Црвенковски, кој на прес-конференцијата во четвртокот им објасни дека блокадата на нафтата е "потег што граѓаните треба да го сфатат како еден од рамките на битката за нашето меѓународно признавање", сиромашките ќе продолжеа да преживуваат во разочарување. Сега, кога се на пат "проблемот со нафтата објективно да го сфатат" и да го послушаат советот на премиерот "да го разрешат со нужно потребен консензус од сите субјекти", смислата на животот им доби сосема друга димензија. А и одговорноста пред која се исправени им дава дополнителна сила за опстанок. Не е мала работа да се бориш за меѓународно признавање на својата татковина.

Зимава смрзнувањето покрај студените радијатори ќе претставува покажување на "цврста волја" и подготвеност да се истрае на овој притисок". Незадоволниците пред бензинските пумпи своето стоичко издржување во редот ќе го сфаќаат како висок патриотски долг што треба да ѝ се плати на државата и на раководството, кое во овие судбоносни моменти повикува на консензус за сиромаштија. Ќе издржиме, не само без бензин и греење. Ќе издржиме и без лекови, без храна, без детергенти, без шампони за коса... Не би требало да страда само главата на премиерот.

Она што влева додатен оптимизам е што Владата е сосема начисто и знае кога ќе успее да ги реши проблемите. Единственото што треба ние да го сториме е да се согласиме на тотална сиромаштија и за тоа да не ги критикуваме. Среќа што си ја имаме Грција за сосед, па така на нашата Влада ѝ се дава ексклузивно

право стоте дена молчење да ѝ се продолжат до бесвест. Или барем додека Бургас не стане поблиску отколку Солун.

2. Цврстата волја и подготвеноста да се истрае на овој притисок најдобро се демонстрираше на саемската манифестација "Модест 92". Министерот за стопанство Петруш Стефанов зборуваше за работни победи. Истиот ден половината текстилни фабрики во Македонија го прекинаа производството поради немање мазут. Во другата половина текстилците не работеа затоа што со штрајк бараа поголеми плати.

На отворањето на "Модест" беше и претседателот на Собранието Стојан Андов. Веројатно и нему му е јасно дека ако свикаше вонредна седница поради целосниот колапс во државата, со овој состав на парламентот, само уште повеќе ќе ја влошеше ситуацијата. За џабе ќе потрошеа бензин за пратениците. Настрана што сигурно е многу попријатно пред очи да ти се муваат манекенки отколку симпатично заоблени пратеници.

3. Пред сосема кусо време, во нашиот весник си игравме мајтап со една фотографија на згодна, убаво облечена девојка, објавена во белградска "Политика". Под фотографијата пишуваше: "Со убавина против меѓународната изолација".

4. Деновиве еден висок службеник во владините институции ме убедуваше дека ова што сега ни се случува и не мора да се нарекува со зборот "колапс". "Што мислиш", ми вели тој, "колку би биле среќни граѓаните на Сараево, наместо она што таму им се случува, да се наоѓаат на наше место и со денови да не можат да наточат бензин во своите возила"? И уште ми сугерираше да замислам, што би можело да ни се случи по шест месеци и како тогаш со носталгија ќе сум се сеќавал на сегашното муабетење, дека не сум можел да набавам бензин, ама барем било мир.

Како почна војната во Босна и Херцеговина? Најпрвин Туѓман и Милошевиќ се договорија да ја поделат. Потоа ѝ направија блокада и Хрватска и Србија. Босна со месеци беше без нафта.

Што ли се договараа Милошевиќ и Мицотакис?

5. Сега веќе со мирна совест и чиста душа секој што сака оние од СДСМ и од Социјалистичката партија да си ги нарекува комунисти тоа ќе може да го прави, без притоа некој да му се налути. Па тие се отепаа објаснувајќи и докажувајќи им на членовите на Уставниот суд дека нивните партии се во континуитет со старите СКМ (КПМ), односно Социјалистичкиот сојуз (Народниот фронт). Само за да ја задржат зградата крај Вардар. И Уставниот суд тоа им го прифати, иако истите тие веќе две години нè убедуваа дека нивната партија немала никаква врска со старата Комунистичка партија.

Странските новинари што доаѓаат во нашата држава и онака и до сега велеа дека на власт се "екс-комунистите". Ние се трудевме да им објасниме дека тоа не е така, колку да не се брукаме пред светот. Отсега ќе мора да потврдуваме. Тоа ни стана уставна обврска.

6. Иако не сум пратеник, ќе си дозволам едно пратеничко прашање до министерот Денко Малески: "Каде полнат бензин службениците од грчкиот конзулат во Скопје?".

## БРАВО МАЕСТРО 26 септември 1992

**• Мицотакис: "Ем скопјанчиња – ем мангупчиња!"**

1. Тоа што Грците паѓаат во бессознание, сега кога видоа дека зад нивната северна граница си имаат работа со влада – "ем скопјанчиња – ем мангупчиња", во широките народни маси, во четвртиот круг редици околу бензинските станици на националната гордост со провокативно име "Макпетрол", наиде на општо воодушевување и подигање на моралот до степен кога преминува во катарза. Вистинско прочистување на душите настанува тогаш, кога генералниот директор на "Макпетрол" на телевизија ќе изјави дека нема да попуштиме на уцените, но затоа пак од зголемената цена на дериватите ќе се најде и некое процентче за зголемување на платите на вработените во неговото претпријатие. Што е тоа во однос на граѓански сфатената обврска дека ќе умреме од сиромаштија, ама за тоа имаме дебело покритие – ни водат сметка за националното достоинство и нѐ прават среќни кога ни соопштуваат дека колку повеќе дена чекаш во ред за бензин, толку поголема заслуга имаш за меѓународното признавање на Македонија.

Во таква ситуација сосема разочарувачки прозвучи кога пред некој ден во централната информативна емисија на Македонското радио ни соопштија дека "идната недела редиците пред бензинските пумпи ќе бидат само грдо минато". За да нема нејаснотии, веднаш беше дообјаснето дека тоа ќе зависи "најмногу од нашиот потрошувачки менталитет". Што би требало да значи дека од понеделник не треба да се редиме да чекаме бензин и да ги трошиме парите за глупости. Ако не успеат да нѐ убедат дека животот без автомобили е многу поздрав и поекономичен, покрај популарната мерка за ограничување со бонови на само 20 литри, може да ни воведат и вонредни мерки. На пример – забрана на групирање на повеќе од три возила, едно зад друго на улица.

2. Остана нејасно како новата влада направи "маестрален потег" со стариот потпретседател Јован Андонов. Белким не беше Кљусев единствениот што не му давал уште пред пет-шест месеци да тркне на два дена до Софија и Анкара и да преговара за алтернативни патишта за нафта. Колку што се сеќавам, првите посериозни тешкотии со бензините ги имавме уште ланскиот август. Каде беше Андонов тогаш, да се покаже со своите способности по кои се стресе цела Грција, заедно со непринципиелната Европска заедница?

Доста нè измачуваа тие нас. Сега ние ќе им покажеме кои сме и што сме. Кога нема да им дозволиме 40 од сто од нашата размена со светот да ја остваруваме со нив. За почеток нема да им го дадеме грозјето, да си прават вина. Можеби така ќе дејствуваме да останат трезни и трезвено да го решат проблемот со нашето признавање. Така, не само што Европската заедница ќе ја смени уредбата за транспортните и трговски дозволи, туку ќе мора да се наредат 11 премиери и шефови на држави во хор со кој ќе диригира Мицотакис и во моментот кога тој ќе го спомене името на македонскиот нафтен јунак Јован Андонов, тие ќе мораат едногласно да извикаат: "Браво маестро!"

3. Ние со Бугарите, а Бугарите пак со Европа и Америка. Ете, "Бритиш Гас" и компанијата "Тексако" добиле концесии на црноморскиот брег да вршат истражувања. Тоа ќе мораме и ние да го искористиме за развојот на нашето стопанство, иако сега сме им лути и не сакаме да соработуваме со нив.

За почеток ќе ја пуштиме во погон Рафинеријата во Миладиновци. Со готовите деривати од Бугарија ќе запалиме оган. И ќе се фрлиме на печење пиперки и патлиџани. Па ќе направиме ајвар. Потоа, ајварот со цистерните на Макпетрол ќе го транспортираме до Црното Море. Колку да не одат празни во еден правец. А Американците и Англичаните ќе лапаат, ќе дуваат и ќе лижат прсти.

4. Писмото што претседателот на Републиката Киро Глигоров му го уплати на претседателот на Русија Борис Елцин, со промотивниот лет на "Палер Македонија", покрај тоа што беше носено од висок службеник во Министерството за односи со странство, беше придружувано од првите луѓе на македонската метропола: Милан Талевски и Јове Кекеновски.

Откако со успех ги решија сите скопски проблеми, освен што уште не знаат како да ги распределат патиките што пристигнаа од Нирнберг, Талевски и Кекеновски си дадоа заслужен одмор, па отпатуваа четири дена во Москва. Нивното отсуство особено го почувствуваа скопјани, ама сепак наоѓаат разбирање за работната турнеја на градските татковци. Во Москва се црпат искуства кои можат да се искористат во Скопје. А понекогаш можат да се најдат и евтини армоники.

5. Не така одамна се мајтапевме со тактиката на ТВ Србија, која секој ден, во терминот за ТВ дневник, на вториот канал емитува сериозна музика. На тој начин луѓето се мотивираат да изберат да гледаат дневник.

Македонската телевизија нема проблеми со мотивацијата на гледачите. Кај нас дневникот оди во исто време на двата канала. За секој случај. Да не му текне некому да избере сериозна музика.

6. Еден од условите што Обединетите нации ѝ го поставуваат на српско-црногорската федерација, за да ја примат во своите редови како СР Југославија, е таа да ги предаде воените злосторници.

Ако Милошевиќ и Јовиќ постојано тврдеа дека Србија не е во војна – тогаш не постојат ни воени злосторства.

# ЛОЈАЛНИ КАЗНЕТИ

**3 октомври 1992**

## • Нема аир од Деве Баир

1. Тоа што две недели на ова место тврдам дека заслугите во битката за меѓународно признавање на Македонија се мерат во зависност од тоа колку е оддалечено твоето возило во редиците пред бензинските станици, не можеше да остане несанкционирано. Во рамките на своите сфаќања за лојалноста на граѓаните кон својата држава, можеше и да се очекува последниот потег на Владата, со кој ја забрани употребата на неискористените бензински бонови од септември во текот на овој месец. Борците за признавање и оние со цврста волја да не подлегнат на уцените, по три-четиридневно дежурање со повремени пцости и тепачки по улиците меѓу колоните возила, наместо орден "заслуги за независност" ги добија заслужените 20 литри бензин, среќни, задоволни и бескрајно благодарни на оние кои тоа им го овозможија.

Оние пак колебливците, што постојано се двоумеа пред која пумпа да се наредат, дали пред онаа што очекува бензин по три дена или пред некоја за која од сигурни извори во "Макпетрол" дознале дека има шанси да добие бензин по два дена и дали да се наредат како 274-ти во борбениот ред на патничките возила или како 325-ти на истурената позиција на фронтот против Грција, Европа и сите белосветски антимакедонски сили – ја добија заслужената казна.

Во оваа држава одамна сите мерила на вредностите се извртени наопаку. От- тука и сосема логично е што таа преку своите институции ги казнува оние граѓани кои, наместо да стојат во редиците, биле на работното место. Или оние кои, сфаќајќи ја ситуацијата, ги извадиле од визбите старите велосипеди, чувајќи си ги љубоморно "загарантираните" 20 литри за зима, за "не дај боже". Никој не им е виновен што не можат да се вклопат во правилата на игра што им ги диктира државата. Да точат и преточуваат во канти, да шверцуваат од Бугарија, да се снабдуваат со бонови на црниот пазар, да ги обиваат автомобилите од чии резервоари може да се украде бензин...

Не знам дали сите овие работи можат да се подведат под она што премиерот го нарече "виталност и во услови на блокада"? Ама совршено ми е јасно дека таквите многу убаво живеат. И дека тоа им го овозможува системот. Истиот, што не води ни малку сметка за оние "помалку виталните". Тие едноставно се кршат.

2. Има во Велика Британија еден град со име Лондон. Речиси секоја втора разгледница од Лондон го прикажува неговиот симбол – часовникот Биг Бен. Градот е со голема историска традиција, отсекогаш бил седиште на бројни дипломати, неговите граѓани ги красела некоја чудна, несфатлива конзервативност и гордост. Што се вели "најградски град од градовите". Арно ама, минало

време, во градот дошле луѓе од ваму, од таму, со време толку се намножиле што немало место за вистинските лондончани. На дојдениците не им било гајле ни за историските традиции, ни за гордиот конзервативизам, ни за статусот "најградски од градовите" и... Еден ден, во името на народот, врз симболот на градот, на часовникот Биг Бен му накалемија – крст!

Од другата страна на Каналот Ламанш – некои малку поинакви луѓе, ама еснафи, трговци, дуќанџии... постојни конкуренти на ладните лондончани. Ама, Лондон и Париз постојано се зајадувале меѓу себе и нормално, парижани не можеле да останат мртви ладни на поставувањето на крстот на Биг Бен. Бирале, бирале и решиле и тие да постават крст над сопствениот симбол. Излегле на референдум, да се решат меѓу Триумфалната капија и Ајфеловата кула и ја избрале кулата. За инает на лондончани.

3. Владата на Македонија по повод поставувањето на крстовите на саат-кулите во Битола и Прилеп заседе став дека тие биле поставени незаконски, ама бидејќи нивното симнување би значело дополнително комплицирање на проблемот – подобро нека останат.

Така би постапил секој што води сметка за традициите и за културното наследство на својата држава. Ем го симнува проблемот, ем незаконското го претвора во законско.

4. Поставувањето на крстовите предизвика прекин на односите меѓу Исламската верска заедница и Македонската православна црква. Тоа воопшто не се вклопи во контекстот на митингот во Гостивар на кој се сакаше да му се покаже на граѓанството дека на полето на меѓунационалните односи ни тече мед и млеко.

За паради и за сликање пред ТВ камери пожелно е паното зад сцената да биде испишано и на македонски и на албански јазик. Ама не дај боже, во секојдневниот живот некому да му текне во местата каде што националностите се во мнозинство да испише натпис на нивниот јазик, покрај македонскиот. Сликањето пред камери не може да го реши ни тој најбезначаен проблем. А што правиме со другите?

5. Во соопштението од разговорите на министерот Малески со функционерите на ЕЗ во Брисел, за проблемите што настанаа околу текстот на уредбата во која се бара употреба на терминот бивша југословенска република, стои дека "од македонска страна е најавено поведување постапка за измена на спорните термини од актот на Заедницата". Тоа значи, дактилографките во Министерството за односи со странство и во Кабинетот на претседателот добро да се подготват. Следи нова пратка на многу писма.

Бидејќи министерот ни најави дека таа постапка може да потрае подолго време, остануваме осудени единствениот излез кон светот да ни биде Деве Баир.

А деновиве убаво се виде: Нема аир од Деве Баир.

# ПРАЗНИЧЕН БОН

**10 октомври 1992**

## • Србија прво пука, па признава

1. Џабе му беше на премиерот на српско-црногорската федерација Милан Паниќ правењето шоу со неколку изјави дека неговата влада имала намера да ја признае независноста на Република Македонија. Војската на неговата држава веќе го стори тоа. Ја призна Македонија.

Тоа што инцидентот во Кумановско во четвртокот наутро се случил, таму каде што се случил, и што во таа околина се мувале српски војници, само кажува дека таму некаде е границата меѓу двете држави. Тоа што случајот ќе го испитува меѓудржавна комисија, само по себе зборува дека се работи за две држави. Е, тоа што се пукало, како знак на признание и што при тоа се повредени двајца граѓани од Македонија, е негативниот аспект на целиот случај. Ама, што да се прави? Србија ги почитува традициите. Прво пука, па после признава.

Во меѓувреме и низ Скопје зачестија пукотниците. Прво имавме престрелка пред хотелот "Гранд". Пред некоја вечер, од рафална стрелба животот го загуби еден средовечен скопјанец. Ни фали уште некој да загине од пиштол на свадба и...

Приказната од некаде е многу позната...

2. И покрај сè, британскиот амбасадор Робин О'Нил многу сака да престојува во Македонија. Последниот пат изјави дека тука било многу убаво времето, а тој, сиромашкиот, морал да се врати во Лондон. Што ќе ни е признавање, кога си имаме убаво време? Ако потрае вака, нема да ни треба ни нафта.

Кога ќе дојде следниот пат, треба да го задржиме повеќе. Нема смисла веднаш да го носиме на аеродром, ако на стариот господин му годи нашата клима. Сигурно особено ќе му се бендиса што нема да може никако да фати телефонска врска со Лондон и ќе заборави на конзервативните Англичани. За да дише со полни гради и да развива телесна култура, ќе му подметнеме да турка некоја стара "пезетка" пред пумпата на АМСМ (ние ќе го гледаме низ прозорецот на нашата голема куќа и ќе навиваме) и пред да тргне за Атина ќе му го дупнеме резервоарот и ќе му го украдеме бензинот, па ќе мора да ги моли железничарите да го прифатат анексот на колективниот договор, за да му тргне возот.

3. Всушност, ние и немаме некои значителни проблеми со нафтата. Дури и кога лично генералниот на Макпетрол Гавро Гаврилски би застанал на пумпа, со жолта пластифицирана униформа да им точи бензин на македонските функционери, не би имал многу работа.

Премиерот Бранко Црвенковски за инает на монополистичкото однесување на "Макпетрол" нема да застане во ред, сè додека "Шел" не отвори сопствени пумпи низ Македонија. Министерката за развој Софија Тодорова, адаптирајќи

се на сегашното развојно ниво на нашето стопанство, ќе се вози во запрежна кола и ќе изготвува елаборат за можноста еден ден на работа да пристигне со – пајтон. Вицепремиерот Јован Андонов самиот се снабдува со бензин од Турција, користејќи го источниот коридор. Министерот Антони Пешев со бензин ќе се снабдува на "девизна" пумпа, бидејќи неделава ни ја откри надалеку познатата вистина, дека за македонскиот граѓанин 100 марки месечна рата за стан не е ништо. Јане Миљовски, како остар заговорник на приватизацијата, ќе купува канистри од шверцерите на Бит-пазар. На "културњакот" Ѓунер Исмаил не му треба бензиско полнење. За огнометите на театарските фестивали потребен е барут. "Земјоделецот" Ефтим Анчев со трактор ќе се упати на пумпите за дизел-гориво.

На Гавро ќе му пристигнат само Фрчковски и Малески. Фрчко ќе се пробие со полициски транспортер. А Малески има приоритет – заверено писменце од Обединетите нации. ЕЗ веќе не му дава.

4. Сега открив зошто на октомврските бонови за гориво некој се сетил да го отпечати знамето на Македонија. По природата на нештата, бонот за ограничено снабдување претставува срам за секоја држава. Излегува дека македонската гордост е отпечатена врз македонскиот срам. Арно ама, сето тоа имало нераскинлива врска со утрешниот празник 11 Октомври. За празникот на Македонија се вее знамето на Македонија. Макар тоа било и на бон.

Ако знамињата си имаат свои месеци, дали по повод 29 Ноември на ноемвриските бонови за бензин ќе се вее југословенското знаме? Бидејќи Собранието сè уште не го донело Законот за празниците – ништо не може да нè изненади.

5. Во општиот тренд на легален грабеж на граѓаните се вклучи и службата со пајакот за возила. Ревносната полиција веројатно за да им изгледаат скопските улици поубави, со пајак ги отстранува од коловозите возилата кои ноќеваат и по три-четири ноќи во редиците за бензин пред станиците на "Макпетрол".

Тоа ти се вика држава. Ем те тепа, ем не ти дава да плачеш. Ем не те обезбедува со бензин, ем не ти дава да го дочекаш.

6. Најнов виц:

Знаете ли како можеме да ѝ се одмаздиме на Европската заедница? Ќе го испратиме Стојан Андов за претседател на некој од европските парламенти. Таман кога ќе дојде време да го ратификуваат договорот од Мастрихт, тој ќе даде пауза.

# АКЦИОНЕРСКИ КОМУНИЗАМ

**17 октомври 1992**

## • Амандманите на Законот за државниот грб ќе се разгледуваат во детска градинка

1. Децата од скопските градинки одбиваат да се занимаваат со ликовни активности, во знак на протест поради тоа што нивните трудови не се земени предвид како предлози за државниот грб на Република Македонија. Во острото писмо упатено до претседателот на Собранието Стојан Андов тие се жалат на непочитување на нивните неприкосновени права, со својот труд да ѝ помогнат на државата во овие тешки денови на нејзина доизградба. Притоа особено се револтирани затоа што пред Уставната комисија може да се најде цртеж на било кој, а нивните не се сфаќаат сериозно. Предупредуваат дека сериозна држава како што е нашата, треба да им овозможи на сите да си цртаат што си сакаат, па нека биде тоа и државниот грб.

И така, додека членовите на Уставната комисија се однесуваат "како малиот Трајче си ги замислува државните симболи", а пратениците во Собранието "како малиот Трајче замислува држава", пред лицето на јавноста се редат креативните и уметничките дострели на народните избраници. А Уставната комисија како многу сериозна институција ги губи деновите во рецензија на уметнички дела на пратениците-наивци.

Така е откако народните сезнајковци решија да се откажат од услугите на конкурсната комисија составена од угледни уметници, кои требале да ни одберат државни симболи. Арно ама, и таа комисија заврши како онаа на Бадинтер од Европската заедница. Ем го бараат нејзиното мислење, ем нејзините одлуки никого не обврзуваат.

2. Сега, откако Владата ги донесе дополнителните мерки за економска стабилизација, што на сите тапани беа најавувани како антиинфлациона програма и дефинитивно стана јасно дека старата влада на д-р Никола Кљусев не беше урната за да биде заменета со подобра и поспособна, туку едноставно за некој друг да си ја зацврсти власта.

Кога новата влада самата си признава дека не нуди нова антиинфлациона програма, туку само ја обновува онаа велигденската на Кљусев, подобро нека признае дека и антиинфлационата програма беше урната само за да се урне владата. Оттука произлегува дека не само што новиот кабинет не покажува којзнае колку поголема инвентивност од стариот, туку уште и ќе мора да се позанимава со одговорноста на оние што ја минираа економската политика токму кога почна да дава какви-такви резултати. Се плашам само дека одговорните ќе треба прво да ги бара во нејзините редови.

Не дека бев којзнае колку одушевен од владеењето на Кљусев, ама кога веќе го сменија, нормално е да очекуваш некоја промена. Ништо. Дури и полошо. За разлика од Црвенковски, Кљусев барем ни правеше смешки. И немав проблеми со инспирацијата кога ќе седнев да си го напишам "Сакам да кажам". Новиот премиер ми го "убива" талентот.

3. Сега ќе се зафатам да бидам организатор на штрајкови. Со скромното искуство на прекршител на законите (едно минување на црвено, три-четири погрешни паркирања и едно нарушување на јавниот ред и мир со пуштање гласна музика на журка) ги исполнувам условите за синдикален лидер на оние што често прават прекршоци.

Со оглед на тоа што според новиот закон, место пропишаните парични казни изразени во денари, сега прекршоците се казнуваат со плати (од половина до сто плати), изразени во просечен личен доход исплатен во последниот месец, нашиот штрајк ќе биде малку поинаков од оние секојдневните. Ќе се "нацртаме" пред Собранието и ќе бараме помали плати. Така и казните ќе ни бидат намалени.

4. И онака сите штрајкови на работниците кај нас не личат на оние нормални светски штрајкови.

Еве на пример, вчера завршил петдневниот штрајк во акционерското друштво "ЕМО" во Охрид. Штрајкувачкиот одбор се договорил со директорот платата за септември да биде исплатена по конечната пресметка, а за октомври, ноември и декември сите вработени во акционерското друштво ќе земат иста плата. Супер! Тоа го нема ни во комунизмот.

Тоа го има само кај нас, зашто пак си градиме оригинален систем. Во кој е сосема нормално да штрајкуваат – акционери. И во кој сите акционери имаат исти плати.

5. "Па кој во оваа држава живее нормално?", ги праша потпретседателот на Собранието на Македонија Киро Поповски штрајкувачите од "Пелагонија" и "Бетон", кои вчера ја бараа правдината пред Парламентот.

Никој не го праша: "А во која нормална држава сè уште се на власт тие што направија ненормални услови за живеење?"

6. Случајот со Каналот 103 на Македонското радио и со "антидрамата" на воена интервенција против Македонија, која возбуди многу слушатели, станува интересен феномен за истражување.

Не толку зашто 18-19 годишните младинци својот револт кон војната го искажаа со симулиран воен напад. Уште поинтересно е зошто граѓаните повеќе му поверуваа на забавно-музичкиот канал, отколку на официјалниот државен канал на радиото?

## ФЕСТИВАЛСКА СУДБИНА

**24 октомври 1992**

### • Пратениците ќе донесат одлука со закон да ја укинат 41-вата седница на Собранието

1. Претседателот на Бугарија Жељу Желев ќе треба да им стави сериозна забелешка на своите луѓе од протоколот. Како можеа да си дозволат да не ургираат кај Националниот дворец на културата и Народниот театар "Иван Вазов" во Софија, за да ја поместат премиерата на пиесата "Р" на Јордан Плевнеш – ден порано или подоцна. Освен ако во тоа не вмешала прсти авторската екипа (покрај Плевнеш и режисерот Љубиша Георгиевски со неговиот личен артист Петар Темелковски), кои на овој начин сакаа да го скараат претседателот Глигоров со другите културњаци од Македонија.

И навистина, којзнае колку бил во дилема претседателот кога добил лична покана од бугарскиот претседател да оди на претстава во Софија, а истата вечер дома има еден куп манифестации на кои треба да се појави. И наместо по предавањето за информирањето што го одржа на отворањето на "Деновите на македонското радио" во Кичево да продолжи во Битола на "сериозниот" "Интерфест", или пак, уште поарно, да си дојде во Скопје на отворањето на "Џез фестивалот", па потоа на отворањето на сезоната на дискотеката "Хард рок", тој мораше да патува за Бугарија.

По ваквиот кикс со организацијата на приредбите (такво темпо не можат да издржат ни новинарските куќи за да ги покриваат настаните со специјални извештаи), организациониот одбор на Фолкфест "Валандово" веќе размислува да упати циркуларно писмо до сите државници во светот на денот кога ќе се одржува финалната вечер да не сметаат на нашиот претседател. Бугарите во четвртокот нѐ зезнаа. Ни го зедоа тогаш кога ни беше најпотребен. На други не го даваме.

2. Во секој случај екипата на "Р" од Софија ќе умее на свој начин да му се заблагодари на претседателот за честа што им ја приреди. Тоа за Плевнеш, Георгиевски и Темелковски, кои со случаите "Република" и "Форум за слобода на информирањето" веќе јавно ја манифестираа својата приврзаност кон Глигоров, воопшто нема да биде тешко. Би можело, на пример, режисерот Георгиевски да се врати на своите традиции и да режира некоја драма за претседателот. Како во 1977 , кога во Драмскиот театар во Скопје ја режираше "Непокор", посветена на Јосип Броз Тито. Тогаш и неговиот личен артист Петар Темелковски го играше ликот на Тито. Времињата се изменија, па можеби сега добро би му стоел и ликот на Киро Глигоров. Политика си е политика. Ама и професионализмот си е професионализам.

3. Ете на пример, жителите на неколку села од Скопска Црна Гора се жалат на непрофесионалноста на македонската полиција, затоа што при приведувањето на шестмина младинци од селото Бањани, неодамна на Железничката станица во Скопје, тие биле "малтретирани, навредувани и осакатени". Момчињата си пееле српски песни. Многу им се допаѓала "Никој ништо не ни може, посилни сме и од судбината". Вели – наивна песна. Новокомпонирана. Исто како да се распееш на цел глас среде Белград "Бисер балкански!". Или, среде Атина, најновиот фолк-хит "Името не го менуваме".

Момчињата си пееле "посилни сме и од судбината", а судбината им била да живеат во Македонија. Од многу силење и некои нивни врсници во Хрватска и Босна и Херцеговина посакаа судбината да им биде во Голема Србија. Тоа што им стана неизвесна не е по нивна вина. Си имаат тие таму разни Караџиќи, Бабиќи, Хаџиќи... И нашите си имаат еден професор, Бора Ристиќ. Сè додека нивниот заеднички командант сè уште седи на власт во Белград, и нивната и нашата судбина е неизвесна.

Приказната продолжува. Сега командантите размислуваат како да ги преселат авионите на голоракиот српски народ од Босна во Србија. Што ти е небески народ. Ем понижен, ем заклан, ем лета.

4. Ете, неделава во Собранието на Србија е пронајдено уште едно средство за елиминација на непријателите. Еден пратеник тврдел дека членовите на разноразните комисии на КЕБС и на други меѓународни организации кога шетаат низ Косово "се прегрнуваат и се бакнуваат со шиптарските сецесионисти", што самото по себе значи дека "во тие комисии има хомосексуалци, криминалци и шпиони".

Баш убаво. Ако веќе толку се блиски со Албанците, постои можност да им ја рашират сидата и ете шанса Косово, конечно да стане и етнички чисто српско. Остави што Милошевиќ така може да го елиминира и Паниќ. Тој како многу да не размислуваше кога неодамна го прегрна Ругова.

Е, до каде стигна тој Милошевиќ. Јовиќ и Шешељ можеби нема да успеат да го спасат. Последна шанса му се – педерите.

5. Неодамна беше објавено дека Министерството за односи со странство ќе се сели во зградата на ЦеКа. Му ја доделиле кулата каде што беше сместен Социјалистичкиот сојуз. Арно ама, со селењето нешто запна. Изгледа дека Киро Поповски не сака да го напушти кабинетот. Ќе мора да го направат министер за надворешни работи.

6. Веќе ми здодеа да слушам за 41. седница на Собранието на Македонија. Четириесет и прва, па четириесет и прва. Сè нешто ме асоцира на онаа 41-ва, пред војната.

Затоа најдобро пратениците да донесат одлука да ја укинат 41-вата – не постои.

# АМАН (THE)МАН

**31 октомври 1992**

## • Бараме предвремени избори за да имаме бензин

1. Со длабока почит и искрена благодарност кон народните ни избраници, кои, ете, смогнаа сили, во овие тешки денови за преживување, да внесат дух на колективна разонода во нашите домови, сепак се надевам дека нема да ми го земат за злонамерно моето мешање во нивното солење памет. Ете, на пример, однапред му се извинувам на господинот Мухамед Халили, кој порача "додека е тој во Собранието, никој да не зборува за Франција", затоа што можеби ќе му се вмешам во секторот, ако излезе дека елаборацијата на моето откритие, до кое дојдов по систематското следење на последната седница на Парламентот, има врска со францускиот јазик.

По долго и макотрпно дремење пред телевизорот дојдов до коренот на зборот "амандман". Омилениот збор на нашите учени претставници има турско-англиско потекло и е директен производ на блискоста и сродноста на нашите потврдени пријатели Турците и на пријателите што допрва тоа ќе треба да го докажат, кога ќе им поминат изборите – Американците. "Амандман" се состои од два збора: турскиот – АМАН (значење општопознато) и англискиот МАН, ама членуван со нивното THE (што се чита – Д).

Е сега, бидејќи во службената употреба на територијата на Република Македонија е македонскиот јазик со кирилско писмо, турско-англискиот збор, во македонска транскрипција си ја добива формата "АМАН-Д-МАН". Што, ако се преведе буквално, би значело: "Аман од човеков!".

Во македонскиот случај се знае и конкретно на кој човек се однесува.

2. Што се однесува до употребата на македонскиот јазик во собраниската сала, според одредбите на деловникот и претседателот Стојан Андов зборуваше на странски јазик. Навистина, не си обезбеди официјален преведувач, ама при гласањето за Законот за државјанство на еуфоричните пратеници им порачуваше "Изи, изи...". Или, според владиниот амандман на Законот за лична карта, во заграда "EASY, EASY ..."

Толку тежок грев на претседателот е навистина тешко да се оправда. Не верувам дека тоа би му успеало и на обожавателот на ликот и делото на Андов, господинот Стоиле Стојков, кој на последната седница се отепа да го одбрани саканиот претседател од нападите на парламентарците од ПДП и НДП.

Добро е што Андов не прозбори на француски, инаку Мухамед Халили веднаш ќе го обвинеше дека му ги ограничува неговите граѓански права, само тој да знае француски. Затоа пак Кирил Ковачевски беше гневен. Господинот Андов може да си зборува англиски за по дома. А што се однесува до него, ако веќе претседателот сака да се прави Англичанец, дозволено му е на работа да

доаѓа со полуцилиндер и чадор. Исто како што господинот Ковачевски им дозволува на Албанците да си носат кечиња и шарени чорапи.

Настрана што Андов со "изи, изи..." можеше да предизвика катастрофа. Трајан Мицевски ни го посочи примерот на Англија, како таму Ирците се борат за своите права: "Ете, во Лондон секој ден пукаат бомби". Можеше некој, не дај боже, да помисли дека се наоѓа во британскиот парламент и да подметне бомба. Атмосферата и онака беше експлозивна.

3. Да не се најдовме во ситуација да правиме држава, ќе имавме илузии дека Грција е којзнае колку понапред од Србија. Ова вреди да се препише:

"Грчкиот претседател Константин Караманлис, роден во грчкиот дел на Македонија, вчера на Булеварот Александар Велики во Солун – каде што допатува со истоимениот авион што слета на аеродромот "Македонија" – беше главен посматрач на парадата по повод 80-годишницата на военото припојување на Солун кон Грција и 52-годишнината од приклучувањето на Грција во Втората светска војна.

Во дефилето – на чие чело беа воените инвалиди и ветерани во црни униформи со големи златни крстови на капите – учествуваа и деца, марширајќи со високо подигнати раце под знамето со "ѕвездата од Вергина", – сега најактуелен археолошки наод, симбол на династијата на античките македонски кралеви.

Во Солунскиот Залив беа усидрени грчки воени бродови, на чело со неодамна увезената од Германија фрегата "Македонија". Посебен ешалон под знамето на "Семакедонската унија" беа претставниците на грчки иселеници од Северна Америка..."

Веста од Атина на 28 октомври ја емитуваше југословенската агенција Танјуг.

4. Во Србија се подготвуваат предвремени парламентарни и претседателски извори. И одеднаш, "Југопетрол" и "Беопетрол" ги изнајмија своите пумпи на приватници. Бензин колку сакаш, а и цената му паѓа.

Сега и јас ќе барам кај нас предвремени избори. По угледот на српското раководство, можеби и на нашето, за да добие на изборите, ќе му текне пумпите на "Макпетрол" што фатија пајажина да ги изнајми на приватници. Барем додека трае кампањата, да имаме бензин.

5. Најнов виц од продукцијата на Собранието на Република Македонија:

– Зошто претседателот Андов толку често дава паузи во парламентарните заседанија?

– Има акции во бифето.

# ГРКОТ БИЛИ

**7 ноември 1992**

## • Мицотакис пее за Милошевиќ

1. Готово е! Исток нè отпиша, Европа не сака да нè запише, а Америка го избра Клинтон за претседател. Толку се трудам да не ги сфаќам премногу сериозно програмите на Македонската телевизија, ама... Медиум си е медиум.

Редовните, а богами и нередовните претплатници на програмите на државната куќа деновиве сигурно се паднати во длабок очај, кога пред себе го имаат катастрофалниот податок дека победник на претседателските избори во САД е Бил Клинтон. Тоа е, сигурно се сеќавате, истиот оној гувернер од Арканзас, за кого, пред неколку дена, во една сериозна и гледана емисија беше речено дека, доколку победи тој, "Македонија ќе биде избришана од картата на светот". По тоа нормално е што граѓаните на Република Македонија појавата на Клинтон можат да ја сфатат како национална трагедија. А телевизијата се обиде тоа да го докаже со анкета по улица.

Сега ми е јасно и зошто претседателот Глигоров не се огласи барем со честитка до новиот претседател на САД, како што побрзаа речиси сите државници. Мора некој да ја криел информацијата за резултатот на изборите. Или пак се надевале дека Буш ќе поднесе жалба и изборите ќе бидат поништени поради поголем број гласачки ливчиња од гласачи. Можеби ни го штределе претседателот од кошмарни соништа, во кои би можел, сè одново и одново, да му се појавува Клинтон во придружба на американските Грци, како со гумички за бришење се навалиле врз глобусот.

Во суштина, на раководството на државата изборот на Клинтон му излезе добредојден. Што ако победеше Буш? И што ако и после тоа не нè признаеше? Вака, со Клинтон, ќе имаат многу подебело образложение зошто признавањето не доаѓа и од преку океанот. "Што сакате, ние се договоривме со Буш, ама победи Клинтон".

Кога претседателот на Собранието Стојан Андов одеше да присуствува на Конвенцијата на Републиканската партија во Хјустон и кога беше критикуван поради тоа што однапред се ставил на страната што губи, на сите многу убаво ни беше објаснето дека кој и да победи, надворешната политика на САД битно не се менува. Ако е така, од каде сега тие што нè убедуваа во тоа, одеднаш го прогласија Клинтон за најголем Грк?

2. Поранешната кратенка на Македонската радио-телевизија беше – РТС. Сегашната кратенка на Српската радио-телевизија е исто така – РТС.

3. Нашите дипломати, кога одат да го убедуваат светот во потребата да нè признае како независна држава, би можеле покрај споменувањето на мироуби-

воста, конструктивноста и Бадинтер, малку да се позанимаваат и со озборување. Грција е идеална за кодошење. Се дружи со Милошевиќ.

Ако не помага тоа што го предупредуваме светот дека ќе ни направат војна, што потоа тешко ќе може да се контролира, можеби ќе помогне ако постојано се потенцира дека во битката меѓу Паниќ и Милошевиќ, Грција застана на страната на во светот омразнатиот српски претседател, наспроти нејзината Европска заедница, што  наводно го поддржува Паниќ. Излегува дека и Милошевиќ и Шешељ и Мицотакис и Папаконстантину водат иста политика. Со таа разлика што нашите северни соседи одамна ги прочитаа и ги изблокираа, а јужните продолжуваат да глумат дека и тие се дел од светот што ја казнува Србија.

Веројатно затоа деновиве српските весници радосно јавија дека грчките уметници ќе организираат низа концерти низ својата земја, со наслов: "Грција пее за Србија". Од концертите ќе бидат собрани средства што ќе се вложат во хуманитарната помош наменета за Србија.

Најголем бисер, пак, е писмото на градоначалникот на Пиреа кој, протестирајќи зошто мировната конференција на невладините организации и локалните власти се одржува во Охрид, предложи средбата да се организира во Белград. Како не му падна на памет Вуковар? Така барем ќе ѝ дадеше легитимност на агресијата на нивните традиционални пријатели.

4. Исто како што "Макпетрол" им дава легитимност на својата неспособност и силеџиското однесување кон граѓаните, кога може "ладно" да им продава на јавните гласила објаснувања од типот: "танкерот доцни, зашто го фатило невреме, па не може да се закотви во пристаништето".

Не дај боже да слушне Јован Андонов. Веднаш ќе се упати по источниот коридор кон Црното Море, да ги скроти брановите. По толкуте танкери од Русии, Турции, алтајски републики, што без проблеми пристигнаа до нас, што е едно танкерче од шеесетина илјади тони што ни го набавиле преку кинески фирми. Проблемот е само што и овој евентуален маестрален потег на потпретседателот на Владата на Македонија може да се сфати како "нова скопска провокација". Ќе помислат Грците дека Андонов е господар на морињата. Како нивниот Посејдон. Па ќе се жалат по светот дека им ги крадеме боговите.

5. Од изјавите на министерот за односи со странство Денко Малески и пратеникот на Претседателството на Европската заедница Робин О'Нил, дадени по завчерашните разговори во Охрид, можеше да се заклучи дека "работата се мрдна од место".

И навистина "мрдна". Истата вечер беше јавено дека Велика Британија воведе визи и за нашите граѓани.

## ГРД СОН

**14 ноември 1992**

### • Уредувачкиот колегиум на "Вечер дејли" го покани на гости Бил Клинтон

1. Да не беше Добрица Ќосиќ, што во светот се претставува како претседател на таканаречената Сојузна Република Југославија, никогаш немаше да откријам зошто одвреме навреме имам проблеми со дишењето. Па ние сме ти биле сместени "во длабочините на српско-грчкото пријателство". Така барем писателот Ќосиќ му пишува на претседателот на Грција Константин Караманлис. А во тие длабочини "наоѓа истородност на некои битни и заеднички национални интереси".

Не може ни да се замисли колку сум трогнат откако разбрав дека претставувам заеднички национален интерес на Ќосиќ и Караманлис. И истовремено разочаран што од длабочините на истородните српско-грчки интереси не можам да влијаам на можностите СР Југославија да ја признае Македонија. Сега сочувствувам со "југословенската јавност", затоа што, како што напиша Ќосиќ, веста за можноста од признавање на Република Македонија од страна на СРЈ ги вознемирила граѓаните на неговата земја. И тоа многу повеќе отколку кога слушнаа дека нивните грчки пријатели во Европската заедница гласаа за санкциите против нив, гласаа за протерување на нивната квазифедерација од ОН, па дури побрзаа и да им испратат воен брод во Јадранот.

Нормално е за Добрица Ќосиќ да се вознемири токму на прашањето на Македонија. Па, нели и ова парче земја што се наоѓа меѓу Србија и Грција е влезено во неговите писателски замисли. Тој и онака е дојден на чело на самонаречената федерација за да го заврши делото што самиот го започна. Само што сега треба малку да го коригира својот ученик Слободан Милошевиќ. Има посуптилни методи. Наместо директно да преговара за поделба на Македонија пишува писма на верност на "долговековниот сојузник во борбата за слобода, демократија и христијанска култура".

Сиромашките Грци. Не знаат со кого си имаат работа. Уште утре, штом така ревносно се повикуваат на пријателството со Ќосиќ, Милошевиќ и Шешељ, ќе имаат шанса да ја слушнат песната "Ко то каже, ко то лаже, Србија је мала". Знаат ли Мицотакис и Караманлис за оној дел што вели дека Србија има море. Зад Солунско Поле.

2. Уредувачкиот колегиум на "Вечер дејли" донесе одлука да го покани на разговор новоизбраниот претседател на САД Бил Клинтон. За да излеземе фер пред Џорџ Буш, за кого уште веруваме дека за инает на американските Грци што не гласале за него, ќе нè признае до јануари, би можеле да го поканиме и него. Одлуката беше донесена едногласно, веднаш по сослушувањето на извештаите од престојот на претседателот на Република Македонија Киро

Глигоров во САД. Клучно значење имаше сознанието дека нашиот претседател го воделе низ Америка од еден весник до друг, по многу студено време под нулата.

Бидејќи кај нас уште не заладило, му предлагаме на Бил Клинтон да побрза со доаѓањето. Тоа ќе биде гест што произлегува од длабочините на македонско-американските односи. Тоа не е обична мерка на реципроцитет, туку суштински одговор на злобниците кои се јавуваа во нашата редакција со забелешките дека би било поевтино уредниците на американските весници да дојдат кај нас, отколку претседателот да оди на нивните уредувачки колегиуми.

3. Штета што претседателот Глигоров не беше во Скопје кога минатата недела допатуваа двајца претставници на Транснационалната радикална партија од Рим. Момчињата изгледа биле многу значајни штом во еден ден успеаја да бидат примени и да разговараат лично со претседателот на Собранието, со претседателот и со потпретседателот на Владата. Нормално, за средбите јавноста беше информирана официјално со соопштение.

Бидејќи претседателот на Републиката беше на пат, момчињата од Италија морав да ги примам и јас. Со нив се задржав во подолг и отворен разговор во пицеријата "Бела" во Карпош 1. Им ја предочив тешката положба на Македонија предизвиката од блокадата на Грција и доцнењето на меѓународното признавање. Тие изразија согласност дека проблемот со признавањето мора конечно да се реши. Воедно, имаа целосно разбирање за проблемот што им го изложив, предизвикан од празниот резервоар на мојот автомобил, и ветија следниот пат, како економска помош до меѓународното признавање, да ми донесат еден канистер со 20 литри супер од Бугарија.

4. Претседателот на државниот синдикат Живко Толевски се заканува дека доколку во Законот за приватизација не влезат барањата на неговиот синдикат, ќе ги повика работниците на јавен протест за да ја урнат Владата.

Кој му дал право на Толевски да се меша во секторот на Стојан Андов?

5. Сонував дека годишнината на "Вечер" ни ја честитаа со телеграми претседателот на Републиката, претседателот на Собранието и претседателот на Владата. Бев многу исплашен затоа што тие им честитаат само на своите весници.

Се разбудив сиот испотен. Ми олесни на душата. Тоа бил само грд сон.

# ЧУДО НЕВИДЕНО

**21 ноември 1992**

## • Албанските црнци работат како робови на плантажите на афион во Македонија

1. Секој лојален граѓанин на Македонија, кому од ум не му излегува признавањето на државата, мора да почувствувал силна возбуда, што предизвикува комплекс на повисока вредност, кога го слушнал премиерот Бранко Црвенковски како ги фали стопанствениците во Стопанската комора на Македонија, затоа што покажуваат виталност и во вакви тешки услови на блокади. "Ние имаме способни менаџери" – дошол до заклучок нашиот премиер, веројатно и самиот не можејќи да си ја замисли Македонија, колку ли ќе биде богата, развиена, културна и чиста, кога блокадите ќе ги снема, кога Грците ќе ни ја пуштат нафтата, кога Европа ќе нè признае, кога Америка ќе ни даде хуманитарна помош и кога "Макпетрол" ќе биде во состојба да му овозможи на секој возач да си ги наполни во резервоарот на својот автомобил гарантираните пет литри бензин месечно.

Просто и самиот си се изначудив на виталноста на моите нерви, за инает на блокадата. Кога пролетта започнаа редиците пред бензинските пумпи, пцуев сè живо и диво. Кога нè ограничија со 40 литри месечно, бев гневен и лут, ама престанав да се бунам. Кога ни намалија на 20 литри, почна да ми станува сеедно. Особено што – се сеќавам добро – во август бензин не пристигна никаде три дена. Сега кога "Макпетрол" немаше донесено бензин дваесет дена, покажав невидена виталност. Не се ни потрудив да ја мрднам колата од редот, иако ми остана без еден мигавец и ретровизор. Којзнае колку добро ќе се чувствувам ако не донесат бензин цела наредна година.

Затоа и не се насекирав кога пекарите најавија дека секојдневно ќе го намалуваат производството на леб. Ти е гајле. Ќе вежбаме виталност во редиците за леб. Прво ќе чекаме еден час, потоа ќе носат леб на два-три дена, накрај – ич нема да носат.

Таков вид на виталност тренираа Албаниците во времето на Енвер Хоџа. Цел живот не видоа кола со очи, а и ден-денес се тепаат за леб. И тие имаат школуван кадар во странство. Само не се толку снаодливи како нашите менаџери.

2. Посебно чувство на гордост предизвика информацијата објавена на телевизискиот дневник дента кога заврна првиот снег – дека сообраќајот преку Деве Баир и покрај неколкуте сантиметри снежна покривка се одвива без застој. Сè е во ред, тринаесет километри до Крива Паланка се минуваат за само час и половина.

Какво ли чудо од технологија поседува оваа држава и какви ли се тие машини што успеаја за еден ден да го исчистат патот на нашата источна надеж? Тоа мора

да е некое чудо големо, поголемо можеби и од "Фокерот" на "Палер Македонија". Па такви брзини на минување, на толку долга делница, тешко постигнуваат и оние јапонски велосипеди со вградено радио.

При такви перфоманси на нашиот транспортен систем, изјавите дадени истата вечер кога се донесуваше резолуцијата на Советот за безбедност за забрана на транзитот преку Србија, дека се обезбедени вагони за транспорт на нафтата од Софија за Скопје преку Ниш, само ги омаловажија нашите способности. Исто, како претходниот премиер Кљусев, кој два дена пред да се донесе првата резолуција и блокада на Србија и Црна Гора, потпишуваше спогодби за соработка со Божовиќ во Белград.

Чудно, потезите на светската организација нѐ изненадуваат само нас.

3. Западнат во нарко-делириум, благодарејќи на една ќесичка првокласен хероин, што ја набавив директно од луѓето блиски на Кабинетот на претседателот, со новинарски попуст од 30 од сто, почнав да халуцинирам. Ми се пристори Невзет Халили како Нелсон Мандела. Затоа што неодамна изјавил за грчката телевизија дека "Албанците во Македонија секогаш биле масакрирани и третирани можеби полошо од Црнците во Јужна Африка". Го видов Невзат Халили, борецот за правата на албанските црнци, како заедно со здружените меѓународни сили за борба против наркомафијата, врши напад на бившата касарна "Маршал Тито" во Скопје, каде што во најтешки услови на плантажите на афион црнчат од утро до мрак масакрираните Албанци од Македонија. Директен пренос на целата акција вршат угледните грчки ТВ станици. Во позадината на кадарот се појавува Мухамед Халили, кој спроведува етничко чистење на афионовите култури, во знак на одмазда поради перманентното етничко чистење на Албанците во Македонија – теза што тој така аргументирано ја бранеше пред американскиот сенатор Де Консини.

4. Во старо време имало обичај комитите пред да заминат во борба да ги благослови свештено лице. Не знам дали се работи за продолжување на традицијата, ама кога го видов кумановскиот владика Кирил како држи проповед на заклетвата на регрутите на АРМ во кумановската касарна, малку се зачудив.

Што ако некој од војниците не верува во Бога? И што ако не е од христијанска вероисповед. Па дури и да е, што ако не е православен? И со кое лице надлежните во АРМ и во Министерството за одбрана се жалат дека Албанците го бојкотираат служењето војска, кога во касарните доведоа попови?

За верниците барем нема пречки. И онака војниците по заклетвата добиваат слободен ден. Кој сака, нека си го искористи во црква.

5. Резултатите од изборите за испразнетите пратенички места покажаа дека повторно добија партиите кои и во првите избори добија најмногу гласови.

Значи, на граѓаните им е убаво и не сакаат ништо да менуваат. Дај да се организираме и да побрзаме. Да фатиме место во редиците.

# ЗАМРЗНАТИ ПРАТЕНИЦИ

**28 ноември 1992**

**• Министерството за труд го прогласи утрешниот ден за – работен**

1. Собранието на Македонија покажува невидена активност во правец на меѓународното признавање на државата. Кога слушнаа дека пратениците на Долниот дом на британскиот парламент си ги замрзнале платите до крајот на годината, во овие тешки предединбуршки денови на искушение и македонските пратеници си рекоа дека би било добро малку да им се улизуваат на своите колеги од Островот. Па покажаа невидена меѓународна солидарност. И тие се замрзнаа. Нема да работат до Единбург.

Одлуката за замрзнување на платите парламентарците од Британија ја донеле поради општата состојба во земјата, тешката рецесија и големите економски тешкотии на поголемиот дел од населението. Нашите парламентарци, како што е општо познато, ги немаат тие проблеми. Жртвувањето од работата е чисто на солидарна основа. Настрана што македонските пратеници се цврсто убедени дека со овој гест ќе ги разнежат срцата на студените Британци, па овие ќе ги наградат со признавање во Единбург. Да не е така, сосема би била беспредметна некоја слична одлука на нашите парламентарни избраници. Прво, затоа што Македонија не е исто што и Британија. Тие возат на лева страна, ние на десна. Нивната одлука е образложена со општата состојба во земјата, а кај нас општата состојба е супер. Тие имаат тешка рецесија, ние немаме ни економија, па не можеме да имаме ни рецесија. А кога немаме економија, не можеме да имаме економски тешкотии.

Разликата е очигледна. Затоа и пратениците различно се солидаризираат со избирачите. Британците ги замрзнуваат платите, нашите ја замрзнуваат работата. Кој им е виновен што наместо Џон Мејџор не си го избрале Бранко Црвенковски за премиер. Ќе си имаа секој први во месецот свежо отпечатени фунти.

2. Пратениците со ова замрзнување на работата "до Единбург" покажуваат резон на малолетници. Мислат дека со одложувањето на расправите за жешките теми ќе ги избегнат проблемите. А тие си остануваат.

Слично постапува и мало дете кое се плаши да оди на заболекар. Таман кога ќе му дојде датумот однапред закажан за поправка на некој заб, ќе смисли илјада и една причина зошто токму тој ден не може да оди. И така неколку пати. Додека не почне да отекува, а забот да го боли. Тогаш веќе е доцна. Ќе мора да му го вадат.

3. Тоа што дома не работиме, успешно го компензираме со работа надвор. Ете, учествувавме на Конференцијата во Истанбул за Босна и Херцеговина. Како и лани, кога цело време го решававме проблемот на Босна, па затоа дури во декември побаравме меѓународно признавање. Со активностите надвор и "замрзнувањето" дома, човек не може да биде сигурен од каде всушност ѝ се заканува најголемата опасност на Македонија.

Тоа што Собранието не работи, за да не ги вознемирува духовите пред самитот на ЕЕЗ во Единбург, логично го наметнува заклучокот дека најголемата опасност по мирот во државата се пратениците. Ако е така, нека престанат највисоките државни раководители секојдневно да нѐ плашат со војна, со познатата фраза дека"опасноста од неа е реална", без притоа да ни кажат кој ќе не нападне, со какво оружје, со што ќе се браниме и слични воени прикаски што му го одвлекуваат на граѓанинот вниманието од секојдневните основни животни проблеми, кои државата никако не успева да му ги реши. А така е затоа што Собранието не работи. Ако според нивната логика работата на парламентарците би предизвикала војна, зошто тогаш не ги распуштат и не закажат нови избори?

4. Муабет слушнат во редиците за молби за откуп на државните станови:

"Како може секој ден прво да ни кажуваат дека сигурно ќе има војна, а потоа да нѐ тераат да ги купуваме становите? Па, кој е будала заштеденото да го даде за нешто што ќе му биде уништено?"

5. Во целата збрка, сосема незабележано, помина појавата на оган од еден од оџаците на Рафинеријата во Миладиновци. Беше тоа ден за прослава, ако не и за прогласување на национален празник, ама не беше тука вицепремиерот Јован Андонов да ја пушти Рафинеријата во подготвително производство.

Шеикот од Македонија продолжува со ширење на оптимизам и влечење на маестрални потези. Минатата недела беше крајно изненаден од новите санкции на ООН, ама за кусо. Веднаш отпатува за Софија и таму издејствува Резолуцијата 787 да не биде никаква пречка за транспортот на нафта за Македонија од Бугарија, преку Србија.

Сила е Андонов. Посилен и од Советот за безбедност.

6. Утре е 29 ноември. Српско-црногорската СР Југославија глуми наследничка на старата Југославија и ќе ја празнува годишнината на Второто заседание на АВНОЈ. За таа цел мораа повторно да го "ослободуваат" Јајце.

За да нема забуни, вчера кај нас се огласи Министерството за труд и социјална политика со соопштение во кое се вели: "Во врска со претстојните денови 29 и 30 ноември, Министерството соопштува дека овие денови не се празнуваат, односно се работни за граѓаните на Република Македонија."

Јас ја почитувам власта. Штом така вели Министерството, иако 29 ноември е в недела – морам да одам на работа.

# РОМАНИЈА ЛИБЕРА **26 декември 1992**

## • Хелсиншкиот парламент на граѓаните и ПТТ–Македонија во тајна мисија кај Бутрос Гали

1. Генералниот секретар на Обединетите нации ќе мора дополнително да се загрижи за судбината на планетата Земја, доколку не го притисне Советот за безбедност конечно да даде зелено светло за прием на Македонија во светската организација. По најновата иницијатива на Хелсиншкиот парламент на граѓаните на Македонија, секој што ќе успее да се добере до телефакс-машина и слободен телефонски сигнал веднаш да упати протест на факс-бројот на кабинетот на генералниот секретар во Њујорк, господин Гали се фатил за глава и им свикал на оние од Советот за безбедност (особено на постојаните членки): "Аман, побрзо признавајте ја Македонија, ни ја испотроши цела телефакс-хартија!"

Каква опасност од ширење на војната, какви приказни за правото на самоопределување, каква мирољубива и мудра политика, каква промена на администрацијата во Вашингтон... Сето тоа е нула во однос на оваа оригинална идеја, пооригинална дури и од охридската хелсиншка конференција на Владимир Милчин со силната желба за признавање, смислена со цел да се поткопаат средствата на буџетот на ООН, што се водат под ставката "материјални трошоци – телефакс-хартија". Па, за надомест на трошоците ќе мораат, сакаат не сакаат, да ја примат Македонија. Белким и ние ќе дадеме некој денар во заедничкиот буџет. Ако немаме пари, тука е Фондацијата "Сорос". Милчин е главен. И таму – меѓу другото.

Доколку рекламирањето на телефакс-бројот на господинот Гали не е некоја тајна врска меѓу Хелсиншкиот парламент и ПТТ-Македонија, постојат сериозни индиции дека со овој потег генералниот секретар се става пред свршен чин. Бидејќи за производство на хартија треба целулоза, а за тоа треба да се сечат дрва, одолжувањето со приемот на Македонија во ООН може катастрофално да се одрази врз шумското богатство на Земјата. Ставен пред дилемата: да се спасат шумите или да се признае Македонија, г. Бутрос Гали во суштина е исправен пред едно светско прашање, од чие решавање зависи судбината на човештвото. Затоа Хелсиншкиот парламент ќе настапува со нов слоган: "Признавајќи ја Македонија, не ја помагате само ПТТ, туку го спасувате светот!"

2. Кога Македонија ќе биде призната, а светот ќе биде спасен, кај нас ќе процвета правната држава. До тогаш и пратениците ќе успеат да го донесат Законот за судовите.

Нам само ни останува да се молиме пратеничката група на реформистите-либерали да не ги загуби својот реформаторски дух и желбата што повеќе да се одделат од СДСМ, за да докажат дека тие не се бивши комунисти, па мораат да

се претвораат во најзакоравени верници. Ќе ја остварат целта дури кога на следните избори за свој кандидат ќе го истакнат Митко Анастасовски. Па по законот за либерално судство на граѓанска Македонија не само што судиите ќе мораат да веруваат во бога, не само што ќе мораат да бидат крстени и венчани во црква, туку ако некој се разведе, веднаш ќе му биде забрането во иднина да се занимава со таа професија. Ако пак венчаните си најдат евентуално некој швалер или швалерка, па уште и да бидат фатени на дело, законот предвидува судиите да бидат запалени на клада, пред Собранието.

Со така реформирано и либерално судство, тие што ќе се обидат да кажат дека предлогот на македонската граѓанска партија е евтин рекламен трик, ќе видат што значи – правна држава. И само некој нека се обиде да ги навредува чувствата на верниците-реформисти. Чувствата на неверниците што некој сега допрва мисли да ги крсти, не се важни. Па, нели не се крстени!?

3. Во граѓанска, демократска и модерна држава каква што е нашата и самиот на своја кожа ги осетив реформите на новата македонска царина.

Пред извесно време ја имав таа чест да допатувам со авион на надалеку познатото светско воздушно пристаниште во Скопје. За што подолго да уживам во убавината на аеродромската зграда се потрудија младите цариници, кои претпоставувам се од оној контингент среќници што пред некој месец ги фаќале сите можни врски некако да поминат на конкурсот на царина. Па, во царинскиот простор сите патници бевме задржани отприлика исто време колку што траеше летот до Скопје.

А цариниците – дури тројца за три авиони. Па млади, убави, непосредни, затоа што никој не ги научил да им се обраќаат на патниците со "вие" и облечени во рачно плетени џемпери. Шлифувани – како да го учеле занаетот во Романија за време на Чаушеску. Строги, строги – во секого гледаат шверцер или криумчар на оружје и дрога. Секоја торба мора да се отвори. Најсовесно и најбирократски. А народ се гуши, паѓа преку куферите, се спрепнува од најлонски ќеси, деца пиштат... Не дај боже некој да им каже дека во светот, на аеродромите постојат зелени и црвени премини, дека претресот се врши селективно, дека според светски стандарди патниците по слетувањето на авионот не смеат да се задржат повеќе од половина час за сите царински формалности...

Кога едно време не додржав, па се побунив, обраќајќи му се на едно момче со џемпер, што би требало да биде цариник: "Па добро, организирајте се!", добив едноставен одговор: "Што е организирано во оваа држава, па тоа да бидеме ние?"

Кога државен службеник ќе ти каже такво нешто, човек едноставно не знае што да мисли за државата. И уште нешто: Може ли државата да бара лојалност од граѓаните, кога самата таа организира – хаос?

Намерно не спомнувам кога точно ми се случи сето ова, со кој авион допатував, од каде... Се солидаризирам со младите џемпераши за да не им наштетам.

Приказнава е само уште една потврда на длабокото уверување дека иститe што ни го градеа комунизмот сега ни го градат и капитализмот.

Сиромашките, тие не ни знаат дека СФРЈ веќе ја нема. Сиромашките, ние сè уште се надеваме дека тие ќе направат од Македонија – држава.

4. "Србите им рекоа "НЕ" на ултиматумите!". "Заканите не ги исплашија избирачите".

Се лажете ако мислите дека ова се наслови од некој српски весник, дента кога стана јасно дека националсоцијалистите на Милошевиќ и Шешељ победија во т.н. СР Југославија. Првиот се појави во "Елефтерос типос". Вториот во "Та неа". Двата весника излегуваат во Атина.

1993



# СВЕТОЛ МРАК

**9 јануари 1993**

## • Секој ден не е Велигден, ама зошто да не ни биде Божик?

1. Досега, еве веќе повеќе од две години, не сум имал проблеми со "Сакам да кажам". Стариот главен уредник, што ненадејно беше разрешен еден ден пред Новата година, навистина секој петок внимателно се навраќаше на секое зборче што треба да излезе од печат, ама ниту еднаш не направил чкртка со пенкалото. Иако, знам, имаше работи со кои не се согласуваше и не му се допаѓаа. Ама, ми се чини веруваше во мојот инает. И во лудоста на неколкумина млади во редакцијата. Кој му е виновен? Затоа сега ќе биде обичен новинар на стари години.

Откако го разрешија, долго размислував дали во знак на протест да престанам со мојата сакана рубрика. Не за да покажам лојалност кон човекот. Уште помалку да им правам непријатности на новите шефови. Едноставно, тоа беше единствениот начин да го манифестирам своето чувство на ништожност, својата огорченост кон сите приказни за демократизација на државата, својата лутина кон државните раководители кои по светот се фалат дека имаат независно информирање, да го споделам очајот со колегите од сите медиуми, купени со сто марки плата, која не стига за преживување дури и да се троши само кај шверцерите на Зеленото пазарче, да ја изразам разочараноста од сите можни независни синдикати, форуми за слобода на информирањето, здруженија на новинари...

Сите сме за никаде. И кога нѐ тапкаат по рамо и ни велат: "Алал да ти е, тоа добро го напиша!", не вреди да се радуваме. Во суштина нашиот збор е безгласен и никому ништо не му значи.

Ми рекоа дека војската не се повлекува лесно од било која освоена кота. Па, ако излезе и овој – број 1 од "Сакам да кажам", можеби сѐ уште има надеж. Јас, искрено, повеќе не се надевам.

2. Впрочем, и онака нема попријатно чувство од она што се раѓа во мрачна, незагреана соба, крај мало пламенче на догорена свеќа, како призрак на малку надеж и силна симболика на светлата иднина што ни се насмевнува. Кога ќе помине времето за рестрикции во твојот реон.

Што има врска што имаме комплетен распад на енергетскиот систем, што не ни работат телефоните, што ни се прекинати сите патни комуникации. Државата си функционира. Ете, Парламентот е премногу загрижен каква марка ќе лепиме на писмата. Сериозна е работата. Не е сеедно што ќе лижеш одзади. Во правна држава и лижењето се покрива со закон.

А што се однесува до светлата иднина, патот до неа лично ни го покажа премиерот Црвенковски. Ќе си палиме огнови крај Вардар. Секој ден не е Велигден, ама зошто да не ни биде Божик. Па секоја вечер социјалдемократите на Бранко ќе палат коледарски огнови. Ќе пеат коледарски песни, да ни го

подигнат моралот. Покрај огнот ќе собираме топлина да си ја загрееме душата, пред да се упатиме по студените домови. И во студена постела пред заспивање ќе размислуваме: колкумина заради нив останале некрстени, а сега тие ни продаваат верски обичаи?

3. Завчера, на Божик, една побожна женичка гласно се жалеше: "Е, што ни беше убаво порано. Ќе си одиш в црква, убаво, на раат, што се вели. А сега, од ова комунистиве не можеш до вратата да се добереш!"

4. Како дополнителна гаранција до Обединетите нации дека немаме територијални претензии кон Грција, најдобро е на Бутрос Гали да му го испратиме оној пејач облечен како касапин, што добил втора награда на фестивалот во Канбера, па пред јарболите на Ист Ривер во Њујорк громко да им запее на сите душмани, почнувајќи од Мицотакис, преку Милошевиќ до Митеран, дека Македонија постоела и ќе постои и дека со елитната армија ќе го ослободиме Пиринот и Беломорието.

Претседателот Глигоров на Венс и Овен во Женева сигурно им рекол: "Кој пее, зло не мисли!" А строгите македонски песни околу Новата година и Божик што секоја минута се вртеа на програмата на Македонската телевизија, само беа во функција на подготовка на славјето за приемот во Обединетите нации. Среќен и патриотски набиен до даска, легнував и станував со мислата дека, ете, и Родос е наш. Само да стигнат парите од Џон Битов, што му ги вети на генералот Арсовски, веднаш ќе се пријавам како доброволец за елитните морнарички сили.

Впрочем, "ако сме рокери, панкери, рапери, сите сме Македонци" – како што вели една пригодна детска песна.

5. Државата конечно најде начин како да го реши проблемот со прекубројните пензионери. Бидејќи им даде рок зелените здравствени картони да си ги подигнат најдоцна до 20 јануари, може да се замисли глетката од редици стари луѓе кои чекаат по мраз и на минус 20 и кусур степени пред пунктовите за распределба. Кој од нив ќе успее да скрши барем една рака или нога, може да се надева дека и вгодина ќе ги дочека своите зелени картончиња за здравје.

Којзнае дали надлежните се запознати со податокот дека во светот функционира институцијата "пошта"?

## ПАЛИ ГАСИ

**16 јануари 1993**

**• Неверојатна и тажна историја на невините Срби и нивната бездушна власт**

1. "Ова не е филм, ова е повеќе од живот", изјави претседателот на Комисијата за ограничување на животот при Министерството за стопанство, образложувајќи ги мерките што мораше да бидат преземени поради неконтролираниот

нагон за самоодржување на граѓаните на Македонија. Ова високо тело доаѓа како логична надградба на државниот систем, кој во летото ни ја промовираше Комисијата за ограничување на потрошувачката на нафта и нафтени деривати, а зимава Комисијата за ограничување на потрошувачката на електрична енергија.

Среќа што го имаме Јован Андонов. Човекот кој летоска доби инспирација и го откри источниот коридор за снабдување со нафта, сега навреме откри дека Владата не знаела што ѝ правеле функционерите од Министерството за стопанство, кои смислија небулозни десетчасовни редукции во главниот град на државата. И тоа човекот е во оставка и на одмор. Замислете да беше редовен потпретседател на Владата. Пали и гаси. Немилосрдно!

2. Нема белким сега да чекаме од Андонов и да ни ја растера маглата над Скопје. Кога веќе надлежните не можат да откријат кои се главните загадувачи. И кога не можат да ги казнат, затоа што ја користат оваа ситуација, па испуштаат секакви гасови. Покрај сите благодети што ќе нè снајдат во иднина, по вакви загадувања можеме да очекуваме по улиците да ни се шетаат фалични деца?

На кое ниво е еколошката свест на граѓаните најдобро покажаа скопјани, кога за нивно здравје им беше забрането да ги возат приватните автомобили. Улиците беа полни како да не станува збор за никаква забрана. Ќе умрам, ама пешки не одам!

3. На многу интересен начин за Македонија муабетеле двајцата кандидати за претседател на Црна Гора Момир Булатовиќ и Бранко Костиќ. Во предизборниот дуел (Булатовиќ повторно е избран за претседател) Костиќ, како проверен вљубеник во Србија, го обвинил Булатовиќ дека Црна Гора вршела реекспорт на шеќер во Македонија и затоа го нарушила снабдувањето во Србија. Булатовиќ пред ТВ-камерите се бранел дека за шеќерот биле договорени лекови од "Алкалоид", на што Костиќ извадил документ со кој се докажува дека Црна Гора за шеќерот добила – нафта. На тоа Булатовиќ кусо прокоментирал: "По објавувањето на тој документ веројатно веќе и нема да имаме нафта".

Во тоа време Комисијата за ограничување на потрошувачката на нафта и нафтени деривати ги дизајнираше боновите за бензин, возачите паѓаа во несвест пред пумпите на "Макпетрол", Рафинеријата не работеше, властите се фалеа дека нам во суштина ни одговара Грција да ја блокира купената нафта, за да можеме ние да ја кодошиме низ светот, и сите заедно се воодушевувавме на изумот наречен "источен коридор".

4. Дали Македонија сè уште ја признава Босна и Херцеговина како држава и дали го признава Алија Изетбеговиќ како претседател на Претседателството на таа држава? Ако е тоа така, зошто тогаш државната телевизија, користејќи го Танјуг, секоја вечер ни го претставува господинот Изетбеговиќ како "лидер на босанските муслимани"?

Кога на тоа ќе се надоврзат ѕвездите на третиот канал: Весна Змијанац, Снежана Бабиќ–Снеки и Ана Бекута (веројатно како одговор на двојникот на д-р

Радован Караџиќ во Македонија, лидерот на ДПС д-р Бора Ристиќ, кој бара програма на српски јазик колку што има на албански и турски) – тогаш доживувањето е комплетно.

Би можел евентуално да се појави некој српски Маркес од Кучевиште и да напише роман со наслов: "Неверојатна и тажна историја на невините Срби и нивната бездушна власт".

5. Претседателот на СР Југославија Добрица Ќосиќ се врати разочаран од Женева затоа што "морал пред целиот свет да не се согласи со своите браќа од БиХ". Арно ама, "таа несогласност не е во целите, или во неразбирањето и неодобрувањето на целите на нивната ослободителна борба. Таа несогласност е во тактиката на остварувањето на демократските цели и човечки права на почвата на Босна и Херцеговина".

Просто кажано, ние остануваме на идејата да си ја создадеме Голема Србија, ама сега малку ќе го зафркаваме светот, ќе се правиме миротворци, за да не нè нападнат Американците.

А целта ги оправдува средствата. Хрватска е расцепкана. Босна веќе ја нема. Сега ќе го смислиме Кучевиште и Бора Ристиќ. Ослободителната војна започнува.

6. Божиќен виц:

Дедо Гаврил му го честита Божик на претседателот Глигоров: "Христос се роди, господине претседателе!" Глигоров му возвратил: "Разбира се".

# НОКАУТ, НОКДАУН

**23 јануари 1993**

**• Што ќе читаат нашите потомци на пергаментот што беше закопан во темелите на првиот гасовод**

1. Според соопштенијата што цела недела ни пристигнуваа од Министерството за односи со странство излегува дека министерот Денко Малески го испратиле во Њујорк на бокс-натпревар. И тоа сосе целиот министерски кабинет. Те "се води жестока битка", те "заврши првата рунда разговори", те "заврши втората рунда", те "закажани нови консултации", те "уште една рунда".

Човекот се покажа ептен издржлив. По нокдаунот што му го нанесе Јошио Хатано, во втората рунда, Малески успеа да се исправи во рингот пред да му заврши одбројувањето и се избори за продолжување на мечот. Термините на СИ-ЕН-ЕН беа зафатени со директниот пренос од инаугурацијата на претседателот на САД Бил Клинтон, па затоа не можеше да биде емитуван извештајот на Камелија Ќириќ Шојлевска, во кој многу убаво се гледала снимката, кога портпаролот на Министерството Јон Ивановски како секундант го ладел со крп-

чиња и му ставал маст на аркадите на министерот, додека овој собирал сили да заземе гард за третата рунда.

Сега сите навиваме за Малески, случајно да не добие уште два нокдауна, па да нѐ исфрлат од Њујорк со технички нокаут. Којзнае, ако успее да ги издржи сите рунди, можеби судиите во Советот за безбедност ќе гласаат тој да биде победник. Ако не, постои голема веројатност Малески да биде нокаутиран отпосле во – Скопје. Тоа што нокаутот ќе му биде зададен надвор од игра не е многу важно. Кај нас и онака е легализирана валкана игра.

Од круговите на делегацијата во Њујорк се дознава дека Малески бил многу деприминиран. Како и нема да биде, кога му недостига поддршка. Тој е во Америка, а тренерот му е во Македонија.

2. Во времето додека, следејќи ја битката на Малески, Атина беше целата во паника, а Скопје насекирано, која улица да ја именува со името на данскиот министер Јенсон, нашата држава прослави уште една работна победа, остварена како предизвик кон економската блокада и како манифестација на виталност. Започна изградбата на гасоводот на "Макпетрол". На свеченото заварување на првата цевка на овој проект на иднината присуствуваа и највисоките државни раководители, црковни големодостојници и стопанственици. За да биде сѐ во духот на модерното време, според верските обичаи кога се започнува некоја градба, наместо "курбан" во темелите беше закопана повелба, напишана на пергамент.

Кога после стотици и стотици лета нашите потомци ќе вршат археолошки ископувања кај Куманово ќе го пронајдат пергаментот и ќе можат да прочитаат:

*"Работите на овој објект отпочнаа да се одвиваат во годината кога претседател на Републиката е Киро Глигоров, претседател на Собранието Стојан Андов, претседател на Владата Бранко Црвенковски,*

*– кога се проценува дека годишната инфлација ќе биде илјада на сто,*

*– кога беспрекорната здравствена заштита е на колективен неплатен одмор,*

*– кога авионите на нашите аеродроми ниту слетуваат ниту полетуваат,*

*– кога низ маглата блескаат сините шлемови, иако Македонија е цвеќе на мирот, што убаво може да се види од најновата поштенска марка,*

*– кога бензинот се точи со усул и по мерка на "Макпетрол", а струјата е толку јака што се распаѓа системот.*

*Црковниот свечен чин, осветувањето на темелите на објектот, е извршен покрај две шишиња масло "Кристал", пластично пакување, набавено по цена од 1.800 денари од маалското гранапче, 20 јануари 1993, Караѓина чешма".*

3. По конституирањето на паралелното македонско собрание во Тетово и донесената одлука за формирање на кризен штаб за заштита на македонските национални интереси, треба да се очекува конечно гравот, како македонски национален специјалитет да биде заштитен од такви неодговорни лица како што е претседателот, на Извршниот одбор на тетовското собрание, кој ѝ украл три

килограми грав на секретарката, иако не се варел добро. Нејсе, не можејќи да издејствуваат разрешување на човекот што "ги запоставил македонските интереси" (веројатно затоа што соработувал со Албанците – катастрофа!) во легално избраното Собрание во кое албанските одборници се во мнозинство, затоа што, како што наведуваат во барањето за разрешување, "не можеле како одборници од македонските партии да поминат преку фактот дека за претседател имаат човек кој подава рака за три килограми грав, а за поголем износ да не зборуваме", тие го избрале начинот кој албанските пратеници во Собранието на Републиката неколку пати го практикуваа. Си заминаа од седница.

Кога само ќе ми текне колку бевме лути кога Албанците го бојкотираа Парламентот, во што се малцинство. Што ли ќе сторевме ако им текнеше да формираат свое собрание или, не дај боже, кризен штаб за заштита на албанските национални интереси?

## ЦИРКУЛИРАЊЕ, РЕЦИКЛИРАЊЕ 30 јануари 1993

**• Зошто домаќинките наместо да прават ручек не му се јавија по телефон на Бутрос Гали?**

1. Техничарот не го бива. Оној од Македонското радио што требало да го сними извештајот на министерот д-р Денко Малески од Њујорк. Министерот беше многу лут (веројатно на уредничката на надворешнополитичката рубрика што таа не присуствувала на чинот на вклучувањето на копчето за снимање во студиото), па го искористи конкурентскиот медиум – телевизијата, да ги цинкари оние од радиото дека не знаат како се води дипломатија, особено сега "кога е во прашање нашиот опстанок".

Со тие трогателни зборови министерот го заврши интервјуто, па човек не може да остане рамнодушен и да не го обземе страст да се пресмета со тие што го загрозуваат нашиот опстанок и не се јавуваат на апелот на Малески за помош во водењето на надворешната политика. Тој ги посочи новинарите и Универзитетот. Ги засрами кога им кажа колку грчки новинари се проврителе низ Њујорк овие денови. Требаше уште и да ни каже дека и на Грците им требаат две-три плати за да платат едно ноќевање во Њујорк.

И не е само техничарот виновен. Каде се куќните совети што не испратија факсови до кабинетот на Бутрос Гали? Што правеа децата од градинките со нивните цртежи на бели гулаби? Зошто не ги испратија во Њујорк да ја промовираат нашата мироќубива политика? Па и домаќинките, место да се јавуваат на контактните емисии на радиото, можеа да му ѕврцнат на Бутрос Гали, колку

само да го потсетат дека правдата е на наша страна. А Тодор Петров? Зошто не му текна да организира некоја блокада на грчката граница? Можеа да го викнат и Васил Тупурковски да одржи говор покрај камионите, наместо што го тргнаа настрана, па сега го ослободија од одговорноста.

Сите сме виновни што не нѐ примаат во ООН. Освен, се разбира, Академијата, писателите и Друштвото за човекови права од Радовиш. Тие напишаа по некое писмо и си го отплатија својот долг кон татковината.

2. Се разбира, секоја чест и за нашите иселеници кои истиот ден кога 20 илјади Грци се собрале да демонстрираат во Њујорк, објавиле платен оглас во "Њујорк тајмс". И – секоја чест на Телевизијата што ни го прикажа огласот. И – секоја чест на тој што му текна да го лаже гледалиштето, па при свои очи ни кажуваше дека објавениот текст е став на "Њујорк тајмс". Спикерката "мртва ладна" читаше: "тврди угледниот американски весник...", "истакнува Њујорк тајмс", "се вели во Њујорк тајмс"...

Замислете како убедливо би изгледало кога вечерва на главните вести би ви прочитале еден оглас што неодамна се појави во "Вечер". Би одело вака отприлика: "Скопскиот дневен весник "Вечер" во своето последно издание донесува текст за можноста што им се дава на Македонките од помлада возраст. "Млади Македонки, ако сте заинтересирани за брак со Американци, јавете се на тел...", тврди скопскиот дневник. Понатаму истакнува дека заинтересираните треба да се јават од 16 до 20 часот секој работен ден".

3. Добро е што приемот во Обединетите нации се комплицира, па речникот ни се збогати со зборовите кои многу ретко ги употребуваме. Прво, неколку месеци зборувавме за реактивирање. Цела нација се потресуваше дали ние сме ја реактивирале молбата или не. Е, потоа кога ни беше објаснето дека сме ја реактивирале, сега треба да ни се објасни што значи тоа – циркулирање. Сега молбата ни е проциркулирана. Се плашам следниот збор што ќе треба да ни се објаснува да не биде – рециклирање. Замислете, да ни ја рециклираат молбата!!!

4. Не дај Боже после да мораме на редиклирана хартија да пишуваме нова молба. Тоа баш би им се допаднало на "сојузниците и во најтешките денови" – Ќосиќ и Мицотакис. Можеби би можеле повторно да ја обноват заедничката граница. Ете, Ќосиќ за да им се допадне на Грците веќе зборува за "бившата македонска држава". Впрочем, тој увабо рекол дека "СР Југославија во секој случај никогаш нема да води политика што е против интересите на Грција". Како и би можела кога интересите им се поклопуваат во Македонија. Ако неа ја нема, тогаш нема да постојат и "извесни традиции кои не можат да се сметаат за демократски, ни хуманистички, ни цивилизирани". Настрана што и Србите во Македонија ќе ги добијат основните национални и човекови права.

5. Владата продолжува со испробаната тактика дека таа е во право, а за сѐ што не чини виновни се граѓаните. На вчера свиканата прес-конференција министерот Антони Пешев ги предупреди граѓаните што влегле во процедура за

откуп на општествени станови дека рокот до кој важи екстра попустот е 4 февруари и ќе се пролонгира само за оние што не по своја вина досега ги немаат извршено проценките, а сите оние кои ги имаат, ќе мораат да платат.

Настрана што, познавајќи ги нашите банки, можеме само да претпоставиме каков хаос ќе настане од понеделник до четврток. Поважно е зошто министерот не се повика на оној дел од Законот кој обврзува проценките да бидат извршени во рок од 15 дена од поднесувањето на барањето. Или, зошто договорите беа отпечатени дури пред една недела? Дали и тоа влегува во министерското "не по своја вина"? И кој е овластениот кој ќе оценува што е по чија вина? Што ќе се случи ако некој купувач се појави во банката на 5 февруари? Кој ќе оцени по чија вина му доцнела проценката повеќе од еден месец, договорот не можел да го добие до пред една недела, се жалел за проценката, или едноставно паднал на мразот и скршил нешто па лежел во болница? Можеби тие случаи ќе ги решава шалтерскиот службеник во банката?! Или, бирократите во општините и во СИЗ-овите?! Или пак лично министерот Пешев?!

# ПРИВРЕМЕН БАЈРАМ

**13 февруари 1993**

- **Привременото име ќе овозможи настап на македонската убавица на изборот на Мис на светот**

1. Најновата избрана Мис на светот е Русинка. Тоа е настан без преседан, бидејќи Русија првпат учествува на ваква манифестација и веднаш победува. И, како што е редот, веднаш по крунисувањето на светската убавица, водителот пред ТВ екраните прави разговор и ја прашува девојката: "Кога повторно би се родила, дали повеќе би сакала да бидеш убава или паметна?" Мисицата подговено одговорила: "Би сакала да бидам паметна!"

Македонија како пошироко непризната држава и со проблеми за зачленување во Обединетите нации на натпреварувањето на Мис на светот настапувала надвор од конкуренција. Македонската претставничка, чие име не ѝ го споменуваме бидејќи не е важно, затоа што настапувала со привремено име, била најубава во неофицијалниот дел. И, како што е редот, водителот по крунисувањето и неа ја прашал: "Кога би се родила повторно, дали би сакала пак да бидеш убава или паметна". Таа подготвено одговорила: "Јас би сакала да ја признаат Македонија!"

2. Како прилог во многу конструктивната расправа во Собранието за активностите околу нашето зачленување во ООН, во неможност да се доберам до говорницата, го користам овој начин да ѝ приопштам на светската јавност зошто мислам дека приемот на нашата држава во ООН со привремено име "Бивша југословенска република Македонија" има свои предности:

а) Кратенката од "Бивша југословенска република Македонија" е БЈРМ, ама заради тешкотиите околу изговорот и заради звучноста, ние ќе си ја викаме БАЈРАМ.

б) Името "Бајрам" е одомаќено во нашиот речник преку истоимениот празник на нашите сограѓани со исламска вероисповед. Прифаќајќи го овој збор за привремено име, ние на најдобар начин ќе ја отсликаме Македонија како држава со сите нејзини карактеристики: мултинационална, мултиконфесионална, мултиетничка, мултикултурна, мултисексуална, мултивитаминска, мултикултиваторна, мулти...

в) Со името "Бајрам" ќе ѝ оддадеме благодарност на Турција која меѓу првите нè призна и во исто време ќе ѝ простиме за петвековното ропство. Останува уште тие нам да ни простат што тие пет векови додека биле кај нас сè уште ги чувствуваат, па не можат да му се приклучат на светот.

г) Има два празника Бајрам. Едниот е Шеќер Бајрам и тоа ќе симболизира колку сладок ќе ни биде животот во државата кога ќе нè примат со привременото име во ООН. Вториот е Курбан Бајрам. Во него има голема симболика, бидејќи асоцира на нашата историја во која Македонија е постојано жртвувана – македонски крвопис, ослепени војници, деца бегалци, делете ја, парчете ја, Лисабонска декларација... Малку е лошо, затоа што за време на Бајрам жените мораат да седат дома, додека мажите шетаат. Ама и тоа е привремено. Кога ќе заврши арбитражата на Митеран и кога нема да се викаме Бајрам, и жените македонски граѓанки ќе можат да ја почувствуваат убавината на животот што ја дава членството во Обединетите нации.

д) Конечно, прифаќајќи го ова име, ќе се освестиме дека еве веќе втора година си правиме бајрам на умот дека "признавањето е само прашање на денот", "проблемот со името е апсурден и ирационален", "Атина е во паника", "ЕЗ повеќе не може да го трпи ирационалното однесување на Грција", "Америка е на наша страна"...

3. Големи потреси се случуваат и на нашата естрадна сцена. Нагло темнее ѕвездата на Митко Анастасовски, благодарејќи на молскавичниот пробив на досега неафирмираниот кантатор Трајан Мицевски. Рефрентот на Анастасовски "да градиме добрососедски односи со сите балкански и вонбалкански држави" (Да живее Индија!) е нула во споредба со тврдењето на Мицевски дека "нас сите што требало нè признале, само ние не знаеме" (веројатно затоа што се информираме од Танјуг). За потоа да продолжи во истиот тон: "До каде што отиде нашето мудро раководство, никој не нè признава, каде не беше – сите нè признаа".

Во сферата на неговиот творечки занес, сепак не се опфатени малерите што ги следат сите кои на овој или оној начин се занимаваат со Македонија. Ете, Данецот Јенсен штом ѝ даде поддршка на Македонија и побрза да изјави дека неговата земја ќе нè признае – беше сменет. Де Микелис меѓу првите зборуваше за признавање на Македонија, а сега го гони полиција за корупцијата во неговата

партија. Таман Бранко Црвенковски се сретна со Амато, другиот ден беше поставено прашање за доверба на италијанската влада. Дваесетина пратеници од македонското собрание беа гости на Конгресот на италијанските радикали во Рим и таму понудија резолуција за признавање на Македонија, а на партијата нагло ѝ се осипува членството и наскоро може да се распадне.

Од сево ова не треба да се извлекува никаков заклучок.

4. Во среда во Македонија ќе допатува турскиот претседател, господин Тургут Озал. Имајќи ја предвид ревноста на македонската полиција и нивната смисла за организација на сообраќајот, успешно демонстрирана при неодамнешната неофицијална посета на бугарскиот претседател Желев, најдобро е среда да се прогласи за неработен ден.

## ЦРВЕНИОТ ТЕПИХ — 20 февруари 1993

**• Гоце Делчев приреди свечен ручек за бизнисмени од Турција**

1.Големиот авион со високиот гостин слетува на скопскиот аеродром. Командантот на почесната единица на армијата им наредува на војниците да ги тријат рацете, за да ги загреат, за да можат поуспешно да ракуваат со оружјето. Тие млади, спастрени, со шлемови на главите и со маскирни униформи. Повеќе личат како специјалци за антитерористичко дејствување, подготвени да го обиколат авионот, отколку на парадери.

Црвениот тепих веќе е послан. Тука се новите жолти скали на хидраулика, гордоста на аеродромот. Едни и единствени. Можеби затоа на самото место е и директорот на аеродромот. Лично да командува со возачот на скалите. Пилотот на авионот се паркира токму на местото. И скалите се поставени. Музиката свири. Децата со букет цвеќе се преслушуваат што ќе му речат на гостинот. Претседателот на државата стои пред скалите...

Арно ама, се отвора задната врата на авионот. А на аеродромот нема уште едни жолти скали. А и црвената патека си е токму на место. И – паѓа наредба. Тргај ги скалите, вози ги на задната врата! Во меѓувреме, на еден аеродромски службеник му паѓа на памет спасоносна идеја. Му дава знак со рака на пилотот да го мрдне авионот понапред. Добро што не му текна да ги искористи војниците, малку да го поттурнат. Нејсе, жолтите скали се на задната врата. А тепихот и патеката? Набрзина го мрднуваат претседателот и десетина мажи ја зграпчуваат патеката, ја носат кон задната врата. Ама не во ролна, туку така– цела. И по пат заглавуваат во распаничените луѓе од протоколот, збунетите новинари и возбудените телохранители. Се сопнуваат од тепихот, потклекнуваат, се занесуваат, ама никој не паѓа на колени. Конечно, тепихот е послан и од задната врата истрчуваат – новинарите што се во придружба на високиот гостин.

Повторно паника. Гостинот сепак ќе излезе на предната врата. А под неа – ни тепих, ни скали. Само претседателот на Републиката. Децата со цвеќето веќе заборавија што треба да кажат кога ќе го предаваат букетот. Нова наредба. Враќај ги скалите напред! Тргај го тепихот! Овој пат тепихоносачите имаат потешка работа. Треба да се пробијат и низ новодојдените новинари, фоторепортери и камермани. Општа збрка и паника! Ниту музика се слуша, ниту некој виде како мавта со сабјата командантот на военото воздухопловство, ниту тепихот остана црвен. Го извалкаа новинарите. А и жолтите скали нешто затаија. Во третиот обид не им успеваше да ја потрефат вратата на авионот. Конечно ...

Претседателот на Република Турција, неговата екселенција, господинот Тургут Озал допатува во дводневна официјална посета на Република Македонија. На скопскиот аеродром тој беше пречекан со највисоки државнички и воени почести.

2. Некрофилските тежненија во македонската новокомпонирана музика најдобро се отсликуваат во една песна која оди отприлика вака: "Стани Делчев војвода, прошетај низ Македонија". Страв и ужас. Освен ако не е приспособена за денешниот празник Задушница.

Во согласност со современите тенденции е и пригодната реченица на премиерот Бранко Црвенковски, изговорена на говорницата во Собранието дека "и Гоце Делчев имал опозиција".

Еве ти! А јас пак цело време живеев во заблуда дека само Црномаров од Битола е реинкарнација на Делчев. Кога Бранко ме стави во мисла. Па и Гоце Делчев знаел да се преправа. Само што на Бранко некако не му оди да се претставува како "трговец од Солун". Само уште тоа ни фали во битката за меѓународно признавање. Замислете, како во "Табакерата", да извади табакера, ама со изгравирано шеснаесеткрако сонце. Дури тогаш – ја плукнавме работата.

Да се случи некое чудо како во некрофилската песна и да прошета Делчев до Охрид – ќе има што да види. Веднаш ќе си помисли дека неговото постоење немало никаква смисла. Кога ќе се види себеси, преправен во премиер, како дава свечен ручек на турски бизнисмени.

3. Не дај боже при прошетката низ Македонија да му текне да влезе во Собранието на Македонија. Дури тогаш ќе добие криза на идентитетот. Кога ќе ги види неговите наследници како во дело ја спроведуваат идејата за "светот како поле за културен натпревар меѓу народите".

Цврсто бев решен овој пат да не се занимавам со народните забавувачи. Не сакав да ми го спуштат нивото на текстот. Ама, кога видов дека ниту еден, ама буквално ниту еден од "почитуваните" пратеници не се спротивстави на гнасотиите изречени од еден пратеник од Прилеп и не застана во одбрана на интегритетот на личноста на еден човек, па макар тој бил министер, макар не се согласувале со неговите потези, не можев да се воздржам. Едноставно, иако министерот за кого станува збор досега честопати се појавувал во "Сакам да

кажам", сакам јавно да соопштам дека меѓу оние на кои им се важни интригите, сопствените фрустрации, комплексите, незадоволените суети, повеќе отколку она за што се платени, нема ниту еден за кого би го дал гласот.

Ако Парламентот навистина ја отсликува состојбата на гласачкото тело, тогаш тешко ѝ на оваа држава. Јас сепак мислам дека овие граѓани можат да изберат, ако не попаметни, тогаш барем покултурни и полуѓе пратеници.

## ПРАВНА ДРЖАВА

**27 февруари 1993**

### • Изборен слоган: "Прост народ – силна држава!"

1. Најдобар политички потег за следните избори би бил кога СДСМ би го кандидирал Љубомир Фрчковски за пратеник во изборната единица во скопската населба "Ѓорче Петов". На плакатите со неговата фотографија би бил испишан и изборниот слоган: "Прост народ – силна (правна) држава!" Тој веќе си има изградено слика како треба да функционира демократијата. Само треба уште да му се погоди народот.

Како теоретичар по демократија на привремена работа во полиција, сигурно на ум ја имал онаа анегдота во која еден ученик на филозофот му забележал дека неговите тези немаат никаква врска со стварноста, а овој пак му вратил: "Дотолку полошо за стварноста"!

Демонстрацијата на сликата на правната држава пред ѓорчепетровци одеше: ред водни топови, ред палки, ред солзавец, ред ослободување на главната улица. Со своите просечни педесетина марки плата, којзнае колку невработени, со којзнае какво образовно ниво и под влијание на секојдневните стресови од признавањето, преку парламентот и стравот од војна, правната несигурност, па до тоа колку танкери со нафта пристигнале во Солун, граѓаните од периферијата на главниот град на државата не се вклопија во замислената слика на Владата. Кој е виновен за ксенофобијата? Народот или државата? И дали народот се бунеше против бегалците или против државата?

2. Пред неколку години Собранието на Скопје на естрадната уметничка Есма Реџепова ѝ додели локација во населбата Водно за изградба на Музеј на народна музика со музичко училиште. Многу угледни водњанци тогаш излегоа да го спречат булдожерот што требаше да ја расчисти локацијата. Во петицијата што беше потпишана од несудените соседи на Реџепова се потенцираа такви значајни забелешки како што беа на пример оние дека музејското училиште ќе го нарушело мирот во населбата, па објектот ќе бил три пати поголем, дека ќе се исечеле 40 дрва...

Колку што ме држи сеќавањето, никој тогаш не споменуваше расизам, фашизам, правна држава, солидарност, никој не донесе полиција, освен онаа што служеше за обезбедување на револтираните соседи на кои ќе им се наруши мирот

со народна музика, а солзавецот и палките се чуваа за попогодни граѓани за градење правна држава.

3. Деновите што го потресоа "Ѓорче Петров" сериозно ја потресоа и Македонската телевизија. Непослушните граѓани ја нападнале екипата на МТВ, го каменувале сниmателот и, како што ни беше драматично соопштено на вестите, ја оштетиле скапата опрема. Тука доаѓа врвот на новинарскиот професионализам со историското предупредување до граѓаните, да престанат да ги напаѓаат екипите на МТВ затоа што тие ја повлекле екипата и нема да известуваат од настанот.

Сигурно и водителите во СИ-ЕН-ЕН упатувале такви предупредувања кога нивните екипи беа заробени во хотелот во Багдад. А и оние безброј ТВ екипи што ја крстосуваат Босна сигурно испраќаат предупредување до завојуваните страни да престанат да пукаат за да можат тие на мир да си ја завршат работата. Како можеше истата таа МТВ да не ја жали скапата опрема кога правеше репортажи од Романија кога паѓаше Чаушеску, а сега одеднаш бара мир на улиците во Ѓорче Петров за да може да работи.

Како очекуваат од мене редовно да им ја плаќам претплатата кога јасно ми ставаат до знаење: "Или ќе се однесуваш како што ние сакаме за да известуваме, или ние воопшто нема да известуваме за твоето однесување!"

4. Она што беше многу интересно во врска со штрајкот во РЕК Битола е како систематски на граѓаните на Македонија им се сервираше барањето на рековци за поголеми плати, и како тие во однос на другите вработени се гнили капиталисти. Се подгрева атмосферата во која сите се свртуваат кон штрајкувачите од Битола, демек, види ги колку се незаситни и безобразни, наспроти основната логика: А зошто ние да немаме колку нив?

Воопшто, најлесно е да се владее со народот ако граѓаните меѓу себе се скараат. Така, оние кои не можеле да ја поминат главната сообраќајница кон Тетово, кога ѓорчепетровци ја блокираа, им беа лути на демонстрантите. Кога се градеше депонијата Дрисла, бившиот градоначалник во неколку наврати се повикуваше на жителите од Аеродром, веројатно очекувајќи тие да се степаат со оние од Драчево и Батинци. Кога штрајкуваа здравствените работници, владата бавно реагираше, како да чекаше пациентите да почнат да се тепаат со своите лекари. Студенчица веќе стана легендарен мегдан за прилепчани и кичевчани.

5. Во најдобар комунистички стил и министерот за социјала Илијаз Сабриу пронајде лек за пензиските фондови. Ќе им земел на оние со големи, за да им даде на оние со помали пензии. Уште да го патентира својот изум и во областа на платите. Не е јасно само како мислат да го спроведат новиот закон за пензиско осигурување, според кој оној кој сака да има поголема пензија, може тоа да го оствари ако повеќе одвојува за фондот. Во оваа правна држава, кој ќе им гарантира на тие луѓе дека по триесетина години нема да се појави некој нов Илијаз Сабриу, на кого економската логика на Сталин му е најблиску до сфаќањата, па ќе им го одземе она што тие цел живот го одвојувале, во име на еднаквите стомаци и социјална рамнотежа?

6. Идеално решение за проблемите на пензиите е некој да ги наговори пензионерите да штрајкуваат. Можат да блокираат некоја улица. Тогаш на сцена стапува правната држава со своите водни топови и солзавец. Гарантирано половината демонстранти ќе изумрат. И – решен проблем.

## ШИФРА 5/25147 6 март 1993

### • Маслинките не одат како мезе со тиквешка ж´та

1. По трагата на веста што ја објави грчкиот опозиционен весник "Етнос", дека во текот на минатиот месец дошло до тајни средби на македонско-грчката граница на релативно високи функционери од двете држави, "Сакам да кажам" ги ангажираше сите можни шпионски врски, за да дознае повеќе детали за почетокот на преговорите меѓу Грција и Македонија. Средбата била толку многу тајна, што дури и нејзините актери, потсекретарот во Министерството за односи со странство на Македонија Ристо Никовски и пензионираниот генерал на Службата за безбедност на Грција Никос Грилакис, немале поим ни каде се среќаваат ни дали воопшто се среќаваат.

Како што ни јави нашиот гевгелиски шпион, со сектор на дејствување на граничниот премин Богородица – Евзони, до тајната средба дошло меѓу двете рампи, поточно во грчкиот фри-шоп. Главен извор на информации е една неименувана грчка касиерка, од неодамна освестена античка Македонка со директно потомство од Александар Македонски, која на ваков субверзивен акт кон својата држава се решила поради разочарување од невозвратената љубов од страна на Адонис Самарас. Таа во своите обетки во форма на шеснаесеткракото сонце од Вергина имала инсталирано камери и сосема прецизно ја снимила средбата на Никовски и Грилакис.

"Вечер", ексклузивно за читателите на "Сакам да кажам", прераскажува што видел на снимките на разочараната касиерка. Никовски и Грилакис се сретнале во близина на гондолите за пијалоци. Како знак на распознавање едниот носел маичка со куси ракави на која било испишано: "I love Lisabon", а другиот иста таква маичка, со натпис "Badinter is the best". Касиерката како знак на распознавање носела маичка со четири "С", што по дешифрирањето дознавме дека значело "секс, Самарас, суфлаки и сиртаки".

Преговорите завлегле во ќор-сокак во оној момент кога Грилакис го присилувал Никовски да купи шише "метакса". Никовски бил категоричен: "За сè можеме да разговараме, ама за тиквешката ж´та не може да се преговара". Потоа била разгледана нацрт-резолуцијата според која, во знак на компромис, Никовски

морал да се откаже од купување дански колачиња, затоа што сè што е данско се сфаќа како скопска провокација. Згора на тоа морал да купи и грчки маслинки.

Сето тоа веќе е доволен повод за да се свика вонредна седница на македонското собрание со единствена точка на дневниот ред: Одат ли маслинки како мезе со ж´та? Левиот блок некако ќе ги проголта маслинките, ама националниот, имајќи ги предвид загрозените традиции на македонството, веќе подготви меморандум со кој се бара во никој случај да не прифаќаме маслинки место пиперки. Албанскиот блок не прифаќа ни маслинки ни пиперки, сè додека коњакот "Скендербег" не добие рамноправен третман во Уставот на Македонија.

2. Текстот на нацрт-резолуцијата на Франција, Велика Британија и Шпанија за прием на Македонија во ООН под привремено име, кој патем ние не сме го виделе и немаме поим како изгледа, затоа што не сме го примиле, а на кој за секој случај веќе дадовме амандмани, има и дел во којшто стои: "Советот за безбедност му препорачува на Генералното собрание да ја прими државата чие барање е заведено под шифрата 5/25147".

Зошто бројот на шифрата да не биде и официјалното име на Македонија? И онака нашиот случај е единствен во историјата и ќе биде изучуван во политичките науки. Како Република 5/25147, нашиот проблем од сферата на политиката ќе прејде во сферата на нумерологијата. Со бројките барем нема двосмислености. Освен ако Грција не тврди дека 2 и 2 се еднакви на 5!

3. Ексклузивната вест од средбата на потпретседателот на Владата Стево Црвенковски со генералниот секретар на ОН Бутрос Гали емитувана на Македонското радио започна со реченицата дека Црвенковски во Њујорк половина час, без преведувач, разговарал со Гали.

Дали тоа значи дека, кога ќе ни биде јавено дека на некоја средба претседателот Глигоров се задржал во едночасовен разговор со преведувач, тоа е исто како да разговарал половина час без преведувач?

4. Еден оптимистички виц за признавањето:

Пред Божјите порти стоеле Французин, Американец и Русин и плачеле. Поминало Македонче, се сожалило над нивната судбина и ги прашало зошто плачат.

Американецот рекол: А бе, го прашав Господ кога САД ќе станат господари на вселената. Тој ми одговори дека тоа нема да го доживеам.

Французинот рекол: Го прашав Господ кога Европа ќе се обедини, а тој ми одговори дека тоа нема да го доживеам.

Русинот рекол: Го прашав Господ кога Русија ќе има стандард како САД, а тој ми одговори дека тоа нема да го доживеам.

Љубопитното Македонче си рекло, ајде и јас нешто да го прашам Господ и влегло кај него. Излегол – без плачење. Другиве тројца се зачудиле што станало и пак влегле кај Господ. Кога таму – Господ рида, плаче, солзи не запира. Го

прашале: Господе Боже, што ти стана? А тој им рекол: Она Македончето ме праша кога Македонија ќе биде призната? Што да кажам, кога тоа и јас нема да го доживеам.

## FIGURAE VENERIS 13 март 1993

**• Адмиралот Боцинов треба да внимава кога претседателот на Републиката присуствува на женски прослави**

1. Разбудените еротски чувства кај пратениците во Собранието на Македонија, по опстојната анализа на позата претставена на плакатот за претставата "Евангелие по Јуда", станува предизвик од првостепено национално значење за Владата и нејзините сексуални предиспозиции. "Чудо невидено!", изјави еден од револтираните верници пред струмичкиот театар, коментирајќи го она што го видел на плакатот, веројатно не можејќи во моментот да се сети какви сè дејанија се вршат врз граѓанството на младата девствена држава.

Користејќи го своето скромно искуство, Владата реши во јавноста да се појави со прво македонско издание на "Figurae veneris – 100 пози во боја", под наслов: "Сигурен секс – Внимавај така да останам невина". Користејќи го ексклузивното право да објавиме дел од книгата, ве потсетуваме на граѓанските позиции во кои најмногу уживавте:

– поза – летна шема, прва варијанта, наречена "На задњем седишту мога стокеца", применета во ек на годишните одмори кога нафтата неразјаснето се губеше кон север;

– поза – летна шема, втора варијанта, наречена "Влијание од ќм исток", кога Владата го откри источниот коридор;

– поза "Интерпланетарна екстаза", базирана на симпатиите во светот што секојдневно ги собираме во незапирливиот процес на меѓународно признавање и прием во ООН под нашето единствено сексуално име;

– поза "Љубов без интерес", ексхибиционистички погодна за шалтерите во банките, каде што се исплатуваат девизни заштеди и особено девизни камати;

– поза "Жолта дуња, зелен бор, имам дечко од УНПРОФОР",

– поза "Удри ме, удри, твојот пендрек така нежно боли", носи предности зашто може да се практикува на улица (Куклиш, Радовиш, Бит-пазар, Ѓорче Петров...).

По сè ова, навистина зачудува како пратениците дигнаа толку џева од позата на плакатот од театарската претстава, а досега молчеа. Сигурно им било многу убаво.

2. Под мотото "Што ни е нас гајле, ние чекаме признавање", празникот на жената 8 Март беше свечено и работно прославен. Со песни и ора низ Македо-

нија. Дури и денот на жалост, по повод авионската несреќа што се случи минатиот петок, беше одложен за вторник, да не се наруши понеделничката забава.

Освен промоцијата на еден клуб за жени лекувани од рак, не слушнавме дека тој ден жените од Македонија посветија повеќе внимание на своите проблеми. Дали навистина ниту една не се сети да го дигне гласот против силувањата што секојдневно ги носи војната во близина, речиси во нашето соседство? Дали навистина кај нас нема услови да се организира некој богат добротворен бал? Дали не можеше да се проговори против злоупотребата на децата? Зарем се заборави на оние продажби на домашни ракотворби и месени работи од кои се собираа добротворни прилози за децата без родители, за бегалците...

Зарем на нашите жени им е толку лошо, што мораат да го чекаат 8 март како единствен ден кога ќе се "издуваат"?

3. Жените на Скопје на своето собрание во Домот на АРМ, пред десетина дена, го поканија и претседателот на Републиката Киро Глигоров. Него го придружуваше тогашниот началник на Генералштабот на армијата генерал-потполковник Митре Арсовски. Вечерта од Кабинетот на претседателот пристигна соопштение за указот со кој тој го разрешува и пензионира господинот Арсовски од високата воена функција.

Нов началник на Генералштабот е адмиралот Драгољуб Боцинов. Значи – морепловец. А морепловците имаат една стара изрека: "Жена на брод – несреќа"! Тоа му е добро предупредување да не го придружува Претседателот кога ќе оди да посетува жени. Може да заврши како неговиот претходник.

4. Милошевиќ повторно сака да го зафркне светот, па преку неговата експозитура во Босна, Радован Караџиќ, предлага и за оние делови во Босна и Херцеговина кои по "ослободувањето" останаа несигурни, да се примени Венсовиот план со розови зони, како во Хрватска. Просто кажано, тоа што освоиле, освоиле. За тоа што уште не успеале да го освојат да ги ангажираат Обединетите нации да го освојат наместо нив.

Таков преседан, кога напаѓачите се наградени со заштита, се случи во Краина. Затоа, кога Хрватска реши да си ги поврати своите територии, беше прогласена за агресор. А вистинскиот агресор го штитат сини шлемови.

# Д.О.О. КООПЕРАНТИ

**20 март 1993**

## • Не е мала работа да бидеш втор од двајца

1. Тоа што пред десетина месеци се нарекуваше предавство, денес има поубаво име – кооперативност. Веќе утре може да биде и – херојство. Темата е иста: меѓународно признавање на Македонија. Разликата е само во историската дистанца.

Сега, кога настапи општонационално освестување дека, за да се преживее, ќе мора да се направи некаков компромис за прием во ООН, малку се разочарав што "Вечер" го изгуби приматот на предавник на националните интереси. Таква етикета ни беше залепена уште во јуни минатата година, неколку дена по Лисабонската декларација. И тоа само за еден текст, којшто, ако сега се препечати, би бил ептен на линија.

На говорницата во Парламентот еден пратеник се чудеше од каде "Вечер" има таква дрскост да отпечати толку "грозен текст". Еден друг пратеник, од коалицијата која сега ни го заговара привременото име, иронично бараше да му дадеме подетаљни објаснувања за двојното име на Финска: Финланд – Суоми. Висок државен раководител се посомнева дека сум бил заведен од внатрешниот и надворешниот непријател. Колегите од другите гласила тој ден избегнуваа да ме сретнат. Само колешката од "Пулс", која сега исто така бара компромис, ме направи пуздер среде собранискотo бифе, обвинувајќи ме дека поради моето не баш најчисто македонско потекло не сум имал смисла за национално чувство, а тоа што сум имал влашка жица значело дека ме бива за пазарење. Потоа слушав за големи суми што сум добил од Грција, а богами и за бесплатни летувања на Родос.

Текстот навистина носеше наслов "Ако се пазариме, барем да ќариме", а во суштина идејата беше ние да го водиме пазарлакот, наместо други да го водат на наша сметка. Во таа смисла се залагавме за преговори за сите прашања, вклучувајќи го и тогаш недопирливото – името.

2. Во меѓувреме ја загубивме стратешката предност во спорот со Грција. Платите ни се за никаде, без разлика што деновиве ни се сервира дека од бившите југословенски републики ние сме биле втори по Словенија, по инфлација, по стабилност на валута, по стандард. Од двајца – втори! Другите се во војна.

Затоа пак направивме многу убави песни дека името не го менуваме. Што ќе правиш – сите убави македонски песни се тажни. На името се изградија и многу кариери, не само естрадни туку и политички и новинарски. А богами, паднаа и жртви. Зошто му беше направена интрига на Васил Тупурковски? Денко Малески заслужуваше да биде на толку гнасен начин избркан од политиката?

Кооперативност – секако! Утре нека биде и херојство. Но, што се случува со одговорноста? Уште повеќе што и сега никој не кажува дека привременото име значи оти некогаш ќе мора да се добие и постојано име. Тоа на овој или оној начин претставува арбитража. А нели ние арбитража не прифаќаме.

3. Којзнае колку се потресени членките на Советот за безбедност откако го слушнале последното соопштение на ВМРО-ДПМНЕ, во кое оваа партија вели дека "ќе стори сѐ Република Македонија да биде призната под своето уставно име".

Живо сум заинтересиран што ќе стори. И кога мисли тоа да го направи. Сега или веднаш? Ако веќе го има клучот, зошто досега го чуваше за себе?

Илузорна е борбата меѓу партиите, сега да се тепаат која од нив ќе си ја припише заслугата за признавањето на Македонија. Под овие услови признавањето на Македонија воопшто не е најславната работа што може да се искористи за некои евентуални избори.

Патем, најновите истражувања на јавното мислење покажуват дека граѓаните на Македонија бараат избори, ама дури по признавањето. Ако се мисли на признавање под името Република Македонија, значи избори нема да има.

4. Во една вест од пред некој ден се вели дека "режиските карти за бенефициран превоз со железницата што до неодамна важеа на територијата на некогашната СФРЈ, во иднина ќе бидат користени само на териториите на Република Македонија и СР Југославија".

За македонските железничари нема проблем. Тие никогаш и не излегле од Југославија. Баш убаво ќе им стои името БЈРМЖ.

5. Според уредбата на Министерството за стопанство, со која се сака да му се стави крај на шверцот на цигарите без платен данок, ќе се казнуваат не само тие што продаваат такви цигари туку и тие што купуваат!

"Што, ми продаваш евтини цигари!? А не, ќе одам да си купам двојно поскапи, зашто јас си ја сакам државата!". Кој ни е виновен што Владата има различни сфаќања за функционирање на пазарот одошто граѓаните.

Што ќе се случи ако во некоја рација ги уапсат и шверцерите и граѓаните? Ќе останат само главните босови и ќе ги прогласат за најдобри менаџери.

## АКЛАМАЦИЈА РЕКЛАМАЦИЈА **10 април 1993**

### • Фестивалот "Цветници", нова скопска провокација

1. Бившата вечеровска рубрика Сакам да кажам, која не излегуваше две недели поради мое отсуство од редакцијата, денес и официјално согласно мојата лична препорака остана рамноправен член на седмата страница на "Вечер недела", со име за внатрешна и надворешна употреба "Сакам да кажам".

Повторниот прием беше извршен вчера попладне по средно македонско време со едногласно (без гласање) читање на текстот од страна на в.д. главниот уредник. Свечената церемонија на подигање на платата е одложена. Следуваат преговори.

2. Дали денес, неполни два дена по приемот на нашата држава во Обединетите нации, можете да одговорите на прашањето: Се чувствувате ли, почитувани читатели, како бивши граѓани на Република Македонија? Кога ќе заустите да си одговорите, ќе ви стане јасно колку глупаво прашање ви е поставено. А глупави прашања не заслужуваат одговор.

Тоа, пак, што не се чувствувате којзнае колку среќни, иако веројатно и вам ви минале трпки низ телото кога го слушнавте македонскиот збор во зградата на ООН во Њујорк, не е за забележување. Без разлика што сега ќе се зборува за големи фалби, вие сепак знаете дека нас таму нè примија и без име, и без знаме. Важно нè примија и една голема тежина од срцето е падната. Државата го изгуби името, ама нека ни е жива и здрава Македонија. (Ова за оние непоправливи оптимисти кои сè уште веруваат дека по привременото "обраќање" ние пак ќе се викаме Република Македонија.)

Настрана обичната човечка радост, и како новинари конечно, по 15 месеци, ќе можеме да здивнеме по прашањето на приемот на Македонија во ООН. Особено кога треба да се направи вест и кога нема вест. Како на пример, почетокот на ТВ дневникот од пред некој ден, кога ни беше соопштено дека "Советот за безбедност одржа неформална средба на која НЕ СЕ РАЗГЛЕДУ-ВАШЕ нацрт-резолуцијата за прием на Македонија во ООН.

3. Една колешка од редакцијата вчера го коментираше начинот на прием на Македонија во ООН: "Баш убаво, сега и за мажот ми дома можам да кажам дека ми е бивш маж". А тоа, во случајов, може да носи некакви предности.

4. Во белградскиот неделник "Време" еден читател во писмо до редакцијата, кое ми се чини дека е со симпатии наклонето кон Македонија, опишувајќи го финалето во Њујорк, вели дека е фуриозно и монтипајтонско, па зафркавајќи се со нашето често присилно менување на презимињата -ов, -иќ, -ски, предлага во иднина пред нашите презимиња да стои Пок. Како – покоен. Јас на пример би бил Горан Пок Михајловски. Досетливиот читател вели дека по тоа презиме ќе бидеме лесно препознатливи во светот. Како на пример Шкотите со нивното "Мек", или Ирците со "О" пред презимињата.

Предлогот е многу морбиден. Сега кога веќе влеговме во ООН глупаво би било да си се викаме Пок. Та нели токму приемот ќе ни овозможи допрва да живееме. Така барем нè убедуваат. Затоа, ако веќе сакаме по углед на Шкотите и Ирците и ние да бидеме препознатливи со додавка пред презимето, да го искористиме она проклето "бивша" и да си го избереме зборчето" "бев". Како ви се чини името "Горан Бев Михајловски"?

5. Како што дознава "Вечер" од многу информирани дипломатски кругови во престолнината на Бившото Кралство Грција, Атина, покрај веќе познатите

услови кои ќе ги поставува во процесот на градење мерки на доверба со нашата држава, додава уште три многу значајни:

Прво, укинување на фестивалот "Цветници", затоа што тоа е организирана скопска провокација. Што била таа работа, пет дена да се пее наспроти смешниот прием без име и без знаме!?

Второ, на конкурсот на емисијата "Добро утро, добар ден", на кој ќе се избира најубаво бојадисано велигденско јајце, да не се земаат предвид јајцата бојадисани во црвено, прошарени со шеснаесеткракото сонце.

Трето, итна обнова на униформите на машкиот дел од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ (се мисли на вратоврските на Томе Стефковски, Стоиле Стојков, Драги Арсов, Митко Анастасовски, со лавчињата напечатени на ткаенина со крајно сомнителен квалитет, купени на импровизираните тезги од картонски кутии пред почетокот на конгресот на партијата во Прилеп, пред две години). За следниот конгрес – во Солун, Грците би им врзале околу вратот нешто поиздржливо.

6. Ако веќе Грците ја разоткрија намерата на организаторите за петдневно пеење под име "Цветници", не верувам дека било кој во државата ја разбра целта на петдневното карање во Собранието на Македонија на тема "Приемот во ООН". Најконструктивен дел од расправата беше последниот ден, кога претседателот Стојан Андов замина на пауза исклучувајќи ги микрофоните и го остави неговиот потпретседател Џеладин Мурати да се снаоѓа со високо софистицирана електроника, без завршен курс кај Благоја Ханџиски или барем кај Михаил Пановски. Докторот по електроника Ханџиски тврдеше дека требало клуч за да се пуштат микрофоните. Среќа што министерот Фрчковски не организира потера по клучот, затоа што откако се врати Андов објасни дека тоа не било потребно туку требало да се пронајдат тастерите. А има повеќе тастери.

И после некој ќе ме убедува дека Андов не бил тој што пали и гаси во Македонија.

7. "Сакам да кажам" од проверени извори дознава дека 8 април, денот кога Македонија беше примена во ООН, наедно е и роденден на Васил Тупурковски. Ах тој Циле! Пак нешто им ја збуричкал работата.

# ПОЗДРАВИ–ЧЕСТИТКИ

**17 април 1993**

## • Самракот е барем подобар од мракот

1. Во духот на трагичната историја на овој мал и напатен народ, но со голема душа и гордо дигнато чело, а вклопувајќи се во амбиентот на општо пеење новокомпонирани песни, вработените во Министерството за односи со странство ја пеат тажаленката "Еднаш Македонија во ООН се прима, а нам телефаксот не ни штима".

Ете зошто за признавањата од разно-разни држави мораме да дознаваме преку извештаи на новински агенции. Ако имало евентуално некоја нота, коминике, кралски указ или, дај боже, предлог за воспоставување дипломатски односи, не можеле да стигнат поради презафатеност на телефаксот. Замислете, можеби токму кога Данците го праќале писмото, линијата била зафатена од честитката од Месната заедница "Жировница". Од толку поздрави од разни месни заедници, куќни совети, друштва на бивши зависници од дрога и алкохол – телефаксот цркна. А и резервни делови тешко се наоѓаат, зашто, нели, и Македонија неправедно страда од санкциите кон Србија и Црна Гора. Башка што и телефакс-хартијата е скапа, а буџетот за оваа година уште не е донесен.

Поради сето ова најмногу ќе изгубат гледачите на државната телевизија. Дневникот ќе мора да трае покусо, затоа што од програмската шема ќе биде исклучена редовната рубрика "Поздрави и честитки до Претседателот".

Наместо тоа добро ќе дојде репризирање на репортажата од приемот на нашата држава во ООН, со наслов "Две солзи ми капнаа". Особено оној дел кога Џон Битов, на чист англиски јазик со американски акцент, вели дека тој дури и животот би го дал за претседателот Глигоров. Во недостиг на сапунски опери од типот на американските "Династија" и "Далас", сцените во холот на хотелот "Плаца Ју Ен" во Њујорк, со песни, солзи и развеани знамиња добро ќе дојдат за плакнење на очите на вредните македонски домаќинки.

2. Приемот на Македонија во Обединетите нации беше добредојден и како скромен прилог за еманципацијата на жените. Ете, на аеродромот "Скопје" претседателот Глигоров, наместо почесна чета на АРМ или барем женскиот баталјон полицајци на Фрчковски, го пречека почесен строј на жени од таканаречените невладини организации. "Ние жените Киро си го сакаме", и тоа го покажаа со врелите бакнежи по лицето на претседателот, желбите за добро здравје, а една дури му посака "Да ни живееш 150 години".

Инаку сè функционираше државнички, како што и му доликуваше на свечениот чин. Пред авиончето се најде и фамозното килимче (не беше црвено), набрзина донесено од канцеларијата на директорот на аеродромот, само што

немаше знаме, немаше музика и немаше војска. Мала државичка, мало авионче, мало килимче. А признавање – големо.

3. Рејтингот кај понежниот пол може да му го наруши само Киро Поповски од Социјалистичката партија. При изборот на заменици-министри во Собранието пратеникот на оваа партија Бранко Арсовски се фалеше дека во нивните редови имало многу жени компетентни за заменици-министри и тој лично му предлагал на господинот Поповски СПМ да кандидира некоја жена.

Нејсе, покрај двете министерки, во Владата не влезе друга жена од контингентот заменици. Оттука малку чудно беше што Томислав Стефковски бараше физички контакт со кандидатите. А во неговата пратеничка група има три жени, кандидатите – мажи, а ниту една не побара физички контакт. Бидејќи премиерот Црвенковски рече дека за таков контакт треба љубов од двете страни, реагираше само госпоѓицата Доста Димовска. Таа бараше барем да ги види кандидатите за заменици-министри.

4. Во рамките на напорите за запазување на модерните трендови во општествениот живот на нашата држава под мотото "Било каде, со поп насекаде", а во согласност со уставната одредба дека верата е одвоена од државата, на свеченото отворање на Саемот за медицина во Скопје меѓу присутните имаше и еден свештеник. Неговото присуство можеби не би било чудно во некоја друга држава и во друго време. Меѓутоа, кога кај нас поради немање вакцини се прогласуваат епидемии, а на прагот од 21 век од мали сипаници умираат големи деца, министерот д-р Јован Тофоски во својот поздравен говор можеше, користејќи го присуството на попот, комотно да ѝ соопшти на македонската јавност: "Не берете гајле, вашето здравје го чува хуманитарна помош и – господ!"

5. Бидејќи очигледно мерките за градење доверба со Грција ќе се сведат на обичен алаш-вериш (дај ми име, земи знаме), како мој скромен прилог кон македонската дипломатија имам идеја за промена на знамето. Едноставно, од сонцето ќе ги избришеме шеснаесетте краци и ќе остане само жолт круг. Мислам дека во тој случај нема да имаме проблем со Јапонците, зошто и тие имаат сонце, на бела основа, ама нивното е црвено.

Само, во тој случај, ако Јапонија со црвено-белата комбинација се рекламира како земја на изгрејсонцето, нашето жолто сонце без зраци, на црвена основа, ќе нѐ претставува како земја на самракот. Молчи, барем самракот е подобар од мракот.

# СЕЛСКА ЧЕШМА **24 април 1993**

## • Шпионите се секаде околу нас!

1. Судбинската дилема, како да се организира забавата во четврток навечер, барем за граѓаните на Скопје кои можат да ја следат експерименталната програма на "А" Телевизијата што емитува италијанска програма, беше дали, во исто време кога тече "Караоке" со распеаните Италијанци низ прекрасните плоштади на нивните градови, да се притисне копчето на телевизорот и да се гледаат нивните омилени јунаци во прекрасна собраниска сала, во улога на алапачи собрани кај селска чешма. Прекрасното чувство што притоа се раѓаше кај секој патриотски освестен граѓанин на оваа држава, со самото сознание дека ние навистина сме мали и сиромашни, ама имаме доволно сила, а богами и пари, да организираме неколку вида полиции, дава доволно спокојство за загарантираниот личен живот, а за правната сигурност што ја уживаме ич не треба да се зборува.

"Шпионите се секаде околу нас", ѝ соопшти доверливо Стамена на својата сосетка Трпана, а оваа ѝ одговори: "Знам, мажот ми Трајче ги читаше извештаите на Комисијата за контрола на службата за селска безбедност". Потоа тајно ѝ раскажа дека во документите, што се чист оригинал, бидејќи наводно ги набавил бифеџијата Стојче, конечно се гледало дека при минатогодишниот откуп на тутунот најмногу пари земал другарот Коце, затоа што сè уште имал врски од порано, кога бил претседател на Селската работна задруга. "Мајката!", се чудеше Стамена, па веднаш ѝ светна во главата дека Коце во весникот "Трибина" изјавил за нивното семејство дека било фрустрирано, само за да го забуши неправилниот откуп. "Што си глупава!" ѝ рече Трпана. "Тој рече дека сте фрустрирани оти ја испративте ќерката во Скопје на факултет, а таа ви се врати трудна." "Е, ако сакаш да знаеш, мојата Жаклина беше само малку трудна, а тоа ѝ беше наместено од твојот Роберто, затоа што нему му беше криво дека таа успеа да положи "предвојничка" од првпат", ѝ врати Стамена на Трпана. Оваа пак, лута, веднаш од футата извади фотокопија од оригинал лекарски наод и мавташе со него, сакајќи на тој начин да го привлече вниманието на другите селани. Овие, кога ја видоа расправијата, веднаш почнаа да вадат од разни џебови документи, тапии, видео- касети, стенограми и магнетограми. Така убаво се израскара крај селската чешма, зашто допрва видоа која домаќинка на кој стопан фрлила око, кој кому крадел од салатките во нивата, кој набавувал дизел за трактор со врски, кој кому отрул куче, така што претседателот на месната заедница мораше да чека ноќта дебело да се спушти, за преморените селани да можат да си одат дома на спиење. Тие се сепак многу сериозни луѓе. Утре – мотиките на рамо и сите в поле на работа.

2. "Сакам да кажам", по двојни тајни канали – и од полицијата на Фрчковски и од полицијата на Змејковски, се добра до еден супер таен документ под шифра

"STOP SMOKING"! По опсежната анализа на конспиративните дијалози во форма на крими драма и со експертска помош на разни шифранти и дешифранти, дојдовме до заклучок дека во наши раце  е досието на госпоѓицата Доста Димовска. Нашите извори во двете полиции ни потврдија дека според толкувањето на нивните стручњаци за англиски јазик STOP SMOKING преведено буквално на македонски значи – Доста Димовска.

3. Настрана што по сите оние расфрлања со документи од доверлив карактер пред целата јавност, и тоа од луѓе за кои ни на крај памет не ми паднало дека би можеле да ги поседуваат, нормално е да те фати страв дека во секој момент некој може со некаков, којзнае каков лист хартија, да те манипулира, суди и уценува. Уште полошо е што по оној циркус, гарниран со листање бугарски весници, навреди од типот: "гледам органите за слух ви се добро развиени", меѓусебни лечења на фрустрациите со обвинувања на другите дека се фрустрирани, во јавноста се создава слика која говори за некој парламент што не чини. Значи, не дека не се добри народните ни платеници, туку генерално не е добар Парламентот! Со други зборови: Што ќе ни е Парламент? Што ќе ни е парламентарна демократија? Со вакви пратеници навистина се урива угледот на самата институција – парламент. Но, дали тоа значи дека сите работи и во иднина, дури и ако се опаметиме, па избереме некои попристојни и подобри претставници, ќе се решаваат надвор од Собранието?

4. Главната ТВ ѕвезда од директниот пренос од соборниот храм Св. Климент Охридски во Скопје на Велигден беше претседателот на Социјалистичката партија Киро Поповски. Неговата појава со свеќа во рацете можеби му донесе уште два и пол нови избирачи, ама реакциите слушнати другиот ден беа многу интересни:

Прва реакција: (без зборови, само урлање од смеење, со живо потсетување на биографијата на другарот Киро).

Втора реакција: "Кога го видоа него и најфанатичните верници престанаа да веруваат во Бога!"

Трета реакција: "Што убаво ни беше во социјализмот, сега од ова комунистиве ни во црква на раат не можеш да отидеш!"

5. Доколку се остварат претпоставките дека новото име на државата што ни го токмат ќе биде "Нова Македонија", и моите колеги во весникот "Нова Македонија" ќе мораат да размислат за ново име. Ако го следат примерот на државното раководство, за почетокот ќе мора да се согласат со привремено име. А тоа би било "Вчерашна Нова Македонија". Значи, читателите во сабота ќе купуваат "Нова Македонија" од петок.

# ОПЕРАЦИЈА КОРИДОР 1 мај 1993

## • Санкции поддржуваме, ама од ПКБ млеко не се откажуваме

1. Во духот на славната традиција на ефикасното македонско стопанство, чиј стожер се државните гиганти надалеку познати по својата виталност и флексибилност, кога е во прашање умешноста за преориентација на производството и барањето нови пазари, со висок квалитет на производите и навремена испорака на стоките што ги задоволува строгите стандарди на Србија и евентуално на уште некоја позаостаната источноевропска земја (ако воопшто такви останаа зад нас), не е ни чудо што веќе ни здодеаја тажаленките од циклусот "Жал за Србија", длабоко инспирирани од најновите санкции против Србија и Црна Гора, кои, кој ли ѓавол нè тераше да се тепаме да влеземе во Обединетите нации, сега ќе мораме сериозно да ги почитуваме.

Секоја нова резолуција на Советот за безбедност која ги зајакнува санкциите против Србија и Црна Гора кај нас подготвено се пречекува со репортажи од големите фирми и со плачење на челните луѓе на колективите, инаку гордост на македонското стопанство. Така деновиве излезе дека Македонија повеќе жали за санкциите отколку самите Србија и Црна Гора. Па дури и Владата одржа седница, ама од соопштението не видовме што наумила да направи, туку само ни понуди слика за безизлезот во кој ќе се најдеме, од типот "Запознај си ја татковината за да си ја жалиш повеќе".

Уште и кога ќе се слушне реченицата: "Санкциите ќе нè погодат повеќе нас отколку тие за кои се наменети", ти доаѓа само по себе уште да почнеш да сочувствуваш со освојувачите и да ги сожалуваш властите. Зашто, од 30 мај минатата година, кога стапи на сила Резолуцијата 757, првата со која се стегна обрачот околу Србија, до денес Милошевиќ и Караџиќ запнаа на операцијата "коридор" низ Босанска Посавина. Нашите пак, еве речиси цела година, сè уште безуспешно работат на операцијата "коридор" што ќе ја заобиколува Србија. Ако и по ова не им е јасно дека санкциите нема да бидат укинати додека Милошевиќ е на власт, а тоа, како што стојат работите, може да потрае со години, тогаш навистина нека си признаат дека без Србија не можат да дишат, па нека ги замени некој што ќе направи поевтин и поквалитетен производ што ќе може да задоволи стандарди и надвор од затворената СРЈ. Ако не, тогаш да им дозволиме и ние да станеме заложници на нивните соништа за голема Србија. Не може од една страна да се зборува дека ги поддржуваме сите мерки на ООН за спречување на војната, а од друга страна да рониме солзи што нема да можеме да пиеме ПКБ млеко.

2. Во деновите кога наголемо се зборуваше за воведувањето на досега најострите санкции, во Македонија на неколкудневна турнеја гостуваше ѕвездата на српска новокомпонирана музика, извесен Џеј Рамадановски. Го промовираше

албумот "Мрак, мрак". Колку што се сеќавам, уште резолуцијата од мај минатата година предвидуваше прекин на соработката со културни и спортски институции од СРЈ. Оттогаш до денес на неколку турнири, за кои ние тука се фалевме дека биле интернационални, учествуваа само репрезентациите на Македонија и СРЈ. Низ македонските театри и концертни сали продефилираа едно чудо групи, пејачи, артисти... Си го прибравме и Бора Ѓорѓевиќ кој уште на почетокот на војната во Хрватска гласно "србуваше" против "усташите"... Ни гостуваа и "Електричен оргазам", Милена Дравиќ, Драган Стојниќ... Еве, сега на големо се рекламира една сомнителна "Шовинистичка фарса" со Јатаганац. Во ситуација кога тезгите за овие уметници се секаде затворени, Македонија има сила да одвои некоја марка (сигурно не им плаќаат во денари), колку да ги одржи во кондиција.

Нека ми се налутат културните работници, кои, нели, по природа се космополити и не сакаат затворања. Не сакам ни јас. Ама, зарем не им пречи кога на секој агол од Скопје можат да се забележат плакати на српски јазик? Зарем нив би ги примиле во Белград да им глумат на македонски јазик и да им кажуваат некаква шовинистичка фарса во наша верзија. Зарем не сакаат во македонските концертни сали да ја слушнат Тереза Кесовија, по можност со некоја песна за разурнатиот дом во Дубровник? Или пак да видат претстава од Словенецот Томаж Пандур?! Да не зборуваме случајно да ѝ текне на некоја албанска група од Косово да запее тука, макар и на свадба. За Бугарите, по славното тепање на гробот на Јане Сандански, не треба ни да помислуваме. А Грција? Таа и така веќе повеќе од година дена не ни е поле за културен натпревар меѓу народите. Тие луѓе таму, снимат ли воопшто филмови, имаат ли ТВ-драми, знаат ли што е тоа рокенрол, глумат ли во театар? Или сите заедно работат на спроведување на санкциите против Србија, кои нас и културно најмногу нè погодуваат?

3. Господинот Мухамед Халили, водачот на парламентарната група на ПДП-НДП во Собранието на Македонија, инаку жесток заговорник на сожителство и рамноправност во нашата држава, која тој си ја чувствува за своја (така постојано истакнува), на заседанието на високите функционери на КЕБС во Прага беше член на делегацијата на Албанија. На истото заседание, фала му на господа, присуствуваше жива и здрава делегација на Република Македонија, која, патем, тогаш беше примена и како посматрач.

И сега... Што да кажам сега!?

4. Марката расте. Значи има побарувачка. А во банките нема денари. Значи, граѓаните не можат да купат марки. Тогаш, кој е купувачот, зашто очигледно денарите се на црната берза. Да не е тоа некој што ја контролира примарната емисија?

...И после Владата ќе ни се фали дека ги зголемила девизните резерви.

# ТРИО ГУСЛАРИ 8 мај 1993

**• Дали денешните полицајци се директни потомци на Самоиловата гарда?**

1. Широката насмевка на лицето на грчкиот премиер Мицотакис, во моментот кога како добредојде на Пале ги примаше гуслите што како подарок му ги врачи Радован Караџиќ, во никој случај не беше одраз на префинета грчка куртоазија. Мицотакис манифестираше жива радост што, ете, успеа на едно место да се сретне со "друштвото" кое го брка целиот свет, а насмевката повеќе му дојде како камуфлажа на воодушевувањето што, ете, токму тој е среќниот кому му се дава историска шанса да се ракува и цела ноќ да се дружи со претставниците на небескиот народ.

Сега веќе е комплетирано триото гуслари: Ќосиќ, Милошевиќ и Мицотакис, извежбано да одгусла една долга, јуначка песна во која се велича хероизмот на психијатарот што го уби Сараево и потоа го поведе својот голорак народ да ги брани своите вековни огништа, сето тоа одвреме навреме прекинувано од суровиот свет кој не ја разбира праведната борба за голема Србија. Во точно одредени временски интервали, првиот гуслав Ќосиќ ќе ја одложи гуслата настрана и ќе одржи крајно мирољубив говор во кој на бранителите на своите огништа ќе им вети помош до крајната победа (останаа уште само четири муслимански градови за чистење) и космополитски ќе извика дека каде што постои српска куќа и српска нива, таму е и српската држава.

Сега, што може сиромашкиот Мицотакис уште да стори за да ги спаси своите пријатели. Можеби, да го пресели штабот од Пале во некое летувалиште на Егејското Море. Така Караџиќ би бил под директна заштита на НАТО. Настрана што престојот во хотел би им дошол како продолжување на борбената традиција. Убивањето на граѓаните на Босна и Херцеговина почна токму од прозорците на сараевскиот "Холидеј ин". А и госпоѓицата д-р Биљана Плавшиќ, сончајќи се на некоја плажа, ќе може во спокојство да ја планира популационата политика на српскиот народ. Таа веќе се прослави со изјавата: и шест милиони Срби да изгинат, пак ќе останат доволно да формираат држава. Настрана што во Грција ќе има подобри услови да си ја обновува гардеробата и накитот. Што се белградските бутици во однос на бутиците од Атина?

2. Кој е најдобриот начин со кој босанскиот претседател Алија Изетбеговиќ ќе му се заблагодари на Мицотакис за грижите што тој ги покажа за неговата држава, која, нели, ја призна и Европската заедница чија почитувана членка е и Грција? Би можел, на пример, да одржи говор во парламентот на турската република Северен Кипар.

3. Сè уште не ми е јасно зошто претседателот на Македонија Киро Глигоров толку инсистира да се сретне со господинот Мицотакис. Како прво и прво – што

ќе му подари? Ние немаме гусли. Треба да му даде тапан. Или барем рачки од тапан. А може и зурла. И онака Мицотакис сака да се дуе дека е некаков балкански Митеран.

Само, уште поголем проблем е што во нашава држава не може да му се најде домаќин што ќе му биде достојно ниво. Човекот избира друштво. Најдобро се чувствува меѓу воени злосторници.

4. Вчера се славеше Денот на полицијата на Република Македонија. Во соопштението што го добивме од Министерството за информации ни беше набележано дека "одбележувањето на овој ден е во функција на АФИРМАТИВНО-ПУБЛИЦИСТИЧКИ приказ на остварувањата и резултатите во МВР".

Е, сега, бидејќи ова е прва прослава на 7 мај, редот е и ние АФИРМАТИВНО-ПУБЛИЦИСТИЧКИ да се осврнеме на празникот на полицијата. Зошто токму 7 мај? Затоа што за време на одржувањето на Смилевскиот конгрес од 2 до 7 мај 1903 година била организирана народна селска милиција која го обезбедувала селото. Бидејќи тогаш сè уште постоела Отоманската империја, тоа биле зачетоците на првите македонски паравоени организации. Учесниците во аферата "Сина птица" од април минатата година, кога си одеше југословенската армија од Македонија, не знаејќи го овој податок, за џабе се израдувале дека токму нив ќе ги земат да ги слават во иднина. Ту, мајката, како не им текна да се вратат уште поназад, во времето на Самоил? Може неговите полицајци биле токму оние ослепени војници на кои им оставиле по едно око! Значи, некои од денешните полицајци, што не гледаат кого тепаат, се нивни директни потомци.

5. Бидејќи во Македонија сè функционира беспрекорно, властите и Парламентот немаат со што да се занимаваат, па сега работат на финесите на благодетното живеење. Фалеше уште обврската идните сопружници задолжително да одат на психо-тест во брачно советувалиште пред да решат да се земат. Инаку, без потврда, матичарот нема да ги регистрира.

И граѓаните на САД имаат ригорозни административни проверки пред секое стапување во брак. Арно ама, ако сакаат да му избегаат на законот, тие си го имаат Лас Вегас. А во Мексико пак таа формалност можат да ја завршат без "хартија", ако во тоа не се сметаат доларите.

Ете една разумна причина зошто не треба да ги заоструваме односите со соседите. Како ви изгледа идејата да се венчате во Врање? Или во Петрич? Или во Корча? А во Солун? Додека не се изградат мерките на доверба – нема шанси.

Само, што правиме ако младата е веќе во осми месец!?

# БЕЗБОЛ-ИГРАЛИШТЕ 15 мај 1993

## • Слободан Милошевиќ – кандидат за "Нобелова награда" за мир

1. Добра ноќ, Америко, каде и да си! Превентивно! Во Панама, Гранада, Кувајт, Сомалија, Филипини, Македонија...

Најпрвин портпаролот на Белата куќа, госпоѓата Диди Маерс, навести дека Американците планирале да испратат трупи во Македонија за да се спречи проширувањето на конфликтот во бивша Југославија кон југ. Уште немаше доволно време да се почне со шпекулации, па и со обиди за деманти, какво што беше она на американската амбасада во Белград, која побрза да рече дека такво нешто било "истресено од ракав", веќе самиот претседател на САД Бил Клинтон во Чикаго ја издаде државната тајна, изјавувајќи дека американската администрација навистина размислувала на темата "Трупи во Македонија", па дури и ја спомена и бројката од 700 војници.

Државниот секретар на САД Ворен Кристофер потврди дека има такви размислувања, ама дека за тоа сè уште не била донесена конечна одлука. Конечно и претседателот на Македонија Киро Глигоров по враќањето од Њујорк изјави дека од нас никој официјално не побарал дозвола за такво нешто, а и ние официјално не сме го барале тоа.

Не се сеќавам најдобро. Дали во соопштението по посетата на сенаторите од САД, остварена неодамна, меѓу кои имаше и стручњак за воени прашања, пишуваше дека раководството на државата со нив водело официјални или неофицијални разговори? И врз основа на кои извори добро информираните новинари во добро информираните гласила уште пред неколку месеци најавуваа: "Американците доаѓаат!"?

А и тој Бил Клинтон го сметавме за сериозен државник. Како може да си дозволи седумстотини американски граѓани да ги остави незаштитени под влијанието на македонската стварност. Ќе ги инфицираме луѓето, па ете ти, после остварување на онаа легендарна песна за Америка и Англија што ќе станат пролетерски земји.

2. Пред извесно време ја следев репортажата од турнир во мал фудбал на кој учествуваше екипата на УНПРОФОР во Македонија. И многу се израдував дека нашата екипа на Министерството за одбрана ги "тепаше" гостите. Кога се знае дека меѓу унпрофорците се и Данците, а тие се европски прваци во фудбал, задоволството е уште поголемо.

Слушам, сега екипата на Министерството за одбрана тренира безбол. Да може успешно да им парира на Американците. Само, каде ќе најде толкава површина за безбол-игралиште? Тој што нема да успее да ја врати топката со палката, ризикува да ја пропушти преку граница. Ако отиде во Грција, ете ги

граничен инцидент и запирање на преговорите за градење доверба. Ако отиде во Србија, Шешељ ќе ни пушти од тие, ракетите, зашто ќе мисли дека ние ја поддржуваме интервенцијата против босанските Срби. Ако отиде во Бугарија – готово, нема враќање. Топчето за безбол ќе биде крунски историски доказ дека Бугарите го откриле безболот уште пред да ја откријат Америка. Одлета ли топчето во Албанија, ете ти уште едно вето во КЕБС поради кршење на човековите права на Албанците во Македонија, вознемирени од фијучењето на безбол-топчињата над нивните глави.

Кутрите американски војници. Толку ли не можеа да најдат некоја помалку проблематична земја за превентивно да дејствуваат?

3. Ако и по вчерашниот Сесрпски собор во Центарот "Сава" во Белград некој си има илузии дека Голема Србија, составена од сите српски земји, како што милува да каже идеологот Добрица Ќосиќ, конечно не доби и легитимитет, тогаш навистина не знам што уште треба да му текне на Милошевиќ (а сè што му текнува, за жал, и остварува), за конечно да ни стане јасно дека, додека двајцата тераат по Меморандумот на САНУ, нас ни Американците не нè спасуваат. За српската опозиција, пак, ич не вреди да се размислува, кога Вук Драшковиќ, пред два дена, во четничкото светилиште на споменикот на Дража Михајловиќ на Рамна Гора изјавува дека "наш идеал, а ние и ќе го оствариме, е под еден покрив и Македонија и цела Босна и краините". Само што до тој идеал немал намера да дојде со војна, омраза и етничко чистење.

Како веројатно има на ум Милошевиќ, кој деновиве доживува невидена трансформација од сатана и господар на војната во ангел и миротворец. Колку е смешна Европа, особено во играта за запирање на војната во бивша Југославија. Нема да ме зачуди ако за некоја година на некој самит на Европската заедница, по иницијатива на Грција, го предложат за кандидат за Нобеловата награда за мир.

4. Уште еден мудар и промислен политички потег на Владата, во напорите за усогласување со наметнатото дополнително име "бивша ... итн...", е вчерашното намалување на цената на телефонскиот импулс за Србија и Црна Гора. По невидениот грабеж на ПТТ, по очигледната одговорност на Владата за тоа (бидејќи дозволи нејзиното јавно претпријатие наместо со државни да се модернизира со пари на граѓаните, небаре се работи за самопридонес), по смешните објаснувања за големите сметки и трагикомичните објаснувања на одговорните "поштари" дека во наш интерес е помалку да зборуваме, за да имаме солиден телефонски сообраќај, Владата единствено што успеа да прокниже, како соодветна реакција кон безобразниот монопол, е да ја намали цената на импулсот за СРЈ од 18 на 9 денари. За Словенија и Хрватска сè уште се плаќа 30, за Албанија и Бугарија 20, за Грција 25 денари. Само оние кои комуницираат со Србија ќе бидат привилегирани.

Пред неколку дена, во Охрид, на учесниците на министерската средба меѓу Бугарија, Македонија и Албанија, на која присуствуваа и дипломатските претс-

тавници на Италија и Турција, им се делеше пропаганден материјал на чии корици пишува "Охрид – Југославија".

Железницата, како претпријатие кое не верувам дека не е под некаква Владина контрола, сè уште на вагоните го има она "ЈЖ". А и режиските карти за попуст на територијата на Македонија, Србија и Црна Гора.

Па, тогаш, кому треба да му се лутиме за она глупаво "БЈРМ"? На Грција!?

## ДРЖАВА (...) 22 мај 1993

**• Во рамките на мерките за градење доверба со Грција момчињата од Битола ќе мораат да се закалуѓерат**

1. Американскиот високотиражен дневник "Асахи цајтунг", близок до Клинтоновата администрација, повикувајќи се на спогодбата за добрососедство и ненапаѓање со "Вечер дејли", по супер тајни канали, преку упатствата за употреба на хуманитарната програма "ЕКО", ѝ го достави на рубриката "Сакам да кажам" текстот на нацрт-спогодбата меѓу Република Грција и Република (...), кој копретседавачите на конференцијата за бивша Југославија Венс и Овен им го понудиле на двете заинтересирани страни за размислување.

Ексклузивно Ви презентираме најзначајни делови од спогодбата:

Член 1: Република Грција и Република (...) се спогодија државата што сега го злоупотребува името "Триточки" во иднина да го употребува за секаква официјална употреба името (!?). Републиката "Извичник прашалник" се обврзува и понатаму да се однесува збунето, на тој начин оправдувајќи го името што ѝ е дадено.

Член 2: Граѓаните на (!?) се обврзуваат дека, иако по дефиниција треба секогаш да бидат зачудени и збунети, во иднина нема да се чудат за кои места во Егејска Македонија станува збор кога ќе ги сретнат имињата: "Едеса, Флорина, Касторија, Тесалоники"... Децата во училиште ќе учат дека и Гоце Делчев бил потомок на Филипос, бидејќи бил роден во Килкис.

Член 3: Република Грција, од своја страна, ќе се труди да се обидува да прави напори колку што е можно да влијае врз продавачите на маслинки на почетокот на улицата Игнација во Солун, кога ќе им мерат на купувачите со изградена мерка на доверба од државата (!?) да не им крадат пресметувајќи им од саламурата.

Член 4: Граѓаните на Битола во иднина ќе го користат во официјална употреба името "Монастири" кога зборуваат за својот град. Општинското собрание, кое неодамна донесе одлука да не се плаќа претплата за програмата на МРТВ, ќе донесе одлука за задолжителна претплата на ТВ станиците "Мега" и

Антена". За да се зачува македонското културно-уметничко наследство, за внатрешна употреба сѐ уште ќе може да се пее песната "Битолчанки – љубовџики". Но, за да се усогласи со новото име Монастири, сите битолски момчиња ќе мора да преминат во калуѓери.

Член 5: Република Грција ќе се обидува да настојува на своите граѓани да им препорача, кога ќе си ги ладат нозете на брегот на Белото Море, да не плискаат многу низ водата, за да не ја потопат флотата танкери на Република (!?) кога тие ќе се движат од и кон бесцаринската зона во солунското пристаниште во долниот тек на реката Аксиос.

Член 6: Договорот стапува во сила на денот кога ќе се разменат ратификациите, кога лудиот дефинитивно ќе го зезне збунетиот. Кој е луд, а кој збунет, ќе оценат посредниците Венс и Овен. А Бадинтер може да си пукне од мака.

2. Жива среќа што министерот Туше Гошев ги повлече измените на Кривичниот закон, според кои требаше "тој што ќе ја изложи на поруга Република Македонија, нејзиното знаме, грб или химна, претседателот на Републиката, Собранието, Владата, вооружените сили и претседателите на Собранието и на Владата во врска со вршењето на нивната функција" да се казни со затвор до три години.

Како тргна работата во преговорите со Грција, особено со лицитирањето на понудите од типот "знаме за име", ако се усвоеше ваков закон, ќе мораше да одлежат по три години затвор сите што го споменуваа знамето како предмет на отстапка од наша страна. Само, Владата повлече правилен потег. Не е луда самата себе да си се казни.

3. Инаку, од името на сите новинари во Македонија, си давам за право да го пофалам принципот на информирање што беспрекорно функционираше за цело време додека траеја преговорите во Њујорк. Врските со Атина беа беспрекорни, па така од грчките новинари дознававме сѐ што ни беше потребно.

Во такви услови на координираност на преговарачката екипа во Њујорк, во Министерството за односи со странство и во новинските куќи, кои нестрпливо го чекаа враќањето на Стево Црвенковски, како првокласна сензација одекна веста емитувана во последниот дневник на Македонската телевизија, според која нашите колеги "повикувајќи се на "контролата на летање на скопскиот аеродром" дознале дека Црвенковски си дошол дома. Приказната е уште поинтересна ако се знае дека големата телевизија тргнала по стапките на малата приватна станица "А-1", чијшто главен извор биле механичарите на владиното авионче.

Што ти се вика современо сфаќање на институцијата "односи со јавноста"!? Ние пак токму таа вечер затаивме. Нас обично нѐ информираат чистачките, кои само кога доаѓа некој "голем" ги празнат пепелниците во аеродромската сала. Ноќта кога пристигна Стево нашиот извор не беше на смена.

4. Перспективите на животот што се отвораат по донесувањето на Законот за гаранција за депонираните девизни влогови во оваа и наредната година, се толку светли – до тука бидува! Своите девизи граѓаните ќе можат да ги подигаат

или за лекување во странство, или за умирачки и свадби, или за патување во прекуокеанските земји, или пак ако се социјални случаи (за нив до 100 марки).

Значи, ако имате многу пари на книшка и сакате разумно да ги искористите, државата ви препорачува сериозно да се разболите, по можност и да умрете (на роднините ќе им исплатат до илјада марки) или пак да фатите џенем, преку триста мориња и петсто океани, што подалеку од овде.

Ви останува и четвртата варијанта. Стапете во брак со некого. Ако веќе еднаш сте ја завршиле таа работа, пробајте втор, трет ... пат. Во тој случај веднаш станувате социјален проблем и пак ви следуваат по 100 марки за преживување. Кој вели дека мора да се умре?

## БЛИЗОК ЗАПАД

**29 мај 1993**

### • Песна за убавата и богата Ната, која се вљубила во сиромашното Македонче

1. Сосема неочекувано за сите, освен за децата на кои уште пред неколку месеци сè им беше јасно како ден, оваа недела на првото место на првата неизвесна македонска топ-листа, блесна хитот "НАТО, НАТО, мое злато, баш би сакал јас", во интерпретација на новата ѕвезда, воениот министер Владо Поповски. Композицијата на светски прославениот саксофонист Бил Клинтон, во аранжман на група американски сенатори во посета на Киро Глигоров, за миг ги освои срцата на граѓаните на Македонија. Текстот на песната сè уште официјално не е пристигнат, па на еурофичните концерти ширум Македонија – рамноправна членка на ООН – публиката го придружува интрепретаторот со "Тра, ла, ла..."

Со оваа тралалајка Македонија ќе се претстави на следниот фестивал за избор на песна на Евровизијата. Подготовките за што подостоен настап, со љубовната елегија за убавата и богата Ната, од американско потекло, која се вљубила во сиромашно Македонче ("Земи момче Македонче, па да видиш што е рај"), започнаа уште сега. За да ни биде доживувањето комплетно, вокалниот солист Владо Поповски ќе го придружува воклана група, по можност женска и од опозицијата. Во најтесниот круг на избор се влезени претставничките на ВМРО-ДПМНЕ, кои, познати по своите западни погледи на свет, први паднаа во транс, не чекајќи го Поповски да ја заврши и првата строфа. Нивното "тра, ла, ла..." како придружни вокали ќе ѝ даде на композицијата особено радосна нотка, симболично претставувајќи ја радоста која сите нас обилно ќе нè заплисне веднаш штом ќе биде укинато ембаргото за снабдување со оружје и веднаш штом целокупниот државен буџет ќе го пренасочиме за купување на левото крило од борбениот авион – првенче на македонските воздухопловни сили.

Ние отсекогаш сме биле свртени кон Запад. Оттука, има ли нешто пологично отколку да ги следиме потезите на Албанија. А и за доаѓањето на американските трупи во Македонија нема никакви формални пречки. Ние веднаш ја признаваме независноста на САД и подготвени сме што е можно поскоро, кога ќе го дочекаме вистинскиот момент, да им предложиме да воспоставиме дипломатски односи. Колку да не ни забележува светот дека сме ги ставиле под протекторат.

2. Дека Албанија ни е сигурен пример, сведочи и приказната за приватизацијата. Од сите источноевропски држави кои го напуштија комунизмот (барем вербално) уште само Албанија и ние немаме започнато со приватизација.

Воопшто не е интересно да се пишува на оваа тема. И покрај сите нејаснотии што се појавија на почетокот на парламентарната сесија за Законот за приватизација, особено што парламентарците се измешаа, па не знаеш кој е позиција, а кој опозиција, кој лев, а кој е десен, едно е совршено јасно: Донесувањето на законот го сопира новата парламентарна група под името ЗДО. Здружена директорска опозиција.

3. Прво се јави грчкиот министер за надворешни работи Михалис Папаконстантину со обвинување дека Македонија ги крши санкциите кон Србија и Црна Гора, веројатно терајќи ја водата на воденицата на лорд Дејвид Овен, кој пред тоа изјави: "Земјите, особено соседите на Србија и Црна Гора, ризикуваат да бидат подведени под системот на санкции доколку не го почитуваат ембаргото воведено против Србија и Црна Гора".

Потоа шефот на посматрачката мисија на КЕБС го посети премиерот Бранко Црвенковски да го предупреди на задолжителноста од почитувањето на санкциите, на што премиерот, според соопштението од неговиот кабинет, изјавил дека "Македонија ќе ги почитува санкциите иако тие повеќе ќе нè погодат нас отколку Србија и Црна Гора"(!?)

Ден потоа, во ударен термин на државната телевизија, во контактната програма, еден директор на многу позната македонска фирма изјавува: "Среќа наша што НЕ ги почитуваме санкциите, инаку – готови сме".

4. Баукот на сидата кружи низ Прилеп. Овој пат граѓаните на градот херој пак се разочарани, зашто сепак не се прва пушка. Првиот случај на сида им го зеде Скопје.

Затоа сега работат на интензитетот на интригите. А според извештаите што стигнуват оттаму, прилепчани небаре се засрамени што токму во нивниот град откриле сида. Како да е Прилеп надвор од светот.

Башка, ич не ми е јасно зошто се толку вчудоневидени. Кој им е виновен кога секој втор збор им е: "Ебаго"? И тоа – без заштита.

5. Прекрасното чувство да го пречекаат претседателот на Собранието Стојан Андов на враќањето од Рим го имаа неколку стотици патници затворени четириесетина минути на плус 40–50 степени во задушливата аеродромска зграда на аеродромот "Скопје". По мерките на протоколот ли, на полицијата ли, сиро-

машките патници не смееја носот да го извадат низ влезните врати на зградата, а камоли да пропешачат до своите автомобили на паркингот. Полицијата го исчисти паркингот од сè што мрда и сите ги затвори да паѓаат во несвест, додека не слета државната делегација, додека не даде изјава, додека не ги растовариja куферите и додека не си заминаа кон градот.

Сè ми се чини дека Фрчковски ова намерно го направил, за да не гласаат за Андов оние патници кои мораа четириесетина минути да уживаат во тропските горештини и во мирисот на потта и соблечените чевли. Или пак директорот на аеродромите Зоран Крстевски смислил добар начин за зголемена потрошувачка на освежителни пијалоци во аеродромското бифе?

Како и да е, четирите авиони на авиокомпаниите кои во тоа време доцнеа за полетување, поради пречекот на Андов, сега барем знаат каде да се обратат за компензација на казнените пенали што мораат да им ги плаќаат на туѓите аеродроми поради доцнењето. Нека ѝ испратат сметка на државата. Или, барем Зоран Крстевски нека им одбие од долгот кон скопскиот аеродром. Тоа може да се сфати дури и како партиска пожртвуваност кон својот лидер.

## ЛЕТНА ШЕМА

**5 јуни 1993**

### • Охрид – пристојно место за далечинско вршење на државен удар

1. Зошто претседателот на Република Македонија Киро Глигоров не се сретна со српскиот претседател Слободан Милошевиќ во Скопје? Обично, кога се сака да се даде значење и официјалност на државата, слични претседателски средби се организираат во главниот град, каде што е седиштето на парламентот и владата.

Се внимавало на сите елементи на посетата на уважениот гостин, бидејќи тој за нашата држава, кога оди кај своите пријатели во Грција, го употребува името "Скопје". Охрид е избран за да нема забуни. Како ќе рапортира на Мицотакис? Дека бил во посета на Скопје во Охрид!?

2. Агресивната туристичка пропаганда на македонските природни реткости и убавини, во пресрет на сезоната на годишни одмори, започна со рекламниот спот, снимен по принципот "слика без тон", со прекрасен поглед на Охрид и езерото од балконот на вилата "Билјана". Мирната душа словенска на гостинот од Белград, стопена во амбиентот на центарот на словенската писменост и култура, го прикажува нашиот најпознат туристички центар како идеално место да се изврши теледиригиран државен удар. Освен тоа, миројубивиот пучист од Белград е пасиониран љубител на стари градови со богато културно наследство, кои згора на сè се и под заштита на УНЕСКО. Тоа барем тој не треба да го докажува. Ете му го Дубровник, во Хрватска, како најцврст доказ.

Охрид не е само интересен за кус одмор. Којзнае, можеби Милошевиќ толку многу го бендисал, штом во него си долетува кога ќе му текне и без најава, како да си оди во родниот Пожаревац, па решил да си одбере плац за вила. Што знаеш што носи животот? Можеби ќе успее некако да го наговори претседателот Глигоров да не повикува американски војници, кои ќе му го расипуваат погледот кон Грција, па кога ќе дојде време да му го отстапи местото на Шешељ, ќе си се пресели во Охрид. Така може да смета на нашето гостопримство. Само што, сега-засега, сè уште не сме решиле дали ќе даваме азил на воени злосторници.

3. Бесплатен мал оглас:

"Заради непочитување на родителскиот авторитет, непослушност и арогантност, со тешко срце се откажувам од моето сакано и драго чедо, кое го израснав со свои раце. Сите долгови направени на сметка на моето име не ги признавам." Потпис: разочаран и навреден родител Добрица Ќосиќ.

П.С. Слобо, сине, врати ми го Меморандумот".

4. Ако баба лаже, трап не лаже. Колегите од приватната ТВ станица "А1" завчера попладне успеаја, во исто време додека го снимаат американскиот сенатор Карл Левин како на македонско-српската граница ги слуша претставниците на КЕБС и УНПРОФОР кои му велат дека македонските гранични органи не го почитуваат ембаргото како што треба (тоа и не мораше да му го кажат, тој сам ја виде колоната камиони), да го дочекаат и потпретседателот на Владата Јован Андонов, кој со полициска придружба се враќаше од посета на Србија.

Којзнае, можеби по неколкукратното давање оставки и нивно повлекување, претседателот на Владата Бранко Црвенковски му дозволил на незадоволниот потпретседател малку да го разработи коридорот "север – југ". Само, што ќе правиме ако Грција повторно, како во летото минатата година, го искористи ова за да ни ја блокира нафтата? Дали и сега, како и тогаш, ќе се повикаме на Андонов да ни го открива источниот коридор? И дали пак ќе ни го претставаат како национален спасител?

5. Пријатен ангажман пред летните одмори вчера имаше и министерот за здравство Јован Тофоски. Како по обичај, тој беше на аеродромот "Скопје" каде што ја прими пратката со хуманитарна помош од Велика Британија, што свечено и официјално му ја предаде министерот за надворешни работи на Обединетото Кралство Даглас Херд.

Тешко му на здравството, а богами и на државата, која, еве, веќе втора година се снабдува со хуманитарни пакети. Сега дури сфаќам зошто ни е толку лоша ситуацијата. За тоа најголема вина носат дародавачите, што не нè оставаат сами да се снаоѓаме. Му го одземаат драгоценото време на министерот. Наместо да им се посвети на проблемите, господинот Тофоски мора да губи време чекајќи на аеродромот. Стана министер за прием на пакети.

# ЈО, МЕН! 12 јуни 1993

## • Најсилното оружје за заштита на македонскиот национален интерес е – презервативот

1. "Јо, мен!", му се обрати на чист американски јазик Ворен Кристофер на нашиот Владо Поповски, соопштувајќи му ја радосната вест: "Ти испраќам триста мои, мен!". Овој пак, за да ја задржи стилската рамнотежа во разговорот меѓу два рамноправни партнера, учтиво му одговори: "О, хепи деј!" На тој начин заврши надмудрувањето меѓу двете држави дали некој прв ќе понуди или пак прв ќе побара трупи за заштита во Македонија.

Американците ќе дојдат многу брзо. Деновите до нивното пристигнување ги користат за дополнителна обука. Според билатералниот договор меѓу Република Македонија и Бившата индијанска територија Америка, во моментот кога ќе почнат да излегуваат од транспортните авиони, стапнувајќи со цврст чекор на македонскиот асфалт на пистата на аеродромот "Скопје", Американците ќе мораат да ја запеат химната "Тудеј овер Мацедониа..." Во моментов во некоја од базите на БИТА (Бивша индијанска... итн.) специјалисти, инструктори од Македонија ги учат Американците да ја пеат нашата химна, ама на американски јазик.

Мотото под кое тие ќе се истоварат во Македонија е: "Штитејќи ја Македонија, се штитиме себе си". Тоа затоа што на Бил Клинтон му се причинило дека во Македонија може да се загрозат виталните интереси на САД. Јо! Арно ама, како што ни е Македонија и онака мултикултурна, мултилингвална, мултиетничка, мултисексуална, мултивитаминска и мулти..., Одборот за заштита на македонскиот национален интерес, пред доаѓањето на Американците, подготвува широка кампања за задолжителна употреба на презервативи, во којашто, ако добиеме некој бескаматен кредит, можеби и ќе успееме да произведеме прв македонски кондом. Активистите на Одборот, уште на аеродромот, на Американците ќе им делат пропаганден материјал, сè со цел да се предупредат Американците со своите сексуални активности да не оставаат траги од својот, додуша привремен, престој. Во него, наместо американското мото: "Штитејќи ја Македонија, се штитите себеси!", ќе се најде превртената македонска верзија: "Штитејќи се себеси, ја штитите Македонија". Така, во нашата мирољубива држава, која тоа ќе остане и покрај странските сили, најсилното оружје за заштита на македонскиот национален интерес ќе биде – презервативот.

2. Немојте случајно да ви текне за македонскиот национален интерес да му зборувате на бугарскиот премиер Љубен Беров. Веднаш ќе ве прогласи за непријатели. Како што ѝ објасни многу пластично на новинарката на Македонското радио, која на прес-конференцијата при неговата посета на Скопје се дрзна да

му го постави прашањето, дали во разговорите со Бранко Црвенковски станало збор за положбата на македонското национално малцинство во Бугарија. Неговиот одговор беше дека поставувањето на такво прашање тој го смета за непријателски однос.

Среќа што ние не го сфативме како непријателски однос барањето на некои наши бугарски колеги да не се користи преведувач, бидејќи сме се разбирале. А и однесувањето на портпаролот на бугарскиот премиер (инаку една типично балканска појава, со вратоврска на откопчана кошула и изобилство пот по дебелото лице), кој ни држеше лекции што е тоа демократија, можеше да се сфати баш пријателско. Само малку ме разочара самиот Беров, кога рече дека стоковиот кредит од 20 милиони долари се одлага, додека за тоа не се произнел Министерскиот совет.

И покрај инсистирањето, не успеав да дознаам на кого ли во Македонија му текнало да се согласува на кредит од Бугарија. Дај боже никогаш да не го добиеме! Какво искуство имаме со Бугарите, кредитот не само што ќе ни го качат на глава, туку и ќе им го претплатиме. Не сме белким толку за никаде, па Бугарите да ни даваат кредит во вид на неквалитетна стока.

3. Некојси дваесет и деветгодишен Французин станал нов рекордер во дисциплината "плукање семки од цреши". На годинашниот натпревар, некаде во југозападна Франција, човекот успеал да плукне семка од цреша далеку 9,75 метри.

Ете што ти е нормална држава. Граѓаните вишокот енергија од плунковите жлезди го исфрлаат на вакви значајни манифестации. Ние пак, што сè уште ја правиме државата, плунката ја користиме рационално. За да трае подолго. Барем, додека траат маратонските седници во Собранието.

4. Претседателот Киро Глигоров пред неколку дена беше во посета на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј". На универзитетските професори им зборуваше повеќе од два училишни часа. По завршувањето на неговото излагање беа предвидени прашања. Меѓутоа, професорите, како послушни студенти на кои сè им е јасно, не поставија ниту едно прашање, а предавањето го поздравија со аплауз.

Какви ли ни се тие универзитетски работници, кои во време кога се зборува за американски војници, за преговори со Грција, за промена на име, на знаме, и за уште безброј интересни работи, не можеа да смислат ниту едно, ама барем едно прашање за претседателот? Зарем ниту еден професор не се заинтересира за повеќе детали околу некој проблем? Зарем ништо, ама баш ништо не им остана нејасно?

Следниот пат нека ги пратат студентите да седнат на нивните места. Тие барем знаат да се извадат кога ќе погрешат. Со: "Не ми беше јасно, професоре". Иако професорот повеќе ги сака тие на кои сè им е јасно.

# СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕВОЛУЦИЈА 19 јуни 1993

## • Во Македонија пристигнуваат и војници од "Варшавскиот договор"

1. Претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија Живко Толевски, по повикот за бојкот на Законот за приватизација и по генијалната замисла да собере 150 илјади потписи за предвремени избори, бидејќи ова собрание ги изневерило работничките интереси, сега ја презема улогата на македонски Ленин. Треба само да пушти брадичка, малку да ослабне, а оќелавувањето ќе му дојде како последица од прекумерната загриженост за работничката класа.

Неговата историска изјава од типот "Има многу капиталистички земји, ама само малку се богати", дефинитивно го вбројува во редот на револуционерните визионери, кои со гнасење се борат против капитализмот, во кој експлоатираните работници на "Мерцедес" се принудени да возат "мерцедес", бидејќи само за таа кола од фирмата им даваат попуст и повеќе рати, и со револуционерен жар се впушта во битката за бескласно општество во кое сонот на секој работник – по еден велосипед на секое семејство – најмногу за педесетина години ќе биде прекрасна реалност.

Паролата испишана со црвени букви на плакатот на синдикатите: "Не ограбувајте ги работниците, ќе нема кој да ве храни", според современите гледања на ревитализаторите на самоуправувањето не е никаква демагогија, туку чиста вистина, поткрепена со фактот дека 100 германски марки плата во Македонија се вистинска радост за работничката душа во однос на илјада марки во Германија. Тие што велат дека со вакви соцреалистички слогани работниците само се потпалуваат, а нивната фактичка немоќ уште повеќе се зголемува, опасно грешат. Тие не го земаат предвид податокот дека голем број од работниците-акционери, кои во своите акционерски друштва не примиле плата повеќе месеци, во име на Живковата револуција одат да работат во приватни фирми, со надеж дека ќе ги поткопаат однатре со самото тоа што приватникот ќе им го исплати заработеното на време. Случајно познавам многу такви луѓе – акционери без пари, кои по напорната работа кај некој приватник воопшто не размислуваат дали дел од заработувачката да одвојат за нов врамен портрет на Ленин или да го финансираат печатењето на црвени плакати за уривање на Владата и парламентарците, а подоцна и да му платат на некој приватен печатар да им ги отпечати референдумските ливчиња со прашањето: Дали сме за предвремени избори?

2. Кога може Живко Толевски да повикува на бојкот на Законот и да дава изјави дека тој Законот не го признава, тогаш кој може да ми забрани мене, ако утре ограбам некоја банка, кога ќе дојде полицијата да ме уапси да се бранам со изјава дека јас не го признавам Кривичниот закон. По логика на синдикалистот, никој во оваа држава не треба да се секира да ги почитува законите што не му се

допаѓаат. И онака, во неговото бескласно општество, главниот збор треба да го има само една партија што ќе владее во името на работниците, па законите само ќе пречат за нормално функционирање на системот.

Министерот Јане Миљовски, по повикот за бојкот на Законот, рече дека за такво нешто во други земји се оди на суд. А што ако Живко Толевски толку се умисли во својата авангардност, па на судењето изјави: "Јас не го признавам овој суд. Го признавам само судот на мојата партија!"

3. Македонија станува сѐ поинтересно место за живеење. Еве, сега сериозно заинтересирани за преселување кај нас се и војниците од земјите на Западноевропската унија. Уште не успеавме да ги дочекаме Американците, кога еве ти го парламентарното собрание на Западноевропската унија, кое препорачало испраќање воени контингенти во Македонија, заради зачувување на стабилноста на регионот.

Тоа ти се вика општество во транзиција. Од идеја за демилитаризирана зона, па преку оаза на мирот, сега стануваме центар за обединување на сите можни војници во светот. Нема да ме чуди ако по Американците и Европејците, утре веќе нема да се огласи и Организацијата за африканско единство. Веднаш потоа и АСЕАН, а за да не останат покуси, одлука за испраќање свои војници ќе донесат и членките на Конференцијата на исламските земји.

На толку мал простор толку многу војски – ете можност да се прославиме, доколку станеме полигон за почеток на Трета светска војна. Како ли, на пример, ќе ги поделат скопските кафеани според сферите на влијание Американците и Европејците? Што ако во дискотека со американска зона на интеес се појават Африканци? Или пак некоја плажа во Охрид под исламско влијание ја бендиса некој Европеец-католик? Ќе мора Армијата на Македонија да го чува мирот, со тоа што нејзините војници ќе претставуваат тампон зона меѓу завојуваните страни.

4. За малку ќе изумев. Сите овие комбинации со светските војници паѓаат во вода ако успешно се изведе самоуправно-социјалистичката револуција на Синдикатот. Во Македонија ќе пристигнат војници од земјите на Варшавскиот договор. Ако треба, повторно ќе го потпишат. Синдикатот бесплатно ќе им ја отстапи салата во Работничкиот дом во Скопје.

5. Главна патриотско-културна атракција во изминатите денови беше министерот за култура Ѓунер Исмаил, кој на Биеналето во Венеција своерачно го закачил на јарболот знамето на Македонија.

Очевидците велат дека тоа било сосема работно, ни малку свечено, никој не стоел мирно, никој не ја пеел химната. Едноставно прашање: Од десетина луѓе од Македонија во Венеција, кој требаше да го закачи знамето: уметниците, новинарите или министерот?

Во иднина министерот ќе треба со себе да носи и некој кошаркар. Не се сите јарболи во светот толку ниски како оној во Венеција. На пример оној во Њујорк?

# МЕЃУНАЦИОНАЛНА ПОЛИЦИЈА 26 јуни 1993

## • Може ли во Кран Монтана во Швајцарија да се престојува само со илјада марки?

1. Од сите можни објасненија, што можеа да е слушнат во Собранието на Македонија, за потребата од формирање на Советот за меѓунационални односи, најсимпатични беа оние што заговараа дека без таков совет не можеме да одиме во Европа, па дури и дека, ако не го изгласаме, нема да нѐ примат во КЕБС. Згора на тоа, ниту еден од останатите пратеници не најде за згодно да ги прокоментира тие тврдења или барем слатко да им се изнасмее. Небаре, Европа е живо потресена за нашиот Совет и едвај заспива, сиромашката, од секирации како ли да нѐ примат во КЕБС, а ние немаме совет за меѓунационални односи.

Нема што, ако сакаме да влеземе како рамноправна членка во елитното европско друштво, ќе мораме барем малку да заличиме на нашите најблиски соседи. А тие, која од која подобар пример за хармонични меѓунационални односи. Бугарија, Грција, Албанија и Србија – сѐ совет до совет. Затоа и се членки на КЕБС. Освен Србија, чиешто членство е замрзнато додека не ги реши меѓунационалните проблеми во соседните држави.

Тоа пак што доживеавме Албанија, земјата што до неодамна беше показен пример за непочитување на човековите права, да става вето за нашиот прием во КЕБС, си е приказна сама за себе и многу интересна за раскажување. Особено што на последниот состанок, кога нашата молба беше одбиена, во албанската делегација седеше и пратеник од владејачката коалиција во Македонија. Значи така, на Европа многу ѝ е важно дали ние ќе имаме совет за меѓунационални односи, а не ѝ е важно што во актуелната Влада на Република Македонија седат и петорица министри Албанци. Тој податок пак на нашите големи луѓе, кога одат во странство, им е претерано важен, за да докажат дека водат политика рамноправна за сите националности, ама некако ич не им е важно што партијата од којашто доаѓаат петтемина министри гласно и јасно застана зад барањето Македонија да не биде примена во КЕБС.

Не знам што ќе се случи при крајот на месецов, кога повторно високите функционери на КЕБС ќе расправаат за нашата молба. Што ако Албанија повторно стави вето? И што ако во албанската делегација седи некој наш Албанец од владината коалиција? Сака ли Владата на Македонија воопшто да биде примена во КЕБС? Бидејќи сака, што ли ќе се случи со министрите кои не го сакаат тоа?

Ние важно си направивме Совет за меѓунационални односи. Колку што ме држи сеќавањето, за да нѐ признае Европската заедница го сменивме Уставот. Попусто! За да нѐ признаат по втор обид им предложивме до името на државата

да ставиме заграда со Скопје. Попусто! За да нѐ примат во Обединетите нации се согласивме со привременото име "Бивша..." Е, сега, со конституираниот Совет за меѓунационални односи гарант нѐ примаат во КЕБС. Кој не верува, нека го праша Мухамед Халили.

2. Владата на Република Македонија донесе одлука да ги прогласи Албанците во земјата за најповластена националност. Тоа како одговор на нивните тврдења, дека сме ги третирале за граѓани од втор ред. Сега, како граѓани од прв ред, имаат целосна слобода да им се спротивставуваат на полицајците кога ги приведуваат за шверц на цигари, на пример. Или, кога ќе направат рација на црниот девизен пазар.

Полицијата, исплашена да не им се случи уште некој Бит-пазар, со три-четири жртви, само уредно ја извести јавноста дека нивните луѓе во околината на Бит-пазар не можат да си ја вршат работата, затоа што ги напаѓаат. Бидејќи апсењето за шверц загреаните јастреби од ПДП и НДП веднаш ќе го оквалификуваат како флагрантно кршење на човековите права, апартхејд и што ли уште не, МВР најдобро да си ја остави Владата сама да си го решава проблемот. И да одговори на прашањето: Кој владее со оваа држава – законот или шверцерите? Почитувањето на човековите права нема ништо заедничко со тоа.

3. Досега не ме вознемируваа претерано разните лицитирања со бројки на националностите, бојкоти, референдуми, "историските" докази за автохтони народи, барањата за федерализација на Македонија... По она што се случи со Босна и особено по најрасипаното повлекување на Европа од своите приницпи, по легализацијата на правото на посилниот над послабиот, од изговореното на парламентарната говорница дека "Македонија е федерална држава", не ме фаќа страв, туку едноставно очај поради неспособноста нешто особено да влијаеме на одлуките што се донесени далеку и тајно од нас.

Што ако цената на задоволениот апетит на Милошевиќ треба да се наплати на сметка на териториите на коишто живеат Албанци, надвор од границите на матичната држава. Ништо не е свето кога станува збор за хипокризијата на Европа. И – ништо не е случајно.

4. По повод најновата одлука на Владата за дозволено изнесување преку граница во готовина најмногу илјада германски марки, и тоа со потврда од банка или менувачница, имам неколку прашања до претседателот на Владата Бранко Црвенковски.

а) Му стигнаа ли илјада марки за неколкудневниот престој во Кран Монтана во Швајцарија?

б) Ако не му стигнаа, со која кредитна картичка ги плаќаше хотелските сметки: на Комерцијалната, на Стопанската, на Земјоделската банка, или на Банката за надворешна трговија?

в) Ако не плаќал со кредитна картичка, која од банките во Македонија му издала патнички чекови?

г) Ако патувал со банкарски чекови, која од швајцарските банки му ги признала чековите издадени во Македонија?

д) Дали не се лутел, кога банката што немала пари ниту да му даде по основа на штедење ниту пак можела да му продаде, му "репнала" провизија за извршената "услуга"?

ѓ) Дали цариникот на скопскиот аеродром му побарал потврда?

# ЗАСПАНА УБАВИЦА 3 јули 1993

## • Исус во Скопје, а Мухамед во Стразбур

1. Дефинитивно, Македонија стана ептен интересно место за посета. Само да се потсетиме, двапати ни доаѓаше Даглас Херд, неколку пати доаѓаа и си одеа Венс и Овен, па ни дојде Озал, Козирев, Кучан, Милошевиќ, па разни амбасадори, министри и нивни заменици и помошници, европски парламентарци, посредници, мировници, мисионери, писмоносци, бегалци, хуманитарци, лобисти, сенатори, конгресмени (од двата македонски и единствениот американски конгрес), партиски делегации, протерани азиланти, банкари, специјални пратеници, бизнисмени, банкари...

Евангелистичката црква рекламираше дека три дена во Универзалната сала во Скопје ќе престојува и Исус. Што ќе правиш? Каде сите, таму и Исус.

2. Исус во Скопје, а Мухамед – во Стразбур. Пратеникот на ПДП-НДП Мухамед Халили е еден од тројцата претставници на Македонија во парламентарното собрание на Советот на Европа. Бидејќи се покажа како добар претставник во албанската делегација во КЕБС, кога пред два месеца го блокираа нашиот прием во европската организација, сега добива втора шанса: да го блокира и нашиот прием во Советот на Европа.

Албанија минатата недела успеа и без Мухамед Халили да го оспори нашиот прием во КЕБС. Министрите членови на коалицијата ПДП-НДП поради тоа не чувствуваат грижа на совест пред своите колеги од коалиционата влада. Другите министри се прават слепи пред она што коалиционите партнери го прават против државата. Владата си тера напред. Кон целта. Задржување на власта. А целта ги оправдува средствата.

Што се однесува до историската мисија на Мухамед Халили, таа најверојатно ќе заврши триумфално. Кога ќе се врати од Стразбур, од собраниската горовница во Скопје ќе ни се обрати со неговата омилена реченица: "Јас ќе зборам што сакам, вие ништо не ми можете!"

3. Македонските власти ништо не му можат ни на српскиот владика Пахомие кога како низ свое буниште си се шета по селата на Скопска Црна Гора и држи говори против државата, го навредува македонскиот народ, повикува на панславистичко обединување. Според вековните црковни канони, ако архијерејот сака

макар и да помине низ друга епархија, а камоли да богослужи, мора да му се најави на архијерејот-домаќин. Затоа пак врањскиот епископ Пахомие не само што влегол во епархија на друга црква, туку илегално престојувал и во друга држава за да зборува против неа.

Во нормални држави полицијата за такво нешто врши протерување. Ама, во нормални држави полицијата знае кој ѝ влегува во државата. И обично не се однесува индиферентно кога државјани на една соседна земја, од сите шверцери, па преку новокомпонирани фолк-ѕвезди, рок-групи, сомнителни театарски уметници, па сѐ до претседателот на таа држава, можат да си влезат без покажување пасош и да си шпартаат каде што сакаат, лежерно однесувајќи си се, како да се во татковиот пашалак. Чучер навистина е село, ама редно е веќе и на Пахомие да му се покаже дека не е и село без кучиња.

4. Седум илјади и петстотини идни средношколци мораа да го преполагаат приемниот испит по математика, затоа што тестовите биле провалени. Психолозите можат да напишат цели есеи за влијанието на повторниот стрес врз психата на петнаесетгодишниците, но не верувам дека некој од одговорните особено ќе се вознемири поради тоа. Како што со години не се грижат за сѐ поотворените разговори меѓу родителите околу тарифите за упис на одредени училишта и факултети.

Премногу е очигледно, за да може да се претстави како наивно. Зошто, на пример, тестовите не беа провалени во некое друго, "обично" училиште, туку само и токму во елитната скопска гимназија "Јосип Броз Тито", гимназијата со албански паралелки "Зеф Љуш Марку" и во Средното медицинско училиште?

5. Можете ли да си го замислите Охрид ова лето ако, не дај боже, пратениците го прифатат предлогот на Владата да донесат закон со кој угостителските објекти за исхрана ќе мораат да затвораат во 11 часот навечер. Претпоставувам ќе бидат отворени само големите хотели во кои "општествениот" персонал и онака го мрзи да готви и служи до доцна во ноќта, или пак, и ако ве послужи, ќе морате да се задоволите со засмрден помфрит, овената салата, млако пиво и топла "кока-кола". Љубителите на приватните ресторанчиња, на доцните прошетки од кафеана во кафеана, на мезето и пијачката, ќе мораат да си одат в кревет.

Ако се случи, тоа ќе биде единствен, оригинален во светот, поттик на Владата за вонпансионска потрошувачка во текот на сезоната. Како бесплатен прилог во амбициозниот маркетиншки настап на Македонија во светот, на стручњаците што го смислија ова им подарувам неколку рекламни слогани, со кои ќе можат да ја претставаат Република Македонија како интересна туристичка дестинација:

– Македонија – земја на соништата!

– Македонија – заспана убавица!

– Да се наспиеме – додека е мирно!

– Кој спие – зло не мисли!

– Креветот е наше најголемо богатство!

Со ова си давам за право да го повикам граѓанството, во ретките часови на будност, да ги вклучи одморените сиви мозочни клетки и да даде сопствени прилог, во презентацијата на нашата држава во светот, со нови рекламни слогани.

## АВТОНОМНИ ДРЖАВИ 17 јули 1993

### • Замислете си РЕК "Битола" да беше нуклеарна централа

1. Кој вели дека Македонија не е федерална држава? Ја сочинуват најмалку две А.Д. Тоа се Автономната држава "Макпетрол" и Автономната држава "Рафинерија". На чело на федералната држава стои Влада, која, како што може да се види, нема баш некоја ефективна власт на териториите на двете А.Д.

Затоа пак има ефективна власт над граѓаните, бидејќи, еве, веќе втора година со успех им ја планира активноста за време на годишните одмори. А тие своите искрени чувства кон моќната влада ги изразуваат во редиците пред бензинските станици. Што сакаш повеќе – и онака на 15 јули никој не заминува на одмор, а богами и времето се погоди (немаше 30 степени) – комплетно доживување! Плус, како додаток – игра на погодување: "Каде се изгуби нафатта?" Дали тоа Грците пак нѐ блокирале, дали "галаксиите" на Американците ни потрошија многу керозин, дали Рафинеријата не го завршила ремонтот, дали нешто попуштила блокадата кон Србија, дали се налутиле приватниците, зашто ги фатиле дека не плаќаат царина и данок, дали ја потрошивме хуманитарната помош...

Сепак, гревота е да се каже дека сѐ е исто како лани. Веднаш ќе ве демантира некој од Владата. Лани беше Лисабонската декларација, а годинава сме членка на ООН. Лани потпретседателот Јован Андонов не го имаше откриено источниот коридор, а оваа година го доживеавме тоа чудо Бугарите да ни даваат стоков кредит. Оваа година ќе знаеме како да живееме во смогот од неквалитетните источни горива. Кој си бил паметен па не ги исфрлил пластичните канти и кој уште лани си купил метални канистри за бензин, оваа година е во предност. И уште нешто. Оваа година некои од нас ќе ги туркаат своите возила во редот, со нови, македонски регистарски таблички. Така треба!

2. Во федерална Македонија ќе може да се отстапи малку простор и за автономната држава РЕК. Додуша, ќе биде тоа една од ретките социјалистички, а можеби и единствената самоуправна држава во светот, ама – држава си е држава. Мора да се почитува. Особено ако Живко Толевски со своите 150 илјади потписи конечно успее да стане претседател. Со своето мото "Фабриките на работниците" и РЕК ќе го направи А.Д. И како секое А.Д. во социјалистички систем, работниците ќе можат да си ја зголемуваат платата, без разлика на постигнатите резултати. Опасно е само ако и работниците од прилепската печатница за пари

тргнат по примерот на битолчани, па одлучат да не им испраќаат свежи денари за зголемување на платите. "РЕК е ваш, ама печатницата е наша!"

Она "РЕК е наш!" ми изгледа како детски, илеџиски одговор на уште поблесавите слогани на скопските комити од типот "Скопје има аеродром!" Само што милионската штета од запалувањето на транспортната лента воопшто не е детска играчка. Сега во санацијата ќе учествуваат ЕМО од Охрид, Факом од Скопје, "Искра" од Куманово, "Металец" од Прилеп... Па, нели РЕК беше само на битолчани?

3. Сме имале голема среќа што Македонија нема нуклеарна централа. Немаше да бидат потребни две хаварии. Првата ќе свршеше работа.

4. Американците пристигнаа во Македонија спектакуларно. Прво цела недела приредуваа мини "галаксија-претстави" на скопскиот аеродром, а потоа во понеделникот настапија – американски. Со супер-шоу од типот на американските воени филмови на пистата во Петровец.

Она што беше особено интересно е речиси незабележливото присуство на официјални личности на Македонија на пречекот. Американците се истоварија од авионите, подготовките за пречекот им ги направија Нордијците, американскиот офицер му ја стави на располагање својата единица на данскиот офицер, потоа малку се сликаа, па држеа говори, па одговараа на прашања на новинарите, телевизиските екипи што се истоварија од американските транспортери никој не ги запре ни на царина ни на пасошка контрола... А сето тоа се случуваше на аеродромот на главниот град на самостојната држава Република Македонија. Како не се најде некој што куртоазно ќе ги потсетеше дека барем во тој момент НИЕ им отстапуваме дел од СВОЈАТА територија, дел од СВОЈАТА аеродромска писта, дел од СВОИТЕ воени објекти...

Многу брзо ги учиме лекциите за однесување со Американците. Дури ни Друштвото за заштита на шумите, а камоли зелените, не се јавија да протестираат затоа што американските војници ги исекоа багремите околу "својата" база во Петровец. Кога се Американци во прашање, можат да си прават што сакаат.

5. Искрено, не ме интересираат којзнае колку работите во областа на културата, и не сум баш упатен во проблемите на културњаците, ама како човек што одвреме-навреме, чисто информативно, посетува понекој културен настан, можам да си дозволам едно размислување за односот на министерот Ѓунер Исмаил.

Што ќе се случи, ако по примерот на министерот Исмаил, кој прво се скара со директорите на најголемите издавачки фирми, а сега се кара и со директорите на театрите и со режисери од калибарот на Слободан Унковски, тргнат и другите министри? На пример, што ако министерот за одбрана биде прогласен за непожелен во некоја касарна на АРМ од страна на генералите? Или, што ако министерот за стопанство се испокара со директорите на најсилните фабрики во Македонија? Што ако министерот за земјоделие не сака да се види со директорите на големите ЗИК, а министерот за образование со директорите на училиштата...

6. Откажаната претстава на Слободан Унковски, чијашто премиера требаше да ја видиме идната среда на Охридското лето, носи наслов: "Животот е сон". Кај нас нема бензин, може да нема и струја, поради сушата нема и вода. Барем на сцена животот можеше да ни биде сон, кога веќе на јаве не сме далеку од ноќен кошмар.

# ЛОКАЛНО СВЕТСКИ

**24 јули 1993**

## • Животот на македонскиот Македонец вреди колку четири оброци на светскиот Македонец

1. Не сум знаел дека Тодор Петров бил толку значаен човек во државата, што највисокото законодавно тело три дена се занимава со него и, уште пострашно, има намера да продолжи и идната недела. Гевгелискиот пратеник, дури и да платеше, ни на сон не можеше да си замисли ваква ексклузивна промоција и пропаганда на неговиот Светски македонски конгрес. Таман подзаборавивме на неговото спектакуларно деби пред неколку години (тогаш во улога на претседател на гевгелиските занаетчии и малостопанственици), кога неколку дена ја блокираше границата со Грција, кога, еве ти ги, Парламентот и Владата повторно нè потсетуваат на неговите капацитети. Со право. Човекот во меѓувреме напредувал, па наместо на локално, сега дејствува на светско ниво. Си прави светски конгрес.

Ако мислеше државата дека на овој начин најсликовито ќе му покаже на светот дека официјалната политика ја осудува програмата на Петров, тогаш работата ѝ била бадијала. Ниту светот се потресе за територијалните претензии на амбициозниот пратеник, ниту Грција ќе престане да нè обвинува, ниту пак некој сериозен во државата ќе се изнасекира поради вообичаените караници во Собранието. Единствен ќар пак видоа само пратениците. Ем создаваат привид дека нешто работат, ем дневниците им течат, ем пак ги нема во салата. Се разбира, апсолутен победник е Тодор Петров. Којзнае, можеби конгресот немаше да му помине грандиозно, како што си го замислил, ама сега, по толку агресивна реклама, спонзорирана директно од Владата, плус збогатена со пропагандните слогани на министрите за внатрешни работи и за одбрана – дефинитивно нема утеха. Тодор Петров ја оствари целта. Повторно е главна личност во Македонија.

2. Ќе си умрам од мака, затоа што и самиот, благодарејќи на атмосферата што ни ја создадоа државните органи, морам да се занимавам со Петров. Инаку, ни на крај памет не ми паѓаше да помислам на светските македонски конгреси. Искрено, многу се лутам кога некои големи Македонци од преку седум морињa

се обидуваат да ни ја кројат судбината и да ни советуваат како да се однесуваме. Ќе бидат неколку дена жестоко патриотски расположени, ќе пеат македонски песни, ќе им се закануваат на Грците, на Србите, на Бугарите и на Албанците со невидена храброст и после ќе седнат во авионите и веќе другиот ден ќе се затворат по тамошните железарници, рудници, сервиси, фарми и сета храброст со која ќе го освојуваат Солун и ќе ги протеруваат Албанците ќе им се загуби пред некое тамошно локално шефче, од кое им зависат дневницата и работното место.

Во исто време ние тука ќе продолжиме да се потресуваме ако Грците макар и еден ден ни ја блокираат нафтата, ќе се радуваме на некој денар повеќе ако фирмата успее да обезбеди пари за К-15, ќе умреме од радост ако успееме да најдеме агенција што ќе ни понуди летување во Охрид на што повеќе рати, ќе пресметуваме колку можеме да влеземе во минус со заостанатите чекови...

3. Во документите за конгресот Тодор Петров запишал дека "секој учесник (акредитиран претставник-пратеник) во Конгресот е должен да уплати котизација од 150 американски долари, односно 240 германски марки на банкарската сметка на Светскиот македонски конгрес... ...Со овие средства се обезбедени, односно платени, ручек и вечера за 7 и 8 август 1993 година и се покриваат материјалните трошоци за одржување на Конгресот".

Со парите за два ручека и две вечери на конгресмените кај нас треба да преживее едно четиричлено семејство цел месец. Некогаш и повеќе. Тргнувајќи од историската вистина, дека со тие пари може да преживее некое суштество со занемарливи потреби, се стигнува до заклучокот дека Македонците се директни потомци на амебата. Така што откритието на Тодор Петров, дека "македонската држава била постара 38 години од Атина и 61 година од земјоделско-занаетчиската заедница Рим", за Македонците од сегашната држава, на кои животот им вреди колку два ручека и две вечери на светските Македонци, не е којзнае колку потресително.

4. Пред некој ден бев сведок на една сцена во амбуланта, при што родителите на едно девојче мораа да платат за инјекција затоа што немаа зелени картони. Ете, дојде време децата чиишто родители не примаат редовно плата, па не им следуваат зелени картони, да не можат да си го остварат своето право на бесплатно лекување.

И – што им останува? Најдобро ич да не се разболуваат. Ама, дете како дете, од каде да знае како да се однесува во согласност со финансиските можности на фирмата на родителите? Останува следната варијанта. Децата да се откажат од своите родители.

## ЗАТВОРЕНО – ГОДИШНИ ОДМОРИ 31 јули 1993

Пак ми се оди на Маурициус на одмор...

И лани ми се одеше...

Арно ама, патриотските пориви подзасилени со строгите визни режими за граѓаните на Македонија и високата плата од цели 200 марки ќе ме одведат во Охрид. Престојот во градот на словенската писменост и култура има и свои предности. Особено ова лето. Пред изборите што никој не ги најави, ама сите знаат дека ќе ги има, политичките јунаци таму ќе фаќаат боја и кондиција за предизборната трка.

Дали политичките јунаци ќе ги здогледам на плажа, порано или подоцна, најмногу ќе зависи од пазарното расположение на "Макпетрол". И јас сум еден од оние глупавите што токму сега, во невреме пред Илинден решиле да патуваат. А "Макпетрол", продолжувајќи ја својата традиција откако Македонија се осамостои до денес, веќе трета година на Илинден нè присилува да му се поклонуваме пред бензинските пумпи. И да им аминуваме на смешните образложенија дека бензин нема зашто премногу го трошиме. Уште малку, па да седнеш да ги жалиш, да ги плачеш, колку работат, а не можат да постигнат. Ненаситен народ!

Седете ми со здравје. Нека Ви е честит новоустановениот празник "Св. Макпетрол и два милиона маченици". Сè ми се чини дека и вгодина ќе ми се оди на Маурициус.

Во Скопје, 30 јули 1993 г.

## ПРАЗНИЧЕН ВРЕМЕПЛОВ 21 август 1993

**• Зошто немаше почесни плотуни за празникот на АРМ?**

1. Навистина не ми е јасно како може цела држава, секојдневно, со помош на медиумите, да се занимава со пребројување на пратениците во собраниската сала. И уште да им се лути на оние што недостасуваат до бројката 61, зашто токму од нив зависи дали ќе има предвремени избори или не. Како може овој народ да нема разбирање за положбата во која се наоѓаат нашите омилени ТВ ѕвезди. Па уште и ги озборуваат дека ги бојкотираат законите кои ќе ги одведат на избори. Ајде да видиме, нека се стават тие на нивно место. Ем не одиш на работа, ем примаш редовно плата од илјада марки, ем пиеш кафе за денар и пол и други пијачки во супер евтино бифе, ем си имаш дипломатски пасош...

Има ли некој будала кој би гласал за предвремени избори? Не верувам. А за некој нив да ги избере повторно – можеби ќе се најде. Проблемот е што тие ни во тоа не се сигурни.

2. Ние барем во "Вечер" сме сигурни дека гувернерот на Народната банка на Македонија Борко Станоевски покажува затскриени уредувачки амбиции. Откако на сите гласила што ја објавуваат црната берза пред две недели им испрати писмо во кое им се закани дека Народната банка ќе престане да ја испраќа курсната листа. Ние еден ден навистина не ја објавивме црната берза, ама бидејќи веднаш се уверивме дека таа, го сакал тоа гувернерот или не, продолжи да постои, а граѓаните и без да се информираат во "Вечер" продолжија да си одат на Бит-пазар, си продолживме со нејзино објавување. И гувернерот се налути, па како уредник реши неговата курсна листа да не се објавува во весникот.

Имаше неколку интересни образложенија на гувернерот. Едното – дека објавувањето на црната берза му штетело на угледот на државата. Во минатото, во сите источноевропски земји новинарите не го објавуваа тоа што му штетеше на угледот на државата, па гледаме сега каков углед имаат во светот. Другото интересно образложение беше дека ние со објавувањето на црната берза практично го стимулираме нејзиното живеење. Којзнае, можеби дури и влијаеме на курсот. Не знам зошто не го забранат лондонски "Фајненшел тајмс", што секојдневно ги објавува сите можни берзи на светот. Замислете, какво влијание врз тековите на берзите ќе има "Фајненшел тајмс" утре, затоа што во денешното издание ја објавил вчерашната берза. Страшно.

Досега само неуките новинари, кои згора на тоа не водат сметка за угледот на својата држава, мислеа дека берзата зависи од економските законитости. А не од нив самите. Вака, ако навистина дали во Македонија ќе има црна берза или не, зависи само од нив, тие ти биле вистинска "седма сила". А познато е – сила бога не моли. Па не мора ни гувернерот. Особено ако курсот на Народната банка може да се најде во секоја деловна банка. Само, што фајде од него. И онака сите работат според црната берза.

3. Изминатата недела Армијата на Република Македонија го празнуваше за прв пат својот новоустановен празник 18 Август. Нов празник, ама сè некако се чинеше како "деновиве пред години". Не знаеш дали тоа што го гледаш на телевизија се случува сега во 1993 или пак е некоја снимка од 1973, 1963, 1953... Среќа, имаше многу сонце, инаку ќе си помислев дека е 22 декември. Армијата се смени, ама си ги задржа истите навики за прославување. Направивме нова држава, ама си се однесуваме како во старата. Истите наслови по весниците, истите излитени фрази за одбраната на татковината, истите специјални емисии, проширени изданија на ТВ дневниците, новинарски коментари, заклетви пред камерите, ракоплескања на родителите, поздравни говори. Ништо не беше важно што во нормални прилики прво би се објавило. Нашата армија слави. А тоа, како во старите времиња, мора да биде објавено барем во првите 15 минути од дневникот. За другите настани и не дознавме. Ги гасневме телевизорите.

Злобно е да се тврди дека, ете, баш сè беше исто како и порано, за 22 декември. Прво, тогаш меѓу гостите ги немаше претставниците на УНПРОФОР. И второ, никој не нареди почесен плотун од сите две артилериски орудија во чест на празникот. Немаше потреба. Верувам дека дури и организаторите на целата претстава "пукаа" од здодевност.

4. Додека ние го славевме денот на АРМ, светот се занимаваше со една крајно цинична и бескрајно лицемерна работа што ја нарече "Операција Ирма". Драмата за спасување на петгодишното девојче од Сараево, што така верно ја пренесоа новинарите од Велика Британија, беше повод од опсадениот град да се извлечат уште 41 ранет. Коментарите што притоа ги изустија нивните луѓе, тамошни новинари, па дури и претставници на политичкиот живот, доволно зборуваат: "Децата во Сараево ги покажуваат како да се во зоолошка градина..."; "Британските болници би сакале да примаат само мали дечиња, со сини очи, што после ќе можат да ги посвојат.."; "Владите на Шведска и Британија се трампаат – дете со тумор кај тебе, девојче без око кај мене"; "Запад си ја изми својата нечиста совест со 41 лице, а остави уште илјадници заробени до кои не може да допре никаква помош"...

Се сеќавате ли кога Европската заедница, лани во јуни во Лисабон, донесе одлука да не нè признава како држава, додека не го избришеме зборот "Македонија"? Во исто време реши да ни испрати понекој хуманитарен пакет, за да преживееме без нафтата што ни ја блокираше Грција.

## ПЛИВАЧКИ МАРАТОН

**28 август 1993**

**• Од многу пливање целата вода ни влегла во уши**

1. Додека го чекаме крајот на преговорите со Грција, најдобро е уште денес раководството на нашата новинска куќа (ако не и тие, барем колегите од весникот "Нова Македонија") да си побара авторско право на името за да го заштити од можни манипулации. Кога можат Грците во преговорите да настапуваат како да имаат "копирајт" на името "Македонија", зошто тогаш и "Нова Македонија" да не настапува бескомпромисно, кога се прават муабети името да ѝ биде искористено како име на државата.

Ако треба, нека се покрене и меѓународна арбитража. Нека се избере и посредник меѓу двете заинтересирани страни. На пример "Котелец". Или, уште подобро, некој однадвор, приватното енигматско списание "Клуч". Сигурно подобро ќе се снајдат од Сајрус Венс. Тие барем професионално се занимаваат со крстозбори.

Доколку раководството на државата го прифати името "Нова Македонија", тоа недвосмислено ќе ги открие неговите територијални претензии кон нашата

новинска куќа. Затоа, најдобро е што побрзо да си обезбедиме "копирајт", па потоа ќе можеме да си бараме надоместок од тие на кои ќе им го отстапиме авторското право. Реков и пак ќе речам: Ако се пазариме, барем да ќариме! Кога веќе им го отстапуваме името, редно е на име на "копирајт" конечно редовно да ни исплатуваат пари за плати од кои и ние новинарите ќе можеме пристојно да живееме.

2. Можеби прерано се радувам на пристојна плата, зашто ова за "Нова Македонија" доаѓа само од грчки извори. Ама, сепак има трошка надеж. И за "бивша југословенска итн. итн..." доаѓаше само од грчки извори.

3. Интернационалниот пливачки маратон на Охридското Езеро годинава беше спектакуларен и со беспрекорна организација. На почетокот беше Васил Тупурковски. А на крајот – Киро Глигоров. Циле пука за старт во Свети Наум, а Претседателот им честита на оние што допливаа на пристаништето во Охрид, на другиот крај од езерото.

Маната на Тупурковски е што пука, понекогаш и предвреме. Па стартот мора да се повтори. Затоа што маратонците не биле подготвени. Од друга страна пак, иако никој не очекуваше дека пливачите толку брзо ќе стигнат до Охрид, претседателот Глигоров навреме пристигна на пристаништето, па дури и чекаше да ги поздрави. Ете, што ти е животно искуство.

А и атмосферата се разликуваше на почетокот и крајот. Во Свети Наум публиката беше многу бучна, маратонците добро подготвени, здравствено прегледани, најадени, напиени, храбри, сигурни во себе, намачкани со сите бои и масти, со верба дека и најголемо невреме нема да ги спречи во нивната намера да ја испливаат целата патека. На почетокот обично преовладува – емоционалното.

Во Охрид пак публиката, иако побројна, некако помалку расположена за бодрење. Маратонците уморени, прегладнети, им студи, одвај чекаат да пристигнат до брегот. На крајот сликата беше – рационална.

4. Не ми е јасно зошто се трудеше министерот Љубомир Фрчковски на вчерашната конференција за новинари да објаснува зошто Владата на Република Македонија не можела да ги прифати барањата на Албанците, па како со Србите да си потпише 18-месечен договор за ненапаѓање. И притоа воопшто да не се самокритикува за тоа што на идните средношколци од албанска националност не им дозволи да се запишат без приемен испит. Наместо да ги мачи да освојат минимум 60 поени. Во исто време нивните врсници, што ја немаат таа привилегија да бидат Албанци, мораат да имаат 82 поени.

Сега ќе треба оние тинејџери што не успеале да влезат во средно училиште, иако имале повеќе од 60 поени, да му пишат писмо на Герт Аренс, за да си ги бараат правата. Стекнати по основ на знаење. И стручно верифицирани.

Лидерите на албанските партии постојано се жалат дека мнозинството не смее да има поголеми права од малцинството. Што се случува кога е обратно? Во случајот со запишувањето на учениците во Средно медицинско училиште во

Скопје, со различниот број поени кои треба да се освојат според националната припадност, очигледно не постои рамноправност. Освен, ако пак не ја свртат водата на својата воденица за помалите права. Шеесет е навистина помал број од 82.

5. Во Македонија беснеат пожари. Како да се снима нова верзија на "Република во пламен". А пламенот нема кој да го изгаси. Нема вода. Од многу пливање целата вода ни влегла во уши.

## НАГЛО СВРТУВАЊЕ **4 септември 1993**

- **Американците што го посетуваат претседателот Глигоров немаат вкус за облекување**

1. Како и да ја свртиш работата, Владата е во небрано. Односно, социјалдемократскиот дел од Владата, што инсистираше на предвремени избори. Ако ги повлече изборните закони, кои бараше да одат по итна постапка, ќе си го признае поразот. Ќе треба нови закони, нови договори со коалиционите партнери и дојде време за редовни избори. Ако пак инсистира на законите, повторно ќе биде поразена. И тоа од нејзините партнери во власта, на кои некако не им се напуштаат пратеничките привилегии.

И сега, што да се прави? До ноември вгодина, а како им се заарни, може ќе си останат уште некој месец, да ја фатат 1995, ќе мора да се одржува курсот на девизите, ќе мора да се продолжи со преговорите со Грција, ќе мора да се исплаќаат пензиите, па макар и со задоцнување од четири-пет месеци, цените ќе продолжат да растат, ќе истекува договорот со претставниците на српската националност за промена на Уставот, Албанците ќе притискаат за федерализација, либералите ќе уценуваат за останување во коалицијата...

Сепак најдобро е, како што порачуваат коалиционите партнери, "Владата да покаже флексибилност кон опозицијата". А богами – и кон позицијата. Па сè ќе си остане по старо. И нема да има политичка криза. А за економската – здравје. Таа и онака ни е стил на животот.

Како да е некоја страшна работа, ако Парламентот заборави дека ја почнал 66. седница, па си продолжи со 67. Се сеќавате на законите за судството? А на оние за грбот и личната карта? А за статусот на средствата за информирање? А за конгресот на Тодор Петров?

2. По природа не сум суеверен, ама онаа сообраќајка на претседателот на Собранието Стојан Андов, како да ги предвиде работите со распадот на коалицијата и кризата во Собранието.

Нели по дефиниција либералите за себе велат дека се во центарот. И кога видоа дека малку се занесле налево, направија нагло свртување вдесно. Лево-десно, со стара кола, со брзина поголема од дозволената и – ете ти тумбање. И во Парламентот и во Владата. На Андов ова му е уште едно големо животно искуство. И предупредување за памет во глава. Во иднина да не прави нагли свртувања.

3. Кај највлијателната партија на Албанците од Македонија ПДП нема нагли свртувања лево-десно. Тие оперираат со термините "тврдо-меко". Кога ја прочитав изјавата на нивниот лидер Невзат Халили дека би му одговарало босанско решение за проблемите на Албанците во Македонија, па уште кога ги слушнав обвинувањата на неговите сопартијци дека тој бил "мек" политичар, можам само да си замислам што би изјавил некој што треба да претставува "тврд" претставник на Албанците?

Патем, од каков ков е Радован Караџиќ во Босна?

4. Додека минатата сабота и недела, на собранието на ПДП се бореа "тврдите" со "меките" и обратно, јавноста во Македонија немаше поим дека такво собрание воопшто и се одржало. Државната телевизија во третите вести ни спомна нешто за тоа, ама бидејќи на собранието се дискутирало само на албански јазик, немаше извештај. Од принцип ли, од патриотизам ли, од незнаење – не е важно.

Важно, поради тоа што Албанците биле толку безобразни, па зборувале на албански јазик, јавноста не знаеше што се случува со третата по големина политичка сила во државата и со многу влијателниот партнер во Владата на Бранко Црвенковски.

Замислете да ве испратат како специјален известувач од самит на Европската заедница во Брисел. А тие таму сите зборуваат на своите јазици. И ние не знаеме што се случило. Иако живејачката можеби ни зависи од нивните одлуки.

5. Гледајќи ги протоколарните снимки од кабинетот на претседателот Глигоров, во кој од разно-разни гости од Америка другите не можат да дојдат на ред за прием, си ја разбив илузијата за Соединетите Американски Држави како цивилно општество. Па јас не сум знаел дека најголем број од американските конгресмени и сенатори ти биле воени лица!

Или пак сепак сум во заблуда. Можеби токму тие што го посетуваат претседателот се типични Американци што не водат сметка за облеката. Обожаваат кичерајска гардероба. Па накачиле некои еполети, знаменца, златни копчиња, капетански шапки. И патем, со муабет, нудат и воена помош.

6. Бескрајно сум му благодарен на пропаднатиот опозиционен лидер во Србија Вук Драшковиќ, што ја откри причината зошто "браќата од Вардарска Македонија избегале од Србија". Ние не сме бегале од Србија, туку од Слободан Милошевиќ.

Тоа би значело дека, ако Вук Драшковиќ некогаш биде на чело на Србија, ние веднаш ќе му паднеме во прегратка. Бидејќи особено го цениме поради неговите изјави за Јужна Србија, Вардарска бановина и особено последните од Грција – дека Македонија има грчки карактер. Тука гледаме ептен драстична

разлика на неговите ставови од оние на Милошевиќ. Едниот нè вика Јужна Србија, а другиот – Скопје.

Според Драшковиќ, кога Милошевиќ ќе падне, ние и Србите повторно ќе бидеме во Југославија или, како што поетски се изразува, "под еден чадор".

Вук ќе ја придржува рачката.

## ДЕВИЗНА ПСИХОТЕРАПИЈА

**11 септември 1993**

### • Каква врска има пушењето "Лорд" со прославата на Денот на независноста?

1. Значи, нашите северни соседи излегоа ептен неблагодарни. Наместо најучтиво да ни се заблагодарат, затоа што, додека цел свет не сакаше ни да ги види, ние без пречки си тргувавме со нив, па уште и преку нашата територија им го зајакнувавме традиционалното српско-грчко пријателство, тие уште имаат образ и да ни се налутат. Небаре, сега ние сме тие што треба да им се извинуваме затоа што, откако нè притиснаа отстрана, почнавме да се однесуваме како што целиот нормален свет се однесува кон некој што е обвинет за агресија и злосторства.

А ние, како што нè дал господ, душички балкански, за да ќариме нешто "на ситно", не се ни возбудуваме кога тие отворено се ставија против нас, на страната на Грција, па уште и така ревносно го употребуваат она бесмисленото "бивша југословенска...", па дури и ги навикнавме да си живеат со нас, како "така некои безначајни, што ќе ги купиме со млеко и колбаси, а тие ќе ни ја пропуштаат нафтата од Грција, да си ја заокружиме Голема Србија".

Така си ги научивме и со пасошите. Речиси две години си се однесувавме како границата да ни е играчка, па сега дојдовме во ситуација и Ибрахим Ругова на прес-конференција во Приштина да ѝ порачува на Владата на Македонија "да го преиспита својот однос кон косовските Албанци во поглед на пасошкиот режим". Нека внимава сега Црвенковски што му порачува Ругова. Како можеше и да помисли да не се грижи за косовските Албанци!? Може, барем, ако веќе воведуваме пасошки режим и ако таму српските власти не им даваат пасоши, да им додели македонски пасоши.

2. А дека границата не е играчка потврдува и одговорот на едно пратеничко прашање во белградскиот сојузен парламент од Владата на Југославија, во кој се вели дека границата меѓу СРЈ и Македонија е спорна меѓу општините Витина и Куманово.

Ние, пак, пред неколку дена свечено си го прославивме Денот на независноста. Беше неработен ден, весниците излегоа со зголемен број страници, претседателот ѝ се обрати на нацијата, претседателот на Собранието двегодиш-

нината ја одбележа со свечен прием, дописниците на телевизијата од градовите низ државата јавуваа за полагање свежо цвеќе...

Којзнае, можеби вгодина, за третата годишница, ќе се пушти некоја производна линија за етикети на кои ќе пишува дека нешто е изработено во Македонија. Во обичен работен ден и не се обрнува многу внимание на тие работи. Ама, кога на 8 септември ќе седнеш да уживаш во празникот, со кафе и со цигара, па уште и ако пушиш "лорд", кога ќе ја видиш сината маркичка залепена одозгора на кутијата, на која е напишано "Произведено по лиценца од ТК "Куманово"– Југославија", ќе си речеш: "Па добро бре, мајка му, толку ли нè исцрпеа тоа санкциите што немаме пари и по две години да отпечатиме нови маркички?"

Она за спорната граница меѓу Куманово и Витина го споменав онака. Без врска.

3. Конечно имаме шанси да бидеме рамноправни со Грција. Според тамошните анкети се предвидува на октомвриските предвремени избори ниту една партија да не добие доволен број гласови, за да може самата да формира влада. Ќе мораат Грците да прават коалициона влада. Како нас. Па во иднина нема да можат никако да се договорат за предвремени избори. Како нас. А како тргнале нашите пратеници со усвојувањето на изборните закони, не е чудо истите луѓе да ги дочекаат наредните избори во Грција. Мислам на оние по четири години.

Според речникот што го користат во предизборната кампања, грчките политичари се тука некаде – на Балканот. Едно, две, па – предавник на нацијата. Сите се во исто време најголеми заштитници на државата и најголеми предавници. Сепак, најинтересно беше претепувањето на еден пратеник што поминал во друга партија. Ние барем не се тепаме. Да беше така, по неколку менувања на партии, на пример на Михаил Пановски, којзнае досега дали ќе личеше на себе.

4. Еден од условите да не личи на себе му беше поставен и на министерот за здравство Јован Тофоски. За да присуствува на заседанието на Комитетот на светската здравствена организација во Атина му беа поставени неколку услови, што ги обелодени министерот за надворешни работи на Грција Михалис Папаконстантину. Да влезе со југословенски пасош, да се претставува како да е од "БЈРМ" и – внимавај, бисер балкански! – да биде незабележителен.

Од супер тајни канали "Вечер" дознава и за други барања на грчката страна до министерот Тофоски. Дополнителните инструкции од Папаконстантину се следните: бидејќи Тофоски по специјалност е гинеколог, за да не се открие неговото присуство, да стои понастрана од жените, потоа да го исфрли од употреба лулето, затоа што во Атина и онака има многу смог, да ги избричи мустаците, да стави темни очила и руса перика и да им се придружи на синдикалистите од државните претпријатија на митингот во Атина и незабележано да извикува: "Македонија е грчка".

5. Стручњаците од Народната банка на Македонија за време на неколкудневните потреси на црната берза на девизи велеа дека официјалниот девизен пазар се однесува исто како да не постои црната берза, иако повеќето менувачници беа

затворени. А јас, пак, бев убеден дека токму црната берза е таа што се однесува како да не постои официјална девизна берза.

Од сите објаснувања на крајот сè се сведе на тврдењето на гувернерот дека порастот на цената на валутите бил од психолошки карактер. Девизниот пазар од банкарската влезе во ментална сфера. Што ќе рече, ни недостига колективна психотерапија. И гувернер – психотерапевт.

## ЕКСПЕРТСКА ХАВАРИЈА 18 септември 1993

- **Горбачов бил отсекогаш просрпски ориентиран. Затоа го урна Берлинскиот ѕид**

1. Апсолутно сум против формирање на експертска комисија што би ги испитувала околностите на уривањето на косиот мост во РЕК Битола. По опстојните расправии во Собранието, дефинитивно е јасно дека пратениците се експерти, па би можеле сите подеднакво да извршат експертиза на случајот.

Најдобро е уште еднаш да се проба да се запали бесконечната лента. И на палењето да присуствуваат пратениците и членовите на Владата во целосен состав. Во времето кога Јован Андонов бил принуден управник на РЕК, ја разубавувал работната средина на тој начин што по тревнатите површини шетале пауни. Сега ќе шетаат пратениците-експерти.

Бидејќи, како што реков, мостот прв пат падна на Петровден, а го предадоа во употреба на Илинден, најдобро е за експертско уривање да се избере Крстовден, некаде идната недела. Сценариото за хаварија веќе е подготвено. Само се чека пратениците да допатуваат во Битола и да се распоредат лево и десно од бесконечната лента. Потоа, во свечена атмосфера, пред нив ќе се појави министерот Љубомир Фрчковски, со засилена полициска придружба и со самоуверено држење на најсуров и најшармантен државен терорист, ќе се искачи кон средината на мостот, од појасот ќе извади запалка за цигари и ќе ја потпали јагленовата прашина. Потоа сите нестрпливо ќе чекаат. Дали ќе падне мостот или ќе падне Фрчко? Без разлика, важно е нешто да падне. За да не падне Владата. Потоа оние пратеници кои нема да ги удри некое железо по глава, ќе се развијат во стрелци и ќе почнат експертски да буричкаат по остатоците од пожарот.

Потоа на сцена стапува институцијата наречена Реган. И – дава наредба да се започне со изградба на трет кос мост. И веднаш се пријавува кај Рипли за "верувале или не". Затоа што наместо за осумнаесет дена, колку што требаше да се направи вториот кос мост, сега ќе се изгради за 15 дена. И така натаму, и така натаму. Таму

некаде, по осмото палење, здружената македонска индустрија ќе го направи мостот само за еден ден.

Само, што ќе прави сиромашкиот Фрчко? Ќе се отепа од паѓање. Башка што во меѓувреме има и друга работа, не само да пали и гаси. На пример, да расипува сопирачки на мерцедесите.

2. За разлика од нашите мерцедеси, оние на српските и црногорските пријатели имаат исправни сопирачки. Па на кусо успеваат да запрат во Скопје. На пропатување од Грција. Или за Грција. Во многу кус временски период ни дојдоа и премиерот на српската влада Никола Шаиновиќ и премиерот на црногорската влада Мило Ѓукановиќ.

Особено беше интересно соопштението од средбата на македонскиот премиер Бранко Црвенковски со Ѓукановиќ. Во него се вели дека биле "изнесени обострани оценки за мошне тешките последици што ги трпат стопанставата на двете земји поради војната на просторот на бивша Југославија. Тргнувајќи од тоа, претседателите Ѓукановиќ и Црвенковски го подвлекоа значењето на активностите и напорите што се прават во Црна Гора и Македонија за стабилизирање на вкупните состојби и за обезбедување на мирот и изразија надеж за поскоро надминување на проблемите, со цел за нормализирање на животот во стопанството и во другите сфери."

Да не беа споменати имињата на соговорниците, ќе помислев дека се сретнале премиерите на Македонија и, на пример, на Словенија. Од соопштението излезе дека Црна Гора е жртва на војната. И сега уште треба да ја жалиме земјата што цела меѓународна заедница ја осуди како агресор и ја казнува со санкции поради тоа. Баш ме интересира дали во "оценките за мошне тешките последици од војната" било споменато херојското бомбардирање на Дубровник? И јуначкото "чистење" на викендичките околу Цавтат од сè што наликува на бела техника и друга опрема за домаќинство. Којзнае, можеби и "напорите што се прават за стабилизирање на вкупните состојби" одат во правец на порационално користење на кравите што црногорските резервисти своевремено ги "ослободија" од херцеговските села.

3. Малку е чудно како сега одеднаш за Горбачов, за кого во овдешните медиуми никогаш не беше напишан ниту еден лош збор, сега може да се зборува толку грдо. Па добро, отишол човекот во Грција, таму постои дипломатски протокол според кој гостите мораат да кажат нешто лошо за Македонија. Па така Горбачов рекол дека "македонското прашање не постои" и дека "Македонија е Титова провокација". Потоа прошетал малку по грчките острови и за подарок ја добил златната ѕвезда од Вергина. Ништо необично.

Освен тоа, отсекогаш сум мислел дека Горбачов е просрпски ориентиран. Затоа го урна Берлинскиот ѕид.

4. Кога сме веќе кај Грција, сè ми се чини дека спорот со нив повеќе ќе се усложнува. Досега проблем беше името и знамето. Ама, по изјавата на пензионираниот генерал Грилакис се појавува уште едно отворено прашање. Замислете, човекот рекол дека Мицотакис е најмудриот политичар на Балканот!

# ЖОЛТА КУЌА

**9 октомври 1993**

## • Нашите парламентарци ни топ не ги бие

1. Можеби е обична коинциденција, ама некако повеќе изгледа дека нашите пратеници извлекоа поука од настаните во Москва. Одеднаш решија да проработат како вистински парламент. Немаше никакво фајде што два месеца ги обвинуваме дека се однесуваат како апсолутистички монарх, кој абдицира само ако тој сака, дека се диктатори кои си седат на власт, иако народот не ги сака, дека многу успешно ја користат уставната празнина, бидејќи никој не може да го распушти парламентот... Во една прилика дури имавме напишано дека ни "топ не ги бие".

Арно ама, сите бевме сведоци дека во Русија парламентот може да го бие и топ. Којзнае, можеби токму тоа им беше познато на нашите пратеници, па затоа никогаш ги немаше во Собранието. Во тоа и е разликата меѓу руската Бела куќа и македонската Жолта куќа. Таму пратениците се забарикадираа заедно на едно место, па беше лесно да се погодат со еден топовски удар. Кај нас, наместо во сала, беа расфрлани по блиските кафеани, тезгите на Зеленото пазарче, па за евентуално растурање ќе требаше да се потроши малку повеќе муниција.

Неделава што измина оставија впечаток дека нешто работат. Успеаја некако и да се спасат од предвремени избори. Ама, што ќе правиме кога вгодина, во ноември, ќе дојде време за нови избори? Искрено се сомневам дека и тоагаш по сопствена волја ќе ги напуштат пратеничките клупи. Затоа со време, веднаш по годишните одмори, Владата нека одобри интервентен увоз на дефицитарни личности. На пример, нека го увезе Елцин. Само, каде ќе најдеме топ?

2. Сега, Фрчковски ќе треба да се ангажира, да направи некако полицајките на скопскиот аеродром да замижат при контролата, па кога ќе го увезуваме Елцин, во пакетот да си донесе барем едно топче што ќе го инсталираме во Паркот на жената-борец, веднаш преку пат на главниот влез на Жолтата куќа. Тоа, колку да не го оптоваруваме кревкото македонско стопанство дополнително да се ангажира во изработка на цреши топчиња.

Кога сме веќе кај Фрчковски, ај што си остана на функција, ама нема смисла тоа што му го прави на пратеникот Михаил Пановски. Навистина требаше да падне, што цела година не сака да му одговори на поставеното пратеничко прашање. Од друга страна пак, добро е што Фрчковски остана да биде министер. Ќе му даде поттик за работа на Советот за меѓунационални односи.

Пратеникот Борис Змејковски, во своето образложение зошто министерот за внатрешни работи мора да падне, рече дека тој "малку тепа Срби, па малку Македонци, па малку Албанци..." Што правиме сега со Власите, Турците, Ромите, Египќаните, Македонците-муслимани, што останаа неистепани? А министерот, во Уставот што самиот го пишуваше, гарантира еднаквост за сите. Ете добра

тема, оваа флагрантна дискриминација на уставно загарантираните права да биде прва точка на дневниот ред на седницата на Советот за меѓунационални односи.

3. Циле се врати спектакуларно. Со нова книга од историјата на античка Македонија и гала промоција, безмалку како митинг. Главна ѕвезда на вечерта во Македонскиот народен театар не беше авторот Васил Тупурковски, туку претседателот на Републиката Киро Глигоров.

Пораката е јасна: "Кој го тргна Циле? Јас!? Никогаш!" Од другата страна: "Кој му се лути на Глигоров? Јас!? Нееееe!" Целиот штос беше во тоа што претседателот не им соопшти на своите верни и протоколарни придружници каде ќе оди во вторникот навечер, па затоа малкумина од "редовните" – и од политичките и од новинарските кругови, се појавија на промоцијата. Другите ги излажа интуицијата. Или информативниот синџир се прекинал.

Прво мислев да напишам дека претседателот и Циле се смириле. Арно ама и двајцата се добри играчи, па оставија впечаток дека никогаш и не биле скарани.

4. Постои ли воопшто во светот таков народ, којшто може да се собере во толкав број, речиси 30 до 40 од сто од избирачкото тело, на спореден предизборен митинг на политичка партија. Очигледно на Грците им недостасуваат рок-енрол концерти. Па паѓаат во делириум од ветувањата на Мицотакис и Папандреу.

А нивниот министер Папаконстантину на говорницата на Генералното собрание на ОН во Њујорк најави дека грчката влада се подготвува да биде домаќин на меѓународен самит на Обединетите нации во јануари 2000 година, на којшто ќе се усвоел глобален дневен ред за 21 век. Значи, Грција ќе го внесе светот во 21 век. Ако продолжи со вакви популистички методи, тешко му на светот во новиот век.

5. Претседателот Глигоров за време на својот престој во Њујорк доби ветувања од претставниците на Германија, Холандија и Велика Британија дека тие ќе помогнат да ѝ се даде финансиска поддршка на Македонија преку Европската заедница.

Од 1 јануари 1994 година претседателот на Европската заедница е Грција. Значи, ќе си имаме за земање.

## ПУ ЈИ **16 октомври 1993**

### • Како би се оправдал пред Грците последниот кинески цар?

1. Знаев дека Кина ќе нѐ признае. Уште лани, кога нѐ преплавија со кинески велосипеди и свилени кошули, можеше да се претпостави дека признавањето е само прашање на денот. Само, излегоа итри Кинезите. Нѐ натераа со призна-

вањето да потпишеме и договор за ненапаѓање. Така по повеќевековно стравување од големомакедонскиот експанзионизам конечно можат да здивнат. Сигурно веќе ја олабавија готовноста на војската на нивните граници.

Тој договор за ненапаѓање има неколку добри страни. И за нас, ама и за регионот. На пример, со македонско-кинескиот договор е зајакната безбедноста на Грција. Замислете, да решеа Кинезите да нè гаѓаат. Бидејќи сме ситна мета, лесно можеше да се случи наместо нас да ги погодат Грците. Што се стотина километри промашување лево-десно, кога се гаѓа од толкава далечина?

Другата добра работа е што за нас останува поголем простор за живеење. Замислете да ни дојдеа Кинезите како агресори. Каде ќе ги закопавме загинатите кинески војници? Можете ли да претпоставите како би изгледале кинеските гробишта во Македонија?

Конечно, тој договор е од особено значење и за готовноста на кинеската армија. Ние можевме нив да ги гаѓаме само со народни поговорки што имаат деморализирачко дејство. Од кои најубиствено дејствува онаа: "Наведната глава сабја не ја сече".

Како и да е, Република Македонија со договорот за ненапаѓање само ја демонстрира својата мирољубивна политика и кооперативност. Бидејќи составен дел на таа политика е заложбата за еквидистанца кон сите големи сили, наскоро ќе следи потпишување на договори за ненапаѓање со САД и Русија. Време е конечно и тамошните граѓани да се чувствуваат безбедно.

Што се однесува до Јапонија, бидејќи таа не ни е некој сериозен воен партнер, а имаме нерасчистени односи во сферата на трговијата, наскоро ќе се сретнат експерти на двете држави да ги утврдат извозните квоти, за да дојде до рамномерна поделба на пазарот на Азија.

2. Се сеќавате ли на онаа хрватската "Данке Дојчланд", испеана во знак на благодарност кон Германија за сè што сторила за признавањето на Хрватска. Нашата телевизија не подготви таква песничка, па дури ни на "Макфест" не покани ни еден кинески пејач, ама сепак го обели образот пред нашите кинески пријатели. Дента кога беше објавена веста за признавањето, на централниот ТВ дневник одеше еден афирмативен прилог за кинескиот модел на социјализмот. Малку подоцна, истата вечер, на третиот канал Македонската телевизија емитуваше документарец за Кина со наслов "Забранетиот град".

И, таман се наместив пред телевизорот и свртив на втора програма, во надеж дека ќе биде емитуван филмот "Последниот кинески цар" – разочарување! Мора во втората програма да има некој што сè уште е воинствено настроен. А баш беше добро да ни го прикажеа филмот. Ќе можеше после да се организира некој "Отворен екран", или "Глобус", на кој ќе се отвореше расправа за тоа што ли би изјавил последниот кинески цар Пу Ји по повод признавањето на Македонија и како би се правдал пред Грците затоа што нè признал под уставното име.

3. Не ми беше апсолутно јасно што сакаше да каже францускиот министер за надворешни работи Ален Жипе, кога изјави дека Франција ќе се ангажира во изградбата на патиштата во Босна и Херцеговина. Како да го сфатам тоа? Како краен оптимизам? Или – краен цинизам?

4. Колешката што го следи театарот во својот осврт за годинашниот Млад отворен театар забележа дека она што беше понудено во меѓународниот дел од фестивалот, во случај кога МОТ би бил таков каков што го знаеме од пред неколку години, би можело да биде дел од слободната програма, нешто како пополноќни претстави или во паузите меѓу нормалните претстави.

Немам намера да се амбицирам во театарската критика, ама сепак ќе си дозволам еден коментар, со пренесување на дијалог меѓу тројца млади кои се нашле на една претстава од Англија (името на претставата и на авторите не е важно):

– Се кладам дека овие во животот не настапувале на поголема театарска сцена.

– Сигурно! И не верувам дека настапувале пред толку публика.

– А бе, немојте така. Знаеш ли колку луѓе поминуваат дневно низ лондонското метро?

5. Пратениците во Собранието на Македонија конечно се собраа. Значи, го направија ајварот. Следната блокада може да се очекува кога ќе почне да се реди зелката во каци.

## РТВ ПАЗАР

**23 октомври 1993**

### • Како да се пропагира нов систем, а да се работи како во времето од пред дваесет години

1. Баш добро што оваа недела се случи големата фрка околу (не)укинувањето на РТВ претплатата. Конечно на јавноста ѝ се сврти вниманието кон еден државен проблем, кој токму државните органи повеќе од две години го тргаа настрана, правејќи се како да не постои. Затоа, колку и да ми се разбирливи емотивните настапи на колегите новинари од Македонската радио-телевизија, сепак сметам дека од ова што се случи на крајот пак ќе можат да бидат задоволни. Едноставно, нештото мораше да пукне, за да се почне одново. Не може новинарите во куќата да пропагираат и да градат нов систем, а да работат како да е времето од пред дваесет години. Сега само им се укажува можноста, тоа што не можеа да го протуркаат повеќе години, вака, преку ноќ, да го постават како првокласен проблем кој, ако веќе државата сака да ги има, ќе мора да си го реши.

Овој пат монета (и тоа доста вредна) за поткусурување меѓу партиите беше МРТВ. Утре – којзнае кој. Таков им е стилот на работата на државните органи. Се

побуниле новинарите дека ќе останат без средства за работа. Големо чудо! Се побуниле стопанствениците дека приватизацијата уште не започнала. Големо чудо! Некому му попречило што повеќе од две години од стекнувањето на независноста на личните карти уште ни пишува СФРЈ. Големо чудо! Се бунат општинарите, затоа што уште го немаат новиот закон за локална самоуправа. Големо чудо!

Па ајде, белким пред повторното гласање за Законот за радиодифузија партиите ќе направат уште некој закон. И онака критериумите за вредностите веќе се загубени. Без претплата или со претплата, и новинарството влезе во нивните игри на голема врата.

2. Таман очекувавме оваа недела Уставниот суд, по осум месеци "интензивни" размислувања, кончено да ни соопшти дека нема никаква логика меѓу поставеноста на претплатата од 1974 година и новиот Устав на Република Македонија, ова во свои раце го зема Собранието, а Уставниот суд донесе решение за уште поклучен проблем – новите имиња на улиците на Скопје. Со ова решение практично се замрзнува одлуката на Градското собрание за промена на имињата на некои скопски улици и населби.

Тоа во практиката значи дека новата табла пред влезот на бившата населба "Сингелиќ", на која сега е напишано "Методија Андонов–Ченто" – не важи. Сиромашкиот Ченто! По втор пат го тргаат.

Во досегашните расправи проблематично беше дали некое име е бугарофилско, гркофилско или србофилско. Откако Институтот за национална историја даде свое мислење, со тоа што спорните имиња не беа земени предвид, сега според Уставниот суд треба да биде клучна некоја одредба на некој иден закон "со кој ќе се уреди начинот на определување и менување на имињата на улиците". Којзнае какви членови би содржел тој закон. На пример: "Улица покуса од половина километар не смее да носи име на некој истакнат борец од историското минато на Македонија". Или: "Само булевари на кои има семафори смеат да се именуваат со датуми од славната историја на македонскиот народ".

Уставниот суд смета дека ова прашање може да се регулира и со идниот закон за локална самоуправа. Арно ама, бидејќи за да се донесе тој закон е потребно двотретинско мнозинство во Собранието, а тоа нема да се случи наскоро, се наоѓаме во интересна ситуација, кога цела држава ја слави 100-годишнината од формирањето на ВМРО, булеварот што според одлуката на скопското собрание треба да го носи тоа име, сè уште да биде обележан со "Маркс и Енгелс".

3. Многу интересно е последното соопштение на посредникот во грчко-македонските преговори Сајрус Венс. Тој не сака публицитет за преговорите. Грција рече дека нема да преговара за името. Македонија рече дека нема да преговара за името. Па, за што всушност ќе се преговара, ако воопшто се преговара во Њујорк? Или сè е веќе договорено!? Во Вашингтон.

4. Хелсиншкиот парламент на граѓаните од Македонија деновиве излезе со иницијативата од идната учебна година на Универзитетот да стартуваат студии

што ќе траат четири години во рамките на Центар за проучување на мирот. Во програмата на студиите ќе има и наука и практика.

Мотото на идните дипломирани мировници ќе биде: "Да се подготвуваме како 100 години да ќе има војна, а да се однесуваме како утре да ќе биде мир".

5. Вчера во бугарското пристаниште Бургас требаше да стигне брод со хуманитарна помош во брашно за Република Македонија. Одамна не сме имале таква вест. Владата ќе може да здивне.

## НАЦИОНАЛЕН ПРЕВОЗНИК 30 октомври 1993

**• Зошто Македонија е примена во меѓународната организација за поморство?**

1. Конечно е разрешена повеќемесечната дилема. Избран е национален превозник на Република Македонија. Тоа е Владата. Само таа ги исполнува сите предвидени услови, од кои приоритетен е оној што бара редовно возење. Бидејќи Владата најуспешно и најредовно го вози народот, титулата "национален превозник" падна во вистинските раце.

Инаку, борбата за стекнување на овој статус беше многу тешка. Имаше многу респективни конкуренти, кои исто така го возат народот: Собранието, банките, поштата, пензискиот фонд, јавните гласила... Меѓутоа, пресудна беше кадровската и техничката екипираност, па нормално е што владиниот екипаж однесе победа пред конкуренцијата.

Сепак, комисијата за избор на национален превозник (ако некој воопшто во оваа држава го есапи мислењето на било која комисија) препорача за долги возења да му се даде шанса и на Собранието. Добро информираните велат дека Собранието ѝ било најсилен конкурент на Владата. Меѓутоа, изгледа пресудно беше тоа што последните денови пред конечниот избор првиот пилот не беше во авионот, па без контрола патниците му одеа лево-десно. Еден ден гласаа за, а другиот ден против – за исти предлози.

Кога пилотот ќе се врати во авионот, можно е да се очекува да покрене спор против назначениот превозник. Само, не се знае пред кого. Законите за судството уште не се донесени. Тоа само колку за потсетување на министерот Пешев, кој се занесува дека за три месеци ќе успее да донесе Закон за воздухопловство.

Значи, сè уште народот ќе го возат без закон. Тоа и не е многу важно, зашто и онака пилотите бараат дозвола за полетување и курс на летање од високата кула. Од контролорот на летањето.

2. Ако веќе не можеме да го решиме хаосот во воздушниот, тогаш барем нема да имаме проблеми со поморскиот сообраќај. Од 13 октомври Република

Македонија е рамноправна членка на Меѓународната организација за поморство. Оваа организација, со седиште во Лондон, има за цел да ја подобри соработката меѓу владите во областа на меѓународниот поморски транспорт, сигурност и навигација и да се грижи за еколошката заштита на морињата.

Уште на самиот старт треба да разјасниме некои работи. Да им кажеме на Грците да не се секираат, затоа што Солун и натаму ќе си биде нивни. Да не паничат сега дека со ова покажуваме водни претензии кон нивното море. Треба да им објасниме дека нас таму нè примиле по друга основа.

Имено, ние сме надалеку познати по тоа што честопати правиме помор на рибите низ нашите реки. Како особено заслужни во таа дисциплина, има ли на светов нешто пологично од тоа, тие што вршат помор да бидат членови на организација за поморство?

3. Сè ми се чини дека оваа најнова иницијатива за "глобално решение на ЈУ-кризата", што ја туркаат Бутрос Гали и посредниците Овен и Столтенберг, не е најсреќното решение за Македонија. Особено ако повторно инсистираат на некаква Лондонска конференција. И лани сите се собраа во Лондон, се издоговорија да ја спасат Босна и Херцеговина и да не ги признаат освојувањата на Србија, па направија сè спротивно. Сега пак се заговара некаква конфедерација. Се сеќавате ли уште од кога Словенија бараше конфедерација? Па, заради тоа се направија три војни. Со кој памет сега веќе независните држави ќе ги тераат повторно поблиску да се врзуваат?

Деновиве чув многу интересен коментар за мисијата на Овен и Столтенберг од еден мошне ценет американски новинар, што деновиве престојуваше во Македонија. Само кусо ми рече: "Не им дозволувајте дури ни да ја надлетаат Македонија".

А слушам Столтенберг се подготвувал деновиве да ни дојде на гости. На пријателско убедување за нова конференција за Југославија.

4. Така "глобално разрешени", ќе мораме да ги почитуваме барањата на српските владици непречено да си ја вршат службата низ Македонија. За да не бидеме во заблуда. Зашто, како што изјавил врањскиот епископ Пахомие што неодамна беше вратен од граничниот премин Табановци, целта на забраната на влегување не е затоа што тие вршат непријателска дејност против Македонија, како што сметаме тука ние, туку "за да може народот да се држи во заблуда". Бидејќи, под влијание на Ватикан, верниците во Македонија полека ќе го изгубеле своето православие.

"А народот во Македонија е длабоко православен и длабоко верен", вели Пахомие, па најавува дека "токму поради тоа Српската православна црква не може да го остави тој народ духовно незаштитен".

Сè ми се чини дека сè некако започна во еден од манастирите на Крка, близу Шибеник, во Хрватска. И таму се работеше за духовна заштита.

5. По онаа инвентивна реклама на Македонската телевизија, во која среќните и весели РТВ претплатници, наспроти опструкциите од Парламентот, со задовол-

ство чекаат во редици пред наплатните пунктови на МРТВ и по поединечното гласање во кое коалиционата кујна сепак не го изгласа укинувањето на РТВ претплатата, може да се здивне.

Конечно ќе можеме по десетина дена да видиме еден нормален ТВ дневник, во којшто главната вест не е плашењето на народот дека ќе остане без најмоќната ТВ куќа. И – што е уште позначајно, емисијата "Оваа сабота..." нема да биде тргната од програмата.

# ОВАА САБОТА **6 ноември 1993**

## • На потег се министерките Софија Тодорова и Гордана Силјановска

1. Класичен пример за одвоеност и независност на судската од законската и извршната власт е Уставниот суд на Македонија. Осум месеци му требаа да расправи дали РТВ претплатата е уставна, а чекаше да донесе одлука – дури откако виде како по тоа прашање ќе се изјасни Собранието. И нормално – РТВ претплатата останува.

Арно ама, најден е нов начин за собирање пари од граѓаните. РТВ претплатата отсега ќе се вика арач, што е турски, ама одомаќен збор за она што Уставниот суд го нарекува "јавна давачка". Не сме толку наивни, па да направиме глупост како оние во Србија, претплатата за телевизија да ја пресметуваме на сметките за електрична енергија, па се досетивме на оргинално решение. МРТВ да продолжи да ги собира парите, ама да не располага со нив, туку да ѝ ги дава на државата, затоа што Собранието ќе ја одредува висината на претплатата. Значи, кога утре ќе ви дојде инкасаторот на МРТВ на врата – тој ќе биде претставник на државата. Арачлија.

Е сега, бидејќи државата ќе биде сериозно загрижена како да ги собере и овие пари, нејзин проблем ќе биде и популаризацијата на целата акција. Тоа значи дека и емисијата "Оваа сабота ..." веќе нема да биде грижа на колегиумот на МРТВ, туку на државните органи. Бидејќи јунаците од Парламентот ни се општоприфатени меѓу народот, првиот предуслов за забавниот карактер на новото издание на "Оваа сабота..." во продукција на државата е исполнет. Останува само да се размисли за концепцијата на емисијата.

За да биде поевтино, екипата не мора да шета од град во град, туку може секоја прва сабота да ја реализира емисијата во големата сала на Собранието на Македонија. Сто и дваесет пратеници, плус членови на Владата и триесетина акредитирани новинари се сосема добра публика за аплаудирање. Водителска двојка ќе бидат Стојан Андов и Бранко Црвенковски, а како што е обичај со сите манифестации во државата, емисијата ќе биде под покровителство на

претседателот на Републиката. Зад столчето на Киро Поповски ќе бидат поставени барабаните со бројките. Крај барабаните можат да застанат претставничките на женскиот дел од Владата, министрите Софија Тодорова и Гордана Силјановска. За време на музичките настапи на естрадните уметници двете треба да потцупнуваат во ритамот на музиката. Се разбира, пригодно облечени во гардероба на некој од спонзорите на СДСМ и Либералната партија. На најавата од водителите тие ќе ги завртат барабаните и само од нивниот потег на раката ќе зависи иднината на некој редовен државен претплатник. А пратениците со акламација ќе ги поздравуваат сите комбинации на броевите што ќе излезат на барабаните.

На крај ќе се појави Силви Бенд со онаа "...сабота пред недела, леле журка дебела..." И – ја венчавме невестата!

2. Претседателот Глигоров испрати писмо до пратениците по повод предлогот за интерпелација на претседателот на Собранието Стојан Андов, во кое, толкувајќи го Уставот, вели дека не постои причина да се бара одговорност од Андов, затоа што тој го овластил да му биде заменик во негово отсуство.

Пред неколку недели, кога изби кризата во редовите на владината коалиција, што кулминираше со барања за интерпелации на министрите на СДСМ Фрчковски и Пешев, либералите на Андов ја спасија Владата и го поштедија Глигоров од несакани компликации во државата.

Се сеќавате ли на оние партизански стрипчиња: "Внимавај, Мирко, куршум!" – "Уф, ти благодарам Славко, ми го спаси животот!"

3. Јасно е дека за повеќе од две години независност не успеавме да ги донесеме повеќето закони од речиси сите области на животот, ама не влегува во глава кога некој министер, "мртов ладен", наместо да гледа да го скрие срамот, упорно си се повикува на некакви закони на бившата СФРЈ. Поводот е речиси безначаен, гледан од државен аспект. Се работи за спорот на министерот Ѓунер Исмаил со Драмскиот театар од Скопје, во кој тој се повикува на Законот за авторски права на СФРЈ?

Една недела порано и министерот Пешев, во целата збрка што ја направи со (не)изборот на национален превозник, се повикуваше на некои закони на СФРЈ!?

Целото судство се потпира врз закони од СФРЈ!?

Чисто се сомневам дека и новоформираната СРЈ ги почитува законите на СФРЈ. Па добро тогаш, зошто "привремено" не ги преземеме законите од СРЈ? Барем ќе го решиме проблемот со национален авиопревозник. Ќе го избереме ЈАТ.

4. Која ли му беше визијата на оној пратеник од СДСМ што го постави пратеничкото прашање за финансирање на партијата на Гошев? Белким не мислеше дека другите пијат мастило и дека институцијата "пратеничко прашање" е резервирана само за неговата партија. Само ги поттикна другите да почнат да копаат по Владата. Кога ќе почнат едни на други да си ги вадат валканите алишта, "ОХИС" ќе мора да го дуплира производството на детергент.

# ТАТА МАТА

**13 ноември 1993**

## • Министерот за одбрана се врати од вселенската истражувачка мисија

1. Кога во средата вечер, среде емитувањето на централниот дневник на Македонската телевизија, во студиото влета Бане Димоски, си помислив: "Ова мора Грција да нè признала, и тоа под уставното име". Арно ама, тој само го доведе министерот за внатрешни работи Љубомир Фрчковски, онака најредовно да нè информира за рутинската акција на неговото министерство за откривање на обидот за формирање паравојска. Акцијата беше толку рутинска и вообичаена, што ако ден пред тоа Слободан Милошевиќ не се пофалеше пред грчкиот гостин Каролос Папуљас дека знае за намерата на некои албански сецесионисти да ја поделат Македонија, нашите немаше ни да ни кажат кого апселе претходните денови. Таман работа, полицијата да нè известува за секоја нивна активност во која апси помошници министри! И тоа за одбрана!

И така, министерот дејствуваше смирувачки на јавноста, демантирајќи дека кај уапсените се најдени списоци за регрутација на 20 илјади лица. Добро информираните новинари од полицијата велат дека биле 21630. Уште велат дека биле организирани за еден час да ја ликвидираат 14-тата бригада на АРМ, задолжена за одбрана на северозападната граница кај Тетово. Веројатно со 32 пушки!

Ситуацијата е сосема редовна, штом министерот за одбрана, заедно со неговиот заменик не најдоа за потребно да се вратат од Турција, иако им го уапсија помошникот. И министерот за здравство, чијшто заменик со обелоденувањето на аферата одеднаш го снема, си беше во Лондон. Па и претседателот на Републиката и премиерот си вршат редовни обиколки на градовите и фабриките низ државата. Важно Фрчковски е на вистинското место и си ја врши редовната работа, во која, ете, одвреме-навреме ќе уапси некој помошник-министер кој, ако се суди според соопштението на неговата партија ПДП, организирал селски стражи за лична заштита.

Интересно, за прв пат една акција на Фрчковски наидува на општо одобрување од сите политички структури во Македонија. Тоа ќе биде доволен повод групата "Ристо бомбата и кучешка тенија" во знак на благодарност кон министерот, кој ја лансира досега најголемата политичка бомба во државата, да го изведе својот хит во нова верзија. Стиховите би оделе вака: "Фрчко бомбата (ова се чита со источномакедонски акцент) / ти си тата мата / Фрчко бомбата/ ги направи салата...

2. Кога завчера министерот за одбрана Владо Поповски слета на скопскиот аеродром и кога го прашаа што се случува со неговиот помошник-министер, тој изгледаше како да не дошол со нормален авион, туку како штотуку да се приземјил со "Спејс Шатл" од некоја вселенска истражувачка мисија. Изгледа беше уште

под влијание на тоа што го видел во турската фабрика за воена електроника. Низ Скопје веднаш се пронесе веста дека како противудар на 32-те пушки, Македонија ќе купувала "фантоми". И тоа десет. Бидејќи неодамна во скопската населба Влае полицијата откри дури пет фантоми што напаѓале осамени жени, останува да се докупат уште пет.

Само, проблем е што и нас нè фаќа ембаргото за извоз на оружје во сите републики на бивша Југославија. Затоа сега смисливме оригинален план. Прво, министерот за одбрана патува во Турција да договори колку оружје и од каков тип оваа земја ќе ѝ продаде или подари на Албанија. Потоа помошникот-министер за одбрана го шверцува оружјето од Албанија во Македонија. Потоа настапува министерот за внатрешни работи и го запленува шверцуваното оружје.

Планот е генијален, без разлика што не го смислиле во Владата, туку сега по читањето на "Сакам да кажам" ќе почнат да го разработуваат. Прво, ниту ние ниту Турција го крши ембаргото, затоа што се работи за шверцувано оружје. Второ, непречено и континуирано се наоружуваме, зашто вакви акции на ловење шверцери на оружје има речиси секој ден. И трето и најважно – не плаќаме ни денар за наоружување, затоа што сè е легално запленето.

3. Што се однесува до албанскиот конзулат во Скопје, Македонија веќе има два официјални јазика, штом тие така упорно за комуникација се служат исклучиво со албанскиот јазик. Обично другите дипломатски претставништва во Македонија кога ни испраќаат соопштенија за јавноста, тоа го прават на македонски јазик и евентуално на јазикот на нивната држава. Албанскиот конзулат завчера два пати ни испрати соопштенија само на нивниот јазик. А и таблата пред нивната зграда, сосема невообичаено за било кое дипломатско претставништво во светот, е испишана само на албански јазик. Колку што сум информиран, мислам дека сè уште во Уставот стои дека во официјална употреба во Република Македонија е македонскиот јазик и кирилското писмо.

4. Воениот злосторник и големиот мировник од БиХ Радован Караџиќ пријателски ни советува да не се караме со Албанците и да не лееме крв како неговите во Босна, туку мирно да си се разграничиме. Пред неколку години планот за БиХ го ковав Милошевиќ и Туѓман. Како би ви изгледала средба Милошевиќ – Бериша!?

## НОВИНАРСКА ПАТРОЛА

**20 ноември 1993**

### • Граничарите на Македонија – чувари на мирот и на шверцерите

1. Перото е посилно од мечот. Додека Американците вежбаат на Криволак, новинарите ја бијат нивната битка на најнесигурната граница. Гледајќи ги онака

премрзнати, со темни очила и црни ленти преку главите, наострени храбро да се соочат со непријателите што ни ги киднапираат нашите полицајци и војници, ден после инцидентот кај кумановското село Лојане доаѓам до заклучок дека наместо осумнаесетгодишници на кои непријателот им удира шлаканици и клоци, подобро е границата да ја обезбедуваат новинари. Ќе ги видевме српските шверцери како ќе се однесуваа ако ги пресретнеа патролите на македонските репортери, со микрофоните на готовс и рафалите од директни прашања. Кога ќе ги видеа онакви какви што ги видовме ние на телевизија, ќе бегаа што подалеку од границата.

Додека репортерот на државната телевизиска куќа се соживуваше со улогата на киднапираните, а известувачот на нашиот весник изигруваше геометар и мереше далечина од граничната меѓа, репортерите на приватната ТВ станица "А1" сериозно се зафатија со лов на шверцери. И среде нива препаднаа еден возач на црвена "застава" од Алексинац со педесетина литри бензин во багажникот. Сиромашкиот, се правдаше дека ќе се женел во недела. "Ќе се жениш, а!", му свика новинарската патрола. "Е нема, прво ќе признаеш дека шверцуваш бензин, а после ќе те пуштиме да се жениш!"

По најновиот граничен инцидент, што ќе се одрази на свадбата на човекот од Алексинац, реално е да се очекува дека Министерството за надворешни работи на Југославија ќе упати остра нота до нашето министерство, со обвинение дека Македонија се меша во внатрешните работи на Србија. Им влијаеме на популационата политика. Работиме против нивниот наталитет. До смрт ги преплашуваме младоженците што ќе се најдат среде нива. Од шокот што ќе го преживеат ќе останат времено импотентни.

2. Тоа што инцидентот заврши без крв воопшто не треба да не чуди. Мирољубивата политика на нашето раководство фаќа корени во сите пори на општеството. Па така децата во моментот кога им влегле вооружени шверцери размислувале далекосежно и согласно концептот на решавање на проблемите по мирен пат и со дијалог. Затоа и не испукале ни еден куршум.

Шегата настрана, што ќе се случеше доколку некој од патролата загинеше? Дали тоа е потребно за државата да сфати дека на таа граница е многу поедноставно да испрати инспектори да ги урнат дивите бензински пумпи, отколку да испраќа зајакнати мешани патроли? Зошто никому не му пречат тие пумпи? Ако се диви, колкав и да е профитот од нив, овој инцидент треба да биде опомена веднаш да се урнат.

Но, што ако се легално изградени? Тогаш не гледам причина да им се лутиме на Србите, кога сами си го бараме!

3. Ние додуша бараме и од Обединетите нации да ни ги надоместат штетите што ги трпиме затоа што ги спроведуваме санкциите кон Србија и Црна Гора. Ама – ништо од тоа. Што е најсмешно, австрискиот амбасадор при ОН предложил Србија и Црна Гора да ги надоместат штетите што ги трпат деветте европски земји поради меѓународните санкции! Малку пооптимистичко е писмото на Бутрос

Гали, во кое апелира до членките на ОН да помогнат со донации на земјите што трпат последици.

Онаа идеја на австрискиот амбасадор, Србија и Црна Гора да ни ги надоместат штетите, изгледа ептен му се допаднала на Радован Караџиќ. Тој во бугарските весници изјави дека "Македонците не постапија чесно кон нас... Официјално сакам да изјавам дека постапките на Македонија не се коректни. И ако некогаш се свртат кон нас, ние никогаш нема да го заборавиме тоа. Секогаш ќе го паметиме тоа и ќе им возвратиме".

Најдобро би било да ни вратат со санкции. И тоа од оној "културниот" тип, кој ние не го ни регистрираме како санкции. На пример, нека престанат конечно да ни ги испраќаат нивните "певаљки".

Само ми е страв дека, кога е во прашање Радован Караџиќ, тие обично враќаат во нафта. Во резервоарите на нивните тенкови.

4. Владата сериозно има намера да ја спроведува својата потврдена политика на еднаков третман на сите граѓани. Само што умре од инфаркт еден Албанец, кој бил приведен поради шверц на оружје, полицијата во Прилеп, во престрелки со избеган од затвор, уби Македонец.

## РУСКА ЛИЦЕНЦА

**27 ноември 1993**

### • Кога снемува струја, настапува мрак и се палат свеќи

1. Во Босна и Херцеговина има војна. А во Македонија има развиен авиосообраќај. Со два современи аеродрома, на кои одвреме навреме снемува струја. Настанува тотален мрак. Па после палиме свеќи.

Знаете ли кој е највработен човек во Македонија? Златко Вереш. Стручњакот за испитување авионски несреќи ќе умреше за леб да не му бевме ние, со нашето развиено воздухопловство. Додуша, човекот излезе фер, па нè теши дека нашата држава не е небезбедно место за летање. Само што властите се многу сиромашни, па немаат пари да ги купат современите уреди за слетување на скопскиот и охридскиот аеродром. А толку пари на државата ѝ должат данок два-тројца пиљари. Тука се разбира не влегува сумата што е потребна да се подигне ограда околу аеродромите. Тоа сигурно е некоја цена од која боли глава. Ќе мораме да чекаме склучување на аранжман со ММФ или со Светската банка, за да ги набавиме тие средства.

Деновиве се изнагледавме, изнаслушавме и изначитавме за хаосот на македонското небо. Цела нација стана стручњак за воздухопловство. Ги испроучивме шемите на процедурите за слетување, се расфрламе со воздухопловна терминологија... Особено ми падна в очи трансформацијата на еден бунтовен контролор

на летање – во бирократски владин службеник, кој неколку пати се појави на телевизијата. Се сеќавам кога беше водач на штрајкувачите на контролорите на летање. Тогаш целата јавност беше на негова страна. Ама државата со него добро изиграла. "Штрајкувате!? Е па ајде, повелете во министерството, па вие решете ги работите!" Па од функција на човек од власта имате изјава од типот: "Не го прават хаосот тие што се обидуваат да го регулираат сообраќајот, туку тие што во трката за профит забораваат на безбедноста". Значи, не го прават хаосот тие што им дозволиле на другите да прават хаос!

Во секој дуќан, ако ти влезе инспекција и ти најде непријавени продавачи, ќе ти го затвори дуќанот. А ако ти пронајдат во авион непријавени пилоти и стјуардеси – никому ништо.

Всушност, ние без врска го употребуваме терминот "македонско воздухопловство". Такво нешто не постои. Јас досега немам видено авион со македонска регистрација. А веќе повеќе од две години сме независна држава. И Владата на нашата независна држава има две авиончиња. Нашите раководители патуваат со нив низ Европа и ја претставуваат нашата независна држава. Авиончињата имаат регистарска ознаја "YU".

2. Во една од многубројните ТВ емисии што деновиве ги гледавме по повод катастрофалната авионска несреќа кај Охрид, двајца пилоти објаснуваат кои недостатоци ги има скопскиот аеродром. Рекоа дека се шетаат кучиња по пистата. И нема кој да ги избрка. Па, се сетиле капетаните, јавуваат во полициската станица, а командирот испраќа полицајци да ги бркаат кучињата. Новинарката се чудеше: "Па зарем тоа е нивна работа!?" А капетанот слегна со раменици и рече: "Па, не им е тоа работа, ама ете, помагаат луѓето..."

Ете уште еден доказ дека без Фрчковски и неговото министерство ништо не може да функционира во државата.

3. Со голема патриотска возбуда ја прочитав веста дека конечно е произведен првиот македонски велосипед. Го произвел МИК од Кавадарци со руска лиценца. Човек не може да остане рамнодушен на техничките достигнувања на нашиот вреден работник кој, ете, на прагот на 21 век произведе велосипед.

Проблемот е во тоа што нашата најнова македонска гордост – руско-кавадаречкиот велосипед, може да направи дополнителни компликации во меѓунационалните односи. Замислете си некој да ви рече: "Глупав си како точак". Тоа веднаш ќе биде протолкувано како навреда на националното чувство.

Како и да е, секој ден сè повеќе и повеќе напредуваме. По првата македонска хулахопка, првата македонска патика и првата македонска машина за перење (Аyyyy...), добивме и прв македонски велосипед. Очекувам следното техничко достигнување да биде прв македонски авион.

4. Во генијалните идеи, што можат да се родат само во главите на тукашни луѓе, го вбројувам и оној најнов предлог на Владата домаќинствата што ќе потрошат повеќе од 600 киловат-часа електрична енергија "прекумерното" да

го плаќаат двојно или тројно поскапо. Тоа ти е нешто слично како оние оправдувања од поштата: "Сакате добри телефонски линии? Па не зборувајте по телефон!"

Така, сега тие што се греат на струја за да не го пречекорат лимитот што им го гарантира државата, ќе мора да се смрзнуваат. Или, барем да штедат на осветлувањето. Да палат свеќи. Повеќе нема да нè викаат "зона на самракот". Ќе бидеме зона на мракот.

5. Во холандската престолнина Хаг почна со работа Меѓународниот суд за воени злосторства направени на територијата на бивша Југославија. Судиите се собраа. Ги нема обвинетите. Зафатени се со активностите на предизборната кампања во Србија.

## БЕРЛИН-САРАЕВО 4 декември 1993

**• Зошто телохранителите на Претседателот беа во подобра положба на премиерата на филмот "Македонска сага"**

1. Повторно не нè примија во КЕБС. Ама, ни Грција не ја примија во Западноевропската унија. Не оти ние ќе се изнасекиравме нешто особено што и овојпат останавме со куси ракави поради ветото на Грција, ама некако, тоа што европските партнери го зафркаваа нашиот сосед на состанокот во Париз, ни дојде како храна за душичката. Ете, имало некој што може и нив да ги зезне.

Арно ама, сето тоа се случува на Балканот и тоа во ова лудо време, кога и размислувањата на луѓето не се баш премногу рационални. Па, приказната за Македонија и КЕБС и Грција и ЗЕУ ти доаѓа како она: Да му цркне кравата на соседот. Претпоставувам дека во нормални услови на ниту една држава не би ѝ пречело нејзиниот сосед да биде член на КЕБС, ниту пак дел од силна воена одбранбена алијанса. И двете работи се поврзани со безбедноста – нивна сопствена и на регионот.

Така ти е тоа со соседите на Балканот. Секогаш имаш чувство дека што полошо е за нив – тоа подобро е за нас. А всушност... Каде ли ќе ни беше крајот ако Грција немаше националистичка влада, ако Бугарија беше богата, ако Србија не се однесува агресорски, за да не мораат да ѝ воведуваат санкции, ако Албанија навистина беше "Запад"?

2. Наместо тоа, на југ од нашите граници ние си ја имаме "најевропската земја на Балканот", со еден заменик-министер за надворешни работи, задолжен за европските прашања, кој се вика Тодорос Пангалос. Човекот треба да биде главен координатор од први јануари, кога Грција ќе мора да ја преземе претсе-

давачката улога на Европската унија, па како подготовка реши да се испокара со највлијателните партнери од Унијата. Колку да знаат луѓето со кого ќе си имаат работа наредните шест месеци.

Господинот Пангалос и порано ја имал истата функција во кабинетот на Папандреу. Колегата од "Нова Македонија", што повеќе години беше дописник од Атина, се сеќава на една хистерична изјава на Пангалос, од летото 1988 година, кога нè притисна суша и кога Вардар само што не пресуши. Којзнае што си мислел човекот, што ли му правиме ние на Вардар, па рекол: "Ова што ни го прават скопјаните, не би го правел дури ни Хитлер". Македонија тогаш сè уште беше во рамките на СФРЈ. Пангалос воопшто не ни беше важен. Изјавата му е одбиена на глупост.

Бидејќи "Скопје" веќе е апсолвиран проблем, сега заменикот "европски" министер ги решава односите во рамките на Унијата. И започнува со кого друг, ако не со – најсилниот. Па за Германија вели дека е "гигант со ѕверска сила и со детски ум". Ова со силата – и така и така. Мора некој да е силен, штом може да одвојува најмногу пари во Фондот за солидарност на Унијата, чиј најголем корисник е токму Грција. Ама, она за детскиот ум... Германците пак ќе му одбијат на глупост. Ќе најдат оправдување, велејќи дека очигледно човекот бил под опсесија на својот лик виден на огледало.

3. Во Македонија конечно една недела без некој голем настан или афера. Смртна здодевност за новинарите. Би можела да нè спаси само случката со сменувањето на потсекретарот за јавна безбедност во МВР Павле Трајанов. Само, нели се работи за сосема нормална, редовна смена во Министерството! И тоа по неколку успешно изведени акции, кои без оперативците на господинот Трајанов веројатно не ќе добиеја толку добар прием кај јавноста.

Министерот молчи. Бившиот потсекретар молчи. Партиите молчат, Владата молчи, никој не бара расправа во Собранието, никој не го стави човекот на оваа или онаа страна... Кој ли ќе ја прекине здодевноста? По функцијата што ја имаше, човекот мора да знае многу работи. Само, професионалните полицајци знаат дека треба да молчат. Ако прозборат, ќе ѝ наштетат на државата.

4. Сиромашкиот претседател Глигоров – и тој мораше да молчи и цели два часа да не се побуни зошто мораше да се смрзнува во незагреаната сала на киното "Центар" на скопската премиера на филмот "Македонска сага". Веројатно тоа беше придонес кон културата дојден од највисокото место во државата – да се издржи свечената премиера стуткан во капут на седиштето од 11 ред. Ако им беше целта на организаторите најпластично да му ја прикажат на претседателот состојбата со македонските кино-сали – тогаш ја постигнаа. Ама, мораа ли да ги жртвуваат и оние триста други гледачи, кои исто така не успеаја да ја прикажат свечената премиерна гардероба, криејќи се во капутите?

На премиерата најдобро поминаа телохранителите на претседателот. Цело време стоеја меѓу десеттиот и единаесеттиот ред. За разлика од него, тие имаа шанси да потцупнуваат. И да дуваат во рацете за да си ги загреат.

5. И најцрните прогнози од хумористичната серија на сараевската телевизија "Топ листа на надреалистите" се остварија. Сараево најверојатно ќе биде поделено. Две третини за Муслиманите, една третина за Србите.

Светот што пред четири години се радуваше на уривањето на Берлинскиот ѕид и што најавуваше нова ера во односите меѓу Исток и Запад сега немоќно и без срам го гледа ѕидањето на Сараевскиот ѕид.

# КОЛЕКТИВНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА 11 декември 1993

## • На оваа држава ѝ треба фолк-помирување

1. Барем по итна постапка да се донесе закон за рехабилитација на лицата прогонувани од тригодишната опседнатост од ТВ настапите на пратениците во македонското собрание. Образложение: поради траумите предизвикани од поразното сознание кој сè си го избрал да ти го уредува животот и поради засиленото чувство на инфериорност што притоа се јавува. Бидејќи цела нација ги чувствува последиците од ова прогонство, ќе треба да се спроведе масовна акција на колективна рехабилитација.

Доброволно се пријавувам да го напишам текстот на предлог-законот. Кога можат тие да бидат историчари, можам и јас да бидам законописец. И така некои од нив повеќе личат на синдикални водачи, што дошле да штрајкуваат пред Собранието, па кога веќе успеале да влезат во зградата не можеш да ги тргнеш од говорницата.

2. Сè ми се чини дека и оваа маратонска расправа за рехабилитацијата што се води во Собранието е извртена наопаку. За да се рехабилитираат едни жртви, сега се бараат нови жртви. После некој ќе побара и новите жртви да се рехабилитираат. Се разбира, барајќи ја вината кај некои други жртви. Па кога и тие ќе станат жртви, пак некој ќе биде виновен за тоа. И така ќе одиме до бескрај. Тоа се вика национално помирување. Секој на секого му е жртва.

3. Во изминатата недела гостин ни беше турскиот министер за надворешни работи Хикмет Четин. На прес-конференцијата што на крајот од работниот ден ја одржаа господинот Четин и домаќинот Стево Црвенковски беше соопштено дека министерствата на двете држави потпишале Протокол за унапредување на соработката меѓу Македонија и Турција. Веднаш потоа Министерството го проследи до редакциите интегралниот текст на Протоколот. Во првиот пасус од текстот се вели дека двете држави го прават тој чин "имајќи ја предвид желбата за развој на пријателството, ДОБРОСОСЕДСКИТЕ ОДНОСИ и соработката која веќе постои меѓу двете држави". Машала!

Кога може Србија и Грција да градат добрососедски односи, зошто тоа да не го правиме и ние? Само, замислете си истиот урнек на протоколот со Труција, надлежните од Министерството да го искористат кога ќе пишуваат протокол за соработка меѓу Македонија и Кина.

Инаку, прес-конференцијата беше многу необична. На новинарите им беше забрането да седнат во првите два реда во салата. Кога влегоа господата министри и кога седнаа зад микрофоните, во салата влезе речиси половина Министерство за односи со странство. Тогаш го сфативме штосот. Првите два реда беа резервирани за службениците од Министерството. Меѓу нив и високи функционери. Човек да си помисли дека Црвенковски ги испратил на новинарски курс. Арно ама, не било тоа работата. Луѓето сакаа да бидат што поблиску до министерот. Тоа им беше ретка можност да го слушнат да зборува. И тоа – прилично долго.

4. Конечно приватната телевизија "А1" пронајде начин како да удри по Македонската радио-телевизија. По системот "Со песна да ти кажам", со четиричасовна емисија во која гости беа неколкумина од елитата на македонската фолкестрада, кои се ставени под ембарго на програмите на националната радиотелевизија. Ова им дојде како некој вид рехабилитација. Сега едните ќе прават "фолк-хит", а другите "хит до хит".

Ма какви политички рехабилитации, какво национално помирување! Доаѓа Нова година. Приоритетна акција треба да биде пејачко помирување. Ама, бидејќи "А1" и МТВ наскоро немаат намера меѓусебно да си се рехабилитираат, најдобро носител на акцијата да бидат хотелите и ресторан ите кои ќе организираат пречек на новата година.

5. Неодамна на влезната врата на Економскиот факултет во Скопје осамна рачно испишан оглас: "Играм на свадби". Некој иден дипломиран економист решил пазарно да ги валоризира своите способности за правење штимунг на масовни веселби.

Примерот на снаодливиот студент по економија би можеле да го искористат и некои позначајни луѓе. И тие да си го зголемат буџетот продавајќи ги на пазарот своите способности. Така, уште утре би можеле на влезните врати на Владата, на Собранието и пред седиштата на политичките партии да прочитаме огласи од типот: "Аплаудирам на говори", "Присуствувам на премиери", "Поднесувам оставки", "Навивам на спортски натпревари", "Одам на промоции на книги", "Зборувам зад микрофони"...

# ДИПЛОМАТСКИ ПОЈАДОК 18 декември 1993

## • Кој ќе биде првиот грчки амбасадор во Македонија?

1. Бидејќи сме сериозна држава и бидејќи сакаме да ги унапредуваме односите на сите полиња со соседна Грција, вистински потег на добра волја би претставувала една одлука, со која нашата држава би му обезбедила заслужена пензија на грчкиот премиер Андреас Папандреу. И тоа – од третата група. Како знак на благодарност за неговата борба за широка меѓународна афирмација на Република Македонија.

Воспоставувањето на дипломатски односи со шесте земји-членки на Европската унија може да има негативен одраз врз популарноста на Македонија во светот. Среќа што сè уште не нè признале САД. Па Грција ќе мора да продолжи со својата кампања за популаризација на нашата држава. Искрено, тешко ќе ми паднеше ако веднаш преку ноќ ќе престанеа да нè споменуваат низ светот. Скопје, од обична балканска валкана паланка, благодарејќи на чудата на организираната пропаганда, последниве денови стана најспоменуваниот главен град на држава во светот. Сопругите на дипломатите сигурно збунети од масовната употреба на името на нашиот главен град, во некоја парфимерија ќе побараат да си купат најнова колекција "Скопје". Ќе си речат: "Штом толку ја рекламираат, мора да е модерна!" Или пак нивните деца. Во некое диско ќе нарачаат "Скопје". Што има поагресивна реклама од "кока-кола" – вреди да се проба!

Ако нè признаат и САД, па уште да ни пратат и амбасадор – сосема пропаднавме. Ќе ни го заборават името. Грција нема да има причина да нè споменува.

2. Ете, затоа нашиот опстанок зависи од Грција, како што секојдневно ни соопштуваат од Атина. Папандреу нè смири малку кога ни рече дека немало да презема воени мерки. А за економските ќе размисли. Нека размислува. Само да не му текне да ги скуси парите што одат за пропаганда. Тоа е најстрашното нешто што може да ни се случи.

Изгледа дека ова најстрашно оружје против Македонија сè уште не им паднало на памет. Инаку немаше цело време да зборуваат за затворање на границата. Па, дури, оној забавниот заменик-министер за европски прашања Тодорос Пангалос ни порача да ги јадеме амбасадорите за појадок.

Сега, по воспоставувањето дипломатски односи со душа ги чекаме амбасадорите. Зашто Грција ќе ни ја затвори границата и ние нема да имаме што да јадеме. Па за да нè спасат од злобната партнерка, останатите од Европската унија ќе мораат да испратат што повеќе амбасадори. Кои, според менито усогласено веројатно од господинот Пангалос, следните шест месеци, кога тој ќе води сметка за Унијата, на скопјаните ќе треба да им се даваат само за појадок. Оние од

другите места низ Македонија, бидејќи амбасадорите нема да им се при рака, ќе го скокаат првиот оброк.

Клучното прашање е: Сакате континентален, или англиски појадок? Континенталните земји ќе минат лесно. Ама, бидејќи англискиот појадок е многу побогат, ќе мораат Британците покрај амбасадор да ни испратат и понекој конзул, советник, секретар... Тие се дипломатска сила и ќе можат да одговорат на критериумите што следните шест месеци ќе им ги постави гурманот Пангалос.

Баш би било интересно да се дознае кој ќе биде првиот грчки амбасадор во Македонија. И дали човекот оди со грчки маслинки и узо. Без узо, потешко ќе се "вари".

3. Инаку, за да нема недоразбирање, членкие на Европската унија се усогласиле во дипломатските документи да ни се обраќаат со привременото име од ОН. Што не значи дека и амбасадорите ќе им бидат привремени.

Нашите документи си се со нашето нормално име. Она глупавото "бивша југословенска..." не го сакаме од милион причини. Едната од нив некои ја бараат во логичен одговор на следново прашање: "Ако испраќаме амбасадори од бивша република, дали тоа значи дека и амбасадорите треба да бидат – бивши?"

4. Истекува последниот час да се пронајде некој посредник што ќе посредува во спорот меѓу Македонската телевизија и приватната "А-1". Ако се најде некој што ќе може двете ТВ куќи да ги доведе до воспоставување нормални (не мора дипломатски) односи – тогаш и Сајрус Венс ќе мора да му симне шапка од главата.

Прво "А-1" ѝ ги собра на МТВ најпопуларните фолк-ѕвезди. Потоа МТВ, додуша во несериозниот Трет канал, во средата подготви коментар за, како што ја нарече , "независна кванташка телевизија".

Гледајќи го коментарот, се прашував зошто, иако си ја платив претплатата преку суд, големата куќа ме малтретира со нивни погледи на "телевизијата зад рампата во Маџари", кога и онака нејзиниот "ТВ сигнал не допира подалеку од Трубарево"? (Наводите се истргнати од "коментарот".) И баш ќе ми беше гајле за односите меѓу двете куќи, ако не се доведев во ситуација да се прашам: За каква конкуренција зборуваме, кога на ТВ екраните се гледа параноиден страв од конкуренција, и тој кај гигантот чијшто сигнал допира многу подалеку од Трубарево!?

И уште нешто. Што и да се сакаше да се каже, колку и луѓето од двете куќи да не се сакаат и какво и да е мислењето на едните за другите, сепак – да монтираш на тој начин што ќе ги ставаш своите колеги (колку и да не ги цениш) меѓу свињи и мајмуни, е прашање на добриот вкус. На – врвен невкус.

# МОЕ ЦАРСТВО

**25 декември 1993**

## • Пушење за национално помирување

1. На кантар студен, со туч го мерат. Но, може ли да ја измерат досетливоста на нашите пратеници, кои од ден на ден нѐ изненадуваат со сѐ понови фори и фазони. Ете, сега пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ни соопшти дека привремено се дистанцира од седницата на Собранието заради солидарност со тутунопроизводителите кои бараат повисока откупна цена.

И така, откако Ленка ја остави кошулата недовезена и отиде тутун да реди в монопол, а коалицијата кворумот го бркаше низ новогодишните тезги низ скопските улици, се ставив во чудо, на кој начин ќе се манифестира пратеничката солидарност. Јали кошулата ќе ја довезат, јали цената на тутунот ќе ја креваат, јали ќе продолжат да си р΄гаат и за себе маки тргаат?

Меѓутоа, политички гледано, овој потег на ВМРО-ДПМНЕ може да се поврзе со нивната континуирана заложба за национално помирување. Особено што симбол за помирување е лулето. А луле без тутун – не оди. И сега вака – во знак на солидарност – пратениците ќе си ги поделат улогите: едни ќе го садат, други ќе го вадат, трети ќе го берат, некои ќе го нижат, па ќе коваат шајки за сушење, па ќе го сецкаат, па ќе го мерат, па ќе го носат во Монопол, па ќе бараат повисока цена... Што ќе продадат, ќе продадат. Она што ќе остане, ќе мора да се испуши. Без разлика на верска, национална, партиска и полова припадност – ќе пушиме сите. Пушење за национално помирување.

2. Кога државата ќе се сведе на парче хартија, недостигаат уште Слободан Милошевиќ и Фрањо Туџман. Како замислени си седат на маса и цртаат граници. Ги видовте ли на телевизија, со каква леснотија ја студираат картата на Босна и Херцеговина?

Како деца честопати игравме една игра што се викаше "Мое царство". На некое неозеленето парче земја ќе нацртавме круг и ќе го поделевме на неколку дела. Секој дел – мое царство. Потоа од високо фрлавме ноже. На местото на коешто ќе се збрцаше ножето и ќе оставеше траг на земјата, се повлекуваше линија и се откинуваше дел од територијата на туѓото царство. Победуваа тие што ќе го освоеја целиот круг. Со ножето.

Како што ги гледав Милошевиќ и Туѓман на "преговорите" во Женева, секој момент очекував некој од нив да извади ноже, да го збрца во картата на Босна и да извика: "Мое царство!". Ама, тие се фини господа. Не си ги валкаат рацете. Не – со земја.

3. Како резултат од проширувањето на царството, Милошевиќ повторно доби најмногу пратенички места во српскиот парламент. Човек да се запраша, зошто луѓето воопшто организираа избори? Освен ако тоа не беше добра прилика

опозиционите партии да им поделат бесплатно леб на припадниците на небескиот народ, кој трпеливо чекаше во редици среде Белград.

Завчера, на прес-конференција во Скопје, британскиот државен министер во Форин офисот Даглас Фог го скицираше сценариото за укинување на санкциите против Србија и Црна Гора. Прво треба да заврши војната во Босна и Херцеговина и таму да се постигне правичен договор меѓу трите завојувани страни. Потоа треба да се најде решение за УНПА-зоните во Краина, во Хрватска. А потоа санкциите можеби ќе бидат олабавени, ама нема да има вистинска интеграција на Србија во меѓународната заедница, додека не се пронајде решение за Косово и Војводина.

Значи, ќе има шанси за уште многу дарувања на бесплатен леб. Ќе има уште избори на кои жителите на небеското царство ќе го даваат својот глас за Милошевиќ.

4. Европа ги подигна своите односи со Македонија, па дури по неа и Бугарија истрча да отвори амбасада во Скопје. Иако нивните претставници не пропуштаат прилика да кажат дека Бугарија е првата земја што ја призна независноста на нашата држава.

Да не ме разберат погрешно. Не е дека не правам разлика во однесувањето на Бугарија и Албанија кон нас, во однос на однесувањето на Србија и Грција. Ама, некако ми пречи дека за, разлика од воспоставувањето дипломатски односи со европските земји, новинарите не можеа да земат изјави од нивните дипломати заради "тајноста" во Министерството за односи со странство. Кога се случи истото со Бугарија, на телевизијата се појави бугарскиот конзул, со една изјава од типот: "Ние први ве признавме и настојувавме Македонија да ја вклучиме во европските интеграции". Бугарија – една ептен европски интегрирана земја! Па уште зборуваше за доследност на бугарската политика. А долго време не сакаа да отворат конзулат, а не пак амбасада, со уцените за промена на делот од Уставот во кој се споменува македонското национално малцинство во соседните земји. За негирањето на нацијата и да не зборуваме. Тука се навистина доследни.

5. На турнирот во мал фудбал на "Вечер" учествуваше и екипата "Демократска партија". Беше елиминирана уште по првиот натпревар. Вчера требаше да игра подмладокот – "Демократска младина". Не знам како завршил натпреварот. Ама ако загубиле и тие, Петар Гошев треба да се замисли. Почна да губи на сите терени.

# 1994



## КОНСПИРАТИВНА ПАРАНОЈА 29 јануари 1994

### • Фолк фест: "Гоце во нашите бубрези"

1. Како што ние мислиме дека во Германија насекаде тече мед и млеко, така и тие мислат дека ние тука сме најцрн вилает. И така некако се разбираме. Таков впечаток добив по двонеделниот новинарски семинар што го организираше Владата на Северна Рајна Вестфалија.

Веројатно за да ни ја потврдат тезата за медот и млекото во неограничени количества, домаќините нè сместија на краварска фарма. Во "центарот на Западот", како што ја рекламираат својата земја, на два километра од првото село, на десетина километри од градот Зост, што ние нагалено си го викавме Крива Паланка, и на педесетина километри од Дортмунд. Образложението беше дека ние сме дојдени таму да учиме. Само што случајно не сме агроинженери, туку новинари.

Она што најнепријатно ме изненади е тоа што професорите кои ни предаваа, по искуството што во истата таа фарма го имале со новинари од Литванија и Белорусија, мислеа дека ние тука буквално пиеме мастило, штом нè прашуваа дали знаеме дека вестите се пренесуваат сателитски и доаѓаат на компјутери. Накрај, се надевам и тие научија нешто од нас, барем дека не сме од Белорусија, кога веќе сите заедно, без критериум, нè туркаат во бившиот источен блок. Додуша, тие коректно си ја завршија својата работа, па дури и нè жалеа кога видеа каде сме сместени. На пример, за да не бегам од часови, уште наутро, веднаш по станувањето, ѝ пишував порака на собарката да не го отвора прозорецот. Преведувачот ме подучи да не додавам и зошто – дека смрди на кравја белега. Да се зборува за тоа во Германија, не било културно.

Којзнае што им стана на Германците, па накрај заборавија да нè соберат и да нè однесат на аеродром. Кога им се јавивме во централата во Диселдорф, ни рекоа дека тој детаљ го изумиле, па моравме сами да ги вртиме телефоните на локалното превозничко претпријатие. Работата пак ја спасија наши луѓе. Среќа што летавме со "Авиоимпекс". Авионот доцнеше четири часа во поаѓање, па тоа што задоцнивме на аеродром не остави поголеми последици. Освен што нивната претставничка нè искара зошто доцниме, а потоа продолжи со новинарски курс, зашто сме пишувале лошо против македонските авиокомпании. Целата занесена, заборави да ни соопшти дека багажот нема да стигне во Скопје заедно со нас. Дури тука дознавме дека тоа било вообичаена процецура.

2. А во Скопје – СИДА. Работата е толку сериозна што за тоа расправал и еден куќен совет во скопската населба "Кисела Вода". А државата, по самоуправниот принцип уште молчи. Ги чека иницијативите од базата.

А базата – во параноја. Цело Скопје зборува за заразени од вирусот на СИДА. Се споменуваат имиња, кафеани, професии... Полицијата ги водела "сомнителните" на тестирање... И сите се зачудени. Замисли, сидата не ги напаѓала само хомосексуалците, проститутките и наркоманите! Туку и бизнисмени. И полицајци. И новинари. И манекенки. Ауу... Мора да се педери! Особено манекенките.

Кај нас за СИДА се зборува, и тоа официјално, само на 1 декември, на светскиот ден на борбата против оваа болест. И тоа на начин кој сугерира дека тоа се случува некаде далеку и само на луѓе кои "тоа го заслужуваат". За сите овие години државата не само што молчи, туку не најде за потребно да плати една асална медиумска кампања. Парите не се оправдание. И онака сè се краде од Запад, па може да се украде и еден соодветен спот. Тоа барем не би било грев. А Македонската телевизија дури и на 1 декември се срамеше да ја емитува снимката од Париз, кога илјадници луѓе навлекоа џиновски кондом на плоштадот "Конкорд". Целата фама што сега се шири во вид на афера низ Скопје само најпластично покажува како неодговорниот "конспиративен" однос на државата придонесе една крајно сериозна тема да се одметне од контрола и да се завиткува со предрасуди.

Кога ќе дојдеме до ситуацијата, наместо: "Што си во хороскоп", најпопуларно прашање да стане: "Дали си тестиран", ќе може да зборуваме дека и кај нас, конечно, станало јасно дека СИДА-та може да му се случи секому. Колку подоцна тоа се случи, толку поголема е веројатноста дека во Македонија допрва ќе се умира од СИДА.

3. Како што се одвива расправата во Собранието за Законот за попис – и тоа пазарно ориентирана, што ќе рече: Европа вели, прво закон па пари, а ние велиме прво пари, па закон, накрај ќе излезе – ни закон, ни пари.

Извесно е само дека бројот на Албанците ќе биде два милиона.

4. Кога Гоце рекол дека го разбира светот како поле за културен натпревар на народите, сигурно ни накрај памет не му доаѓало дека неговите потомци тоа ќе го сфатат како натпревар на глупоста. Имаме фестивал на родољубива песна: "Гоце фест" и уште еден ист фестивал: "Гоце во нашите срца".

Полето за мегдан сè повеќе се шири. Во напливот на патриотизам и алчноста за собирање на пари, вгодина ќе биде организран фестивал "Гоце во нашите бубрези". Левоориентираната публика ќе ја полни салата на "Гоце во левиот бубрег", а десно ориентираната "Гоце во десниот бубрег". И така Гоце ќе се симнува сè подолу од срцето.

# ИЗВЕСНА ИДНИНА 5 февруари 1994

## • Љубовта со пари не се купува

1. Готово! Баукот на македонското големо "Не" кружи низ светските банкарски институции. Директорите на бордовите на банките паѓаат во очај од невозвратената љубов. Ноќе се будат испотени од кошмарните сништа во кои Македонија им го враќа кредитот што тие сакаат да ѝ го дадат. Името да ѝ го сотрат! Воопшто не се надеваа дека некој ќе им ги процени нивните неискрени намери.

Тие си донесоа одлука. Сега животот може дополнително да им се искомплицира, кога ќе треба да решаваат што со вратените пари. Каде да ги пренасочат? Кого друг да зафркнат?

Ние ништо не губиме. Иднината без пари е сосема извесна. Ќе јадеме корени додека не нѐ признае Грција. Недостигот на буржоаска империјалистичка храна ќе го надополниме со уште еден фестивал на родољубиви ноти: "Името не го даваме, кредити не примаме". Има само една вистина – "Само една Македонија" и "Љубовта со пари не се купува".

Кој вели дека историјата не се повторува? Првин беше: "Туѓото не го сакаме, своето не го даваме". Потоа дојде големото Титово "Не"! А потоа легендарното: "Јешќемо лишќе"!

2. Инаку сосема е исклучена можноста да нѐ прогласат за луди, иако без пари би можеле да нѐ изолираат како во санаториум. Сепак се работи за предизборна трка, што започна девет месеци пред изборите. Можеш да им дадеш на нашите пратеници да расправаат на било која тема, тие од тоа ќе направат предизборен митинг.

Ете, на пример утре нека биде поставено на дневен ред прашањето: "Зошто оваа зима не врне снег"? Има да се изнауживаме од политички говори. Само Андов да не ја ограничи дискусијата на седум минути.

Тоа што времето е многу топло за оваа доба на годината, пратениците од ВМРО-ДПМНЕ ќе го толкуваат како предавство од најдолен вид и чин на квислинштво, затоа што дури и во Грција заврна снег, а кај нас го нема. Веднаш ќе им вратат од СДСМ велејќи им: "Како не ви е срам, ние ја голтаме горката пилула на топлото време за да ви овозможиме да не трошите многу мазут за греење и да заштедиме струја, а вие ни се потсмевате". Бидејќи Македонија е држава на сите граѓани и сите еднакво се заинтересирани за виталните прашања на државата, ќе се јави и пратеничката група на ПДП со поддршка на топлото време, но и со актуализирано барање за федерализација на Македонија со образложение: Ние во западна Македонија си имаме снег.

3. Спасот доаѓа во ликот на Жириновски. Тој упорно нè става во прегратките на Бугарија, ама ете во Црна Гора изјави дека ако Македонија побарала помош од Русија, таа како православна земја ќе ни испратела оружје. Којзнае, можеби ќе биде тоа она оружје за кое Жириновски велеше дека ќе го испита на босанскиот фронт. Тајно оружје што дејствува на нервниот систем. Нашите организми се отпорни на тој вид оружје. Имаме стекнато имунитет. Со гледање на седниците на Парламентот. Така се јакнат нервите. Така што оружјето на Жириновски е нула во споредба со нашите пратеници.

Инаку, рускиот министер за надорешни работи Козирев изјави дека проблемот на Жириновски не е од политичка, туку од медицинска природа. Можеби затоа што токму во тоа време Жириновски беше на посета кај Радован Караџиќ. А Караџиќ е психијатар. После отпатува за Белград да се сретне со Шешељ. Тоа се вика колективна терапија.

И тие имаат извесна иднина. Како и да им заврши политичката кариера, можноста да завршат во санаториум не им бега. Може да се разговара само дали ќе бидат управници, или примероци за испитување.

4. Извесна, светла иднина ги чека и пензионерите. Кој вели дека Владата на Македонија не води сметка за нив? Напротив, таа измисли ефикасен начин како да им го продолжи животот.

Нашите стари живеат ретроактивно. На крај на јануари ја примија минатогодишната ноемвриска пензија. Што значи, сега за нив е декември 1993. Допрва ќе ја чекаат Нова година! Го победија забот на времето. Помлади се за два месеца.

А Владата е во чекор со времето.

5. На барање на публиката Неда Украден ќе пее во Скопје. Некои ѕвезди никогаш не темнеат. Дури и ако пеат за да ги бодрат Аркановите "тигри".

Српската новокомпонирана колонизација продолжува.

# О.П. РАБОТНИЦИ

**12 февруари 1994**

## Американците ќе свират по наши ноти, а ние ќе играме како што ќе ни свират

1. Што ги поврзува Џон Малкович и Бране Димовски? Страста. И "Опасните врски". Малкович страсно ги освојува жените, а Бране уште пострасно му се меша во шемата. Го прекинува филмот "Опасни врски" и со голема воздишка и невидена возбуда, по бланкот од неколку секунди, најавува соопштение од Кабинетот на претседателот Глигоров.

Љубителите на филмот се потресуваат во истиот момент. Мора нешто страшно да се случило, што Бране Димовски, без очила, чита соопштение од Кабинетот на претседателот на Републиката. Кога тоа – нè признала Америка.

После тоа Џон Малкович и Мишел Фајфер можеа на раат да си го довршат филмот.

2. Инаку, преписката меѓу Бил Клинтон и Киро Глигоров не беше толку страсна. Културно и одмерено, двајцата државници си ги разменија добрите намери за соработка. Македонија се обврза дека ќе се однесува светски.

Писмата ги проткајува духот на добрата волја, флексибилноста, почитувањето на територијалниот интегритет, подготвеноста за разговори. Она што не успеаја да го забележат во своите писма е уште една заедничка нишка. Тоа е музиката.

Киро Глигоров во минатото се покажал како композитор. А Бил Клинтон е саксофонист. Двајцата државници ги спојува љубовта кон музиката. Убавата музика не знае за граници. Таа не познава големи и мали држави, големи и мали народи. Можеби "Ленка" убаво звучи во џез стил.

Ете ни шанса, еднаш и Американците да зависат по македонски ноти. А ние ќе играме како што ќе ни свират.

3. Русите и Американците се скараа. Ама не затоа што едните нѐ признаа порано од другите, туку заради Босна.

Во екот на најголемите дискусии во НАТО-пактот, дали да се одобри употреба на воздушни сили против Србите околу Сараево, американскиот претседател Бил Клинтон два дена безуспешно се обидувал да го добие по телефон рускиот претседател Борис Елцин.

Мора да вртел преку скопската централа.

4. Чудо едно колку нашите политичари се разбираат во новинарство. Особено пратениците. Не еднаш ми се случило да ме запрат во ходниците низ Собранието и да ми држат лекција: "Знаеш што, ти го читав текстот, ама не си требало тоа да го ставиш, ти не ја разбираш политиката".

Не водам евиденција колкумина од моите колешки и колеги се однесуваат како тие да ја водат политиката, ами си мислев дека овие новиве, демократски политичари знаат дека поминало времето на новинарите како општествено-политички работници.

Се сеќавам дека кон крајот на СКМ, во времето на Јаков Лазароски, се подготвуваше некој материјал за расправа на ЦК за состојбите во информирањето. После дојде Петар Гошев, ама тој беше зафатен со државни работи, па некаде го затурил материјалот.

Којзнае како истиот материјал сега се најде во Гранд хотел во Скопје. Политичарите зборуваат за новинарството. А новинарите како о.п. работници ги слушаат нивните лекции. Кај нас сѐ уште секој си дозволува да им кажува што е новинарство. Како во времето на ЦК СКМ.

Од извештајот на телевизијата дознав дека биле набележани насоки за натамошно дејствување. Не бев на трибината, па ме интересира дали насоките ќе бидат отпечатени во посебна брошура. Да земам да прочитам, за да знам како да се однесувам во иднина.

5. Среќа што се случи признавањето од страна на Американците, па претседателот Глигоров повторно се појави на почетокот на ТВ дневникот. И порано обично одеше во првите минути, ама откако се качи на Попова Шапка, почнавме да го гледаме и во спортскиот прилог, пред прогнозата за времето.

Телевизијата го следи Глигоров каде и да мрдне. Па го имаме претседателот во кабинет, во посета на градови, во кафеана на пречек на Нова година, на отворање на изложби, па зошто да го немаме на вести како покровител на Шарпланинскиот куп на Попова Шапка. Искрено, си помислив како би било претседателот наместо во спортскиот прилог да се појави на крајот од ТВ дневникот. Да ни каже какво време нè очекува утре.

6. Стабилизационата програма на Бранко Црвенковски почна да ги дава првите резултати. Се појавија фалсификувани денари.

# СОЛУНСКИ ДИРЕК **19 февруари 1994**

## • Милошевиќ претседава со Европската унија

1. Ех, Грција, Грција... Да ја немаше, ќе требаше да ја измислиме. Што убавини ни направи. Што пари испотроши за меѓународна презентација на Македонија во странство. Најважно е што воопшто не мислат да нè заборават, да нè остават сами. Продолжуваат со својата политика на поддршка. Вистински пријатели.

Сè си мислев дека кога нè признаа и Американците, Грците ќе ни го свртат грбот. Демек, ја завршија работата на нашето претставување во светот и сега можат со мирна совест да си се повлечат, да си ги гледаат своите работи. Арно ама, не даваат да нè заборават. Никако. А тоа, мора да се каже, особено се цени од оваа страна на затворената граница.

Еве слушам, Владата направила експертски тим кој ја разгледува новонастанатата ситуација. Во моментов работи на изнаоѓање начин како да изрази благодарност кон Грција, а тоа да не биде сфатено како непријателска пропаганда, непопустливост, територијални претензии и тврдоглавост. Донесен е заклучок сите жени Македонки-домаќинки да направат дома грчка баклава. После да организираат добротворна манифестација. Од средствата собрани од продажбата ќе се финансира обнова на застарениот канцелариски намештај на конзулатот.

Арно ама, првите сигнали од Атина навестуваат дека и грчката баклава е сфатена како крадење на симболите од историското наследство на Грција. Пак ќе си ја земеме бељата. После ќе мора и грчката баклава да се најде на масата на Сајрус Венс.

2. Којзнае колку се радуваше Папандреу кога пред ТВ камерите ја читаше одлуката за блокирање на Македонија и за затворање на конзулатот во Скопје.

Беше лут, ама умираше од среќа. И сигурно цело време на ум го имаше својот идол Милошевиќ. Што би дал да е тој на неговото место. А Грција да биде како Србија. Да не биде членка на ОН, на КЕБС, на Советот на Европа и на Европската унија. Па да си прави што сака. Па да им покаже на скопјаните, да знаат дека по затворањето на дипломатското претставништво и затворањето на границата треба да се подготвуваат за воен напад.

Тоа што Србија не е членка на Европската унија не значи дека Милошевиќ не командува со дванаесетмината. Ете, министерот за надворешни работи на Грција Каролос Папуљас, кој е претседавач на Министерскиот совет на Унијата, беше на консултации и по задача во Белград. Милошевиќ наредува, Грција спроведува.

За волја на вистината, европските земји веднаш го критикуваа потегот на нивниот претседавач, ама тоа не е важно. Што е битно што мислат земјите на Унијата и САД, кога Радован Караџиќ на грчката телевизија ѝ порача на Грција дека нивниот потег кон Македонија ја има неговата целосна поддршка. А богами, во Грција референците на Караџиќ се на цена. Тој е психијатар.

Кај Папандреу се потврдува она: "Зад секој успешен маж стои успешна жена". Што ти се вика да имаш млада жена. Човекот почна да ја враќа историјата station наназад. Само не се знае до каде ќе оди. Дали ќе запре во времето на студената војна и ќе го подигне Берлинскиот ѕид или ќе оди уште поназад, па ќе го гради Кинескиот ѕид. Неговиот ѕид ќе се вика Солунски бедем. Или, уште подобро – Солунски дирек. Има нешто битово во тој израз.

3. Од оваа страна на Дирекот, ситуацијата – редовна. Во еден ден доаѓаат и Руси и Американци. Контролата на летање на скопскиот аеродром има задача така да им ги одобрува летовите за случајно да не се сретнат на пистата.

Специјалниот пратеник на рускиот претседател за кризата во бивша Југославија Виталиј Чуркин пристигна во Скопје да разговара за проширување на економската соработка меѓу двете земји! А секретарот на Армијата на САД Того Вест дојде да види како се чувствувале американските војници во Петровец! Добро се чувствувале.

Сигурно не правеле муабет за војната во Босна. Ни за ултиматумот на НАТО до босанските Срби. Сега, кога ќе ги зајакнеме економските врски со Русија, ќе се создадат можности американските војници да се чувствуваат уште подобро. Што значи, нема пречка да дојдат повеќе. Како добри домаќини, во нашите кафеани ќе им служиме оригинал руска вотка. А тие ќе мешаат со оригинал американска "кока кола". Тој коктел сè повеќе се служи во скопските трендовски кафеани. Воопшто не ми се допаѓа неговото име. Се вика "црна вдовица".

4. Мотото на Либералната партија е "Способните со нас успеваат". Успеваат да се вратат таму од каде што порано си отишле. Како Ристо Иванов, што си даде оставка на местото член на Владата, од морални и принципиелни причини, почитувајќи го Уставот кој не предвидува потпретседателско место. Принципиел-

ното враќање на Иванов било по налог на партијата. На него изгледа не дејствувал спотот на подмладокот на либералите што завршува со слоганот "Да им помогнеме да кажат – Не!"

## ОВАА РЕПУБЛИКА

**26 февруари 1994**

1. Насловот на една позната книга од Маркес е "На полковникот нема кој да му пишува". Кога сме веќе кај пишувањето, претседателот Киро Глигоров деновиве му напиша писмо на грчкиот премиер Андреас Папандреу. Папандреу не му одговори на писмото. Прати усен абер дека не е многу по писмата, преку летачкиот Холанѓанец Ван ден Брук.

Кога некој иден нобеловец како тема за пишување би ги одбрал маките на претседателот во грчко-македонскиот дијалот, во постмодерен стил, на книгата би ѝ дал наслов "На претседателот нема кој да му пишува".

Арно ама, што правиме со насловот на уште една позната книга на Маркес? Се вика "Сто години самотија".

2. А ние се подготвуваме и работиме како сто години да ќе бидеме сами, а како веќе утре да ќе ни дојде повторно Ханс Ван ден Брук. Кога дојде првиот пат, избегнуваше да изусти Македонија, туку викаше Скопје. Кога се врати од Атина, веќе нѐ нарекуваше "Оваа република". Кога ќе дојде трет пат, белким Папандреу ќе напише некое писмо, па Ван ден Брук нема да има потреба да зборува.

3. Казачок се игра покрај оган, вели една стара популарна песна. Русите домаршираа до Пале. По покана на Радован Караџиќ, кој веќе стекна толкав углед во меѓународната заедница што почна самиот да си нарачува која војска сака да му дојде, да му ги чува освоените територии.

Влегувањето на Русите на Пале беше триумфално. Со сливова ракија и цигари. Како да се врати историјата назад. Си мислиш, ова е 1944-та и Црвената армија маршира во Белград.

Белграѓаните еуфорично го прославија враќањето во историјата. Се собраа пред руската амбасада, под мотото "Мајчице Русија, спасиба!" и му ги простија сите гревови на Елцин. Во победничкиот транс заборавија и на Хрватите и на целиот мајтап што го играа со нив, кога овие пееја "Данке Дојчланд". Сигурно и Србите по стапките на Хрватите, по угледот на кафето "Геншер", ќе отворат кафе "Чуркин".

4. Инаку, Русите беа зафатени со одбрана на српските освоени територии, па не успеаја да видат што се случува на македонско-грчката граница. Всушност, гледаа, ама се правеа на удрени. Накрај изјавија дека се шокирани од потегот на Грција. Само им требаше недела дена да се шокираат. Тоа доцнење кај нив е

практика. Особено кога се работи за Македонија. Прво нѐ признаа, па чекаа уште година и пол за да воспостават дипломатски односи. А и сега гледам, претставништвото во Скопје уште не го прекрстиле во амбасада.

Во долготрајниот тек на шокирањето, министерот за надворешни работи на Русија, Андреј Козирев, понуди посредничка улога на Москва во спорот меѓу Скопје и Атина. Неговиот грчки колега Каролос Папуљас ја прифати понудата. Што самото по себе веднаш станува сомнителна работа. Освен ако господинот Сајрус Венс не го преселил своето биро во Москва.

Не е познато дали посредничката мисија на Русија ќе ја опфати идејата на Радован Караџиќ за српско-грчка конфедерација. Што всушност е дамнешна желба на Слободан Милошевиќ. Овој простор помеѓу, каде што живееме, што господинот Ван ден Брук го нарекува мошне прецизно "Оваа република", ќе биде еден од многубројните српски коридори. Српскиот коридор "Оваа република", чијшто главен штаб ќе биде сместен во Кучевиште, ќе биде израз на вековната желба на српскиот народ за излез на море. Тие нема да ги уриваат само рампите кај Табановци, како што се фалеше Вук Драшковиќ, туку и рампите кај Богородица.

За одбрана на коридорот, македонската верзија на Радован Караџиќ – Драгиша Милетиќ, претседател на Демократската партија на Србите во Македонија, ги повикува Русите да му го чуваат Штабот. И да го чуваат голоракиот српски народ од до заби вооружените Македонци. Да дојдат баќушки со каќушки. А Кучевиште да биде Пале. А Скопје – Сараево. Драгиша, инаку според изгледот и однесувањето – реинкарнација на Дража Михајловиќ, ќе мора да се ослободи од Американците. Затоа им порачува дека не им гарантира безбедност.

5. Србите и Грците веќе се здружиле во Австралија и ќе организираат антимакедонски демонстрации. Какви што се, и едните и другите, на крај ќе се истепаат меѓу себе. Едните ќе викаат "Македонија е грчка". Другите – "Македонија е српска". А Македонија е наша.

6. Сите ни се мешаат во работите, ама Албанија претера. Протоколот на Тирана не го сакаше Бекир Жута во нашата делегација. Па претставникот на Албанците од Македонија не беше на приемот кај Сали Бериша. Кога се сретнале министрите Стево Црвенковски и Алфред Серечи, Албанците барале да зборуваат англиски, за да не ги разбере Жута.

Добро е. Како што тргнале, некој ден ќе ни состават и влада.

7. Грците најавија дека ќе го подигнеле ембаргото најрано во ноември. Ќе ги чекаат резултатите од изборите. Сироти. Со ваков парламент и ние самите не знаеме кога ќе имаме избори.

# ХАТА ЈОГА

**5 март 1994**

**• Кога ги разменува дипломатските ноти, Стево Црвенковски достигнува нирвана**

1. Го гледав на телевизија министерот за односи со странство Стево Црвенковски како удобно завален во фотелја цела недела примаше како на лента еден куп дипломати. Има извежбан стил. Лежерен. Веројатно, пригоден за ситуација кога се разменуваат ноти за воспоставување дипломатски односи. Кога разговара ја дига едната нога преку коленото од другата нога. Го прави тоа така, за да може шпицот на чевелот да му го приближи што поблиску до лицето на соговорникот. На тој начин може да се почувствува историскиот момент во односите меѓу двете држави. При размената на нотите повторно се прекрстуваат нозете. Овојпат се префрла другата нога врз првото колено. За повторување на целата процедура обично нема време. Таквите разговори траат кусо.

Штета. Црвенковски беше на пат да ја усоврши техниката кога се сретнаа со јапонскиот дипломат. За жал не успеа двете нозе одеднаш да ги префрли врз двете колена. Така ќе достигнеше нирвана. Затоа сега ќе усовршува хата јога. Врв на опуштеност и релаксација и задоволство ќе доживее кога ќе успее едната нога да ја префрли зад главата, преку вратот. И да ги размени нотите со помош на ножните прсти.

2. Министерот-координатор Ристо Иванов не вежба хата јога, иако има добри предиспозиции. Има можност движењето на ногата да му оди помазно, поради високо истрижената фризура "принц Валијант". Сепак, Иванов изгледаше смирено кога се појави на ТВ дневникот за да се осврне на барањата на стечајните работници. Беше тоа вистински машки настап, откако, најавувајќи го своето враќање во Владата, за "Нова Македонија" изјави дека не сака да биде ни риба ни девојка.

Машки постапи и министерот за социјала Илјаз Сабриу. Им рече на стечајците: "Капитализам е, кој ќе живее, ќе живее" и си замина во Саудиска Арабија. Ги остави луѓето во заблуда. Некој пред тоа им имаше потшепнато дека Македонија според Уставот е и социјална држава. Кој ќе преживее, ќе раскажува.

3. Во капитализмот сите ќе возиме убави коли. Собранието ја намали царината. Иако пратеникот на Социјалистичката партија Бранко Арсовски на говорницата изјавуваше дека "нам не ни требаат коли, тие се луксуз и ни прават само трошоци."

Не знам од каде такво мислење кај овој пратеник. Можеби тој оценил дека во Македонија има многу – магариња.

4. Којзнае, пак, што си мисли Радован Караџиќ кога упорно нѐ повикува да ѝ се придружиме на скратената Југославија. Уште поинтересно е што оваа изјава доаѓа во време кога Радован Караџиќ како вистински државник ги добива сите

почести во Москва. Да договори уште некоја руска единица, како зајакнување. Ете, по истиот урнек како за Сараево, сега си бара руски војници да го "ослободи" тузланскиот аеродром. Заокружувањето на освоените територии продолжува со помош на мајчичка Русија.

Ама сега и Американците не седат со скрстени раце. Решија да направат федерација меѓу Хрватите и Муслиманите. И да испратат војници. Накрај Босна ќе изгледа како Германија по војната. Ќе има источна и западна Босна. А во Сараево ќе изградат ѕид, како во Берлин.

Нам пак дискретно ни нудат, "во одбрана од албанската наезда", да си влеземе во конфедерација со Србија и Грција. Дури ни нудат и руски трупи. А тие обично доаѓаат да бидат тампон зона. Што е многу поприфатлив термин отколку зацементирање на српските освојувања.

5. Американците урнаа над Босна четири воени авиони, ама сите се правеа удрени. Никој не сакаше да признае чии биле авионите.

Другиот ден Србите им забранија на македонските авиокомпании да прелетуваат над нивната територија. Како што не се знаеше чии биле авионите, не знам зошто молчеа нашиве. Да пријавевме дека авионите биле наши, можеби Американците ќе ни платеа отштета.

6. Бидејќи воздушниот простор над Македонија над 7 илјади метри го контролира белградската обласна контрола на летање, ништо чудно Србија да забрани летање и над нашата територија. Зашто, ако некој авион полета од Скопје и слета во Охрид, а во меѓувреме ги надмине "суверените" 7 илјади метри, авиокомпанијата мора да му плати на – Белград!

7. Грците ни ги враќаат и писмата. Во скопската "Пошта 2" имало многу вратени писма, на кои пушувало Република Македонија, а биле адресирани до Грција. Меѓу нив била и божиќната и новогодишната честитка на премиерот Бранко Црвенковски до министерот за надворешни работи Каролос Папуљас.

Што ти е младост и неискуство. Бранко треба да учи од Глигоров. Тој не ја користи поштата. Кога сака да му пише на некого во Грција, го повикува Ван ден Брук.

Не би било лошо холандскиот дипломат да дојде во Скопје некаде пред Велигден.

## БАЛКАН АВСТРАЛИЈА 12 март 1994

### • Сајрус Венс ја спасува Австралија

1. Министерот Стево Црвенковски се врати во земјата. Илегално. Не јавија дури ни грчките медиуми. Додека на државната телевизија одеше вест дека министерот ќе ги продолжи разговорите со Сајрус Венс во Женева и во петок претплад-

не, неговото авионче некаде околу 22 часот во четвртокот слета на скопскиот аеродром.

Полицајците на аеродромот биле известени дека министерот не сакал да го чекаат новинари. Дежурната службеничка во Министерството за односи со странство имаше очигледно тешка задача да одговори на бројните телефонски повици од редакциите, па даваше и вакви одговори: "Немаме никаква информација, а кога ќе добиеме информација, не знам дали ќе имаме информација". Среќа, контролата на летањето имаше информација, па новинарите вршејќи си ја својата работа се нацртаа на аеродромот да го пречекаат министерот за чиишто активности ние во Македонија дознаваме од грчки извори. Арно ама, полицијата исто така си ја вршеше својата работа. Не само што не смееше да се излезе на платформата, туку не смееше да се вклучат ни камерите преку заштитната ограда. За секој случај, авиончето по слетувањето отиде право кај хангарот. Министерот заврши во хангар. Од таму – директно во кола. Единствениот можен начин да се земеше изјава беше да се легне на патот. Па ако ги испогазеа новинарите, тоа ќе беа првите жртви на македонската дипломатија.

Обично, кога некој се маскира, става темни очила за сонце и пушта брада и мустаци. Како ќе се маскира Црвенковски за следното патување во странство? Можеби ќе се избричи и ќе се стави на третман на "Силуете". Така маскиран нема да има потреба да се крие. А новинарите попусто ќе го чекаат во аеродромскиот хангар.

2. Добро е што Сајрус Венс се труди да го обнови дијалогот меѓу Македонија и Грција. Тоа е особено добро за Австралија. Крајно време е да ги спаси Австралијанците од ужасите на една балканска војна.

Инаку, ние како мирољубив народ ги пуштаме другите да се тепаат за нас. И фала му на господа, за прв пат во историјата се случува војната за нас да се води далеку од нашата територија. Ете, во Австралија на фудбалски натпревар се степале навивачи од хрватско и грчко потекло. Играле клубови на хрватски и грчки иселеници. Грците мавтале со српски знамиња и скандирале "Србија, Србија"!. А Хрватите викале: "Македонија!" и вееле македонски знамиња.

Еј, колку бил далеку Балканот од нас. Дури во Австралија.

3. Слушам, австралиската влада по конструктивните терористички предлози од страна на грчката заедница решила да ги заостри отпорано поставените услови за воспоставување дипломатски односи со Македонија. Покрај тоа што на нашето конзуларно претставништво треба да си го залепиме глупавото име "БЈРМ" и да не го вееме сопственото знаме, наскоро ќе ни поставеле уште некој услов. Претпоставувам дека, за да отвориме дипломатско претставништво во Канбера, ќе треба да ја изградиме зградата од дрво и пластика. Тоа е најлесно запалив материјал. Нема смисла да им правиме проблеми на Грците да се обидуваат неколку пати да нè палат. Не би било во духот на мултиетничка Австралија една етничка заедница да ѝ го комплицира животот на друга. Па макар и најкомпликуваната работа на лојалните австралиски граѓани да е изработка на молотови коктели.

4. Грчкиот министер за надворешни работи Каролос Папуљас веднаш по средбата со Сајрус Венс отпатува да му даде отчет на својот газда во Белград. Милошевиќ бил многу заинтересиран како ќе се реши спорот меѓу Скопје и Атина. Само што имал забелешка дека во решавањето на балканските прашања се мешале сили надвор од Балканот.

Е, баш би било интересно кога небалканските сили би ги оставиле балканските да го решаваат проблемот со Македонија. Имаме пример како балканските сили ја решија Босна. Со такви насилници како што се Грција и Србија проблемот со Македонија ќе беше успешно решен. Немаше да постои.

Ете, пред некој ден Шешељ во сојузниот парламент во Белград, реагирајќи на критиките на некои пратеници дека новиот кандидат за гувернер на нивната народна банка бил роден во Скопје, а не чини што на главни места во државата се поставуваат луѓе родени надвор од Србија, лидерот на српските радикали рекол: "Не е точно дека Скопје не е во Србија, туку е само привремено надвор од Србија. Меѓутоа, зарем ние Србите ќе се помириме со тоа Скопје да остане надвор од Србија!?".

Милошевиќ има право да биде заинтересиран како ќе се реши спорот Атина – Скопје. Избира терен каде ќе изгради нов сараевски ѕид.

5. Што запнале толку Грците да го менуваме членот на Уставот во кој се предвидува грижа за Македонците во соседните земји? Па, нели во Грција не постои македонско национално малцинство!?

## ГРЧКА БЛОКАДА

**19 март 1994**

### • До пред извесно време мислев дека во Германија се зборува германски

Да беше грчкиот премиер Папандреу во Бон во исто време кога таму престојуваше претседателот Глигоров, мислам дека ќе умреше од завист. Толку грчки новинари, колку што ја следеа посетата на Глигоров на Германија, Папандреу може да посака на било кое свое патување. Претседателот на Македонија во Бон беше комплетно покриен. И верувам за неговиот престој повеќе јавувале грчките медиуми отколку македонските.

До пред неколку дена си мислев дека во Бон се зборува германски. Ама тој јазик не можеше да дојде до израз од грчката навалица на новинари. Глигоров во хотел, Грците на рецепција. Глигоров во амбасада, Грците на улица пред амбасадата. Глигоров во ресторан, Грците во бар. Глигоров во соба, Грците пред лифт. И – обично добро распоредени. Две-три камери тука, две-три камери таму. Дежураат цело време. Се прозеваат на фотељите пред рецепција. Откако пристигна Глигоров во Германија, останаа ненаспани.

2. Овие грчки новинари во Германија се божем поинакви од оние што секогаш доаѓаат кај нас. Веднаш ти приоѓаат како на колега и ти се претставуваат дека тие се Грци, ама со германски поглед на свет. Значи – шашливи. Едното око на Балканот, а другото во Европа. Ако погледот не им се допаѓа, веднаш го вртат едното око кон Русија. А со другото фаќаат на кај Америка.

По толку шашливо гледање наоколу, толку се збунети што дури и кога ќе им успее да се истепаат со момчињата од безбедноста и да му го подметнат микрофонот на Глигоров пред лице, единственото прашање што им паѓа на ум е: Што ќе попуштите за да ви го укинат ембаргото? Во друга прилика ќе прашаат: Дали ќе попуштите за да ви го укинат ембаргото? И така истото прашање во неколку варијанти.

3. Доаѓа Ван ден Брук. Тајно. Глигоров си замислил да му даде вечера во неговиот апартман. Менаџерот на хотелот вели: Не може – ќе се олади храната. Добро – ќе вечераат во ресторанот. А пред хотелот – две грчки ТВ екипи. Во текот на ноќта доаѓаат и други. Да ја снимаат тајната вечера. За која веќе знае цела Грција.

Дремат тие, дремеме ние. Излегува Ван ден Брук и без да се сврти трча преку вратата. И сите новинари по него. А вратата кружна. А екипите – врзани. Па се плеткаат, светла, микрофони, камери, кабли... Има сопнувања, паѓања, викања. Ќе отидеа за малку и вратата и главите.

Потоа ние македонските новинари се занимававме со истражувачко новинарство. И откривме дека менаџерот на хотелот бил Грк. Па и дека келнерот што им служел храна на реверот носел плочка со име Јоанис. После ни станаа сомнителни сите хотелски гости. До доцна по полноќ седевме спроти тројца недефинирани кои зборуваа те на англиски, те на германски. Си викаме – и овие мора да се Грци.

4. И така почнавме редовно да ги сонуваме. Ноќта кога пристигна Ван ден Брук имаше големо невреме. Врнеше и грмеше. Преведувачката на Претседателот изутрината раскажуваше дека кога во еден момент светнала молња, таа се извадила од памет. Си помислила дека некој Грк се качил на дрво и преку прозорец ги слика што вечераат.

5. Еднаш измисливме начин како да го скратиме времето. Чекавме Претседателот да заврши еден важен разговор. Средбата беше на првиот кат. А грчките екипи, со сите можни реквизити поставени веднаш наспроти скалите, подготвени да снимаат. Направивме совршен план. Еден од нас ќе се качи со лифт до првиот кат. По пет минути ќе слезе по скали. Штом ќе зачекори на скалите веднаш се палат светлата и камерите. Лажна тревога, ама се чувствуваш како ТВ ѕвезда. По пет минути друг влегува во лифтот. Па ќе се појави на скалите и пак се палат сите рефлектори. Така сите по еднаш се изредивме. Среќа што бевме малкумина. Да бевме колку што беа Грците, не верувам дека ќе останеа непрегорени и камерите и светлата.

6. На прес-конференцијата во Меѓународниот прес-центар во Бон, само еден германски новинар успеа да постави прашање. Другите не можеа да се натпреваруваат со Грците. Затоа на крајот Глигоров особено им се заблагодари на грчките новинари што дојдоа во толкав број и им рече дека би му било многу драго ако и македонските новинари можат да одат на прес-конференција во Грција.

Арно ама, на колегите што си направија грчка прес-конференција не им беше доволно, па го нападнаа Глигоров во ходник. Човекот се извлече некако (сепак сме држава па околу него има телохранители), ама настрада советничката за печат. Кога почна веќе да се гуши, немаше каде, па за да се спаси на помош ја повикуваше новинарската етика. Им рече: "Во име на новинарството не вршете притисок врз мене, туку направите притисок кај вас барем еден наш новинар да може да влезе во Грција".

7. На стотина метри од хотелот во еден италијански ресторан се запознавме со готвачот – Албанец од Македонија. Момчето е од Дебар, со нас зборуваше македонски, со германски акцент. Само што си направивме нашински муабет, на другата маса седнаа – Грци. Ете, среде Бон, во германски ресторан, со италијанска храна во исто време заедничките интереси си ги пронајдоа и Албанец, и Македонци, и Грци.

А Глигоров за цело време на посетата зборуваше за потребата од европеизација на Балканот.

## ЧУДО 103 — 26 март 1994

### • Зошто Милан Кучан и Јанез Дрновшек не допатуваа во Скопје?

1. Првопласираните двајца од тројцата кандидати од изборната единица 103 во скопската населба Кисела Вода што влегуваат во вториот круг имаат некаква врска со спортот. Зоре Темелковски–Меги бил кошаркар, а татко му на Зоран Синдилиев бил фудбалер. Тоа самото по себе зборува дека луѓето се разбираат од спортска фер борба. Освен ако тоа што Меги на времето му го скршил носот на Киќановиќ не му се припише како грев на младоста.

Така и предизборната кампања во скопската населба се претвори во интересна спортска борба. Повеќебој. Мавање со шипки. Бркање со автомобили. Трчање по лепење плакати. Главно мирољубиви средства, во согласност со темпераментот на нашиот народ.

Кисела Вода е далеку од Мексико. Таму го убија најсериозниот претседателски кандидат. Актуелниот претседател веднаш прогласи ден на жалост. Гледајќи ја вжештеноста на нашите партиски навивачи само за едно пратеничко место, кое има неколку месечен рок на траење, можам само да си замислам какви

дисциплини ќе бидат измислени кога наесен ќе се избира цел парламент, и тоа за четири години. Нема белким половина година да ни помине во ден на жалост.

2. За да преживееме до избори, повторно нè посети Сорос. И ни донесе четири милиони долари. Арно ама, давајќи ни го подарокот, на прес-конференцијата не пропушти пред претседателот Глигоров да ни ја искритикува дипломатијата и да нè искара дека не знаеме да водиме пропаганда кон светот.

Глигоров не губеше време и веднаш седна, додека не му имаше поминато лутината, му напиша писмо на Жак Делор. Нашиот претседател бил изненаден што Европската унија не преземала ништо против Грција. Ни давала само вербална поддршка.

Белким не заборави Глигоров колку мастило и хартија испотроши во изминатите две години пишувајќи ѝ на истата таа Европа која постојано вербално нè тешеше, а ѝ одеше по ќеифот на Грција. Како што ми се чини, и сега ќе треба раката да го здоболи од пишување пред да собере сили, па како што му се заканува на Делор, да ја стави Грција пред Советот за безбедност во ОН.

Денес и утре има министерски совет на ЕУ во грчкиот град Јанина. Грција како претседавач ќе го поставела сопственото ембарго пред министрите за надворешни работи на земјите-членки на Унијата. Кои сите, куртоазно, ги сфаќаат политичките мотиви на Грција за ембаргото, ама не го сметаат за правно втемелено.

Исто беше и со Бадинтеровиот извештај. Правно немаа пречки да нè признаат, ама ја почитуваа политичката сила на Грција. Што е во рамките на основната ориентација на Унијата, втемелена на принципите на правото.

Има една влашка песна – љубовна, ама многу тажна. Велат, најтажна влашка песна. Нешто се сакале двајца млади, па момчето отишло во Јанина, па девојката му пее, "Јанина, село на арамии, ми го убија моето либе". Не се сеќавам дали пред две години имаше некоја песна за Лисабон? Не сакам да бидам пророк, ама се плашам кога за нас се одлучува во јужни краишта. Зовриваат главите на студените Европејци. Па се прилагодуваат на мислењето на јужните таканаречени Европејци. Сепак подобро ни оди на север. Можеби во Њујорк.

3. Во Скопје првокласен државен настан беше фудбалскиот натпревар меѓу репрезентациите на Македонија и Словенија. Натпреварот беше толку важен, што претходниот ден кога ги испробуваа рефлекторите на Градскиот стадион, цело Скопје, без предградијата, остана без струја. Другиот ден на трибините дојдоа и претседателот Глигоров и премиерот Црвенковски, во придружба на нашиот амбасадор во Љубљана и нивниот амбасадор во Скопје. Недостасуваа уште Милан Кучан и Јанез Дрновшек. Не знаеле која компанија тој ден имала дозвола да слета на скопскиот аеродром.

Инаку, поради доцнење на авионот, и селекторот на Данска – фудбалски европски првак, не пристигна на време да ги види двата гола. Имаше среќа што натпреварот не беше закажан претходниот ден кога Владата си играше ШАХ-МАТ со компаниите. Вака успеа да види дел од натпреварот и се стресе кога

виде каква фудбалска велесила ја очекува неговата репрезентација кога во септември ќе допатува во Скопје.

За да ја зезне Владата, "Палер" наскоро воведува редовна линија за Копенхаген. Не би имало логика Бранко во исто време да седи на трибините и да чека натпреварот да започне, а Данците не можат да слетаат. Како што му се случи на министерот Владо Поповски, кој ја чекаше воената делегација од Истанбул. И како што немаше никаква логика нашето Министерство за надворешни работи да им дава конзуларна заштита на заробените патници на аеродромите во Амстердам и Франкфурт. Од кого ги штитеше? Од одлуката на сопствената држава!?

4. Заштита му треба и на првиот полицаец Љубомир Фрчковски. Се жалеше на телевизија дека е опкружен со аматери. Па не знае како да се пресмета со нив кога тие јавно обелоденуваат дека има корумпираност во власта. А власта не знае што попрво да направи со парите што деновиве пристигнуваат од сите страни.

Фрчковски не се бори само со аматерите во сопственото министерство, туку мора да оди и на општински собранија, небаре тетовските одборници побарале интерпелација од него и од министерот Туше Гошев, зашто уапсил шверцери на оружје. Како почнаа тетовчани да се однесуваат како парламент на држава, ништо чудно утре-задутре да побараат објаснување и од Киро Глигоров. И бидејќи и ги третираат како да се паралелен парламент, ништо чудно Глигоров и да се појави таму. И онака одамна не сме го виделе во западна Македонија.

## СОЛУНМЕСТАН 2 април 1994

### • Американски ласерски нишани за скопските ловции

1. Грците и Србите толку се добри и блиски пријатели, така што повеќе не може да се прави разлика меѓу нив. Гледајќи ја атмосферата на вчерашниот митинг во Солун, сликите се враќаат неколку години наназад, во 1989-та, на сесрпскиот митинг на Газиместан. Тогаш главниот говорник, српскиот претседател Слободан Милошевиќ, на светот му ги најави своите освојувачки походи, извикувајќи пред милионската маѓепсана маса дека сите битки се дозволени, па дури и оние вооружените.

Пет години подоцна, во слична карневалска атмосфера, пред милиони маѓепсани Грци, градоначалникот на Солун Константин Космопулос порачува дека претстои борба за иднината и мирот и се заканува дека "доколку сакаат да си играат со сила, сите сме тука и ние сме сила".

Милошевиќ на Газиместан ѝ држеше проповед на Европа, дека таа е неблагодарна затоа што не го цени тоа што Србите со битката на Косово ја спасиле западната цивилизација од продорот на исламот. Космопулос пак ги прашува

своите партнери од Европската унија како се осмелуваат да бараат нешто од нив, кога тие им ја подариле цивилизацијата.

И во времето на Газиместан и завчера во Солун не работеа фабриките, училиштата и продавниците. Јавниот превоз ги превезувал митингашите без пари. Педесет градови биле целосно замрени бидејќи нивните жители биле на митинг во Солун. Екстремни групи викале: "На оружје, на оружје – сè до Скопје!" и барале заедничка граница со Србија. Местото каде што двете војски би се сретнале ќе го наречат "Солунместан".

2. Папандреу и покрај заканите дека Европската комисија ќе ја даде неговата земја на суд, поради спроведувањето на ембаргото кон Македонија, нема намера да попушти. Грција е подготвена да се појави на обвинителна клупа. За судењето веќе се ангажирани двајца адвокати од Њујорк. Сајрус Венс и Метју Нимиц.

Во биографијата на пратеникот на американскиот претседател стои дека неговата 16-годишна ќерка се вика Александра. Се очекува официјална Атина да побара од Миниц да ѝ го смени името на ќерката, бидејќи тоа име им припаѓа само на Грците. Ние како по обичај мудро ќе си молчиме.

3. Српскиот печат повторно нè жали. Овој пат затоа што Турција решила да ни даде пари да ја изградиме пругата до Бугарија. "Вечерње новости" откриваат дека со таа пруга ќе изгубила најмногу Македонија. И целиот проект го гледа од воено безбедносен аспект. Демек, турската војска со пругата ќе можела да се приближи до Косово.

Не мислат белким Србите дека Турците ако сакаат да се префрлуваат повторно да ги напаѓаат, ќе користат воз, и тоа по сè изгледа многу спор, бидејќи за брзи пруги нема пари. Или пак мислат дека ова е уште времето на Газиместан, па аскерот ќе дојде на коњица. А пругата ќе треба само да им го покажува правецот.

Ние сериозно се зафативме со проектот. Властите ветуваат дека ќе ја изградат пругата за година дена. Почнаа да се појавуваат идеи и за доброволна работа на трасата. Сите по еден праг и копач во рака и – ќе ги стресеме и Србите и Грците. "Ние ја градиме пругата, пругата нè гради нас!"

Меѓутоа, како што ја градиме Караѓорѓева улица во Скопје (едно петстотини метри што треба да ја поврзат населбата Аеродром со Центарот) цели две години, не верувам дека Србите ќе имаат прилика за една година да одиграат реванш-натпревар со Турците на Газиместан на коридорот Исток – Запад.

4. До тогаш и ние ќе ја оспособиме нашата армија. Џон Шаликашвили му ветил на министерот Владо Поповски дека Американците ќе ни помогнат да ги устроиме нашите вооружени сили според стандардите на НАТО.

За да биде министерот уште поубедлив во прикажувањето на степенот на опременост на АРМ, Шаликашвили имаше чест прв да ја види современата комитска униформа на нашите момци.

Од строго доверливи разузнавачки извори дознавме дека трансформацијата кон стандардите за приклучување на проектот "Партнерство за мир" ќе започне

со нашето најпознато убиствено оружје. За да се оствари компатибилност на црешовото топче со глобалниот систем на одбрана на НАТО, во иднина ќе се произведува под името "ЛИТЛ ШЕРИ ГАН".

5. Во меѓувреме, ловџиите од Скопје ќе организираат вежба: "Силите во одбрана и заштита од кучињата и мачките". Вчера започна отстрелот на кучињата и малечките скитници. Ловџиите во текот на следните два месеца навечер по 11 часот ќе патролираат со малокалибарски пушки берданки на рамо по скопските улици.

Првата конкретна помош од САД ќе бидат ласерските нишани за ноќно гаѓање. Бидејќи во Скопје младите главно излегуваат по 11 часот, не е на одмет да бидат претпазливи, нека не се движат блиску до контејнерите за ѓубре.

## АЛА КОКОРАЧА — 9 април 1994

### • Папандреу поставува четврти услов за подигање на ембаргото

1. Зошто водителите на ТВ дуелот меѓу Никола Поповски од СДСМ и Александар Тортевски од ДП, на приватната ТВ станица "А1", инсистираа на терминот: "фрлена ракавица за двобој"? Демек, лидерот на Демократската партија Петар Гошев им фрлил ракавица на коалиционите партнери, а овие ја прифатиле и така излегоа на двобој.

Подобро ќе беше ракавиците ич да не ги фрлаа. Да си ги оставеа на рацете. Похигиенски е. Од толку валканици, колку што извадија пред скопското ТВ гледалиште, чудо како не се пренесе некоја зараза.

Инаку, емисијата беше полн погодок. Само го утнаа терминот. Можеа да ја уфрлат во термин за забавна програма. Ла Кокорача. Бидејќи во суштина сè се сведе на она: "Јас сум валкан, ама и ти си валкан", или, ако сакате: "Јас сум расипан, а ти си шармантно расипан". ТВ дуелот меѓу младите Поповски и Тортевски дојде како одлична забава за народот. Мелем за душата. Сакаш навиваш за едниот, сакаш за другиот. И само слушај – за коли, за шверц, за општествени станови, за фри шопови, за нелегален увоз...

Ми недостигаше уште да дознаам кој број чорапи носи Гошев и дали Црвенковски употребува турски шампони. И тука некаде кога дојде полноќ, требаше водителите да се сетат, па да ја свртат темата на – секс. Навистина имаше разголување и пред полноќ, ама не ќе беше лошо да слушневме нешто и за сексуалниот живот на лидерите. Вака ништо не дознавме.

Нејсе. До есен има време да се подготват и телевизијата и предизвикувачите на двобој. Ќе се избираат 140 пратеници. Забава – колку сакаш. На народот му треба леб и – циркус.

2. Победникот во "стотројката" во Кисела Вода победи и затоа што го поддржувал претседателот Глигоров и неговата политика. Во фамозниот леток што беше повод за двобојот на избирачите им се сугерира дека гласајќи за Зоре Темелковски гласаат за Киро Глигоров.

Настрана што со името на шефот на државата се манипулира во пропагандни летоци што завршуваат во поштенските сандачиња. Настрана и тоа што мислев дека претседателот е претседател на сите граѓани, а не само на гласачите на една партија. И конечно, со овој потег не му се наштетува само на имиџот на претседателот, туку и на рејтингот на тие што го смислиле. Белким коалицијата има некоја друга програма со која треба да освои гласови. Вака излегува дека клучното програмско прашање е: Дали си за Глигоров или не? А на избирачите им се нуди најлесно решение: нема вие што да мислите. Глигоров мисли и за вас.

3. Кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ Бранислав Синадиновски, инаку министер за надворешни работи во сенка, изгледа падна во сенка и во својата партија. Како високо интелектуален човек (нели има напишано многу книги за угнетените и обесправените, како што се претставуваше во предизборната кампања), во улога на солунски гемиџија, изјави дека "ниту една недемократска власт во било која држава во светот не може да биде урната по демократски пат". Потоа партискиот лидер Љупчо Георгиевски се огради од неговата изјава, а и од соопштението што во отсуство на Георгиевски којзнае кој го напишал.

Како бивш југословенски дипломат, Синадиновски се занимаваше со проблемите на Палестинците. Затоа, погрешно е дека тој ни нудел "романско сценарио за ноемвриските избори". Нему изгледа книгите што си ги напишал му служат како прирачник за однесување. По угледот на Јасер Арафат, од Синадиновски треба да очекуваме – интифада.

4. Грција изгледа нема намера да го подигне ембаргото до изборите. Сака да го урне "непопустливиот" Глигоров. На таа тема во Скопје веќе се појави нов виц:

Покрај трите услови за подигање на ембаргото, Грција го заострува ставот и сега поставува четврти услов. Папандреу бара и претседателот Глигоров да си го смени името. Наместо КИРО да се вика – ГИРО.

5. Атина повторно во паника. Кога ги гледаш, слушаш или читаш нашите вести, просто жал да те фати за кутрите Грци. Ќе ги даделе на суд.

Според досегашното богато искуство, сè ми се чини дека пак ние ќе го јадеме стапот. Постојано кога Атина е во паника, од Лисабон па до денес, европските дванаесетмина, кога ќе ги видат исплашени своите пријатели, ни го сместуваат нам.

Ете, Грција ја изведуваат пред судот во Луксембург, а од нас бараат да покажеме флексибилност за знамето, Уставот, па – ајде и името. Нешто во стилот, не си виновен, ама попушти. Затоа што насилникот што го изведуваат пред суд им е пријател.

А и Грција изјавува дека одлуката на судот нема да биде обврзувачка за неа. Таа ќе си тера по свое. Од што се гледа дека Европската унија има цврста правна основа.

Повеќе обврски и правила треба да почитуваат членови на некој бриџ клуб, отколку членовите на Европската унија. Тие барем имаат членски карти и плаќаат членарина, а не земаат пари од клубот.

6. Кој вели дека Европската комисија е толку против нас? Знаете ли зошто ја одложи тужбата против Грција за 13 април? Чека да заврши штрајкот на македонските адвокати.

## ЈАПОНСКИ КОМУНИСТИ

**16 април 1994**

### • Бутрос Гали ја проучува историјата на Отоманската империја

1. Камо среќа и нас да нè дадеа на суд, како што ѝ направи Европската комисија на Грција. Тоа не е само добра пропаганда и привилегија, туку носело и конкретна материјална корист.

Уште додека одлуката на Комисијата беше во фаза на замрзнатост, министрите за финансии на Европската унија ѝ доделија на Грција пари за обнова на телекомуникационите системи. Додуша, претседателот на Комисијата Жак Делор во знак на протест не отпатува за Атина, на тој состанок, ама парите сигурно ќе отпатуваат.

И Американците го поддржаа ставот на строгата, но правична Европска унија да ѝ суди на грешната членка. Ама, тоа нема врска со одлуката на Пентагон да предложи продажба на оружје за Грција. Се работи за ракети "воздух – воздух". Грците и онака им се воодушевуваат на Србите. А тие, нели се небески народ. Па затоа и Атина реши да прејде на небески тероризам. Сувоземното упаѓање на туѓи држави и убивањето туѓи војници е демоде. Тоа поминува само во заостанатите земји како што е Албанија. А на светот ќе му се продаваат пуфки. Ќе влезеш во албанска касарна, ќе им отепаш двајца војници и на прес-конференцијата ќе изјавиш дека тоа било провокација на Тирана. Кога само ќе ми текне колку изјави на Глигоров официјална Атина ги окарактеризира како провокација на Скопје, може само да се замисли што сè би ни направиле како одговор на провокациите. Среќа што сè уште се членки на НАТО и на Европската унија. Инаку одамна ќе ја свршеа работата, заедно со Србите.

2. Ете, министерот за одбрана на Грција Герасимос Арсенис се навредил дека НАТО не го консултирал пред да му ги бомбардира пријателите што направија кланица низ Босна и Херцеговина. Вака човекот немал време да ги предупреди. Да ја тргнат српската "нејач" од тенковите што го бомбардираат Горажде.

Јас да сум на место на Србите, би му се налутил на грчкиот министер. Божем браќа, браќа, а тој не им ги знае датумите од трагичната историја. Педантните новинари на српските гласила забележаа дека авионите на НАТО ги бомбардираа босанските Срби околу Горажде на 10 април. А тоа е датумот кога во 1941 година била создадена Независна Држава Хрватска на усташот Павелиќ. Грција како членка на НАТО би морала да знае дека таа организација има геноцидни идеи и дека едноставно 10 април е вистинскиот ден за започнување на нов геноцид врз голоракиот српски народ во тенковите.

Грците треба да се замислат. По овој пропуст, во нивното образование за херојската историја на браќата нека си го обноват материјалот од пред неколку стотици години. Карајќи се со нас, се збудалија, се вратија пред 2 илјади години, а заборавија на поновата историја. Нека погледаат кога Турците прв пат стапнале на Балканот. Којзнае, можеби Бутрос Гали ќе им одобри на турските сили во УНПРОФОР токму на тој ден да пристигнат во Босна. Паранојата нема граници.

3. Државата конечно се освести и од пред некој ден реши да ни ја ограничи ваквата хумористично-забавна српска литература. МВР реши кон весниците од Србија да се однесува како и кон весниците од сите други држави, па воведе процедура за нивни увоз.

Требаше на нашите киосци да се појави детскиот стрип за четничкиот генерал Дража Михајловиќ и по тој повод на Телевизијата "А1" помошникот министер за информирање Мира Јанковска да укаже на неможноста на ова министерство да го контролира печатениот материјал од бившите југословенски републики, па некој во државата да се сети дека Србија веќе повеќе од две години е во странство.

По повеќегодишната военохушкачка и непријателска пропаганда што повеќето српски весници ја ширеа и низ Македонија без никакво ограничување, ова сега му доаѓа само како мало проветрување на воздухот. Но, информативниот простор на БЈРМ, како што, веројатно од милост, нè нарекува поголем дел од српскиот печат, останува и натаму загаден.

4. Еве пред некој ден во нашата редакција пристигна соопштение од некое Ново комунистичко движење на Македонија, во кое на литературен македонски јазик се бара "сите страни воени сили под застава на УНПРОФОР" да ја напуштат Македонија, зашто тоа било спротивно на Уставот според кој независноста и суверенитетот ги брани АРМ. Доколку тоа не го направат, оваа партија бара наместо нови 400 американски војници да дојделе исто толку, ама од Русија, Северна Кореја, Кина или Јапонија.

Ова со Јапонија мора да е некоја грешка. Освен ако далечноисточната земја нема некои силни комунистички традиции. Или пак се мисли, таму сега владата е во криза, можеби јапонските комунисти ќе изведат револуција. Или пак Јапонија е избрана затоа што таа ѝ е најголем трговски непријател на Америка.

Не ми е јасно, зошто толку сложена процедура? Наместо да губиме време со сите овие војски, зошто новите комунисти едноставно веднаш не ја повикаат војската на Југославија?

5. Министерството за односи со странство даде објаснување дека непотпишувањето на протоколите за соработка меѓу минитерствата за образование на Македонија и Бугарија, односно неуспешната посета на бугарскиот министер на Скопје, не е никаков скандал.

Министерот Марко Тодоров по враќањето во Бугарија изјави дека не постои македонски јазик и дека официјалниот јазик на Македонија е дијалект на бугарскиот јазик.

Не станува збор за никаков скандал. Едноставно, во Владата на Бугарија седат луѓе на кои, и покрај сите "пријателски" чувства кон Македонија и божем изменетиот поглед на светот, не треба да им се верува.

## РАСИПАН ТЕЛЕФОН

**23 април 1994**

### • Фестивалот "Цветници" на Уставен суд

1. Кој рано рани – останува ненаспан. Нашиот амбасадор во ОН Денко Малески сигурно цел ден беше мамурен откако претседателот на Собранието Стојан Андов му се јави во време кога Њујорк уште дебело спие, за да си го честитаат воспоставувањето директни телефонски врски меѓу САД и Македонија.

На свеченоста по повод пуштањето на сателитската станица уште еднаш беше потврдена нашата ориентација за изградба на тесни врски со Американците. Во кусиот телефонски разговор на тема "Да не те разбудивме случајно во шест саат сабајле?", претседателот Андов во една реченица ја отслика актуелната глобална политика на македонската држава: "Одиме напред, заедно со Америка!"

Амбасадорот Малески на ова остана без збор. Тој знае дека ние одиме дури и понапред од оние преку Атлантикот. Со времето. Шест часа сме пред нив.

Штета што министерот за односи со странство Стево Црвенковски не е ранобудник. Инаку Андов ќе можеше да се слушне и со него. Којзнае, можеби така полурасонет ќе ни раскажеше нешто за разговорите со Венс. Сега барем имаме директна врска со Њујорк. Не мора да одиме преку Атина.

2. На разговорот се радуваше и директорот на ПТТ Иван Гиновски. Врската меѓу ПТТ и АТТ е уште една можност директорот да се пофали дека поштата успеала да ја поврзе Македонија со светот.

Нашата пошта е предодредена само за големи успеси. И за разговори помеѓу политичари на големи растојанија. Затоа во Скопје не може да се телефонира ни до соседната улица. А да не зборуваме за некоја пооддалечена населба или, не дај боже, некој град во внатрешноста. На пример, дали поштата ќе смета за свој голем успех ако на некој што ќе умре, затоа што нема да може да повика Брза помош поради блокираните линии, му ги исплати барем трошоците за погреб.

3. Којзнае, можеби тој ден и Андов безуспешно се обидуваше од Драчево да му телефонира на Киро Поповски за да му каже како да ја прекине седницата на Собранието. Таму си играа расипан телефон. Па Мухамед Халили, за да ѝ даде конструктивен тек на расправата, си се појави на говорницата и му ги покри микрофоните на Тодор Петров. Па сега покрај расипани телефони ќе имаме и расипани микрофони. Сите зборуваат. А никој никого не слуша.

4. Можеби е подобро што е така, зашто, не дај боже, судиите од Уставниот суд да слушнат на кој јазик зборуваат пратениците. Веднаш ќе утврдат дека го кршат членот 7 од Уставот. Ретко кој од нив се однесува уставно и го употребува како што треба службениот македонски јазик. Сите си зборат на некои свои дијалекти. А богами и судиите ќе треба да си пресудат самите на себе.

Како што пресудија со регистарските таблички на возилата. Баш направија добра работа. Се вклучија во програмата за санација на скопската железарница. Сега ќе треба да произведува нови лимови, за нови таблички. А ако сакаме да бидеме и наши и европски, па на исто место да ставаме и латиница и кирилица, ќе ни требаат големи табли. Железарците уште ќе почнат да остваруваат и профит.

За очекување е сега пред Уставниот суд да се најде и предмет од пејачите на народна музика. На фестивалот "Цветници" не смее да се појавуваат пејачи постари од четириесет години. Што е во директна спротивност со уставното начело дека сите граѓани на Република Македонија се рамноправни. Еве уште една шанса Уставниот суд да се прослави.

Уште сега можам да си замислам каква одлука ќе биде донесена. Ќе можат да пеат сите. Во спротивно имаме една интересна ситуација. Според Уставот, кандидат за претседател на Република Македонија не може да биде помлад од четириесет години. Значи, ниту еден пејач или пејачка на народна музика од "Цветници" не може да се кандидира за претседател на Републиката. Ама и претседателот на Републиката нема право да пее на "Цветници".

5. Конвојот со опремата за американските војници во Македонија, што беше блокиран во Бугарија, конечно влегол во нашата земја. Ама за тоа никој не се заинтересирал. Петнаесетте шлепери со воената опрема не ги пречекал никој, па сами си го побарале патот до аеродромот "Петровец". Дури на наплатната рампа на автопатот и си ја платиле патарината.

Задутре Глигоров ќе оди за Бугарија. Ама за секој случај со себе си го носи стручњакот за источниот коридор министерот Јован Андонов. Да ургира на самото место во случај да ѝ бараат на македонската делегација некои дополнителни давачки. Кој ги знае бугарските полицајци? Ќе го возат Глигоров брзо по улиците низ Софија, па ќе му бараат да плати казна.

# ФРЕНСКО ВИСКИ

**30 април 1994**

## • Ми ште литнем срешту Англија

1. Добро е што претседателот Глигоров не беше во историска посета на Америка. Или, скраја да е – во Австралија. Ќе останевме ненаспани. Кога државната телевизија ѝ даде толкав публицитет на посетата на Бугарија, може да се замисли како ли ќе го покриваше претседателот да отидеше во некоја друга држава.

Во вторникот цел ден го имавме Глигоров на екранот. Прво, директен пренос од бугарскиот парламент. Па вести на сите јазици на националностите. Па централни вести. Па "Глобус" и уште еднаш говорот во бугарскиот парламент, па цела прес-конференција во Софија, па накрај последни вести и резиме на целата посета. Во меѓувреме, некаде пред полноќ, од пат, директно во студиото се јави репортерот на МТВ и ѝ соопшти на нацијата дека штотуку ја минал границата и патем даде осврт на посетата "од лице место".

Да беше Глигоров во Америка, сè ќе беше поинаку. За да нè држи телевизијата во тек со сите настани врзани за посетата на претседателот, поради временската разлика ќе мораше да работи цела ноќ. И сите ќе го чекавме јавувањето на специјалниот известувач. А тој ќе имаше голема мака. Лесно е да се јавуваш од Бугарија. Ќе го преминеш Деве Баир и готово. Замислете да мораш да се јавуваш откако ќе ги поминеш сите граници на враќање од Америка. А да не зборуваме, од Австралија. "Штотуку влеговме во воздушниот простор на Индонезија".

2. А и ние па сме нашле со Бугарите да расправаме лингвистичко-политичко-историски теми. Тие и за францускиот јазик ќе кажат дека е дијалект на бугарскиот. На пример, зборот "мерси" е чист бугарски збор. Или на пример "гара". А и проститутките во хотелот каде што биле сместени нашите новинари пиеле строго "френски виски". Демек – коњак, преведено на македонски. Што ќе правиш, "од Черното Море, па до Бретања еден народ живее".

Само ова "френски виски" е малку сомнително. Ај "френски" – разбира се зошто се употребува, ама – "виски"!? Значи, ова Бугарите отсекогаш фрлале окце на туѓи територии. "Ми ште литнем срешту Англија". Шкотите нека си се преиспитаат.

3. Кој вели дека посетата на претседателот Глигоров на Бугарија не била историска? Ете, Бугарите ги менуваат своите кирилични регистарски таблички. За прв во историјата пат воведуваат латиница.

4. Не знам дали нашите пратеници, кога приредуваат приеми за новинарите во своите станови, како што ни кажа министерот Туше Гошев во интервјуто за "Вечер" во понеделникот, пијат френско виски, шкотско виски или тиквешко виски. Ама, откако ги прочитав објаснувањата на министерот зошто им се на

пратениците толкави општествени станови, дефинитивно знам која ми е целта во животот.

Од денес ќе почнам да гледам во небо. Ќе чекам да падне некоја ѕвезда. А јас ќе си замислам желба. Да ме викне на прием некој пратеник во општествениот стан. Па јас не сум знаел каде е главното место за забава во Скопје. Џабе шетам по кафулиња и дискотеки. Наместо да одам на прием, даречеме кај Наќе Стојановски. Или кај Љупчо Георгиевски, да не помислат дека сум партиски определен. Настрана што на тие приеми, за кои зборува министерот Гошев, можат да се научат корисни работи. Како на пример – како да добиеш стан за приредување приеми.

Бидејќи имало уште станови, а министерот се жали дека сите биле готови, предлагам на секој пратеник да му доделат по два стана – еден за живеење, а друг за приеми.

Има и друга варијанта, ама бидејќи е многу штедлива, не знам дали ќе им одговара на нашите пратеници, кои по своите Демир Хисари, Тетова и други градови навикнале на луксузен живот, па без приеми не можат да дишат. На секоја пратеничка група нека ѝ доделат по еден стан за приеми на новинари.

Има уште поштедлива варијанта: за цел Парламент – еден стан. Ама не сме баш толку сиромашни. Башка, пак можеме да направиме мораториум на приемите, бидејќи како што прават блокада на Парламентот, пратениците ќе го блокираат станот. Среде седница Мухамед Халили излезе на говорница и ги исклучи микрофоните. Така може да ја расипе и забавата во станот. Ќе дојде и ќе ја исклучи музиката.

5. При неодамнешната посета на Романија, Милошевиќ ја обелоденил идејата за балканска конфедерација, се разбира без Македонија, односно преку Македонија. Во неа би влегле Југославија, Романија, Бугарија, Албанија и Грција.

Имаше во историјата некој Букурешки договор. А познато е, Милошевиќ сака да ја враќа историјата назад.

6. Досега имаше спор меѓу Прилеп и Куманово – каде пукнала првата пушка на 11 октомври 1941-та? Овојпат дилеми нема. Првата бомба пукна во Куманово.

## ПРЕС-СЛУЖБА 7 мај 1994

**• Во шахот мат се прави и со пион – ако зад него стои силна фигура**

1. Среќа што во Скопје се отворија неколку амбасади. Ќе му помогнат на Министерството за односи со странство во организацијата на информирањето на јавноста. Можат и да функционираат како негови прес-служби. Така и ние

новинарите повеќе нема да им се лутиме на вработените во Министерството. Едноставно ќе чекаме соопштенија од амбасадите.

Ете, за посетата на државниот министер во британскиот Форин офис, Даглас Хог, јавноста беше информирана од британската амбасада. Министерството за односи со странство, изгледа, не знаеше дека во Македонија ќе престојува висок функционер на Обединетото Кралство. Па затоа британската амбасада со соопштение за печат нè информира и дека нивниот функционер ќе разговара со нашиот претседател Киро Глигоров. Да не беше соопштението на Британците, немаше да знаеме дека се вратил Стево Црвенковски од Њујорк. Прес-службата на британската амбасада ни го соопшти и тој податок, бидејќи во соопштението стоеше дека министерот за односи со странство ќе се сретне со Хог.

Министерот ни е познат по тоа дека не сака свечени пречеци со микрофони на аеродромот, па и ние, знаејќи ја неговата желба, овојпат не ги блокиравме телефонските линии со контролата на летањето и не организиравме дежурства на скопскиот аеродром. Ама ете, британската амбасада го предаде. Па сега сите знаеме дека се вратил во Скопје. Знаат луѓето како се работи со јавноста. Само, нема смисла. Министерството не е толку "високо" за работите околу информирањето да му ги вршат амбасадори на светски дипломатски сили.

Токму во моментите кога пристигнуваше Црвенковски, а доаѓаше Хог, а Министерството не соопштуваше ништо, новинарите од надворешно-политичките редакции спонтано дојдоа до сознание: "Не го прашувај него. Тој ништо не знае. Работи во Министерството за односи со странство."

2. Минатата недела славевме. Двоен празник. Велигден и Први мај. Порано за Први мај имаше паради и огнени говори. Сега празникот на трудот не се слави така, ама, сепак, огнени говори не ни недостасуваа. Таман се погоди Велигден, па имавме политички митинзи пред црквата во Скопје.

Оние вистински верници сигурно жалат за старото време. Тогаш, кога во црква не се одеше од помодарство, кога си присуствуваа на богослужба во достоинствена атмосфера, не мораа да се прекрстуваат пред камерите на телевизијата и не учествуваа на политички митинзи. На празникот кој во своја основа ја има љубовта кон сите луѓе, архиепископот охридски и македонски г.г. Михаил одржа беседа во која од името на македонскиот народ им се закануваше на непријателите, мавтајќи со крстот како со меч. А народот – како народ. Ако им држи христијански проповед, ќе вика: "Амин". Ама, бидејќи ислуша политички говор, сосема нормално што наместо "амин" се заори аплауз. И потоа, по ислушаните политички пораки (ах колку е лоша ТВ-камерата) присуствувавме на директен пренос на сцена кога двајца постари мажи се кршат со велигденските јајца, загризуваат по еден залак и потоа вадат од џебовите шише ракија и се налеваат за здравје. По вакви сцени, оние што искрено веруваат во Христовото воскресение подобро оваа година да го проспиеја.

3. Државата го презеде и суверенитетот на македонското небо над седум илјади метри. Навистина, тоа не ни го признаваат Србите и Грците, ама со нив веќе научивме да живееме на тој начин. Тие и натаму пиратски ќе можат да нè надлетуваат без да ѝ се јават на нашата обласна контрола на летање. Нам единствено ни преостанува да протестираме. Освен ако некому не му текне да ги гаѓаме авионите на грчки "Олимпик ервејз" со противградобијни ракети. Барем додека Американците не ни подарат некој суперсоничен авион за пресретнување. Само што и со него ќе имаме проблеми. Штом ќе полета од скопскиот аеродром, веднаш ќе влезе во воздушниот простор на Србија.

Конверзацијата помеѓу капетаните на авионите што нè надлетуват и контролата во Скопје ќе се одвива отприлика вака: "Во овој момент влеговте во воздушниот простор на Македонија. Не трепкајте... Не трепкајте... Е, сега можете. На излегување сте."

4. По двете катастрофални авионски несреќи многумина очекуваа дека со доаѓањето на капетанот Горан Павловски за помошник-министер за сообраќај ќе се средат работите. Арно ама, Павловски се испокара со авиокомпаниите. Тие го обвинуваат дека "некој" нарочно работи да ги уништи, за да создаде пат за формирање на "нешто ново". Сите знаат што е тоа "нешто ново", ама никој не кажува.

Со приземјувања, "одземјувања" и слични работи двете страни играат игра на нерви. И влечат еден по еден потег. Како во шах. За почетокот се исфрлаат пионите. Навистина, шахистите велат дека МАТ може да се направи и со пион. Само мора зад него да стои некоја силна фигура.

## АВЕ ШАКИРИУС 14 мај 1994

### • Мухамед Халили – кандидат за директор на Македонското радио

1. Адам и Ева, дефинитивно, не биле од Куманово. Има шанси да биле од Тетово, зашто таму има јаболка. А тоа што пратеничката Ѓулистана Марковска прашува – дали тие биле Албанци – сè уште не е испитано. И да биле, досега претрпеле големи трансформации. Во начинот на облекувањето.

Затоа пак семејството на Хисни Шаќири, пратеник на ПДП од Куманово, кој тврди дека само неговата лоза сочинува 3 од сто од кумановското население, сигурно води директно потекло од времето на Римската империја. Денешниот Хисни Шаќири е наследник на некој угледен претставник на народот во тогашниот римски сенат. Кога учествувал во расправите на законодавното тело на моќната Римска империја, сенаторот од Куманово го поздравувале со "Аве Шаќириус"! Подоцна и сенаторите од албанска националност доживеале трансформација.

Мажите noселе тоги. А сега слично на нив се облекуваат жените. И настапите во Собранието не се толку сурови, како борбите на гладијаторите. Па, сепак, одвреме-навреме, некој пратеник ќе побара пауза, односно прекин на борбите. Има голема разлика меѓу тогашните гладијаторски борби во арените и сегашните расправи во македонското собрание. Тогаш гледачите уживале. А денес гледачите се најголеми жртви.

Она што прво ми падна на памет замислувајќи си го сенаторот Шаќириус, во тога, како бара реплика, е фактот дека и покрај силата Римската империја пропаднала. А Албанците останале. Тоа малку ме плаши.

2. За да останат пишувани документи и од ова раздобје на долгата историја на Албанците, пратениците на ПДП бараат по еден примерок од обрасците за пописот да остане во семејствата. Не му веруваат на државниот Завод за статистика. Па сакаат и тие да направат проверка на обрасците и да ги споредат со резултатите од пописот.

Значи, Албанците во Македонија нека се подготват за уште еден попис. Овој пат во организација на ПДП.Само едно не ми е јасно. Дали тие мислат да формираат и сопствен завод за статистика.

3. Сѐ ми се чини дека за директор на паралелниот завод ќе биде избран Мухамед Халилиус. По клуч – како партиски кандидат. Лично тој ќе оди по римските села и ќе проверува во име на партијата кој како се изјаснил.

Нека ми прости што му се мешам во кариерата, ама најдобронамерно сметам дека таму не му е местото. Еве, почнаа да се матат работите околу изборот на директор на Македонската радио-телевизија, па, можеби, господинот Халили ќе пронајде соодветно место таму. Не мора баш да биде генерален директор. Ама, за директор на Радиото има одлични квалификации. Знае да ракува со микрофони.

4. А ние, сите колективно не знаеме да ракуваме со пари. До таков заклучок дошле експертите од Агенцијата за меѓународен развој во САД. Имено, на предлогот на господинот Сорос да се формира фонд за помагање на претпријатијата во Македонија, експертите одговориле дека поради последиците од ембаргото на Грција сите инвестиции би биле неисплатливи.

Досега цело време слушавме дека САД го осудуваат ембаргото на нашиот јужен сосед. Ама, кога треба и конкретно да помогнат, ако ништо друго, барем да се намалат штетите од него, ете доаѓаат вести дека САД ѝ се приспособуваат на ситуацијата. Значи, го почитуваат ембаргото.

Зборуваат дека се заинтересирани за стабилноста на Македонија. Затоа донесоа војска. Одолжуваат со воспоставување дипломатски односи. Ембаргото го прифатија како свршена работа. Пари не даваат. Па како мислат да ја зачуваат стабилноста? Само со оружје!? Така и успеваат да го одржуваат мирот во многу региони во светот. Ама, ние за нив обично велиме дека тоа се банана држави. А во Македонија не растат банани.

5. Ова сепак е една сериозна држава, и како и секоја сериозна држава од Запад, што не му дава виза на рускиот ултранационалист Жириновски, и нашите власти, навистина неофицијално, соопштија дека тој не е пожелен во Македонија.

Лидерот на Демократскиот сојуз на Србите во Македонија, д-р Бора Ристиќ, го покани Жириновски во Македонија, да ја чуеме неговата интересна филозофија за православието. Ова е слободна земја, па кој сака да ги слуша филозофските размислувања на Жириновски можеше комотно да отпатува за Белград и да му се одушевува.

Арно ама и Демохристијанската партија на Васил Ристески од Охрид се побуни против одлуката на македонските власти и на македонските авиокомпании кои не сакаат да го видат Жириновски во своите авиони и рече дека "таа не кореспондира со желбите на македонскиот народ".

Ете ти сега друга беља. Ај некако, овие приврзаниците на Ристиќ ќе се собереа во неколку автобуси да отпатуваат за Белград. Ама што правиме со македонскиот народ на Васил Ристески. Жириновски не може да дојде тука. Едноставно, нема толкав плоштад на кој ќе можат да се соберат сите симпатизери на Демохристијанската партија.

## МИС СТОН — 21 мај 1994

### • Ставете ги очилата, минути за "Тути фрути"

1. Конечно го донесоа Законот за попис. Под закана. И под меѓународна присмотра. Претседателот на Собранието Стојан Андов им се закани на пратениците дека нема да ги пушти да си одат дома додека не ја завршат целата расправа. А сето тоа одозгора, од новинарската галерија го посматраше шефот на експертската група од Советот на Европа.

Секогаш кога Андов ќе им рече на пратениците дека не ја прекинува седницата додека нешто не изгласаат, тие работат експедитивно. Знаат дека нема мрдање и дека утре нема да мораат пак да доаѓаат по своите дневници. Овој начин на работа како експеримент беше воведен при расправата за Уставот, кога, за да не испопаѓаат во несвест, многумина си ги повлекуваа амандманите. Бидејќи и пописот е од големо политичко значење, Андов реши тој експеримент да го повтори.

На истата седница многу се зборуваше за експериментирање. Така и пратеникот Цветан Јовчевски, по подолга пауза забележа гранде враќање на собраниската сцена со есеј на тема "Европските експерименти", со посебен осврт на експериментирањето врз македонскиот народ. Од Цветан дознавме дека Евро-

па, која постојано експериментира и на коњите им става зелени очила, за сеното да им се гледа како трева.

Ова со очилата е добра прилика и државната телевизија да размислува за експериментирање во програмата, по угледот на приватната "А1", што ни пушта сликички во трета димензија и ни продава очила за тродимензионално следење на програмата. Минутите за трета димензија на "А1" се резервирани за еротско-забавниот квиз "Тути фрути". Не би било лошо Македонската телевизија, како сериозна куќа, во трета димензија да ни ги емитува јунаците од Парламентот. Само, да не почнат и тие да ни се соблекуваат, на пример, по секое гласање. Кој ги знае. Кога се на говорница се заборавaат, небаре се најголеми ѕвезди. Од кај да знаеш што сѐ може да им истекне, кога е во прашање политичкиот маркетинг. Па наместо оној здодевен телоп "Директен пренос од Собранието на Република Македонија", ќе оди "Тути фрути во сериозна варијанта". Па и коментаторите на МТВ ќе треба да внесат малку повеќе жештина и страст во своите јавувања на централниот дневник.

2. На кого му е жешко, се лади со вода. Како во југословенскиот парламент. Таму спикерот на Долниот дом го полеваат со вода.

Во иднина Андов треба да внимава кога ќе рече дека е топло во салата. Можеби некој добил инспирација гледајќи ги снимките од Белград. Како што веројатно и тие ја добиле, гледајќи ги нашите снимки. Кај нас Мухамед Халили само ги спушти микрофоните. Таму Шешељ ги откорна.

Според старите обичаи, кај нас се истура вода за некому да му тргне работата. Само што нашиве пратеници ништо не ги помрднува, па таман и цел Вардар да се излее во Собранието.

3. Гледам водата ја обожаваат и мировните посредници во Босна и Херцеговина, лордот Дејвид Овен и Торвалд Столтенберг. Си се сончаат на некоја тераса над вештачкото езеро кај Зворник, си потпивнуваат кафенце и си муабетат со Радован Караџиќ.

Ех, што ти е времето. Се менува додека да трепнеш. На почетокот ги гледавме само во панцирни елеци и понекогаш со шлемови на главите. А сега работава им стана чиста уживанција.

Па и лордовите не се веќе тоа што биле. Овој, босанскиов, ја распетлал кошулата, ги подвратил ракавите до лактот... Му требаше уште златен синџир околу вратот, со православен крст на градите и белегзинче со изгравирано име, па сосема да заличи на локалните шизици. Ама, како што си трае војната, има време, ќе ги набави и тие реквизити. Следниот пат ќе го видиме во гаќички за капење на некоја српска плажа на српското море, некаде во Далмација.

4. А што друго и им преостана? Французите, со едно чудо војници на теренот, дозволија Караџиќ да им ги држи во заточеништво хуманитарните работници цели четириесет дена. На крајот, за да ги ослободи, им побарал 44 илјади долари. Французите си платија без да трепнат. Небаре ги испратиле своите луѓе во пакет-

аранжман на туристичко патување. А на дочекот во Париз направија голема фешта, на чело со министрите за одбрана и надворешни работи.

Караџиќ измисли одличен рецепт како да им извлече пари на Европејците и покрај санкциите на ОН против Србија. Може да го искористиме и ние, кога веќе и покрај сите ветувања и почитување на санкции и грчки ембарга, не добивме пари да се оправиме. Да киднапираме и ние некој Французин. Глупаво е да се ризикува со Американец. Не знаеме како ќе им реагира војската. Може ќе го ослободат без да ни платат. А со Французите нема гајле. Ем плаќаат, ем немаат војници тука, ем и да имаат, видовме како си ги ослободија своите во Босна.

Само, јас сум сепак за почитување на нашата богата револуционерна традиција. Значи, треба да киднапираме некоја Англичанка. Некоја – Мис Стон. Иако моментот за продолжување на традицијата не е баш најповолен. Британија најдоследно ги спроведува одлуките на ЕУ за доделување хуманитарна помош. Наместо да ни платат во кеш, кога ќе ја преземат Мис Стон, ќе ни компензираат со нафта.

# ГОЛЕМО СИНИЛО 28 мај 1994

**• МВР лансира нова мода за на плажа**

1. Не знаев дека еден од условите за прием во Советот на Европа е државата што има поднесено молба да има многу полиција. Тоа ми стана јасно дури во Охрид, додека траеше седница на Комисијата за односи со земјите-нечленки на Советот на Европа. Дојдоа луѓето од сите страни на Европа, во нашиот бисер балкански, да оценат дали нè бива и нас да нè примат во нивно друштво. И, како вонреден напор, домаќински се потрудивме во Охрид да ја однесеме цела полиција што ја имаме.

Барем таков впечаток добија гостите. Инаку, од каде толку мала држава, а толку многу полицајци. Ги имаше насекаде околу хотелот "Белви". Стојат на паркингот, излегуваат од шумата, ги бројат плочките околу базенот, собираат камчиња на плажата, ги мерат тениските терени. Управата на хотелот веќе сериозно размислува да подготви нов пропаганден материјал. Кога ќе ви нудат соба, ви нудат соба со поглед на – полицајци. Нема промашување. Сино езеро, сино небо и сини униформи. Големо синило.

Од сите убави работи што им ги раскажувавме за нашата земја, колку сме фини, демократски, мирољубиви итн., на гостите најголем впечаток им оставија полицајците. Едноставно, не можеа да погледнат на страна, а да не видат некој од нив. Па се чудеа, зарем тие се толку важни луѓе. Прашуваа зошто има толку

полиција. А организаторите им објаснуваа дека полицајците останале во Охрид уште од неделата, кога ги обезбедуваа претседателите на Албанија и Македонија, Сали Бериша и Киро Глигоров. Само чудно, Претседателот си замина од Охрид, а полицајците останаа. Белким не заборави да си ги земе со себе. Среќа што Бериша со себе си ги понесе своите полицајци. Тие имаат малку потемна, сина боја на униформата. Уште тие ни фалеа. Ќе ни го расипуваат видикот. Од толку полиција ќе – помодревме.

Друга позитивна работа на нашата полиција е тоа што таа се грижи за здравјето и менталната чистота на хотелските гости. Ако отидеш со гаќички за капење на плажа, веднаш ти доаѓа полицаец за да те легитимира. И добиваш прекор, зошто со себе не си го носиш беџот на организаторот. Така што МВР сега ќе лансира нова мода за на плажа. Туристите летово ќе носат водоотпорни беџови околу вратот или прикачени за костимите за капење. За да бидат на штрек, ако среде пливање пред нив изнурка некој полицаец и им побара да се легитимираат.

2. Премиерот Бранко Црвенковски беше во Италија. Сите јавија дека неговата посета на Рим била многу успешна. И италијанските гласила појавиле симпатии кон "најмладиот премиер во Европа". Освен тоа, Црвенковски е првиот странски државник со кого се сретнал новиот италијански премиер Силвио Берлускони.

Сепак, не мора да се претерува дека посетата била баш толку успешна. За каков успех станува збор, кога Бранко Црвенковски не успеа да се сретне со Амбра и со другите девојки од шоуто "Ова не е РАИ" на Берлускониевата телевизиска станица "Италија уно".

Мора Берлускони да се исплашил кога прочитал дека ќе се сретне со најмладиот премиер во Европа. Немој случајно Амбра да се вљуби, па да му избега. Особено што во придружба на Црвенковски беше и Ѓунер Исмаил. А тој е познат по културно-забавниот живот. Па може да ја грабне и да ја донесе во Македонија да ги води "Водните лудории". Затоа Берлускони превентивно дејтсвувал со тоа што не им овозможил средба со Амбра. Инаку ќе се случеше дипломатски инцидент. Сепак, Амбра беше вклучена во изборната пропаганда на Берлускони.

3. Разочаран од дипломатскиот неуспех во Рим, министерот за култура Исмаил реши да ги скрати парите што однапред ги ветил за годинашното "Охридско лето". Организаторите се жалат. Подготвиле богата програма, а сега треба да ја скусат.

Кој им е виновен што, како министерот, не сфатиле дека треба пазарно да се однесуваат. Сите фестивали се исти и сами нека се снаоѓаат. Посебна нега ќе добие аматеризмот. Како фестивалот на аматерите во Кочани, што годинава прерасна во богата манифестација. Кочани – богат град. А и гајдаџиите во Долнени биле влезени во фестивалската листа што ќе ја финансира државата. Тогаш, што ќе му е на Охрид – Охридско лето? Што ќе ѝ е на државата "Охридско лето"? Таа веќе си го има фестивалот во Валандово.

4. Било да е охридско, било да е скопско, летото немилосрдно си доаѓа. Остави што сè уште не се пуштени во продажба водоотпорните беџови, туку и преговорите со Грција допрва ќе започнуваат.

Прво чекавме да им поминат парламентарните избори, минатата есен. Сега чекаме да им поминат изборите за Европскиот парламент. И таман ќе седнеме да разговараме, ќе дојде време за нашите избори. Па тие ќе чекаат и ние да завршиме со таа работа.

... И, пак нема да одам во Грција на одмор.

# ФРЦ ФРАКЦИЈА 4 јуни 1994

## • Кодошењето како национална доблест

1. Сè што сте сакале да дознаете за Службата за државна безбедност, а не сте се осмелувале да прашате, сега е пред вас. Нема тајни, нема измами. Секој за секого знае сè. И пријавува кај потсекретарот во МВР Слободан Богоевски.

Последната расколничка афера во ВМРО-ДПМНЕ ја провали целата агентура на Службата за државна безбеднсот. Љупчо Георгиевски го обвини потсекретарот Богоевски дека му бил доушник на Змејковски. Џо го обвини Змејковски дека му бил доушник на Богоевски. Змејковски го обвини Џо дека бил доушник на СДБ. Георгиевски кажа дека Владимир Голубовски бил соработник на СДБ. Голубовски соопшти дека и Петар Гошев од Демократската партија бил доушник на СДБ. А Гошев изјави дека не се дружи со кодоши. Ако сите работеле за Слободан Богоевски, нормално е и сите да се знаеле меѓу себе. Како колеги.

Каква мрежа сплетоа, логично е, човек да фати уплав. Секој на секого му е брат, секој на секого му е шпион. Ако се суди по сè она што ни го раскажуваат деновиве, ќе излезе дека кодошењето е национална доблест на македонскиот народ.

Министерот Фрчковски нема потреба да се занимава со кадровско зајакнување на службата за безбедност. Изгледа, најдобрите кадри ги има во ВМРО-ДПМНЕ. Како што течат работите, не е чудо наскоро оваа партија да го смени името. Ќе се вика – ВМРО-СДБ.

2. Сега сите мозочни вијуги се презафатени во напорите да откријат кој е "Вијуга" во партијата. Змејковски и Георгиевски тврдат дека според документите од СДБ, под името "Вијуга" се крие Владимир Голубовски, претседателот на ВМРО-ДП. Арно ама, Голубовски тврди дека "Вијуга" сè уште се наоѓа во редовите на ВМРО-ДПМНЕ и работи за СДБ. Раководството ќе треба да ја ангажира Доста Димовска, како македонска Мата Хари, која барем досега не ја видовме во ниту еден новински извештај. Нема смисла да остане потпретседателката запоставена во општото откривање на кодошите.

Инаку, и ние се вклучивме во општата мониторинг-мисија. Како УНПРОФОР и КЕБС во Македонија. Со мандат на набљудување и известување. Од најдоверливи извори откривме неколку шифрирани пораки. На пример, кога некој ќе рече: "На овој добро му работат вијугите "– тоа значи дека кодошот во ВМРО-ДПМНЕ успешно ја извршува задачата. Или – "Се завлекол во дувло и не мрда оттаму" значи ептен му е лојален на ВМРО-ДПМНЕ и не го интересира никаква фракција. А кога некој некому ќе рече: "Ај ќе се видиме во Сина птица", значи "Ај ќе формираме паравоени формации".

3. Никако не можеме да дешифрираме што ѝ значи она "Фрц-налево, фрц-надесно" на новокомпонираната естрадна ѕвезда Јаца, што настапува со голо меше на терасата на хотелот "Панорама" во Скопје, за приватната станица РТА, а сега се проби и до валандовскиот фестивал. Мислевме, мислевме, ги напрегнавме сите можни мозочни вијуги и смисливме дека она "лево-десно" има врска со политички отклонувања во партиите. А она – ФРЦ е кратенка од зборот "фракција". Па оди: "Фрц налево, фрц надесно".

И така, Јаца фрцка пред публиката, а таму претставници на сите политички сили. Туше Гошев, Јован Андонов, Јован Тофовски, Љупчо Поповски, Перо Гошев... Ако ја сфатија политичката порака за фракциите во нивните партии, Јаца може да им биде од корист.

4. Што се однесува до настапот на Јаца, валандовскиот фестивал годинава доби меѓународен карактер. Мултинационален. Прво, ѕвездата настапува со групата "Јатаган". А тоа е турска сабја. Потоа во песната бараше од мајка ѝ да ѝ даде "ранде ву". Да ѝ кажело либето "мона мур", а таа ќе му речела "Ај лав ју". Класична турско-француско-англиско-македонска копродукција.

Сѐ се чудам дали авторите на текстовите сами ги смислуваат стиховите, или некој им помага. Просто се восхитив од една песна (нека ми извини пејачката што не ѝ го знам името) чии стихови одеа вака: "Сѐ ти дадов Стојче, зар и душава, секое утро одам дома, леле бушава!" Чиста сексуална револуција! Ама, сепак, задржана е традицијата на старите македонски песни за недопрените моми. Во современа варијанта чесните моми даваат сѐ. А душата си ја чуваат за првата брачна ноќ.

5. Замислете – и Милошевиќ бил антифашист. Пред некој ден, јавија агенциите, ги примил во Белград борците од НОВ (веројатно партизаните) и им рекол дека Србија и српскиот народ решително се спротивставени на силите кои носат фашистички идеи.

Гледате како може човекот да се измени. Откако со помош на фашистите се истовари во Хрватска и Босна, сега изгледа очекува да го поканат на свеченоста по повод истоварувањето на антифашистите на плажите во Нормандија.

# РАСИПАН ТЕЛЕФОН

**11 јуни 1994**

## • На Метју Нимиц толку му се допадна Охрид што остана без збор

1. Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Љупчо Георгиевски по повод аферата "Раскол", на прес-конференцијата во четвртокот ги повика "самостојните и достоинствените новинари" да дадат активен придонес во интерес на вистината и им подели некаков документ со предмет "Лав", од кој наводно се гледа дека СДБ го прислушкувала разговорот помеѓу координаторот на пратеничката група Томислав Стефковски и потпретседателот на партијата ВМРО-ДПМНЕ Доста Димовска.

Самостојните и достоинствените новинари другиот ден го објавија документот во целост. Жива драма со возбудлив дијалог меѓу Димовска и Стефковски. Само читај и замислувај ги ликовите.

Арно ама, по објавувањето на документот уште ништо не е јасно. Единствено дознавме дека пратеникот Стефковски на госпоѓицата Димовска по телефон ѝ се обраќа во машки род. "Кај си бе ти", или, "Зошто бетер бе!" Наместо, како што е ред, а сепак во рамките на неговото надалеку познато културно однесување, да ѝ каже: "Кај си мори ти!"

Втора работа што може да се извлече како заклучок од нивниот разговор е дека Доста Димовска има проблеми со дишењето. "Сега, ти кажувам седете таму, ќе..." (издишува длабоко), на што координаторот ѝ одговорил: "Што тешко дишиш, да не имаш проблеми ти?!"

И трет заклучок кој неодминливо се наметнува е дека Министерството за внатрешни работи нема доволно пари да си купи машина за пишување на кирилица. А за компјутери ич да не збориме. Да ги нема ова паравојските, со компјутерските центри што ги запленуваат, ќе останеа полицајците информатички неписмени. Може да држи евентуално уште едно објаснување, зошто разговорот е пречукан на латиница. А тоа е дека изворот "Полог" можеби е југоносталгичарски расположен, а којзнае можеби и работи за КОС, па да можат и тие да го разберат.

2. Како и да е, разговорот меѓу Димовска и Стефковски може вода да им носи на многу други разговори што секојдневно можат да се слушнат во скопската телефонска мрежа. Јас сум врзан на старата телефонска централа, па така и лично можам да се уверам во почитувањето на уставно загарантираното право за тајноста на телефонските разговори.

Гледајќи го документот презентиран на конференцијата за печат на ВМРО-ДПМНЕ, добив идеја да ги снимам разговорите на непознатите јунаци што ми се мешаат во линијата. Па после да ги објавам. Ќе бидат далеку почитани отколку политичките дијалози на тема "Змејковски". Можам комотно да објавам книга на рецепти. Или совети за млади мајки. Може да се продаваат деловни тајни на

конкурентски фирми. А, богами, има материјал и за збирка раскази со љубовни искуства.

3. Метју Нимиц повторно допатува во Македонија. И повторно беше краток, јасен и крајно содржаен во своите изјави. Така што и натаму ништо не ни е јасно.

Се сеќавам дека кога кон крајот на 1992 година вака интензивно нè посетуваше британскиот дипломат Робин О'Нил и кога беше густо пред единбуршкиот самит на ЕЕЗ, нашите го носеа во Охрид. О'Нил успеа некако дванаесетмината да ги убеди да го префрлат проблемот во Обединетите нации. Веројатно за да го омекнат и Нимиц, и него го прошетаа до Охрид.

Изгледа Нимиц толку се воодушевил од убавините на Охрид, што останал без збор. Затоа и ништо не кажуваше во изјавите. Следниот пат нека го носат во Струга. Како Струга нема друга. Исто како што – "Има само една Македонија" и "Името не го менуваме".

Цело време се споменува некаков пакет според кој сме подготвени да разговараме. И јас сум заинтересиран за разговори за пакетот. Особено како што наидува летото. Ме интересираат туристичките пакет-аранжмани. И многу немам простор за преговарање. Веднаш прашувам на колку рати може да се плати.

4. Грција повторно ја затегна работата со Турција. Турците обвинуваат дека на грчка територија се обучуваат курдски терористи. Премиерката Тансу Чилер се заканува дека ако Грција се обиде да ги прошири своите територијални води во Егејското Море, таа ќе се истовари на грчките острови. Од друга страна, Грција ја блокира помошта за Албанија во Европската унија и уште се заканува дека ќе ја затвори и таа граница. Со нас ситуацијата е веќе позната.

Колку би бил среќен Папандреу кога неговата земја не би била ниту членка на ЕУ ниту членка на НАТО. Со таков лидер таа држава би била најцврстиот комунистички бастион во светот. Методите се исти – измислување на надворешни непријатели. Кога би била комунистичка земја, Грција би била диктатура за пример, на која би ѝ позавидел дури и Сталин.

## САО КАМП 18 јуни 1994

### • Сите логори во една држава

Доаѓа лето. Уште малку, па ќе дојде време и за годишни одмори. Оние што сакаат да кампуваат веќе се подготвуваат. Ги распнуваат своите шатори на граница, ама на стратегиско место, за да имаат подобар поглед. Околу копаат канали за одвод на вода, ако се случи да имаме дождливо лето, па да не им се наводенат шаторите. И јуни е дождлив, па затоа каналите се подлабоки. Личат на ровови.

Србија не крие дека сака да има заедничка граница со Грција. За почеток, поблизу е за 250 метри, колку што влегоа нејзините војници на македонска територија. Како што доаѓа лето и расте желбата за море, полека, полека ќе се најдат српски кампери и на Кајмакчалан.

Додека трае сезоната на кампување, нема потреба од други операции. Како на пример – попис. Лидерот на Демократската партија на Србите Драгиша Милетиќ знае колку Срби има во Македонија и без попишување. Штом знае дека 85 од сто од нив досега не добиле уверенија за државјанство. Поради сомневање во правилното спроведување на пописот Милетиќ ќе ги обелоденел српските енклави. Засега според национална припадност, а ако треба тие ќе го добиеле своето класично значење и територијален интегритет. Значи, ќе станат српски автономни области. А ако на Милетиќ не му се по ќеиф резултатите од пописот, може да станат и република. Секој српски камп – посебна држава. Како во Хрватска и Босна. Сите логори во една држава.

2. Камперите на Чупино Брдо кај Крива Паланка не смеат да бидат вознемирувани. Американците од УНПРОФОР од Македонија исто така поставија шатори, ама малку подалеку од српскиот камп. И пониско од врвот, за да не ги дува ветер.

Портпаролот на Командата на УНПРОФОР за Македонија Елизабет Болдвин, завчера вечер, на Македонската телевизија ни соопшти дека силите на ОН не воспоставиле контакт со српските кампери, бидејќи било лошо времето, а тие не сакале Србите да помислат дека им приоѓаат со непријателски намери.

Што ти е добро воспитување и чувство за префинето туристичко работење! И на кампери што илегално престојуваат треба да им се пријде пријателски.

Така пријателски му приоѓаат и на најпознатиот и најпасиониран кампер на Балканот Слободан Милошевиќ. Пријателски си го шетаат по Женева да не помисли дека имаат нешто против него, за сè го консултираат и ете, човекот си ја освои половина Босна и Херцеговина, сосе коридорите меѓу енклавите "со своето класично значење" и сосе исчистениот терен за кампирање. Колку ли ќе освоеше да беа по некоја случајност непријателски расположени?

3. Во мисија на добра волја ни пристигнаа и српски попови. Му носат писмо на архиепископот г. г. Михаил. Ќе нè спасуваат од унијатство и католицизам. Порано нè спасуваа од исламот. Само од српски попови – нема спас.

Државата не му дозволи на врањскиот владика Пахомие да влезе во Македонија. Не знам која држава на светот би дозволила влез на луѓе кои не ја признаваат ни државата, ни црквата, ни народот. Ај што не ја признаваат, туку на нејзина територија тоа сакаат и да го проповедаат.

4. Една позната политичка личност – од едно познато министерство во Владата на Македонија, деновиве одржа прес-конференција. Пред новинарите беше обелоденето дека некои познати политички личности од една позната политичка партија правеле неубави работи. Се среќавале со некои технички

секретари на непријателски организации, правеле планови за радио-станица на некоја позната историска планина, земале пари за предизборна кампања од некоја позната соседна земја и правеле групи за идеолошка и воена подготовка и за ширење пропаганден материјал.

Чудо едно колку новинари имаше на прес-конференцијата на познатиот министер и никој, ама баш никој, не постави прашање: Која е таа позната политичка партија и кои се тие познати политички личности. Или новинарите беа фасцинирани од монологот на министерот, или пак тие сè знаат, па затоа не прашуваат.

Веднаш се јави ВМРО-ДПМНЕ и го повика министерот Фрчковски да поднесе кривични пријави против познатите партии и лица и да изнесе аргументи за тоа што го зборувал. Во случајов излегува дека Фрчковски ја применил оперативната акција "Истерувач на муви". За да види кој ќе си ја ишка мувата од капата.

5. МВР конечно се фати во костец со организираниот криминал. Ете, поднело пријава против некој свој службеник кој некому му ја променил датата на примерокот за барање пасош и за тоа земал поткуп, замислете – цели двеста марки. За таква ситна услуга не можел да набие цена на стотици илјади марки.

6. Од понеделник ќе почнеме со пописот. Да се преброиме. Да видиме дали сме токму!

## ЧОВЕК БРОЈКА 25 јуни 1994

**• Започна акцијата за потиснување на српските војници од врвот Стража**

1. Ќе треба да се најде некој голем експерт, кој ќе може да направи разлика помеѓу зборовите: "бојкотирање", "одложување", или "пролонгирање". Ќе мора да биде тоа некој експерт од европски калибар, ако не и од поголем, како овие експертите од Европа што го надгледуваат пописот во Македонија. Зашто, за да се направи разлика во значењето на овие зборови, мора да се направи експертиза со чија помош ќе се утврди дали попишувачите од албанска националност ги подигнале пописните документи. Да не зборуваме каква сложена операција е ако уште треба да се направи разлика меѓу "дистанцирање", "апстиненција" и "непартиципирање". Тука веќе ни Герт Аренс нема да може да се снајде.

Така ти е тоа кога трет ден откако започнал пописот, на еден од коалиционите партнери кои гласаа за Законот му текнало да бара негово одложување до декември. Па не знаеш кој тука се прави луд. А кој – збунет.

Амбасадорот Герт Аренс сигурно не е, бидејќи тој по сè што ни советуваше во последниве две години, сега ни кажа дека ако пописот не успее, одговорноста ќе падне на македонската влада. Тоа што врз основа на измислени бројки тој ни

одредуваше која националност колку часови програма на ТВ ќе има, колку паралелки на кој јазик ќе се отворат, колку весници на јазиците на националностите ќе се печатат, сосема ја симнува неговата одговорност за пописот.

Само што ќе правиме ако накрај не излезат барем милион Албанци и најмалку три стотини илјади Срби? Тогаш пак пописот нема да важи. Во тој случај, тие што редовно се попишуваат ќе треба да ја тужат државата и Герт Аренс за малтретирање. Државата – затоа што дозволува на кого ќе му текне да не ѝ ги признава законите. А Аренс – како персонификација на демократите од Европа, кои кога би подготвувале закон за попис во нивните држави со сите можни експерименти што ги внесоа во нашиот закон, такво нешто никогаш не би изгласале.

2. Ако не се одржи пописот како што треба, значи дека нема да си ја знаеме иднината. Затоа што слоганот е "Податоци за сегашноста и иднината". Тие што го смислувале веројатно имале на ум дека во секоја нормална држава податоците од пописот се темел за планирање на иднината.

Арно ама, кај нас не е така. Ние овој попис го правиме за да се види колку има – Албанци. Тие тоа го бараа, а Европа им го овозможува. Затоа можеби поедноставно решение ќе беше попишувачите да ги посетуваат домовите со бројки отпечатени на различна боја. Секој човек – бројка. Секоја националност – различна боја. На крај, само ќе си излезе колку бројки се поделени. Другите податоци и онака не се важни.

3. Ова што се случува по убиството на седумнаесетгодишното момче во Тетово е веќе видено. Малку посеверно од овие простори, односно, како што би се изразило Министерството за внатрешни работи, во "една соседна странска држава". Пред очите повторно се враќаат сликите на незадоволните Срби од Косово, што ги примаа разни раководители во зградата на тогашното Сојузно собрание во Белград, имаше повици за "одење докрај", за функционирање на правната држава, веројатно олицетворена во сликата на двајца полицајци на секој агол. Недостига уште Слободан Милошевиќ со своето историско ветување: "Никој не смее да ве тепа!".

Убиството во Тетово покажа како власта едноставно не знае да реагира. Претседателот на Републиката Киро Глигоров испрати телеграма со сочувство до семејството на загинатиот, уште и не дочекувајќи ги резултатите од истрагата, а за да не заостанат, истото го стори и претседателот на Собранието Стојан Андов и премиерот Бранко Црвенковски. Тоа веќе му даде политичка заднина на убиството.

Не се сеќавам дека претседателот на Републиката досега испраќал телеграми до семејства на настрадани во тепачка. Во Македонија имаше и убиства на цели семејства (Охрид, Струмица), па ако веќе претседателот и испратил некаква телеграма, сигурно државната телевизија не го емитувала интегралниот текст на централните вести.

Зборовите изречени од некои тетовски жени на говорницата во Собранието беа поразни. Некој да вели дека ќе оди да бара помош од Србија, да ни ја среди

ситуацијата во Македонија како на Косово, е веќе доволен повод за загриженост. Нашите раководители ја посетуваат западна Македонија само на положување камен-темелници, на организирани прослави и софри и кога патуваат со мерцедесите на патот кон Охрид.

4. Започна акцијата на потиснување на српските војници од стратегискиот врв Стража кај Крива Паланка, што ја најави министерот за одбрана Владо Поповски. На скопските пазари нагло скокна цената на доматите. Производството патува за Србија. Ги потиснуваме Србите со домати.

## ЕКСПЕРТСКИ ЕКСПЕРИМЕНТИ 2 јули 1994

**• Стево Црвенковски пак ќе изјави дека не преговараме под блокада**

1. Почнаа солзи да ми капат над судбината на Грција. Сиромашката. Пак се нашла изолирана во Советот на Европа. Да знае уште што ја чека кога за дветри години Судот на правдата ќе ја осуди поради ембаргото, ќе се самоубие од очај, така изолирана.

И оваа одлука на Судот, да не ѝ наложи привремено да го подигне ембаргото кон нас, ѝ доаѓа како антидепресивно средство. Да ѝ го подигне духот. Така барем го сфатив соопштението на нашето Министерство за односи со странство што ни ја протолкува одлуката на Европскиот суд.

Цел ден од цела Европа пристигнуваа реакции на одлуката на Судот. Сите очекувавме реакција и на нашето Министерство. А тоа – подобро ич да не реагираше. Не ми беше јасно дали тоа луѓето од нашето Министерство со соопштението се обидуваа да нè утешат нас. Или пак самите си се тешеа. Само Папандреу остана неутешен. Изјави дека ако не му стоел на глава македонскиот нерешен проблем, Грција ќе била главна на Балканот. Сега е главна во Европа.

2. А и ние сме нашле во кого да се крстиме. Во Европа! Тие не можат да си ги решат своите проблеми па ни ги решаваат нашите. Ете, сега не можат да се договорат кој да го замени Жак Делор.

Па тие не можат да се договорот ни каков нов експеримент ќе применат во случајот со Македонија. Па постојано нè ставаат на различни третмани. Како на болен на кого му испитуваат која терапија најмногу ќе му одговара. Па лечат едно, а разболуваат друго. И накрај – операцијата успешна, пациентот мртов.

Оваа одлука на судот конечно нè убеди дека тие се сериозно загрижени за нашето здравје. Ама, Комисијата не поднесла задоволувачка документација дека ембаргото кон Македонија ѝ нанесува ненадоместливи штети на Европската унија. Што да правиме кога судот ги штити само интересите на посилните? Зошто инаку би се нарекувал – Суд на правдата?

3. Грчките средства за информирање јавија дека Сајрус Венс ги повикал претставниците на Грција и Македонија на 14 јули повторно да отпатуваат во Њујорк.

Министерот Стево Црвенковски сигурно пак ќе изјави дека Македонија не преговара додека не се подигне грчката блокада.

4. Во меѓувреме ние ќе продолжиме да им се поклонуваме на сите странци што ќе ни се претставуваат како експерти. И ќе учествуваме во нивните експертименти.

Ете, последниот експеримент со пописот се покажа успешен. Официјална Тирана изразила задоволство што Владата на Македонија ги прифатила условите за да можат и Албанците да излезат на попис. Што е многу важна работа. Ретко се случува една држава да изразува задоволство за она што се случува во друга држава. Конечно успеавме да ги задоволиме и Албанците. Важно е сите да бидат задоволени.

Барем да соберевме пари од правење ќеифови на секој што ќе ни побара. Ама не сме професионалци. Наивни сме, па веруваме во љубов.

5. Владејачката партија ја започна својата предизборна кампања. Пред некоја вечер премиерот Црвенковски и целата партиска свита на СДСМ, во МНТ во Скопје се појавија на трибината "Македонија денес и утре". Доказ повеќе дека започна предизборната кампања беше извештајот на третиот ТВ дневник на МТВ, со тонски парчиња од говорот на Црвенковски.

Слушнавме дека сега со македонскиот пасош можеме да патуваме насекаде низ светот и дека сите граници со него ни се отворени. Особено кога се патува со авиончињата на Владата. Се гледа дека премиерот нема застанато во ред за виза пред некоја од амбасадите на земјите што ни го признаваат пасошот, и тоа во Белград, или во Софија. Како премиер нема почувствувано какво понижување треба да истрпи обичен граѓанин, па макар одел и во една Словачка (додека нејзините граѓани на пат за одмор во Грција визите ги добиваат на граница, а не некаде на пример во македонската амбасада во Бон).

А и што ќе ни е да патуваме кога и дома ни е убаво со ваква влада. Премиерот рече дека "сѐ што прави СДСМ е бериќетно", па затоа и таа вечер, кога се одржуваше трибината, во Скопје заврнало пороен дожд.

Другиот ден СДСМ немаше трибина. Во Скопје се вратија пеколните жештини. Што фајде од дождот кога ако продолжи вака, пак ќе имаме суша. А за сушата ќе биде виновна опозицијата. Кога таа држи трибини, не врне дожд.

6. Прво Парламентот изгласа намалување на царината на возилата без согласност на Владата. Сега Владата си донесе одлука да ја зголеми царината, зашто буџетот го правела врз основа на таа царинска стапка.

Така се пополнуваат дупки во буџетот. А дупките што ги направија милионските (во марки) неплатени даноци белким ќе ги пополни некоја хуманитарна сума од некоја држава-донатор. Додуша, тие се малку пари за да се закрпат дупките, ама доволно за големи фалби, дека, ете, многу нѐ ценат.

# ПРОЛОНГИРАНО АПСТИНИРАЊЕ 9 јули 1994

## • Голем успех е од сопствената територија да направиш спорна територија

1. Албанските партии продолжуваат ревносно да работат на збогатување на речникот на македонскиот јазик. Пред некој ден дознав дека зборот "апстинирање" е синоним на "уценување". Досега тие пронајдоа многу зборови што можат да се употребат наместо зборот "уценување". Се изверзираа во практиката, бидејќи тоа го прават многу често.

Сега апстинираат од работата на Парламентот. Во знак на протест поради високите казни на осудените во аферата "паравојска". Ќе апстинираат додека судот не одлучи поинаку. И протестираат против мешањето на политиката во судството.

Пратениците биле ставени на тешки искушенија. Биле соочени со револтот на своите избирачи, па им било страв револтот да не избие на улица. Ако се случело тоа, тие ќе морале да ја напуштат Владата. И – како компромисно решение – избрале да го напуштат Собранието.

Не за џабе за ПДП велат дека е стабилизирачки фактор. Со излегувањето од Собранието тие, всушност, сакале да ја стабилизираат државата. Само, не кажаа која!?

2. Придонес кон збогатување на речникот беше даден и во расправите околу пописот. Тогаш дознавме дека синоним на зборот "бојкотирање" е – "пролонгирање".

Пописот успешно заврши. Така барем официјално е соопштено. Освен тоа и шефот на посмастрачката мисија на експертите од Европа, Вернер Хауг, изјави дека е задоволен. Потоа Хауг беше во германската амбасада. Тој ги информира амбасадорите на земјите-членки на ЕЗ за текот на пописот.

Јас мислев дека пописот го организиравме ние. И дека претседател на државната комисија е Ристо Иванов. Белки не си дал оставка, па на негово место го поставиле Хауг.

3. Српската војска се повлече од Чупино Брдо. Истиот ден кога истече ултиматумот на министерот Владо Поповски. Министерството за одбрана се пофали дека тоа е остварено со дипломатски методи и со помош на преговори преку претставниците на УНПРОФОР.

Сега на Чупино Брдо нема ни српска ни македонска војска. Остана ничија земја на која повремено патролираат силите на ОН. Успехот на дипломатското потиснување е што нашата територија сега стана спорна територија. Што и не е некој успех. А Србите од туѓа територија направија спорна територија. И згора на тоа добија гаранции дека како таква ќе продолжи да се третира сè до конечното меѓудржавно разграничување. Си оставија простор за преговарање. Што, за наша жал, претставува нивни успех.

4. Србија негодува и поради тоа што, како што ни велат во Владата, Македонија за некој месец ќе ја преземе целосната контрола на сопственото небо. На вестите дека Скопје ќе биде обласна контрола на летањето немало реакции од грчка страна, но затоа пак реагирале воздухопловните власти на СРЈ. Грците се во незавидна ситуација. Тие немаат пристап, како нивните колеги од Белград, во контролната кула на скопскиот аеродром и затоа не можат да дадат забелешки.

Грците се хендикепирани зашто нема пристап и во надлежното министерство, односно во секторот што се занимава со цивилното воздухопловство. И таму на работа се примени стручњаци од Србија. Распоредени на клучни места.

Утре-задутре би можел да се очекува некој афирмативен текст на таа тема, со веќе познатиот наслов: "Сопственото небо на дланка". На чија дланка?

5. Нема дилеми од чија рака загина турскиот дипломат среде Атина. Одговорноста за убиството ја презеде фантомската терористичка организација "17 ноември". Организацијата цели 19 години поставува бомби, убива Грци, Американци, Турци, во нападите користи и ракети, а полицијата до сега не успеала да ѝ влезе во трага.

Овој пат терористичкиот напад беше оправдан со писмо во кое, меѓу другото, стоело дека тоа е одмазда затоа што Србите се неправедно обвинети дека вршат етничко чистење во Босна и затоа што на Србија ѝ се наметнати неправедни санкции.

Се очекува реакција од Белград. Терористичкиот напад на "17 ноември" е уште една потврда на традиционалното српско-грчко пријателство. Затоа и овој пат грчката држава нема да ги открие виновниците.

6. Тие што требаше си купија автомобили. Затоа Владата ги зголеми царинските давачки. Ги врати како во старото време на 26 од ство.

Луѓето блиски до власта тоа не ги загрижува. Тие си имаат фирми регистрирани во странство и си ги возат своите возила низ Скопје со црни дипломатски таблички издадени во Белград. Така што немаат обврска да ѝ ги плаќаат давачките на македонската држава.

Тоа пак не мора да значи дека не можат да ни се продаваат како големи Македонци.

# ПОЛНОЌНА СЕАНСА 16 јули 1994

**• Време е за стриптиз**

1. Пред извесно време во Скопје проработи клуб со машки стриптиз, ама потоа брзо се затвори. Веројатно за да ја пополни празнината во културно-забавниот живот на главниот град на државата, легендарниот пратеник Митко Анастасовски се закани дека ќе се соблече на говорницата. Само, не ми беше јасно што ќе му беше предупредувањето: "Ако сакате да видите како изгледам, женските да излезат надвор од салата!" Што чудо ќе беше тоа!? Зарем собраниските дами немаат видено такво нешто, па ќе испопаѓаат во несвест кога ќе го здогледаат аполонското тело на Анастасовски? И зошто во салата да останат само машки, за да гледаат – маж?

Митко го утна времето за соблекување. Ручек време, горештина, кој ќе се поти без потреба... Најдобро време за соблекување беше околу полноќ. Тогаш кога се појави премиерот Бранко Црвенковски.

Требаше и Бранко да најави соблекување. Можеби некој од опозицијата ќе останеше во салата да го види најмладиот премиер во Европа. А тој, пак, облекува темни костуми. Стојан Андов, како задолжен за создавање атмосфера во салата, можеше малку да се потруди и да го подготви теренот за полноќна сеанса, а не туку-така да ги пушти опозиционерите, што мажи, што жени, да си одат, а да не го видат Бранко Црвенковски. Во паузата требаше да им пушти музика. На пример, една популарна песна, увезена од Хрватска, што нон-стоп се врти по скопските кафулиња и што оди вака: "Тек је дванајст сати, заведи ме да не буде досадно".

2. Само Петар Гошев не паѓа на заводливоста на Бранко Црвенковски. Него го заведе Љупчо Георгиевски. КОНЕЧНО. Каде Љупчо, таму и Перо! Уште и му дозволи на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ да зборува во името на неговата Демократска партија. Го промовира во раководител на здружената опозиција. Наспроти фалбите, Гошев со овој потег призна дека ВМРО-ДПМНЕ е посилна опозициона партија од неговата.

Пак Андов нешто сматил. Тој е виновен што на полноќ Перо се најде во прегратките на Љупчо. Создал таква атмосфера.

Сиромашките Михаил Пановски и Ристо Јованов. Гошев им направи крукче. Ги врати повторно таму од каде што тргнаа. Во ВМРО-ДПМНЕ.

3. Премиерот Бранко Црвенковски ги испокара пратениците. И тие што го слушаа и тие што излегоа. Ги обвини дека не си ја вршат работата, наспроти Владата што им подготвила еден куп закони што треба да ги донесат.

Па, нели владата на Црвенковски е политичка влада? И нели секоја политичка влада владее со мнозинството што го има во Парламентот? Тогаш, што чека и што не си ги донесе законите за кои има согласност во Владата. Не

очекува, белким, опозицијата да гласа за нивните закони, додека пратениците од коалицијата шетаат низ скопските пазари и се убедуваат со ПДП пратениците кога ќе се смилуваат да дојдат во салата за да им направат кворум.

Но и покрај лошиот парламент, Владата успешно владее. Ете, на пример, немав поим дека ситуацијата ни е приближно како во времето на Анте Марковиќ, како што ни кажа премиерот на полноќ.

Не дај боже! И Анте Марковиќ не можеше да го собере парламентот. Башка што му се распадна државата.

4. Оваа иницијатива на ВМРО-ДПМНЕ за доверба на Владата ми изгледаше како кога гледам фудбалски натпревар на телевизија, што се одиграл вчера. Однапред го знаеш резултатот. А се палиш на снимка.

Да ги немаше, ќе требаше да ги измислат. Ваква опозиција може само да се посакува. Успеаја да ѝ дадат стабилност на Владата наредните три месеци. Таман да може без потреси да си се подготвува за избори. Освен тоа, ги вратија Албанците во пратеничките клупи. Повторно ја зајакнаа коалицијата. А тие дадоа беса дека не се враќаат додека повторно не се расправа за казните на осудените во аферата "паравојска". Иницијативата на ВМРО-ДПМНЕ излезе посилна од бесата.

5. Пред некој ден приватната ТВ станица "А1" ни овозможи преку видео-снимка да се запознаеме како се врши инспекција на зградата за македонска амбасада во Токио. Потоа видовме како по напорната инспекција помошникот-министер за односи со странство Јордан Веселинов се релаксира во некои токиски ноќни клубови. Во кадарот се појавија и некои девојки за кои рекоа дека се гејши, ама според нивниот изглед и однесувањето употребата на терминот "гејша" е навреда за јапонскиот култ и традиција. Мислевме дека гејшите се високообразовани девојки кои уште од детството се подготвуваат да го забавуваат царот. А тие спаднале на еден помошник-министер од некојаси далечна Македонија.

Прикажувањето на снимката имаше благородна цел. Да види скопската публика како се трошат парите од службените дневници. А дневниците на државните претставници се на товар на буџетот. Буџетот се полни со даноци. Ама се појавил дефицит. Па Владата ги зголеми царините да ја пополни дупката.

Сега секој даночен обврзник може мирно да спие. Знае дека и тој помогнал при инспекцијата за отворање на некоја амбасада.

6. Премиерот самоуверено порача: "Народот знае за кого да гласа!" Значи, предизборната трка е отворена. Допрва ќе се изнагледаме снимки и фотографии. Ќе има соголувања колку сакаш. Време е за стриптиз.

# РЕЛАТИВЕН ЛУКСУЗ

**23 јули 1994**

## • Што ќе ти е автомобил, ако имаш машина за перење

1. Дилемата дали 200 марки плата е повеќе од 100 марки ја разреши премиерот Бранко Црвенковски при последното појавување на Македонската телевизија. Особено што својата констатација, дека сега имаме поголеми плати отколку во времето кога тој го направи владиниот кабинет, ја повторува при секое појавување во јавноста. Откако ја одбрани довербата на пратениците, при што најави дека би сакал на избори да излезе малку порано, да ја зезне зимата, сериозно почна да нè убедува дека сега многу поубаво живееме. Останува дилемата дали 200 марки се повеќе од триста марки.

Одговорот доаѓа во примерот на релативноста на луксузот. Кога имавме сто марки плата, му се настрвивме на тогашниот премиер д-р Никола Кљусев, кој во истата емисија "Директно со Владата" ни порачуваше дека машините за перење се луксуз и би требало во секоја зграда да има по една перална.

Сега, со двесте марки плата, премиерот Црвенковски ни порача дека луксуз се автомобилите, па затоа и се зголемени давачките за нивно купување. Што покажува дека нешто се помрднало на добро. Кљусев не ни оставаше простор за избор – или ќе переме во јавни перални, или во река. Разликата е во тоа што сега Црвенковски ни дава широк избор. Можеме да одиме пешки, да возиме велосипеди и мопеди, да си ги поправиме крнтиите што одамна станаа полнолетни, да се возиме во прастарите автобуси... Било како, само да има што повеќе шанси некој да "нè вози".

2. Чудо, како по поскапувањето на низа производи за широка потрошувачка јавноста не се потресе за ништо друго, туку баш за автомобилите. Што значи дека народот не сака друг да го вози.

Премиерот објаснува дека како влада би излегле несериозни пред Меѓународниот монетарен фонд, ако од една страна ја драматизираат ситуацијата (блокади, невработени, пад на производството, затворени гиганти...), а од друга страна стимулираат увоз на луксузни производи, како што се автомобилите. И – уште ни дообјаснува дека мал процент од населението може да си дозволи таков луксуз.

Останатиот голем процент, што не може да си дозволи луксуз на прагот на 21 век да вози автомобил, плаќа даноци за да може да се пополни буџетот од каде што ќе се купат нови возила за Владата. На пример, за четириесетте "фолксвагени-венто" на македонската полиција и за уште 100 други, за кои министерот Фрчковски веќе се пофали дека ќе ги набави. И за другите "мерцедеси" и "БМВ-а", што не знаеме чии се, бидејќи другите министри не се фалбаџиски настроени.

Што има народот да се мачи да купува автомобили? Статистички, Владата ќе го зголеми бројот на автомобили во државата.

Беа добредојдени минатата недела, кога го пречекувавме Вилијам Пери. Во чест на американскиот министер за одбрана, на скопскиот аеродром беше построена цела ергела нови возила. Им се покажувавме на Американците.

Сигурно премиерот Црвенковски не бил прашан за тоа кои возила да му се покажат на Пери. Инаку би организирал конвој од "трабанти" и понекој "вартбург". Ако не смеат експертите од ММФ да видат дека возиме скапи и нови автомобили, тогаш зошто би смееле Американците. Како ќе ни дадат пари? И после ќе им се лутиме кога за нивната забава ќе бараат спонзори меѓу нашите фирми!

3. Онаа најава на Фрчковски дека ќе набавува уште автомобили почна сериозно да се чувствува. Полицајците излегоа на терен како да се инкасатори. Најревносни се во ноќите преку викендот. Секој петок и сабота навечер, цели групи полицајци со сите расположливи "пајаци" од Скопје крстосуваат по клучните места за забава низ градот и ревносно прават ред во сообраќајот. Младите во Скопје веќе измислија виц: "Внимавај каде паркираш, да не влезеш во пајаковата мрежа на Фрчко!"

Дента кога Владата ја бранеше својата доверба, неколку пати за збор се јавуваше токму министерот на полицијата. Тогаш тој меѓу другото рече дека граѓаните на Република Македонија се чувствуваат сигурно. Секогаш и на секое место.

На скопскиот булевар Св. Климент Охридски, инаку во последно време место што поради бројните кафулиња стана центар за забава, се паркира една од старите "марици" и едно возило на МВР. Полицајците влегоа во кафеаната. Дискретно, колку што може да биде кога среде младите ќе се појават дури осуммина униформирани лица. По извесно време згасна музиката. Двајца полицајци го зедоа меѓу себе диск-џокејот, а овој во рацете си го понесе радио-засилувачот. Потоа, дискретно, осуммината си заминаа со комбето и со полициското возило и со засилувачот. Нема гласна музика, сигурноста на граѓаните е на ниво. Останав зачуден како за толку тежок деликт на загрозување на сигурноста не испратија и хеликоптер? Тој ќе кружеше со запалени рефлектори над кафулето, додека полицијата ја изведуваше акцијата.

4. Старите социјалистички мезимчиња – млекарниците од државава, решија повторно да нè вратат во социјализмот. Прво бараа слободна цена. Кога тоа го добија, сега бараат никој друг да не продава млеко освен тие.

Новинарите дознаа дека при последната распределба на контингентите, Владата не предвидела во следните три месеци увоз на млеко. Ќе нè убедат дека нашето млеко е поубаво од странското во тетрапак. Особено кога странското го нема. Сега ќе треба да се запленат сите засилувачи во скопските кафулиња. Народот треба да спие. Како инаку ќе станува рано во пет часот. Ќе се реди во редиците за млеко на социјалистичките млекари.

# ЏЕВДЕТ БОРДЕРО

**30 јули 1994**

## • Души ја Србија за да ја задавиш Македонија

1. Цариниците на скопскиот аеродром во првата наредна прилика кога ќе го видат министерот за финансии Џевдет Хајредини како заминува на некои важни средби во Вашингтон или Лондон, ќе му побараат потврда од банка за девизите што ги изнесува од земјата. Ако нема, ќе го претресат, како што ги тресат шверцерите на летовите за Истанбул. Бидејќи е министер, ќе му попуштат, па ќе му остават илјада марки да му се најдат за трошок во белиот свет. Остатокок ќе му го одземат, а бидејќи сме правна држава, против Хајредини, како сторител, ќе се покрене постапка за девизен прекршок.

Така стои во соопштението на Министерството за финансии. Што значи, и министерот како "домашно физичко лице може да изнесе во странство девизи во ефектива во износ од 1000 ДЕМ", и тоа врз основа на потврда на купени девизи или, гледај го ова чудо, "потврда од банка за подигнати девизи од девизна сметка или девизна штедна книшка". И – како што нормално бива, домашното физичко лице ќе оди во една од социјалистичките банки, ќе направи фиктивен влез-излез и за тоа задоволство банката ќе му наплати провизија. А заробените девизи ќе си стојат на сметката. Ем банката ти ги држи парите, ем уште и си наплаќа затоа што не може да ти ги исплати.

Министерот Хајредини би можел да биде присутен на скопскиот аеродром кога му доаѓаат разни експерти од Меѓународниот монетарен фонд и од банките во Вашингтон и Лондон. Ќе им се најде на луѓето. Да им ги пополни обрасците со кои гостите ѝ признаваат на македонската држава дека внесуваат повеќе од триста марки. Што е сосема нормална процедура, позната од времето на комунизмот во Полска. И сосема вообичаена за држава како нашава, во која не функционира ниту една странска кредитна картичка.

2. Научени да ја почитуваме желбата на министерот за односи со странство Стево Црвенковски, кога се враќа од пат да не го пречекува никој на аеродром, не ни помислувавме дека би можеле да тркнеме по изјава до "Петровец" кога министерот се враќаше од Египет.

Арно ама, завчера се случи нешто чудно. Уште изутрината службеничките во Министерството за односи со странство ги повикаа сите редакции да ни го соопштат точното време на слетување на авиончето на Црвенковски. Кога се враќаше министерот од Њујорк, обично новинарите ги вртеа телефоните на Министерството, а тамошните служби обично не знаеја кога е најавено слетувањето.

Собрани пред полициската станица на скопскиот аеродром, неколкумина дежурни чекачи на сите специјални авиони што долетуваат во Скопје, од сите

редакции, завчера се обидуваа низ шега да откријат од каде сега толкава заинтересираност на Министерството за коректен контакт со медиумите. Изгледа требаше претседателот Глигоров да ги искритикува дека не знаат добро да работат на планот на информирањето, па некој за да се покаже ѝ наредил на секретарката да сврти неколку броеви низ Скопје. Пред две недели, во интервјуто за Македонската телевизија Глигоров тоа јасно го кажа пред камерите. Изгледа и нему му здодеа да ги слуша вработените во неговиот кабинет, кога му се жалат дека и за наједноставна информација новинарите се јавуваат кај нив, а не во ресорното министерство.

3. Уште малку, скраја да е, па ќе почнам и јас да ги ценам типовите како Караџиќ, Младиќ, Милошевиќ... Штом цел свет ги цени, луѓето мора да вредат.

Еве невропсихијатарот од Пале по втор пат во Женева ќе го однесе розевиот коверт и на големите сили ќе им постави ултиматум што тие нормално ќе мораат да му го прифатат, како по обичај. Нивното "да", што значи "не" за планот на големите сили кои веќе ја отпишаа Босна како држава, подразбира и "натамошно прилагодување на мапите на виталните интереси на српскиот народ, разграничување на Сараево, решение за излез на море, државно поврзување со соседните држави и уште укинување на санкциите". Босна е мртва, да живее голема Србија.

4. Додуша, нема баш така лесно големите сили да му прифатат сè на Караџиќ. Малку ќе се фолираат, ќе се закануваат, ќе преговараат. Досега веќе научија добро како се прави тоа.

Ете, државниот секретар на САД Ворен Кристофер најави нов механизам на казнени мерки. Што значи, претседателот Глигоров би можел деновиве да очекува пријателско писмо од Америка да го зајакнеме спроведувањето на санкциите кон Србија и Црна Гора. А стопроцентно нема да добие писмо со кое Американците ќе го уверат дека ќе ја натераат Грција да го укине ембаргото кон Македонија.

Новиот механизам на казнени мерки ќе дејствува по принципот: "Души ја Србија, задави ја Македонија".

## ЛАДЕНИ ГЛАВИ — 6 август 1994

**• Никој нема право на македонскиот народ да му вика Шиптари**

1. Да не беше "Стопански весник", немаше да се види ништо од свечената прослава на 50-годишнината на АСНОМ. Форматот на овој весник е повеќе од двојно поголем од форматот на поканите за свечената седница на Собранието, што се одржа во Домот на АРМ, па согласно со законите на аеродинамиката –

поголем весник, кога се користи како ладало, прави поголем ветер. Форматот беше – таман. Да се делеше по некоја случајност "Нова Македонија", пратениците и гостите од многу мавтање ќе направеа торнадо.

Многу е незгодно кога на вакви манифестации, на кои меѓу другото се оди и за да се види и да се биде виден, не работи клима уредот во салата, ниту пак има некакво природно проветрување, па не се знае од каде дува ветерот. Па не знаеш каде да се свртиш. Кога се дуваш со покана или весник, ветерот обично доаѓа однапред. Така што и од таа гледна точка организаторот ја погоди целта. Сите гледаа во правецот од каде што доаѓа ветерот.

Се очекува техниката да напредне, па кога ќе ја славиме 100-годишнината на АСНОМ, гостите ќе користат пософистицирани методи на ладење на главите. Ќе се печатат покани со поголем формат. Може уште да се смисли, пред влегувањето во салата, сите да бидат потурени со кофа вода. Па сите ќе излезат – покиснати. Овој пат излегоа – попарени.

2. За разлика од претседателот Глигоров, кој на свеченоста во вжештената атмосфера во Домот на АРМ, а без покана и "Стопански весник" при рака, со шамивчето собираше пот од лицето, премиерот Бранко Црвенковски другиот ден си се ладеше под ведро небо на Мечкин Камен. Застана на бришан простор, на отворено пред Љупчо Георгиевски и Доста Димовска и нивните револуционерни симпатизери, дојдени специјално за да ѝ дадат повеличествен тон на прославата.

На општо и колективно задоволство на Љупчо и Доста. А сè во знакот на идеите на Крушевскиот манифест од 1903-та. Додека Бранко полагаше цвеќе на споменикот, новокомпонираните револуционери го поздравија со "Уа!" и со извиците "Шиптари, Шиптари..." Со свирежи и со "Уа!" беа поздравени и Љупчо и Доста, ама од другата страна, но сепак тоа не го расипа генералниот впечаток, што мора да бил многу пријатен штом ја видовме госпоѓицата Димовска насмеана. Додека тие од зад неа му викаа на премиерот "Уа!", таа се топеше од блаженство и милина.

Подоцна на настанот реагираше некојаси ВМРО-ШПЦХР (веќе не можам да им ги паметам имињата, колку многу револуционерни организации се намножија), со соопштение за јавноста во кое стоеше дека "никој нема право на македонскиот народ да му вика "шиптари"! Што не е во колизија со човековото право некој некому да му рече: "Ти си мајмун". Ниту пак е против неприкосновената граѓанска можност да се обратиш со "Коњу еден!" Само не викај – Шиптар!

3. Во Св. Прохор Пчињски повеќе не можеме да славиме. Во Крушево е многу бучно. Во Скопје е жешко, а не работат клима-уредите. Во тек е потрага по некое место за прослава, што ќе може да ни ги замени досегашните традиционални места.

Најголеми изгледи на успех, да стане познато место од новата македонска историја, има битолското село Трново. Зошто? Прашајте го Васил Тупурковски и претседателот Глигоров.

4. Кај нас, како така, ветерот помалку го менува правецот. Ама, гледајте го Слободан Милошевиќ. Вистински провев. Луѓето издувани. А тој – кандидат за Нобелова награда за мир.

Човекот вели дека од мир се плашат само воените профитери и луѓето со нечиста совест. А тој, и покрај тоа што ја започна војната и што ги предизвика сите несреќи на територијата на бивша Југославија во последниве три години, и натаму има чиста совест.

И пред две години, кога вршеше притисок на Србите од Краина да го прифатат Венс-Овеновиот план,, се однесуваше слично. Тогаш го смени Милан Бабиќ. Сега Милан Бабиќ е министер за надворешни работи на таканаречената Република Српска Краина. Очекувам по две години Радован Караџиќ да биде министер за надворешни работи на Голема Србија. Претседателот ќе биде непроменет – Слободан Милошевиќ.

Вчерашна "Политика" во својот коментар пишуваше дека "кога еднаш ќе се тргне по патот на мирот, народот нема да можат да го водат истите тие кои две години гаѓаа цивилни објекти во Сараево со директен пренос на сите светски станици и тие кои на згрозување на светот гордо ја промовираа својата поезија над Сараево кое гори..."

Кога ќе се тргне по патот на мирот, тие што сега ова го пишуваат, ќе заборават дека тогаш пишуваа дека Србите го ослободуваат Сараево, а странските ТВ станици го сатанизираат српскиот народ и нивниот водач во Босна, кој е толку хуман што пишува поезија.

## ПРОХИБИЦИЈА ´94 — 27 август 1994

### • Лека ноќ, драги деца!

1. Решивме да станеме работни луѓе. И во Европа да влеземе наспани. Односно, тоа го реши Владата со оној страшен декрет за затворање на сите кафулиња, кафеани, ресторани, сендвичари и така натаму, во 11 часот навечер, па отсега натаму Скопје ќе личи на оние здодевни европски метрополи, каде што луѓето одат в кревет во време кога скопјани се подготвуваат за излегување и каде што сонливи чекаат по метро-станиците за да одат на работа, во време кога скопјани се прибираат дома на спиење.

Којзнае, можеби историјата ќе го осуди Бранко Црвенковски како убиец на душата на градот. Зашто, што друго можеше да му се покаже на странец и што го правеше Скопје интересно, ако тоа не беше ноќниот живот на младите? Не очекува веројатно некој да им се одушевува на блоковите на Градскиот ѕид. Или на должината на здодевните социјалистички булевари. Барем да нè оставеа во петок и сабота да се издуваме. А не во 12 да нè бркаат дома.

Сиромашките полицајци. Се отепаа од работа. Преку ден патролираат на Партизанска пред пазарчето Буњаковец и со помош на пајакот на сите сопственици на паркирани возила практично им ја покажуваат неостварливоста на теоријата за носење на две лубеници под една мишка пешки до дома, а пред полноќ шетаат по кафулињата и гаснат музика. Во рамките на акцијата "Прохибиција ´94" се предвидува некаде пред полноќ на екраните на МТВ да се појави лично министерот Фрчковски во специјална емисија: "Лека ноќ, драги деца" и да отпее приспивна песна.

Во градот веќе се заговара организирање на средношколците кои, во знак на протест против "декретот" со кој се укинува "забавата", ќе штрајкуваат и на 1 септември нема да се појават во училиштата. Ќе им бил нарушен енергетскиот баланс меѓу одморот и забавата. Сега ќе мораат да спијат пред да одат на училиште.

За очекување е страшниот декрет да стане тема и за предизборни препукувања. Тие што сметаат на гласачите од студентската популација и младите невработени, ќе мораат да им ветат укинување на декретот и забава до паѓање во несвест. Владата изгледа смета на гласовите на нивните родители. Затоа што ги затвори местата каде што во предизборието можеше да се дружи со младите. Барем премиерот имаше навика одвреме навреме да се појави во диско.

Ете зошто министерот Туше Гошев навреме ги подели големите станови на функционери. Тие нема да служат само за приеми на новинари. Пратениците сега ќе можат да прават журки. Ако мислат повторно да се кандидираат, ќе си ги викнат на забава младите од својата изборна единица.

2. Сите млади не се забавуваат само со стоење по кафулињата. Младите ракометари отидоа во Израел да играат со Грците. А Грците не сакаа да си играат затоа што нашите носеле маички со натпис "Македонија". И го напуштија натпреварот. Така што нашите победија со 10 : 0.

Ех, што ти е младост! Две години преговараме со Грција на неутрален терен и со судија на теренот, а па уште сме нерешено. А младите ракометари – прво излегување на неутрален терен и победија. Единствената финта е во тоа да не дадеш да те соблечат.

Сега ми е јасно зошто министерот Стево Црвенковски и среде летните жештини оди со темни костуми и цврсто стегната вратоврска на кошулата. Тренира за продолжението на преговорите во Њујорк. Замислете да им текне на Грците да му речат на Сајрус Венс да го соблече Црвенковски пред да започнат со директни разговори. Можеби затоа уште сме во фаза на индиректни преговори. Следниот пат Црвенковски нека отпатува во Њујорк со црвена вратоврска со апликација на шеснаесеткракото сонце. Грчката делегација веднаш ќе се повлече. А Сајрус Венс ќе ги дисквалификува. Тоа му е поприфатлива варијанта отколку да врши притисок на Стево да се соблече. Очигледно.

3. Туристичката сезона заврши. Охриѓани можат да здивнат. Си отидоа туристите што им правеа бели. Сега сами ќе си се капат во езерото. Ќе си паркираат кај што си сакаат. Никој нема да ги вознемирува со гласна музика. Меанџиите ќе ги намалат цените на пијачките. Во самопослугите нема да ги поткрадуваат со заокружување на цените. Локалните полицајци нема да мораат да носат штрафцигери да ги вадат регистарските таблички на автомобилите од другите градови. Уште и да не им се вонсезонските спектакуларни убиства, охриѓани ќе си уживаат во животот со менталитетот на паланка. Им останува само да се молат и да се надеваат дека вгодина ќе им дојдат уште помалку туристи од годинава.

Во Охрид и оваа година се случи пливачкиот маратон. Овој пат поразличен од минатогодишниот. Лани Васил Тупурковски пукаше на стартот, а Киро Глигоров ги пречекуваше пливачите на целта. Годинава Киро Глигоров беше на старото место и викаше "Вива Аргентина", а Циле го немаше никаде и не викаше ништо. Не е белким да се случи на Циле да му се исушил барутот во пиштолот. И да пукне, не може да се слушне.

4. Се изнаслушав за аферата со "Стопанска банка". Те избори, те гувернери, те упади во монетарниот систем... Искрено, со економијата сум скаран, ама како што ја сфатив целата работа, ми се направи ќеифот.

Кога си во минус на тековна и кога одиш на шалтер за да земеш чекови, благајникот те враќа. Значи, Народната банка одбила да ѝ даде чекови на Стопанска банка зашто била во минус. Ете затоа ми се направи ќеиф. Нека видат и банкарите како изгледа кога молиш за чекови на нивните шалтери, а тие не ти даваат.

## РАСПУШТЕНИ ПРВАЧИЊА — 3 септември 1994

### • Претседателот на страна на угостителите

1. "Очигледно не можеме да собереме кворум. Веројатно на тоа влијае и почетокот на учебната година", рече потпретседателот на Собранието Киро Поповски, оставајќи нè во тешко разјаснива дилема. Белким сите пратеници немаат дома првачиња, па токму кога требаше да се појават во Собранието мораа да им ги носат школските чанти на првиот час. Очигледно не се сите во тие години за да се занимаваат со седумгодишни деца, така што оваа варијанта што произлегува од констатацијата на господинот Поповски отпаѓа.

Втор заклучок што може да се изведе од образложението за одолжување на седницата е дека и самите пратеници се првачиња и дека на 1 септември беа детски возбудени. Што би значело дека тие допрва треба да учат. Од што произлегува дека досега биле – неписмени.

И таа теорија паѓа во вода, зашто на вратата од благајната беше напишано дека доколку не се одржи седницата, првачињата ќе земат само половина дневница. Освен тоа, токму тој ден почна да се зборува дека ќе ги распуштат. Кога тргнаа на училиште, кога побрзо ги распуштија. И тоа не доаѓа предвид. Сите знаат дека тие самите можат да си се распушатат. Под услов да соберат 61 глас. А тоа не е можно, бидејќи тие веќе одамна се – распуштени. Само што тоа не го признаваат. Сакаат и натаму да бидат пратеници, а не распуштеници.

2. Во главниот град на државата предизборната кампања се води по прашањето на новото работно време на кафеаните, рестораните и локалите за забава. На отворањето на Клубот на СДСМ, што е партиски израз за кафе-ресторанот во близина на партиските простории, се појави претседателот Киро Глигоров. Веројатно и тој да протестира против декретот што го уби градот. Остана до после полноќ. Полицијата не се појави во 11 часот да ги разбрка гостите и да го изгасне светлото. Изгледа полицајците се исплашиле од телохранителите на претседателот. Така и Благоја Ханџиски, секретарот на партијата, кој беше домаќин на гостите, спаси глава да не биде приведен во полициска станица, заедно со останатите скопски меанџии.

Појавувањето на претседателот во ресторан, па макар и партиски, во четвртокот навечер благопријатно го почувствуваа и останатите кафеанџии во градот. Ја изгаснаа музиката на полноќ, а не во 11 часот. Којзнае, можеби Глигоров, иако во далеку поодминати години во однос на младата гарнитура на раководството на СДСМ, им ги истегнал ушите, сфаќајќи ја избирачката моќ на 2.700 скопски меанџии, уште два-три пати повеќе тамошни вработени, што на црно, што на бело, и којзнае уште колкумина гости на кои секоја вечер во 11 часот редот и мирот им го нарушува полицијата. А Бранко Црвенковски оди во Гевгелија.

Чувствувам дека по кафеанското прашање повторно ќе дојде до раскол во владејачката коалиција. Носител на декретот е Министерството за стопанство, односно министерот Петруш Стефанов, кој е од редовите на либералите. А најнапаѓаната страна е полицијата, односно Фрчковски, од редовите на СДСМ. Па, ако се сфати глупоста на декретот (нека ми извинат, ама не знам како да го наречам оној дел од текстот што вели дека диско-клубовите работат од 18 часот (!!!) – танцување на зајдисонце, од работа право во диско), многу лесно СДСМ да ги обвини либералите. Настрана што и во редовите на Либералната партија уште еднаш се потенцира расколот. Еден од главните опоненти на декретот на министерот Стефанов е познатиот скопски кафеанџија Љупчо Николовски –Фуфо, кој токму како кандидат на либералите се наоѓа на чело на градската влада.

3. Скопската ТВ станица "А1" во четвртокот ни ги прикажа главните кафеанџии во градот во полициската станица "Центар". Таму имаат можност да се дружат откако ќе им ги затворат кафеаните. Од снимката можевме да видиме дека тоа било многу "популарно место после 11 часот. Ако продолжи вака, ќе треба да му смислат некое убаво име. На пример "Биг блу" ("Големо сино").

Или – "Син оркестар". Само, како ќе реагираат станарите на блокот над станицата кога им го нарушуваат мирот после 11 часот. Петруш Стефанов ќе се кандидира за пратеник од "Лептокарија". Нема да може да се кандидира и во Центар.

Така полицијата станува замена за сè. Бидејќи родителите им го преотстапија воспитувањето на децата на кафеанџиите, а на овие тоа не им е работа, улогата на воспитувачи си ја презедоа полицајците. Еден ревносен воспитувач во скопската населба "Јане Сандански" минатата недела многу се налутил на невоспитано 14-годишно девојче и го казнил со истрел од пиштол. Девојчето лежи прострелано во рамо во Градската болница, а надлежните служви во МВР сè уште не се огласуваат официјално да го расветлат целиот случај. Белким не спаѓаат во воспитните мерки и пукањата со пиштол по малолетници?

4. Дали српскиот владика Јован ја минал грчко-македонската граница во мантија? Или македонските погранични органи не им дозволуваат на српските свештеници да влезат во Македонија во мантии само кога доаѓаат од север? Бидејќи Јован бил во Грција и уште патем побарал во Битола да се види со владиката Петар, за него немало проблеми.

Тоа мора да била приватна средба на двајцата свештеници штом не беше објавена во медиумите. Односно за неа дознавме од српскиот печат. Исто како што за преговорите на државата со Грција дознаваме прво од грчкиот печат. Јован изјавил дека од тој разговор добил впечаток дека МПЦ благонаклоно гледа на идејата за замрзнување на автокефалноста и за преговори за автономија. Од истиот печат дознавме дека такви преговори ќе се воделе во Женева.

Архиепископот охридски и македонски г. г. Михаил го знаеме како еден од најжестоките говорници кога е во прашање идентитетот на македонскиот народ и автокефалноста на МПЦ. Затоа, нека ги пакува куферите и нека си доаѓа побрзо од Канада.

## КОНЕЧНО ИСПРАВЕН

**10 септември 1994**

### • Колку ќе плати Ѕинго за вербален деликт?

1. Подобра честитка до народот за Денот на независноста на државата не можеше да биде смислена. Избори. И покрај фактот што општонародната забава, наречена предизборна кампања, ќе трае еден месец помалку отколку што се очекуваше и порај тоа што празникот не беше споен со викендот, чувството дека народните избраници што ги бендисавме пред четири години, по целата лакрдија што ја направија со институцијата парламент, конечно ќе си одат од ТВ екраните, беше доволно силно за празникот да го почувствуваме во најголема светлина.

2. Вчера беше обелоденета и првата партиска коалиција која ќе оди на изборите. На демократите на Петар Гошев им се придружи Демократската партија за економско единство на Балканот на д-р Ангел Џамбазовски. Инаку, Џамбазовски е и прв човек во Здружението на девизните штедачи и познат физиотерапевт, кој има рехабилитационен центар за физикална терапија во Скопје.

Веднаш почнаа говоркања дека сега Демократската партија во коалиција со девизните штедачи ќе стане најбогата партија. Ама и тоа дека власта сега има дополнителна причина да не ги одмрзнува штедните влогови на граѓаните. Со заробени девизи не може да се прави пропаганда.

Првата најавена коалиција ги поттикна размислувањата под кој слоган таа ќе излезе на избори. Демократите досега одеа кусо и јасно: "Конечно". Како ли тоа сега да се усогласи со слоганот којшто д-р Џамбазовски своевремено го употребуваше за рекламирање на неговиот рехабилитационен центар: "Влези искривен, излези исправен". Конечно исправен!

3. "Јас исправам криви Дрини" е најверојатниот слоган со којшто лордот Дејвид Овен ќе ги рекламира моделите на една меѓународна текстилна компанија. Вчера беше соопштено дека неговата женевска канцеларија јавила дека мировниот посредник на Европската унија за бивша Југославија ќе стане директор на меѓународната текстилна компанија "Коутс Виеља ПЛЦ".

Ова му доаѓа како еден вид унапредување. За време на неговото занимавање со бивша Југославија и особено со Босна, тој научи да црта, да крои карти, да креира територии. На почетокот настапуваше како манекен, со ноншалантно префрленото црвено шалче околу вратот. Потоа тесно ѝ го скрои на Босна и Херцеговина. Без сомнение, со такво кројачко искуство и мајсторија во креациите тој ќе биде од исклучително значење за текстилната компанија. Само, штета што, според соопштението од неговата канцеларија, оваа негова должност ќе биде од "секундарно значење". Подобро сите свои напори да ги сконцентрира таму. Побезбедно е ако се утнат мерките на некој модел, отколку на цела држава.

4. Најлошо ќе поминат фудбалските клубови на Македонија, ако некој нивни навивач утне и во навивачки занес, наместо "Напред наши"! викне "Уа Ѕинго!". Затоа што не знае дека во Фудбалскиот сојуз на Македонија донеле некаков правилник за дисциплинирање на навивачите, според кој се забранува да се употребуваат навредливи зборови на сметка на раководството на ФСМ. Државата Македонија го укина вербалниот деликт, ама претседателот на ФСМ Љубисав Иванов-Ѕинго, како држава во држава, повторно го воведе. Па така, ако некој навивач викне нешто против него или кој било од раководството на ФСМ, а тоа го сторил на прволигашки натпревар, фудбалскиот клуб ќе плати казна од 10 илјади марки, ако тоа се случи на второлигашки натпревар, казната е 5 илјади марки, а на третолигашки – уште помала.

Гледајќи ги пред некој ден на свечената трибина на натпреварот Македонија – Данска еден до друг, Ѕинго, претседателот Глигоров и премиерот Црвенковски,

си помислив, што ако сега некој викне "Уа Ѕинго!". Ако го исвиркаат претседателот на државата или премиерот, па и да викаат, против нив не е важно. Тие не спаѓаат во законите на ФСМ. Ама што ако некој викне: "Уа Ѕинго!". Кој ќе плати? Казната ќе мораше да си ја плати ФСМ како организатор на натпреварот. И според рангот: трета лига, втора лига, прва лига, репрезентација – Ѕинго ќе мораше од фондовите на Сојузот да издвои 20 илјади марки.

5. Со мачнина ги следев расправиите на филмските работници во Македонија, нивните меѓусебни плукања по весниците, несериозниот однос на Министерството за култура, надуени филмски величини и повредени суети... Затоа, кога ги слушам извештаите за извонредниот прием на "Пред дождот" во Венеција – филм што и самиот имаше проблеми при снимањето, но за кој младиот режисер Милчо Манчевски во комуникацијата не падна под нивото на неговите постари колеги и со тоа не беше воопшто интересен за јавноста во државата, имам некакви симпатии, уште на невидено. Којзнае, можеби врз основа на чисто субјективна, младешка солидарност.

А можеби и затоа што било кое добро уметничко дело од Македонија за државата може да направи повеќе од многу преговори, посредници, дипломатски ноти, изјави... Можеби филмот нема да гостува на Меѓународниот фестивал во Солун, каде што е поканет. Во него сепак се зборува македонски, се споменува името на државата, се вее знамето со шеснаесеткракото сонце, во кадарот се појавува црвен авион на којшто е испишано името на компанијата "Палер Македонија" – па можеби сето тоа ќе биде пречка филмот да добие виза да ја помине една од најзатворените граници во светот. Но – филмот е поканет да се појави во Солун. Само тој податок е доволен да се докаже дека сите работи не ги прави политиката.

# СИЛЕН ТОПУК

**17 септември 1994**

## • Сезаме, отвори се!

1. Претседателскиот кандидат на ВМРО-ДПМНЕ Љубиша Георгиевски ја започна својата предизборна кампања главно со критикување на сегашната власт. Меѓутоа, сепак ќе му биде тешко да го обвини актуелниот претседател Киро Глигоров за режирање на изборите. Во тој случај ќе мора да признае дека постои подобар режисер од него.

2. Сè уште не е докажано дали постои подобар актер од Петар Темелковски, ама неговиот фолклорен настап во Универзалната сала, на Конвенцијата на ВМРО-ДПМНЕ, дефинитивно ми помогна да ја сфатам смислата на животот.

Актерот ни порача дека "никогаш не треба да се откажеме од светиот идеал за обединување на Македонија, бидејќи тоа ќе значи дека напразно сме живееле".

Сега, соочен со страшното сознание дека досега фактички јас и не сум живеел и крајно деприимиран дека годините ми поминувале напразно дури и во оние светли моменти од моето минато кога одев на шопинг во Солун и се капев во Егејот, стојам пред животната дилема: да продолжам да живеам напразно, или да го следам светиот идеал за обединување на Македонија. Па ми доаѓа да викнам: "Перо, не сакам во Охрид! Таму е загадено, здодевно, скапо, нема странци и не ги сакаат скопјаните. Води ме на море!"

3. Постојната владејачка коалиција, без ПДП, на изборите ќе настапува под името "Сојуз за Македонија". Или – скратено СЗМ. Бидејќи трите согласки едноподруго тешко се изговараат, ќе ги викаме СЕЗАМ.

Тука би требало да се крие шифрата на успехот на претстојните избори. Како би му дошло добро на премиерот Бранко Црвенковски да пронајде скриено богатство во некоја пештера, за да му успее економската програма. Па на изборите ќе оди со слоганот "Сезаме, отвори се!" Што на гласачкото тело треба да му асоцира дека по отворањето ќе наиде на скриено богатство на Али Баба и неговиате 40 разбојници. Сепак, тука нешто не е во ред. Не е логично светлата иднина да ја бараме во – пештера.

4. Изгледа дека и лидерот на Демократската партија Петар Гошев е под влијание на приказната за Али Баба, што крадел од богатите за да им даде на сиромашните. Така современо се сфаќа даночниот систем на државата.

Каде е грешката на Гошев? Имено, тој во кампањата настапува со ветувањето дека, ако дојде на власт, ќе ги намали даноците.

Пред два-три дена во весниците можеше да се прочита податокот дека данокот на добивка го плаќаат само 50 од сто од приватниците. Па, тогаш кој ќе гласа за Гошев? Што е подобро, да плаќаш помалку данок или воопшто да не плаќаш?

5. Генералниот директор на скопската железарница Душко Чолаковски рече дека тој може да им обезбеди на работниците една плата, а "ако постои маж кој може да обезбеди две плати, нека повели на моето место".

Осумилјадното гласачко тело во Железарницата доби две плати. Значи, имало поголем маж од Чолаковски. Парите се од Комерцијалната банка, ама бидејќи тамошниот директор важи за "стиснат" човек, мора да го притиснал некој поголем маж да го одврзе ќесето.

Бранко Црвенковски може релаксирано да настапува на изборите. И да не му се даде можноста да го открива скриеното богатство во пештерата, барем си обезбеди работно место. Ќе биде директор на Железарницата.

6. Од вчера, па сè до денес, македонската јавност и дипломатскиот кор се крајно потресени и мислат на судбината на еден човек. Човекот се вика Бранислав Синадиновски, до вчера министер за надворешни работи во сенка, кој со

официјално соопштение им се обрати на јавноста и дипломатскиот кор дека ја напуштил ВМРО-ДПМНЕ. Јака штикла! Или, во превод – силен топук.

Во образложението за оваа негова одлука стои дека "во ВМРО-ДПМНЕ веќе подолго време не постои демократска клима и елементарни меѓучовечки односи". Големиот демократ по неуспехот во изборната единица 103 се прослави со демократската парола дека оваа власт може да се урне само на улица, а не по пат на избори.

7. Парафразирајќи ја паролата на Синадиновски: "Оваа власт може да се урне само на улица", во "Оваа уредба може да се урне само на паркинг", младите скопјани тргнаа во акција "Сите на Водно" против декретот на Министерството за стопанство за затворање на кафеаните пред полноќ. Нејќат да спијат, па нејќат. И кога видоа дека младите се жилави, па не попуштаат, им испратија полиција да ги контролира уште на паркингот кај "Панорама", за да не одат нагоре. Следниот чекор е забрана на движење во групи поголеми од тројца, по полноќ.

Автор на познатиот декрет е помошник-министерот за сообраќај Јово Векиќ. Господинот Векиќ има богато искуство во угостителството. Бил раководител на студентска менза. Секојдневно го малтретирале студенти. Сега дојде неговото време за одмазда.

## ТРИПЕР ПРОГРАМА — 24 септември 1994

### • Како функционира правна држава во племенска заедница?

1. "Вечер" пред некој ден ги објави фотографиите на сопругите на премиерот Бранко Црвенковски и на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Љупчо Георгиевски, Јасна и Снежана, што се вели – со мев до уста, пред пораѓање. Во меѓувреме госпоѓата Црвенковска родила ќерка. Како се случило двајцата кандидати за иден премиер на Македонија да го натемпираат времето за пораѓање на нивните сопруги во екот на предизборната кампања не е познато. Во секој случај на избирачите симболично им покажаа дека, за кого и да се определат, можат да сметаат на бериќетна иднина.

Па сега, нека рече некој дека Македонија не ги "трга" породилните маки во изградбата на демократијата. Блазе си им на сопругите. Барем ним ќе им олесни до завршување на изборите. Нас маките нè чекаат дури по изборите.

2. Минатата сабота се формира коалицијата Сојуз за Македонија. Ја формираа СДСМ, Либералната партија и Социјалистичката партија. Кога ќе се вратиме четири години наназад, за време на првите повеќепартиски избори, претходничките на овие партии настанаа од еден друг сојуз – Сојуз на

комунистите. Тогаш беа СКМ-ПДП, Реформистите и Социјалистичкиот сојуз. Сега наследниците со новите имиња повторно направија Сојуз.

Во меѓувреме не се изменија само имињата. Основно – направивме држава. Лидерот на СДСМ изгради препознатлив имиџ на најмлад премиер во Европа со "шизички" манири, лидерот на либералите постојано беше во центарот на интересот, било поради жестоките критики на опозицијата, било поради кокетирањето со некои надвор од владејачката коалиција, било поради "народските" истапи во Парламентот и го изгради имиџот на сива еминенција во македонската политика. Само социјалистот Киро Поповски остана ист како што си беше во времето на Социјалистичкиот сојуз и плурализмот на самоуправните интереси. За изминативе четири години не можам да се сетам на ништо значајно поврзано со неговото име, освен што постојано ми се враќа сликата од екранот за време на директните ТВ преноси на Парламентот, кога на секои пет минути пиеше минерална вода и си ги грицкаше ноктите.

Еден коментар од сосема непознат човек што присуствуваше на промоцијата на Сојузот за Македонија во МНТ, кој сосема случајно го чув, а ми се бендиса и го забележав, во моментот кога тројцата лидери заедно со претседателскиот кандидат Киро Глигоров се фатија за раце и ѝ отпоздравуваа на публиката беше: "Боже, како овој човек цел живот знае за кого да се закачи".

3. Сметам дека ќе биде голема штета ако Ѓорѓи Џорџ Атанасовски не може да биде претседателски кандидат. Ако му се дадеше можност да настапи барем на десетина митинзи со пишуваниот говор со кој им се претстави на новинарите, човекот барем ќе научеше полесно да чита, а можеби и ќе го разбереше тоа што му е напишано.

Инаку, најмногу ми се допадна како "родениот во Прилеп, жителот на Прилеп и интернационалниот бизнисмен" го сфаќа поимот правна држава. Господинот Атанасовски рече дека не е судија (веројатно мислеше правник), ама ќе формира комисија (веројатно од правници) која ќе направи правила на однесување и сите ќе ги почитуваат тие правила. Супер. Така функционира вистинска племенска заедница. Сите ќе ги почитуваат правилата на поглавицата Џорџ.

4. Приватната скопска телевизиска станица "А1" ги распродава своите термини на политичките партии, ама пустото, толку инсистира на тоа "независна" што задолжително, кога е откупен терминот на екранот се појавува натписот "Платена политичка програма". Или – ППП. Сето тоа кај скопските мајтапчии го "роди" новиот штос. Трите букви "П" се читаат како ТРИ-ПЕ-Р. А партиската програма се нарекува "трипер програма".

Кога ќе подразмисли човек, има некаква врска. Ова изборите станаа како заразна болест. Се добива со близок контакт меѓу многу луѓе. На почеток на сите им е убаво. После – ќе си ја чукаат главата.

5. Последнот претседател на Сојузот на комунистите на Југославија Милан Панчевски имаше изборна промоција во белградскиот весник "Политика". Наста-

пи од името на Прогресивната демократска левица, односно коалицијата на Демохристијанската партија, Демократската партија на Србите, Демократската партија на Југословените, Сојузот на комунистите на Македонија и Новото комунистичко движење. Зошто Србија се поистоветува со левица не ми е баш јасно, ама многу интересно е размислувањето на другарот Панчевски за политиката на еквидистанца кон соседите. За разлика од претседателскиот кандидат на ВМРО-ДПМНЕ Љубиша Георгиевски, кој исто така ја критикува политиката на еквидистанца и трга накај Бугарија, Панчевски размислува: "Каква политичка дистанца кога овде сите Срби се покажуваат како црни ѓаволи, а на нас Македонците со медиумски и новокомпониран приод на историски толкувања сега Албанците и Бугарите ни станаа браќа".

6. Меѓу првите приватизирани претпријатија во државата е и претпријатието "Солун" од Гевгелија. Деновиве очекуваме изјава на Евангелос Венизелос за најновата скопска провокација.

# ПОРЦИЈА ПОЈАДОК **1 октомври 1994**

## • Писмо од Њујорк

1. Грција страда од ембаргото што го спроведува кон Македонија. И тоа толку многу што веќе почна да се жали и во Обединетите нации. Нивниот амбасадор во Њујорк Христос Захаракис му се луги на генералниот секретар Бутрос Гали зашто го употребува терминот "економска блокада наметната од Грција". Како, кога економската блокада сама си ја наметнала Македонија. И ја ставила Грција во многу тешка ситуација. Па господинот Захаракис го подучува Генералниот секретар дека одлуката на грчката влада да го забрани транспортот на стоки преку грчкото пристаниште Солун за Македонија имала "неповолен и болен ефект на грчката економија", зашто е донесена во време кога таа и онака страда од економските санкции против СР Југославија!

Ете, сега ние сме виновни за неповолниот и болен ефект за грчката економија. И никако не сакаме да го подигнеме ембаргото. Па такви какви што сме, уште еднаш ќе нè обвинат за непопустливост и ќе ја фрлат топката на наша страна. Не видов, или барем не забележав, дека некое слично писмо, како дополнение на ова на Захаракис, испратил нашиот амбасадор. Ние сме фини и не пишуваме смешни писма. И мислиме дека сите се со нас. Како што тргнала работава, ништо чудно наместо ние, Грците да побараат расправа во Советот за безбедност за ембаргото и уште да докажат дека ние сме им го наметнале. Како што се родени трговци, ништо чудно и да нè натераат во иднина да им плаќаме отштета за штетите што сме им ги предизвикале со ембаргото.

2. Сепак, има една работа што ми се чини нелогична. Европскиот суд на правдата не донесе привремена одлука за укинување на ембаргото затоа што не можеше да најде докази дека неговата примена ги загрозува економските интереси на некоја земја-членка на Европската унија.

Сега грчкиот претставник во ОН самиот признава дека ембаргото има неповолен и болен ефект за нивната економија. Што е работава: дали негативните ефекти доаѓаат задоцнето или Грција се подготвува да замине од ЕУ? Или подготвува терен да лапне дополнителни пари од заедничката каса за да се брани од непријателските соседи, како во нејзините привилегирани стари добри времиња, по кои мечтае да ѝ се вратат.

3. Во њујоршките кафе-ресторани за јадење "од на нога" можат да се најдат два вида картонски чаши. На едните пишува "го сакам Њујорк" и има нацртано црвено срце. Другите се сино-бели со исцртани мотиви од античка Грција и со текст испишан со грчкиот тип на букви: "Ние сме среќни да ве послужиме". Веројатно затоа што голем дел од тие дуќани коишто во исто време се смеса од ресторани за брза храна, пиљарници, кафетерии, сендвичарници, салатарници – ги држат Грци.

Во такво ресторанче, во еден крајно неугледен кварт од Њујорк, на ѕидот врз печката стојат закачени две парчиња обична кафеава хартија за пакување на кои пишува: "Македонија – 4000 години елинизам" и "Македонија била, е и ќе биде грчка". Составот на гостите на локалот е таков што дури и кога би прочитале што пишува на ѕидот би им било сеедно дали таа Македонија е некој карипски остров, сојузна држава на САД, бивша советска република, или пак реклама за некој нов специјалитет за појадок во кафеаната. Па може да се случи некој да порача порција "Македонија" со американско кафе во грчка картонска чаша.

Не знам зошто Грците не би направиле промена во монотоните паузи за појадок на њујорчаните. Нека им ги заменат сино-белите чаши со црвено-жолти. На местото на античките вазни нека го исцртаат шеснаесеткракото сонце. И наместо да се фолираат со некаква среќа што услужуваат, нека си ги испишат омилените пароли на чашите за кафе.

А нас дефинитивно не нѐ бива за трговија. Ете, сега им дадовме идеја и пак нема да си ја наплатиме.

4. Трговскиот дух живее и во грчката делегација што учествува на Генералното собрание на ОН. Според програмата, министерот за надворешни работи Каролос Папуљас требаше да зборува еден ден по министерот за односи со странство на Македонија Стево Црвенковски. Меѓутоа, само ден пред тоа, Грците успеаја да се заменат со Џибути и во програмата да се стават на две места пред нашиот министер, во попладневната дебата. Дента кога требаше да зборуваат и Папуљас и Црвенковски, Грците успеаја својот министер да го префрлат како последен говорник претпладне.

И после Метју Нимиц ни зборува за некакво чесно решение на спорот, а под тоа подразбира земање и давање на двете страни. Класична трговија што

дипломатите ја нарекуваат – компромис. А штом е трговија во прашање, со Грците лошо ни се пишува.

5. Да нема недоразбирање. Тоа што во Њујорк се занимавав со Грците не е никаква опседнатост од нив. Едноставно, во време на предизборието најбезболно е да пишуваш на таа тема. Знаеш дека секогаш си на вистинската страна. И нема потреба веднаш по испраќањето на текстот од Њујорк да трчам да мијам раце. Тоа ќе го сторам дури пред да заминам на појадок во блиското грчко ресторанче. Којзнае, можеби на менито е порција "Македонија". А таа се јаде – со чисти раце.

## ФИЛМСКИ НОВОСТИ — 8 октомври 1994

### • Српски комбајни го жнеат македонското жито

1. Напред со здружени сили во изградба на социјализмот! Ако човек има нерви да ги изгледа сите пропагандни спотови на политичките партии, а притоа да не им ги следи предизборните настапи и да не знае ништо за нивните програми, ќе има чувство дека сите заедно ќе направат коалиција да нè вратат едно триесетина години наназад.

Демократите на пример кршат леб. Што веднаш ми асоцира на некое напатено работништво, пролетаријат на кој не само што капиталистите му го земаат со пот заработениот леб, туку уште не му оставаат ни да си купи сол, како што ѝ наликува на секоја македонска домаќинска куќа од 19 век.

Кога го гледам спотот на Сојузот за Македонија, со оние подавања на тули, градежни колички и алати гарнирани со црно-бели инсерти со многу аплаузи и ракувања, се чувствувам како во времето кога во кино пред секој филм ни проектираа журнал "Филмски новости". Во моментот ми понимуваат морници од слатка возбуда. Само нетрпеливо чекам кога ќе се појави Тито од некое прекуморско патување. Недостигаат уште Насер, Нехру и Сиримаво Бандаранаике. Наместо нив, некои личности од поновата историја. На пример, режисерот Милчо Манчевски, кој немал поим дека снимката од доделувањето на "Златниот лав" во Венеција ја искористиле во партиски спот. А тој не го сакал тоа. Што ако сега се јават и Благоја Аџиќ и Слободан Милошевиќ да побараат отштета за злоупотреба на нивниот лик и дело. Или, ако Милан Панчевски со неговата српска прогресивна левица, во знак на протест што му ги крадат омилените јунаци, ги бојкотира изборите.

Извесни проблесоци има во спотот на ВМРО-ДПМНЕ. Кај девојката што во влажна маичка со скок изнурнува од некоја сина вода, пред да се појави крст на некоја црква. Потоа сè тече по истиот шаблон – имаме површински куп на руда, измачени работници и многу, многу жито што го жнеат вредните жетварки

и жетвари со црвените комбајни на "ЗМАЈ". Ова со српските комбајни што го собираат македонското жито не е никакво режисерско промашување, туку доказ дека и оваа партија е за соработка со сите соседи, а не само со тие што први ни пружија рака и нè признаа.

Така, телевизиски подготвени го пречекуваме празникот 11 Октомври – денот кога свечено ќе започнат работите на пругата кон Бугарија. Како што сме запалени, ништо чудно во стилот на филмските новости и да запееме: "Ние ја градиме пругата, пругата нè гради нас!"

2. Ако ова со комбајните "ЗМАЈ" не е грешка, тогаш како да се протолкува тоа што во пополноќните програми на Комерцијалната ТВ станица "КРТ", кај скопското граѓанство попозната како Комитска телевизија, на порно филмовите оди превод на српски јазик. Ако е во функција на популационата политика и зголемување на наталитетот кај македонскиот народ, ајде и тоа ќе им го простиме. А можеби и тоа има добро осмислена и втемелена уредувачка концепција. На српски оди за да не ја гледаат Албанците. Тоа ќе им изгледа многу одбивно, зашто ќе го сфаќаат како непријателски совет.

Сепак мислам дека "КРТ" тука прави катастрофална грешка. Тителот на српски јазик е лош инструмент за регулирање на популационата политика. Додека Македонците гледаат, Албанците не губат време пред телевизорот. Работат на случајот.

3. И покрај тоа, гласачкото тело им е намалено. Ги нема во изборните списоци тие што не го имаат регулирано државјанството. Па сега ПДП, по стариот испробан метод, се заканува дека ќе ги бојкотира изборите. И уценува, до 10 октомври сите да бидат впишани во избирачките списоци. Ништо ново, бидејќи и досега тие политиката ја засноваа на уцени и условувања. Па така го бојкотираа референдумот, не гласаа за Уставот, го бојкотираа пописот од пред три години, уценуваа за најновиот попис, условуваа за редица други закони...

Не знам во која држава може да гласа некој што не е нејзин државјанин. Можеби во Албанија!? Кога ќе бидат следните албански избори ќе побарам да ме запишат во нивните избирачки списоци. Уште и ќе бидам во предност. Ќе отседнам во хотел. Што значи, барем ќе бидам регистриран со привремен престој.

4. Дури деновиве ми стана јасно што значи тоа "македонска еконоимија", за којашто зборува кандидатот за премиер Љупчо Георгиевски. Ни разјасни нивниот творец на економската програма Борис Стојменов на примерот на земјоделците. Тој рече дека кога ќе дојдат тие на власт, нема да им даваат на земјоделците комерцијални кредити, туку ќе им делат од примарната емисија. Тоа е поубав израз за печатење пари. А инфлацијата ќе ја поделат рамномерно на сите. Бидејќи ќе треба да се печатат многу пари, ќе мора да работи со зголемено темпо и печатницата во Прилеп. Што значи, така ќе се стимулира и стопанството. Коешто, нели, целото ќе биде подржавено, а ќе се приватизира во наредните 20 години. Да се заштитела општествената сопственост. Ќе бидат намалени и даноците, а и

странците што ќе вработат 100 луѓе ќе бидат ослободени од плаќање данок. А ќе има професионална армија. Според македонската економија, без даноци што ќе го полнат буџетот, веројатно и таа ќе се финансира од примарната емисија. На тој начин ќе се платат и авторските хонорари на режисерите што ќе го режират новиот строев чекор. Љубиша Георгиевски како претседател на државата ќе се откаже од тој хонорар и така ќе придонесе за подобрување на благосостојбата на македонската економија.

## КОЛЕКЦИОНЕРСКИ ЗАПАЛКИ 15 октомври 1994

- **Во чад можеш да правиш што сакаш, а после да ги убедуваш другите дека тоа не си бил ти**

1. Зарем ќе молчиме? Зошто ли ги измислија овие два дена изборен молк. Протестирам против загрозувањето на основното човеково право. Поради тоа што сум ставен во неприродна ситуација да молчам за изборите, еден ден пред да се отворат гласачките места. И тоа да молчам во рубрика што носи наслов "Сакам да кажам".

Среќа што ни рекле да молчиме само два дена. Среќа што измислиле и втор круг, па од понеделник ќе си продолжиме по старо. Не велам дека беше баш пријатно и во изминативе месец дена, зашто што и да напишеш ќе ти го стават во рамки на предизборната кампања. Башка што постојано треба да глумиш неутралност, а нешто не ти се допаѓа, па – амин, ама барем немавме проблеми да го исполниме новинскиот простор.

Освен тоа, ова беше добредојдено време за разни колекционери. За луѓето што собираат изјави на мудрости, глупости, беџови, налепници, плакати, знаменца, пенкалца... И – запалки. Делењето запалки е феномен за сеопфатна анализа. Не само што покрај толку запалки и на непушачот му доаѓа да пропуши. Повеќе поради симболиката. Запалката служи за – потпалување. А потпалувањето служи за да се направи чад. А кога има чад, може да правиш многу работи зашто мислиш дека не те гледаат. Сѐ е некако магливо. Ту гледаш, ту не гледаш. После кога ќе секнат запалките, а и чадот ќе го однесе ветрот, ќе можеш да се правиш луд. "Не бе, не си ме видел!" "Не, јас не сум правел така!" "Не, погрешно си разбрал!" "Не бе, јас не бев таму, си се препознал"...

2. Скопски "Комуналец" реагираше последниот ден пред да стапи молкот на сила. Апелираше до политичките партии во Македонија за зачувување на еколошката средина.

Јавното претпријатие "Комунална хигиена" се јави со соопштение во кое предупреди дека "во жарот на меѓупартиското натпреварување не се води сметка

за лепењето плакати и делењето на пропаганден материјал, што по скопските улици и тротоари создава крајна нехигиена". Сигурно луѓето во портокаловите униформи со гумените ракавици видоа многу валканици. Па уште нивното претпријатие жално нè потсети дека октомври, веројатно традиционално, е месец на хигиената. Што ако? Тоа не се однесува на менталната хигиена.

3. Предизборниот период беше добар и да ги слушнеме пораките од соседите. Така, белградскиот манекен, и по вокација и по моменталната позиција, Зоран Лилиќ, инаку во улога на претседател на Сојузна Република Југославија, дал интервју за грчката државна телевизија. Откако ни ги соопштил познатите и повеќепати чуени ставови на неговиот главен моден креатор, од типот "Скопје следи политика која е спротивна не само на неговите, туку и на интересите на регионот", а малку им се додворувал на Грците тврдејќи "колку што јас знам, во Грција нема такво ("славомакедонско") малцинство", манекенот ни уплатил и една многу интересна порака.

Имено, во интервјуто рекол дека неговата земја "ќе истрае во напорите, раководството на Македонија да сфати дека мора да се почитуваат сите права на Србите кои живеат таму, исто онака како што инсистира во Босна и Херцеговина и во Хрватска".

Супер! Бидејќи веќе две години гледаме како неговата земја истрајува во напорите ширум Босна и Херцеговина и на третина од територијата на Хрватска, можеме да претпоставиме со кои методи тие би инсистирале на правата на Србите и во Македонија.

4. Грците преку граничниот премин кај Гевгелија го пропуштиле првиот човек со син македонски пасош. И тоа им е дел од сценариото со кое нашиот јужен сосед одеднаш стана конструктивно расположен и подготвен за дијалог.

Треба да пристигне пченката од САД. Тоа е онаа пченка што ја купивме со кредитот од 8 милиони долари, што го добивме исто така од САД. Бидејќи таа мора да пристигне преку железница (а тоа се вагони и вагони преполни со пченка), ете им алиби на Грците како повторно да покажат флексибилност, а нас да нè обвинат за непопустливост. Така Американците им помагаат двојно – ем да го олабават ембаргото што им пречи и на самите Грци, ем да ги претстават како конструктивни и со добра волја. По тоа, логично е следниот чекор да се очекува од нас.

5. Не знам што би требало да се случи, па да се организира една искрена веселба. Луѓето за своите родендени прават забави, фрлаат конфети, дуват балони, а кај нас се случува светска премиера на македонскиот филм што добил Златен лав, а на артистите никој не им доделува барем едно цветче. Небаре наградите им доаѓаат секој ден, па на премиерата можат да одат и сами, бидејќи не им дале билет ниту за брачните, или било какви партнери. Велат, другите денови, кога филмот го гледале обични луѓе, имало поголем аплауз отколку на премиерата.

6. Конечно ја пресековме лентата за изградба на пругата кон Бугарија. И на глава ни ги качија 120-те милиони долари што таа ќе ги потроши. И уште некои 2 милиона долари за физибилити студија за коридорот Исток–Запад.

Имав среќа пред десетина дена да патувам во Њујорк. Хотелот во којшто престојував се рекламираше со податокот дека пред две години за негово реновирање биле потрошени 60 милиони долари. А нас, за пруга, дури со 26 тунели ќе ни требаат 120 милиони долари. Тоа колку за споредба, кај сме ние, а каде е Америка. А за празничното сечење ленти, ич да не зборуваме.

## ПРОМАШЕНИ ГОВОРНИЦИ 22 октомври 1994

### • Секој има право да застане пред црква и да вика "ова не е џамија"

1. Се сеќавате ли на првата плуралистичка ластовичка на овие простори? На Лигата за демократија и нејзиниот лидер д-р Ѓорѓи Марјановиќ, кој уште пред пет години, кога Петар Гошев беше претседател на ЦК СКМ и кога во Македонија ретко кој помислуваше дека некогаш ќе има повеќепартиски избори, ѝ објаснуваше на јавноста што е тоа граѓанска партија. Нека ми прости ако не го цигирам од збор до збор, ама објаснувањето му беше отприлика дека основна цел на таа партија е да не дозволи да дојде до револуција...

Пет години подоцна наследничката на Лигата за демократија стана филијала на партијата со револуционерно име. На оние што се сеќаваат на приемите на високо европско ниво во хотелот "Континентал", на одбраниот, убаво облечен народ, на собирите од високо интелектуален карактер, на шмекот на новата македонска буржоазија, што не ја сочинуваат само пиљари и набрзина збогатени трговци, на претставките во Уставниот суд за проширување на човековите права, сега само им преостана да го гледаат Петар Гошев во сенката на Љупчо Георгиевски и да размислуваат како евентуално би му стоела црвена беретка на главата. Којзнае, можеби така и ќе поттикнеше некој, барем додека тој зборуваше, да го извика и неговото име...

Гошев ја промаши говорницата. Во предизборието бев на сите поголеми митинзи во Скопје и искрено не верувам дека тој состав на луѓе што го видов на митингот на Демократската партија можеше да се замисли себеси меѓу луѓе кои ќе тргнат во поход на Собранието, ќе викаат "Македонија на Македонците" во комбинација со "Чиста Македонија", ќе споменуваат сатари и други интересни реквизити за демократска борба. А нивниот број, колку и демократите да не се задоволни од резултатите, е завиден и воопшто не е за потценување. Кога не би им ги дале гласовите ним, а веќе сакаат промени, зошто тогаш би ризикувале. Би гласале за ВМРО-ДПМНЕ, ако веќе Гошев и онака се однесува како примерно учениче на Љупчо Георгиевски. А тие – и покрај Гошев, гласале за Демократската партија.

2. Којзнае, можеби токму некој изневерен гласач е автор на графитот на зградата на ГУВР во Скопје "Збогум Гошев". Некој што едноставно не гласал за Сојузот за Македонија, ами и што не сака да го идентификуваат со ВМРО-ДПМНЕ. Зашто, помалку или повеќе, сè беше очекувано. Повеќето гласаа за "партијата на Киро", не водејќи сметка дека кога заокружуваат можеби го даваат гласот за некоја личност која секојдневно ја озборуваат. Тие што губат, нормално е да се лутат. Од ВМРО-ДПМНЕ се очекуваше да направи митинг на незадоволство. Едноставно тоа го бара нивното гласачко тело. И од полицијата можеше да се очекува да го плаши народот да не излегува на митинг, за да ѝ биде полесно ако се случи нешто непредвидено. Само од лидерот на Демократската партија беше глупаво да се очекува да се однесува како да ја промашил партијата.

3. Не е тој единствениот што е изгубен. Така ми изгледаат и некои членови на Државната изборна комисија. Од почетокот сите им беа лути, зашто сите знаеја повеќе податоци од нив. Стотина странски известувачи седеа два дена по изборите, се чудеа зошто нема резултати, попусто бараа објаснувања, потоа го "покрија" и митингот на ВМРО-ДПМНЕ и си ги спакуваа куферите и заминаа од Скопје без да јават кој победил на изборите.

Сега си останавме само домашните новинари, па бидејќи нема од кого да се срамиме, не ѝ се лутиме на Комисијата. На прес-конференциите одиме како на хуморески. Да се смееме на лапсусите од типот: "Не е битен процентот на излезени избирачи". Или – "За кандидатот Георгиевски се пронајдени 50 илјади неважечки ливчиња"...

4. Некојси Алексовски од некојаси ВМРО-Обединета, што ги скрши гласачките кутии во неговата изборна единциа, разочаран што многу бил оштетен, свика прес-конференција и најави дека ќе падне крв и некој ќе виси на мостот.

Можеби човекот бил толку разочаран што сакал да се обеси. Белким оваа држава е толку демократска да му дозволи на секој што сака да се обеси тоа и да го направи. А дали тоа ќе го стори на мостот, веќе е прашање на личен избор и ексхибиционизам. Исто како што секој има право да застане пред црква и да вика "Ова не е џамија"! Како што викаа преостанатите учесници на ВМРО-ДПМНЕ, кои, откако се откажаа од нападот на Собранието, отидоа до Соборниот храм "Св. Климент Охридски" да запалат свеќа за Македонија. Сиромашкиот свети Климент. И него го чуваше полиција.

# КАНДИДАТСКИ ПЕНКАЛЦА 29 октомври 1994

## • Што е подобро од "Скопско пиво"?

1. Меѓу двата изборни круга, минатата недела, почна да се гради патот Титов Велес – Прилеп, преку Бабуна. Пред првиот изборен круг свечено започнаа работите на пругата кон Бугарија. Некако во исто време ја пуштија и третата лента на преминот Деве Баир. Тука некаде се провлече и отворањето на хируршкиот Ургентен центар на Медицинскиот факултет во Скопје. А за чудото невидено, како под Вардар се поставуваат 120 метри гасовод, за што се собраа толку сеирџии и се изнагледавме долги ТВ прилози, небаре го пробиваме тунелот под Ла Манш, а не поставуваме цевки за гасовод во близина на една скопска населба, ич муабет да не правиме.

Не сакам да бидам злобен, ама, можеби, би можело да се направи поништување на изборите во повеќе изборни единици. И тоа по неколкупати, прво првиот, па потоа вториот круг. Како решиле да ја вработуваат градежната оператива токму во екот на изборните активности, не ќе беше лошо да започнеа уште некое проектче. Еве, на пример, следната недела нека почнат да ја реконструираат пистата на скопскиот аеродром. Ако даде господ да има повеќе приговори на регуларноста на изборите, можеби ќе има преповторувања и во наредните три-четири недели. За тоа време може да се организира едно свечено поставување темелник на хидроцентралата "Чебрен". За овие избори – толку. Пругата за поврзување со Албанија ќе ја оставиме за следните избори. Редовни, или вонредни – да сме здрави и живи, ќе видиме.

2. Повеќенаменскиот карактер на запалките што партиите ревносно ги делеа како пропаганден материјал дојде до полн израз помеѓу двата изборни круга. Меѓу другото и за палење свеќи. Велат, за судбината на Македонија. Аман немој, само што не пуштив солза. Или, за да се осветли македонската пролет. Мислам, јасна ми е симболиката, ама некако ме враќа назад. Ако сме дошле до таму да си ја осветлуваме демократската иднина со светлина од свеќи, тешко нам. Искрено, повеќе ќе ја разберев симболиката, ако веќе осветлувањето на македонската пролет беше направено со десетици рефлектори и силни неонски светла. Барем да се видиме меѓу себе и да знаеме каде одиме. Освен тоа, како им падна на ум идејата со свеќите на луѓето што до завчера и палењето свеќа на гробот на некој близок го сметаа за идеолошки грев?

3. Оние што одат на сигурно, во паузата меѓу двата круга ја открија компаративната предност на пенкалцата пред свеќите. Пенкалцето продолжува да функционира колку и да дуваш во него. Затоа, а можеби и не сакајќи да си играат со оган, измислија пропаганден материјал со отпечатени имиња на кандидатите за пратеници врз обични, пластични хемиски пенкалца. Всушност, тоа и не е лоша

идеја. Ако си нарачаш пенкалце со своето име, барем си сигурен дека никој нема да ти го украде.

Арно ама, кога се работи за пенкалцата со имињата на кандидатите за пратеници, тоа има веќе многу подлабоко и посуштинско значење. Еве, на пример, пенкалцето може да се носи во левиот џеб од кошулата. И тогаш можеш да речеш дека "тој и тој" или"таа и таа" – кандидат за пратеник во таа и таа изборна единица под реден број тој и тој ми е многу близок до срцето, или "на срце ми лежи"... Ако кандидатот не го цениш премногу, можеш со пенкалцето да си ги чепкаш ушите. Ако станува збор за некоја сексуално атрактивна личност, можеш неа, пардон пенкалцето, да го галиш со раката. Може и да го подаруваш, да оди од човек на човек. Пенкалцето некои го наденуваат зад уво. Па ако претераат со носење, ќе речат: "Ме заболе уво за..."

4. Во предизборната кампања прво имавме црвени беретки, потоа една вечер се замешаа и сини шлемови, а деновиве добивме и црвени кмери. Едно гревче, веројатно ништо не му беше јасно, ни каде се наоѓа ни за која партија настапува, за себе изјави дека бил претставник на црвените кмери! Да бидам искрен, останав збунет и цело време очекував кога ли ќе се појави Пол Пот лично!? Бидејќи него го немаше и никако не доаѓаше, му одбив на неинформираност.

5. Додека новинарите упорно ги чекаа резултатите од првиот круг и се нервираа со Државната комисија чии членови на сите прашања најдобро би одговориле "Не знам, јас не сум од тука", неколку километри накај запад во истиот град се случуваше вистински настан, кој за разлика од изборите создаде убава атмосфера и донесе изненадувања.

Како по традиција и овој пат еден од спонзорите на фестивалот беше Министерството за внатрешни работи. Минатите години, при претставување на спонзорите, обично најголем аплауз собираше скопската пиварница. Оваа година, вистински овации доживеа споменувањето на МВР.

Ако "скопското пиво" е најдоброто од Македонија, значи ли тоа дека македонската полиција е подобра од најдобрите?

## АПСОЛУТНО РОМАНТИЧНО 12 ноември 1994

### • "С́нце да зајдвит, ја да умирам..."

1. Останавме живи ненаспани по враќањето на претседателот Глигоров од Женева. Се изнасекиравме. Бутрос Гали и Сајрус Венс биле многу разочарани. Туф, туф, туф... Срце да ти се кине кога ги гледаш на телевизија колку изгледаат разочарано зашто не бил постигнат никаков напредок. Кога толку се истраумираа затоа што по шест часа не го натерале Глигоров да прифати некое ново име за

државата, за тие да вкнижат некаков напредок во преговарачкиот процес, може само да се замисли колку ли страдаат сиромашките што, еве веќе десетти месец, нè гледаат како се мачиме со грчкото ембарго. Затоа немаат дури ни сила да се појават пред новинарите да дадат изјава. Ќе се расплачат.

Остави тоа, ама и претседателот ни го изнасекираа. Секогаш од пат доаѓа насмеан, а сега беше намуртен. Не го оставија човекот да ги дочита сите телеграми со честитки. Ама не беше и само намуртениот израз нешто ново. За прв пат, така апла и пред медиуми, изрази цврст став околу името. А тој е "да се почитува правото на нашиот народ да го промовира во меѓународната заедница своето уставно име". Значи, поставен е услов и преговорите доаѓаат предвид и тоа за други прашања, кога ќе се исполни тој услов.

2. Е па зошто сега Гали и Венс се разочарани? Гледано од тука, далеку од Женевското Езеро и уште подалеку од Ист Ривер, можни се две објаснувања. Или нашиве досега нешто ги мателе, или овие си помислиле, сега му е мајката, дај да го грабнеме Глигоров додека е уште во победничка еуфорија. И онака сите му испратија телеграми со поддршка.

Уште Грците не успеаја да откријат што е работава, па не стигнаа ни да се прашаат дали Македонија има нова стратегија, кога во Скопје допатува Макс ван дер Штул. Овој пат Глигоров не се појави со намуртено лице. Ама од неговиот кабинет излезе едно соопштение со нов, интересно цврст став. Тој потсетил на "уставната обврска за грижа на Република Македонија за Македонците надвор од земјата, како и за политичката определба дека нивниот статус, како и проблемите со коишто се сретнуваат, треба да се разрешуваат во согласност со меѓународните норми". А тие од нас бараат да го менуваме токму тој член од Уставот! Па уште и му рекол "во таа насока" дека од него очекува "понепосредно ангажирање".

Со други зборови, бидејќи Макс ван дер Штул веќе ни изброи и ни кажа колку Албанци да ставиме во новата влада, нека оди малку нека ги брои Македонците во Грција, Бугарија и Албанија. Башка, тие се членки на КЕБС. Ние не сме.

3. Има шанси да станеме членка на Советот на Европа. Така ни рекоа набљудувачите што ги следеа изборите. И тоа како една многу фина држава. Чијашто иднина поетски вдахновено ни ја претскажа нивниот шеф Ламберт Келштермантс. Тој ја гледа Македонија со романтична иднина, "како излезот на сонцето во Колорадо и залезот на сонцето на вашето езеро". Излез, залез... Црвено. Крваво црвено. Или, како што би рекол еден друг поет: "Сонце да зајдвит, ја да умирам..." Апсолутно романтично! Не дај боже.

Уште само да си го смениме Законот за државјанство. Бидејќи ни бил многу рестриктивен. Господинот Келштермантс веќе се чувствувал како граѓанин на Македонија. Ама за да добие државјанство му требаат 15 години. Поради тоа тој ги жали Албанците што цело време се селеле, ту во Франција, ту во Швајцарија,

ту во Германија, ту во Белгија... И никако да направат 15 години во Македонија. Штом нашиот закон е толку рестриктивен, што не им дадат државјанство таму? Нивните закони се помалку рестриктивни. Само да не ти текне да отпатуваш кај нив, па макар и на службен пат. Ќе видиш, додека да добиеш виза, што значи да се соочиш со помалку рестриктивни закони.

4. Кај нас треба да биде порестриктивен Законот за безбедност во сообраќајот. Покрај триаголник, брза помош, дигалка, сајла за влечење, резервна гума и синџири за снег, секое возило мора да биде опремено со панцирни елеци. Може и со кациги; и главата е опасна зона. За случај ако направиш сообраќаен прекршок, па на самото место да те казнат полицајци во цивил.

Дека тројцата мангупи од една скопска населба што возеле низ пешачка зона направиле прекршок, а веројатно и кривично дело, кога сакале да го прегазат полицаецот во два часот по полноќ заслужиле казна – заслужиле. Ама никако не ми е јасно како истиот полицаец, засилен со уште двајца колеги во цивил можеле во центарот на градот да испукаат 13 куршуми. Потоа имаше една прес-конференција во МВР на која униформирано лице на чист полициски јазик ни објасни дека тие сакале "технички да го оштетат возилото". И така едно тринаесет пати. Кој им е виновен на момчињата што автомобилот им бил со спуштени бандажи. Наместо да возат "лада нива", или некој друг џип, за да може полицијата ефикасно технички да ги онеспособува гумите. Вака им ги онеспособиле нозете. А на еден богами и црнит дроб.

Пред пет шест месеци еден друг полицаец, бркајќи шеснаесетгодишно девојче што крадело од детска градинка, го казнил со истрел во рамото. На чист полициски јазик ни беше соопштено дека тој пукал во воздух, ама баш во моментот кога го стиснал чкрапалото се спрепнал!

Мислам дека Фрчковски ќе мора да има увид во програмата на сите телевизиски куќи. И да ги елиминира сите акциони филмови.

## МИНИСТЕРСКИ ФЕСТИВАЛИ

**19 ноември 1994**

### • Дипломатските победи на претседателот Ѕинго

1. Таков патос во телевизиски извештаи, како при фудбалскиот натпревар на Македонија со Белгија, немаше дури ни во репортажата на Лапе за приемот во Обединетите нации минатата година. Издигнати на ранг на најголеми национални херои, на државната телевизија, и особено на Силексовиот ТВ канал "Сител", момчињата од државниот фудбалски тим добија таква значајна улога, небаре од нивните нозе зависи судбината на Македонија.

Две солзи ми капнаа, а третата остана засушена во окото, гледајќи ја ТВ сторијата "Дипломатските победи на претседателот Ѕинго". Велат, имало опасност да се налутиме и да не играме. Што навистина ќе беше голема загуба за светскиот фудбал.

Драмата најверно беше претставена на ТВ "Сител". Видовме сè, од битката за химната до две-три илјади(!!) знамиња на стадионот, а патриотскиот занес на репортерот, дополнет со личната драма на селекторот Дончевски дали ќе успее на внуката да ѝ купи "Нинтендо", успешно беше гарниран со смирената и победничка изјава на претседателот Ѕинго на скопскиот аеродром, кому дури во тие рани утрински часови му се читаше уморот од вртењето на телефоните во Њујорк, Вашингтон, Стокхолм, Скопје... Им се восхитуваме на новооткриените способности на Андон Дончевски за туристички водич низ Брисел, на неговата грижа за подмладокот, кога на синот на амбасадорот во Белгија, со симболично име Филип, му подари фудбалска топка, да стане фудбалер како тие што ги гледал на натпреварот. Тука беше и патетичното обраќање до судиите од аут линијата кога изминаа регуларните 90 минути, на руски јазик: Какви браќа сте кога не свирите крај? Недостигаше уште да видиме како полицијата го проверува авионот пред полетување, по анонимното јавување дека во него има бомба и – драмата ќе беше комплетна. Особено, што во целата приказна се најде место и за епизодна улога на претседателот на Европската комисија Жак Делор, кој пристигнал на стадионот да го види тоа чудо од нашата репрезентација.

Ако нерешениот резултат во Брисел е наша национална гордост, значи ли тоа дека ако изгубиме од Кипар, веднаш ќе прогласиме национална катастрофа? Или, ако победиме, тој ден ќе го славиме како национален празник?

Спортот и овој пат покажа дека е и тоа како врзан со политиката. А топката си е – топка. Се тркала и понатаму.

2. Неколку години наназад Министерството за внатрешни работи го спонзорира скопскиот Џез-фестивал. Изгледа дека министерот Владо Поповски му бил љубоморен на неговиот колега Фрчковски, "како тој може да си има фестивал, а јас да немам", и реши да направи фестивал на војнички чекорници. Ќе го гледаме вечерва во Домот на АРМ во организација на Министерството за одбрана. Одвај чекам да видам како ќе биде отворен. Навивам за темата "На сред село тапан чука..." на војничка труба, како на рекламниот спот на телевизијата.

Ги искористив своите контраразузнавачки врски и успеав да дојдам до текстовите на песните пред време. Се разочарав. Наместо "Хеј војници, воздухопловци, челична крила наше армије" пронајдов некои љубовни песни. Морам да признаам, сепак најмногу ми се допадна песната со наслов "Снежна лавина". Таму вели дека војникот "света обврска дал, на сите кралеви е крал" и потоа додава "нашата армија здрава, силна, убава, како снежна лавина нас нѐ брани". Не сфаќам дали лавината е убава. И не сфаќам како брани снежна лавина. Со затрупување.

3. Владата треба да подготви нов ребаланс на буџетот, во кој ќе бидат содржани ставките за сите министерски фестивали. Замислете, по патот на Владо Поповски да тргне Стево Црвенковски. Па да направи некој интернационален фестивал. На којшто ќе се веат сите знамиња на земјите-учеснички, вклучувајќи го и нашето, освен ако и тука не се замешаат Грците. Нашиот претставник ќе се појави со песната "Признавања се множат како снежна лавина".

На фестивалот на Министерството за земјоделство еден стих за лавината би бил поадекватен. На пример, "снежна лавина ги покри посевите и ги заштити од студ". Малку е незгодно лавината да се споменува на фестивалот на Министерството за образование. Не оди "моја учителке, ќе ме прегрнеш како снежна лавина". Затоа пак совршено одговара за Министерството за финансии – "пари како снежна лавина". Или, на фестивалот на Министерството за здравство – "Ало амбуланта, лавина нè затрупа". Само Министерството за урбанизам и градежништво не пројавува интерес за фестивал. Уште само лавина им недостига. Да им ги затрупа сите почнати патишта и коридори.

4. Пописот на населението е нецелосен, необјективен и невалиден. Така велат албанските партии во Македонија. Прво ја измалтретираа цела Европа со нивните приказни за тоа кој колку го има во Македонија. Заради нив и Европејците се вклучија да нè пребројуваат. Сега кога и тие рекоа дека повеќе нема да важат шпекулациите околу бројките, бидејќи пописот е во ред, албанските партии повторно се бунат дека не се преброени толку колку што треба.

Проблемот бил во друго. А тоа го откри НДП. Пописот бил правен по меѓународни норми, а ова тука е Балкан и затоа не е валиден. Според балканските норми сè уште важи лицитација со бројките.

## ОГНЕНИ ПАРЛАМЕНТАРКИ

**26 ноември 1994**

### • Македонските прасиња како нова скопска провокација за Грција

1. Што му требаше на претседателот Глигоров во неговиот пристапен говор пред новото Собрание, по свечената изјава да се занимава со обични секојдневни внатрешни работи. Фино си зборуваше за меѓународната положба, си ги анализираше односите со соседите, им испрати пораки на Грците. Кога, после почна да ги критикува државните служби, да се жали на односите на шалтерските работници... И, што е уште пострашно, уште го немаше доверено мандатот за состав на нова влада, почна да им држи лекции на идните министри како да се однесуваат. Колку за потсетување. Малку да ги подзамисли. Да не се занесуваат дека тоа што во предизборната кампања им викаше "Не ме оставајте сам", значи дека сега, бидејќи не го оставија, можат да прават што сакаат.

Лекцијата што им беше одржана се состоеше во сознанието дека претседателот на државата во иднина не би сакал во Владата да има луѓе што мислат дека ќе се збогатат со тоа што се на јавна функција. На тие што мислат да се богатат им порача да одат во бизнисмени. Е, зошто така? Па затоа што досега такво нешто немаше. На пример, никој од власта не отвори фри-шоп. Никој никому не подели општествени станови. Контингентите за увоз беа принципиелно делени. Ембаргото за трговија со Србија најстрого се почитуваше. Со нафтен бизнис се занимаваа луѓе што немаа врска со јавни функции. Компјутеризацијата на некои министерства одеше со најрегуларни конкурси. И опремувањето со мебел на новите владини кабинети.

За секој случај и министерот Фрчковски отиде во Неапол да учествува на Светската конференција за организираниот криминал. Не дека кај нас тоа го има, туку да се знае како да се спречи. За после да не се лечи. Не ќе беше лошо до Италија да отпатува и идниот министер за правда. Да го посети миланскиот јавен обвинител да види како функционира одвоеноста на судската од извршната власт, кога тој може да се осмели да покренува постапка против премиерот Берлускони. Досегашниот министер Туше Гошев немаше време да му се посвети на тој проблем. Требаше да ги решава станбените прашања на пратениците и да им обезбедува простор за приеми на новинарите.

2. Почнаа преговорите за составот на новата влада. Носители на функциите главно ќе бидат луѓе од победничкиот блок Сојуз за Македонија. Арно ама, првите луѓе на партиите инсистираат владата да ја нарекуваме коалициона. Иако, бидејќи ја формира Сојузот за Македонија, би требало да ја викаме – Сојузна.

3. Велат дека голем проблем на Владата ќе бидат 25-те загубари. Ситуацијата сега дополнително се искомплицира. По изборите бројот на загубарите од 25 се зголеми на 27. Дополнителните двајца се Демократската партија и ВМРО-ДПМНЕ.

4. Кога не влезе ниту еден пратеник на ВМРО-ДПМНЕ во Парламентот си помислив дека ќе имаме многу здодевно собрание. Арно ама, уште на конститутивната седница се случија интересни работи. На говорницата се појави Сулејман од Бардовци. Сакаше човекот да зборува 10 минути. Ама не му дадоа. Кој сè во претходниот мандат можеше да зборува и повеќе од 10 минути – гревота за Сулејман. Ама, тоа ти е волјата на народот. Ќе си ги слуша тие што си ги гласал.

Сулејман се виде и на телевизија. Но, телевизиските камери не забележаа уште еден многу интересен настан за време на првата седница на новоизбраното собрание. Се запали еден од женските тоалети!

Службите навремено реагираа на димните сигнали што стигнаа од тоалетот, па огнот веднаш беше изгаснат. Арно ама, целата ситуација со пожарот, и тоа првиот ден од работата на Собранието, е интересна од гледна точка на женското прашање.

Изгледа дека се работи за некои нови, огнени парламентарки. Во минатиот состав беа пет, ама за четири години не успеаја да внесат паника во машките

редови. Овие новите се само четири, а уште првиот ден успеаја да ги возбудат духовите и да се зборува за нив со страв. Пред некој ден, во "Вечер" изјавија дека е штета што се толку малку во Парламентот. Требало да бидат повеќе. Кога и толку малобројни успеаја да го запалат тоалетот, што ли ќе запалеа да беа повеќе. Им недостига сега уште само жена-министер за култура. Веднаш ќе одобри пари за снимање на нов филм на стара тема, ама само со женски улоги "Републиката во пламен".

Дури сега сфаќам колку беше хендикепирана госпоѓицата Доста Димовска од стариот парламентарен состав кога името на англиски ѝ го преведуваа како "Стоп смокинг". Овие новите, барем според имињата, не знаат за забрани. Ќе жарат и палат.

5. Грците конечно решија да ја истоварат пченката за Македонија во солунското пристаниште. Ќе излезат некако од смешната ситуација во која ги внесе руски брод натоварен со американска пченка.

Штета! Баш очекував и однапред ѝ се радував на некоја посредничка мисија на Сајрус Венс и на Метју Нимиц, за спас на македонските прасиња, кои заради ембаргото од Грција ќе беа лишени од американската храна. Свињите веќе ги заклавме, па ќе ги прежалиме за Нова година. Којзнае, можеби и Бутрос Гали ќе испратеше извештај до Советот за безбедност во кој ќе го информираше дека ќе ги удвои своите напори пченката да стигне до македонските прасиња. Во меѓувреме Папандреу ќе ја дадеше пченката како дополнителен услов за продолжување на преговорите, а Караманлис ќе ги свикаше партиските лидери за нова национална стратегија.

Вака работите тргнаа како што треба. Баш е здодевно. Што би правеле ние сиромашните без грчките глупости.

## РОК-ОПЕРА **3 декември 1994**

### • Пробал ли Бутрос Гали да побара прием кај Фадил Сулејмани?

1. Се подготвува ново спектакуларно свечено отворање на популарната скопска дискотека "Хард рок". Велат, ќе биде многу погламурозно, отколку што беше замислено минатата сабота. Овој пат на програмата е рок-опера со наслов "Али Баба и четириесетте разбојници". Разбојниците веќе имаа генерална проба. Се очекува на премиерата да се појави уште Али Баба.

Клучната реченица во приказната е "Сезаме, отвори се!" Ова СЕЗАМ му доаѓа нешто како кратенка за Сојуз за Македонија. Меѓутоа, Сезам почна да се отвора претпремиерно. По повод настапот на четириесетте разбојници во дискотеката "Хард рок", еден од коалиционите партнери во СЕЗАМ, Либералната

партија, во вчерашниот број на својот весник "Либерал" забележа дека тој е "непосреден и неспорен доказ за постоење на организиран криминал кај нас, како и за сите закани и опасности за граѓанинот, семејството и државата што ги носи тој вид криминал со себе".

Глупости. Каков организиран криминал? Па нели пред извесно време еден потсекретар за јавна безбедност во МВР, мислам дека се викаше Павле Трајанов, беше сменет затоа што не успеа да докаже постоење организиран криминал во државата. Белким за шест-седум месеци не ни се влоши толку ситуацијата, па дури и претседателот Глигоров во својот пристапен говор да мораше да посочува на опасност од организираниот криминал.

Се надевам дека до повторното отворање на "Хард рок" Бранко Црвенковски повторно ќе биде премиер и ќе биде поканет на свечената претстава. Се надевам дека и Љубомир Фрчковски како иден министер за внатрешни работи, со дополнителни сознанија за организираниот криминал од светската конференција на ОН во Неапол, ќе биде присутен таа вечер. Искрено се надевам дека покрај разбојниците ќе имаат сили, но и храброст, да ги идентификуваат и Али Баба и Касим и Моргана и сите други јунаци. Само што демолирањето на најпознатата скопска дискотека од организирана група разбивачи, колку и да сака некој да го прикаже безначајно, воошто не е приказна за мали деца.

2. Грците ни ја ослободија пченката. Сега ќе ни стигнат 45 илјади тони. Што ќе му правиме на толку големо количество? Велат дека ако задоцни нема да биде добра за добиточна храна.

Ако. Ќе си правиме пуканки. Кога ќе го ставиш зрното пченка со малку зовриено масло во затворено тенџере, тоа ќе почне да прави пуф, пуф, пуф... Веројатно поради тоа битолчани пуканките ги нарекуваат пуфки. Од пченката ќе направиме толку многу пуканки, така што ќе имаме и отповеќе. Па, на Грците ќе им продаваме – пуфки.

3. Србите немаат американска пченка, ама пак му продаваат пуфки на цел свет. Ете, пред некој ден на сараевскиот аеродром долета генералниот секретар на ОН Бутрос Гали, со желба да се види со Радован Караџиќ. Молам!? Таков голем државник каков што е Караџиќ да губи време и да се среќава со таму некојаси ситна боранија од ОН?! Нема шанси! Има Бутрос Гали да закаже навреме кога мисли да го вознемирува Неговото Височество, и тоа ќе му оди во Дворецот на Пале да му ја признае Република Српска. Ако сака. Ако не, нека пати.

Американците и Англичаните рекоа дека ќе му дозволат на Караџиќ да прави конфедерација со Милошевиќ. Голема Србија доаѓа како награда за тригодишното етничко чистење на Муслиманите, за успешното душење на Сараево, за милионите раселени бегалци, за обновата на идејата за концентрациони логори, за успешното гаѓање на деца со снајпер... Од друга страна Гали и сите околу него лордови, комесари, посредници, претседавачи на Европската унија, контактни

групи, заслужуваат големо признание што успеаја во срцето на Европа да направат чиста муслиманска држава.

Тоа ти е како на рекламата за чипсот "Рафлс". Ако ти дадам тебе, треба и на другите да им дадам. Ако Милошевиќ може да има Голема Србија, зошто да нема голема Хрватска? Зошто да нема голема Албанија? Или голема Бугарија? Или голема Грција? Па и ние за инает ќе си ја обновиме паролата "Солун е наш!"

4. Ете, токму затоа ќе може да се појавува некојси Фадил Сулејмани, кој останал без работа како професор на Универзитетот во Приштина, па сака да си изгради универзитет во Тетово и да изјавува (како вчера во "Нова Македонија") дека ако Владата ги спречи да го отворат универзитетот, целата албанска популација ќе ја дигнел на нозе, зашто тие само чекале зелено светло.

Патем, кој е тој Фадил Сулејмани? Сте чуле ли за него порано, битен ли е човеков, од каде толкава храброст да изјавува дека и во разговорот со Глигоров неговиот збор ќе биде последен. Пробал ли некогаш Бутрос Гали да побара прием кај Сулејмани?

5. И средношколците излегоа пред Собранието. Целосно ги поддржувам не само затоа што сакам со нив да се чувствувам помлад, не затоа што знам дека не постои една генерација што се запишала на прва година, а додека стигне до матура не ѝ е направен експеримент барем со една реформа, не затоа што покажаа зрелост успевајќи да се организираат и покрај официјалната Унија на средношколците чиишто претставници кога ги гледав како зборуваат на телевизија веднаш ги видов како надежни бирократчиња. Едноставно затоа што во дуелот со Министерството и нивните професори учениците се тие што знаат што сакаат.

## СИГУРНА КУЌА — 10 декември 1994

### • Зошто КЕБС се претвори во ОЕБС?

1. "Вечер" дознава од добро информирани извори блиски на партиските раководства што преговараат за составот на новата влада дека работата тргнала и дека ќе бидат задоволени сите барања. На мандаторот Бранко Црвенковски му се одврзани рацете да го проширува составот на својот кабиент вдолж и попреку, за да не се изневерат гласачите што гласаа за Сојузот за Македонија. Рецептот е едноставен – ќе се воведат министерства за џабе. На нивното чело ќе стојат, се разбира, министри за џабе. Додуша, и досега имаше министерства за некои други работи, ама според резултатите министрите им беа за џабе, така што воведувањето нови министерства за џабе само ќе биде одраз на континуитетот.

Среќа што се пронајде ова компромисно решение. Со министрите за џабе може да се спаси градбата на Сојузот за Македонија. Тие ни викаа "Градиме

куќа". Сигурна куќа. Арно ама, Македонија лежи на трусно подрачје. А нашите градители подзаборавиле да ископаат малку подлабоки темели. Па и градбата баш не е многу асеизмичка. Мал потрес и може да ја урне. Да не зборуваме ако е некое силно тресење. Или, што би рекле Англичаните – "хард рок".

Дури сега го сфаќам и предизборниот слоган "Сите ЗА едно". Тоа ти било – сите за едно министерско место. Сите за Министерството за финансии. Нормално. Кај се видело да се гради куќа без пари?

Затоа, откако ќе се пополнат министерствата за џабе, најважно е кој ќе стане министер за градежништво. Да ја зајакне конструкцијата. Или, ако се урне, да изгради нова куќа. Не е лошо да се размисли посериозно и за министерот за сообраќај и врски. Во последно време нешто комуникацијата меѓу партиите слабо функционира. Па мораат да се допишуваат како во старо време.

2. Не знам зошто Малтежаните толку се вознемирија поради промената на името на КЕБС во OSCE (на англиски). На малтешки јазик зборот ОСЦЕ значи женски полов орган. По последниот самит на КЕБС во Будимпешта и по историскиот неуспех да донесе било каква сериозна одлука, освен да го промени името, Малтежаните треба да бидат среќни што имаат пригоден збор во нивниот јазик за она во што се претвори КЕБС. Сега, малку е незгодно, нивната делегација кога се вратила на аеродромот да изјавела: "Штотуку пристигнавме од OSCE (читај на малтешки), ама, што е тука е...

Кај нас, ОСЦЕ се преведува во ОЕБС. Ќе признаете, малку е тешко да се изговараат зборови кога во нив една до друга има две согласки. Препорачливо е, за потечен изговор, помеѓу согласките да се уфрли и некоја самогласка. Вежбајте малку. Јас пробав неколку варијанти и дојдов до една синтагма што вообичаено ја употребуваме како пцовка, кога сакаме некому да му кажеме да ни се тргне од глава. Освен тоа, зборот ОЕБС(со самогласки) има длабоко симболично значење за односот на таа многу почитувана европска организација кон нас. Еве веќе три години ни порачуваат: "ОЕБС!".

Истата порака ѝ е испратена и на Босна и Херцеговина. ОЕБС е вистинското име за организација што дозволи да снема од европската карта една нејзина држава-членка, а најголема заслуга за тоа има друга држава што не е членка на ОЕБС.

3. Истата таа држава, што воопшто не е потресена за постоењето на ОЕБС и на ОН и на сите други кратенки во светот, нам повторно ни нуди да влеземе во (кон)федерација со неа. Така се договорил миротворецот Слободан Милошевиќ со некоја маргинална вонпарламентарна партија на левицата од Грција.

Што ти е верна љубов! Три години ни едните ни другите не нѐ есапат за држава, а сега нѐ повикуваат да влеземе во балканска федерација со нив. Дури и името нема да биде проблем. Бидејќи и онака ќе нѐ нема. Баш добро би се вклопиле во сојузот на сите српски земји, поткрепени со православието од Романија, Бугарија и Грција, под будното око на мајка Русија.

Отсекогаш ме плашеле такви неконтролирани љубовни чувства. Ти мислиш те прегрнуваат, а тие всушност сакаат да те задушат.

4. По задушувањето на тинејџерите во скопската дискотека "Силекс" деновиве читаме дека таа немала градежна дозвола. А имала дозвола за работа. Сега некои бирократи од подрачните единици на министерствата му порачуваат на "Силекс" да ги набави сите потребни дозволи, бидејќи е нелогично толкав објект да се урива, за да може да биде легализиран. Што значи, објектот досега работел нелегално.

Со дозволите што допрва ќе бидат набавени, дискотеката ќе проработи легално. На тој начин отпосле ќе се легализира и смртта на 13 годишната Калина. И, бидејќи сè ќе биде легално, никој нема да има грижа на совеста. Алал да им е! Се знае што е правна држава.

5. Завчера дојде и италијанскиот потсекретар за надворешни работи да помогне да посредува во проблемот со Грција. Којзнае кој е по ред што ни ги нуди добрите услуги. Пред Италијанците ни дојдоа Англичани, Германци, Американци, Данци, Французи, Руси...

Во мое маало тоа го викаат – реденка.

## КРИВ ПОКРИВ

**17 декември 1994**

### • Улогата на вошките во одбрана на суверенитетот

1. Кој вели дека најавеното отворање на универзитет на албански јазик во Тетово е политички проблем? Дали некој смета дека прашањето треба да се разгледува во рамките на системот за образование? Нема врска. Ако некој сè уште има дилеми, нека ги погледне снимките на кои се гледа како државата правилно го лоцирала проблемот и од сите расположливи инструменти за негово решавање се решила за најсилниот – булдожерот.

Така, албанскиот универзитет среде Македонија се сведува на урбанистички проблем. Дивоградба. Од сите можни државни структури кои требаше да се занимаваат со ова прашање, најагилно излезе Министерството за урбанизам, односно неговата тетовска подрачна единица. Па расчистувањето на случајот започна со уривање на покривот на несудениот ректорат. И на оградата. Кај оди универзитет без покрив? Башка и да сакаат да го отворат, инспекциите на истата подрачна единица нема да му дадат дозвола за работа, затоа што без покрив не ги задоволува основните хигиенско-заштитни стандарди. А без ограда, студентите ќе бегаат од часови кога ќе ги пуштат на паузите за голем одмор.

Велат дека во урбанистичкиот проблем има зрнце политика. Тоа некои параноици виделе создавање на паралелен образовен систем, па си смислиле цела приказна дека и тоа е еден од чекорите за создавање паралелна држава. Тие дури и за уривањето велат дека имало симболика. Демек оградата настрадала затоа

што таа била симбол на гетоизација на Албанците во Македонија. А покривот затоа што некој сака да стави капа на целата работа.

Нема место за паника! До денес не се има јавено никој иницијативен одбор за формирање албанска академија на науките и уметностите со седиште во Гостивар.

2. Затоа пак се јави управата на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје со соопштение дека усвоила Концепт за едукација на воспитувачки кадри за предучилишните установи и наставнички кадри за основните и средните училишта и дека овој концепт обезбедува студентите припадници на националностите, методиките да ги слушаат и полагаат на својот јазик. Ај мајката! Како една работа што се влече три години бива усвоена само на два дена пред најавеното насилничко отворање на албански универзитет. Нели Унијата на албанските интелектуалци уште пред три години бараше педагошки факултет? Нели толку време траат и расправите за тоа прашање, со него се занимаваат и разно-разни експерти и медијатори од странство, а управата на скопскиот универзитет доби сила дури по понеделничкото соопштение на Владата. Ова само како прилог на тезата за автономија на Универзитетот. Мислам на овој легалниот, зашто тој тетовскиот веќе ја има апсолвирано таа проблематика.

Впрочем така е со секоја работа што има макар и најмала врска со меѓунационалните односи. Зошто минатиот состав на Собранието не успеа да го донесе сопствениот деловник за работа? Што се случи со законите за локална самоуправа, за судовите, за употребата на јазиците на националностите... Сè се остава за некои други времиња. Прашање е само дали ќе бидат подобри или полоши.

Што се однесува до иницијаторите за албанскиот универзитет, тие се јасни: можат властите да ги урнат и сите куќи, тие него ќе го отворат. Чудо едно како тие луѓе така ладно зборуваат за уривање на куќи. Си велиш, школувани луѓе, доктори на науки, професори. Зарем не им се будат некакви грозни асоцијации и на самото споменување за уривање? А и овие што ги урнаа покривот и оградата сврршија работа. Фадил Сулејмани стана национален херој.

3. Таков тип национални херои, ем доктори, ем научници, дрмаат со светот. Ете, сега д-р Радован Караџиќ им забранува на авионите на ОН да слетуваат на сараевскиот аеродром. Ќе им дозволел да го користат само за ротација на силите на УНПРОФОР. Тие треба да ги најавуваат своите летови во штабот на Караџиќ на Пале.

За разлика од Босна, кај нас УНПРОФОР може несметано да си ја извршува својата задача. И не треба да бара дозвола од никого. Напротив, работи заедно со Владата.

Пред некој ден искрено се потресов кога ја прочитав веста во весниците дека УНПРОФОР и УНИЦЕФ во соработка со Владата започнале активности на здравствен план за сузбивање на вошливоста кај учениците. Во основното училиште "Моша Пијаде" во скопската населба "Ѓорче Петров" на 800 ученици им поделиле шампон против вошки.

Ова веќе заслужува официјален протест. Од кога тоа УНПРОФОР во Македонија го прошири својот мандат. Тие се тука за да јавуваат и набљудуваат нешто да не ни дојде од надвор. Ако се докаже дека вошките се наши, тоа е веќе мешање во внатрешните работи и сериозна закана за суверенитетот.

4. Видоа Грците како нивните пријатели Срби се однесуваат со УНПРОФОР, па се обидоа и тие да ги имитираат. Прво им дадоа дозвола на Нордијците да го користат солунското пристаниште за редовна ротација, па потоа ги држеа неколку часа на граница. Демек, не им јавила Владата во Атина дека ќе пристигнат. Не помислиле белким дека нашава армија бојадисана во бело оди да им го освои Солун.

## УЗО ЕКСПЕРИМЕНТ

**24 декември 1994**

### • Оваа карта е погрешна!

1. Чувството на експериментално глувче сум го имал повеќе пати откако Македонија започна да се вклопува во меѓународната заедница како независна држава. Овој пат истото се случува и во Барцелона, во Шпанија. Една младинска организација, што околу себе ги собира младите од Каталонија што се заинтересирани за меѓународните односи, инаку финансиски поддржана од Европската унија, се зафати со еден проект, наречен "Мир во Македонија", во чии рамки главната идеја им беше во Барцелона да направат директен контакт меѓу младите од Македонија и Грција.

Нашата држава ја претставуваше делегација на Младинскиот совет на Македонија. Грците, онака параноични, некој нешто да не им спакува зад грб, испратија младинска невладина организација од Солун (демек од нивната Македонија). А за да не се случи нешто, којзнае што си мислеа дека ќе се испотепаме меѓу себе на балкански начин (!?), во Барцелона доведоа и медијатори од слични младински организации од Италија, Франција и Португалија.

Како еден од делегацијата си земам за право да го дадам и првиот извештај. Колку за почеток – не беше лошо. Накусо, тие сфатија дека да се седне на иста маса со нас и не е толку опасно, и ние и тие сфативме дека постојано да се протестира кога тие ќе го споменат името ФУРОМ, а ние Македонија, нема никаква смисла, а не беше лошо и да се потсетиме како се игра сиртаки, обоено малку и подмачкано со узо. Впрочем, немаше никаква смисла да се верува дека две неформални младински организации од Солун и Скопје во Барцелона ќе го решат она што нивните влади не можат да го решат во Њујорк и дека претставниците од Шпанија, Италија, Португалија и Франција, што до вчера за Македонија знаеле само како за име на салата, се поуспешни медијатори од Сајрус Венс и Метју Нимиц.

Тоа што Грците на овој собир испратија историчар, воопшто не беше проблем за нас. Едноставно, одбивме да разговараме за историја и политика, обидувајќи се да најдеме некои секојдневни начини за соработка и дружење. Тие, бидејќи се будеа и легнуваа со мислите кон Александар и Филип, инсистираа пред да почнеме што и да дискутираме, да ни ја образложат историјата. И така стигнавме до нашето вино "Александрија" (за инает) и нивното узо "12", па медијаторите многу успешно се вклучија во основата на целиот проблем. Наутро не можевме да ги разбудиме, толку беа опфатени со идејата како да ни помогнат што побргу да ги снема меѓусебните разлики (меѓу виното и узото).

Експериментот беше во тоа што Каталонците толку се беа амбицирале дека ете и тие ќе влезат во историјата на Балканот, што еден ден предвидоа секоја делегација да го изрази својот став за политичкиот проблем. Како да е тоа некоја расправа за заштита на глувците во граничниот појас или несогласување во извидничката организација во поглед на тоа кое место да се одбере за кампување. Луѓето не сфаќаат дека било каква расправа околу политичкиот проблем е еднакво емоционално болна и за нас и за нив.

2. Организаторот смисли и како да се дружиме. Нè сместија во некое преправено училиште, ставиле по училниците околу петнаесет кревети на кат и – сите заедно! Демек, ќе ги здружуваме. Грците веднаш побараа да бидат изолирани. Којзнае што мислеа што ќе им направиме на спиење. Иако, во поглед на сместувањето требаше ние да вложиме протест. Тоалетите и тушевите беа надвор – според рекламниот слоган на Шпанија "Сè под сонцето", а во Барцелона и не беше некоја голема горештина среде декември. Тука бевме ставени во нерамноправна позиција. Грците научени во спартански стил, без проблем ги совладуваа тешкотиите на туширање на отворено. А ние, со традицијата на турски амам бевме целосно фрустрирани.

Што се однесува до програмата за подготвување национални вечери, бевме еднакви, си ги направивме нашите специјалитети, им рековме на домаќините дека се грчки односно македонски, а тие се турски. Дури мислам дека малку бевме и супериорни. Во грчката делегација имаше една девојка, што на официјалните разговори седеше зад машките, дури не ја ни претставуваа. Потоа сиромашката ја стегнаа за грчката вечер самата да подготви храна, за повеќе од триесет луѓе. Тие се појавија како гости, кога веќе сè беше поставено на масата, па нашите девојки протестираа кај медијаторите, не врз национална, туку врз женска основа, ставајќи ја Гркинката во сопствениот табор со образложение: "Белким не ја доведовте со себе само да ви готви".

Македонската делегација ја водеше една остра госпоѓица, што на историчарот од Солун му заигра сиртаки, колку така за да го исшокира, ама не ја бива за готвење. Сепак, во интерес на идната соработка, решивме македонската вечера да ја подготвува мешан тим од момчиња и девојки, зашто, во спротивно, ако шефицата нè натераше само нас машките да готвиме, а тоа го видеа Грците,

тогаш дефинитивно ќе речеа дека "таа држава нема да ја признаеме" никогаш, дури и да си го смени името.

3. Уште една интересна случка: Бевме гости на Центарот за истражување на етнички групи, малцинства и националности. Само што влеговме, нè пречека една огромна карта на Европа, меѓутоа пребојадисана според распространетоста на националностите. И нормално – на неа Македонци токму таму каде што Грците не сакаат да бидат – кај нас и плус во Егејска и Пиринска Македонија. Потоа се појави еден професор кој објасни дека тое е резултат на најново истражување на националностите и нивните малцинства во Европа, дека на тој проект работеле стручњаци во сите земји во Европа, освен од Грција, зашто властите од Атина тоа не им го дозволиле. Ситуација: "Нам ни е удобно, а нив им е незгодно", ама...

Прво следи грчко објаснување: "Грција не е фашистичка земја (тоа никој не го натера да го рече, бидејќи никој такво нешто не тврдеше), ама таа мора да води сметка кој ги прави картите и затоа не го дозволила овој проект на нејзина територија". И еден бисерен додаток кон ова: "Ако ни направат ваква карта, тогаш тие луѓе ќе бидат малцинство и ќе бараат правда и рамноправност". Замисли! А такви луѓе не постојат. Како тогаш може да бараат рамноправност?

Средбата во Центарот помина многу интересно. Професорот смирено објаснуваше, Грците излегуваа со пенкала на картата, му влегуваа во збор, протестираа што го употребува зборот Македонија и на крајот еден член на делегацијата, инаку актер по професија, му рече сосем јасно: "Оваа карта е погрешна! "А надежниот историчар, како заклучок, наместо благодарност му стресе: "Во иднина кога ќе правите карти треба да бидете повнимателни".

Ние бевме сосема коректни. Уста не отворивме.

# 1995



# ЧЕКАМЕ ОГНОМЕТ

**7 јануари 1995**

## • Живко Толевски не пие "кока кола"

1. Што, денес нема да има огномет!? Одамна немало. Од коледе. Што ти значи да си имаш фабрика за пиротехника. Изгледа дека "Сувенир" од Самоков има големо производство, па едно-две, си организираме огномети во главниот град на државата. И за државни, и за верски празници, и за отворање на дискотеки, и за рок-концерти, и за референдуми...

Господ ќе ѝ се чуди на Македонија. Порано за коледе се собирале околу оган, а денес владејачката партија – наследничка на стариот Сојуз на комунисти го пречекува Христовото раѓање со организирање огномети. Требаше само уште Бранко Црвенковски да им дели дабови гранчиња на граѓаните и да им точи варена ракија.

Всушност, премиерот уште пред Нова година им ги подели подароците на загубарите. А баш пред коледарскиот огномет им исплати три плати на железарците. Така што марката вчера скокна на 275 денари. Веројатно како предупредување до премиерот да не го чепка ѓаволот. Зошто не е сигурен дека по истиот принцип на барање плати пред портите на Владата и Собранието утре-задутре нема да му дојдат уште коледари. Ќе ја превработиме печатницата во Прилеп, ама ќе се збогуваме и со програми и со стенд-бај аранжмани и со кредити за преструктуирање.

Кога веќе сакаше да организира коледе, подобро ќе му беше да ги пуштеше министрите како коледари. Нека ѕвонат на вратите на ММФ, Светската банка, Европската банка... Може ќе донесат некое ситно подароче, да нè израдуваат.

2. Кога веќе за Коледе се правеше огномет, мислам дека денес, за Божик, ќе мора да грмнат плотуни од топовски орудија. Така ќе ги испобавме топовите на оние 230 тенкови, за кои телевизијата"А1"јави дека нашето Министерство за одбрана ги побарало од САД. Не беше соопштено само од каде ќе ги увеземе тенкистите, зашто Македонија сигурно нема ни 230 возачи на камиони што ќе бараат преквалификација за тенк.

Што чекаат Американците? Дај нека побрзаат со тоа тенковите. Ако веќе ги пропуштивме за Божик, барем да ги искористиме за Велигден.

3. Претседателот на Синдикатот Живко Толевски љуби прослави со многу луѓе. Македонскиот Лех Валенса ѝ се закани на Владата со генерален штрајк дека не му се бендисувала приватизацијата. Пред празниците брилјантниот ум на Валенса ни откри уште една голема вистина. Рече дека нешто мора да не е во ред со приватизацијата, штом се рекламира на телевизија.

Не знам зошто Живко Валенса не им забрани на работниците да пијат "кока кола". Затоа што таа се рекламира во огромни количества. Гарант не чини. После

работниците на скопската пиварница ќе останат без работа. Ама нема гајле. Синдикатот ќе ги одведе пред Собранието, на коледе. За да не им биде здодевно, може да инсталира еден огромен видео бим од другата страна на улицата и на него постојано да го емитува оној социјалистички рекламен спот со работникот и гулабот, на којшто Сојузот на синдикатите порачува "за достоинство на трудот". Најдостоинствен е трудот за којшто секој месец добиваш повеќе денари, а тие вредат помалку марки.

4. Дури тогаш на ТВ спотот за приватизацијата, на кој отчукува времето и цветаат милион цветови, ќе треба да се вметне и кадар со огномет на скопското небо, во чија позадина достоинствено светат трите црвени букви ССМ на Работничкиот дом, односно претседателската палата на Живко Валенса. За да може да се оправда оној стих од песната "Сите да ја видат Македонија". Дури тогаш ќе има што да видат!

Патем, оној слоганот "Зошто да чекаме" е чисто промашување. Повеќе би одговарало – "Зошто чекавме до сега".

5. Жените не чекаат многу. Особено оние што се во политиката. Турската железна дама Тансу Чилер повеќе нема намера да му ги премолчува каприциозните испади на Папандреу. На грчкото вето за вклучување на Турција во царински сојуз со Европската унија, Турција ќе одговори со затворање на своите пристаништа за грчки бродови и со визи за грчките граѓани.

Турција не е Македонија, па и силата што зад себе ја има турскиот премиер не е иста на силата што ја има македонскиот премиер. Па сепак... Можеби некоја македонска Чилер, или Маргарет Тачер, или Голда Меир ќе може поуспешно да излезе на крај со сите наши умислени Валенси. Додуша и во спотот за приватизацијата токму една деловна госпоѓа ги прашува мажите: "Зошто да чекаме?", ама тоа го има само на телевизија.

И нам ни е потребна жена. И тоа не обична. Туку – жена што, кога ќе каже "Не", тоа навистина и го мисли.

6. Деновиве се сели Министерството за надворешни работи. Во која држава?

## ТАЈНАТА ВЕЧЕРА — 14 јануари 1995

### • И сопругата на Претседателот води политика на еквидистанца

1. Ова се денови на веронаука.

Црквата повеќе нема потреба да бара воведување на факултативен предмет за веронаука во училиштата. Неа си ја имаме на телевизија. Со директни преноси на богослужење, со детални објаснувања што се пее, како се пее, со политички обраќања на црковните големодостојници и репортажи на новинари кои преку

ноќ станаа експерти за теологија... Во паузите помеѓу предавањата, за релаксација, на сите можни телевизиски канали беа пуштани филмови за Исус Христос.

Црквата е одвоена од државата. Ама не и од државната телевизија, која како по обичај, вршејќи си ги своите државнички работи, го регистрираше и доаѓањето на претседателот на Републиката Киро Глигоров на божиќната литургија во Соборниот храм "Св. Климент Охридски" во Скопје. Сосе телохранителите.

Ако црквата е одвоена од државата, тогаш значи претседателот се појави во храмот како обичен граѓанин-верник. Арно ама, ако се појави како претседател на државата, тогаш си натовари врз себе барем уште 15 нови обврски. Имено, во Македонија има 16 верски заедници. А Глигоров инсистира на тоа дека ги претставува сите граѓани на Македонија, без разлика на нивната национална или верска припадност. Следствено на тоа, во кабинетот ќе треба да се вработи и советник за верски прашања. За да знае како да се однесува претседателот со јеховините сведоци, еврејската заедница, католиците, баптистите, адвентистите, евангелистите, бекташите ...

Голем предизвик ќе биде кога ќе оди да им направи чест на верниците од исламска вероисповест за Бајрам. Ќе се појави на молитвата во Јахја-пашина џамија во Скопје. Камерите на државната телевизија ќе го следат во чекор. Така ќе ги регистрираат неговите чевли. И, патем, телохранител што ќе биде задолжен будно да ги чува на плочникот пред вратата на џамијата.

2. Претседателот си е претседател, ама Фуфо си е Фуфо. Тој си е институција сам по себе.

Претседателот на Извршниот одбор на Скопје Љупчо Николовски–Фуфо беше најпочестен за Божик, кога црквата му даде можност, рамо до рамо со архиепископот Михаил, да им го честита празникот на граѓаните. Господ си е господ, ама и црквата повеќе има доверба кон тие што можат да ѝ обезбедат пари. Скопскиот премиер лично се заложил градот да ја финансира изградбата на резиденцијата на архиепископот на МПЦ, а црковните големодостојници тоа не му го заборават. Така што за кариерата на Фуфо и за иднината на неговите ресторани – нема зима. Господ е со него.

3. Шашардисан од толку многу информации во единица време за судбината на Исус, почнаа да ми се мешаат земските и небеските настани. Така што и вечерата на грчкиот потсекретар во нивното Министерство за надворешни работи Кранидиотис со Глигоров и Црвенковски и со уште еден куп други луѓе во Будимпешта ја видов низ призмата на библијата. Во Грција го обвинуваат дека водел тајни разговори. Тајната вечера на 52 апостоли. Се бара Јуда.. И некоја патриотска грчка домаќинка пто ќе навезе вилеров гоблен и за тоа ќе побара пари од Европската унија.

4. Во Македонија има две организации на жените. Едната што го наследува АФЖ, а другата, што ние во новинарските кругови си ја викаме – отцепена од

АФЖ. Е, токму оваа втората, завчера вечер организираше хуманитарен божиќен коктел со погачи од Житолукс и со паричка што ѝ падна на оперската пејачка Милка Ефтимова.

Она што ми падна в очи кога го гледав ТВ извештајот е дека и кај нас, како и во повеќето западни земји, полека се формира институцијата "сопругата на претседателот". Обично сопругите на шефовите на држави се појавуваат како покровители на разни хуманитарни манифестации, па и госпоѓата Нада Глиговора почна да се вклопува во таа работа.

Она што е особено значајно е што госпоѓата Глигорова му дава поддршка на својот сопруг, следејќи ја неговата политика на еквидистанца во микрорамки. Така, пред повеќе од еден месец се појави на прославата на 50-годишнината на АФЖ, а завчера ја кршеше погачата во отцепеното крило на АФЖ. Малку кај едните, малку кај другите.

5. Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" сè уште не може да избере проректори. Под итно треба да почнат да соработуваат со Универзитетот во Тетово, за да ги преземат нивните правилници. Тие ем почетници, ем од прва си го избраа цело раководство. Што има тука да се замајуваат, те мислења, те гласања, прегласувања. Овој може, добар е – стави го за проректор...

Така се бираат и декани и продекани на факултетите. И од тоа се прави реклама. Не верувам дека некој воопшто има поим кој е декан на Економскиот факултет во Скопје, ама затоа сите знаат кој е декан и кои се продекани на тетовскиот економски факултет. Не паметам кога медиумите објавувале имиња на избрани декани на факултетите во Скопје и Битола. А со имињата на тетовските декани нè изгњавија цела недела. Уште го знаеме и составот на сенатот. Штета што не јавија кој е студент проректор – тоа живо ме интересира. Идната недела предлагам да објавиме специјални прилози со имињата на сите студенти што го положиле квалификациониот испит.

## РАДИЈАТОРИ ЛАДИЈАТОРИ — 21 јануари 1995

**• Аман луѓе, немојте да се греете!**

1. Денес повеќе нема мазут во скопската Топлификација. Супер. Нема да има бактерии, нема да има вируси, нема да има грип, ама најдобро од сè е што повеќе нема да ги слушаме луѓето од Топлификацијата со секојдневните предупредувања до граѓаните дека наскоро ќе немаат греење. Така, макар и да ни е студено, ќе се заштитиме од нервози.

Пред три дена ни рекоа дека мазут има уште за седум дена. Другиот ден намалија, па рекоа дека ќе нè греат уште пет дена, вчера веќе ни соопштија дека

залихите им се уште за три дена. Скопјани што се приклучени на топлификационата мрежа немаат попаметна работа за секирање, освен секојдневно да ѝ ги бројат тоните мазут на Топлификацијата. И да се чувствуваат виновни затоа што, и покрај тоа што плаќаат секој месец, акционерското друштво не обезбедило мазут за да ги грее среде зима.

Мене лично ме фаќа очај кога ќе се најдам во ситуација да истерувам правдина во борбата со еден моќен систем, кој со години е научен најбезобразно да се однесува со граѓаните, небаре тие се создадени заради него, и кога ќе се обидам да најдам логика во нивните потези кои немаат врска со здравиот разум. Секој месец, цела година редовно им ја плаќам сметката што ми ја испорачуваат, ако задоцнам, им ја плаќам и каматата што ми ја пресметуваат, веројатно за да набават мазут преку летото за да можат да ме греат кога ќе стегне минус 15 степени. И таман кога ќе стегне минус 15 степени, тие ќе ти речат: "Извини, не можам да те греам, нема мазут". И јас сега треба да имам разбирање, затоа што за моите пари не го добивам тоа што сум го платил. За нивната неспособност, треба да им дадам оправдување и пак да им платам.

Ете, затоа мислам дека најдобро е веќе денес, конечно, да снема мазут. Белким тогаш и медиумите наместо секој ден да ги прашуваат одговорните во Топлификацијата: "Уште колку дена ќе имаме греење?, ќе се сетат да прашаат: "Каде се парите што се собираат цела година?". А и државата нека се праша какво е тоа акционерско друштво што бара помош од неа и ја уценува ако не му ја даде.

2. Исто како што Топлификацијата е изненадена од безобразлукот и комодитетот на луѓето што, ете, во зима решиле да се греат, и "Електро Скопје" е изненадено од зголемената потрошувачка на електрична енергија кога становите се студени. И тие секој ден апелираат да штедиме струја. "Аман луѓе, немојте да се греете!"

И тука има многу интересна логика. Апелираат до нас да штедиме, небаре тие ни плаќаат за тоа што ќе го потрошиме.

Исто како што им држи логиката за енормно големите сметки за декември. Особено ми се допадна она објаснување дека струјомерите биле непристапни за читање, па "Електро Скопје" си удрило киловати, онака од око. Кој сака, нека се жали. Имаат еден шалтер за цело Скопје. Тие што имаат нерви да се борат со ступидариите на "Електро Скопје", успеаја да ги намалат сметките. Останатите веројатно имаат и некои други работи во животот, па не успеваат да се наредат на шалтерот да ги исправаат туѓите грешки.

Ако не платиш навреме, ќе ти пресметаат камата. Нема врска што сметката ти е погрешна, па ти пресметале повеќе. Имаш една многу интересна ситуација која перфектно се вклопува во целата приказна за грабежот на граѓаните. Ем не си потрошил, ем уште и ќе платиш камата за тоа што не си го потрошил.

3. Завчера црквата имаше уште еден медиумски спектакл, по повод Водици, на Каменот мост на Вардар во Скопје. Се надевам дека до Велигден ќе направиме

малку пауза. Како почнаа, ќе ги барам фестивалите на новокомпонираната фолк-музика.

Завчерашното фрлање на крстот внесе и револуционерна новина во сценскиот настап на архиепископот Михаил. На граѓаните им се обрати преку микрофон, а потоа и како искусен ТВ водител пред камерите го претстави среќникот што го фати крстот. Момчето е од Пехчево. Којзнае, можеби сега со божји благослов Пехчево ќе се отцепи од Берово и ќе стане општина.

4. Пред некој ден "Вечер" ѕирна во платните списоци на Владата и откри дека министрите имале по дваесетдве-три илјади плата. Па уште и им доцнела по десетина дена. Ете ти беља. Човек просто да се трогне колку тие луѓе се жртвуваат за народот. Дури и предизборната коалиција ја растурија во караниците кој да земе колку министерски места, односно кој да биде поголема жртва за народот.

Со такви плати, ништо чудно некој ден Владата да почне да штрајкува пред Собранието и да бара поголеми плати. Андов ќе им го испрати Киро Поповски. Тој уште во минатиот мандат научи како се мавтосуваат штрајкувачите. Полицијата сама ќе се организира да го заштити Собранието, бидејќи Фрчко не сака да биде штрајкбрекер. Ова ќе биде историски настан за Синдикатот. Живко Толевски ќе ѝ даде поддршка на Владата.

5. Вработените во Театарот на народностите сакаат да се раздружуваат и да прават одвоени театри на албанска драма и на турска драма. Што мислите за ваков наслов: Театарот се разбашкарува: Башка Турци, башка Албанци.

## МАСЛИНОВА ПОДДРШКА

**28 јануари 1995**

### • Аушвиц не ги загрозува грчките национални интереси

1. Каква врска има педесетгодишнината од ослободувањето на нацистичкиот логор Аушвиц со сонцето од Вергина? Никаква. Ама кога треба оправдување – врска се наоѓа. Па министерот за надворешни работи на Грција Каролос Папуљас си најде оправдување за отсуството од комеморацијата во Полска – во истакнувањето на македонското знаме од страна на организаторите.

Впрочем, што е битен Аушвиц во споредба со проблемот на Скопје? Навистина, со појавувањето на комеморацијата можеа да се претставаат како антифашисти, ама вреди ли да се оди до таму, кога Аушвиц не ги загрозува грчките национални интереси? Освен тоа, во логорот изгинале милион Евреи. Кој им е виновен што не се чувствувале Грци, па да заслужат малку повеќе почит од онаа што Грците ја имаат за ѕвездата од Вергина.

2. Ние со почит гледаме на напорите на нашиот јужен сосед да ни помогне во стабилизацијата и во таа смисла ги цениме неговите жртви и штети што ги трпи

од ембаргото воведено со цел да ни даде поддршка во развојот. Затоа и многу ни е сфатлива логиката на одбраната на Грција пред Европскиот суд кој треба да докаже дека "во Грција никој не сака да ја задуши Македонија, туку спротивно, за цело време на ембаргото ја продолжила поддршката на северниот сосед".

Педантните Грци пресметале дека нè поддржале со 501 тон маслинки и со уште не знам колку тони зеленчук, сокови и макарони, затоа што ембаргото било лабаво. Арно ама, кога човек ќе поразмисли, ќе сфати дека поддршката не е само во маслинките. Да не беше грчкото ембарго, никогаш немаше да ни текне дека покрај трансверзалата север–југ постои и коридор исток–запад. Да сме здрави и живи, кога ќе ја завршиме пругата до бугарската граница, по повод свеченото пуштање во сообраќај ќе треба да откриеме спомен-плоча во знак на благодарност кон Грција.

3. Фадил Сулејмани добил покана да ги посети САД и таму да учествува на тркалезната маса за прашања на албанската заедница. Поканата му е испратена од претседателот на Комитетот за меѓународни односи на Пратеничкиот дом на Конгресот. Значи, работава е ептен официјална. А писмото до Сулејмани е адресирано како до "претседател на Универзитетот во Тетово".

И министерот за надворешни работи на Македонија Стево Црвенковски патува за САД. Да ја подготви посетата на "претседателот" Сулејмани.

4. Русите влегоа во Грозни, а Елцин изјави дека се "создадени услови за преминување од оружен судир кон мирољубив начин на живеење во Чеченија, во рамките на Руската федерација". И сега што ќе прави? Ќе им организира избори? Ќе им формира влада и парламент? Да сакаа Чеченците Русите да им продаваат демократија, немаше сега да одат во партизани.

Истиот принцип за создавање услови за мирољубиво решавање на кризата го користеа и Србите во хрватската и босанската војна. Ќе бомбардираат од надвор, ќе го уништат градот, ќе влезат во него и ќе создадат мир, бидејќи од градовите направија градови на духови.

За да биде приказната заокружена, и рускиот амбасадор во Атина, по разговорите со грчкиот министер за надворешни работи Папуљас, изјавил дека за ситуацијата во Чеченија "постои разбирање од грчката страна".

5. Минатата недела приватната ТВ станица "А1", по повод вториот роденден, приреди коктел во скопскиот хотел "Континентал". Коктел како коктел, свечена гардероба, познати фаци, многу лапачка и пијачка и сето тоа организирано во свежо реновирани простории. Нели, во "Континентал" влегоа некои Французи, па беше најавувано дека ќе биде "де лукс" и слични работи.

Арно ама, не Французи, и Марсовци да дојдат и да вложат во хотелот, "Континентал" ќе си остане "Континентал" – прв социјалистички хотел од советско-бугарски тип. Можете ли да си ја замислите сцената кога доаѓаат гостите, повеќето од нив угледни лица познати во јавноста, наконтени како за прослава и се редат во редот за да ги остават палтата на гардероба, а таму гарде-

роберот наплаќа по триесет денари парче и го расфрлува ситнежот од десет и дваесет денарки без ред на едно столче уште од хотелскиот период пред Французите. Сликата со бундите, гардероберот, столчето и гостите со ситно во рацете, а демек дошле на свечен настан, беше на ниво на собирање пари од страна на дечињата што ги окупираат најпрометните скопски крстосници, за да ти ја замијат шофершајбната за десетина денари.

Претседателот Киро Глигоров сигурно си го оставил палтото во кола. Инаку и тој ќе требаше да се нареди со триесет денари во рацете и да ги фрли на столчето на "де лукс" хотелот. Оди по линија на помал отпор. Не сака да се разочарува кога ќе види како тешко се менуваат старите навики.

6. Колегата Бране Димовски пред некоја вечер прописно нѐ "олади" кога при крајот на дневникот ни рече: "А сега една тажна вест!" Си помислив, или удрил уште еден земјотрес во Кобе, или цистерните со мазут заглавиле на Деве Баир, или Уставниот суд донел одлука да не се плаќа РТВ претплата. А тоа умрела Роуз Кенеди на 104-годишна возраст.

"Со почит кон госпоѓа Роуз", рече Бане Димовски и го заврши дневникот – "Тоа беше сѐ и пријатно!".

## ГУД АПЕТИТ

**4 февруари 1995**

### • Стево Црвенковски пред вратата на "Белата куќа"

1. Министерството за надворешни работи секојдневно со соопштенија за јавноста нѐ информира за посетата на министерот Стево Црвенковски на САД. Соопштенијата даваат комплетна слика за американската мисија на министерот. Знаеме дури и кога јадел и со кого. Обично се користи терминот "мисија на добра волја". А според соопштенијата на Министерството излегува дека Стево Црвенковски е во САД во мисија на добра храна.

Пред неколку дена беше јавено дека нашиот министер присуствувал на ручек што го организирал американскиот потпретседател Ал Гор. Пред два дена министерот бил на молитвен појадок што го организирале конгресмените и на кој биле поканети делегации на 140 држави. Не е соопштено што било сервирано за појадокот. И не е соопштено за што се молел Црвенковски, бидејќи, нели, појадокот бил молитвен. Кога ќе слета на скопскиот аеродром, ќе треба да го прашаме за најсуштинскиот дел од посетата: дали молел за 230 тенкови, за отворање на амбасада и размена на амбасадори, за финансиска поддршка во некоја меѓународна институција или, едноставно, замолил за уште еден ѕус.

Министерството соопшти дека министерот во таа прилика се сретнал и со американскиот претседател Бил Клинтон. Биле во истата сала. Инаку, таму немало многу луѓе. Веројатно околу илјада.

Според логиката на настаните, покрај појадок и ручек мора да постои и вечера. Не ќе е лошо и вечерата да биде во близина на Бил Клинтон. На пример, зошто Хилари Клинтон да не го покани нашиот министер на вечера во Белата куќа. И онака пред некој ден ја отворила тркалезната соба што била затворена четири години поради реновирање. Можат да вечераат на тркалезна маса. Стево ќе дојде пред вратите на Белата куќа. И ќе ѕвони двапати. Ѕвончето ѕвони: "Клинтоннн! Клин-тоннн!!!" И, Хилари ќе праша: "Бил, за кого бие ѕвончето?" Сигурно за Македонија! За приватизацијата! Како од спотот кога бијат камбаните.

Арно ама, Стево Црвенковски нема време за чекање пред вратите на Белата куќа. И веднаш од Вашингтон ќе летне за Њујорк. На вечера. Со Сајрус Венс. Па Министерството по урнекот на соопштението за молитвениот појадок ќе ни испрати соопштение за тајната вечера.

2. Ако Американците навистина чесно сакаат да ни помогнат, следниот пат нека организираат појадоци и ручеци со министрите за финансии. Покрај Црвенковски, во мисија на добра храна нека оди и министерот Јане Миљовски. Ќе ни помогнат да го олабавиме буџетот. Ќе одат помалку пари за исхрана од дневниците.

3. Едноставно, немам повеќе срце да го вклучувам телевизорот и да ги отворам весниците. Ќе пресвиснам од жал за Грција. Велат дека ќе ја казнеле на Европскиот суд во Луксембург поради ембаргото спрема Македонија. Цела недела само за тоа се зборува. Дури и пред да почне судењето, ние ја знаевме пресудата. И ги прежаливме сиромашките Грци, како ќе ги казнеле.

Така беше и минатата година. Сите тагувавме над судбината на Грција кога – Судот ѝ дозволи да си продолжи со ембаргото. Искрено, многу ми е сомнително кога кај нас се пишува како Грција ќе биде зезната. Речиси по правило, секогаш кога Атина е во паника, кога грчката влада го очекува најлошото, кога во Грција преовладува песимизмот, кога тамошната јавност се потресува, Македонија го извлекува подебелиот крај. Се плашам дека и сега, кога сите тука се потресуваат над казнетата Грција, накрај самите себе ќе си се жалиме. Искуството со Европската унија и нејзината бирократија тоа неколку пати убаво ни го докажа.

4. Парламентарците повторно бараат јавноста да ги гледа директните ТВ преноси. Навистина, тоа не треба да се сфати како наредба или, не дај боже, мешање во уредувачката политика на МТВ, ама би било добро. Голем дел од пратениците се од минатиот состав, се навикнаа да се гледаат на телевизија, изградија свест за моќта на ТВ екранот, па сега одеднаш се чувствуваат фрустрирани кога никој не ги гледа што работат.

Ако МТВ не им ги прифати сугестиите на пратениците, секогаш ќе имаат можност да се појават на Силексовата "Сител" телевизија. Во емисијата "Скриена камера". Стојан Андов ќе смислува разни ситуации. Пратениците ќе се однесуваат како што си се однесуваат. И ако некој се заборави и претера на говорницата, однекаде ќе се појави Ѕинго. Ќе го прегрне говорникот и другарски ќе му рече: "Го гледаш она дупче таму? Еее... Насмевни се, тоа е скриена камера!"

Така, доживувањата на нашите народни избраници ќе ги следиме во разни жанрови. Во минатиот состав играа историска драма. Нели, правеа држава, измислуваа знаме, правеа пари... Сега ќе ги гледаме малку порелаксирано, во рамки на забавна програма од типот на "Скриена камера". Значи, веќе имаме драма и комедија. Само во следниот мандат да не дојде ред на – хорор!

## ЛАТИНСКИ ЉУБОВНИЦИ

**11 февруари 1995**

**• Не постои проблем од којшто не може да се избега низ врата**

1. Што ти е неочекуван драмски пресврт. Четири години албанските политички првенци се заканувaат дека нивните пратеници ќе го напуштат Парламентот, се повикуваат на меѓународни поддршки, најавуваат бојкоти, излегување од Владата и пак упорно остануваат. А македонските пратеници ниту најавија, ниту предупредуваа, ниту се закануваа, ни две ни три си ги собраа папките и си заминаа без збор.

Пратеникот Сали Рамадани, вечерта по инцидентот, на телевизијата "Сител" изјави дека тоа што го направиле пратениците Македонци е скандал. А убаво ги предупреди дека од сега ќе се зборува паралелно: на албански и на македонски. Останатите пратеници многу се налутија. Затоа што спротивно на кажаното Рамадани го почна својот говор на латински. Праша: "Кво вадис, Македонијо?" И – Македонија отиде на пауза.

Во минатиот состав на Собранието пратеникот на ПДП Хисни Шаќири тврдеше дека неговото семејство, што сочинува 3 од сто од кумановското население, сигурно води потекло уште од Римската империја. Со латинскиот настап на Сали Рамадани, а тој е пратеник од Кичево, дефинитивно се потврдува теоријата за директна поврзаност на Албанците со старите Римјани. Шаќири бил во право.

Исто како што бил во право кога пред три-четири години, во идентичен инцидент, кога прозборе албански, на пратениците им порача: "Што се буните, ќе дојде ден кога во ова собрание ќе се зборува албански!" Сега Шаќири зборува македонски, а Рамадани – албански.

Затоа пак македонските пратеници покажаа невидена монолитност. Тие не дозволуваат во највисокиот орган на државата да се зборува на друг јазик, освен на службениот. Убаво се виде како ја напуштија салата и го бојкотираа Рамадани. Освен тоа, докажаа дека за нив не постои проблем од којшто не може да се избега. Низ врата!

Каде одиш, Македонијо? Денес – низ врата. Утре – преку граница.

2. Од преку граница обично доаѓаат и ни ги решаваат проблемите. Како на пример Тадеуш Мазовјецки, што ни доаѓаше како специјален пратеник на ОН за

човекови права. Деновиве беше објавен извештајот со неговите заклучоци и препораки, доставен до седиштето на ОН во Женева. Во него господинот Мазовјецки ги признал напорите на Владата на Македонија за унапредување и почитување на етничките и верските малцинства, ама и побарал "позитивно да ја разгледа иницијативата за унапредување на образовниот систем на малцинствата на универзитетско ниво".

Околу ова прашање деновиве се раскажува една случка со амбасадорот Герт Аренс. Наводно, при неговиот последен престој во Македонија, кога се среќавал со претставниците на власта, некому му изразил чудење: "Како не им давате универзитет во Тетово? Па јас им ветив!"

3. Грција најави дека ќе го повлече ветото за царинскиот договор што Турција треба да го склучи со Европската унија. За возврат го доби она што го бараше – да ѝ се каже датумот кога Кипар ќе стане членка на Европската унија.

Европа и натаму може да зборува колку ѝ е важно да ѝ дозволи на Турција да ѝ се приближи на Унијата. Сите приказни паѓаат во вода пред смислата за трговија на Грците. Пред неа Европа редовно излегува како наивен купувач.

А ние, еве веќе цела година, упорно порачуваме дека не преговараме под ембарго. Како да не ги знаеме Грците дека токму со него тие си ги дигнаа акциите. Држат вештачки висока цена и секогаш имаат луфта за ценкање. Така што кога ќе го укинат, не само што нема да загубат, туку и ќе добијат. Тие ќе бидат оние што покажале чекор на добра волја. А ние, ако не сакаме да им ја надоместиме разликата во цената, пак ќе бидеме некооперативни.

4. Фудбалскиот сојуз на Македонија побара еден милион марки отштета од државата. Образложението е дека толку пари ќе се загубат поради казната од УЕФА следните два натпревара на фудбалската репрезентација да се играат без публика и ТВ преноси. Палавите гледачи на декемврискиот натпревар со Кипар во предновогодишно расположение испукаа петарда врз главата на кипарскиот претставник.

Што е виновна државата за палавоста на навивачите, па на Фудбалскиот сојуз да му исплаќа отштета? Белким не требаше покрај секој навивач да стои по еден полицаец, за благовремено да ги лови петардите.

Изгледа требаше. Се работи за погрешна проценка на органите за внатрешни работи и на Фрчко лично. Што убаво луѓето на средбата со Данска си навиваа со разнобојни балони. После дојде Фрчко и ги издиша балоните. Па гледачите побараа спас во петардите.

Сѐ си има своја цена. Милион марки. Тоа е цената на издишаните балони.

# ШВЕРЦЕРСКА МАГЛА

**18 февруари 1995**

## • Албанците би биле добредојдени во Џорџтаун

1. Дали, ако македонската полиција го фатеше шверцерот по име Џозеф Диогарди, кој е американски државјанин, ќе го протераше од државата и ќе му забранеше влез во Македонија неколку наредни години? Дали, ако Џозеф Диогарди беше измамник, кој дошол од странство и измамил два-тројца граѓани, македонски државјани, полицијата ќе го прогласеше за персона нон грата? Затоа што секојдневно читаме по црните хроники за случаи на ситни шверцери и пазарџиски измамници, на кои државата им го скратува своето гостопримство.

Џозеф Диогарди не е ситен шверцер и ситен измамник. Иако во Македонија е дојден да продава магла. Згора на тоа е и Американец, кој го има неприкосновеното право да се заканува дека небаре судбината на Македонија зависи од неговите извештаи до Конгресот. Ќе им кажел на Американците да не воспоставуваат дипломатски односи и да не ни испраќаат економска помош. Којзнае, можеби токму поради Диогарди ќе мораат да измозгаат нова дипломатска измислица, па и ова што наместо амбасада во Скопје го нарекуваат – Канцеларија за врски, да го преименуваат со некое друго име. Штом Македонија не им дава на Албанците да си прават паралелен универзитет, тогаш не заслужила во САД да го има третманот на еден Виетнам или Северна Кореја, на пример. Само тие и ние сме привилегирани со измислицата "Канцеларија за врски".

Бидејќи Диогарди има право да ни се заканува, а на Албанците да им порачува "Не плашете се, Америка е со вас!", нашата влада му порачува дека тој и натаму ќе биде добредојден, бидејќи ние сме демократска држава. Така треба со сите што даваат поддршка на незаконски и неуставни работи, па уште и поттикнуваат на меѓунационална пресметка. Сигурно и САД така би се однесувале, на пример во времето на студената војна, ако би им дошол некој запален комунист да држи говор пред многу народ и уште да им порачува: "Не плашете се, Русија е со вас!". Нема веројатно тие да излезат понедемократски од Македонија, па да го прогласат тој што повикува на нереди за персона нон грата. Туку ќе го пуштат нивниот Ѓунер Исмаил и ќе го овластат да му упати отворено добредојде засекогаш, бидејќи тие се демократи.

2. Албанците во Македонија ќе доживеат подобра судбина од црнците во Америка. Така барем се надева Џозеф Диогарди.

Супер. Тоа значи дека Фадил Сулејмани навистина ќе биде македонски Мартин Лутер Кинг. Сулејмани зборува српски јазик на ниво на шверцер на цигари од Бит-пазар. Мартин Лутер Кинг го зборуваше официјалниот јазик на САД – англискиот. Ако се остварат надежите на Диогарди, Сулејмани, како подобар од црнците во Америка што го искривуваат англискиот, наскоро одлично ќе зборува македонски.

3. Завчера вечер присуствував на една грда сцена на римскиот аеродром Фјумичино. Пред самото полетување на авионот на "Палер Македонија" за Скопје, еден автобус во придружба на пет полициски возила и со фешта каква што можат да направат само Италијанците, донесе 36 патници, повеќето Албанци од Косово со ЈУ-пасоши, кои само пред еден час долетаа во Рим со истиот авион. Италија е нели демократска држава, ама бидејќи таму не знае како да постапува со нив, ни ги враќа во Македонија. Ќе ни требаат како кадар за универзитетот. Освен тоа им мисли добро на протераните, бидејќи нам ќе ни кажат како треба да се однесуваме со нив и ние ќе ги послушаме. Освен тоа и побогати сме од нив и имаме повеќе услови, и за демократија, и за универзитети, и за академии на науки, ако треба...

4. На некои колеги кои пред извесно време беа на студиски престој во САД, токму за да видат како функционира во практика остварувањето на правата на разните етнички заедници, во Вашингтон им бил предочен примерот на населбата Џорџтаун. Во таа малку поексклузивна населба, уште откако постои метрото, граѓаните не даваат да се изгради метро-станица, за да ѝ биде отежнат пристапот на сиромаштијата до нив. Во Америка поим за сиромаштија се црнците и нивните квартови.

Таму не им даваат да им се приближат, но затоа пак универзитетот "Џорџ Вашингтон" склучува договор за соработка со "тетовскиот универзитет". Којзнае, можеби ако наместо 70 од сто Црнци во Вашингтон имаше 70 од сто Албанци, жителите на Џорџтаун ќе дозволеа во нивната населба да се изгради метро-станица. Можеби и ќе ѝ дадеа име "Диогарди".

5. Делегација на Стопанската комора на Македонија отиде во работна посета на Стопанската комора на Србија. Владата вели дека таа не може да им рече да не одат. Иако, колку што е познато, санкциите кон Србија и Црна Гора сѐ уште се во сила. Дваесет и осум стопанственици од Македонија разговарале со нивните колеги од Србија, зад затворена врата. Нормално, кога се договараат за шлепери што треба да ги кршат санкциите, тоа мора да биде тајно.

За социјалистичките директори кои уште од самото формирање на Македонија како независна држава плачат по Србија, времето застанало. Ништо не е сменето. Дури и денес нивните телефони имаат излез само до Белград. Единствената промена што во независна Македонија мораа да ја направат, беше да се навикнат наместо "011" да вртат "38111". Верувам дека дури и тоа тешко им падна.

# ОНО И ОСЗ

**25 февруари 1995**

## • Фадил Сулејмани не успеа да ја екипира катедрата за меѓународно право

1. Секој сериозен правен факултет, на секој сериозен универзитет, ја започнува учебната година со предавања по предметот "римско право". Така и "тетовскиот универзитет", како мошне сериозна институција, ги собра "студентите" во една куќа во тетовското село Порој на првиот час по римско право. Сериозноста на настанот, но и на опкружувањето, најдобро беше отсликана со изгледот на професорот. Човекот не изгледаше баш премногу професорски и авторитативно на ТВ екраните. Со сината беретка на главата и со сивиот грубо рачно плетен волнен џемпер, потсетуваше на некој шармантен пиљар, или продавач на тикви на Бит-пазар. Арно ама, сериозноста на моментот беше токму таква теренска униформа. Како сто години да ќе биде мир, а веќе утре може да почне војна.

На другиот "факултет" во селото Мала Речица исто така започна учебната година. Само малку невообичаено. Со предметот "општонародна одбрана и општествена самозаштита". И тоа без предавања. Веднаш се премина на тактичко-показателна вежба. Таа ќе им се смета како задолжителен колоквиум. Без учество во неа нема да може да се земе потпис и нема заверка на семестарот.

Тој ден имаше потреба од визитинг-професори по меѓународно право. "Ректорот" Фадил Сулејмани дури апелираше и на телевизија да му дојдат професорите од Универзитетот "Св. Кирил и Методиј". Прво го бараше Васил Тупурковски. Кога новинарите го прашаа зошто баш него, Сулејмани рече: "Како персоналитет и интелектуалец – демократа". Ама "није био куќи!" После го бараше и Шврчковски. "И он није био куќи!" Ту... Ете ти беља. Среќа што Шврчковски гледал телевизија. Свесен за проблемите на Сулејмани, веднаш ги испрати своите асистенти по него.

2. Сепак, сè ми се чини дека Сулејмани нешто ги збркал работите со Тупурковски. Или пак си играл асоцијации, па си нашол некоја своја логика.

Циле ги смируваше раскараните околу изворот "Студенчица" во Кичевско. Тогаш Кичево и Прилеп се караа за вода. Да не си го поврзал Сулејмани проблемот со водата, со имињата на селата каде што се неговите "факултети"? Едното е Речица, другото Порој. Па Циле како "персоналитет" задолжен за водни прашања би можел да дојде во неговите "водни" села!?

Наместо Тупурковски, во решавањето на водните проблеми активно се вклучи Фрчковски. Да не му текне случајно на Сулејмани по Порој и Речица да направи – потоп.

3. Искрено кажано, не ми беше јасна целта на студентскиот собир пред Собранието на Македонија во четвртокот. Сега може да се зборува и за вмешаност на политички партии, и за потреба од докажување на новото

раководство на Сојузот на студентите, и за манипулации од страна, важно собирот би можел да се нарече комплетно неуспешен, освен ако за успех не се смета блокирањето на скопските улици во центарот и предизвиканата реакција на портпаролот на Владата Ѓунер Исмаил. Потоа и организаторите се оградуваа од некои недолични пароли и извици, ама – доцна. Освен тоа, не може да им се прогледа низ прсти – сепак се доволно возрасни за да можат да претпостават дека во запалива атмосфера, која само што почна да се лади, лесно ќе се најде некој што повторно ќе фрли искра.

Деканите на факултетите, еден ден пред тоа, на седницата на Универзитетската управа го лекторираа текстот на декларацијата на студентите.Така што сега тие не можат да се вадат дека не дале поддршка на собирот. Единствено радува тоа што само мал процент од студентите на Скопскиот универзитет се одзваа на прогласот, иако тој бил отпечатен во тираж од 12 илјади примероци. Така што излегува дека студентите излегоа подораснати на ситуацијата отколку нивните професори. Го имаат примерот на Босна. Студентите гинат, а нивните професори шетат по разни Женеви и цртаат карти.

4. Не е јавено дали поранешниот американски конгресмен Џозеф Диогарди во Конгресот зборувал на албански јазик, ама од Вашингтон стигна вест дека републиканците подготвиле закон со кој во САД би се укинала двојазичноста, за да се спречи поделбата на американското општество.

Тоа може да е добар знак. Видоа дека кај нас експериментот запна кај Мала Речица, па не мора и тие да експериментираат на своја сметка. И онака, сè што не чини, прво го испробуваат кај нас. Паметниот учи од туѓите грешки. А уште повеќе од своите, кога ги прави кај друг.

5. Приватниот стопанственик Драган Митевски, инаку пратеник во Собранието на Македонија има потреба од дипломатски пасош "заради обезбедување на неговата заштита при патување во странство и извршување на службените задачи". Така вели во предлогот за измена на законот за патни исправи. Само не кажува дали мисли на службените задачи на фирмата "Миткомерц".

Кој е како нас? Ќе бидеме најдипломатска земја на светот. Пратениците ќе ни се пуштат во дипломатија на сите страни. Во Бугарија, Турција и Србија. За таму не требаат визи, а и добро се разработени каналите за шверц.

# ОБЕДИНЕТИ ДИРЕКТОРИ

**4 март 1995**

• **Зошто да увезуваме исламски фундаментализам кога можеме да го произведуваме дома?**

1. Како ја најавуваа специјалната седница на Собранието, на која премиерот ги бранеше реформите на Владата, си помислив дека пратениците не ќе можат три дена и три ноќи да припарат надвор од зградата и дека ќе се испотепаат кој попрв да стигне до говорницата. Арно ама, тие воделе дискусии по парламентарните групи. А на седницата отворена за јавноста испратија два-тројца платени од име на партиите да дадат поддршка и брзо-брзо се разотидоа. Зошто да чекаат?

Најактивен придонес во расправата, како и досега, дадоа социјалистичките директори. Само – надвор од салата. За време на седницата се однесуваа како и што им доликува.

Можеш, ти Бранко, да си збориш што сакаш, ние ќе си тераме по свое. Уште утре ќе викнам неколку новинари да им кажам дека курсот на денарот нè уништи. А и концептов на приватизација нешто не ми се допаѓа. Плус, малку е збркана работава и со преструктуирањето на загубарите. Не ќе е лошо да ни се случи некое штрајкче со глад. Уште и ако дојдат пред Владата – полна капа. Патем, чекај, на оние од Стопанската комора да им предложам да организираат уште една-две тури до Белград. Остави го овој нека се занесува дека прави држава. Ако не му успее реформата, ние и онака нема да бидеме виновни. Си ја одмолчивме седницата, ние сме – за, тој немаше храброст да им каже на сите што му правиме. Освен тоа, кога ги правеа списоците за кандидати за пратеници знаеше дека сме директори на социјалистички фирми. А богамии силни сме. Обединети. Нè има доволно во сите три партии од Сојузот...

2. Што се однесува до пратениците Албанци, тие го немаа истиот проблем. Што има да се секираат за реформа, кога таа се спроведува во Македонија. Кога ќе си прават реформи во својата држава, ќе си одат на специјални седници. Сега се зафатени со многу посериозни државотворни проблеми. Настрана што допрва треба да школуваат кадри.

Голема работа! Нив никаде ги немаше ни за референдумот, ни за Уставот, ни за пописот, па сега ќе губат време на седница за економска реформа.

3. Најзначаен културен настан во изминатата недела беше положувањето камен темелник за изградба на Исламски факултет во скопското село Кондово. На него присуствуваше и министерот за култура Ештреф Алиу. Факултетот ќе се гради со одлука на Владата. Наводно, на тој начин ќе се избегнело македонските граѓани со исламска вероисповед да одат да студираат по Саудиски Арабии и Либии, па оттаму да ни внесуваат фундаментализам. Што е сосема во согласност

со новите економски реформи. Зошто да увезуваме исламски фундаментализам кога можеме да си го правиме дома.

Освен тоа, Македонија на овој начин уште еднаш ќе се промовира како центар на Балканот. Малку ни се нелегални доселеници од Косово. Сега ќе се отвориме и за студенти по исламски науки, не само од Косово, туку и од Санџак, од Босна, од Албанија...

4. Вчера Бугарија го славеше својот национален празник. И како што е редот, по повод националниот празник на соседот, телеграми со честитки испратија и претседателот Киро Глигоров, и премиерот Бранко Црвенковски, и министерот за надворешни работи Стево Црвенковски.

Паралелно со протоколарната вест за честитките медиумите објавија и што всушност слави Бугарија. Имено, на 3 март 1878 година беше склучен Санстефанскиот мировен договор, според кој Кнежевството Бугарија требаше да се прошири, опфаќајќи ја територијата на цела Македонија.

Согласно на политиката на еквидистанца кон соседите, за очекување е Глигоров и двајцата Црвенковци да испратат телеграми со честитки до СР Југославија на 1 декември, кога таа ќе го слави формирањето на Кралството на СХС.

Ако се земе ова предвид, тогаш не се работи за гаф на службите задолжени за пишување честитки. Напротив, ова е смислена финта како да се скараат Србија и Бугарија. И во Кралството на СХС и во неотсонуваната санстефанска Бугарија територијата на денешна Република Македонија беше во нивниот состав.

5. Интересно, секогаш кога нешто ќе зачкрипи со Албанците, па уште и гарнирано со отпори кон економската реформа, се јавуваат загрозените Срби. Прво Бора Ристиќ направи шоу, најавувајќи го своето дејствување како политичка герила во Македонија. По два дена и Српската црква од Белград, заедно со претседателот на Здружението на Србите и Црногорците во Македонија, ја разгледувала положбата на Србите кај нас и дошле до заклучок дека тие ги немаат правата што ги имаат сите други жители.

Па нормално е дека Србите се загрозени, кога ТВ "Сител" само два пати ја емитуваше репортажата од свадбата на воениот злосторник Аркан и фолк-пејачката Цеца. А и на другите приватни радио и ТВ станици на две-три српски новокомпонирки ќе се појави и понекоја македонска. И замислете – во книжарниците покрај српски, има и понекоја македонска книга, а и во трафиките покрај сите "Политикини" изданија може да се најде и понекој весник на македонски јазик.

# ОДБРАНБЕНИ БАЛОНИ

**11 март 1995**

## • Колку ќе се радуваме кога ќе нѐ примат во ОН!

1. Дописникот на белградска "Наша борба" од Њујорк, специјално за "Сакам да кажам" јавува дека Македонија наскоро ќе биде примена во Обединетите нации. Од добро информирани извори во седиштето на светската организација се дознава дека преговорите за прием се во завршна фаза во Советот за безбедност. Дури, таму се шпекулира дека може да се случи ненадејно да допатува претседателот на Републиката Киро Глигоров заедно со известувач на Македонската телевизија, за да присуствува на приемот. Дописникот дознава дека околу приемот ќе мора да се направи и некаков вид компромис. Се шушка дека Македонија ќе биде принудена да им се приклучи на Обединетите нации под привремено име "Бивша југословенска република Македонија" или така нешто. Заради противењето на Грците изгледа дека нема да ни дадат да го истакнеме и знамето на јарболите пред седиштето на ОН.

Браво, значи секаде нѐ примија! Така на оваа вест би изреагирал некој редовен ТВ претплатник на МТВ. Условот е само да му ја дадат на Бане Димовски, да ја прочита со нему својствената драматика на почетокот на централниот ТВ дневник и да ја повтори како вест на денот на крајот, по прогнозата за времето. Исто така што пред некоја вечер нѐ израдува со веста за приемот во Светската банка. Што му требаше другиот ден на министерот Љубе Трпевски да дава изјави дека во Светската банка нѐ примиле уште во декември 1993 година!? Колку беше радосен ТВ водителот – му го расипа расположението. А и ние таман се израдувавме дека МТВ конечно нашла нешто ексклузивно и ги зафркнале "А1" и "Сител".

Колку ли само ќе се радуваме кога ќе нѐ примат во Обединетите нации!

2. Не ми е јасно зошто официјална Атина сѐ уште не е во паника по веста дека Македонија комплетно ќе ја затвори јужната граница. Сигурно уште се занимаваат со изборот на нов претседател. Можеби и не можат да ја пренесат веста. Како ќе кажат дека тоа било објавено во "Македонско време". Ако го преведат на грчки, ќе излезе "Скопско време". Тоа повеќе личи како име на некој локален градски водич. А текстот од такво списание е несериозно да се пренесува.

Меѓутоа, работава е многу сериозна штом на веста веднаш реагираше портпаролот на Владата Ѓунер Исмаил. Тука мора да има нешто. Можеби списанието пушта пробни балони. Штом нашата влада толку се потресе, нешто е матна работата.

Искрено мислам дека Македонија нема да може да ја затвори копнената граница со Грција. Ама оној дел од веста во кој се вели дека затворањето важи и за воздушниот простор се чини поверодостоен. Балоните можат да се надуваат и

да се пуштат во воздух. Секој балон ќе го врзат со конче долго десетина илјади метри и ќе им го дадат на припадниците на македонското воено воздухопловство што ќе ги распоредат долж граничната линија меѓу Македонија и Грција. Така тие ќе претставуваат непробивен штит за грчките авиони. Доста веќе се фалевме со градобијните ракети на "Теас-темко". Тој систем на одбрана не профункционира зашто Дирекцијата за цивилно воздухопловство не им поделила доволно мегафони на контролорите на летањето, за да можат да им викаат на грчките пилоти да се спуштат малку пониско, па да можеме да ги гаѓаме.

Само пак да не се појави Ѓунер Исмаил да ги издише балоните. Отиде нашиот концепт на противвоздушна одбрана.

3. Кога сме веќе кај одбраната и кај ексклузивните вести, а во контекстот на доаѓањето на 5, 10, или 15 илјади американски војници во Македонија, од ептен доверливи извори се дознава и следново:

Владата на Република Македонија го условува зачленувањето во НАТО! Македонскиот преговарачки тим, на упорното убедување на НАТО-вците да ја зајакнеме алијансата со наше присуство, на последната средба во Брисел го условила учеството во НАТО со дозвола за командување на македонски јазик. (Со образложение дека тоа е наше "приватно право", како што би се изразиле Албанците во македонското собрание.) Дознаваме дека по оваа уцена преговорите се влезени во ќор-сокак. Нивното образложение е "Што ќе ви е командување на македонски јазик?" Ставот е поткрепен со објаснувањето: "Ако ви испратиме 15 илјади американски војници – тогаш комотно можете да ја распуштите вашата армија!"

4. Единствено ќе ја задржиме царската гарда. Да ѝ дава белег на државата што ќе ја направи новоформираната Монархистичка партија. Патем, до каде стигна конкурсот за немажените Македонки што сакаат да станат принцези. Избрано ли е македонското девојче кое ќе ни се омажи со некој странски принц, што ќе ни служи за приплод да се роди македонското царче. Нема тука Калеш Анѓа, анама не бивам и слични работи. Има да земе принц од странство, цел живот да страда што нема да земе момче Македонче, па да види што е рај, ама ќе влезе во историјата и во нови народни песни, зашто ќе се жртвува за иднината на монархистичка Македонија.

Луѓето од Монархистичката партија велат дека, кога ќе се роди царот, тие ќе ја распуштат партијата, зашто целта ќе биде остварена. Во моментот на распуштањето Македонија ќе добие и цар и дворски шутови.

# УНПРО ФОРМА

**18 март 1995**

## • Состанокот на ЦЕИ зависи од троседите на спуштање

1. Силите на УНПРОФОР во Хрватска си ја завршија својата работа. Ги зацементираа границите со отцепените Срби во Српска Краина. Туѓман се налути, се закани дека ќе ги избрка силите на ОН и повторно уцената, како и многу пати досега, даде резултати. Американците го молеа Туѓман и дојдоа до ново решение. Силите на ОН ќе останат, ама со друг мандат, значително намалени и со друго име. Отсега мировната операција во Хрватска ќе се вика УНФИЦ – според англискиот назив на Хрватска – Croatia.

И министерот за надворешни работи на Македонија Стево Црвенковски деновиве повторно го актуализира барањето до Генералниот секретар на ОН, силите на УНПРОФОР во Македонија да се издвојат од заедничката команда за бивша Југославија, бидејќи и онака кај нас уште од почетокот се работи за комплетно друг мандат од оној во Хрватска и Босна и Херцеговина. Проблемот, како што стана практика кога е во прашање Македонија, најверојатно повторно ќе биде – името.

Мисијата на ОН во Македонија би можела да го добие името УНПРОМ – што преведено на македонски би значело "Превентивна мисија на ОН во Македонија". Арно ама, во ОН сѐ уште важи она "бивша", односно "формер". Па името ќе ни остане УНПРОФОР, плус едно "М". Па, ќе се чита – "УНПРОФОРМ". Тоа преведено на македонски би можело да се прочита како "Сили на ОН про-форма".

2. Грижа за зачувување на формата имаат и некои собраниски комисии. На пример, Комисијата за избори и именувања. Нејзиниот претседател Наќе Стојановски ја претвори комисијата во истражен орган. Под набљудување се бившите пратеници кои примаат апанажа. Се испитува кој од нив има приватна фирма, кој ја дели со брачниот партнер, чија жена развива приватна дејност и така натаму.

Наместо да се занимава со истражна постапка, многу порационално би било господинот Стојановски да собере уште неколкумина партиски соборци и да предложи закон за укинување на апанажата. И онака народот е гневен на бившите функционери, кои иако ништо не работат примаат плата. Силна пратеничка група се, за изгласување на таков закон не ќе мора којзнае колку гласови, ја имаат поддршката од избирачите и ќе го решат проблемот со апанажата засекогаш. Многу е поедноставно отколку да изигруваат финансиски инспектори и да тарашкаат по списоците на Управата за јавни приходи и по банкарските сметки. Освен тоа, ќе се осигураат по четири години, кога тие ќе станат бивши, никој да не им чепка по приватниот живот.

Донесувањето на еден таков закон, со кој би се укинала апанажата, би придонело за значително подигање на нивото на парламентарниот состав. Ако знаат дека, кога ќе им заврши мандатот, нема да им бидат осигурани пари без работа, кога ќе се кандидираат за избори, добро ќе размислат дали имаат каде да се вратат. Вака излезе дека некои фирми одвај дочекале некој нивни вработен да стане пратеник, за да се спасат од него, па сега не го примаат назад. А народот нема да се залажува да избира типови што никој не сака да му се вратат.

3. Скопското раководство донело одлука градот да се зачисти потемелно пред состанокот на министрите на Централноевропската иницијатива. Во главниот град на државата кон крајот на идната недела ќе допатуваат дваесетина министри за надворешна трговија од Средна и Источна Европа, па редно е градот малку да се замете.

Ова со ударничкото чистење ме потсетува на детските денови, кога во Скопје доаѓаше Тито и забрзано се крпеа дупките по улиците низ кои ќе помине колоната и се светнуваа тротоарите и излозите, а на балконите беше забрането да се сушат гаќи, маици и чаршафи како заштитен знак на урбаната средина.

Во рамките на подготовките за состанокот на министрите, Владата купи уште дваесет луксузни автомобили. Сè е подготвено за пречек, возилата се тука, а и улиците по кои ќе поминат ќе бидат зачистени. Остана уште проблемот на сместувањето. Со сите маки што ги напрвивме изминативе години, успеавме да не изградиме барем еден луксузен хотел, така што на гостите со гордост ќе им ги покажеме старите добри социјалистички зданија, што се претставуваат како хотели.

За да не се брукаме, и сè да биде како во времето на Тито, имам еден предлог. Да ги сместиме гостите по дома. Вработените во Министерството за надворешни работи нека ги чекаат авионите на аеродромот и по принципот "запознавање со непознато другарче" нека си изберат гостин и нека го сместат на спуштениот тросед во дневната соба. Како порано, во времето на братството и единството, кога си се посетуваа училишта од разни делови на бивша Југославија.

4. Британскиот амбасадор Тони Милсон повторно бил во Тетово, ама сега разговарал со македонскиот дел од раководството на општината. Рекол дека од разговорите ќе испрати извештај до Форин офисот во Лондон.

Нема потреба многу да се мачи со должината на извештајот. Само нека наведе дека во Тетово морал да оди два пати – еднаш да ги слушне Албанците, а втор пат – Македонците. Таму сè ќе им биде јасно!

## ГЕНЕРАЛНО ЧИСТЕЊЕ **25 март 1995**

### • Кој им копа дупки на министрите?

1. Заменикот-министер за надворешни работи на Грција, Мангакис, признал дека во Париз се ракувал со нашиот министер Црвенковски. Признанието на грешниот заменик-министер сè уште во грчките гласила не е издигнато на ниво на национална катастрофа, ама сиромашкиот Мангакис чувствува голема потреба од покајание за парискиот грев, што во моменти на човечка слабост му пружил рака на скопјанецот.

"Многу грешев, прости ми", ќе му рече Мангакис на Папандреу, залудно обидувајќи се пред себе и пред историјата на Елада да го оправда тој толку неразумен и неконтролиран потег на неговата рака. Што ли му беше тој судбоносен ден, дали атмосферскиот притисок над Париз не беше во рамките на нормалата, дали Стево Црвенковски на состанокот дошол маскиран како филмски режисер, дали последиците од отровот во токиското метро се проширија и до Европа, дали Американците од Вашингтон теледиригирано ракувале со неговата рака... Многу прашања, што на крајот можат да се сублимираат само во едно: Како да му се прости на Мангакис? Ако треба да се исчисти од гревот, човекот ќе стане испосник. Ќе се закалуѓери. Местото веќе не му е во Атина и по некакви европски метрополи, каде што прави разно-разни глупости и се ракува со кого ќе стигне. Нека се прати во Света Гора.

За разлика од него, Црвенковски ништо не признава. А и да признае, исто му се фаќа. Не е тип на испосник. Па и таа Света Гора не е толку убава како Њујорк.

2. Министерот-портпарол на Владата, Ѓунер Исмаил, не признава дека не му кажуваат што се случува со надворешната политика на државата, особено по најновите договарања со Сајрус Венс во Њујорк. На новинарите пластично им објасни како се одвиваат преговорите во зградата на Обединетите нации. Господинот Исмаил ни кажа дека амбасадорите на Грција и на Македонија таму не мора да се сретнат само формално и на закажана средба. Тие можат да се сретнат и во ходник, во бифе, на врата, зад врата, под врата, бидејќи сето тоа претставува вообичаена практика на амбасадорите во светската организација.

Интересна работа. Баш убаво што амбасадорите Малески и Захаракис можат да се зближат и на таков неформален начин. Останува само уште еден проблем. Како Денко Малески да излезе од библиотека и да ја пронајде зградата на ОН!?

3. Владата се занимава со подземни активности, во кои активно се вклучени неколкумина министри. Медиумите открија дупки во тревникот околу владината зграда. Потоа беше објавено дека во нив требало да се посадат дрвца. Токму

дента кога Владата ги правеше своите 100 дена, требаше да бидат посадени 100 дрвца.

Премиерот Бранко Црвенковски не се занимаваше со активностите на пополнување дупки. Одозгора гледаше како му функционираат министрите за урбанизам и екологија, шумарство и образование, Јорго Шундовски, Иван Ангелов и Емилија Симовска. Се виде и на телевизија – тие успешно ги пополнија дупките. Во јавноста остана прашањето: Зошто дозволија друг да им копа дупки?

Во еколошката акција "Сто садници за стоте дупки на Владата" не се вклучија министрите Албанци. Дознаваме дека не се работи за бојкот на институциите на системот. Едноставно, ја одбегнале активноста на копање. За да не може после некој да им префрли дека роварат по земјата.

4. Портпаролот Ѓунер Исмаил на тројца министри што го одбележаа Денот на екологијата им закачил беџеви. Веднаш потоа, согласно со определбата дека не е само еден ден за чистење, го зеде под свое надгледувањето на чистењето на градот и работната средина за состанокот на Централноевропската иницијатива. Искрено се надевам дека денес просториите на Министерството за надворешни работи и Владата конечно се светнати и проветрани. До вчера можеше да се падне во несвест од мирисот на свежа боја и хемикалиите за чистење. Од деновите на сериозните подготовки на Македонија за состанокот на министрите ќе ми остане во сеќавање забелешката на една чистачка, спружена на скалите во Министерството за надворешни работи со четка и пет-шест шишиња со хемикалии во рацете, упатена на одржувањето на хигиената на зградата што до неодамна беше седиште на Владата: "Така е кога сакаат во еден ден црното да стане бело. Е, не бива, кога со години било црно..."

Не знам дали министерот Исмаил наредил, покрај генералното чистење во Владата, да се изврши и дезинфекција, дезинсекција и дератизација. За секој случај. Во таа зграда беше седиштето на ЦК.

5. Повторно ќе нè тераат да ги менуваме регистарските таблички на возилата. Не се уставни.

Имам предлог како да заштедиме пари. И онака се подготвуваат неколку промени на Уставот. Наместо да ги менуваме табличките, можеме ли да го смениме Уставот? Во делот каде што се регулира употребата на писмото да предвидиме латиница за некои работи што се врзани со меѓународни прописи, како што е случај со табличките.

# ЕВТИНИ ПРИКАЗНИ

**1 април 1995**

## • Сепак е подобро кога сонцето ќе го победи дождот

1. Најново хит-остварување во македонската филмска продукција е акционата драма "Крвав пендрек на вжештениот покрив". Се работи за врвно остварување на овој жанр. Изобилува со сцени што ја "палат" публиката. Има доволно "расцветани" глави, скршени носеви, крвави лица, спуштени панталони... Супер препорачливо за помлади од 18 години. Копродуцентите на филмот, Љубомир Фрчковски и Владо Поповски, сосема сигурно ќе можат да сметаат на добар профит од продажбата.

Приказната почнува сосема наивно. Затворот "Идризово" е претставен како демократска оаза среде државата. Во главниот град се случува голем меѓународен настан, се собираат министри од дваесетина земји од Европа. Сѐ функционира како швајцарски часовник. Улиците се измиени, хотелите освежени со цвеќе, намештајот е обновен. Но дали баш сѐ е како што сакаат домаќините? Никој не предвидел дека четиристотини затвореници од најпознатиот затвор можат да се качат на ќерамидите. Не оди да се брукаме пред гостите. Ние сме демократска држава. Најдемократска во светот. Во која друга земја би им дозволиле на бунтовници во затвор да држат прес-конференција?

Министрите си заминаа. И почнува акцијата "Напад на Идризово". Тука ѝ се дава шанса на државната телевизија да се извади што немаше снимки од настаните во Мала Речица. Полицијата преоѓа во напад, со асистенција на новинарите. Одлична забава за народ. Камерите отидоа дури до таванот. Потоа видовме како "коректно" беше задушен бунтот.

По неколку дена од едно соопштение дознавме дека поради некаква одлука на Уставниот суд, односно поради некоја празнина во Уставот, повеќе убијци се пуштени да се бранат од слобода. Тие немаат потреба да се качуваат по ќерамиди. Шетаат по улици, меѓу нас.

2. Грците пак ни направија беља. Овој пат со сценариото за преносот од доделувањето на "Оскар". Пак ги обвинивме дека политизираат. Обвинувајќи ги нив, и ние се занимававме со политика. Накрај не беше битно дали "Пред дождот" ќе го добие "Оскарот". Битна беше политиката. И ако го добиевме, повеќе ќе се радувавме – не дека сме го добиле, туку – за инает на Грците.

"Оскарот" го доби филмот "Изгорен од сонцето". Што и не е лоша работа. Во филмот на Манчевски постојано песимистички се најавува: "Ќе врне, ќе врне..." Не сум го гледал рускиот филм, ама фино што му го дадоа "Оскарот". Барем според насловот – повеќе сакам сонце отколку дожд. Според асоцијациите на Манчевски, поарно ич да не заврне. А со сонцето некако ќе излеземе накрај.

Како кој. Некој ќе остане во сенка. А некој ќе се премачка со сите масла, па нема да изгори.

3. И министерот Стево Црвенковски, при неодамнешната посета на САД, на грчките новинари им рече дека очекува "Оскар". Наместо "Оскар", му стигна извештај на Бутрос Гали за Македонија, што не му се бендисува, па мораше да му праќа одговор. Гали нешто не ни ги признава изборите, нешто не му е јасно со пописот, сомнителна му е границата со Србија, грчкото ембарго го легализира и подзаборавил дека ни следуваат некакви компензации за штетите од спроведувањето на санкциите кон Србија и Црна Гора.

Министерот за извештајот дозна откако Гали го прочита пред Советот за безбедност. А јавноста уште нема дознато дали Република Македонија има своја постојана мисија во Њујорк? И ако има – што работи?

4. Во Атина веќе јавија дека добиле покана од Сајрус Венс за преговори со Македонија на 6 април. Кај нас уште не се знае дали некој ќе отпатува на преговорите.

Велат, проблемот бил во пенкалата. Треба убаво пенкало, ако се потпишува нешто во Њујорк. А во Скопје нема добар избор на луксузни пенкала.

Кога беше промовирана Владата, во декември минатата година, на сите министри им подарија пенкала со мастило. Сите пенкала се идентични. За да не се знае со чие е ставен потписот. Инаку, можат да се користат и оние евтини, пластични пенкалца, на кои Сојузот за Македонија ги испишуваше имињата на кандидатите за пратеници во предизборната кампања. Ама не оди со евтино пенкало, од таква сериозна работа во Њујорк да се прави евтина приказна. Најдобро е да се пронајде некое пенкало кое користи мастило што по извесно време побледува. За во иднина историчарите да имаат проблем да откријат кој потпишал.

5. Владата ги објави имотните листи на своите министри. Мене тоа ми личи на чиста демагогија, ама ајде... штом народот бара, нека му биде.

Единствено министерот Стево Црвенковски одбил да даде податоци. Што е најелегантен начин да се огради од целата лакрдија со малите плати и скапите нови автомобили, што наивно ѝ се сервираат на јавноста. Искрено, ми се допадна и неговиот коментар за телевизијата"А1" зошто одбил да ја приложи на увид својата имотна состојба. Рекол дека тоа ќе го стори кога Владата ќе донесе одлука банките да ги објават имињата на оние министри и јавни личности што ги подигнале девизите и покрај забраната за нивна исплата.

Значи, Стево знае кои се тие луѓе. Ама, како по обичај – повторно ништо не кажува.

# ПАРТИЗАНИ И ГЕРМАНЦИ

**8 април 1995**

## • Кога ќе слета Кинкел на скопскиот аеродром, ќе помисли дека место во оаза на мирот дошол во зона на самракот

1. Се оствариjа најцрните прогнози за Грција. Нашиот јужен сосед и дефинитивно останува изолиран. Генералниот адвокат на Европскиот суд на правдата во Луксембург Џакобсон нема слух кога се во прашање нашите чувства на сожалување кон Грција. Тој е ладнокрвен и вели дека нивното ембарго кон Македонија е легално.

Како може човекот да биде толку против Грција. Па нели цело време ја жалиме Атина дека е изолирана. Затоа, малку не ми е јасна нервозата на нашите во Министерството за надворешни работи. Тие очигледно не го сфатиле соопштението на генералниот адвокат. Неговата цел е Грција да остане вечно изолирана. А тоа што ние и натаму ќе плачеме над нејзината судбина и ќе ја сожалуваме е наш личен проблем што нема никаква врска со строгите правнички норми. Замислете, уште, по некоја случајност, Судот да пресуди против Грција. Што ќе се случи? Ќе ја стави во затвор? Ова прашање нека го разгледуваат тие што сѐ се занесуваа дека судот во Луксембурт е правна, а не политичка институција.

2. За прв пат по неколку години, за нешто лошо што ни се случува дома не ја обвинивме Грција. Ќе беше смешно да речеме дека Атина е виновна што "рикна" осветлението на пистата на скопскиот аеродром.

Важно, дента кога Собранието го донесе Законот за Дирекцијата за цивилно воздухопловство, светна и пистата. Велат дека сега ќе имаме вистинско европско летање. Шестдневниот мрак на скопската писта беше само приспособување кон европските стандарди. Општо познато е дека таму по европските аеродроми авионите полетуваат и слетуваат само до зајдисонце.

Арно ама, ова е Балкан. Аеродромските служби не сакаат да влезат во Европа и се пуштиле по потрага по светилки. Првата пратка ја утнале, ама втората ја погодиле. Технологијата е премногу софистицирана, па морале да викаат и стручни лица од Словенија да ни го пуштат светлото.

Не ми е јасно зошто мораа толку да брзаат. Еве, во вторник треба да допатува германскиот министер за надворешни работи Клаус Кинкел. Можеше човекот со себе да понесе две-три кутии светилки како хуманитарна помош. Во меѓувреме, додека да дојдеа Словенците да ги монтираат, ако сакаше Кинкел да полета по зајдисонце, ќе му излезевме во пресрет. Сите вработени на аеродромот ќе земеа по еден факел, ќе се распоредеа покрај пистата, ќе му го осветлеа патот за Германија. Во спротивно, ќе си помислеше гостинот дека наместо во Македонија – оаза на мирот, дошол во Македонија – зона на самракот.

Арно ама, тоа можеше да разбуди лоши спомени од минатото. Во Втората светска војна, кога низ Босна слетуваа британските сојузници, партизаните им палеа огнови за да не ја утнат пистата. Така постои опасност Кинкел да си помисли дека и ние си играме партизани и Германци.

Аеродромското претпријатие се рекламира со слоганот "Најблизок пат до срцето на Балканот". Во рамките на македонската вековна традиција, "да тргнеме на време, со сонце да се прибереме", пилотите на македонските компании по европските аеродроми сигурно си велат "Ај побрзо да полетаме, да не се стемни по пат!". Затоа предлагам, и не барам авторско право, скопскиот аеродром да промовира нов слоган: "Фати го денот". Баш убаво коинцидира со слоганот на компанијата "Палер Македонија": "Следете го сонцето!" Не може да се слета на светло на месечината. Освен ако евентуално не е полн месец и нема облаци. И да не биде петок – тринаесетти.

3. Претседателот на Комисијата за избори и именувања во Собранието на Македонија Наќе Стојановски деновиве реагираше на оставката на пратеникот Нано Ружин во парламентарната група за соработка со Франција. Господинот Ружин смета дека како добар познавач на францускиот јазик и Франција воопшто и како визитинг-професор на тамошните универзитети логично има право да му припадне раководното место во таа група. Стојановски имаше народски коментар: "Денес дури и овчарите веќе не ги бираат според тоа како лаат, туку како го чуваат стадото!"

По оваа луцидна забелешка на господинот Стојановски човек може да си помисли дека тој неговата комисија си ја посматра како – трло. Останува на следната седница на комисијата да објасни – дали предводникот го избираат според тоа кој најмногу мавта со ѕвонецот или кој најгласно блее?

4. Пред извесно време патував по новата делница на автопатот од Градско за Титов Велес и забележав интересни патокази. На две места на таблите беше испишано: "Титов Велес" и "Белград".

Обично, кога се одбележуваат овие крајпатни знаци, секогаш постои објаснување како патникот да стигне до главниот град на државата. На новиот пат нема знак како да се стигне до Скопје. И сега, што се случува ако некој странец заскита по патот од Грција накај Србија? Прво, нема да има впечаток дека Србија е некоја друга држава. Второ, ако сака да го посети главниот град на државата, а него го нема на патоказните табли, ќе си помисли дека тоа е Белград.

И после ќе му се лутиме на министерот за надворешни работи на Југославија Владислав Јовановиќ кога изјавува дека во начело неговата земја е против признавањето на Македонија. Сигурно и тој, кога се враќа од Грција, на пропатување низ Македонија според патоказите си се чувствува како во своја драважа.

# КОМИТИ И АСКЕР

**15 април 1995**

## • Крупна политичка фигура се јази по јарбол

1. Откако министерот за финансии Јане Миљовски среде Собранието на Европската банка за обнова и развој триумфално, од пазувите, како што беше јавено во новинарските извештаи, го извади македонското знаме и си го стави на работната маса пред себе, во Министерството за надворешни работи сериозно размислуваат да организираат некој дипломатски курс. Се работи за специјален курс насловен како "Заштита на знамето и реагирање во специјални услови", кој предвидува низа практични вежби, почнувајќи од наједноставната – вадење на знаме од под пазуви, па до најсложената операција – јазење и бесење по јарболи.

Курсот предвидува и некои посуптилни методи. Обично на пат ни одат малку покрупни министерски фигури, па не изгледа премногу дипломатски ако, на пример, некој злобен грчки камерман го "улови" во кадарот Миљовски или Стево Црвенковски закачени на некој јарбол. Претседателот ни е во години, па и нему не би му прилегало изведување на таква вежба. Носење на вратоврски или кошули со апликации на жолто шеснаесеткрако сонце, освен за средби со иселениците, не е препорачливо за сериозна дипломатска средба.

Во оваа смисла најпривилегирани се жените. Еве, сега кога министерката за образование Емилија Симовска ќе патува за Австралија, може да си стави обетки во форма на шеснаесеткрако сонце. Ем нема да му ја мисли дали на масата ќе мора скришно да вади знаме од пазувите, ем токму таму каде што Грците се најсилни ќе им инаети со сонцето. Единствен недостаток на оваа финта е што Грците се агресивни. Може да се случи некој запален Грк да ни ја истегне министерката за уши. Па кога ќе се врати дома може да рече дека ја боли уво за сѐ.

2. Не ми е јасно како можеше да се случи еден министер на држава, како што е Јане Миљовски и како што е Македонија, да биде доведен во ситуација да не биде однапред информиран дека на неговото место ќе го нема знамето. И после тој мора да импровизира.

Случајот со знамето во ЕБРД само уште еднаш покажува колку кај нас се потпираме на случајности. Ако има знаме – добро, ако нема, ќе смислиме нешто.

Македонија не е Германија и македонската дипломатија е неспоредливо посиромашна од германската, ама сепак ќе забележам еден детаљ од посетата на Клаус Кинкел. Германскиот министер за надворешни работи во Македонија со себе си донесе и германски преведувач на македонски јазик. Не дека Кинкел не знаел дека во Македонија има катедра за германски јазик, не дека не бил информиран дека и ние имаме добри преведувачи, а верувам дека во Германија е далеку потешко да се пронајде Германец што знае македонски јазик и тоа така

добро, како што ни покажа господинот што го придружуваше Кинкел. Па сепак... Ништо не се препушта на случајноста.

3. Неделава, на гости ни дојде и турскиот министер за одбрана Мехмед Голхан. Тоа дава повод за размисла на тема, колку историјата на Балканот е смешна.

Кога го гледав турскиот министер како се поклонува пред знамето на свечената гарда на АРМ, си помислив: "Ту, ама к´смет имала Турција, на кое дереџе стигнала, македонски комити да бидат построени во чест на турски претставник на власта!" А на нашиот министер Благоја Ханџиски не му беше доволно еднаш, на аеродромот, туку и среде Скопје му ги построи комитите на турскиот министер. Тој вели дека е внук на војвода, па ова му доаѓа некако како враќање мило за драго. Дедо му се бркал по корииите со неговите комити, а Ханџиски, уште онака две глави поголем од гостинот, му ја демонстрира супериорноста на македонската држава наспроти Турција. Недостигаше уште, во чест на гостинот, да се испукаат неколку плотуни од цреш͏ово топче.

4. Уште еден гаф на македонската дипломатија. Зошто, кога пристигна Клаус Кинкел на скопскиот аеродром, не беше построена чета партизани во негова чест?

5. Министерот-портпарол Ѓунер Исмаил одржа брифинг со германските новинари што го придружуваа Кинкел. На едно прашање што се однесуваше на кршењето на санкциите на ОН кон Србија и Црна Гора, господинот Исмаил се обиде пластично да одговори во смисла "видете, ние сме биле 72 години во брак со тие држави..."

Бракот значи започнал уште во 1918 година. Не сум баш сигурен дека во врската што тогаш се викаше Кралство СХС, Македонија била во некој брак. Или пак тоа бил брак под принуда. Македонија била Цвета. Грабена невеста.

Значи, од 72-те години, што ги споменува Исмаил, фактички во брак сме биле четириесетина. Ама и тој се покажа неуспешен. Во 1991 година се разведовме. Па сега Македонија е во прифатилиште за самохрани мајки.

6. Министерот Црвенковски отпатува да учествува на Конференцијата за неширење на нуклеарното оружје. Пак си најде оправдување да отпатува за Њујорк и да повтори дека не започнува преговори под сенка на грчкото ембарго. Со Сајрус Венс сигурно ќе се сретне, кога е веќе таму. Во прашање е добро воспитување.

# НАФТЕНИ КОРИДОРИ

**22 април 1995**

## • Билјана платно белеше

1. Светот конечно може да здивне. Македонија стана членка на Конференцијата за неширење на нуклеарното оружје.

Единствено може да има проблеми со нашиот несериозен министер за надворешни работи Стево Црвенковски. Наместо да седи во салата каде што се расправаат проблемите со нуклеарното вооружување, се шетка по ходниците низ зградата на ОН. Сигурно ѕирка низ секоја врата, штом нашол толку луѓе за муабет. Па си се сретнал со Сајрус Венс, Ричард Холбрук, Метју Нимиц... При тие случајни средби сигурно размениле мислења за нуклеарната технологија со која располага Македонија.

Штета за Конференцијата. Со такво несериозно учество на македонскиот претставник може да биде загрозена безбедноста на светот. Додека си разговарал со Венс, Црвенковски објективно не можел да присуствува на главната расправа. Ај што не присуствувал, туку уште успеал и да се договори со Грците. Што мисли тој, тука не стигнуваат вести од грчки весници!? Штом бил толку невнимателен, кога ќе се врати нема да знае што таму се договориле. Па Македонија ќе продолжи да произведува нуклеарно оружје.

2. Што ти вреди производство кога нема да можеш легално да го продадеш. Велат дека во Русија секоја "шушка" може да продаде плутониум. Како превентивна мерка, кај нас министерот за стопанство Ристо Иванов ѝ објави војна на сивата трговија. Од сега плутониум нема да може да се продава на зелените пазари, туку на специјализирани пазари, и тоа еднаш неделно.

Значи, со новиот закон градовите повеќе нема да ни личат на панаѓури. Тезгите со разни турски "џиџи-миџи" треба да се преселат на некое друго место, подалеку од овошјето и зеленчукот.

Сега се бара локација за новиот пазар во Скопје. Шверцерите и онака нема да ги погоди ниту овој закон. Тие ќе си го најдат своето место. Проблемот е за оние илјадници невработени и стечајни работници, што по сила на околностите станаа ситни шверцери за да заработат некој денар. Проблем ќе биде и за оние што за мали пари на пазарите и на тротоарите наоѓаа некое модерно увозно "парталче".

Владата реши да стави ред во трговијата. Но во исто време, во ситуација кога илјадници луѓе живеат од тие диви пазари, повлече ризичен потег. Што ако новата локација на пазарот за дребулии стане плато пред владините коцки покрај Вардар? Или сообраќајницата и тревникот пред Собранието на Републиката?

Ќе се согласите, тоа навистина би претставувало вистинска надреалистичка слика. Ама и на такви слики полека се привикнуваме во секојдневието. Ете, скоро

имавме ситуација кога затвореници држеа прес-конференција. Зарем тоа не беше чист надреализам?

3. Паника завладеа меѓу светските гиганти – производители на машини за перење. Баучот што кружи над нив се вика "Билјана 94". Зад ова убаво име, навидум со сосема наивни претензии, стои најновото македонско чудо излезено од производните погони на приватното претпријатие "Флекница" – првата македонска машина за перење.

Што се седумстотини марки за да се поседува оваа гордост на македонската современа технологија. Кога е во прашање "Билјана" – вреди и повеќе да се даде. Дури предлагам Владата да воведе посебна царинска заштита, за да го стимулираме домашното производство на машини за перење. Што ќе ти се разни вирпули, канди, манди и други светски глупости. Па ние си имаме охридска легенда, убави моми Билјани што знаат да го белат платното. Со ова врвно технолошко остварување легендата живее...

Македонија нема време за чекање. Има уште толку производи од богатата палета светски измислици, кои не водат сметка за македонските легенди. Очекувам следното македонско чудо да биде телевизор. Да излегува сериски од погоните на некоја фабрика како производна програма со име "Манаки".

Колку далеку сме напредналe во развојот на техниката, на прагот од 21 век, сведочи фактот што нема потреба да измислуваме топла вода. Во Кавадарци одамна се произведуваат бојлери.

А што се однесува до нуклеарната бомба, нејзиното производство ќе го држиме во тајност. Кога ќе ја откриеме, ќе се чуе!

Патем, што се случи со првиот македонски велосипед, чие производство започна пред две-три години?

4. Грците се многу несериозни. Двојно го кршат ембаргото. Еднаш, она што им е обврска кон ОН, за Србија и Црна Гора, и втор пат – она што сами си го натурија како обврска, за Македонија. Тајно ни испорачале сонди за откривање нафта. Среќа што имаме силни царински испостави, што дури сега дознав, како кратенка сме ги викале – ЦИА, па го откривме нелегалниот транспорт.

Сега се бараат имињата на сопствениците на четири-пет приватни фирми, што ги увезле сондите од Бугарија. Интересно, никој не ги бара имињата на тие што им потпишале дозволи за реекспорт, што им поделиле контингенти и им завериле којзнае колку дозволи кога е во прашање толку голем транспорт. Веројатно се претпоставува дека ЦИА ги знае.

И кој вели дека Грција е постојано против нас. Таа го бара нафтениот коридор: Бургас – Александрополис. Ние го бараме коридорот: Бургас – Валона, преку Македонија. А профункционира коридорот: Иран – Македонија, преку Грција.

# ДОЛУ НАРОДОТ

**29 април 1995**

## • Црвенковски, Тито и Лазо заедно – по втор пат

1. "Да беше власта во вселенска војна, ќе ја добиеше, ама со Унијата на независни синдикати – нема да ја добие", изјави новата ѕвезда на синдикалната вселена Атанас Лефтеров, соопштувајќи ја "охрабрувачката вест за работните луѓе и граѓаните": "Првата битка ја добивме убедливо!". Се сомневам дека власта е баш толку подготвена за вселенска војна. Замисли и таму битките да ги води Атанас Лефтеров. За да го уништат, ќе треба да го пронајдат. Бидејќи е изгубен во вселената.

Она што требаше да биде генерален штрајк, најмалку личеше на војна на ѕвездите. Беше класичен земски двобој меѓу власта и опозицијата, во амбиент на очајници. Многу лесно е да се манипулира со очајни луѓе. Малку потешко е да се води политика. Синдикатот се зафркна што ја прифати поддршката на партиите. Партиите се зафркнаа што тоа што наумиле да го сторат го туркаа преку синдикатот. А власта може да ликува над опозиционите партии дека, ете, веќе не се кадарни да направат ни еден солиден митинг.

Во суштина не може да се зборува за победници. Ниту власта покажа дека ги разбира проблемите на очајните, ниту пак опозицијата покажа дека ја бива нешто да промени.

2. Просто ми падна жал кога го гледав претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Љупчо Георгиевски, како на телевизијата "А1" резигнирано го коментираше штрајкот и зборуваше за синдромот на предавство кај македонскиот народ. Тоа што на штрајкот, односно протестот, не излегле повеќе луѓе, според Георгиевски "зборува за менталитетот на луѓето од Република Македонија и лесната поткупливост на луѓето од Република Македонија". Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ го искара народот, зашто му било добро со мали плати, со задоцнети пензии, со неисплатени девизи, а на крајот откри и една мала слатка тајна, зошто, меѓу другото, на плоштадот "Македонија" не се собрале многу луѓе. Според негови сознанија, токму тој ден во некои големи фабрики на работниците им делеле бонови за исхрана. Е, значи до каде оди поткупливоста, па да се симне на ниво на бонови... Со такви луѓе штрајк не се прави.

Долу народот, да живее Владата! Очекувам следниот митинг што ќе го организира Георгиевски да биде за сменување на народот. Ако и тоа не му успее, нека даде оглас: "Барам половина метро народ за митинг". Или: "Менувам поткуплив за верен народ".

3. Социјалната положба на луѓето во Македонија најсликовито ја опиша министерот-портпарол Ѓунер Исмаил, на прес-конференцијата по митингот. Тој рече дека социјалната ситуација не е толку црна, ама не е ни розова.

Тие што мешаат бои знаат дека црната и розовата, како и да ги смешаш, даваат – црна!

4. Вториот конгрес на СДСМ ја покажа монолитноста на партијата. Тоа беше многу важно, затоа што во претконгресниот период се зборуваше дека таму имало некои фракции, недоразбирања, дека биле скарани Тито и Црвенковски.

За претседател повторно е избран Бранко Црвенковски. Во најтесното раководство не влегоа Тито Петковски и Лазе Китановски. За да се зачува единството на партијата, направен е компромис: ни Тито, ни Лазо. Само Црвенковски.

За уште едно непополнето потпретседателско место Конгресот не им даде доволно гласови на Илинка Митрева и Ерол Хајретин. Во духот на монолитноста и безгрешноста, претседателот Бранко Црвенковски во ова најде "уште еден доказ дека се работи за квалитетни кадри". Ако квалитетните кадри не добиваат доволно гласови, на која финта беа избрани другите двајца потпретседатели!?

5. Легендата е родена! Започна судењето на Фадил Сулејмани во Тетово. Кога само ќе ми текне колкумина знаеја за постоењето на некојси Фадил Сулејмани пред неколку месеци... А сега, дури и на "универзитетот" ќе му дадат име "Херој Сулејмани". Нашла власта кого да апси! Нашле Албанците кој да им биде херој!

А судот пак нашол кого да повика да сведочи. Најлесно е за сведоци да се повикаат новинарите. Тие не можат да кажат дека не биле во Мала Речица, кога се потпишале под своите извештаи. Никој од нив не бил таму да гледа сеир. Што само покажува колку судот ја цени новинарската професија. Утре-задутре комотно некој може да одбие да даде интервју, ако знае дека подоцна новинарот може да биде повикан да сведочи против него.

Што е уште поинтересно, обвинителот за сведоци повикува новинари – Македонци, а одбраната повикува новинари – Албанци. А и едните и другите известувале од ист настан.

## КУСА ПАМЕТ — 6 мај 1995

### • Хрватска е многу далеку од Македонија

1. Најновата српска касетна продукција бележи незапаметена експанзија на пазарот. Во Загреб паѓаат касетни бомби. Низ Македонија паѓаат касети со српска новокомпонирана фолк-музика. Во Загреб ракетите со касетни бомби избираат време и место каде што ќе паднат. Низ Македонија касетите паѓаат насекаде и во секое време – по кафулињата, во автобусите, на свадби, на приватните радиостаници, по екраните на разно-разни сомнителни телевизии...

Хрватска се бори против ракетите со касетни бомби по име "Оркан". Македонија целосно им се предаде на касетите со имиња од типот Цеца, Змијанац, Харис Џиновиќ...

Велат, ако веќе сме во ситуација да избираме, тогаш подобро е да нè гаѓаат со касети, отколку со касетни бомби. Сега-засега. Затоа што касетните бомби убиваат физички. А шундот на касетите убива – духовно.

Што е поопасно за опстанокот на еден народ?

2. Советот за безбедност остро реагираше на акцијата на Хрватска во западна Славонија. Им нареди на Хрватите да се повлечат од сопствените територии. Затоа што силите на УНКРО не успеаја да ги одбранат границите на Милошевиќевата творба наречена "Република Српска Краина". Обединетите нации обично се многу лути кога некој сака да ги ослободи сопствените територии. И многу помирливи со тие што се посилни и што ги "вртат" како што сакаат веќе четири години. Не знам зошто Советот за безбедност не ѝ препорача на Хрватска да се повлече и од Загреб, за да не ги нервира Мартиќ, Караџиќ и компанија, па да мораат да ги бомбардираат луѓето по улици.

Деновиве се слави педесетгодишнината од победата над фашизмот и цел свет ги памети тие настани. Како тогаш сите го загубија помнењето кој беше агресор пред три-четири години? Како никогаш да не се случила трагедијата во Вуковар, како никој да не го бомбардираше Сараево и ден-денес го држи под опсада, како да не ги гледавме на ТВ екраните грозните слики од Славонија со купишта измасакрирани тела во приколки на трактори, како никоташ да не постоеле концентрационите логори и пет децении по поразот над фашизмот, среде Европа, во Босна, како никој да не го уништуваше културното наследство на Дубровник...

Тогаш беше лесно да се војува и да се освојува од касарните на ЈНА среде градовите и со оружјето што таа го имаше. Сега е лесно само кукавички да се бомбардираат оддалеку луѓе што се движат по улиците на градовите.

3. Како би изгледало кога на Македонија би ѝ се случила Хрватска? На пример, ако "Илирида" стави рампа кај Групчин, или на Камениот мост во Скопје? Или пак, ако ни се осамостојат Србите од Скопска Црна Гора и формираат некоја САО со источен џеб – "Српско Куманово"? Силите на ОН фала богу не треба да ги претпоставуваме, нив веќе си ги имаме. И тоа токму и на запад и на север. Таман ќе има кој да се постави на "линијата на раздвојување" и да ги штити границите на новите држави.

Не дај боже на Владата во Скопје да ѝ текне да тргне со војска и полиција да ги поврати сопствените територии. Веднаш Советот за безбедност ќе ја осуди за агресија врз сопствената земја и ќе ѝ нареди да ја повлече војската на првобитните позиции.

Среќа што Хрватска е премногу далеку. Такво нешто нам не може да ни се случи.

4. Потврда на тоа е што кај нас на релацијата: Тетово – Скопје се организираат мировни трки. Мисијата на ОБСЕ во Скопје в недела ќе биде организатор на маратонот под име "Цветна трка". Што подразбира дека во Македонија ќе процветаат илјадници цвеќиња.

Според замислата на амбасадорот Торе Бог, организаторот на патеката од Тетово до Скопје кани тимови составени од силите на АРМ, новинари, комбиниран тим од членови на Парламентот и на Владата на Македонија, претставници на раководствата на Тетово и Скопје, членови на мисиите на ОБСЕ, војници во составот на УНПРЕДЕП и комбиниран тим од претставници на странските амбасади во Скопје.

Ќе биде тоа висинска "цветна трка". Сè цвеќиња за мирисање.

5. На 15 мај ќе одбележиме уште еден значаен успех на македонската дипломатија. На тој датум и во Австрија повеќе нема да може да се влезе без виза на македонскиот пасош.

Колку за утеха – визата ќе може да се добие во Тирана.

6. Баш убаво што и државната телевизија се вклучи во одбележувањето на 50-годишнината од фашизмот. Некој се измачил да одбере неколку секвенци од документарец и да ги измонтира. Спотот е примерен на времето. Кога би се емитувал пред дваесет години. Во меѓувреме, ептен во наша близина се случија такви настани, што денес не мора само Хитлер да биде симбол на фашизмот, а Рузвелт, Черчил, Сталин и Тито симбол на антифашизмот.

Како музичка подлога оди маршот, чиишто последни акорди, колку што се сеќавам, одеа вака: "Нè водеше Темпо, најмилиот брат ..."

Спотот завршува со слоганот: "Заедно против фашизмот, заедно во Европа!" Со кого!?

## БАРАВТЕ – ГЛЕДАЈТЕ 13 мај 1995

### • Устен испит пред строгиот професор Сорос

Џорџ Сорос повторно беше во Македонија. Да направи контрола како му се трошат парите. Брзо и ефикасно – за неколку дена. За разлика од порано, овој пат не беше пречекан како национален спасител. Освен од медиумите што ги користат неговите средства. Што е и човечки сосема во ред.

Претставници на таканаречените независни медиуми беа повикани на испит во студиото на телевизијата "А1" во Скопје. Усното полагање пред професорот Сорос беше уредно снимено со ТВ камера и преточено во емисија од воспитно-образовен карактер, што имавме задоволство да ја видиме на програмата на истата телевизија. Новинарите беа седнати во клупа, наспроти катедрата на која покрај водителката на емисијата и претставник на Фондацијата "Отворено општество во Македонија", седеше и господинот Џорџ Сорос, веројатно како претседател на испитната комисија. Професорот прашуваше, новинарите одговараа. Како послушни и вредни ученичиња чекаат да им дојде редот, некој

да им го додаде микрофонот, тие да положат сметка – да се докажат дека се вредни и професорот не се зезнал што инвестирал во нив.

Професорот беше задоволен. Значи, не ги давал парите за џабе. По испитот сѐ му стана јасно. И тоа за само еден час, колку што траеше емисијата. Сигурно на учениците им рекол: "Браво, положивте!" Тоа не го видовме на ТВ екраните. Немаше потреба. И ова што го видовме беше доволно.

2. Како и да е, новинарите се ставени во ситуација да плаќаат нечии туѓи камати. Ученичињата имаат најмала вина што Сорос пред неколку години беше толку глорификуван во македонската јавност, небаре неговиот кредит нѐ спаси од пропаст. Колку што се сеќавам дури се правеа планови и да му се обрати на Собранието, па се читаше неговото писмо до пратениците... Потоа, при една заедничка изјава со претседателот Глигоров, во вилата "Водно", господинот Сорос си дозволи на два чекора од шефот на македонската држава, пред многубројните домашни и странски новинари, да нѐ прекорува дека лошо се води надворешната политика. Нормално, никој не е луд да дава пари и да се прави дека му е сеедно. Сѐ се плаќа, па и кредитот на Сорос.

Според тоа, воопшто не треба да нѐ чудат емисии од типот на усното полагање испит, затворени трибини, на кои се повикуваат и претставници на нелегалниот универзитет во Тетово, шпекулации дали Сорос или било кој друг, што тука ни доаѓаат со идеја да ни помогнат, го поддржуваат или не отворањето на албански универзитет во Македонија. Имаше една многу популарна ТВ емисија. Се викаше: "Баравте – гледајте!"

Сорос, пред да си замине, беше примен и од претседателот на Републиката Киро Глигоров. Од средбата излезе едно невообичаено соопштение дека биле "разменети мислења, кои по одделни прашања беа различни за актуелната состојба во македонско-грчките односи и за актуелниот развој на меѓунационалните односи во Република Македонија". Навикнати на друг тон на соопштенија, кога се работи за вакви средби во Кабинетот на претседателот, изгледа дека овој пат и официјално "тиквата пукнала".

Дај, нека му ги вратат парите што ни ги даде. Белким ќе имаме барем еден губернатор помалку.

3. Се отепав од зјапање во телевизорот, за време на празнувањето на Денот на победата над фашизмот во Лондон и Париз, да не го видам случајно нашето знаме на јарболите.

Ако беше закачено заедно со сите други знамиња, новинарските извештаи сигурно ќе почнуваа со тој податок.

Ако беше развеано, тогаш сигурно ќе слушавме вести за грчки официјални протести и скандали на празнувањето.

Од друга страна, ако не беше закачено и македонското знаме, логично беше барем од грчка страна да беше јавено за ликување, за уште една победа на нивната дипломатија... Ни тоа го немаше.

Значи!? А преговорите уште не се ни почнати.

4. И ВМРО-ДПМНЕ ги продолжува демократските традиции што две недели пред тоа успешно беа демонстрирани и на конгресот на СДСМ. Како што ѝ доликува на секоја демократска партија од европски тип, и нашите две најголеми партии, едната од власта, другата од опозицијата, применија рецепт на избор на претседател со еден кандидат. Што има да се става под сомнение единството во партиите, па да се измислуваат по неколку кандидати за претседателското место, кога овие избраните, Бранко Црвенковски и Љупчо Георгиевски, се најдобри.

За да биде целата процедура уште подемократска, требаше да одат и на јавно гласање. Да се види кои биле тие 11-мина што се осмелиле да гласаат против Љупчо Георгиевски.

5. Уставниот суд веќе е промовиран како правен советник на Владата. Сега ѝ кажа деа погрешила кога заедно со Електростопанството ги воведе потрошувачките блокови и ја зголеми цената на струјата во февруари.

Владата е струја. Брзо ќе реагира. Би било добар виц ако почнат да им ги враќаат парите на граѓаните. Ама бидејќи таа е сериозна, најверојатно ќе примени сериозно решение. Уште еднаш ќе ја покачи цената на струјата и ќе си ја компензира уставната грешка.

## ТЕЖОК ПРИТИСОК **20 мај 1995**

### • Власта се грижи како подобро да нè вози

1. Сојузот за Македонија сè уште е жив. Еве, повторно е актуализирана паролата "Сите заедно!" Односно, "Сите за едно – министерско место". По можност, за финансии. Остварен е континуитет со времето по изборната победа, кога за Министерството за финансии конкурираа Јане Миљовски од СДСМ и Ристо Иванов од Либералната партија.

Приказната за либералите и за министерот Миљовски дојде како супер освежување, по оние здодевни собраниски седници, на кои сè се изгласува мазно како во најдобрите денови на социјализмот. Да не беше тоа, што ќе правевме цела недела!? Вака барем ни дадоа малку надеж, дека може нешто и да ни се случува во државава.

Инаку, не станува збор за недоразбирање помеѓу коалиционите партнери. Исто како што беше и во случајот "Хард рок" и при изгласувањето на Владата на Црвенковски. Тоа што последната афера се темели на принципот: "Тврдам, ама не можам да докажам", е само уште еден доказ дека работава не е премногу сериозна, во смисла на опстанокот на коалицијата. Така што нема потреба премногу да се вознемируваме.

Сепак, и од оваа афера, колку и да е несериозна, извлековме корисни сознанија. Прво, министерот Миљовски на прес-конференцијата ја прекори новинарката на државната телевизија дека им верувала на нејзините извори од Либералната партија. Од што може да се извлече заклучок дека, кога некој министер држи прес-конференција, најдобро е ништо да не прашуваш, зашто јавно ќе те прекорат дека не знаеш да избираш друштво. И второ, дека не постои друга вистина, освен онаа на власта.

Уште поинтересно сознание, од истата прес-конференција, е обелоденувањето на методот на работа на Министерството за финансии. Министерот Миљовски, одговарајќи на прашањето зошто неговата партија СДСМ ги добила парите уште во февруари, рече дека тие први се јавиле и вршеле притисок средствата што побрзо да им бидат исплатени. После и други се јавувале и тие притискале, па како што се ослободувале средства од буџетот, се исплаќале и парите на жиро-сметките.

Среќа што Јане Миљовски во февруари сè уште не беше потпретседател на СДСМ. Па сега може да вика дека други притискале врз него. Замислете, парите да не биле префрлени тогаш, па сега да морало потпретседателот на партијата Миљовски да врши притисок врз министерот Миљовски. Е, тоа навистина би бил – тежок притисок.

2. Како по обичај, повторно новинарите ќе бидат виновни за тоа што го изјавил министерот за одбрана Благој Ханџиски во Вашингтон. Координаторот на пратеничката група на социјалдемократите Тито Петковски се сомнева како била интерпретирана изјавата на господинот Ханџиски, која според "Макпрес" изгледа вака: "Готови сме да дискутираме и за симболот на знамето и да најдеме решение, но никој нема ексклузивно право на историското наследство на Александар Македонски, па ни Грција". Не знам од каде чудење и чекање да се врати министерот дома, да каже дали навистина така изјавил, кога досега којзнае колку пати е повторено дека Македонија е подготвена да разговара за сè освен за името.

Оваа изјава со знамето веќе почна да предизвикува реакции дома. Сега се очекуваат во Грција реакции на изјавата на Ханџиски за Уставот, според која "готови сме место спорниот член 49 да го преземеме сличниот таков член од грчкиот устав". Соседите ни се параноични. Ќе речат: "Малку им е што ни ја земаа ѕвездата од Вергина, сега сакаат да ни земат и делови од Уставот".

3. И покрај сè, тие се подготвени да ни простат. Минатата недела во Солун беше делегација на Младинскиот совет на Македонија. Освен што се договориле за следни контакти, домаќините на гостите им понудиле хуманитарна помош. Сакаат да ни помогнат во борбата против болестите на зависност, а исто така понудиле медицински услуги што не можат да се реализираат кај нас.

Баш убаво. Прво ќе те затворат со ембарго, па после ќе се прават фини пред светот дека ни помагаат. Прво ќе те разболат, па после ќе те лекуваат.

4. Завчера беше отворен саемот на автомобили во Скопје. На свеченото отворање имаше многу важни луѓе. Почнувајќи од претседателот на Републиката, Киро Глигоров, преку премиерот Бранко Црвенковски, па сѐ до еден куп министри, заменици на министри, собраниски функционери, пратеници....

На саемот има голем избор на убави превозни средства. Тие го привлекоа вниманието на многу важни луѓе во државата. Добро е што претставниците на власта покажуваат толкав интерес за возилата. Нивното присуство на саемот е за општо добро. Луѓето се грижат како подобро да нѐ возат.

5. Голема фрка се дигна и околу затворањето на голем број приватни радио-телевизиски станици. Прес-конференции, трибини, јавни протести, објавување на телефони на кабинети, огорченост зошто до сега државата го толерирала хаосот, по кој критериум едни се затвораат, а други не, зошто нема закон за радио-дифузија, зошто се фаворизира државната радио-телевизиска куќа...

Како никој досега не закажа прес-конференција, кога на програмите на некои телевизии се емитуваше дневникот на ТВ Србија, кога се презема дури и училишна програма од Белград и Тирана, кога филмовите одат без титлување на македонски јазик, дури некогаш со титл на српски јазик, кога, како во времето на братството и единството, на радио одат наизменично една македонска, една српска песна, небаре сѐ уште сме иста држава...

Што би се случило, кога во денешниов број на "Вечер" рубриката "Сакам да кажам" би излегла отпечатена на албански јазик? А во идниот број на српски! Или печатените медиуми мораат да го негуваат македонскиот јазик, а другите – не!?

## ДЕМИЦ МИШН

**27 мај 1995**

### • Куп на Маршал Тито, 1995

1. Министерот за одбрана Благој Ханџиски, којшто како што можевме да прочитаме во извештаите, а и да видиме на телевизија, за време на неговата официјална посета на САД се прославил со познавањето на странски јазици, од англискиот до Хомеровиот. Дури и кога слета на скопскиот аеродром, сѐ уште видно возбуден под импресија на тоа што му се случувало во Вашингтон и Њујорк, и на новинарите што го чекаа дома им демонстрираше солидно познавање на англискиот јазик.

Така, информираше дека за цело време на неговата посета, речиси во стапка го следел лидерот на грчката опозиција "Нова демократија" Милтијадис Еверт, чијашто посета на САД министерот Ханџиски ја оквалификува како "демиџ контрол мишн". Потоа следеше објаснување за неуките, на македонски јазик. Според нашиот министер, господинот Еверт бил во контролна посета, односно

"дојден да ги исконтролира штетите што се направени од нашата посета и да се обиде да ги исправи". Некако во тој контекст, министерот Ханџиски рече дека во суштина тој само го продолжил тоа што во Америка го започнал министерот за надворешни работи Стево Црвенковски. Значи, и тој правел штети низ Вашингтон и Њујорк. Среќа само што Црвенковски не е јазичар како Ханџиски, па никогаш не кажува како си поминал на пат. Па новинарите немаат што да му вадат од контекст, бидејќи немаат ни – текст.

Како и да е, кога дочекавме Грк, и тоа од опозициона партија, да се обидува да ги исправа штетите што ние сме ги направиле, тоа, ќе признаете, е толку смешна ситуација, речиси иста кога сега некому би му паднало на памет да дели македонска хуманитарна помош за семејствата настрадани од земјотресот во Грција, кога Грција ја стопира хуманитарната помош од ЕУ. Баш би било штос, нели!

2. Не дека не разбравме што сакал да каже министерот кога самиот си се претстави како штеточина, ама редно е да се пренесе како што рекол, а за неговата функција е логично да внимава како ги составува речениците. Сигурно во Вашингтон паднал во занес. Којзнае како се чувствувал кога како беровски војвода дефилирал пред построени четири родови на американската војска, па потоа заборавил во која функција го испратиле од Скопје. Како министер за одбрана, како шеф на дипломатија или како претседател на држава. Па дури кога дојде дома рече дека треба да провери што сè е пренесено, дали нешто му било извадено од контекст и слично.

Како по обичај, новинарите се виновни за тоа што го зборуваат министрите. Најдобро е новинарите воопшто да не ги следат министрите кога патуваат низ светот. Да можат да си зборуваат што си сакаат и да не им влечат зборови од контекст.

Изјавите во врска со подготвеноста да се преговара за промена на знамето, како и за преземањето на сличниот грчки член од уставот, наместо нашиот член 49, тука беа примени како намерно пуштање пробни балони пред почетокот на преговорите. Демек, тоа со знамето морало еднаш да се каже, па го избрале Ханџиски, божем да се излета во Вашингтон. Веќе го нарекоа "македонски Пангалос".

Сиромашките. Тие мислат дека кај нас толку е разработена стратегијата кон Грција, па намерно ги збунуваме. Не може да им влезе во глава дека едноставно се работи за измешани компетенции и некоординирани настапи.

3. Каде се погодија и тие денови на "Македонија во чест на свети Кирил". Престојувајќи во Рим, претседателот Киро Глигоров пропушти два многу значајни настана дома. Го немаше ниту на отворањето на претквалификациите за Европското првенство во кошарка во Кавадарци, ниту пак на финалниот натпревар за фудбалскиот куп на Македонија меѓу Вардар и Силекс во Скопје.

На трибините во Кавадарци покрај премиерот Бранко Црвенковски беа и министрите Ханџиски, Миљовски, Симовска, Шундовски, потоа имаше повеќе

пратеници, повеќето од СДСМ, плус претседателот на Стопанската комора Душан Петрески. Министрите либерали не се појавија на ова собирање на Владата. Ајде тие, ама како можеше да се случи во Кавадарци да не се појави и Стојан Андов? Политичките аналитичари велат дека ова евидентно е натамошно продлабочување на кризата меѓу коалиционите партнери.

Финалниот натпревар за купот на Македонија беше организиран според традицијата од времето кога се играше за Купот на маршал Тито. Вардар и Силекс играа на 25 мај. Пехарот на победничката екипа ѝ го врачи другарот Тито Петковски.

4. Велат дека најскапите автомобили што беа изложени на саемот за автомобили веќе се купени. "Поршето" од 210 илјади марки и најскапата "Хонда" од 160 илјади марки си нашле стопани. Ееее, кога ќе се пушти некој со 250 километри на час и кога ќе зацепи по патот од Струмица кон Турново, ќе се чудат дури и пиперките и доматите.

Среќа што на саемот имаше и други автомобили, не само вакви, без кои не можат да живеат трговците со портокали и пиљарите. Имаше избор за сечиј џеб. Па дури и интелектуалците, според скромните можности, сепак можеа дома да си заминат со нов автомобил. Во еден премин меѓу две хали се продаваа автомобилски модели – играчки за 100 денари.

## ЧЕСТИТО ИМЕ

**3 јуни 1995**

### • Сајрус Венс и Метју Нимиц во чест на св. Кирил во Рим

1. Нема никакви преговори со Грција. Какви мали пакети, средни пакети, големи пакети... Па и ова што јавуваат грчките медиуми се чисти шпекулации. Демек, нешто се договориле Глигоров, Венс и Нимиц во Рим.

Еве во што е суштината на проблемот. Претседателот беше во Рим како шеф на државната делегација во рамките на манифестацијата "Македонија во чест на свети Кирил". Кога се врати во Скопје, рече дека Венс и Нимиц слушнале дека тој е во Рим и побарале да се видат. Луѓето му направиле чест. Сакале да му честитаат именден. Тоа што именденот му се погоди токму во Рим, била олеснителна околност за посредниците. Њујорк – Рим, карши капиџик. Вреди да се израдува човекот со таква неочекувана посета.

Славеникот, веруваме, се покажал во најдобро светло. Претпоставуваме дека ги примил во апартманот со сонцата што ги видовме на телевизија, по таваните од хотелските соби на римскиот хотел "Гранд". Колку за да направи топла атмосфера на приемот. Сигурно заедно и вечерале. Детали од менито и разговорите што се воделе не објавуваат.

Сепак, дознавме дека позицијата на Македонија во однос на спорот со Грција, ако воопшто и станало збор за една таква маргинална работа, останала непроменета. Велат дека дури претседателот Глигоров од оваа средба излегол со уште позајакната позиција. Особено за името. Нели, според традицијата, кога на некого му се оди на имениден, како честитка му се вели: "Ај нека е вечно името!" И сега Глигоров ќе ги држи посредниците за збор. "За името не преговараме!"

2. За време на имендентската прослава се размениле и неколку куртоазни реченици за времето. Ама тоа не се кажува така во јавноста. За да звучи поофицијално, министерот портпарол на Владата, Ѓунер Исмаил, за римската средба рече дека се разговарало како да се создаде атмосфера за преговарање. На пример, да не биде ни студено ни топло. Да нема облаци што ќе фрлаат сенка на преговорите. Ама, клучно е како да се избегне сонцето. Штом ќе се појави тоа, веднаш ќе мора да се порача дожд. За разладување.

Во рамките на создавањето атмосфера за преговори беше и одговорот на пратеничкото прашање на грчкиот министер за надворешни работи Каролос Папуљас дека Македонија во касарната на Криволак и во Куманово произведува хероин.

Ете ти решение за освежување. На преговори се оди во добро расположение. Еуфорично. Ќе си речат преговарачките страни, заедно со посредниците: "Дај по еден фикс од тој криволачкиот"! Па после ќе бидат "хај" и "кул". Само, не чини ако некој од учесниците има лош "трип". Зашто, ако имаат лош "трип", отидоа преговорите во ќор-сокак.

3. Не ми е јасно зошто, наместо приказната со хероинот, не измислија дека Македонија произведува атомска бомба? И дека на Криволак правиме подземни нуклеарни проби. Звучи поверојатно. На таа приказна можеме дури и да им поверуваме.

4. До правосилноста на пресудата самонаречениот ректор Фадил Сулејмани ќе се брани од слобода. Пуштен е од притвор со кауција. Општинскиот суд во Тетово му одреди кауција од 200 илјади марки. Сулејмани нудеше 50 илјади марки. Окружниот суд во Скопје пресече на 100 илјади марки.

Ова не би било Балкан, ако во сите сфери на животот не влијае пазарџискиот дух. Па луѓе сме, ќе се договориме.

5. Големите империјални сили Велика Британија и Франција понижувачки пропаѓаат врзани со лисици за некоја бука во босанските шуми. Како ли ќе им раскажуваат на своите ученици за славното минато, кога владееле со цел свет, покорувале цели континенти, триумфално победувале во војните, во исто време кога снимките на телевизијата ги потсетуваат дека сега со нив владее некојси балкански психијатар.

Радован Караџиќ веќе и не крие дека е терорист. По одмаздничките бомбардирања на цивилите во Босна, сега на ред се и странците. Ги киднапира, ги врзува, ги слика на телевизија, ги пушта да го преколнуваат НАТО да не ги бомбардира

српските воени позиции... Којзнае дали и ова ќе им биде доволно да ги освести. Зашто на ТВ екраните низ европските домови повеќе не се актуелни сликите на таму некоиси Балканци што се тепаат меѓу себе. Во европските семејства некој секоја вечер на телевизија може да си го види во крајно понижувачка позиција синот, сопругот, момчето, пријателот, соседот... Знаат ли тие дека Радован Караџиќ им е дома? Или ќе почекаат да ги удостои со некоја бомба и во нивните "незаразени" градови?

Патем, САД можат и понатаму да гледаат сеир како обединета Европа си прави конференции, групно се слика, си именува секакви пратеници, формира мониторинг мисии... Само, нели тие се декларираат како борци број 1 против меѓународнот тероризам. Во однос на терористичките методи на Караџиќ, Садам Хусеин и Моамер ел Гадафи можат вода да му носат.

## УГЛЕДНИ АДВОКАТИ 10 јуни 1995

**• Не ми го криди срцето, не ми ја парај душата**

1. Ја утнавме работата. Нели паролата одеше: Македонија нема време за чекање! А не чека – Словенија. Кога постои опасност да се налути Слободан Милошевиќ, време може и да се најде. Зошто да брзаме со реакција на секоја новина од Белград, кога знаеме дека тоа ќе го сторат Словенците?

На најновата уцена на Милошевиќ, за признавањето на Босна Запад на новоскроената СР Југославија да ѝ го признае меѓународно правниот и економски континуитет, веднаш реагираше министерот за надворешни работи на Словенија, и тоа со писмо до американскиот државен секретар Ворен Кристофер. Колку да се знае навреме.

И нашиот став е идентичен со словенечкиот. Ама, што фајде кога ни е добар само за по дома. Досега неколку пати е повторено дека, ако на Србија и Црна Гора им се признае меѓународно-правниот континуитет на старата СФРЈ, Македонија како сецесионистичка држава во иднина би можела да ја доживее судбината на Кувајт. Или, на Чеченија. Не за џабе и официјален Белград инсистира на она "бивша југословенска република ..."

Не е проблем нашиот став кон тоа прашање. Не е проблем дури ни кога го слушаме нивниот министер за надворешни работи Владислав Јовановиќ како зборува за континуитетот на СРЈ како услов за признавање на другите држави што настанаа од СФРЈ. Проблемот е во тоа што сега Милошевиќ го става тоа прашање како услов во преговорите. Проблемот е во тоа што светот сѐ повеќе наседнува на неговата игра и тоа може лесно да го проголта како замена за мир

во Босна. Без разлика што и после тоа мир во Босна нема да има. И конечно, проблемот е што на оваа прва официјална изјава на оваа тема на балканскиот господар на војната, никој од македонските официјални личности не изреагира навреме и јавно. Колку да се знае.

2. Мал, но значаен чекор кон изградбата на современо општество, во кое ќе се почитуваат сите можни човекови права, направија – кој друг, ако не правниците. И тоа кремот на правниците – адвокатите. Тие многу водат сметка за нивниот углед. Во нивната комора, како што им налага законот, се примаат само луѓе што уживаат углед кај средината.

За да нема забуни, претседателството на Адвокатската комора донесе некакви препораки, во кои, во членот 2, се кажува кој не ужива углед и кој не заслужил да го примат во друштво. Така, според претседателството, ќе се смета дека не ужива углед "лице кое е постојанен консумент на алкохол, хомосексуалец, или лице што е казнувано за прекршоци против јавниот ред и мир".

Во препораките недостасува член што ќе ја регулира материјата како адвокатите ќе испитуваат кој е хомосексуалец. Дали тоа ќе го направат со две различни комисии, една машка, една женска, во којашто избрани луѓе ќе треба да се жртвуваат за угледот на професијата и на секој што ќе изрази желба да се запише во Именикот на адвокатите ќе му се "пуштат" на хомосексуална основа? Па, од реакцијата на кандидатот ќе оценат дали да го примат во друштво или не.

Во препораките не е регулирано дали адвокатот ќе биде од углед ако, не дај боже, како странка му се појави хомосексуалец и овој му направи услуга. Или, угледот ќе му порасне, ако јавно изјави дека за такви не е потребна одбрана. Сето тоа е во рамките на уставно загарантираните права за приватност, а адвокатите се тие што ќе го почитуваат Уставот.

Сега ми е јасно зошто судиите немаат углед. На фудбалски натпревари публиката скандира: "Уа, судија – педер!" Тоа адвокатите нема да го дозволат. Во препораките недостасува само уште едно допрецизирање што подразбираат под немање углед во средината: Педер – како слобода на личен избор!? Или, педер како – карактерна особина!?

3. Велат дека покојникот повеќе не е сопственост на семејството. Според новиот закон за трансплантација на органи на човечкото тело покојникот автоматски станува сопственост на државата. Затоа што по смртта можат да ти ги извадат органите што им требаат без никого да прашаат.

Ако некој не сака кога ќе умре да му се вадат органите, ќе треба додека е жив да напише такво барање. Препорачливо е ливчето со изјавата да си го носи цело време со себе. За не дај боже. Овие изјави можат да бидат многу интересни. Како песнарка на љубовни новокомпонирани песни. На пример, можеш да им напишеш порака на лекарите: "Моите очи не се за друг!" Или, "Не ми го кради срцето, не ми ги парај градите". Ќе има и материјал за проза. Како на пример: "Бубрегот не ми функционира баш најдобро!"

Во секој случај може да се направи добар бизнис. Ако веќе не можат да ти ги земат органите, ќе имаат инспирација за стихови за некој фолк-фестивал.

4. Грчкиот "Елефтерос типос" пред некој ден објави дека претседателот Глигоров во Атина го испратил својот политички советник да го пребара центарот за да најде седиште за идната македонска амбасада. Зградата требало да биде во неокласичен стил, да биде забележлива и, како што дознава весникот, да се наоѓа во центарот, со јаки грчки елементи, блиску до православната црква. Уште велат дека македонските претставници рекле дека нема економски проблеми за цената, што нас тука особено нè израдува, бидејќи дознавме дека сме богати.

Грција го нема нашиот проблем. Таа веќе си има забележлива зграда, со јаки грчки елементи, во центарот на Скопје, а и православната црква не е далеку.

## ТРУСНО ПОДРАЧЈЕ

**17 јуни 1995**

### • Во дворот на грчкиот конзулат се одгледува марихуана

1. Прилеп дефинитивно е ројалистички град. Има пиво со име "Круна", си ги има приказните за Крали Марко и од оваа недела има спомен-плоча на Александар Македонски.

Претседателката на градот Виолета Попоска ја открила спомен-плочата на Александар Македонски по повод 2318-тата годишнина од неговата смрт. На тој начин најкралскиот град во Македонија му се оддолжи на овој голем војсководец.

Мора да се признае, станува збор за навистина многу редок јубилеј. Само еднаш и никогаш повеќе нема да се слават 2318 години од смртта на Александар. Тоа што не се чекала некоја заокружена годишнина не е никаква штета, бидејќи се работи за добро осмислена програма на одбележување на ликот и делото на прилепскиот војсководец. За 2319-тата годишнина се предвидува откривање на споменик. А за 2320-тата годишнина, како заокружен датум, на свечена седница на Собранието на општината, Прилеп ќе се прекрсти во Александрија.

Некои велат дека случката со откривањето на спомен-плочата на Александар Македонски во Прилеп е смешна. Мене воопшто ништо не ми е смешно. Баш е жално. Човекот умрел.

2. Станува горештина. Треба да се мисли на одмор. Грците како туристичка сила размислуваат како што повеќе да спечалат ова лето. Особено кога им доаѓаат гости од кои има што да се добие. На пример, како американскиот турист Метју Нимиц.

Нас не нè бива за туризам. Како да не можевме и ние да го поканиме Нимиц да ни дојде на летување. Наместо на некој грчки остров, можеше да се сонча

крај нашите езера. А ако веќе обожава острови – и ние остров за трка имаме. На Преспанско Езеро. Кога можел таму да летува Самоил, зошто не би можел да летува и Нимиц. Ќе си помине – царски.

Сигурен сум дека летувањето на Преспа би му било поадекватно, отколку летувањето во Грција. Прво, ќе се чувствува како дома. Нимиц доаѓа од Њујорк, па аналогно на тоа и нашиот остров се вика – Голем Град. Освен тоа, меѓу туристите ова место е познато и како "змиски остров". Значи, Нимиц би бил меѓу змиите. Што е сосема компатибилно со неговата посредничка мисија. Нели, обично се вели дека преговарачите си ја кријат позицијата како змијата нозете.

И уште една компаративна предност. Островот е сместен на тромеѓето помеѓу Македонија, Грција и Албанија. Така што од таму Нимиц би имал јасен поглед на балканските прилики. Освен тоа и Преспа одвреме-навреме ја потресуваат земјотреси, како Грција. Тоа постојано ќе го потсетува дека се наоѓа на трусно подрачје. Или, едноставно кажано – во нестабилен регион.

3. Удрила горештината во глава. На грчките новинари доматите и пиперките во Гевгелиско им се чинат афиони. Од коишто, нели, Македонија, како позната по дрога, произведува опиум. А од него – халуциногени дроги. Тоа објаснува како доматите, погледнати од преку граница, стануваат афиони.

Ние цело време мислевме дека оваа наша Влада работи од денес за утре. А таа работела со ум и води далекосежна политика. На прашањето на дрогата има разработена долгорочна стратегија како да прави опиум за грчкиот народ и да ја уништува грчката младина. Сади домати и пиперки и потоа тие со генетски инженеринг се мутираат во хероин. Нема зафрканција. Тоа е долгорочен процес, не е состојба.

Штета што грчките камери не го снимиле дворот на бившиот грчки конзулат во Скопје. Троскотот што ја покрил зградата од сите страни во халуциногена состојба личи на марихуана. Штета што Грците ја држат зградата под клуч. Би можеле малку да пушиме тревка. Кога ќе решат повторно да го отворат конзулатот, во таа чест би организирале едно заедничко виткање "џоинт". Потоа малку ќе "дуваме". Додека прописно не се "надуваме". Така ќе излезе дека целата приказна за Македонија како балканска Колумбија била надувана.

4. Во прв момент и писмото на ПДП до Советот на Европа, во кое пратеничката група ѝ сугерира на оваа европска асоцијација да не ѝ прима меѓу нејзините членови, изгледаше како надуена работа. Арно ама, сепак станува збор за доследна политика на ПДП. Луѓето се познати по тоа што не се превртливи. Си имаат став и си го бранат докрај. Ставот дека ќе излезат од Владата им е непроменет уште од кога влегова во Владата.

Не знам зошто некои велат дека ова писмо е рамно на скандал. Напротив. Скандалозно би било ако некој министер во Владата од оваа партија побара прием на оваа држава во Советот на Европа.

5. Фатени во летаргијата на здодевното собраниско секојдневие, занимавајќи се само со дигање раце за ратификации на различни спогодби и договори, пратениците без многу дискусија си дигнаа раце и за Законот за трансплантација на делови од човечкото тело. Дури по усвојувањето на Законот некои се свестија што изгласаа. По смрт – болест.

Да се најдеше барем некој да прочиташе за што дига рака...

## ПРИРОДНО НЕПРИРОДНО **24 јуни 1995**

**• Стево Црвенковски бара туристички аранжмани, за да го испрати Метју Нимиц на одмор**

1. Ако прашаш, има ли заеднички јазик меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ПДП, тоа ти е исто како да прашаш: "Имаат ли парите боја?". Имаат, ама кој прашува таква безначајна работа.

Најавата од конгресот на ВМРО-ДПМНЕ се остварува. Преговорите за коалицирање со ПДП во Скопје и Тетово се она што лидерот на партијата на кичевскиот конгрес го нарече – политички прагматизам. Политичката борба е борба за власт. Во тој контекст и прашањето на заеднички јазик, односно на бојата на парите е сосема беспредметно. Покрај другото и затоа што е далеку побезболно да се манипулира со пари, отколку со нации.

Не знам дали поимот политички прагматизам подразбира и амнезија. Јас не се сеќавам кога таму некој за некого рекол дека создава неприродна шиптарско-комунистичка коалиција? И дека власта ги предала Македонците зашто во своите редови толерира луѓе што се декларирале против Македонија.

Уште Дарвин докажал дека во прашање е еволуција, а не божја волја. Па така неприродното, според теоријата на политички прагматизам, станува природно. Како прва љубов, што би рекол Зоре Темелковски за неговите сокчиња. Кој се тепа, тој се сака. Па така, лутите непријатели, ВМРО-ДПМНЕ и ПДП, стануваат пријатели. Неприродниот коалиционен партнер станува природен.

2. Либералната партија лансира нов слоган. Досега беше:"Способните со нас успеваат!" Отсега: "Го слушаме вашиот глас!"

Способните успеаја да ги купат фабриките и големите фирми. Растоварени од таа обврска сега полесно ќе нè слушаат. Ќе коментираат: "Пушти ги, нека зборат...."

3. Министерот за надворешни работи Стево Црвенковски повторно отпатува за Њујорк. Јавија дека за последните 24 месеци ова му било 22 патување за Америка. Значи, му се има случено да не оди и по цели два месеца. И тоа два пати.

Тој и сега немаше да оди, ама ептен мораше да му го реши проблемот на Метју Нимиц. Така јавија грчките гласила. Дека Црвенковски бил многу лут зошто Нимиц решил да оди на одмор во Грција, па затоа отпатувал во Њујорк. Сега сигурно шета по тамошните туристички агенции и бара некој поевтин аранжман, по можност на рати, да го испрати Нимиц на одмор. Сајрус Венс нема да оди на одмор, па Црвенковски ќе се врати бргу.

Го очекуваме со нетрпение. Уште на аеродромот да ни ја каже дефиницијата за тајност на преговорите. Разбирливо е дека е тајно тоа што се преговара, ама зошто беше тајна дека министерот воопшто ќе патува е сосема неразбирливо. Два дена пред да отпатува, Црвенковски рече дека нема добиено никаков повик. Што, дури и да е точно, не зборува многу добро за нашиот однос како сериозна држава.

Ајде, да речеме дека Црвенковски на прес-конференцијата навистина не знаел дека ќе патува. Значи ли тоа дека тој само чека повик од Њујорк и веднаш ги пакува куферите? А самиот постојано вели дека новинарите претеруваат кога му даваат толку значење на проблемот со Грција и се лути дека ги запоставуваат другите работи од надворешната политика.

4. Ајде на Нимиц некако ќе му се најде место за одмор. Ама што правиме ние? Еве, пред почетокот на туристичката сезона поради загаденост се подготвуваат да затворат уште една плажа во Охрид, Дојран пресуши, Преспа се прелеа во Охрид, Охрид се извалка... Турција е далеку, во Бугарија крадат коли, во Албанија нема хотели, за друго место треба виза... Ќе одиме во Грција.

5. Имам еден предлог како да ги излечиме фрустрациите што сме вака, од сите страни сардисани. Што секаде ни бараат визи, што ни ги паркираат авионите што подалеку од аеродромските згради, што полицајците на граница нè гледаат како да сме пристигнале од некоја далечна егзотична земја за која ништо не чуле, што ги слушаме Европејците кога се фалат како од Хелсинки до Лисабон шетаат каде што сакаат, без да чекаат по пет часа на Деве Баир...

Како реципрочна мерка на шенгенската виза, предлагам балканските земји кои имаат идентични проблеми како нас да се здружат и да направат – балканска виза. Кој сака да дојде од Запад во било која земја на Балканот да мора да поседува балканска виза. По можност и добивањето на таа виза да биде што покомплицирано.

Наш човек, ако сака да патува за Данска, мора да извади виза во нивната амбасада во Виена. А за да стигне до Виена, мора да извади виза во автриската амбасада во Софија. Ете, тој пример нека биде урнек како да се добие балканска виза.

Ако Англичанец сака да патува за Бугарија, ќе треба да извади балканска виза во македонскиот конзулат во Грозни. Визата за дански граѓанин за патување во Албанија се вади во бугарската амбасада во Нижни Новгород. А ако веќе некој од Белгија запнал да дојде на одмор во Охрид, тогаш мора да му се соопшти дека за државјаните на Бенелукс балканска виза со право за влез во Македонија се издава во албанската Канцеларија за врски во Барцелона.

## КАФЕАНА "СКОПЈЕ" 1 јули 1995

### • "Хард рок"!? Не знам, не сум од тука!

1. Баш убаво што нов градоначалник на Скопје е Јове Кекеновски. Без лажна скромност, тој за себе може да каже дека е вистински човек за народот. Затоа што свири народни песни на хармоника?

Во неговиот избор нема никакво место за сомнеж дека, како по обичај, народот ќе игра како што ќе му свират. Па дури и епизодата со поделбата на кечињата на изборната седница на скопското собрание не може да се сфати како предупредување дека во иднина раководството на градот ќе ни крои капа. Во неговиот избор нема никаква мистификација. За фолклорни граѓани најмногу одговара фолклорен градоначалник. Парижани до неодамна си го имаа Жак Ширак. Скопјани, како граѓани на главен град на една современа држава, за свој Ширак си го избраа Кекеновски.

Во секој случај, сега градот ќе функционира беспрекорно. Градоначалникот ни е музичар. А претседателот на Извршниот одбор Љупчо Николовски–Фуфо ни е угостител. Кекене и Фуфо, како армоникаш и кафеанџија, ќе бидат прекрасна комбинација. Има кафеана, има музика. Сè е подготвено за една добра лумперајка со јадење, пиење и весели фолклорни звуци. Останува само да видиме кој на крајот ќе го плати цехот. Кога Кекене ќе отсвири фајронт, а Фуфо ќе ги изгасне светлата во кафеаната "Скопје".

Новиот градоначалник ќе треба да вложи многу напори за да се издигне над секојдневните естрадни настапи на неговите колеги и на дело да покаже дека е прва хармоника во градот. На пример, Лепа Брена ја дигаа на кран. "К-15" ги донесоа на стадион со полициски хеликоптер. Кекеновски како вистинска власт ќе мора да изнајми авион и како "летечки Елвис" од Лас Вегас да се спушти меѓу публиката. Или, барем да се спушти со параглајдер од Водно и во исто време со хармониката да ја свири "Скопје, радост ти ќе бидеш, Скопје, песна ти ќе бидеш", во турбо-фолк варијанта.

Впрочем и Бил Клинтон свири на саксофон. Ако може претседателот на САД да биде музичар, зошто тогаш тоа да не биде претседателот на Скопје. И не знам зошто е толку лошо што прв човек на градот е познат хармоникаш. Замислете да беше непознат хармоникаш!

2. Невидена измама во Италија. Некој ја ограбил македонската амбасада во Рим. И украл цели 1.500 германски марки! И тоа парите биле приватни.

Сиромашките крадци! Тие мислеле дека влегуваат во амбасада. Па уште виделе зорт, се испосекле од стаклото. Штета што биле повредени. Инаку ќе се сожалеле и самите ќе оставеле барем уште толку, како доброволен прилог за опремување на македонските дипломатски претставништва.

3. Се сеќавате ли на случајот "Хард рок" и на фамозното писмо на либералите до СДСМ, што беше првиот сериозен удар на победничкиот Сојуз за Македонија, на приказните за телохранителите на митинзите на Сојузот, на неуспешната наплата на рекет од сопствениците на дискотеката, на судското гонење на седуммина предводници на толпата што кон крајот на ноември минатата година го демолира најпознатото скопско диско непосредно пред свеченото отворање на зимската сезона?

Деновиве пристигна вест дека за петмина од осомничените е дадена изјава за откажување од гонење, а за двајца што се наоѓаат во бегство е прекината истрагата. МВР не сака да ст ави крај на случајот, па на судското решение донесува одлука за прекршочни пријави против осомничените. Ах, таа полиција нема друга работа, му прави компликации на независното судство.

Епилогот на аферата "Хард рок" е во стилот на она "Простено – заборавено!". Исто како ништо да не се случило. Тоа што беше демолирано, сега е поправено. Ни трага од вандалскиот напад. А можеа да остават некој спомен – агол за лошо сеќавање. Вака сега излезе "било – да не се повтори".

Во тоа време аферата "Хард рок" се врзуваше со аферата во дискотеката на "Силекс". И за неа излезе: простено – заборавено! Чудно колку малку вредел еден млад човечки живот.

Сега по медиумите се поставуваат прашања дали јавноста ќе биде задоволена по ваквата разврска на аферите. Затоа што наивно верува во независноста на судството од политиката.

Која јавност!?

4. Обединетите нации оваа недела започнаа со серијата прослави по повод 50-годишнината од основањето. Првиот спектакл беше организиран во Сан Франциско.

Од сега, па до октомври, кога ќе се одржува 50-тото Генерално собрание во Њујорк, ќе се изнаслушаме за мировната улога на светската организација, за нејзината ефикасност во решавање на конфликтите, ќе се изнагледаме славенички фаци, срдечни ракувања, групни сликања пред камерите...

Завршната манифестација е предвидена да се одржи во Њујорк. Што е голема утка на организаторот. За да се претстави улогата на ОН денеска и да се демонстрира ефикасноста, најдобро е да се организираат туристички патувања. На пример, не е лошо да се организираат посебни прослави во Сараево, Грозни и Кигали. Тоа би било доволно за едно скромно одбележување на јубилејот.

# СТАР ЛИСЕЦ

**8 јули 1995**

## • Од каде знаат скопјани дека водата во Турција е почиста отколку во Охрид

1. Минатата недела беше формиран Ротари клубот за Скопје. По тој повод членовите на Клубот, "професионалци и деловни луѓе кои се одликуваат со високи етички начела и се за мир и добра волја во целиот свет" се собраа на свечена вечера во манастирскиот комплекс "Св. Пантелејмон" во Нерези, на падините на Водно.

Еден од спонзорите на свечената дружба во "Св. Пантелејмон" беше скопската пиварница. Се служеше пивото "Стар лисец". Беа распнати тенди на кои беше испишано "Стар лисец". Имаше и друг пропаганден материјал со името "Стар лисец". Воопшто, целата атмосфера на ротаријанската вечера беше во знакот на "Стар лисец".

А Киро Глигоров не беше присутен. Затоа пак дојде Стојан Андов.

2. Од каде знаат скопјани дека водата во Турција е почиста отколку во Охрид? Па скопското Министерство за здравство донесува забрани за капење на охридските плажи за да изврши атак врз охридскиот туризам. Така велат од Здружението за угостителство и туризам при Стопанската комора во остриот протест до Министерството. Па и тие од Министерството нашле да донесуваат забрани за капење на почетокот на јули! Наместо да го стореле тоа уште во јануари, кога охриѓани се фрлаат по крстот на Водици. Излегува дека вака забраната важи само за скопјани.

Претседателот на градот Благоја Силјановски вели дека водата била таква веќе десетина години station наназад. Самиот тој е градоначалник на Охрид речиси пет години. Проблемот со загадената вода во тоа време се решавал на друг начин. Сите знаеле дека таа е нечиста, ама се правеле на удрени. Тоа се вика дискретно третирање на случајот. Како што бара сега некој професор на Факултетот за туризам – да се ставеле табли со забрана на плажите, ама на тоа да не му се дава публицитет!

Градоначалникот Силјановски е гневен на Владата затоа што сега се гледало како таа во континуитет води грижа за езерото. Слушам дека заедно со министерот за екологија Јорго Шундовски размислуваат летото да организираат пливачки маратон под мотото "Владата за спас на охридскиот туризам". Ќе се плива на потегот "Св. Софија" – Грашница. Во маратонот ќе учествуваат сите министри. Се очекува прв во бистрите води да се фрли екологистот Јорго Шундовски. Контролна точка ќе биде плажата кај Канео. Кој ќе ја преплива таа точка, може да смета дека дал голем придонес за охридскиот туризам.

Во трката нема да се вклучи само Илија Филипче. Не за тоа што мора да игра доследност, бидејќи е на чело на Министерството за здравство. Туку затоа што е охриѓанец. А охриѓани во принцип не би требало да се грижат за езерото.

3. Разрешувањето на четворица високи функционери во Министерството за одбрана, велат, било само почеток на голема чистка. Познавачите на приликите тврдат дека претстои голема акција на Владата. Се најавува разрешување на 150 високи функционери.

Први на удар ќе бидат највисоките функционери. Кога ќе се заврши со нив, чистката ќе продолжи кон পониските. Само ниските функционери ќе го избегнат бранот на разрешување. Тие што не пораснале повисоко од 170 сантиметри ќе се спасат.

4. Братството и единството се враќаат преку ликот и делото на другарот Киро Поповски. Под мотото "Говори српски да те цео свет разуме", Конгресот на Социјалистичката партија заврши со еуфоричниот говор на Киро Поповски во кој рече дека неговата партија треба да се подготвува да ја освои и власта. Што ќе му е таа работа, кога тој и онака како човек за сите времиња е на власт од пионерска организација до денес?

Што да прави, кога го сакаат луѓето? И тоа јавно го покажуваат. Затоа и им смисли јавно гласање за избор на претседател, а единствен кандидат беше токму тој. Според некоја проверена социјалистичка шема, изборот на потпретседатели одеше тајно, а неговиот избор – јавно. За да нема забуни, тие што не сакаа јавно да покажат колку го сакаат не смееле да влезат во салата во која се одржуваше конгресот. Што мислат тие, дека ова е Социјалистичкиот сојуз и дека ќе изигруваат плурализам на самоуправни интереси? Е, нема, сега е друго време и ова е сериозна партија од европски масштаб. Башка, што би работел Киро Поповски ако не е претседател на партија. Во социјализмот мора да има работа за сите.

Многу ми се допадна онаа констатација на гостинот од Белград, од партијата на Милошевиќ, дека секаде каде што победиле социјалистичките партии на просторот на бивша Југославија немало војна. Вистина е. Социјалистите на Милошевиќ не направија војна во Србија. Туку во Хрватска и Босна.

5. Србите им се налутија на Грците, зашто навиваа против Југославија на европското првенство во Атина и затоа ја демолираа амбасадата во Белград и им уништија две возила. На Балканот љубовта и тепањето одат рака под рака, па така највeрните пријатели, затоа што атинската публика не навивала за нив, кршејќи ги прозорците порачуваа: "Ќе ја признаеме Македонија" и "Кипар е турски!".

Југославија стана европски првак во кошарка, ама славјето на белградските улици, ете, беше комбинирано и со бес кон Грците затоа што – тие не навивале за нив. Среќа што победија против Литванија. Замислете покрај такво грчко навивање да изгубеа. Каква амбасада, какви прозорци... Веднаш ќе прогласеа мобилизација и ќе ѝ објавеа војна на Грција. Наместо "Ќе ја признаеме Македонија", ќе викаа – "Солун е наш!"

# МЕРАБА КОМИТИ

**15 јули 1995**

## • Само да не се налути невестата

1. Уште една дрска скопска провокација. Тоа што некој смислил турскиот претседател Сулејман Демирел еден ден од официјалната посета на Македонија да помине во Охрид е чин директно насочен против чувствата и интересите на охридскиот народ. Во услови кога половина Македонија се подготвува да замине на одмор во Турција, донесувањето на првиот човек на Турција среде туристичкиот центар на Македонија не може да биде поинаку сфатено, освен како краен цинизам и сигнал за сериозно заладување на односите помеѓу Скопје и Охрид.

Наместо да ужива во мирното лето заедно со ретките туристи, Охрид цел ден го потресуваше брчењето на полицискиот хеликоптер, кој веројатно бараше Курди по околните брда, се задушуваше во колоните возила што ревносната полиција ги запираше половина час пред поминувањето на претседателската колона, а богами и езерото дополнително се загадуваше од глисерите на македонската воена морнарица, пардон – езерница. Освен тоа, во ист ден од охридскиот аеродром полетаа дури два авиона, па и тоа ги разбуди болните сеќавања на времето кога овде доаѓаа и туристи.

Градот не беше преплавен само со Турци, туку и со комити. На турскиот десант на охридскиот аеродром мораше да му се спротивстави поголема единица на свечената комитска гарда. Толку комити, колку што беа построени на платформата пред авионот, којзнае дали имало и за Илинденското востание. Сигурно вршеле мобилизација на резервниот состав на АРМ. Имаше само едно промашување во протоколот. Требаше на почесната чета Демирел да ѝ се обрати со зборовите "Мераба комити!"

2. Уште една сликичка од Охрид. Во едно кафеанче на самиот брег на езерото, во близина на забранетите плажи, една туристка се навалила над водата и нешто се загледала во неа. Следи коментар од еден локален мангуп: "Што е, гледаш колку е загадена? Немаме метро да измериме!"

3. Не чини во Охрид, одиме во Женева! Таму нема кој да прогласуав забранети области за капење. Башка, тоа не нè ни интересира, бидејќи таму се оди за водење интелектуални муабети, а не за одмор и релаксација. Од таа причина Женева е попријатно место за водење македонско-албански разговори, отколку да речеме Охрид. Од таа причина не во Охрид, туку во Женева отпатуваа министрите Емилија Симовска и Љубомир Фрчковски со четворица претставници на албанските политички партии од Македонија. Да разговараат покрај чисто езеро.

На сите вести од Тирана дека преговорите не вродиле со никаков резултат, на сите коментари дома дека во најмала рака е скандалозно партнери во Владата да преговараат на неутрален терен, како две спротивставени страни, и тоа во

рамки на Конференција за бивша Југославија (а се знае какви асоцијации буди тоа) пристигна студеното објаснување на министерката за образование Емилија Симовска, која прв пат од високо ниво и од официјално место, без многу заобиколување и народски го демистифицираше тоа што се случува во Женева. Едноставно, Герт Аренс е платен, во рамките на таа Конференција секои три-четири недели да ги организира овие преговори, односно разговори, а нашиве се толку фини што му помагаат чесно да си ја заработи платата.

4. Баш добро што во Македонија има регистрирано многу хуманитарни организации. Сега имаат шанса да се докажат. Сигурно веднаш ќе соберат помош за настраданите подрачја во неодамнешните поплави. Добро е што и Ротари клубот се појави баш сега. Веројатно ротаријанците од Македонија нема да чекаат со најавената хуманитарна акција за вакцинирање на населението против жолтица. Можат да побрзаат, зашто со загадените води во настраданите подрачја таа вакцина ќе биде добредојдена.

Не знам само како му се случи на Стојан Андов толку да задоцни зад претседателот и премиерот во Неготино и Кавадарци. Во последно време обично секаде е прв. Или сметаше дека, бидејќи тоа му е изборна база, земјаците нема да му се налутат. Настрана што за време на викендот имаше сериозна обврска. Беше покровител на Галичката свадба. На што би личело ако најзначајниот сват ја напушти свадбата и оди во родното место. Земјаците можеби не му се лутат. Ама невестата сигурно ќе му се налутеше. Башка и галичаните се влијателни луѓе.

5. Дали границата со Србија е од привремен или од траен карактер? Ако оваа дилема е разрешена, тогаш навистина не ми е јасно зошто толкава паника околу тоа дали таа се поминува со лични карти, или со пасоши, кој прв вовел пасошки режим и слично.

Зошто некој има постојана потреба да нè потсетува дека со Србија сме биле една држава? И зошто му беше на нашето МВР она неспретно објаснување дека српската страна не ги известила, па ги известила, па се создала забуна и слично. Држава ли сме, или не сме? Границата со Србија е граница меѓу две држави, или не е? Тогаш зошто чудењето ако граничниот премин се поминува со пасош. Дури и Србите да не ја направеа оваа работа, македонското Министерство за внатрешни работи многу порано требаше да нареди границата да се минува исклучиво со пасош.

6. Генералниот секретар на ОН Бутрос Гали во Атина ја прими наградата од 250 илјади долари од Фондот на Оназис за "посебни заслуги во решавањето на проблемите што го оптоваруваат Медитеранот".

Во исто време падна енклавата Сребреница, ОН потпишаа капитулација пред Радован Караџиќ и започна уште еден бран на етничко чистење. На ред се и енклавите Горажде и Жепа, што се исто така "заштитени" од Обединетите нации. Прашањето е дали и источна Босна спаѓа во "проблемите што го оптоваруваат

Медитеранот". Оној дел од прашањето што се однесува на успешноста на решавањето е беспотребен. Силите на ОН успешно се скриле од нападите на босанските Срби.

## ДРЖ'ТЕ ГО КРАДЕЦОТ

**22 јули 1995**

### • На местата на кои е дозволено капењето ќе бидат поставени табли

1. Битката против "криминалот во сите форми, сивата економија и корупцијата", што неделава со смена на шестмина високи функционери ја најави премиерот Бранко Црвенковски, во некои политички кругови беше прокоментирана дека заличува на познатата осма седница на ЦК СК на Србија, кога Милошевиќ со голема чистка го започна својот поход. Глупости! Кај нас не е сменет Стамболиќ.

2. Кај нас за почеток се сменети шестмина раководители на клучни сектори во некои министерства и во владините служби поради тоа што "не работеле на потребното ниво и во согласност со појавите и проблемите со кои се соочуваме". Така изгледа официјалното образложение за смената. Што, пак, тоа има врска со најавениот проект за борба против криминалот и корупцијата, не е јасно. Ако луѓето не работеле како што треба, односно "на потребното ниво", тоа е една работа. Ако пак биле вмешани во некои матни води врзани со корупција, мито и криминал "од сите видови", тогаш белким постојат и некои други инструменти освен нивното споменување на прес-конференција на која се најавува решителна битка против криминалот во владините редови.

По оваа бомбастична најава за чистка со носителите на организираниот криминал во државата, не ќе е лошо јавноста да се потсети на едно сменување на исто така висок функционер од Министерството за внатрешни работи, пред повеќе од една година. Потсекретарот за јавна безбедност во МВР Павле Трајанов тогаш одговорно тврдеше дека "организираниот криминал во Македонија зема сè поголем замав" и во едно интервју за "Нова Македонија" изјави дека "во организираниот криминал во нашата држава се вклучени и многубројни носители на власта, особено во министерствата на Владата на Македонија". Дури тој и конкретно кажа дека митото и корупцијата ги има во Министерството за урбанизам, во економскиот сектор на Министерството за надворешни работи, во Управата за приходи и министерствата за финансии и стопанство. Година дена потоа премиерот соопштува дека ги разрешил токму директорот на Управата за јавни приходи и потсекретарите во министерствата за надворешни работи и за урбанизам.

Камо сега рехабилитација за господинот Трајанов, од кого тогаш веднаш побрза да се огради неговиот министер Љубомир Фрчковски, барајќи од него

"во разумен рок" да ги докаже своите наводи. Имаше и некакви кривични пријави, но дел од нив воопшто не ни стигнаа до Обвинителството, а некои беа одбиени.

Што ако сега медиумите, до кои премиерот апелираше да ѝ помогнат на Владата, според истата логика од пред година дена побараат од Бранко Црвенковски во разумен рок да ги докаже своите наводи за "неработењето на потребното ниво и во согласност со појавите и проблемите со кои се соочуваме" на шестмината сменети функцонери. Што ако тој во разумен рок сепак ги потврди своите наводи? Значи ли тоа дека ќе дојдат на ред и ресорните министерства? Значи ли тоа дека ако треба ќе се прави и реконструкција на Владата? Можно ли е кога сите ја знаеја финтата: "По 1500 пати ти реков дека таа дозвола не можеш да ја добиеш", или, за поевтина услуга, "Илјада пати да ме молиш, тешко ќе ја средиме таа работа" и слично, тоа да не го знаеја ресорните министри, чиишто службеници сега се сменуваат со небулозни објаснувања?

Да сме здрави и живи, па ќе видиме до каде ќе стигне проектот на Владата. Да не бидеме злобни уште на самиот почеток, иако почетокот требаше да биде многу одамна, ќе почекаме да видиме колку целата програма е сериозна или ќе остане на нивото на замачкување на очите на јавноста. Да не излезе на крајот дека на проектот можело да му се стави и работен наслов: "Држете го крадецот". Како во познатата приказна.

3. Тоа не би требало многу да нѐ секира, бидејќи ние сме сериозна правна држава. По донесувањето на законот за судовите, ние сме најправна држава по квадратен километар. Затоа што речиси секое гратче си доби свој суд.

Пратениците овој пат се покажаа пред своите избирачи. Во новиот закон се земени предвид и фрустрираноста на валандовчани и традицијата уште од Римската империја на кратовчани и честа на демирхисарци...

Само мојот пратеник дебело ме разочара. Зошто, на пример, не се избори и во мојата месна заедница да се отвори судско одделение? Нема смисла да се чувствуваме фрустрирани во однос на валандовчани. Сега не може ни да се карам со соседите. Не се исплати. Немаш во соседството суд и треба да одиш да се судиш којзнае каде. И после нема да бидеме фрустрирани...

4. Што среќа ќе бевме, па да ни се роди толку жито.

Беља работа! Кога го нема – не чини. Кога го има премногу – пак не чини. Како и да ја земеш работава, не ја бива. Министерот за земјоделие Иван Ангелов најавува план како да се ублажи оваа природна катастрофа. Ќе поскапи лебот и житото за три денари, за да може да се соберат пари за откуп.

Ете ти класична пазарна економија. Ем го има претерано, ем ќе поскапи. Ако го немаше доволно, дали ќе поевтинеше!?

5. По забраната за капење на неколку плажи на Охридското Езеро, Министерството за здравство деновиве донесе решение со кое се забранува капење и на реките Треска, Вардар, Лепенец и Пчиња.

Се очекува да се постават табли. На местата на коишто капењето е дозволено.

# КУШАДАСКА РЕПУБЛИКА **29 јули 1995**

## • Брилјантинот дава лажен сјај

1. Македонија забрзано се подготвува триумфално да го прослави претстојниот национален празник Илинден. Токму на 2 август, според сите предвидувања, се очекува да падне и последниот бастион на турската ривиера. Организацијата на манифестацијата "Гоцеви денови", среде Истанбул, е нула во однос на она што сега им го правиме на Турците. На 92-та годишнина од Илинденското востание против турското ропство, конечно дојде денот и ние на Турците да им вратиме мило за драго.

Инвазијата е во полн замав. Силни моторизирани единици на македонската туристичка армија ја прегазуваат Бугарија и преку Едрене ја освојуваат Турција. Одвреме-навреме, копнените сили добиваат засилена поддршка со воздушни удари од сите здружени и раздружени македонски авиокомпании.

Турците масовно се предаваат. Без борба ги отстапуваат хотелите, приватните куќи, автомобилите, автобусите, плажите, кафеаните, ресторанските... Ни трага од моќната Отоманска империја. Не се толку храбри дури ни да направат барем "Дванаесет дена Кушадаска Република"! Сериозно им е загрозено националното битие. Не само што во кафулињата полека, но сигурно продира македонска музика, туку Турците почнуваат да ги менуваат вековните навики. Пијат турско кафе, исто како нас. И јадат баклави, исто како ние за Нова година. Па дури после и да се повлечеме од освоените територии, мислат дека сè ќе биде како порано и дека македонското присуство и задушувањето на Кушадаската Република ќе мине без последици за нивниот културен идентитет? Јок! Ќе видат колку ли само македонизми ќе се одомаќат во турскиот литературен јазик.

Само едно нешто не ми е јасно. Изгледа не нè бива да бидеме окупатори. Како може ние да освојуваме, а пак тие да собираат арач!?

2. Ова што го прави Владата со оние што "покажуваат незадоволителни резултати во работењето" некои го викаат – операција "Метла". Тоа е многу несреќно избран термин. Затоа што со метла се чисти. Тоа може да асоцира на зборот "чистка". А ние сме сепак демократско општество и такви зборови не би требало да употребуваме. Освен тоа, кога се зборува за чистење, тоа значи дека во Владата има нешто валкано. Скраја било!.

Затоа повеќе ми се допаѓа кога за операцијата на отстранување на тие што "покажуваат незадоволителни резултати" се употребува терминот – "чешлање". Одговара. Министрите се релативно млади, па им личи да бидат малку разбушавени. Како што созреваат, почнуваат да се чешлаат. Сега се баш во фаза на чешлање. Ги фризираат работите во Владата. Кога ќе се исчешлаат, ќе си ставаат малку брилјантин. Малку да ги замачкаат работите. Среќа што брилјантинот

има свои позитивни страни. Ѝ дава сјај на фризурата. Само, ако се претера со негова употреба, се забележува дека сјајот е лажен.

3. Колку луѓе испосменија, сега ќе треба да распишат конкурс за нови работни места. Има шанси човек да набоде некоја функција. Директно во Владата.

4. Толку беше радосен Јане Миљовски кога се врати од Париз, од преговорите со Парискиот клуб за репрограмирање на долгот, што побрза веднаш да свика прес-конференција и да ни соопшти дека тоа што се случило таму во економијата е рамно на приемот на Македонија во ОН во политиката.

Не помина многу време, а агенцијата Ројтер емитуваше вест според која некој тамошен дипломат изразил чудење како многу побогатата Хрватска добила поповолни услови од сиромашната Македонија и зошто Македонија не побарала отпишување на дел од долгот.

Министерот Миљовски објасни дека ние не сме побарале отпишување на долгот за да не нè сметаат за ризична земја во светот на парите. Па сега не е јасно кој е во право: Миљовски или неименуваниот дипломат што го цитира Ројтер. Како и да е, преговорите завршиле на општо задоволство. Ние среќни, тие шокирани што не сме барале отпишување на долгот.

5. Минатиот викенд во Белград се одржала некаква меѓународна конференција на леви партии на Балканот. Од конференцијата е испратен некаков лев апел до контакт-групата за укинување на санкциите кон СРЈ, а наедно е дадена поддршка на мирољубивите напори на раководството на СРЈ. Поздравен говор одржал претседателот на СРЈ Зоран Лилиќ, а воведен реферат имала Мирјана Марковиќ од Здружението на југословенската левица, инаку сопруга на Слободан Милошевиќ. На конференцијата учествувале дваесетина партии од Балканот, меѓу кои и (внимавај сега!): Социјалистичката партија на Македонија, Демократската партија на Југословените од Македонија и Комунистичката партија на Македонија.

Нормално, целиот собир беше максимално добро покриен од белградските медиуми. Нормално, според нив, меѓу гостите биле и од БЈРМ. Сите заедно, па и тие од БЈРМ ѝ дале поддршка на мирољубивата политика на Србија. Не е нормално само што во играта на српската пропаганда влезе и коалиционен партнер во Владата на Македонија – Социјалистичката партија на Македонија.

## НАЦИОНАЛЕН ПРАЗНИК — 5 август 1995

### • Пред униформите и новинарите молчат

1. Што му требаше на Метју Нимиц пак да доаѓа во Македонија? Само прави проблеми. Ќе мисли народот дека нешто се случува со грчко-македонските преговори. Ги става во незгодна ситуација нашите политичари. Тие цело време

викаат дека нема ништо ново, а тоа специјалниот пратеник на Бил Клинтон се потегнал дури од Америка во Скопје да каже дека е оптимист.

Домаќините толку се трудеа да не му дадат шанса да се сретне со новинарите, што му смислија разговорите со претседателот Глигоров и со министерот Црвенковски да ги води во Охрид. Мислеа дека, кога ќе го види Охридското Езеро, ќе занеми од убавина. За секој случај, ако евентуално не им успее да го остават без збор, ги организираа разговорите во резиденцијалните вили, ем обезбедени со огради, ем оградите далеку од зградите, ем вилите на врв на брдо, ем влезот во подножјето.

Организацијата беше беспрекорна. Сè си беше на своето место. Политичарите на врвот, новинарите во подножјето. И тоа што подалеку од капијата. Контактите меѓу врвот и подножјето беа невозможни. Единствениот контакт кој беше можен со некакво службено лице, беше разговорот со полицаецот на капијата на вилата "Билјана". Тој многу учтиво и коректно, со целото почитување на новинарската професија, ни се обрати со зборовите: "Моја задача е да ве отстранам од пред вратата!" Нема проблем. Само немој да пукаш! Сепак, похумана задача е некого да отстраниш отколку, не дај боже, да отстрелиш. За среќа, полицаецот пред вилата "Билјана", за да го заштити Нимиц од новинарите, доби задача само да ги отстрани. Кога униформите зборуваат, новинарите молчат.

2. Наместо од охридската убавина да занеми Метју Нимиц, без збор останаа Глигоров и Црвенковски. Колку и да се трудеа домаќините да не му дозволат на Нимиц да дојде до контакт со новинарите, не им успеа. Го уловија пред да си замине од скопскиот аеродром.

Клучниот дел од неговата изјава: "На американскиот народ му е чест што е пријател со вашиот народ". Ова – вашиот народ оди без буквата "М". Случајно да не настане некаква забуна во преговарачкиот процес.

3. Инаку, нашиот народ пред неколку дена го прослави националниот празник, Втори август. Тој ден не се работеше. И тоа беше единствената работа што покажа дека во прашање е голем празник. Се разбира, ако во овој контекст ја апстрахираме лавината од земја и дрва што се струполи врз патот Дебар – Маврови Анови, што исто така беше голема работа што се случи тој историски ден.

Не се сеќавам кога последен пат Илинден бил толку бедно прославен како оваа година. Кај нас повеќе се прославуваат Велигден и Божик, што се празници кои ги прославуваат и во многу други држави низ светот, отколку најмакедонскиот, односно најголемиот празник во државата кој е автентичен и само наш.

Обично, за националните празници во другите држави има и специјална порака на шефот на државата, се прави свечен прием на кој присуствуваат дипломатските претставници, нашите дипломати во странство исто така приредуваат приеми... Странците уште и ни ја признаваат големината на празникот, па сите позначајни шефови на држави испратија честитки до Глигоров. Дипломатските претставници во Скопје останаа зачудени. Си ги темпираа своите годишни одмори

така, за на 2 август да бидат во Македонија, а никој никаде не ги покани. Во главниот град на државата заборавија дури и знамињата да ги закачат по уличните бандери. А во рамките на пригодниот празничен протокол забележавме и такви глупости како што беше, на пример, полагањето на цвеќе на легендарниот Мечкин Камен во Крушево од страна на "претставник на Кабинетот на претседателот" и "претставник на Кабинетот на премиерот". Од кога тоа кабинетите станаа високи државни институции? Настрана што на гробот на Гоце Делчев цвеќе положи – министерот за здравство!

– Ќе видиме како ќе биде на 8 септември. Веројатно тогаш ќе бидат развеани знамињата, сигурно ќе има и прием за странските претставници, ќе се организираат големи народни собири на кои големите политичари ќе кажат и големи зборови за историјата.

Како што ми изгледа, Осми септември ќе го победи Втори август. Каква Крушевска Република, какво заседание на АСНОМ? Историјата почнува од нас!

4. Охриѓани продолжуваaат со измислици како пропаднатата туристичка сезона уште повеќе да ја упропастат. Новата иницијатива потекнува од локалното толкување на Законот за туризам. На локалната полиција ѝ беше малку што го окупира Охрид на секој чекор и што ужива да ги казнува туристите за погрешно паркирање, туку сега се појавува во еден часот по полноќ и ги затвора дискотеките. Кај го има тоа, диско-клубовите да работат по еден часот? Во сите туристички места низ светот, само не во Охрид. Само што Охрид повеќе не е туристичко место.

Прво, некој им измисли загадена вода. Потоа, некому му пречеа столиците пред кафеаните на корзото, па гостите среде лето треба да се потат внатре. Потоа некој излажа дека во Охрид било скапо. Потоа охриѓани вежбаа пишување графити по автомобилите со не-охридска регистрација. Ова со диската е само епизода во серијата "Како да ги натераме гостите да си одат".

За сè се виновни Турците!

## РЕЛАТИВНО ДОБРО

**9 септември 1995**

### • Јапонија ќе воведе економско ембарго против Македонија

1. Во животот сè е релативно. Денес ќе те возбуди веста дека конечно, по четири години, Македонија е на пат како-така да ги нормализира односите со Грција, а веќе утре ќе те потресе сознанието дека моќната државна фудбалска репрезентација на Македонија среде Скопје го загуби натпреварот против слабата репрезентација на Ерменија. Па така, со релативистички пристап кон овие два настана што ја растресоа Македонија изминатава недела, се доаѓа до заклучок

дека и одговорот на прашањето: Што е поголема срамота – да изгубиш од Ерменија или да го менуваш знамето, е сосема – релативен.

Што се однесува до државните органи, немам чувство дека тие којзнае колку се потресоа поради историската меѓудржавна согласност што министрите Црвенковски и Папуљас треба да ја потпишат во Њујорк. Пратениците во Собранието во вторникот внимателно ја ислушаа информацијата на министерот Стево Црвенковски и со тоа ја затворија оваа тема. Ниту еден не побара дополнителни објаснувања, никој ништо не праша, никој не се ни обиде да земе збор, иако тоа не ни беше предвидено... Небаре, ова што сега ќе се случи со Грција е сосема нормална, вообичаена работа. Ако, по некоја случајност, два дена подоцна, на истите тие пратеници им се обратеше министерката за образование и физичка култура госпоѓата Емилија Симовска со информација за состојбите во македонскиот фудбал, сигурен сум дека ќе предизвикаше повеќе реакции.

Во оваа земја има најмногу стручњаци и за фудбал и за политика, ама во оваа ситуација разумот налага да се биде погласен кога станува збор за фудбалот. Таму и да згрешиш, не е толку страшно. Во секој случај и оваа работа ќе мора да ја решиме со компромис. Ќе го смениме знамето, ама ќе мора да го смениме и селекторот Андон Дончевски.

2. Сигурно го знаете оној виц за партизаните и Германците што се тепале во шумата. Ќе нападнат едните, па ќе нападнат другите. И тоа трае четири години. Накрај ќе се појави шумарот. И ќе ги избрка и едните и другите да си одат дома.

Шумарот допатува со специјален авион од Атина во Скопје. По неколку часа прочита една изјава дека Македонија и Грција наскоро ќе се смират. Им рече на Папуљас и Црвенковски да ги пакуваат куферите за пат во Њујорк и замина.

Работава изгледа навистина била многу сериозна, штом Владата следниот ден реши да не ја одржи редовната прес-конференција. Министерот-портпарол Ѓунер Исмаил повеќе сака да зборува за несериозни теми, па можеше и посетата на Ричард Холбрук да ја релативизира. Минатата прес-конференција ни кажуваше за некаков заскитан рибар. Замислете, оваа недела да го елабораше проблемот на заскитан шумар.

3. Промената на знамето не треба да биде никаков проблем. И тие што сега од тоа прават голема фама и што се прикажуваат како големи патриоти, нека си ја запеат, макар и во себе, македонската химна. "Денес над Македонија се раѓа ново сонце..." Во што е проблемот? Нема проблем! Само што знамето повторно би требало да претставува некакво сонце.

Според химната ние можеме да си ги менуваме знамињата постојано со нови сонца, речиси секој ден.

Бидејќи Грција, претпоставувам, не би била воодушевена на нашето ново сонце да види било какви краци, ќе треба да смислиме сонце без зраци. Значи – сонце со заби. Не верувам дека и тоа е прифатливо. Ако гризе, може да те разберат дека има територијални претензии. Такво сонце, во комбинација со сите

четири тенка "Т-34" на гардиската единица на АРМ од кои пред една недела ни застана здивот гледајќи ги на телевизија на вежбата на Криволак, се постојана закана за нашите соседи. Затоа, најдобро е само да си нацртаме круг. Така, знамето ќе ни личи на јапонското.

Ова воопшто не е лоша идеја. Замислете, ова со Грција полека да си се среди. Што ќе правиме? Ќе умреме од здодевност. Замислете во што би ни се претворил животот, ако, не дај боже, почнеме да заличуваме на здодевна европска држава! Вака, прифаќајќи ново знаме, слично на јапонското, можеме животот да си го направиме поинтересен. Ќе влеземе во спор со Јапонија. Повторно секој ден ќе ни доаѓаат разни посредници и преговарачи. Па Јапонија ќе ни воведе трговско ембарго. Па ние ќе се жалиме до ОН. Па ние пак нема да прифаќаме преговори додека не се укине ембаргото. Па ќе ги чекаме резултатите од јапонските избори. Еј, супер, супер!

После ќе дојде шумарот и ќе ни рече да направиме друго знаме. "Денес над Македонија се раѓа ново сонце..." Ако не треба да има ни зраци, ниту пак да биде цело сонце, ќе направиме половина сонце. Ова ќе мине многу лесно во Парламентот. Полукругот ќе личи на кече. Тоа знаме ќе биде израз на историски договор врз основа на консензус на Албанците и останатите граѓани на Македонија. Јапонија со она нивно знаме е земја на изгрејсонцето. Ние со половина сонце ќе бидеме – земја на зајдисонцето. Тоа веќе не ми се допаѓа. Кога ќе зајде сонцето, настапува мрак. Наместо земја на зајдисонцето, ќе станеме земја на зајдување.

4. Бугарија веќе жали што со отворањето на грчко-македонската граница "ќе се релативизира нивната поддршка на Македонија". Во изминатиов период повторно дојде до израз бугарската историска предодреденост за правење добри проценки. Особено со игрите за непризнавање на нацијата и на јазикот.

Кога еднаш нервозно реагирав кај бугарскиот граничен полицаец со зборовите: "Што е ова, три часа чекаме, а рампата никој не ја дига", слатко ми се насмеа со зборовите: "Луѓето во камионите чекаат три дена, па никој не се буни". На отворање пак на рампата кај Богородица чекаме повеќе од четири години.

Деве Баир или Богородица – сè е релативно! Три часа, три дена, или четири години... Како си, како живееш? Релативно добро, благодарам!

## ВТОРА СТРАНА

**16 септември 1995**

**• Настан од историско значење: Стево прозборе!**

1. Замислете си ваква вест: "Денес министерот за надворешни работи на Првата страна беше примен од претседателот на Втората страна." Или: "Амбасадорот на Втората страна во Обединетите нации денес разговараше со амба-

садорот на Првата страна, во врска со најновите настани врзани за спорот на Првата страна со Третата страна"!

Балканскиот инает се пресели и во Њујорк, па сиромашкиот Сајрус Венс со уште којзнае колку искусни експерти по меѓународно право и дипломати мораше да смисли уникатен документ, со интересно име "Привремена согласност", што ќе го потпишат претставниците на "двете страни". Ние досега отрпнавме на ваков тип експерименти од типот на "БЈРМ", "ФИРОМ", "вашата земја","оваа држава", "властите во Скопје", и слично, па и ова именување како "Втора страна" не ни се виде којзнае колку чудно. Тоа пак што Грција се согласи, само за да не се спомене ниту едно "М" од зборот Македонија, во документот да биде претставена како Прва страна, веќе претставува тема за посебна елаборација. Прашањето: До каде може да се стигне со балканскиот инает влегува во сферата на научната фантастика со можност од практична примена во дипломатијата.

Вака како што изгледа, документот е добра основа за решавање на вакви слични проблеми во иднина. Може да се примени секогаш кога Првата страна со излез на море е во спор со Втората страна без излез на море... На пример, истиот документ може да важи за Австрија и Словенија. Или, за Италија и Швајцарија. Треба само да се сменат потписите на Црвенковски и Папуљас. И треба да се има доволно фантазија за да можат да се смислат доволно неразумни прашања околу кои ќе се преговара и да се ангажира безмалку целата меѓународна заедница во потрага по решенија за надминување на спорот.

2. Сега, кога нашата држава се вика Втора страна, нормално е нејзините државјани да се нарекуваат странци. Отсега ќе се чувствуваме како странци во сопствената држава. Странците зборуваат странски јазик. Веројатно затоа никој ништо не разбира.

Проблемот е што и државјаните на Првата страна се исто така странци. Ете ти повод за нов спор околу името. Како можеме и едните и другите да бидеме странци? Ќе треба да се разликуваме по тоа што тие ќе се викаат први странци, а ние втори странци. Тоа нема никогаш да го дозволиме. Ем странци, ем втори. Небаре сме граѓани од втор ред.

3. Изминативе денови бевме во драматично исчекување на она што требаше да се случи во Њујорк. Малата група новинари од Македонија очигледно мака мачеше да дознае нешто повеќе за да може да им јави на матичните медиуми во Скопје. Ќе се потпише, нема да се потпише, Грците шпекулираат, Метју Нимиц шета од хотел в хотел. Ричард Холбрук го викнале од Вашингтон...

Дописничката на Македонската телевизија се трудеше да ни ги пренесе сите можни проверени, полупроверени и непроверени информации од сите можни извори и на крајот на извештаите, речиси во очај ќе изговореше: "Се надеваме министерот Стево Црвенковски ќе изјави нешто. "Или: "Веројатно министерот Стево Црвенковски ќе каже нешто малку подоцна".

Завчера упорната новинарка успеа да му земе интервју на министерот Црвенковски. Арно ама, Македонската телевизија пак ја утна работата во редењето на вестите по значење. Првата вест требаше да биде настанот многу поисториски отколку потпишувањето на спогодбата или приемот кај Бил Клинтон. А таа требаше да гласи кратко и јасно, уште во најавата на ТВ дневникот: "Добровечер, почитувани гледачи, денес Стево прозборе"!

4. Добрата волја на Првата страна ќе ја ставиме на проверка многу брзо. За триесетина дена, кога ќе го менуваме знамето. Што ќе правиме со новото знаме? Првата страна би требала за почеток да одобри еден кредит за текстилната индустрија на Втората страна за да може Втората страна побрзо да направи замена на старите со нови знамиња. Освен тоа ќе требаат пари и за замена на еполетите на офицерските униформи, на ознаките на полицијата и секаде каде што треба да се симнува сонцето. Ако нема пари Грција, нека побара од САД.

5. Американците во Скопје подготвуваат една детска градинка за амбасада. Околу зградата изградија високи ѕидови. Со предниот ѕид го имаат фатено и тротоарот и тревникот. Па сега подрачната единица на Министерството за урбанизам на општина Карпош им ја има стопирано градбата. Прво, според нашите урбанистички планови не смее да има повисоки ѕидови од метро и дваесет. (Се сеќавате на акцијата на уривање на ѕидовите на дворовите на Албанците од социјалистичкото време.) Освен тоа, како можат Американците да го зафаќаат и тротоарот?

Гледам јас дека ќе ги заостриме односите со Американците. Прво Клинтон мораше да чека два дена одговор на писмото за воспоставување дипломатски односи со Македонија од Киро Глигоров. После мораше три пати да ја одлага церемонијата во Белата куќа, затоа што Црвенковски и Папуљас пимплаа со потпишувањето. Хилари била многу лута затоа што три пати ги подгревала кифличките за гостите и накрај само прокоментирала: "Балканци!" и отишла на шопинг. На крајот уште ова ни требаше! Таман Американците решија да отворат амбасада во Скопје, ние ќе им ги уриваме ѕидовите.

6. Зошто потписите на документот важат седум години? Веројатно затоа што Папуљас и Црвенковски се раководеле од народното непишано правило дека ако бракот не "пукне" во првите седум години, после ќе има вечна љубов.

# ТАМПОН-ЗОНА

**23 септември 1995**

- **Тешко на македонскиот јазик и македонскиот културен простор ако стаса дотаму да го брани некојси Сретен Пауновиќ**

1. Баш ме интересира како ли се договарале за знамето цели три дена социјалдемократите и либералите? Во што ли е идеолошката разлика меѓу знамето чиишто зраци се шират накосо и она чиишто зраци одат право? Со други зборови, не ми е јасно, зошто едното знаме е полиберално, а другото посоцијалдемократско? И дали во расправата имале некакви други аргументи освен "Ова не ми се допаѓа, ова ми се допаѓа"?

Какво и да е – знаме си е знаме. На граѓаните веќе им е сеедно. Во три години, ова ќе ни биде трето знаме. Со каква леснотија го сменивме црвеното со петокраката, со каква леснотија го ставивме шеснаесеткракото сонце, со иста таква леснотија ќе си го донесеме и ова со зраците што се шират на осум страни.

Добро е што политичарите набрзина се погрижија како ќе ни изгледа знамето. Народот нема никаква потреба да се грижи. Нема намера да гине под него.

2. Во скопското село Огњанци родителите чиишто деца учат на македонски јазик, не ги пуштаат децата да одат на училиште, затоа што во истата зграда учат децата што ја следат наставата на албански јазик. Нема врска што учениците се поделени во различни смени. Важно е да не бидат во иста зграда. Нема врска што нема никакво логично оправдување, зошто некому би му пречело да го испрати детето на училиште, во коешто попладне некое друго дете ќе учи на албански јазик. Едноставно – не може. Зградата била нивна и не ја даваат. Во неа се учи на македонски јазик. Кој сака да учи на албански јазик, може да учи во касарната, како и до сега. Училишната зграда треба да си остане чиста.

Работата е многу сериозна. Велат, тоа што Албанците ги испраќаат своите деца да учат на албански јазик е директно загрозување на македонскиот јазик и македонскиот културен простор во селото. Сериозен проблем бара и сериозен третман. Затоа и е формиран Одбор за заштита на македонскиот јазик и македонскиот културен простор, што ги организира децата да ја бојкотираат наставата на македонски јазик. На чело на тој одбор е некојси Сретен Пауновиќ.

Тешко на македонскиот јазик и македонскиот културен простор ако стаса дотаму да го брани некојси Сретен. Во традицијата на македонскиот народ познати се разни Пауновиќи кои се залагале за заштита на македонскиот културен простор. Дури едно време биле и ревносни во таа заштита.

Што се случува всушност сега во Огњанци? Прв директен судир на интересите на Србите и Албанците во Македонија. Каде се тука Македонците? Се знае. По традиција – во тампон-зона.

3. Туристичкиот сојуз на Македонија и хотелиерите деновиве правеа рекапитулација на летната сезона. Откриле дека сезоната била катастрофална.

Крајот на септември е вистинско време да се открие такво нешто. Но, уште подобро – вистинско време да се мисли на следното лето, за да не се повторат лошите резултати.

Е, сега, бидејќи летово нашите туристички работници нудеа светска услуга, чисти езера, срдечна гостопримливост и сето тоа за џабе пари, мора да е проблемот во туристите. Како да се опаметат граѓаните на Македонија да летуваат дома, а не да ги трошат парите во Турција, а вгодина сериозна опасност се заканува и од Грција.

Затоа претседателот на Туристичкиот сојуз Голаб Чингоски предложил Владата да воведе излезна такса за сите граѓани што патуваат во странство, за да се спаси македонскиот туризам. Така ќе се купува патриотизмот на граѓаните. Ако, на пример, излезната такса изнесува 50 марки, толку изнесува и патриотизмот на еден граѓанин за еднократно излегување од земјата. Ова не е никаква новина. Вакви такси има во Србија. На способните туристички работници и хотелиери Србија и натаму им е урнек за сè.

Бидејќи овој случај е одличен за тренирање патриотизам, решив со мојата креативност да се истакнам со два предлога.

Првиот е прилично демократски. Владата нека пропише една туристичка такса за сите граѓани на Македонија. Сите пари нека одат за Охрид. Туристите не мораат да одат. Така сите ќе бидат задоволни. Охриѓани ќе ги соберат парите од туризмот, а нема да мораат да се малтретираат со туристи. Туристите нема да мораат да мислат каква беља денес ќе им направат домаќините. А Македонија ќе биде туристичка велесила.

Вториот предлог не е толку демократски, ама кога е во прашање македонскиот туризам, мора сите да имаме разбирање. Најдобро е секој граѓанин да го предаде својот пасош во Туристичкиот сојуз. Туристичките работници ќе одлучуваат кој смее да патува надвор од земјата. Останатите ќе летуваат во нашите хотели. Ова не е казна, туку патриотска обврска.

## БИВША ИДНА — 30 септември 1995

### • Дивиот Запад пристигна на Исток

1. По повеќегодишно настојување, толерирање на разноразни пратеници што ни кажуваа што треба да правиме, мониторинг-мисии за пописот, за изборите, којзнае колку состаноци на разно-разни комисии, протестни писма и жалби, во средата конечно се најдовме пред вратите на Советот на Европа. И сега... Што!?

2. Ми се чини дека прашањето е умесно, бидејќи во целата еуфорија како да не се пронајде време за објаснување што значи членството на Македонија во Советот на Европа. Односно, дали покрај обврските што тоа ги носи (дел од нив веќе исполнивме), ќе имаме евентуално и некоја корист. Тоа би бил еден прагматичен приод на објаснувањето што ќе правиме сега со членството во Советот на Европа.

За жал, и во Стразбур не можеме да се откачиме од она глупаво име што сега модерно се нарекува референца - "бивша југословенска Република Македонија. Кога ќе го кажеш она "БЈРМ" на македонски, некако може да се проголта, особено што на македонски и многу ретко го употребуваме. Ама, БЈРМ на англиски го викаат "FYROM". Е тука веќе може на референцата да ѝ се даде суштински поинакво значење. Сè зависи од тоа кој како ќе си ја токува првата буква "Ф". Според привремената референца од ОН, тоа "F" доаѓа од англискиот збор "Former", што значи – бивша. Арно ама, што ако некој тоа "Ф" го поврзе со исто така англискиот збор "Future", што значи - идна. Па во преводот на македонски да излезе "идна југословенска република Македонија"!?

Што ако наскоро успешно завршат мировните преговори за Босна и оваа осакатената најнова Југославија, од Србија и Црна Гора, меѓународната заедница ја признае како – Југославија. Тогаш ќе имаме една Југославија и една бивша југословенска република Македонија како соседи. Нема ли тогаш меѓународно признатата Југославија да се осили, па од бившата југословенска република да направи – идна? Во меѓународната заедница ништо нема да се промени. Кратенката останува иста "FYROM".

3. Мене, најискрено, многу повеќе ме загрижува тоа "референтно" играње на тема "бившо–идно" отколку, на пример, тоа што партијата НДП напишала писмо во кое бара Советот на Европа да не ја прими Македонија. Се виде како помина нивното писмо. Тие таму во Стразбур примаат којзнае колку такви писма, од далеку поважни и повлијателни партии отколку НДП и не верувам дека земаат предвид нешто за што и самите неколку пати веќе се увериле. Белким не доаѓаа бадијала во Македонија толку пати, за да нè научат да станеме Европејци. Освен тоа, НДП само покажа дека и кај нас може да си пишува кој како сака. Затоа и не ја сфаќам потресеноста кај дел од македонската јавност за ова писмо. Како да не ги знаеме НДП. Па тоа што го испратија во Стразбур им е запишано и во прорамата. А прашањето на лојалност кон државата е веќе прашање по кое тие доволно се докажале. И за Уставот, и за референдумот, и за пописот.

Затоа пак многу ме потресе тоа што една така сериозна држава како што е Романија, на која, згора на сè, сериозно ѝ се слуша гласот во Европа, побарала заштита на Власите во Македонија. Тоа сигурно страшно ќе одекне во светот. Еј, луѓе, Романија е во прашање, свестете се што правите со Власите во Македонија. Настрана што тие имаат легитимно право да се борат за заштита на нивните интереси. Двата јазика се од романската група на јазици. Ме чуди само

како и Французите не дадоа амандман за Власите во Македонија. И нивниот јазик е од истата група. Па и Шпанците. Белким не се Власите во Македонија за Шпанците – шпанско село?

Сега, кога ќе станеме полноправни членови на Советот на Европа и ние ќе поднесеме амандман против Романија за нивниот однос кон унгарското малцинство. Што имаме врска ние со Унгарците? Исто колку што Романците имаат врска со нашите Власи.

4. Многу жалам што немавме подетаљни информации за посетата на министерот за одбрана Благој Ханџиски на Велика Британија. Кога беше во САД, на грчките новинари стручно им објасни дека мелодиката на македонскиот јазик е иста со мелодиката на јазикот на Хомер во "Илијадата".

Живо сум заинтересиран дали во Велика Британија на тамошните новинари им објаснил дека мелодиката на македонската гајда е иста со мелодиката на шкотската гајда. Ако тоа не им го објаснил, џабе му било патувањето.

5. Првиот полициски генерал во Македонија Станое Богев стана директор на училиштето за полицајци во Идризово. Кога само ќе се сетам какви почести му правеа, каква фешта беше претставена во јавноста, кога Македонија го доби првиот полициски генерал, просто се чудам како можат највисокиот офицер сега да го стават на чиновничко место, на кое нема да се расправа дури ни со обични полицајци, туку со ученици за полицајци.

Министерот-портпарол Ѓунер Исмаил рече дека не станува збор за сменување на генералог Богев, туку за – хоризонтално разместување. Сосема е во право. Идризово е приближно на иста надморска височина со центарот на Скопје. Да го качеа, на пример, генералог да биде командир на полициска станица на Попова Шапка, ќе станеше збор за вертикално разместување. Вака, тој си остана во хоризонтала. Што му недостига? Ем е генерал, ем нема војска!

6. Во каубојските филмови гледаме дека кога има судење некаде на Дивиот Запад, пред да влезат во судницата сите го оставаат оружјето пред врата. Меѓутоа, ние не сме Див Запад. Виница, во чиешто судско одделение еден обвинет застрела тројца граѓани, се наоѓа во источна Македонија. Филмови за Дивиот Исток сè уште не се снимени.

Сега ми е јасно кога некој ќе рече: "Е, тој филм нема да го гледаш!" Кај нас филмските настани се случуваат во живо.

# ПУКНАТ БАЛОН

**7 октомври 1995**

## • Да не кажал нешто Бранко Црвенковски, а ние не сме го слушнале?

1. Автомобили-бомби не пукаат само таму некаде далеку во светот, што како настан заслужуваат да ги видиме снимките при крај на ТВ дневниците. Овој пат тоа што се случува таму некаде низ светот се пресели во центарот на нашиот главен град. Извршен е атентат врз нашиот претседател, случајни жртви се наши сограѓани, можеше да настрада било кој што во тоа време имаше работа во нашата банка, што седеше на терасата на нашиот хотел, што одеше на изложба во нашиот музеј, што тргнал да купува во нашите продавници... Сѐ е исто како во светот. Дури и професионалноста со која е изведен терористичкиот напад.

Во светот обично се јавува некој што ќе ја преземе одговорноста за атентатот. Кај нас, кукавички, организаторите не се јавуваат. Во светот по ваков настан веднаш се бара и одговорност на тие што не успеале да го спречат атентатот. Кај нас, барем засега, никој и не побарал таква одговорност. Што е уште еден доказ дека стануваме светски дури и по тероризмот, ама по прашање на одговорноста сме на крајот од светот.

2. Навистина Министерството за внатрешни работи се обиде да направи една прес-конференција, ама искрено, не ми е јасно, на кого ли му згрешиле тие луѓе што ги "нацртаа" пред педесетина домашни и странски новинари, со целосно неискуство за односи со јавноста. Кога ќе ставиш оперативец–полицаец да одговара преку директен радио и ТВ пренос на прашања на новинари, речиси од цела Европа, нормално е да се очекуваат киксови од типот: "блиндиран мерцедес чини 500 илјади марки", или "претседателот сакаше да седи на предно седиште", или "како мислите вие дека безбедноста потфрлила?". Впрочем, тие луѓе и се платени да ја вршат својата работа, а не да покриваат нечиј сектор со појавување на прес-конференции, за што очигледно не ги бива.

Лесно е да се прават конференции за печат кога ќе се фатат неколку килограми хероин на Деве Баир. Дали некој мислеше дека со истата леснотија ќе се излезе пред новинарите и кога се работи за атентат, во кој само чудо (многу повеќе од среќа) го спаси претседателот?

3. Не ме чуди што во јавноста сѐ уште не се има огласено портпаролот на Владата Ѓунер Исмаил. Тој е задолжен за ведри теми и да ги прави прес- конференциите забавни. За сериозните теми обично беше задолжен министерот за внатрешни работи Љубомир Фрчковски. Како, на пример, за меѓунационални односи, за човекови права, за меѓународно право, за надворешна политика... Атентатот врз претседателот Киро Глигоров изгледа е премногу сериозна тема, дури и за него.

Кога би бил доследен на својот ноншалантен и смирувачки стил на давање одговори, министерот Фрчковски и за овој настан би требало да се очекува да го прокоментира со зборовите: "Па, атентати на претседатели се случуваат и на други места".

Впрочем, и на други места се случуваат нерасветлени убиства, како, на пример, она со семејството Мудинови во Струмица. Веројатно и на други места среде судница во мало гратче некој убива тројца, па потоа бега и не го пронаоѓаат. И на други места, одвреме-навреме, се вршат чистки во полицијата, кадрите се поместуваат вертикално и хоризонтално, генералите вообичаено ги ставаат за директори на средни училишта, никаде во светот не постои Факултет за безбедност...

Дали се сеќавате на случајот "Хард рок?" И дали се сеќавате како заврши?

Мене лично, на пример многу ми беа интересни и шизички изјавите од типот "приватна забава". Многу симпатична ми се чинеше и забелешката – "издувани балони".

Бомбашкиот вторник сепак сосема ја засени луцидноста на овие коментари. Ретко кој во Македонија, а верувам и самиот Фрчковски можеше да претпостави дека и издувани балони можат да пукнат. Среде Скопје, пред хотелот Бристол.

4. За малку ќе заборавев да прашам. Ми се чини дека ние во Македонија имаме и претседател на влада по име Бранко Црвенковски. Го видел ли некој деновиве? Да не кажал нешто човекот, а ние не сме го слушнале?

5. Ако нема дома, има кој да зборува надвор. Ете, министерот за внатрешни работи на Бугарија Љубомир Начев дава изјави за здравствената состојба на претседателот Глиговор. Го бива човекот и за лекар. Настрана што веќе знае кој го направил атентатот. Ама не сака да им каже. Не е фер. Нели пред десетина дена со нашиот министер потпишуваа договор за соработка. Фрчковски не треба да го боли глава. Нека му се јави на Начев и сè ќе му каже. Особено што атентаторите биле наши луѓе. Начев вели дека не биле Бугари!

Не знам само од каде му паднала таа идеја? Мора некој да му го кажал вицот за мувата и за ишкањето од капата.

6. Особено беше интересен предлогот на пратеникот Сали Рамадани, македонскиот парламент наместо да донесе Закон за знамето на Република Македонија, да донесе Закон за знамињата на Република Македонија.

Како Рамадани сфаќа една држава со повеќе знамиња, може да се претпостави. Бидејќи мене такво нешто никако не ми влегува во глава, си мислам: Можеби треба секое семејство да си има сопствено знаме. Како во средниот век. Уште подобро е да се вратиме во периодот на првобитната заедница. Тогаш секое племе си имало свое знаме.

При враќањето во првобитната заедница најдобро е да одиме подалеку во историјата, кога уште не бил измислен огнот. Така и атентатите врз претседателот ќе се прават со фрлање камења. Белким тогаш службата за обезбедување ќе може да се покаже во вистинско светло.

# ЗАКЛУЧЕНА ВРАТА

**14 октомври 1995**

**• Да беше извршен атентат врз господинот Глигоров, наместо врз претседателот Глигоров, светот воопшто немаше да се потресе**

1. Зошто полицијата воопшто се труди да ги пронајде терористите што го извршија атентатот врз претседателот Глигоров? Зошто ли во државава ни дојдоа експерти за антитероризам од разни земји на светот да ни помогнат во откривањето на злосторниците?

Нема никаква потреба. Ние имаме доволно експерти. Се покажаа. Седат во Парламентот, во партиските седишта, по кафеаните... Имаат тези, контратези, разни сознанија за заговори... Џабе му е на потсекретарот во МВР Диме Ѓурев кога објаснува дека е оптимист и дека полицијата има корисни траги. Што е битна полицијата во целиот овој случај. Што се битни трагите. Битно е што мислат политичарите. Тие ги знаат атентаторите.

Полициската истрага е на самиот почеток. Политичката истрага веќе ги пронајде виновните.

2. Посебна приказна е како фамозното усогласување на грчко-македонскиот меморандум го доживеаја новинарите од македонските медиуми. Веројатно само кај нас може да се слушне ваква формулација во дневникот на државното радио: "Дознаваме од грчки новинари, блиски на грчката делегација". И што е уште потрагично – тоа е гола вистина. За време на преговорите на македонската и грчката делегација во Скопје, главниот извор на информирање беа грчките новинари, а разговорите се водат во Министерството за надворешни работи на Македонија!!!

Ништо чудно, затоа што македонското Министерство за надворешни работи и овој пат остана доследно на практиката домашните новинари да ги смета како државни непријатели на кои ништо не треба да им се каже. Настрана податокот дека сите претставници на медиумите од Македонија среде Скопје беа помалобројни отколку новинарите и телевизиските екипи што специјално допатуваа од Грција. Настрана и податокот што членовите на грчката преговарачка делегација редовно доаѓаа во "Гранд"-хотелот и ги брифираа своите новинари како течат разговорите. И, место Грците да се "гребат" од нас за информација, ние моравме да одиме во хотелот, да се "гребеме" од нив. Колку за потсетување, преговорите се водеа во Македонија.

Кога видоа во македонското Министерство за надворешни работи дека постои оправдана опасност некој новинар да им се појави во зградата и да се обиде да праша нешто, барем и основната информација, до кога треба да чекаме, веројатно како мерка за безбедност кон државните непријатели ја заклучија

влезната врата однатре. За секој случај. Тоа што група новинари како идиоти чекавме пред заклучена врата, на прометна улица во центарот на Скопје, веројатно им беше смешно на станарите од околните згради и на минувачите, ама кој ни е виновен што сме решиле да се занимаваме со новинарство во оваа држава.

Некој побара телефон? Таман работа! Видете колку ве има! Среќа што отспротива има повеќе продавници, а продавачите имаат повеќе чувство за односи со јавноста отколку во Министерството со заклучена врата. Ќе ви откријам една тајна. Завчерашните извештаи испратени за централните дневници на државната телевизија, приватната "А1", и за нашиот весник беа диктирани од продавницата за мебел спроти Министерстсвото за надворешни работи. Продавачите можеби не знаат како изгледа еден прес-центар, ама видовме, сочувствуваа со нас. Им благодариме.

3. Конечно нè примија во ОБСЕ. Никој особено не се потресе, немаше специјални емисии, ниту еден функционер не се појави со изјава од типот "уште една победа на македонската дипломатија"... Дури имаше и двоумења како да се пласира веста – како прва, или по билтенот за здравствената состојба на претседателот на државата.

Забележавме само тонско јавување на дипломатскиот претставник на Македонија во Виена, кој на репортерот на телевизијата "А1" на прашањето: "Како ни се обраќаа, со кое име?" одговори: "Некои ни се обраќаа со нашето име, а некои со референцата што ВИЕ ја споменавте". Не дај боже дипломатот да ја спомене референцата што новинарот ја споменал. Којзнае, можеби има некоја наредба според која секој дипломат што од она "БЈРМ" ќе го спомене само зборчето "бивша" и тој ќе стане бивш дипломат.

Патем, супер што неодамна Метју Нимиц ни го измисли тој збор "референца". Ни стана најомилен кога не сакаме да зборуваме за она "БЈРМ". Прво велевме "привремено име", потоа "провизорно име", па "описно име". Ова "референца" – здвучи најубаво.

4. Не знам до каде стигне ВМРО-ДПМНЕ со упорното инатчиско веење на сега веќе старото знаме со шеснаесеткракото сонце. Не знам како не сфаќаат дека со тврдоглавото инсистирање дека не ја прифаќаат спогодбата со Грција и не го прифаќаат новото државно знаме полека се маргинализираат во меѓународната јавност. Кој ќе ги смета за сериозен партнер во странство, доколку на следните избори тие дојдат на власт, имајќи ги предвид изјавите дека тие не почитуваат меѓународни договори. Особено што зад таа спогодба стојат САД и Европската унија. И не знам зошто упорното инсистирање на тоа дека е извршен атентат врз господинот Глигоров, а не врз претседателот Глигоров. Нели самиот Љупчо Георгиевски во првата изјава, на самиот ден на атентатот, изјави дека тоа е напад врз највисоката институција на државата. Да беше извршен атентат врз господинот Глигоров, како што инсистира ВМРО–ДПМНЕ врз основа на својата теза за нелигитимната власт, а не врз претседателот Гликовор, не сум

сигурен дека светот толку многу ќе се потресеше, како што тоа го направи овие денови. А и ВМРО немаше да држи прес-конференции.

5. Во Прилеп некој секоја вечер пишува графити со навредлива содржина. Полицијата досега не ги фатила пишувачите, иако графитите се во центарот на градот. Полицијата само ефикасно секое утро ги пребојадисува ѕидовите. Така и МВР може да се чита како "Молероваросувачки работи".

## ПРАЗНИ СТОЛЧИЊА 21 октомври 1995

**• Мора да е многу незгодно кога нема кај кого да се "гребеш"**

1. Веројатно се во право тие што велат дека по атентатот што се случи на 3 октомври врз претседателот на државата Киро Глигоров, во строгиот центар на главниот град, повеќе ништо нема да биде исто. Без разлика што политичарите побрзаа да потенцираат дека институциите на системот работат нормално, дека ситуацијата е под контрола, без разлика што граѓаните по првиот шок продолжија со својот секојдневен ритам на живот, па дури и полицијата сите ја оставија да си ја тера истрагата, сè помалку и помалку интересирајќи се за нејзината работа. Па сепак, сознанието дека тоа се случи и кај нас, дека не го гледавме на телевизија, туку со свои очи, тука на нашата улица, самото по себе го раѓа чувството дека сè е можно. И дека, така и треба да се однесуваме.

Којзнае, можеби токму поради тоа деновиве не ми пречат засилените полициски контроли, туку ги сфаќам како нешто нормално што се применува кога е извршен атентат врз претседаелот на државата. Иако сосема сум сигурен дека дури сега на виделина излегува хипокризијата.

Да не ни се случеше 3 октомври и автомобилот-бомба на улицата "Македонија" и ако по некоја случајност Глигоров се возеше со блиндиран мерцедес, први ќе бевме во зборувањето како човекот се плаши од народот и затоа се крие зад блиндирано возило. Да се сопреше сообраќајот во центарот на Скопје, макар и на три минути, сосема нормално ќе пцуевме затоа што полицијата ни прави хаос по улиците за "тие" да поминат набрзина. Сега, одеднаш ни е чудно како на чело на претседателската колона (така јавуваа странските агенции, мислеа дека се работи за колона возила!) се нашло – фиќо?! Сега одеднаш ни текнува дека претседателот најчесто на пат одеше со авионче старо повеќе од 20 години, а сто на сто сум сигурен дека, ако само се споменеше купување ново авионче, ќе имавме добра тема за озборување. Сега ни текнува дека работните простории на шефот на државата се во иста зграда во која секојдневно влегуваат стотици вработени, гости, дека дури нема ни физичка препрека меѓу Кабинетот и останатиот дел на

Собранието. Ама, ајде да видиме како ќе поминеше некој ако предложеше претседателот да се пресели во посебно седиште.

Веројатно и од ова ќе се извлече некоја поука. За сите нас. Ако ништо друго, барем да не нè навредува ако некој побара да ни ја претресе чантата кога влегуваме во кабинетите на претседателот на државата, на Собранието, на Владата... Затоа што некако премногу се улежавме и се соживеавме со "оазата на мирот". Затоа што заборавивме какви соседи имаме, во какво време живееме, на какви историски настани сме сведоци...

2. Ништо не е како пред атентатот. Па дури и онаа свечена академија по повод 40-годишнината на ОН во Македонскиот народен театар во Скопје не мина како што беше замислена.

Во салата имаше премногу празни столчиња. И тоа не од оние "обичните", туку оние во првите редови, на кои уредно, според протокол беа залепени ливчиња со имињата на поканетите. Немаше многу пратеници, немаше многу министри, немаше многу познати фаци. Можеби им беше страв, и покрај силното обезбедување. Или пак, можеби си направија сметка: Глигоров не е тука, ама сигурно ќе се врати. Андов е тука, ама само како привремена замена за претседателот. И да дојдеш, нема кај кого да се "гребеш".

Еден колега, само што ги виде празните редови во важниот дел на салата, кусо прокометира: "Дури ни Обединетите нации не успеаја да го обединат Сојузот за Македонија!" Обединувачот и тој што им овозможи да станат власт и на оние што таа вечер беа оправдано спречени да дојдат на академијата се наоѓаше на Хируршките клиники.

3. Првата и Втората страна потпишаа уште еден документ. Се вика Документ за лепенките. Првата страна на Втората страна ќе ѝ лепи лепенки на колите, и на нив ќе ѝ соопштува на јавноста дома дека иако овие од Втората страна се возат по нашите патишта, ние не им ги признаваме нивните лепенки, ниту буквата "М" во нивната азбука.

Во документот за лепенките има една реченица според која "лепенката ќе остане на овие возила сè додека тие циркулираат но територијата на Првата страна". Што ако грчките погранични органи не плукнале малку посочно на лепенката, па таа не се залепила убаво. А ти си тргнал кон Атина и таму некаде кај Лариса ти се одлепи лепенката. Што ќе ти направат? Ќе ти фрлат бомба за да го уништат возилото? Или ќе пратат пајак да го одвлечка до граница?

Како и во Њујорк и на преговорите во Скопје покрај Првата и Втората страна имаше и Трета страна. Во Њујорк, помеѓу Папуљас и Црвенковски шеташе Ричард Холбрук. Во Скопје помеѓу Арсовски и Кипреос шеташе Виктор Комрас. Џабе ни е нас тука што сме Прва и Втора страна. Кога Третата страна излезе главна страна.

4. На универзитетот на Фадил Сулејмани во Тетово слушам почнала и втората учебна година. Блазе си им, како си го поминуваат факултетот, како на забрзан

курс. Во февруари се запишуваш во прва година, веќе во октомври си фатил услов и почнуваш да следиш втора година. Тука некаде, после Нова година можат да се очекуваат и првите докторати.

## ДАЈТЕ ПЕГЛА 28 октомври 1995

**• Сè беше како што треба, само што на новото македонско знаме му фалеше – пегла**

1. Пред зградата на Обединетите нации во Њујорк минатата сабота беше сè како што треба. Беше испразнет средишниот јарбол, дуваше силен ветер за да може убаво да го развиори македонското знаме, немаше сонце за да не им пречи на присутните да гледаат нагоре како се крева знамето, Бутрос Гали кажа два три убави збора, Сајрус Венс им честиташе на Стојан Андов и на Стево Црвенковски, имаше и две-три камери за сликање, се слушна и краткотраен аплауз...

Сè беше "океј" во Њујорк, само што на знамето му фалеше – пегла. Беше премногу истуткано.

Постојано си имаме проблеми со знамињата. Се сеќавам, пред повеќе од две години, министерот за култура Ѓунер Исмаил се качуваше по јарбол за да го закачи знамето на Венецијанското биенале. Министерот за финансии Јане Миљовски во Европската банка во Лондон знамето го вадеше од пазувите и си го ставаше пред себе. Ама тоа беше знамето со шеснаесеткракото сонце. Со ова новото во принцип не би требало да има проблеми, ама – никогаш не се знае. Можеби министерот за надворешни работи Стево Црвенковски намерно го истуткал знамето за да може полесно да го пренесе во Америка. Којзнае каде го криел по пат, за да може толку да се истутка. Во делегацијата никој не носеше пегла. А и да имаше, немаше кој да ги испегла. И знамето и членовите на делегацијата.

Само петнаесетина минути по свечената церемонија заврна силен дожд. Во комбинација со силниот ветер, тоа беше вистинска луња. Траеше речиси цел ден. Така што мали беа шансите некој да ни го види неиспегланото знаме како се виори покрај другите. Вечерта, кога луњата малку се смири, од ветерот и дождот сите знамиња беа паднати на половина јарбол.

2. За време на траењето на јубилејното заседание на ОН по њујоршките улици беше вистински хаос. Поради затворањето за сообраќајот на неколку авении и повеќе улици што гравитираат кон седиштето на ОН, а повремено беа затворени за сообраќај и други улици што водат кон местата каде што имаше прием американскиот претседател, каде што даваше вечера њујоршкиот градоначалник, или каде што се одржуваше свечениот концерт по повод јубилејот,

локалната телевизиска станица ги предупредуваше мештаните да си ги остават автомобилите дома.

Изгледа дека помошникот државен секретар на Стејт департментот Ричард Холбрук не ја гледал програмата на локалната ТВ станица. Затоа и тргнал во незгодно време на средба со Стојан Андов и Стево Црвенковски. Па, заглавил во метежот, некаде низ њујоршките улици. Така барем кажал кога се јавил да се извини. Што самото по себе е многу чудно кога е во прашање Холбрук. Тоа мора да бил голем метеж. Човекот доаѓа по Балканот и расчистува разно-разни метежи, а ваму, не може да се снајде со најобичен сообраќаен метеж. Или пак, од премногу шетање по балканските земји, и самиот прифатил балкански навики, па не доаѓа навреме кога ќе се најави.

Затоа пак истиот ден, ама по два-три часа, со сообраќајот мошне успешно се снајде Сајрус Венс и успеа на време да стигне на приватниот ручек со Андов и Црвенковски. Како Венс не се заглави исто како Холбрук!? Мора да имал некој голем мотив, штом не го спречил ни сообраќајниот метеж. Освен тоа, каков пријател би бил, ако не може да им го направи ќеифот ни со еден обичен ручек.

Што се однесува до ручекот, тој бил сосема приватен. Храната немала никаква врска со пишувањето на Грците за скорешно продолжување на преговорите околу името, со средбите на грчкиот амбасадор Захаракис со Венс... Грците лажат. Впрочем, нели така лажеа и изминативе години?

3. Кога на едно место ќе се најдат 150 претседатели на држави и премиери, тогаш само може да се замисли какви мерки за обезбедување треба да се преземат. Особено што меѓу нив беше и нивниот претседател Бил Клинтон, за кого и да ги нема останатите 149 негови колеги, Американците прават вистинска драма.

Додека траеја свеченостите во Њујорк, во близината на зградата на Обединетите нации можеше да се дојде само со специјални пропусници. На улиците кои водат до зградата беа паркирани по десетина полициски автомобили, по средината беа попречени по два камиона полни со песок, од страна дежураа противпожарни и возила на брза помош, во непосредна близина на готовс беше и коњичката полиција. Небото над Обединетите нации тие денови беше забрането за комерцијален сообраќај. На него постојано дежураа по четири-пет полициски хеликоптери. По Источната Река патролираа полициски бротчиња, а дното го истражуваа специјалци-нуркачи...

И, среде целата таа комплетна безбедносна блокада, вториот ден, кога според програмата зборуваше францускиот претседател Жак Ширак, којзнае од каде над Обединетите нации долета еден параглајдер на моторен погон зад кого беше развиорена паролата "Престанете со нуклеарни проби". Човекот леташе добри петнаесетина минути додека хеликоптерите некако не успеаја да го симнат на земјата. Целта беше постигната: се дигна таква фрка што сите мораа да ја прочитаат пораката на параглајдеристот. Настанот беше овековечен и со телевизиска снимка. Тоа само го потврди правилото дека ниту едно обезбедување не е целосно.

Американците претпоставија и нереди со пукање и експлозии на бомби, дури и напад од реката или од небото. Ама, очигледно накрај на умот не им дошло дека некој ќе им ја пробие блокадата со параглајдер.

Другиот ден јавија дека параглајдеристот ќе биде даден на суд. Обвинет е за – недолично однесување!

## РАСИПАН ТЕЛЕФОН

**4 ноември 1995**

**• Претседателот Глигоров ќе ја преземе одговорноста за атентатот врз себе**

1. Бранко Црвенковски сè уште размислува. Помина повеќе од една недела откако министерот за внатрешни работи му даде оставка, а премиерот сè уште се нема огласено. Министерот Фрчковски со дадената оставка се исчисти пред јавноста, барем што се однесува до моралната страна. Со тој гест му ја префрли одговорноста на премиерот. Кажа што кажа, сега нека му ја мисли Бранко. Ако пак премиерот и понатаму продолжи да размислува, значи врз себе ја презел одговорноста и на министерот во неговиот кабинет.

Сега сите се прашуваат до кога ќе размислува Бранко Црвенковски? Веројатно, додека не се опорави претседателот Киро Глигоров. Ќе чека претседателот повторно да почне да работи, за да може да го праша што да прави со оставката на Фрчковски. Така, според системот на синџир, а во согласност со традицијата од пред атентатот, целата одговорност ќе заврши кај претседателот. Фрчко на Бранко, Бранко на Киро и... Накрај ќе излезе дека претседателот Глигоров ќе ја преземе одговорноста за атентатот врз себе!

2. Министерот Фрчковски се лути на новинарите што преземаат сопствена истрага. Што е нормално, кога нема податоци од официјалната истрага. Иако лично мислам дека министерот треба да им биде благодарен на новинарите. Во државата се случи атентат врз претседателот, а новинарите многу брзо заборавија на тоа. Поради атентатот министерот за внатрешни работи си дава оставка, а новинарите заборават да го прашаат премиерот дали ќе му ја прифати оставката.

Министерот вели дека ништо по 3 октомври во Македонија нема да биде како пред тој датум. Само што изгледа малкумина го сфаќаат тоа тврдење сериозно. Никој не сака да биде толкав песимист, за да може да ја замисли Македонија со уште некој атентат, со закани до политичарите, со убиства на бизнисмени и јавни личности, со општа несигурност меѓу граѓаните... Меѓутоа, има ли основа за оптимизам кога се знае дека сè уште не се откриени ни извршителите, а камоли налогодавачите на атентатот врз Глигоров. Песимизам или реалност е живеењето во вакво опкружување, постоењето на разни "мулти..." или не знам какви компании со сомнителен капитал, постоењето на банки со

сомнителен источен капитал и нивното врзување со македонски фирми, нерасветлени убиства, неоткриени злосторници, опасни по живот судници, прекинати судски процеси, "Хард рок" афери...

Премиерот навистина треба да размислува на многу теми, не само за оставката на министерот Фрчковски. На пример, како се отвора фирма или претставништво со сомнително потекло на капиталот, како се врши притисок врз судот, како се дава дозвола за отворање странска банка...

3. Најголема корист од отворањето на границата со Грција досега имаат осигурителните компании. Продаваат зелени картони што не важат. Ако по извесно време се среди и оваа работа со зелените картони, тие повторно ќе ги продаваат и повторно ќе им собираат пари на осигурениците.

Новинарите, покрај тоа што водат истрага за атентатот врз Глигоров, оваа недела беа граничари на македонско-грчките премини. Како стражари секојдневно броеја колку возила ја минале границата и водеа сметка за секој ден одделно и за секој случај, каква е процедурата за влез во Грција.

Неколку денови им бевме лути на Грците што не ни ги признаваа зелените картони, додека не сфативме дека работата сме ја зезнале ние. Некој од нашето национално биро потоа убаво ѝ објасни на јавноста дека тие го побарале по телефон генералниот секретар на националните осигурителни бироа во Лондон, за тој да ургира кај Грците да нè пуштаат со нашите зелени картони. Арно ама, секретарот не бил на работа. Што е најтрагично, луѓето тоа толку сериозно го соопштија, така што помисливме дека тие навистина тоа го сметаат за сериозно објаснување. Што е уште потрагично, потоа ни рекоа дека сега Грците се обидувале да го добијат по телефон генералниот секретар во Лондон, ама и тие не можеле да го добијат. Деновиве очекуваме уште посериозно објаснување. Ќе ни кажат дека најверојатно на тие во Лондон им е расипан телефонот.

Патем, нели некој спомена дека во односите со Грција нашата страна ќе го применува, без исклучок, принципот на реципроцитет. Да не се расипал во меѓувреме некој наш телефон, па тие таму долу на границата не знаат што да прават?

4. Неодамна бев во Њујорк и имав можност во живо да се уверам колку обичните Американци знаат за Македонија. Приказнава нема врска со нашата опседнатост дека сме центар на светот, дека сите ја почитуваат нашата мирољубива политика, дека сме најдобри сојузници на Американците, дека одвај чекаат да дојдат во оазата на мирот во која повремено вршат атентат врз претседателот... Приказнава нема никаква врска со политиката, таа едноставно ми се виде интересна.

Еден таксист ме праша од каде сум. Кога му одговорив! "Од Македонија!", следеше дополнителна заинтересираност: "А, од која страна на реката е тоа?"

За разлика од таксистот, еден продавач во продавница за фармерки, покажа значително повеќе познавање, отколку неговиот сограѓанин кој помисли дека Македонија е некој кварт во Њујорк, отаде реката. Кога на продавачот му кажав

од каде сум, тој радосно и возбудено ми рече: "А знам, сум бил во Македонија. Бев на Олимпијадата во Барцелона!!!"

## ПРИНЦИПИЕЛНА КОАЛИЦИЈА 11 ноември 1995

**• Фидел Кастро врши десант на Куманово**

1. Претседателот Киро Глигоров е добар. Дефинитивно. Во недостиг на официјални лекарски извештаи за неговата здравствена состојба, доволно уверливо дејствуваат и некои партиски реакции. Како, на пример, она завчерашно соопштение од Извршниот одбор на Либералната партија. Сигурно претседателот се подготвува наскоро да ги преземе своите должности, па сега се прави рекапитулација кој и што работел во негово отсуство. Човекот ќе се врати, па не е на одмет да му се пофалиме што сме направиле. Ако тоа воопшто има смисла. Како тој да не знае со кого си имаше работа пред атентатот.

И состојбата во државата е нормална. Повторно профункционира Сојузот за Македонија. Како што си функционираше и пред атентатот. По соопштението на либералите, според кое треба да му се заблагодариме на господ што ги измислил и кај нас, зашто ако не беа тие, отиде цела држава јабана, редно е, според кусата традиција на Сојузот, сега да се јават социјалдемократите. Можеби нема да прочитаат соопштение во кое ќе изнесат високи оценки за своите министри, ама сигурно Фрчковски ќе се појави во некоја емисија.

Во принцип, сосема е нормално една партија да расправа за своите луѓе кои во еден чувствителен период се нашле на клучни места во државата – Андов го заменуваше Глигоров на местото шеф на држава, а Стево Црвенковски го конкретизираше тоа што го договори со Грција, ратификуваше спогодби, дигаше знамиња... Во принцип ништо не може да се забележи на ставот на либералите дека "за стабилноста на нашата држава од огромно значење е успешното функционирање на парламентарната коалција на партиите, која сега е на власт". Исто како што, повторно во принцип, мене како граѓанин ми е апсолутно сеедно која партија како си ги оценила своите членови, па затоа и сметам дека ова соопштение на либералите е адресирано помалку кон мене како граѓанин, туку повеќе кон коалициониот партнер со кого, нели, уште од времето кога ја формираа Владата и кога ги делеа министерските места, имаат добра соработка. Во принцип.

2. Принципиелната коалиција сега има шанси повторно да ги обедини редовите по прашањето на Сорос. Затоа што и либералите сметаат дека "ни еден министер од сегашната коалиција не треба да седи ниту еден час во влада која воопшто помислува да избира меѓу господинот Глигоров и господинот Сорос".

Не верувам дека некој во Владата прави таков избор. Особено што по сите сплетки што се појавија во врска со името на Сорос, врзани со македонската

политика, би било наивно некој да смета на поддршката на политички мртов човек. Неговото име сега е добро само за ситни партиски потпикувања. На пример, само да се регистрира со кого вечерал.

Морам да признаам дека мене ми е многу тешко да регистрирам што сака да каже Сорос, секогаш кога ќе дојде во Македонија. Освен што редовно ни ги караше политичарите и новинарите, секогаш даваше една изјава на пристигнување, а друга на заминување. Па не знаеме дали тој се обидувал да посредува во спорот со Грција или не, дали го поддржувал нелегалниот тетовски универзитет или не, дали се согласувал со претседателот Глигоров или не, дали има поддршка од Владата или не...

При неговата последна посета се жалеше дека бил погрешно интерпретиран. Веројатно со неговите предлози за "Славомакедонија" и за унилатерално менување на знамето пред преговорите со Грција воопшто и да започнат. Што се однесува до интерпретацијата, не би требало да има дилеми. Се сеќавам дека бев речиси шокиран кога од Кабинетот на претседателот Глигоров пристигна официјално соопштение во кое се велеше дека на средбата со Сорос биле изразени несогласувања во однос на грчко-македонските односи. Соопштение со таква формулација до тогаш беше незамисливо од Кабинетот на шефот на државата. Ако и по тоа соопштение на Сорос му беше потребна некоја друга интерпретација и ако во потрага по неа сега пушта гласови дека Владата не мисли исто како Глигоров, тоа е веќе негов проблем. И тоа, се надевам – личен. Нема потреба цела држава да се потресува со државничките амбиции на Сорос. Освен тоа, белким му ги вративме оние дваесетина милиони долари со кои, своевремено, истите оние што сега го критикуваат го направија национален херој.

3. Останав без здив кога ги видов моќните хуманитарни хеликоптери на македонското воено воздухопловство, како сите – два, учествуваат во заедничката вежба на американската и македонската армија "Пријателски скок". Се вршеше падобрански десант во близина на Куманово. Сите десет падобранци, на снежната ледина, во невозможни временски услови, успешно ја завршија падобранско- диверзантската акција и со тоа го отворија патот за зачленување на Македонија во НАТО.

Мора да се признае, на тој студ, на снегот по тревата, со Куманово во магла во заднината, најмоќно, дури помоќно и од хеликоптерите, изгледаше министерот за одбрана Благој Ханџиски. Во маскирна униформа, со строг поглед кој ја оцртува неговата решителност што поскоро да се достигнат стандардите на НАТО и со добро негуваната професорска брада, неодоливо потсеќаваше на Фидел Кастро на млади години. Само што, за разлика од кубанскиот Кастро, нашиот Ханџиски е добар со Американците. На Кастро му беше страв да не му направат Американците инвазија на Куба. Нашиот Кастро, заедно со Американците, прави инвазија на Куманово.

# ЗАБОРАВЕНА СТВАРНОСТ 18 ноември 1995

## • Нови детали за истрагата во Израел и извештај за здравјето на Елцин

1. Да не имаше случајно некаков атентат во државава минатиот месец? Ми се чини дека во центарот на Скопје пукна автомобил-бомба!? Или, можеби се лажам? Сигурно сум измешал нешто со Израел. Таму имаше некое пукање.

Вистина е. Еве пред некој ден се јави Кабинетот на претседателот на Републиката и ни кажа дека претседателот Глигоров заздравува од повредите здобиени во атентатот на 3 октомври. Значи, дилемата е решена – имало атентат и некој сакал да го убие шефот на државата.

Тоа што сум се збунил со Израел е моја вина, затоа што многу гледам вести. Таму постојано ни кажуваат дека некого уапсиле, дека пронашле организирана група што работела на убиството на нивниот премиер, дека паѓаат оставки и се прават промени во делот што се грижел за безбедноста на Рабин. За конфузијата дел од вината сноси и самиот Глигоров. Бидејќи по убиството на Рабин испрати писмо во кое вели дека е "шокиран од терористичкиот чин". - Како можеше тоа да му се случи токму на Рабин, токму во Израел, токму на Блискиот Исток!? Сиромашките Израелци, не знаат што лошо може да им донесе новиот ден. Кај нас на Балканот е многу поинаку. Денес се случува, утре веќе забораваме што се случило.

Впрочем, зошто би имало потреба јавноста да се оптоварува со такви неважни детали како што е, на пример, одговорот на прашањето: Кој сакаше да го убие претседателот на државата? Полицијата сѐ уште е во дилема дали убиецот што среде судница во Виница застрела тројца сѐ уште е во државата или избегал надвор, па нема друга работа ќе се замајува со јавноста, ќе ѝ продава висока политика и разно-разни меѓународни заговори што глупавиот народ не може да ги сфати. Особено што барем во случајот со Виница знаат кого бараат, а во случајот со атентатот – не! Еве, слушам дека и во случајот со семејството Мудинови истрагата тргнала од мртва точка. После две години, откриени се три траги до можниот убиец.

2. Не знам само што ѝ требаше на Владата и на Кабинетот на претседателот да нѐ заморуваат со оние извештаи за здравствената состојба на Глигоров. Убаво си бевме заборавиле што ни се случи на 3 октомври. Воопшто не ни почувствувавме празнина затоа што нема детали за истрагата и затоа што Глигоров го нема во јавноста. Секој ден имавме нови детали за истрагата – во Израел. Секој ден имавме извештај за здравствената состојба на – Елцин.

Овие од власта многу се лутат кога новинарите прават споредби на атентатите врз Глигоров и Рабин. Целосно се во право. Двата атентата се сосема различни.

Прво, за среќа, атентатот врз Глигоров беше неуспешен. И второ, таму полицијата го фати убиецот, а кај нас – не.

Не ми е јасно, како мисли претседателот Глигоров да се врати на работа, во ситуација кога уште не е откриено кој сакаше да го убие. Едноставно, не знае од кого да се чува. Или и за ова прашање треба да се молчи? Во интерес на истрагата.

3. Ја потпишавме Иницијативата "Партнерство за мир". Сега НАТО може да здивне. И така имаат проблеми со изборот на генерален секретар.

Кога НАТО би решил, по некоја луда случајност, да избира генерален секретар од Македонија, проблемите не би се појавиле на релацијата САД – европски сојузници, туку внатре, кај нас. Не би можеле да се решиме меѓу Стево Црвенковски и Благој Ханџиски. Истиот проблем го имаше премиерот Бранко Црвенковски кога заминуваше на пат за Брисел да го потпише "Партнерството..." Кого да води со себе, дали министерот за надворешни работи, дали министерот за одбрана и накрај – двајцата влегоа во авионот. Додуша, на аеродромот дојде да го испрати речиси цела Влада, па имаше шанси, поздравувајќи се со премиерот, уште некој министер да се прошверцува во авионот за Брисел, ама кога се работи за местото генерален секретар на НАТО, другите немаат шанси. Во игра се или Стево Црвенковски или Благој Ханџиски.

Не дај боже да се случи тоа. Кај нас место изразот "Партнерство за мир" досега го употребувавме изразот "Сојуз за Македонија". Понекогаш злобните го нарекуваа и "Партнерство за власт", ама факт е дека беше создаден за мир во куќата. И замислете сега НАТО да нè стави во ситуација да избираме меѓу Црвенковски и Ханџиски, како што мораше да избира премиерот кого да качи на авионот за Брисел. Едниот либерал, другиот социјалдемократ, а и двајцата со брада. Глигоров сè уште не се вратил да пресече. Социјалистите ќе напишат соопштение зошто и нивен кандидат не е земен предвид, кога и тие се рамноправни во "Сојузот ..." Недостига уште некој од партнерите за мир во куќа од ПДП кој ќе го свитка листот и ќе напише писмо до НАТО дека ФИРОМ не ги исполнува стандардите за Северноатлантскиот пакт затоа што на тетовскиот универзитет сè уште нема катедра по ОНО и ОСЗ... И, отиде партнерството за мир.

4. Може министерот Ханџиски колку сака да се облекува во маскирни униформи и да вежба десант на Куманово со двата хеликоптера, кога спортистите прописно го исфрустрираа, вршејќи вистинска инвазија на Шпанија со два големи авиона. Додуша, тоа што авионите беа од руско производство допрва ќе биде тема на расправа, сега кога се здруживме со западната алијанса, ама фактот дека дури и со руска технологија извршивме инвазија на 250 луѓе на шпанскиот брег е факт што треба да се почитува. Ако ништо друго, ги зашеметивме Шпанците, па не знаеја кое знаме ни е важечко, па едниот пренос на фудбалскиот натпревар го вршеа со старото, а другиот со новото знаме.

И овој пат настапивме така како што ни доликува. Одвоено. Ѕинго, заедно со репрезентацијата и со Фудбалскиот сојуз, во Шпанија патуваше со "Авио-

импекс". Васил Тупурковски со останатите "МОК-овци" и разни љубители на спортот со "Палер Македонија".

Како тргнала работата, ќе дојде ден кога ќе се бара авион повеќе.

## ПРАВЕЦ БЕЛГРАД

**2 декември 1995**

### • Србија е поблиску отколку Европа

1. Кога се појави на телевизија, претседателот на Стопанската комора Душан Петрески, онака потресен и разочаран, соопштувајќи ни со драматичен глас колку е изненаден затоа што Србија вовела царини за македонските стоки, прво што ми падна на памет е да пратат некого да го спасат човекот, не дај боже да не се самоубие. Што знаеш, кога човек е премногу радосен, а потоа таму некои со "кусогледи видувања" прават бирократски одлуки и нагло ти го растураат сонот, сешто може да ти падне на памет. Дали владите на СР Југославија и на Македонија ќе ја преземеа одговорноста врз себе ако следниот ден по изненадувачката одлука нашиот Душан Петрески во знак на протест се самозапалеше на граничниот премин Табановце.

А баш убаво си се договорија социјалистичките стопанственици од Југославија и Македонија. Овие нашиве дури и повеќе се радуваа што конечно им ги симнаа санкциите на Србите. Пак ќе си бидеме едно, ќе си тргуваме меѓу себе, српски знаеме добро, ќе си се разбираме, ќе ги заборавиме разно-разните коридори, пруги и патишта, нашите производи и така се амбалажирани само за српски пазар, пакувањата се испишани на српски јазик, упатствата за употреба исто така, ќе се ослободиме од притисокот да бараме други пазари, Белград ни е поблиску и од Софија и од Тирана и од Атина, а за Европа ич да не зборуваме... Уште само да ги вразумиме оние од Владата со "кусогледи видувања" што ни ставија рампи и почнаа да ни бараат пасоши. Овие нашиве смислија и нови пари и толку се безобразни што ги држат постабилно од добриот стар динар. Тоа што Југославија одбива да ја признае Македонија и по четиригодишно самостојно живеење не е никаква пречка ние меѓу себе да си се договориме.

Искрено, баш ми е ќеф што Србите први воведоа царина за нашите производи. Значи, те признаваат за посебна држава. Ама, воопшто не ми е драго што нашите после небаре со извинување објаснуваа дека морале да воведат реципрочна мерка. Имаме ли царини со Бугарија, Грција и Албанија? По која логика тогаш да немаме со Србија? Единствено ми е жал за Душан Петрески и неговите другари. Социјализмот веќе е мртов, Југославија каква што ја познаваа одамна ја нема, Македонија во меѓувреме стана држава, а тие – поим немаат.

2. За да се смират малку, препорачливо е сите заедно во возвратна посета на нивните другари од Белград да тргнат на пат со воз. Затоа што на билетите што ќе им ги издадат во Скопје сè уште пишува: "Југословенске железнице", "полазак" и тако даље... Тоа ќе им биде силна утеха и мелем за душата. Освен тоа, нема потреба да се прават патриоти и да протестираат кога ќе им речат дека се од ФИРОМ, кога на билетите многу убаво пишува од каде се.

Ако некој случајно го испушти возот, нека не се грижи премногу. И да тргне со автомобил, може да го доживее истото задоволство. На новиот автопат од Градско кон Титов Велес на сите клучки е одбележано како да се стигне до Велес и до – Белград. Колку што знам, во сите земји се одбележува патот како да се стигне до главниот град на државата и се означува правецот кон границата со соседната држава. Кај нас, ако некој странец тргне од Грција кон Европа, нема да знае како да стигне до Скопје, ама до Белград – нема промашување. Па ќе си помисли дека Белград е главен град на државава.

Не знам во чија надлежност се патоказите на патиштата низ државата, ама ете некако сосема случајно на ум ми паднаа министрите за урбанизам и за сообраќај. Веројатно затоа што Шундовски и Бузлевски кога доаѓаат од дома на работа го користат тој автопат. А некако и ресорски се совпаѓа. Не сметам дека е работа на министрите да поставуваат табли крај патот, ама не е лошо следниот пат кога ќе минуваат крај клучката кај Титов Велес, следејќи ги патоказите да се обидат да го најдат патот до главниот град, каде што им е седиштето на Владата.

3. Кога се договараат двајца како што се Милошевиќ и Туѓман, ништо не треба да нè изненади. Па ни одлуката на Хрватска да ѝ го признае државно-правниот континуитет на СР Југославија. Фрлени се во вода и расправите за сукцесија на старата федерација и извештајот на Бадинтер, дека државата се распадна на нејзините составни делови и концептот на Европската унија за рамноправни наследнички на СФРЈ... Проблемот е решен типично американски. Каде има сила, нема правдина. И – пазарот е главен. Ти мене Источна Славонија, јас тебе државно-правен континуитет. Нам и на Словенија ни преостанува уште малку да поплачеме пред светот. Ќе нè смират Американците со објавување на уште некој таен документ. Којзнае што сè ни смислиле во Дејтон.

Ричард Холбрук велеше дека сите документи се јавни, дека нема ништо тајно. Изгледа дека документот потпишан меѓу Туѓман и Милошевиќ бил ептен таен што не го знаел ни Холбрук.

4. За разлика од Американците, Русите работат јавно. Ние бараме УНПРЕ-ДЕП да ни биде тука уште најмалку една година, генералниот секретар на ОН се согласува, Американците и Скандинавците што имаат свои војници тука немаат ништо против, ама Русите велат "Не, не им требаат". Не велат дека не им се бендисува што имаме Американци тука, ама велат дека по Дејтон повеќе не ни се заканува никаква опасност.

Добро е што Русите беа против мандатот на УНПРЕДЕП да се продолжи за уште една година. Тоа уште повеќе покажува дека УНПРЕДЕП навистина треба да остане тука и повеќе од една година.

## ЧИСТИ ГАРАЖИ 9 декември 1995

- **Во ист ден во една скопска населба бркаат атентатори, а во друга величаат воени злосторници**

1. И покрај студеното време, во Скопје многу граѓани решија да слезат по визбите, во гражите и шупите, малку да ги зачистат. Којзнае кога ќе му текне на Органот да доаѓа на гости, па не чини да излезат недомаќини. По визбите, шупите и гаражите мора сѐ да биде во најдобар ред. И подготвено да се чекаат силите на редот.

Она што се случи минатата сабота во Кисела Вода повеќе не смее да се повтори. Каков ли е тој неред на нашите совесни граѓанки и граѓани!? Каде се чуло да се чува по подрумите сѐ и сешто! И после ќе се чудиме кога ќе ни пукаат автомобили-бомби по улиците!

Во саботата во Кисела Вода се одвиваше полициско-показна вежба. Полициска, затоа што во неа активно учество зедоа сите видови полицајци, од позорникари, преку сообраќајци, па сѐ до инспектори. Вежбата беше и показна затоа што на граѓаните им се покажуваше фотографија на едно лице, за кое полицајците велеа дека е доведено во врска со атентатот врз претседателот Глигоров од 3 октомври. Сѐ беше организирано по системот "Сите во одбрана и заштита", само што во овие плуралистички и демократски времиња одеше со мотото "Да се обидеме заедно!" И така цела Кисела Вода пред една недела го бркаше атентаторот врз претседателот Глигоров. Колку успешно – не знаеме. Полицијата не дава информации, истражниот судија се крие, а граѓаните се зафатени со чистење на песокот од своите гаражи.

Она што по оваа полициско-показна вежба дефинитивно е јасно дека се работи за атентатори – вистински професионалци. Да не беа професионалци, сигурно уште во багажниците од своите возила ќе транспортираа вреќи со песок и полицијата, само два месеца по атентатот, при претресот ќе ги фатеше. Сега, кога дефинитивно е јасно дека никој, освен можеби тој што прави атентати врз шефови на држави, не вози песок во своето возило, единствената надеж дека ќе се пронајде некоја трага е песокот пронајден во некои гаражи.

Камо среќа да е така. Или, уште подобро, дај боже полицијата да знае што прави, па сега сите успешно нѐ"вози" и нѐ замајува по погрешни насоки. Којзнае,

можеби има некаква логика, два месеца по атентатот да се бараат свежи траги? На крајот на краиштата не можеме сите да бидеме полицајци и да им се мешаме во работата. Единствено што како државен орган не смеат да прават дискриминација на своите граѓани. Зошто баш жителите на Кисела Вода да бидат привилегирани во однос на другите жители во Скопје? И другите сакаат да присуствуваат на спектакуларни полициски акции, да се вклучат во вежбата "Да се обидеме заедно", да покажат лојалност кон државата и да соработуваат со органите на редот. Да влеземе сите подготвени во широката народна акција предводена од полицијата со мотото: "Чисти гаражи – за мирот и сигурноста на сите нас!"

2. По здружениот полициско-народен удар врз визбите на по атентатори познатата скопска населба, на Македонија ќе ѝ се случи и друг удар. Монетарен. Марката почна нагло да расте во однос на денарот.

Министерот за финансии Јане Миљовски ни раскажа дека две-три приватни менувачници во Скопје прво ги пуштиле гласините дека денарот ќе паѓа и веднаш го дигнале курсот на марката. Министерот сигурно знае дека две-три приватни менувачници можат да направат таков удар на домашната валута. Ние останатите што немаме поим со финансиите можеме само да му веруваме на неговото објаснување. И бидејќи сега сите колективно станавме инспектори, да појдеме по трагата на тие менувачници.

Чудно, како овој упад во монетарниот систем се случи веднаш по укинувањето на санкциите кон Србија. Можеби е чиста коинциденција што до него дојде по плачките на нашите социјалистички директори дека денарот е превреден, па тоа ќе им се одрази на соработката со српските фирми? Глупости! Милошевиќ правеше монетарни упади, ама во бивша Југославија кога централната банка беше кај него – во Белград. Сега ние си имаме наша Народна банка. А Милошевиќ нема свои луѓе кај нас.

3. Зошто се дигна толку паника кога на Силексовата телевизија како драг гостин се појави Бора Ѓорѓевиќ–Чорба? Затоа што покажуваше слики од Аркан, се фалеше дека бил на боиштето и зборуваше за некои усташи? Без врска! "Сител" пред една година три пати ни ја репризираше снимката од свадбата на Аркан и Цеца Величковиќ, а сега ќе се возбудуваме за еден миројубив разговор во кој гостинот се чувствуваше како да е дома. Што му е гајле на народот дека гостинот на "Силекс" се фотографирал со четнички кокарди, се дружи со воени злосторници, учествувал во окупацијата на Хрватска, велича големосрпски идеи, отворено нè зафркава и за Американците и за денарот... Во Кисела Вода бркаат атентатори, а во Центар (каде што е "Сител") величаат воени злосторници.

Забава си е забава, бизнис си е бизнис. Артистот што го доведе Бора Ѓорѓевиќ во студиото е професионалец. Тој е истиот оној што пред една година се појавуваше во рекламните спотови на победничката партија на изборите и преку телевизија ни порачуваше: "Гласајте за Сојузот за Македонија!" Можеби разбрал дека се работи за сојуз со Србија.

4. Требаше да дојде словенечкиот државен министер Игњац Голоб и на македонската јавност да ѝ ги каже ставовите на македонското раководство во врска со сукцесијата на СФРЈ.

Така требало да биде. Нашите за тоа прашање сè уште молчат. Им е страв да не им се налути Милошевиќ.

## НЕМОРАЛНИ КАЛУЃЕРКИ 16 декември 1995

**• Може ли да постои трагедија што завршува среќно?**

1. Претставата се вика "Мировна конференција за бивша Југославија". Актерите се стари и познати во светот, режисерите исто така. Дури и сценографијата е горе-долу непроменета, се менува само местото на одржување на спектаклот. Париз одамна не памети таков спектакл, каков што беше завчерашната церемонија на потпишување на дејтонските документи за мир во Босна и Херцеговина од страна на Милошевиќ, Туѓман и Изетбеговиќ. Во Елисејската палата сè беше токму како во театарска претстава. Убаво наредена сцена, во неа актерите осветлени од рефлектори, публика одделена на партер лево – партер десно, аплауз. Сите беа толку занесени во глумата што мислеа дека го играат последниот чин на некоја трагедија, која спротивно на драматуршките правила завршува среќно. Американскиот претседател Бил Клинтон за малку ќе се расплачеше од трогнатост. Му се причини дека и ова е сапунска опера од типот на "Далас" и "Династија". Домаќинот, францускиот претседател Жак Ширак за малку ќе им поделеше цвеќе на актерите, како што е редот по секоја добро одиграна претстава. За да нема турканици зад сцената, кога ќе се спушти завесата, познатите ѕвезди ги ставија своите автограми уште за време на претставата.

Не сакам многу да раскажувам, ама најмногу ми се допадна оној момент кога "чичковците" ги натераа "палавите деца" да седнат на иста маса и да си направат "смир – смир". Децата добро одиграа. Милошевиќ изгледаше надмено и некако отсутно, во смисла "не ме бива мене за вакви улоги". Туѓман имаше малку трема и беше нервозен. Изетбеговиќ ја изигра улогата со срце. Се гледаше дека не му е по ќеиф, ама професионализам си е професионализам – мора да се игра онака како што замислил режисерот. Мора да се признае, не им беше лесно. Сите рефлектори свртени кон нив, во публиката угледни гости, а над глава им стојат шестмина чичковци (Клинтон, Ширак, Кол, Черномирдин, Меџор и Гонзалес), небаре ќе ги оценуваат по краснопис. Замислете уште некому да му откажеше пенкалото.

Ако се сеќавате и почетокот беше забавен. Тогаш претставите ги викавме "Летачки циркус". Претседателите на тогашните ЈУ-републики летаа од една

република до друга и секоја недела си правеа – ЈУ-самити. Потоа циркусот се пресели по европските метрополи. Во меѓувреме стана толку познат што бараа негово гостување во Америка. Некои актери отпаднаа од програмата. Останаа само највештите акробати.

Има само две нелогичности во оваа приказна. Како можеше циркуска претстава да стане трагедија? И дали може да постои трагедија со среќен крај?

2. Добро е што на претставата во Париз не отпатува премиерот Бранко Црвенковски. Ако се појавеше во Елисејската палата, постоеше можност и него да го наместат на сцената и да му доделат улога како "бивш-ЈУ". Вака Македонија излезе најквалификувано присутна. Во Париз испративме режисер. Од вториот ред, партер – десно. Стево Црвенковски имаше добра прегледност што се случува на сцената. Кога ќе се врати дома, овој пат не мора да дава изјава. Може да напише рецензија.

3. Ден пред потпишувањето на договорот на Французите им текна да соберат повеќе од 40 шефови на дипломатии во еден манастир на 70 километри од Париз. Министрите отседоа во манастирот Руомонт цел ден, се дружеа меѓу себе, усвојуваа некакви документи... Ги имаше и од важните и од помалку важните држави. Сите беа загрижени за Босна. Расправаа за мртвите, ранетите, раселените лица, уништените градови и села... потоа вечераа.

И досега министрите се среќавале и расправале на иста тема. Одеа по конгресни сали, по атрактивни летувалишта, по осамени замоци, ама во Франција за првпат се сретнаа во манастир. Веројатно затоа што домаќинот смета дека ова е нивна последна средба на која ќе расправаат за мирот во Босна. Има некаква симболика. Можеби требаше министрите да почувствуваат како се ослободуваат од гревовите за сѐ што досега не сторија. Отидоа во манастир да се "прочистат".

Американците се практични, а Французите романтични. Едните ги затвораат господарите на војната таму каде што според логиката на нештата и најдобро се чувствуваат – во воена база и по три недели решаваат дека преговарачите решиле да потпишат договор. Другите го организираат тоа потпишување во гламурозниот амбиент на Елисејската палата.

Немаше смисла и потписниците да ги затворат во манастир. Прво, поради Алија Изетбеговиќ. Не оди да зборуваш за национална и верска толеранција, а во исто време да носиш муслимани во манастир. Истото важи и за Милошевиќ и Туѓман, доколку домаќините решеа да ги затворат во џамија. Настрана што во близината на Париз сигурно не може да се најде некоја романтична џамија, како што е манастирот Руомонт.

Не сум сигурен кој од нив има најголема потреба да се исчисти од гревовите. Без разлика, некако ниту Милошевиќ, ниту Туѓман, ниту Изетбеговиќ не ми личат на калуѓерки. Во манастир не би се чувствувале пријатно. Настрана што можеби таму и не би ги примиле. Кој сака низ манастирските одаи да му шетаат неморални калуѓерки?

4. Во Париз се одржува мировна конференција. Во Париз штрајкуваат јавните служби. Како најдобро може да се опише тој хаос? Помножете го бројот на жители на Македонија со 6. Замислете ја Македонија побогата, со многу повеќе приватни автомобили на улиците. Сето тоа ставете го во реални рамки, такви какви што сме, со редовен хаос во колективниот јавен превоз. И замислете да ни дојдат на гости десетина претседатели на држави и премиери, плус 40-тина министри, а ние сме познати по обезбедувањето.

Интересно е како парижани без покажување на голема нервоза стојат блокирани во своите возила во километарски редици со часови. Нема нервозно трубење со сирените, нема излегување од кола и фаќање за гуша, нема големи сообраќајки... Сите пешачат. Со километри и со часови. Дури и тоа е тешко затоа што по тротоарите се движат велосипедисти и мотористи, за кои на улиците едноставно нема место.

Нам ни се случи по церемонијата на потпишувањето да пешачиме три часа до хотелот, откако претходно сфатиме дека нема логика да земеш такси. Пешки барем се движиш кон целта. Во меѓувреме почна да врне снег и сакавме некаде да се скриеме, додека да се расчисти метежот. Пак влеговме во такси. Возачот зачудено нè погледна зашто беше очигледно дека е блокиран без надеж скоро да мрдне од место. Почна да нè убедува дека одвај се движи. "Ако, ние ќе поседиме малку, па ќе излеземе да продолжиме... Ќе си платиме... Колку треба".

# ВОЗИ МИШКО

**23 декември 1995**

## • Мајсторе, отвори врата, се задушивме

1. Тврдењата дека Сојузот за Македонија се распаѓа се приказни за мали деца. Се случува само да отпаѓаат некои помалку важни фигури, ама во глобала победничката коалиција цврсто се држи. Не се луди да се растурат. Ваков распоред на сили и ваква концентрација на моќ во иднина можат само да сонуваат. Затоа глупаво е да не ја искористат ситуацијата.

Пред некој ден Владата го разреши директорот на Агенцијата за приватизација Мирољуб Шукаров. Велат, човек лојален на СДСМ. Исто така, некои министри јавно рекоа дека повеќето во Владата биле против смената на Шукаров. Арно ама, министерот за стопанство Ристо Иванов се заканил: "Или јас, или Шукаров"! И што му преостанало на премиерот Бранко Црвенковски? Да избира помеѓу лојалниот на партијата Шукаров и либералот Иванов. Да не си прави проблеми во Владата, се определи за Иванов.

Само два дена пред тоа премиерот во интервјуто за Македонското радио, како одговор на зачестените критики од страна на либералите им порача:

"Коалицијата не е просторија со заклучена врата, па да не може никој да излезе од неа". Во право е. Излезе Мирољуб Шукаров.

Коалицијата е како оние зглобни автобуси на градскиот сообраќај во Скопје. Кога предниот дел врти налево, задниот дел занесува надесно. Тоа може да биде опасно, особено на крстосници. А мајсторот вози, нагазил до даска. Вози Мишко! Само што во нашиот филм Мишко се вика Бранко. Вози, не застанува на попатни станици, а на патниците им порачува дека вратата не е заклучена.

Мајсторе, отвори врата, се задушивме!

2. Неделава беше прославена и годишнината од основањето на универзитетот во Тетово. Прослава како прослава, особено уште кога е и прва година, вреди пристојно да се одбележи. Мора да има претставник на Владата. Треба да му се даде значење на јубилејот.

Сега слушаме критики зошто на прославата во Мала Речица се појавил министерот Ештреф Алиу. Со право. Што има тој да се меша во ресорите на другите колеги. Тој си е министер за култура и нема што да бара на прослави на образовни институции. Во Мала Речица требало да се појави министерката за образование Емилија Симовска. Арно ама, била зафатена. Виткала сарми за Свети Никола, а можеби и била умирисана од пржење риби, па го замолила колегата Алиу да се појави на универзитетот место неа. Си рекла: "Што образование, што култура, многу знаат тие таму, завршиле само прва година факултет".

Сега госпоѓата Симовска е многу загрижена. Ај што му направи проблем на Алиу поради својата презафатеност, туку ѝ прави проблеми и на Владата. Може ли да се зборува за сериозна влада, кога таму не се знае кој е задолжен за Мала Речица. Туку молчи, можеше да направи уште поголема грешка. Во прв момент помислила место неа на прославата да го испрати колегата Фрчковски.

3. Министерот за внатрешни работи сега има нова сериозна задача. Неколку дена по ред од Белград доаѓаат вести дека властите на СР Југославија и Македонија преговараат околу меѓусебното признавање. Во Министерството за надворешни работи на Македонија велат дека немаат такви сознанија.

Штом во Министерството за надворешни работи немаат никакви сознанија дека некој наместо нив води преговори за признавањето, тогаш мора да се спроведе детаљна истрага. Така се доаѓа до сознанија. Што знаеш, можеби некој илегално преговара, без да знае Министерството. Време е во решавањето на овој проблем да се вклучи МВР. Ако треба, нека испратат една депеша до Интерпол. Се работи за меѓународни односи.

4. Ова е демократска држава. Кај нас главниот збор го имаат граѓаните. На референдум одлучуваат дали ќе даваат самопридонес за водовод, за спортски објекти, за патишта и... за името на градот.

Собранието на Македонија реши прашањето на промената на името на Титов Велес во Велес да им го препушти на самите титоввелешани. Исто како што, претпоставувам, најдемократски, во 1946 година тогашните велешани решиле

да станат Титови. Искрено, малку ме збунува како може името на еден град да биде прашање само на неговите граѓани, а не на цела држава. И како со леснотија Владата и Собранието го тргаат на страна тоа прашање, демократски отстапувајќи му го на граѓаните.

Да претпоставиме дека тоа е во ред. Тогаш, дали ќе биде државен проблем ако утре граѓаните на некој град во западна Македонија решат на референдум да го сменат името со некое друго, што повеќе им одговара на нивните национални, верски и не знам какви специфики?

Уште еден пример. Што ако се соберат граѓаните од неколку општини во Републиката и на референдум изгласаат ново име за државата!?

Впрочем, ние имавме и некои други референдуми од локален карактер, за кои истото тоа Собрание се отепа докажувајќи ја нивната нелегитимност.

5. Каде е Циле? Пак заминал за Америка. Без врска само им направи беља. Се појави на телевизија, ги собра стопанствениците во некаков олимписки пул, направи промоција на книга, во меѓувреме се сретна и со Сали Бериша, па уште издаде и официјално соопштение за соработката на Македонија и Албанија на спортски план, го посети и претседателот Киро Глигоров и си замина.

Добро е. Сега можат на раат да прослават и Нова година и Божик.

## МОЛОТОВ КОКТЕЛ

**30 декември 1995**

### • Културата им ги изгоре фотелјите на министрите

1. Сите паѓаат во несвест. Кој од прегладнетост, кој од прејаденост. Во Куманово некои работници штрајкуваат со глад. Во Скопје не може да се стигне да се присуствува на сите коктели. Не знаеш што е попровокативно за снимателите на телевизиите. И не знаеш што е позначајно да оди како прва вест во ТВ дневниците. Шишињата со инфузија што висат од некои стари закачалки или шишињата виски покрај разно-разни специјалитети на белите чаршафи?

Тоа ти се вика новогодишен коктел. Слика и тон од приемите на партиите и слика и тон од прес-конференцијата во Заводот за статистика. Па имаш, ред морска храна, ред податоци за натамошниот пад на производството. Ред ситно измешано мевце, ред податоци за зголемување на бројот на невработените. Ред ситни колачиња, ред податоци за зголемување на трошоците за живот. И така сè по ред.

Важно е дека повторно профункционира владината коалиција. А богами и вонпарламентарната опозиција покажа чувство за овој историски момент. Сите си се посетуваа меѓусебно. Најдобро се дружат покрај јадење и пијачка. Во заедничката куќа, јадење и пиење за сите нас. Сите заедно – на коктел. Сигурно!

Впрочем, во животот сè е релативно. Од лошо, секогаш може да биде и полошо. А од добро – подобро! Новата година ќе им дојде и на штрајкувачите во Куманово и на коктелџиите во Скопје.

2. Камо среќа и во новата година да имаме што повеќе коктели. Не мора да се чека само на Нова година. Може да има роденденски, јубилејни, премиерни и не знам уште какви коктели. Сите коктели се убави. Само да нема молотови коктели. Тогаш, новата година ќе ни биде – бомба.

3. Претседателот на Собранието Стојан Андов приреди новогодишен коктел за акредитираните собраниски новинари. Коктелот беше во свечениот дел од Собранието. Поточно, во свечениот ходник, помеѓу свечените сали.

Ова е веќе втора година како во Собранието за новинарите се приредува коктел во ходник. Веројатно затоа што новинарите брзаат. Секогаш се на поминување. Освен тоа, во ходник најубаво се чувствуваат. Природно. Поголемиот дел од работата го поминуваат во чекање пред некакви врати.

Претседателот на Собранието во новогодишната порака ни порача и идната година совесно и критички да се осврнуваме на работата на државните органи. Затоа ние сега совесно и критички го прашуваме премиерот Бранко Црвенковски зошто и тој не приреди коктел за новинарите. Во зградата на Владата барем има ходници колку што сакаш.

Еве во што била работата. Не дека Бранко нема соодветен свечен ходник како што има Андов. Туку, не сакал новинарите да прават кулоарски муабети за работата на Владата.

4. При расправата за буџетот за идната година, собраниската комисија за култура успеа да се избори за дополнителни 30 милиони денари за греење на институциите на културата во внатрешноста. Овие пари ќе се земат од предвидените 50 милиони денари за опрема со мебел на органите на управата. Така, сега министерствата ќе останат со само 20 милиони денари за обнова на мебелот.

Направена е голема грешка. На културата не треба да ѝ се даде ни денар, а министерствата треба да си се опремат како и што беше предвидено. Ќе си купеа нов мебел. Што ќе правеа со стариот? Ќе го однесоа во внатрешноста и можеа да им го поделат на домовите на култура како огревен материјал. Така сите ќе беа задоволни. Едни ќе ги греат фотелјите, а други ќе се греат од фотелји.

5. Во старата година Македонските железници прославија нова работна победа. Отпечатен е првиот железнички билет на македонски јазик. Само по четири години откако станавме независна држава, Македонските железници веднаш ги сменија старите билети на кои пишуваше "ЈЖ" и отпечатија нови. Тоа е невидена експедитивност. Чин за гордеење и за историјата. Не за џабе заради тоа беше свикана и посебна прес-конференција.

Во почетокот овие билети ќе се користат само за домашниот сообраќај. Во странство и понатаму ќе патуваме со "Југословенске железнице". Затоа што дома не знаеме кои сме, а во странство сите нè знаат.

Велат дека требало да променат 4500 разни формулари и да ги препечатат на македонски и со знакот "МЖ". Само, не се тие толку глупави за веднаш да го сторат тоа. Полека. Никогаш не се знае. Можеби пак ќе им притребаат. Не се тие толку брзоплети како државата што побрза уште првата година по осамостојувањето да отпечати нови пасоши. Освен тоа, општо познато е дека многу посложено е да препечатиш формулари, отколку да отпечатиш нови пасоши.

Штета што Македонските железници сѐ уште не решиле да се ослободат од документите со "ЈЖ". Можеа да ги дадат за потпалување на мебелот со кој ќе се греат домовите за културата во внатрешноста. Така и тие ќе стореа нешто за културата.

# 1996



## СВЕТСКИ ВЕЛЕГРАД **6 јануари 1996**

### • Главниот инженер доаѓа да ја санира куќата

1. Далеку сме ние уште од Европа и светот. Во Италија имало тројца мртви за време на новогодишната ноќ. На Филипините – осуммина. А кај нас само една посериозно повредена девојка, со куршум во градите. Другите си ги повредиле рацете од петарди.

Нема смисла. Не ни личи на реномето и угледот што го имаме во светот. Ваму со бомби-автомобили пукаме во шефот на државата, а за Нова година си играме со сандаци петарди и ваму-таму понекој истрел од пушка во центарот на главниот град. Ете, како лесно си го продаваме тешко стекнатиот имиџ.

По војната на најголемиот скопски плоштад и по спорадичните пресметки низ населбите, веројатно ќе се најдат некои паметни социолози, психолози, педагози и пиротехничари кои ќе се обидат да ни објаснат од каде кај овој толку миролјубив и благороден народ толку љубов за пукање и мирис на барут. Белким не ни е на сите таква ситуацијата, па кога ја испраќаме годината да ни доаѓа да – пукнеме. Само ме плаши дека кога ќе ја чекаме 1997, како што брзо се развиваме, петардите ќе ни станат изживеана работа. Ќе преминеме на пушки, како оној наш авангарден сограѓанин што ја повреди 27-годишната скопјанка на плоштадот Македонија.

2. Сѐ беше убаво смислено. Програмата во свои раце ја зеде Културно-просветната заедница. Фуфо ни ги осветли дрвјата околу плоштадот. Се појавија еден куп дедомразовци. Елката за прв пат не беше накитена со картонски божем-лампиони, туку светеше како секоја светска елка. Штета! Ништо не можеше да се види од чадот од петардите.

Ова е социјална држава. Затоа срамота е во неа да има социјални кујни. Наместо нив, на плоштадот Македонија за време на новогодишната ноќ се делеа бесплатни пици, плескавици и сокови. Така велеградот им овозможи и на оние што немаат што да јадат таа ноќ да се чувствуваат светски. Светилките на дрвјата светеа, небаре си на Елисејските Полиња во Париз. Зелените тезги потсетуваа на Бит-пазар во пазарен ден. Пукотниците и мирисот на барут ја доловуваа сликата на Сараево за време на најжестоките бомбардирања. Калиштата и ѓубрето до колена се чинеа дека небаре си во некое сиромашно предградие некаде во далечна Азија по монсунските дождови. А над сето тоа – огномет, како круна на она што го викаме – светлините на велеградот, и на сцената добро расположениот градски премиер Љупчо Николовски, кој од таа убавина едноставно остана без збор.

Не требаше да трошат толку пари за пици, плескавици и сокчиња. Да не ги потрошеа парите за тоа сега можеа да им платат на комуналците малку да ни го заметат градот. Уште газиме по срчи и изгниени картони.

3. Празничната еуфорија изгледа не дејствувала на премиерот Бранко Црвенковски. Во првото интервју во новата година тој продолжува да им се заканува на либералите. Пред Нова година им порачуваше дека Сојузот за Македонија не е просторија со заклучена врата, па од неа да не може никој да излезе. Сега веќе им ја отвори вратата. Следниот пат може да се случи и да ги исфрли низ неа.

Единствена опасност е ако отворената врата предизвика провев. Ќе се проветрее малку и – толку. Низ отворената врата и ние ќе можеме да ѕирнеме што се случува во заедничката куќа. Без некоја голема корист. Колку за забава, малку да ги озборуваме. Тие ќе продолжат да си живеат заедно. Само што од провевот можат да бидат малку настинати.

Којзнае, можеби премиерот решил да не биде само вратар на заедничката куќа. Можеби се одважил да направи нешто повеќе од обично ветреење на просториите. На пример и да зачисти со метла. во последно време зборува за некакви реконструкции. Од каде сега тој, електроинженер, почна да употребува градежнички термини. Па само пред една година ја доврши куќата. Пак ли нешто ќе градат?

Кога ќе размисли човек, можеби навистина ќе има некоја реконструкција. Главниот инженер сам најави дека наскоро се враќа од боледување на работа.

4. Претседателот на Демократска партија на Србите во Македонија Драгиша Милетиќ и претседателот на Здружението на Србите и Црногорците во Македонија Небојша Томовиќ му испратиле писмо на претседателот на Србија Слободан Милошевиќ во кое го молат "да не пристапи кон признавање на БЈРМ додека не се реши уставната положба на Србите и Црногорците и истата не се изедначи со правата на останатите ентитети во БЈРМ".

За кој устав станува збор? За Уставот на БЈРМ!? Можеби господата мислат дека постои устав на некоја земја со такво име. И можеби мислат дека Милошевиќ е толку моќен за да може да им ја покрие арогантноста кога бараат промена на Уставот, а во исто време ја навредуваат и омаловажуваат земјата во која тоа го бараат.

## ЦРВЕНИ РОЗИ — 13 јануари 1996

### • Далеку е Осми март

1. Што ти е навика! Научил народот да си ги слави Први мај и 29 Ноември, па сега кога ги нема тие празници ни остануваат старите навики. Сега се модерни времиња. Се слават Божик и Велигден. И тоа така што верниците се крстат. Од чудо што ги снашло и од жал за старите комунистички времиња, кога можеа како што им прилега да си ги прослават празниците.

Сè е исто како и порано. Работниот народ и граѓаните одеа на плоштадите да слушаат демагошки политички говори, создавајќи атмосфера на импозантни политички митинзи. Сега митинзите се преселија в црква, а политичките говори останаа исти. Порано плоштадите и преполнетите сали одекнуваа од громогласни аплаузи. Сега аплаузот одекнува во црква! Во предвечерието на 29 Ноември над главниот град пукаа почесни плотуни од артилерски орудија. Во предвечерието на Божик, на Бадник, над Скопје пукаше верски огномет! Дури во тоа време барем хоровите личеа на нешто, пејачите беа свечено облечени во бели кошули и црни здолништа или панталони. Денеска, кој како стигнал, ставил нешто на себе и отишол во црква да пее свечени песни.

Вгодина ќе биде подобро. Верниците што беа верници и за време на комунизмот ќе останат дома да го слават раѓањето на Христос, за да им ослободат место на новокомпонираните верници. А тие, бидејќи сè повеќе напредуваат, вгодина во атмосфера на уште повеличествен огномет, покрај аплаузот, среде црква ќе почнат и да го скандираат името на господ.

2. Нормално, кога господ го спаси претседателот од устата на смртта. Дедо Михаил се молел и господ го послушал. Сигурно Дедо Михаил му се молел на господ и кога верниците му ја прекинаа проповедта и почнаа да аплаудираат. Не дај боже некој од нив да држел запалена свеќа в раце. Па ако им паднеше свеќата, ќе направеа пожар. Ќе изгореа во жарот на празнувањето.

Сега, кога на сите ни стана јасно дека господ го спасил претседателот Киро Глигоров, докторите од лекарскиот конзилиум што го лечеа можат слободно да си дадат отказ и да си отворат приватни фирми за трговија. А и ние сме биле глупави што два пати дневно ги чекавме нивните соопштенија. Штета што господ нема факс, па не можеше навремено да нè информира за здравствената состојба на Глигоров.

Не знам како функционираат врските на господ со МВР. Можеби тој ќе им каже кој го извршил атентатот. Иако за тоа нема потреба, затоа што нема потреба ни од зголемено обезбедување на претседателот на државата. Него господ го чува.

Затоа, се зачудив кога пред некој ден, за време на приемот по повод Божик и Нова година, што претседателот го приредуваше за дипломатскиот кор, неколку улици околу Собранието беа блокирани. Господ го славел Божик, па претседателот мораше да го чува полицијата.

3. Премиерот Бранко Црвенковски најави реконструкција на неговата влада. Сè уште не се знае кој министер ќе отпадне и на чие место ќе дојде друг. Сигурно и тие самите не знаат, ама веројатно нешто претчувствуваат.

Министерот за стопанство Ристо Иванов пред Нова година, џентламентски, на вработените госпоѓици и госпоѓи во неговото министерство и на акредитираните новинарки што го покриваат неговиот сектор им подарил црвени рози.

Ова му било за секој случај. Си рекол: "Којзнае, можеби нема да го дочекам 8 Март на ова место!"

Другите министри во кабинетот на Црвенковски не делеле никакво цвеќе. Ама, којзнае дали и нив им цветаат рози?

4. Јавено е дека од сега па натаму целата стока што пазарната инспекција ќе ја заплени од нелегалните препродавачи на пазарите ќе оди за социјално загрозените.

Ова е генијално откритие во светски рамки. Социјалните случаи ќе зависат од ажурноста на инспекторите и од – шверцерите. Колку повеќе шверцери, толку повеќе социјална помош. Министерството за труд и социјала во иднина ќе ја прави социјалната програма врз основа на податоците за движењето на бројот на шверцерите.

Во Уставот пишува дека Македонија покрај другото е и социјална држава. Ова е најдобар начин тоа што е запишано во теоријата да го спроведеме во живот. Никој нема право да се лути ако се рече дека сме шверцерска држава. Едни шверцуваат затоа што се социјални случаи, па немаат друг извор за заработка. Други ќе чекаат да им ја фатат шверцуваната стока на првите, за да ја добијат како социјална помош.

5. Министерството за надворешни работи распишува конкурс. Се бара наједноставно објаснување на фразата "преговори околу името". Пожелно е да се направи јасна разлика помеѓу она што значи "преговори околу името" од она што се "преговори за името". За "разликите околу името" дополнително ќе се договориме.

6. И во новата година продолжија свечените коктели. И во новата година продолжи штрајкот со глад на "чиковци" од Куманово.

## ФАМ ФАТАЛ — 20 јануари 1996

### • Што ќе ѝ е на Македонија авиокомпанија, кога ЈАТ повторно лета?

1. МВР пак држеше прес-конференција. Фатија некого? Не! Па зошто тогаш држат? За да ги соопштат резултатите од здружената полициско-граѓанска викенд вежба "Да ги исчистиме гаражите и подрумите заедно".

Како што беше соопштено, истрагата околу атентатот врз претседателот Глигоров напредува. Пронајден е песокот. Тоа е од исклучително значење за натамошниот развој и непреченото функционирање на Министерството за внатрешни работи. Во кругот на Министерството се гради подземна гаража. За нејзината изградба е потребен песок. За бетон и за малтер. Песокот е пронајден. Изградбата на гаражата може да продолжи.

Функционерот во МВР што ја држеше последната прес-конференција изјави дека камчињата во мозаикот полека се составуваат. Камче по камче. Истрагата сигурно напредува. Напредува изградбата на гаражата.

Песокот е најден во една скопска населба. Во негова близина биле пронајдени и парчиња метал што биле употребени за правење на бомбата. Таков метал употребувала една фирма што го увезувала од една западноевропска држава. Не е потврдено дали таа фирма има врски со една мултинационална компанија од една соседна држава што има замешано прсти во организирањето на атентатот. Автомобилот го возела една жена. Не се знае дали жената имала врски со еден странски државјанин кој ја направил експлозивната направа и потоа си заминал. Така, еден октомвриски ден е направен атентат врз еден претседател на една балканска држава. Истрагата е во тек.

Претседателот се врати, жената ја нема. Не се знае дали била црнка, или русокоса. Ќе видиме наскоро од фоторобoтот. Полицијата ќе направи интересна двојка од купувачот на автомобилот-бомба и од фаталната жена-возач. Фоторобот и фоторобoтка. Со сликата на фоторобoтот-двојка ќе тргне во нови општонародни акции. На удар ќе бидат скопските парфимерии и фризерници. Ќе дојдат до сознанија кои жени често ги бојадисуваат косите. Тие се најсомнителни. Замислете, фоторобoтката да покаже русокоса жена. Сите ќе се бојадисаат во црно, за да не бидат осомничени за учество во атентатот. Така полициската истрага ќе го одреди модниот тренд на македонската жена.

2. Добро е што полицијата прави општонародни акции. На прес-конференцијата беше речено дека еден од резултатите на викендашките претреси на Кисела Вода е и тој што се покажало дека полицијата работи за да ги одврати оние граѓани од евентуални намери да направат нов атентат. Луѓето да сфатат дека со нив нема лабаво.

Беше употребен еден интересен израз – чешлање на теренот. Некој ревносен припадник на јавниот ред и мир пред некој ден влегол во расправа со претседателот на ВМРО-ДП Владимир Голубовски и неговиот син. Во расправијата го употребил и пендрекот. Човекот сакал малку да ги чешла. Ама, бидејќи кај Голубовски има малку коса за чешлање, наишол на проблем, па морал да повика засилување. Чешлањето на теренот завршило, така што Голубовски и син му ги привеле во полициска станица.

3. Велат дека министерот за надворешни работи Стево Црвенковски намерно одолжува со одредувањето на шеф на канцеларијата за врски во Атина. Чека да види што ќе направи Бранко Црвенковски со реконструкција на Владата. Можеби некој министер што ќе отпадне ќе сака за утеха да отпатува за Грција на подолго време.

И без шеф, ние ја отворивме канцеларијата за врски. Дознавме дека тоа не одело баш најлесно. Имено, нашиот претставник во Атина, ден пред свеченото закачување на знамето, имал сериозни проблеми. Имал знаме, ама немал стап за да го закачи. Па шетал низ Атина за да најде стап. Срамота е, ај што немаме шеф на канцеларијата, ама да немаме и стап!?

Грците тука излегоа поопремени. Тие навреме си го испратија својот шеф на канцеларијата. А стап имаат од порано.

4. Во сите нормални држави во светот, авиокомпаниите ја обновуваат својата флота, заменувајќи ги старите авиони со нови. Кај нас се случува спротивното. Новите авиони се заменуваат со стари. "Палер" ги врати новите "фокери" и ќе купува дотраени "ДЦ-деветки". "МАТ" го замени "боингот" со руски "ЈАК". Единствената гордост во македонската авио-флота е "Авиоимпексовиот" "ДЦ-9", стар само 23 години, последно чудо на техниката.

Македонските граѓани не заслужиле да се возат во нови авиони. Не ги заслужило ни раководството. Многу брзо ги заборавија двете трагични несреќи од 1993-тата. Услугите на новите авиони во неколку наврати ги користеа и претседателот на Републиката и претседателот на Собранието. На последното патување за Париз, пред десетина дена, со тој авион замина и премиерот. Сега е време и тие како и останатите граѓани да почувствуваат како е да се возиш со македонски авион, длабоко влезен во полнолетство. За комплетно доживување препорачливо е да им организираат слетување во Охрид. Додека стискаат палци некој Русин да ја погоди пистата, можат и да размислуваат на тема – национална авиокомпанија. Кога веќе не најдоа време да размислуваат во изминатите пет години откако сме независна држава.

Впрочем, што ќе ѝ е на Македонија авиокомпанија, кога ЈАТ повторно лета?

# КОНСПИРАТИВНА КОНСТРУКТИВНОСТ

**27 јануари 1996**

### • Илијаз Сабриу тренира автосугестија

1. Дали Македонија и СР Југославија наскоро ќе се признаат меѓусебно? Во Министерството за надворешни работи немаат таква информација. Дали Милошевиќ ќе допатува во Македонија? Во Министерството не располагаат со таква информација. Дали наскоро Белград и Скопје ќе разменат амбасадори? Во Министерството немаат поим за такво нешто.

Она што со сигурност се знае е дека некоја група, предводена од помошникот-министер Огнен Малески, отпатувала во Белград, престојувала таму два дена, се вратила во Скопје и таму водела прелиминарни разговори за нормализација на односите меѓу двете земји. На медиумите им беше испратено едно кусо соопштение во кое се вели дека разговорите биле конструктивни. А тоа навистина многу значи.

По враќањето од Белград на преговарачите им е речено да молчат. Зашто на конструктивните разговори се договориле за некои тајни работи. Воопшто,

ова со признавањето со Србија толку тајно го прават, што човек мора да си помисли, којзнае што прават. А всушност, којзнае и што прават!?

Јавноста е веќе научена на тајноста на дејствувањето на Министерството за надворешни работи. И на соопштенијата за конструктивните разговори во спорот со Грција, на пример. Што беа конструктивно конспиративни. Или конспиративно конструктивни, ако сакате. Почитувајќи ја традицијата на конспиративноста, сега се водат такви разговори со Србија.

Овие во Министерството се за жалење. Нѐ примија во сите можни организации, се смиривме со Грција, воспоставивме дипломатски односи со Белизе, им остана уште да се признаеме со нова Југославија. Тоа ќе им биде последен историски настан. После сѐ ќе биде здодевно. И никој веќе нема да ги бара. Секретарките ќе можат да се релаксираат бидејќи нема да мораат да ги кријат своите шефови. За нив веќе нема да има зима. Доаѓа пролет. Белградска пролет.

2. Нагло се отвораат нови амбасадорски места. Не знам што чека уште Бранко со реконструкцијата. Нема смисла за луѓето, треба да си планираат каде ќе одат. Башка што премногу долго ја држи вратата отворена. Изнастинавме.

Кој ќе побрза да оди за Австралија има шанси таму да го фати летото. Во Канбера ќе се отвори прво македонско дипломатско претставништво на новиот континент. Сега се бара човек што ќе ги направи пионерските чекори на македонската дипломатија на австралиска почва.

Историјата вели дека првите чекори таму ги направиле криминалците кои ги испратила британската влада. Ние не сме традиционалисти. Иако честопати знаеме да се правиме англичани.

3. Ете, на пример, како министерот за социјала Илијаз Сабриу. На пратеничкото прашање кога ќе им бидат вратени на пензионерите двете заостанати пензии, министерот одговори дека не се работи за две, туку само за една пензија.

Пензионерите навистина се стари луѓе, ама не се толку излапени да не знаат за кој месец од минатата година ја примиле последната пензија. Ако ништо друго, барем со наочари можат тоа да го прочитаат на последното чекче.

Во текот на минатата година министерот Сабриу честопати повторуваше дека Владата прави напори на пензионерите да им ја врати барем едната заостаната пензија. Што ти е автосугестија! Човекот толку многу го повторувал тоа така што самиот си се убедил дека пензијата е веќе исплатена.

Штета што не успеа да ги убеди и пензионерите. Ќе заштедеше една пензија.

4. Со својата убедливост се потврди кандидатот за пратеник Амди Бајрам. Во преповторено гласање на едно изборно место успеа да направи пресврт и да го победи противкандидатот од Сојузот за Македонија Васил Дрвошанов.

Сега можат да се прават безброј анализи како се случи при трето гласање, кога обично одзивот на избирачите е најмал, да излезат над 60 од сто од гласачите, да се бара одговор на прашањето како Бајрам во претходниот круг доби само четири, а сега дури 96 гласа од истото избирачко тело. Дополнителен податок за

размислување е што изборното место е во Дебар Маало, традиционална градска населба во Скопје во којашто живее средна, ако не и повисока средна класа, која ја сочинуваат државни и банкарски службеници, универзитетски професори, добро ситуирани пензионери и слично, кај кои не можат лесно да поминат приказните за пет литри масло за јадење и 20 килограми брашно, 50 марки во џеб и такви ситници. Освен тоа, во таа населба досега два пати убедливо добиваше кандидат на Социјалистичката партија. Можеби некој ќе се сети и на расправиите во Сојузот за Македонија и тука ќе ја пронајде вината за поразот на Васил Дрвошанов.

Едно е сигурно. Ова е добра лекција за оние кои се толку уверени во својата победа, па мислат дека кого и да истакнат, граѓаните ќе го изгласаат.

## ФИНИ ГОСТИ

**3 февруари 1996**

### • Има ли место за Киро Глигоров во реконструираната власт?

1. Ќе има реконструкција на Владата. Сигурно! Само не е јасно зошто премиерот Бранко Црвенковски, во понеделникот ги собра сите министри на редовната седница да си расправаат за тековни работи. Да не беше тоа проштално видување? Не изгледаше така. По она соопштение на СДСМ, според кое на Црвенковски му се препорачува да направи темелни реконструкции на Владата, верував дека сè е веќе решено и премиерот во понеделникот ќе излезе со нов список на министри. Особено што работата се крчка веќе од поодамна.

Владата си заседаваше, еве помина веќе цела работна недела, шпекулациите кој ќе си оди и кој на чие место ќе дојде се засилија, претпоставките дали Сојузот за Македонија ќе се раструри или ќе остане станаа главна тема за муабетење, премиерот веќе започнал некои консултации... Интересно, како никој не се сети што ќе му прават на претседателот Киро Глигоров?

Како ќе се вклучи во рекомпонирањето на власта човекот што на чело на победничката коалиција на изборите освои повеќе гласови отколку сите пратеници заедно, што настапија под заедничкото име "Сојуз за Македонија"? Белким ќе му најдат некое место. Колку да ги потсетува на оние грандиозни изборни митинзи, кога го шетаа низ целата држава за да им ветува на граѓаните на Македонија во нивно име сигурна иднина и заеднички дом. Ако веќе самите не можат да сфатат дека кога трите партии не би излегле со заеднички кандидат, можеби и распределбата на пратеничките места не ќе беше таква да им обезбеди сигурна власт. Граѓаните паметат каква беше атмосферата на изборите. "За кого гласаше?" "За Киро!" "Не те прашувам за претседател, туку за Собрание". "Па, да де, за Киро!".

Претседателот ќе остане претседател и да се растури Сојузот за Македонија. Владата ќе функционира и без некој дел од Сојузот за Македонија. Ќе остане само чувството дека тука некој некого измамил.

2. Пред два дена на гости ни престојуваше г-ѓа Елизабет Рен. Една фина дама со благородно лице, живо заинтересирана за состојбата на човечките права во Македонија. Како по обичај, гостинката беше пречекана со сите нишани. Ја примија сите, од претседателот на државата, па до неколку министри во Владата.

Ние мислевме дека Елизабет Рен е Финка. Арно ама, таа била Швеѓанка од Финска. Таа мала тајна ни ја откри на конференцијата за печат кога ни одржа час по фино однесување кон националните малцинства, посочувајќи го примерот на шведското малцинство во Финска.

Госпоѓа Рен изгледа заборави дека е претставник на меѓународна организација. На прес-конференцијата се однесуваше како да е претставник на Финска. Па ни раскажуваше за фински стандарди. Да ѝ текнеше дека во Македонија не е испратена од Финска, туку од меѓународно тело, можеби ќе зборуваше за меѓународни стандарди.

Претседателот Глигоров бил многу фин со дамата од Финска. Разбирајќи ја нејзината загриженост за човековите права, ѝ предложил да го прошири својот интерес и на други земји на Балканот. На пример, кај нашите соседи. Да направи споредбена анализа на финските стандарди во Албанија, Србија, Бугарија, Грција и кај нас. Да види како таму живеат Швеѓаните. И да ги спореди нивните права со правата на Швеѓаните во Македонија.

Што на Балканот нема Швеѓани? Нема врска, и така ова не е Скандинавија. Важно, идејата е – фина.

3. Добро, онаа остра претседателка на изборната комисија во 114-ката, мисли ли да помине на следниот реизбор на судии!?

Малку ѝ беше по втор пат да ја одбива жалбата на кандидатот на владејачката коалиција Васил Дрвошанов, па уште го построи цел Врховен суд велејќи му дека постапува незаконски!

Баш ме интересира како ќе се разреши спорот меѓу опасната госпоѓа судијка Мирјана Иванова-Бојаџиевска и Врховниот суд на Македонија. Не знаеш што е поинтересно. Ново одмерување на силите меѓу Дрвошанов и Амди Бајрам во скопското Дебар Маало или лекцијата што еден општински судија им ја одржи на судиите од врховното судско тело, во пакет со дискусиите за независното судство, што неминовно ќе произлезат.

Госпоѓата Бојаџиевска, пред по втор пат да го одбие приговорот на Дрвошанов, се консултирала со Обвинителството, со свои колеги судии, а побарала и дополнителни појаснувања од Врховниот суд. Со кого ли Врховниот суд ќе се консултира доколку Дрвошанов по втор пат поднесе жалба?

4. Кога на почетокот на неделава се отвори фрката со меѓусебното признавање со СР Југославија, покрај многуте информации од разни страни дознавме

дека Белград се обидел да се испазари околу признавањето на Македонија со барање поволни услови за користење на солунското пристаниште.

Ние можеме и натаму да пишуваме графити по ѕидовите дека Солун е наш. Милошевиќ не пишува, ама веќе си го побара пристаништето. И сега, чиј е Солун?

## ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА

**10 февруари 1996**

### • Зошто Ѓунер Исмаил е крупна политичка фигура

1. Многу интересна работа оваа реконструкција. Што чекаше премиерот Бранко Црвенковски веќе месец и половина? Ваква забава одамна не сме имале.

Најинтересна е шоу-програмата на Ѓунер Исмаил. Доскорешниот министер-портпарол интензивно и во големи количества го следиме во програмата со провокативен наслов: "Не ми даваат отказ, јас им давам оставка". Господинот Исмаил, како истакнат борец за слобода на говорот и како еден од малкумината наивни во досегашниот кабинет на Бранко Црвенковски, детски верувал дека за него ќе се најде место и во реконструираната влада. Изневерен од најдобрите другари кои не ги делеле неговите очекувања, во еден важен државотворен момент на емотивен набој и инспирација, тој на македонската јавност ѝ го даде најдоброто од себе. Вдахновен настап по вкус на сите за неговите другари, пријатели, соседи, новинари, деца, образи, очи, пазарџии, пиљари, лица, морали, весници, пучисти, олигархии, журки, истрели...

Во секој случај Ѓунер Исмаил е крупна политичка фигура. Затоа и со такво омаловажување зборува за пиљарниците. Кога ќе кажеш пиљарница веднаш ти доаѓа асоцијација за ценкање на ситно. Сто денари за три килограми грчки портокали. Господинот Исмаил се гнаси од таков ситен пазар. Тој во Владата имаше крупни задолженија. Купуваше намештај, избираше теписи, ги опремуваше кабинетите, ги реновираше резиденцијалните вили, избираше уметнички слики... Голем политичар се занимава со голем бизнис.

2. Претседателот на Собранието Стојан Андов едно време беше како заштитен знак на пазарчето во скопската населба Тафталиџе. Пазарџиите се фалеа дека Андов редовно ги посетува нивните тезги. Кога се случи атентатот врз претседателот Глигоров, обезбедувањето го стегна и господинот Андов, па претседателот на Собранието престана да се пазари и да се пиљари.

Сега, кога СДСМ ќе преземе сѐ во свои раце, многу веројатно е Стојан Андов, како прв човек на опозиционата Либерална партија, наскоро да се пресели во пратеничките клупи. Така ќе се ослободи од обезбедувањето. Од сега па натаму Андов ќе може слободно да оди на пазар.

3. На пазарот деновиве најдобро котираат акциите на ПДП. Затоа што нивните политичари се најдобри пазарџии. Сега имаат највисока цена, повисока отколку што воопшто можеле и да замислат. Имаат девет пратенички места што ќе им донесат девет места во Владата. Пет министри и четири заменици.

Зошто и не би имале кога во реконструкцијата се однесуваат конструктивно. Ем го поддржуваат Бранко Црвенковски, ем го оправдуваат апелот на претседателот Киро Глигоров, ем ги советуваат социјалдемократите и либералите да не го растураат Сојузот за Македонија, ем си имаат список на желби. Дојдоа нивните пет минути. Кога јас би им бил гласач, не би им простил доколку не ги искористат.

Кажано со пазарџиско-пиљарски речник, ако од над двотретинско мнозинство во Парламентот се спуштиш на половина, тоа ти доаѓа како од готово да си направил вересија. Во случајов не мора да е така, затоа што ПДП и во минатото се покажа како ептен стабилен и сигурен коалиционен партнер, на кого можеш да сметаш секогаш, само не кога ти е најтешко.

Досега обично сите караници се смируваа во кабинетот на претседателот на државата. Којзнае, можеби Бранко Црвенковски пак ќе ја побара неговата помош кога неговите сигурни партнери по којзнае кој пат ќе го уценат и ќе му се заканат дека ќе ги напуштат институциите на системот. Колку да го утешат претседателот Глигоров. Да му покажат дека не го оставиле сам.

4. Ете, дури и министерот за полиција Љубомир Фрчковски, во овој драматичен момент за македонската држава и за министерот Ѓунер Исмаил, не е во државата. Отиде во обиколка на секторот во САД. Што би рекол несудениот ректор на несудениот универзитет од Мала Речица, Фадил Сулејмани: "Шврчковски није био куќи!"

5. Најголема грешка е да не се седи дома околу 7 и 30 навечер кога треба да се гледа дневникот на Македонската телевизија. Не знаеш кој сѐ може да се појави, кога ќе се појави и дали после тоа воопшто ќе се појави.

Реконструкцијата на Владата е добредојдена за Македонската телевизија. Забележано е драстично зголемување на гледаноста на дневникот. И тоа од почеток до крај. Нема веќе, ќе ги погледнам првите вести и ќе свртам на друг канал. Мора внимателно да се следи докрај. Најзначајните вести можат да дојдат и по временската прогноза. Којзнае, можеби некој ден ќе отиде нешто и пред рекламите.

Гледајте ТВ дневник! Шоуто мора да продолжи. Вистинската забава допрва доаѓа.

## ГУБИТНИЦИ ЗАМЕНИЦИ

**17 февруари 1996**

### • Отворен конкурс во Социјалистичката партија

1. Телевизиските дневници повторно станаа здодевни. Претседателот Киро Глигоров веќе неколку дена не ѝ се има обратено на нацијата, премиерот Бранко Црвенковски го соопшти списокот на новите министри и никаде го нема, претседателот на Собранието Стојан Андов е на скијање, вежба како да не се лизне, партиите од бившиот Сојуз за Македонија не издаваат соопштенија за јавноста, опозиционерите повеќе не држат прес-конференции, ВМРО–ДПМНЕ по сè изгледа премина во илегала...

По редот на нештата, денес сакав да почнам со последното драматично обраќање на претседателот Глигоров. Ама си реков, дај и јас да почекам. Гледам сите нешто чекаат...

2. Ако не сакаш да чекаш, тогаш најдобро да го прифатиш ставот на Социјалистичката партија. Бидејќи е кристално чист и јасен. Тие се и за Киро, и за Бранко, и за останување на Сојузот, и за распаѓање на Сојузот. Важно, мораат да бидат во Владата. Со оглед на изборните резултати тоа и е разбирливо.

Социјалистичката партија ги продолжува традициите на некогашниот Социјалистички сојуз. Таму има веќе проверени и школувани кадри кои знаат како да се однесуваат во вакви ситуации. Како во минатото. Како што се менуваше политиката на Централниот комитет на СКМ, тие ја поддржуваа. Затоа и успеваа постојано да бидат во власта.

Слушам дека сега во Социјалистичката партија ќе распишат конкурс за нови членови. Добија многу функции, па не можат да ги пополнат со постојното членство. Сега му е мајката да се стане член на Социјалистичката партија. Со членската книшка веднаш ти следува и некоја функција во Владата. Минимум, заменик-министер.

Не знам зошто Амди Бајрам од ПЦЕР толку се трудеше да го добие пратеничкото место во скопската 114-ка, во борба со социјалистот Васил Дрвошанов. Бајрам победи – стана пратеник. Дрвошанов загуби – стана заменик-министер. Во Социјалистичката партија нема победници и губитници. Таму сите победуваат. На пример, што му фали на Илија Гајтановски, кој на гласањето во партијата кој да биде кандидат за пратеник во 114-ката, загубил од Васил Дрвошанов. Ете го, сега ќе биде заменик-министер на полицијата.

Новиот слоган на Социјалистичката партија гласи: "Со нас и тие што губат – добиваат!"

3. Дај веќе еднаш нека ја изгласаат новата влада, па да почнеме нормално да живееме. Се збудаливме веќе. Нема нормален муабет. Сите ја чекаат новата

влада, сите прашуваат кој со кого е, сите коментираат министерски места. Не може да се направи најобичен кафеански муабет.

Со оглед на тоа што кафеаната е одлично место за дебатирање на темата "Нова влада", најдобро е сите дилеми да се разрешат таму, па после спокојни да си го тераме секојдневниот живот. Би требало скопската пиварница да измисли нов вид пиво, што ќе му биде пандан на "стар лисец". Може да се вика "младо пиво". Младото пиво е недоволно ферментирано. Тоа треба да те мавме во глава. За разлика од "стариот лицец", кој го рекламираат како темен, јак и вистински, ама може да те успие, "младото пиво" брзо удира во глава и дава сила.

Наместо да се измачуваме со бесцелни политички расправии, најдобро е секој да си порача пиво на кое припаѓа. Ќе се види во друштвото кој какво пиво пие и на сите ќе им стане јасно, кој со кого е.

4. Стојан Андов ја зезна цела работа. Убаво Бранко му имаше предложено новата влада да се изгласа уште во вторникот. Така и манифестациите по повод годишнината од настаните во Мала Речица околу тетовскиот универзитет ќе беа удостоени со претставник на Владата. Вака Илир Љума, предложениот заменик-министер за здравство, мораше во Мала Речица да се појави како обичен граѓанин.

Самоповиканиот ректор Фадил Сулејмани вели дека универзитетот е легален, само не е официјален. Владата вели дека универзитетот е нелегален. Иако очигледно легално работи.

Што има ние да се мачиме, да дискутираме што е легално а што нелегално. Си има правници за тоа. Експерти. Како на пример, Мерсим Положани. Има ли посоодветно место за идејниот творец на Илирида од местото заменик-министер за правда? Не може тоа тукутака, ќе правиме држава во држава. Тоа треба да биде правно втемелено. Нели сме правна држава.

Впрочем, каква врска има универзитетот во Тетово со Илирида?

5. Да не има некој вирус во Министерството за надворешни работи? Чудни работи се случуваат. Еве Љубомир Фрчковски, уште не седнал како министер за надворешни работи, а веќе почна да се однесува како Стево Црвенковски. Има веќе цела недела како се вратил од Америка и ништо не кажува.

## ЦРТАН ФИЛМ

**24 февруари 1996**

### • Не пропуштајте ја следната епизода од "Жолтко и Лутко"

1. Ги паметите ли оние убави денови, од времето на стариот парламентарен состав, кога најубава забава беше гледањето директен ТВ пренос од собраниските седници? Се сеќавате ли кога последен пат сте се затрчале дома и уште нераско-

мотени сте го вклучиле телевизорот за да видите што ќе кажат омилените парламентарни јунаци?

Среќа што Сојузот за Македонија се распадна и што премиерот Бранко Црвенковски реши да ја смени владата. На големо задоволство на редовните и нередовните претплатници на МРТВ, Парламентот повторно ни влезе дома. Во средата сите, без разлика каде се наоѓаа, побрзаа да ги вклучат телевизорите, како во старите добри времиња кога ги знаевме имињата на сите пратеници, кога можевме дури и да се обложиме кој за што ќе зборува, кога знаевме од кого може да се очекува инцидент и се соживувавме со улогите на позитивните и негативните јунаци од собраниската говорница. Овој пат сме хендикепирани. Овој состав на Собранието беше премногу здодевен, така што освен две-три сјајни ѕвезди други личности не ги познаваме. Има време, ќе ги научиме.

Стојан Андов го бива за продуцент на некоја сапунска ТВ серија. Знае да одржува тензија, за да не опадне вниманието кај гледачите. Не треба многу и да се претерува. Човекот знае кога треба да прекине. Токму во моментот кога ќе те заинтригира што ќе се случи понатаму. А понатаму – утре!

На времето имаше еден цртан филм што одеше во серија. Се викаше "Жолтко и Лутко". Децата ги лажеа да одат в кревет веднаш по цртаниот, со образложение дека кога ќе се разбудат повторно ќе ги гледаат омилените јунаци. Така и Андов ни ги прекинува епизодите, оставајќи нѐ нестрпливи да видиме што ќе се случи утре. Недостига само спикерскиот глас што одеше на крајот од секој цртан филм, да ни порача: Не пропуштајте ја следната епизода од "Жолтко и Лутко".

2. Сигурно и претседателот Киро Глигоров со внимание ги следи доживувањата и ѓаволштините на Жолтко и Лутко. Тоа му е паметна работа. Гледајќи телевизија, ќе му стане јасно зошто во последно време страда од икавица. Толку многу му го споменуваат името, сигурно се отепа од икање.

Има два начина да се стопира икањето. Човекот треба или да го преплашат или да му дадат да се напие вода. Првиот начин кај Глигоров е неприменлив. По она што му се случи минатиот октомври, тешко дека нешто би можело да го преплаши. Значи, им останува единствено да му "пуштат вода".

Три дена сите нѐ убедуваа колку се тие за Киро. И едните и другите. Ако веќе си признаваат дека, ако не им беше тој, тие тешко ќе се добереа до пратеничките клупи, останува човек да помисли: "добро, што бараат тогаш тие луѓе таму". Прво ни велеа дека Глигоров им е најголемата инвестиција. Сега видовме дека им бил и најпрофитабилна.

3. Сите се за Киро. А Киро им го нема. Кога се појавува, се придржува на принципот на еквидистанца. Малку со Жолтко, малку со Лутко. Минатиот петок, на свечената академија на новинарите, Глигоров се појави во друштво со Бранко Црвенковски. Арно ама, другиот ден побрза на Маврово да се слика со Стојан Андов.

Денес претседателот ќе оди на Шарпланинскиот куп на Попова Шапка. Таму сигурно ќе биде Васил Тупурковски. Од каде пак сега тој во целава приказна? Башка, летоска го критикуваше Глигоров токму за принципот на еквидистанца.

4. На таа тема најдобро објаснување можат да дадат социјалистите. Тие знаат што е еквидистанца. Постојано на исто растојание. До Белград.

Благоја Филиповски и Ѕинго се претставници на една многу влијателна и сериозна партија. Затоа и се претставија во државничко светло во Белград. Затоа и ги прими Милошевиќ. Овие од светот се луди кога вршат притисок врз Милошевиќ да ја признае Македонија. Таа работа ќе ја завршат Благоја Филиповски и Ѕинго.

Освен тоа, што ќе ни е признавање. Фино рекле во српската стопанска комора, седумдесет години сме биле ист пазар. Додуша, од тие 70, барем дваесетина години сме имале колонијален статус, ама не е важно – пазарот е ист. И што ќе ни се сега нови пазари? Ќе се секира Ѕинго каде да ја пласира рудата!? Србија е доволно голема за "Силекс" добро да живее. Па ние дури и за време на санкциите сме функционирале како еден пазар. А ваму ги лажевме луѓето, праќаа некакви посматрачи на границата, броеја камиони и магариња. Кога луѓе од власта тоа го велеа, значи така е – на власта треба да ѝ се верува.

Само што се вратија социјалистите од Белград, мораа да земат учество во седницата на Собранието. Остана нејасно со кого се консултирале пред нивниот настап. Со некого од СДСМ, или со Милошевиќ. Благоја Филиповски доби сила и како претставник на "второто око во главата на Сојузот за Македонија" доби аплауз од пратениците на СДСМ. Печен е да биде функционер. Аплаузи добиваат само функционери.

Еве, сега Андов ќе си даде оставка. Можеби токму Благоја Филиповски ќе биде идниот претседател на Собранието. Ќе им даде СДСМ да се порадуваат и да се сметаат важни во државата, барем толку колку што заслужува некој што е примен од Милошевиќ.

Противкандидат му е Тито Петковски. Ама на Тито не му аплаудираа. Освен тоа, СДСМ може да го смета неговото име како хендикеп. Ќе речат, овие избраа пак Тито да биде претседател. И таа асоцијација нè враќа во минатото.

## "РЕЈБАН" ДИПЛОМАТИ — 2 март 1996

### • Што се случува на таванот на кабинетот на претседателот?

1. Понекогаш некои работи воопшто не ми се јасни. Како на пример целата онаа драма околу признавањето со Србија. Едноставно, некои работи воопшто не се логични. Србија е таа што треба да исполни некои услови од Европската

унија, Белград е притиснат од меѓународната заедница да направи којзнае колку отстапки, на новоформираната СР Југославија ѝ претстојат чекори за вклучување во меѓународната заедница, а пак излезе дека ние тука сме најпотресени ако Србија не нè признае.

Прв пат во историјата Македонија како држава станува битна, барем толку за да биде условот што најважната европска институција, Европската унија, му го поставува на Белград за да ги нормализира односите со СР Југославија. Македонија е членка на Обединетите нации, го има пристапот до сите меѓународни финансиски организации, влезена е во шемата на меѓународната јавност, успешно ја одржува стабилноста во нестабилен регион, одржува стабилност во економијата, собра околу себе многу пријатели и пак вестите за признавањето од страна на Белград одат ударно и во првите моменти на вестите на електронските медиуми. Секој ден се одржува тензија, ќе дојде Милошевиќ, ќе дојде Милутиновиќ, сè е веќе прашање на денови, ако не и на часови, домашни политичарчиња одат на поклонение кај големиот вожд во Белград и тука се претставуваат како национални херои кои се избориле за уставното име, затоа што Милошевиќ им оставил таков впечаток... Небаре тоа што сме држава и не е толку важно, ако тоа и Белград не ни го каже. Не се важни ни Вашингтон, ни Москва, ни Брисел, ни Обединетите нации, ни другите соседи, ни другите држави настанати од бивша Југославија, ни меѓународните кредитори. Важно е да дојде Милошевиќ!

На крајот, мерејќи ни го умот, не би ме зачудило некој да го постави прашањето: "Што мајка ни требаше да правиме држава?"

2. Пред некој ден претседателот на Републиката Киро Глигоров ги примаше акредитивните писма од белгискиот амбасадор. На свечената церемонија во неговиот кабинет прв пат присуствуваше и новиот министер за надворешни работи Љубомир Фрчковски. Од телевизиската снимка добивме впечаток дека нешто интересно се случувало на таванот на кабинетот на претседателот на државата. Министерот Фрчковски цело време гледаше нагоре. Што интересно се случуваше за време на церемонијата над главите на претседателот Глигоров и на белгискиот амбасадор?

Новиот шеф на македонската дипломатија на ова место дојде од местото шеф на македонската полиција. Можеби во тој податок лежи одговорот зошто гледаше нагоре министерот Фрчковски. Се трудеше да ги пронајде прислушкувачите.

3. Досега Грците имаа проблеми со поранешниот министер за надворешни работи Стево Црвенковски. Никогаш не знаеја што им мисли. Сега ќе имаат проблем и со новиот министер Љубомир Фрчковски. Затоа што тоа што го мисли и им го кажува. Се уверија уште со неговото прво интервју по стапувањето на новата должност.

Меѓутоа, и министерот Фрчковски на новото место може да се соочи со непредвидени проблеми. Тој рече дека сака да го реорганизира Министерството.

Што правиме, ако продолжи по старо, па по углед на полицајците и на дипломатите да им купи "рејбан" наочари? Тој не знае со кого си има работа. Какви ни се дел од дипломатите, нека не се зачуди ако после со "рејбанките" на очи застанат на некоја улица по светските метрополи и почнат да им наплатуваат казни на возачите.

4. Досегашниот министер за надворешни работи Стево Црвенковски во иднина ќе работи во Кабинетот на претседателот на државата. Ќе биде советник. Сега, кога нема да има потреба да се занимава со висока политика, Црвенковски ќе може да ѝ се врати на својата стара љубов. Како режисер, нему му лежат филмовите.

Може да биде советник за филмови. Времето на претседателот на државата е скапоцено, а изборот преголем. Така што некој мора да му врши селекција. Отсега па натаму Стево Црвенковски ќе му кажува на Глигоров кој филм да го гледа.

"А, тој филм нема да го гледаш!"

5. Во животот работите ни се случуваат како на филм. Се враќаш од работа или од пазар дома и – те убиваат. Или, им отвораш на познати, ќе им дадеш пијачка и после ќе те полијат со пијачката и ќе те запалат. Зошто? Затоа што мислат дека имаш пари.

Сѐ е како во наивна крими-приказна. Жртвите не се ниту мафијаши, ниту се замешани со некаков бизнис, ниту имаат некаква врска со рекетарство, дури не се работи ни за убиства од љубомора или страст. Едноставно, убиените се обични луѓе, наши пријатели и роднини, познати, лица што секојдневно ги гледаме во најобични ситуации. Тоа кажува дека следната жртва можеме да бидеме ние. Штета што ова не се случува само на филм.

Ни се случува нам.

6. Тоа дека сме станале земја за углед најдобро ни го потврди терористичкиот напад врз супермаркетот во Тирана. Луѓето учат од нас. И таму направија автомобил-бомба.

Добро е што Албанците си го имаа Сигурими. Па имаа и кого да уапсат.

# РАМПО И РАМБО

**16 март 1996**

### • "Билјана" го брани Тајван

Црна се точка зададе, там долу Македонија. На белиот хоризонт над прилепските тутунски полиња се појави авион. Херкулес над градот-херој. Како дел од здружената американско-македонска тактичка вежба "Зима 96". Рампо и Рамбо во заедничка акција.

Среќа што токму тој ден огреа сонце. Претходниот ден низ цела држава вееше снег. Беше доведено во прашање завршувањето на десетдневната вежба.

Некои од активностите беа одложени поради лошо време. Организаторите беа малерозни. Среде зима им заврна снег. Па вежбата во зимски услови не можеше да се одржи. Снимањето беше одложено.

Десантот на тутунските полиња е континуитет на заедничката воена програма на Македонија и САД. Сега, кога веќе станавме светска велесила, мораме да одржуваме кондиција. Во Прилеп Рампо и Рамбо скокаа со падобранци од американски "Херкулес". Неколку месеци пред тоа, со половните источни хеликоптери, вршеа десант на Куманово, во ненормални зимски услови.

Кој вели дека историјата не се повторува. Прилеп и Куманово сѐ уште се караат каде пукнала првата партизанска пушка во 1941 година. Сега ќе ја актуализираат расправата кој град е позаслучен за развојот на Македонија како светска велесила. Како и да е, веќе се беспредметни разговорите како да станеме членка на НАТО. Влезот во НАТО води преку Прилеп и Куманово.

2. За тоа време, таму некаде во Кинеското Море, во близина на Тајван, и Кинезите вежбаат исфрлање ракети. И нив им се погоди времето. Сигурно вежбата ќе им биде успешна, како нашата.

Колку за предупредување, Американците во тајванскиот теснец испратија два носача на авиони. Штета што досега не нѐ обучија за борбени активности на вода. Ќе можевме и ние да се вклучиме во кинеско-тајванскиот спор. Да учествуваме во одбраната на Тајван од Кина. Ние сме едно со Американците. Интересите на Америка се и наши интереси. Како сега неподготвени ќе се вклучиме во тајванската криза? Македонските национални интереси се бранат во тајванскиот теснец. Да се надеваме дека Кина овој пат ќе остане само на вежбање. Да ни даде време да се обучиме да ѝ бидеме достоен противник.

На лето се планира уште една здружена американско-македонска тактичка вежба "Лето 96". Ќе се тренира истоварување на загадените охридски плажи и освојување на изворите на зараза. Воздушна поддршка на амфибиските единици ќе им се дава од носачот на авиони "Билјана" кој ќе патролира во водите на Охридското Езеро, некаде на потегот Струга – Свети Наум. Кога ќе се изнавежбаме, ќе бидеме подготвени носачот на авиони да го испратиме во тајванскиот теснец. "Билјана" ќе му се придружи на "Нимиц".

Патем, како се викаат оние острови во Егејското Море околу кои се караат Грција и Турција, а Американците стално ги раздвојуваат? Да не треба да помогнеме нешто, вака како сериозни НАТО партнери?

3. Американците дојдоа да ни го средат и воздушниот простор. Белким ќе направат нешто да профункционира сложената телефонска централа што ја купија за контролата на летањето.

Се сеќавам кога се купуваше централата, што чинеше, мислам околу половина милион долари, беше речено дека такво нешто нема никаде во Европа. Тоа било чудо невидено што функционирало по американските аеродроми.

Дури после стана јасно зошто таква централа нема ни на еден европски аеродром. Затоа што не била по европски стандард. Е сега, ако се успее некако

македонскиот воздушен простор да се пресели некаде над Америка, можеби и нашата контрола на небото ќе профункционира со американската централа. Ако не, отишле парите – во воздух. И тоа – без контрола.

4. Веќе неколку месеци и македонската пошта без контрола ги испраќа сметките на своите телефонски претплатници. Веќе неколку месеци никој не се загрижува за огромниот број жалби на високите сметки, никој не реагира на смешните објаснувања на поштата, никој не ги зема во одбрана обичните претплатници кои, и покрај тоа што поштата нема никаков доказ за големите сметки, се немоќни.

Поштата ја прекина директната врска со Холандските Антили. Затоа што, според нивното објаснување, најголем број импулси оделе на тамошната сметка на еротските приказни по телефон. Уште сега да ни дадат објаснување, како тоа одеднаш на многумина им удриле хормоните во глава, па немаат друго чаре и "вртат" во Холандски Антили. Едно нешто не ми е јасно. Како одеднаш излегоа толку многу сексуално загрозени, кога поштата постојано нè "дупи".

5. Собранието профункционира онака како што се предвидуваше по распадот на "Сојузот за Македонија". Први тоа го почувствуваа кандидатите за судии на апелационите судови. Судиите видоа како суди СДСМ.

Којзнае, во парламентарна демократија веројатно и тоа е во ред. Биваат избрани тие што ги бира мнозинството. Кога станува збор за судиите, зависните ги избираат независните.

## НАТО ПЕРДУВ

**23 март 1996**

### • Наместо да садат дрвца, првите луѓе на Скопје можат да посадат ориз

Каде е сега синиот воз? Ни треба да го вклучиме во сценариото за пречек на Милошевиќ. Човекот заслужил да му организираме едно величествено добредојде.

Што се однесува до нас, подготовките за пречекот на драгиот гостин, големиот другар Слобо, веќе се завршени одамна. Сега само чекаме кога големиот водач ќе се ослободи барем малку од своите задолженија за правење мир насекаде низ светот, да ни направи голема чест повторно да го имаме меѓу нас. Пионерката и пионерот што ќе им го врачат цвеќето на другарот Слобо и другарката Мира го знаат напамет секој збор на добредојде. Црвените марами испеглани го чекаат историскиот момент кога ќе бидат врзани околу нивните вратчиња. Народниот фронт веќе организира редарска служба која ќе биде распоредена на улиците по кои ќе поминува претседателската колона возила. Синдикатот ќе прогласи неработен ден за да можат што поголем број работни луѓе да излезат на улиците

и да го поздрават големиот водач. Училиштата и факултетите нема да одржуваат настава, освен првиот, историски час, на кој ќе се предава за ликот и делото на Слободан Милошевиќ, а потоа сите организирано, на однапред определени реони, професорите и нивните студенти и ученици, ќе се постават чекајќи го Него, за во вистински момент да скандираат: "Ние сме на Слобо, Слобо е наш!" Децата од градинките ќе мавтаат со знаменца и ќе фрлаат цвеќе пред неговиот автомобил, затоа што неговиот славен животен пат тоа и го заслужува.

Штета е толку најавуваната посета да се оствари, а при тоа да има грешки. Сè мора да функционира беспрекорно. Кога доаѓа Милошевиќ, треба да му се овозможи да се чувствува како да е дома.

2. Ако на Милошевиќ нема кој да му го влече синиот воз, ние ќе му помогнеме. Веднаш ќе ја испратиме локомотивата на Македонските железници да ни го довлечка во Скопје. Што мисли тој? И ние локомотива за влечење имаме.

Еве, пред некој ден на телевизија ја гледавме церемонијата на пуштање во сообраќај на локомотивата што ја ремонтирале нашите железничари. Ехееej, до каде стигнала техниката! На преминот од 20 во 21 век ние веќе успеавме да направиме ремонт на електрична локомотива. Aj што сме ја ремонтирале, туку во неа сме вградиле и клима-уред. На свеченоста било речено дека ни една локомотива на просторите на бивша Југославија нема клима-уред.

Некои странци ни велат дека во Европа ќе нè примеле колективно. Прво ќе го развиваат целиот регион, па потоа сите заедно ќе сме влегле во Европа. Како ќе одиме во Европа заедно со другите, кога нивните локомотиви не се климатизирани? Нашиот воз тргна. Дури и министерот за сообраќај Димитар Бузлевски го испрати со шампањско. Локомотивата забревта и сега нема повторно да ја запираме, за и другите да ги качиме во возот.

Тоа што ремонтираната локомотива има клима-уред може да биде од решавачко значење. Во Европа не се патува со вжештена глава. Најважно е машиновозачот да биде со студена глава.

3. Прашањето за проширувањето на НАТО повторно деновиве е актуелизирано на средбата на американскиот државен секретар Ворен Кристофер со министрите за надворешни работи на источноевропските земји што чекаат на прием во алијансата. Нашиот министер Љубомир Фрчковски на американскиот секретар во Прага му ја изнел идејата проширувањето на НАТО, поради проблемите што ги има со Русија во северниот дел на Европа, да се префрли на југ и да ги зафати Албанија и Македонија.

Нема повратна информација за тоа како е примена идејата на Фрчковски. Меѓутоа, и без неа може да се препознае идната структура на НАТО на Балканот и каде ќе биде местото на нашата држава во јужното крило на НАТО. Македонија ќе биде пердув во крилото.

4. Баш ми е криво што грчките бизнисмени кои неделава беа во Скопје си заминале разочарани дома. Потпретседателот на Владата Беќир Жута им држел

лекции за економијата. Знаејќи како зборува господинот Жута, можам да ги замислам Грците како умираат од здодевност.

Меѓутоа, не било само предавањето на Жута причина за разочараноста. Тие биле особено погодени затоа што за време на грчкото ембарго ние сме се свртеле кон Бугарија и Турција.

Не ми изгледаат Грците толку наивни за да не може да им стане јасно зошто, кога нивната држава нè блокираше, мораше да бараме други пазари. Тие барем се трговци. Што требаше да направиме, за да не си заминат разочарани од Македонија? Да нè најдат тука капнати од глад!? И да се претстават како спасители!? Тие допрва ќе се разочаруваат. Секој ден ќе им станува сè појасно колку пропуштиле изминативе четири-пет години.

5. Денот на екологијата го одбележаа и првите луѓе на Скопје, градоначалникот Јове Кекеновски и градскиот премиер Љупчо Николовски–Фуфо. Посадија две дрвца.

Каков ни е градот, подобро ќе им беше да посадат ориз. Во Скопје има толку кал, што сигурно ќе имавме богат род. Главниот град на државата ни е познат по еден светски куриозитет – по асфалт одиш, во кал газиш.

Тоа што не се чисти калта од улиците има логично оправдување. Под калта ќе излезат срчите, останати уште од новогодишното славје. Ете ти бељa работа. После ќе треба и нив некој да ги мете.

# БРОЕЊЕ ОВЦИ

**30 март 1996**

**• Олбрајт во земјата на чудата**

1. Собрани се 160 илјади потписи како предлози до Собранието за распишување на предвремени избори. И – што!? Не верувам дека некому во државава му е јасно како ќе течат натамошните активности околу ова прашање. Што ќе преземе Собранието? Како ќе се однесуваат партиите што се појавија како иницијатори на оваа масовна акција? Дали ќе реагира Владата? Што ќе смисли како одговор владејачката партија? Што очекуваат граѓаните чиишто ливчиња со потписи ги броеја службеничките во архивата на Собранието цела ноќ, до 5 часот вчера изутрина?

Сега засега едно е јасно – 160-те илјади гласови "против" сегашната власт би требало да значат бессона ноќ и за некои други, поважи луѓе отколку што се вработените во собраниската архива. Особено ако токму таа вечер, наместо за заспивање да го применуваат методот "броење овци", го практикувале новиот метод "броење ливчиња". Ете ти сериозна причина за бессоница. Како ливчињата да се претворат во овци!? Колку повеќе овци, толку помирен сон.

2. Не знам дали агитаторите насилно влегувале по становите, зашто со таков податок располага СДСМ. Не знам и дали притоа ги бањале децата во "Бекутан", како што тврдат во ВМРО-ДПМНЕ. Меѓутоа, имам свое мислење за тоа инкасаторско одење по становите.

Одењето од врата до врата го сфатив како анкетирање на граѓаните. Агитаторите всушност вршеа анкета кој е симпатизер, а кој не, на нивните партии. Не сум толку параноичен да помислам дека некој нема попаметна работа отколку во некој партиски тефтер да ги бележи "домовите што се за нас" и "домовите што се против нас", ама едноставно ми пречи кога некој ме тера јавно да се изјаснам за кого сум. Тоа ти е исто како кога за време на избори некој би ти се пикнал зад паравaнот и би те гледал чие име на кандидат заокружуваш. А тајноста на изборот е загарантирана!

3. Впрочем, кога човек подобро ќе размисли, нам и не ни требаат избори. Не барем следниве 40 до 50 години. За да го задржиме историскиот континуитет. Кого ли би избирале кога овие што сега се на власт се најдобри.

Премиерот Бранко Црвенковски ни кажува дека ВМРО-ДПМНЕ и Демократската партија "ниту програмски, ниту кадровски не се подобрата алтернатива за иднината на Република Македонија и на нејзините граѓани". На премиерот му личи такво нешто да каже. Да беше, на пример, некој обичен граѓанин и да ни го соопштеше личното мислење за опозицијата во државата, немаше толку да му обрнеме внимание. Вака оценката е навистина многу сериозна. Штом Бранко така вели – така е!

Затоа и нема потреба да се организираат избори. Постои опасност граѓаните да изберат некој што ниту кадровски ниту програмски нема да им обезбеди таква иднина каква што сега им обезбедува СДСМ. Нема смисла граѓаните поради сопствена грешка при изборот да страдаат.

Премиерот не објасни од каде тој го црпи својот успешен кадар. Тоа мора да е строго чувана партиска тајна. Колку што знам, политичката школа во Кумровец одамна е затворена.

Особено е интересно и неговото размислување дека опозиционите партии немале трпение премногу да чекаат и почнале кампања за предвремени избори, со една единствена цел – да ја преземат власта. Замисли ја ти таа работа! Тоа е невиден безобразлак. Каj се видело такво чудо, партиите да се борат да ја освојат власта!? Во која демократска држава такво нешто е дозволено? Тоа го има само кај нас.

4. Дојде пролет, а времето е како во есен. Мрачно е и по цели денови врне дожд. Сè си мислам дека ова е последица на нашето упорно барање да станеме членка на НАТО. Сакате да станете дел од Северноатлантскиот пакт? Е, тогаш морате да имате и северноатлантска клима!

За да се заштитиш од дожд, мора да носиш чадор. Затоа ние бараме место под НАТО-чадорот.

5. Во говорот на американскиот амбасадор во ОН Медлин Олбрајт, што на новинарите им беше поделен за време на свечената церемонија на отворањето на американската амбасада во Скопје, на неколку места се споменуваше терминот "бивша југословенска република Македонија". Меѓутоа, госпоѓата Олбрајт, веројатно од почит кон претседателите на Собранието и на Владата, кои заедно со сопругите седеа на сцената заедно со неа, успешно го избегна овој термин, притоа уште поуспешно избегнувајќи да го употреби и името на нашата држава. Македонија во говорот што го слушнавме беше – "Оваа прекрасна земја".

Досега слушнавме многу предлози како би можеле да се викаме. Од сите имиња најмногу ми се допаѓа токму последново: Република Прекрасна Земја. Или, Чудесна Држава. Што мислите за ваков новинарски наслов од извештајот за посетата на американската амбасадорка во ОН на Скопје: "Олбрајт во Земјата на Чудата".

## ЦИРКУС МЕДРАНО

**6 април 1996**

### • Не е фер, Чокревски да гледа по жени, а Андов да седи без работа

1. Не знам дали некој воопшто ќе се сетеше дека кај нас, среде бел ден, во центарот на главниот град, некој со автомобил-бомба се обиде да го убие претседателот Киро Глигоров, доколку и денес на власт беше тогашната коалиција. Вака се отвори проблем, како да му се најде работа на тогашниот претседател на Собранието Стојан Андов.

Предлогот од неговата партија беше тој да биде претседател на анкетната комисија. Пратениците на СДСМ не го прифатија тој предлог и им понудија на либералите на чело на комисијата да стават друг пратеник. Овие се повлекоа на 15 минути, се налутија што не им го сакаат Андов и го повлекоа предлогот за формирање анкетна комисија.

Не е важно дали ќе се откријат нови детали за атентатот врз претседателот на државата. Важно е на чело на комисијата да биде Андов. Дури не е важно ни дали ќе се формира таква комисија. Што ќе ти е, ако со неа не раководи Андов. Баш би било интересно кога на следната седница пратениците на СДСМ би побарале формирање таква комисија. Дали либералите ќе гласаат против?

2. Лошите работи поарно да се заборават. Што ќе ни е сега постојано потсетување на атентатот. Си имаме ние попаметна работа отколку да се занимаваме со мостри на песок од скопската населба Кисела Вода. Или да се загледуваме во луѓето за да го препознаеме фотороботот од плакатот "Да се обидеме заедно". Настрана што останаа неоткриени и соседни земји, и некои три нивоа, и некој човек што го направил експлозивот, па групации, па сомнителни банки... Освен

тоа и новиот министер за внатрешни работи Томислав Чокревски ги нема годините на неговиот претходник Љубомир Фрчковски, за да се загледува во секоја жена што вози "ами 8".

3. Интересно е како во изминативе две недели, по повод иницијативите на двете вонпарламентарни опозициони партии и на опозиционите парламентарци, се однесуваа партиите во Македонија.

Владејачката СДСМ, како и што се очекуваше – игнорантски, со призвук на моќност и сила. Тие кажуваат што е легално, а што не е, тие го толкуваат Уставот, обвинуваат за вознемирување на граѓаните... Приврзокот Социјалистичката партија, според традициите, со јасен и кристално чист став – како ќе каже СДСМ! Либералите во небрано, од една страна во ист кош со ВМРО-ДПМНЕ и ДП, од друга страна се трудат да бидат различни од нив, на трета страна офанзивно обвинуваат, на четврта страна како да се бранат. Како да не беа свесни што ги чека кога отидоа во опозиција – наместо како малцинство да го нервираат мнозинството, тие дозволуваат да бидат изнервирани. Во ВМРО-ДПМНЕ очигледно добро се забавуваат. Ни трага од Љупчо Георгиевски кого го познававме – не се заканува, не упаѓа во туѓ збор, одговара само кога ќе го прашаат, ужива во 200-те илјади потписници... Во Демократската партија како сите да ги правеле под ист калап на лидерот Петар Гошев. Нервозни, заjадливи, спремни за кавга, накострешени... Партиите на Албанците во Македонија се приказна за себе. И владејачката ПДП и опозиционата ПДП-А си гледаат сеир. Сигурно се чудат како овие собрале 160 илјади потписи за четири дена. Кога би го анимирале нивното избирачко тело, тие би ја завршиле акцијата за четири часа.

4. Завчера поминав низ Трговскиот центар на Скопје, покрај излогот на некогаш престижната стоковна куќа на "Центротекстил". Внатре, помеѓу соголените кукли, полупразните полици и растурени закачалки, во мрак, врз два-три заостанати теписи, седеа дваесетина продавачки. Вечерта, на вестите на телевизијата "А1" дознав дека тие се заклучиле однатре и во мракот чекале некој да ја купи стоковната куќа, заедно со нив.

Во вестите на државната телевизија повторно ги дадоа стечајците од кумановскиот "ЧИК". И тие чекаат некој да ги купи.

Половина час потоа, една госпоѓа што ја следела трибината на МТВ за предвремените избори, го праша претставникот на владејачката партија, пратеникот Наќе Стојановски, дали и тој не би барал предвремени избори, кога би имал 100 германски марки плата, а тој одговори дека би барал само ако знае дека тие што ќе дојдат на власт ќе му овозможат барем 150 марки. На прашањето на друг гледач, кои се резултатите на оваа влада, господинот Стојановски кусо одговори дека има многу резултати, дека премиерот во неколку интервјуа ги наброил и рече дека впрочем резултатите се транспарентни, односно, сѐ се гледа.

Дали господинот Стојановски тој ден прошетал низ Трговскиот центар во Скопје? Ќе имал прилика да ја потврди својата теза за транспарентноста на

резултатите. Сè се гледа. Во излогот на "Центротекстил". Којзнае, можеби на тие што седеа во мракот и чекаа некој да ги купи, новиот газда ќе им даде и 160 марки плата!

5. Во Скопје ќе гостува циркусот "Медрано". УНПРЕДЕП со своите хеликоптери го зафати просторот кај базенот во Карпош, каде што обично ги поставуваат циркуските шатори. Овој пат циркусот ќе биде лоциран спроти МАНУ.

Штета што во близината на Собранието нема некоја празна ледина. Можеше таму да се постави циркус. Пратениците ќе можеа да избираат. Да одат во циркус или на седница. Бидејќи веќе се расправаат со глупи августи. Сигурно има и тажни кловнови. И одачи по жица. За жонглери ич да не зборуваме. Можат да бидат и кротители на лавови. И уметници на трапез.

Сега учат како да бидат дресери. Тренираат на народот. Што поуспешни дресери, толку поатрактивна циркуска претстава.

# КОНТИНУИРАН КОНТИНУИТЕТ 13 април 1996

## • Тито на потписите не им верува

1. Кого каде што го јаде, таму си се чеша. Така, главната вест по признавањето меѓу СР Југославија и Македонија во Белград беше насловена како: "Македонија ѝ го призна континуитетот на СРЈ". Во Скопје поентата беше ставена на "Југославија ја призна Македонија под уставното име".

Имав чест да присуствувам на историскиот настан во понеделникот и доколку ме водеше срцето, а не некои новинарски правила, главната вест ќе ја пронајдев во – знамињата. Тоа се оние мали знамиња што се ставаат од двете страни на предниот дел од автомобилот во кој се возат големи ѕвезди. Кога министерот Љубомир Фрчковски го провозија во таков автомобил, обезбеден од полициско возило и придружен со уште седум-осум црни автомобили во свечена колона, од белградскиот аеродром Сурчин до зградата на сојузната влада на Југославија во Нов Белград, ми стана јасно што всушност се случува. Дури и од перспектива на застареното црвено комби, марка "Застава", на опашката на свечената колона, во кое беа македонските известувачи, проработува извесно недефинирано чувство на гордост, измешано со балкански инает. Колку и да се знаменцата дел од протоколот, мене ми се чинеа многу повеќе. Развејувањето на македонското знаменце пред погледите на случајните минувачи низ Нов Белград ми дојде како еден убав, здрав инаетчиски одговор на сите приказни за Јужна Србија, за српските ослободители, за Милошевиќевите планови за конфедерација со Грција, за омаловажувачките сигнали дека Македонија не може да опстане како независна држава

ако не влезе во скратената Југославија, за разни букурешки и којзнае какви мировни договори, за српските гробишта и српските цркви. И тоа одговорот дојде директно во Белград.

2. Немаше никаква теорија Македонија да не ѝ го признае континуитетот на новата СР Југославија со старата СФРЈ. Доколку министерот Љубомир Фрчковски направеше забелешка по тоа прашање, можеше да остане гладен.

Имено, во Палатата на федерацијата во Нов Белград, што од тоа време ние уште ја познаваме како зграда на СИС, приборот за јадење сè уште е во знакот на стариот грб на Југославија. Владата на нова Југославија очигледно внимава на континуитетот со СФРЈ штом сè уште не ги замениле чиниите и есцајгот на кои е изгравиран грбот на старата федерација. Така што, кога ќе седнеш да јадеш, мораш да се соочиш со шесте факели од Јајце и фамозниот датум 29 ноември 1943.

Министерот Фрчковски се најде во небрано. Им го призна континуитетот на Србија и Црна Гора на маса. Меѓу два залака. Џабе му е и ако кажал дека едниот факел сигурно е наш. И без него и со него чиниите, вилушките и ножевите останаа кај нив. За тоа ќе се договориме во иднина – спогодбено.

Покрај приборот за јадење, во Палатата на федерацијата даваат и салвети на кои е аплициран истиот грб со шесте факели. И салветата е симбол на државниот континуитет. На крајот со неа можеш да се избришеш.

3. Од сите одредби во спогодбата потпишана во Белград, најјасна е онаа што го регулира прашањето за сукцесијата. Се вели дека двете држави тоа прашање ќе го решаваат спогодбено.

Оваа еквилибристика на јазикот значи сè, ама не значи – ништо. Тоа значи дека за наследството од бившата држава нема да се тепаме. Ама и дека никогаш ништо нема да добиеме.

4. Сè уште ќе се занимаваме со иницијативата за предвремени избори и со пребројувањето на 200-те илјади потписи. Ливчињата што ВМРО-ДПМНЕ и ДП ги донесоа во Собранието ќе одат на дополнителна проверка. Затоа што Тито на потписите не им верува.

Претседателот Глигоров можеби верува во потписите, ама вели дека во демократските држави не се видени такви ситуации, врз основа на граѓанска иницијатива да се оди на предвремени избори. Глигоров почна да го користи терминот "остатокот од Сојузот за Македонија". Сега треба допрва да се утврди дали Либералната партија направила сецесија од Сојузот или Сојузот се распаднал на неговите составни делови. Од тоа ќе зависи сукцесијата. И континуитетот.

5. Континуитетот со старата држава го одржува и Здружението на возачите на Македонија. Според тогашните обичаи, нивни почесен член станува шефот на државата. Затоа и деновиве претседателот Киро Глигоров стана почесен член на Здружението на возачите.

За да се остане на провереniот пат, најдобро е да се внимава на традицијата. Во бивша Југославија Здружението на возачите како свој празник го славеше денот

кога во него пристапил претседателот Јосип Броз-Тито. Не ќе е лошо за да го задржи континуитетот со старата држава и нашево здружение на возачи за свој празник да го избере денот кога негов член станал претседателот Киро Глигоров.

Само едно нешто не е јасно. Како може Глигоров да биде почесен возач, а сепак дозволува да го возат?

6. Со новиот царински тарифник исто така ќе го продолжиме континуитетот со старата СФРЈ. Бидејќи ќе ги зголеми царините за странските возила, нема да ни преостанува ништо друго освен да си купиме евтини возила. Ќе си возиме "југо". Во согласност со континуитетот ќе продолжиме да ја штитиме српската автомобилска индустрија. Тоа ќе го решиме спогодбено: ние ќе купуваме српски автомобили, а тие ќе ни ги продаваат.

## МИК ЏЕГЕР — 20 април 1996

### • Граѓанска иницијатива за собирање гласови на премиерот Црвенковски

1. Вчера се јави Мик Џегер. Сакаше да го поздрави министерот Фрчковски. Рече: "Многу интересен човек тој вашиот Фрчко. При следната реконструкција на Владата нека не се секира, ќе го земам во тимот да ми организира турнеи. Водачот на популарната рок-група бил воодушевен од настапот на нашиот министер за надворешни работи на скопскиот аеродром, кога тој на новинарите им изјави дека имал турнеја долга како "Ролинг стоунси".

И така, завчера вечер министерот Фрчковски се дотркала од Скандинавија, преку Виена, до скопскиот аеродром, идентификувајќи се со Мик Џегер. Споредбата и не му беше којзнае колку изместена. Особено ако му станало јасно дека дипломатијата ни е како пејачко друштво. Можеби и турнејата му дошла како тркалање камења. Или пак тие се тркалале како камења. Камен на камен.

Досега приматот на македонски Мик Џегер го држеше пејачот на новокомпонирани фолк-песни Гоце Арнаудов. Од каде сега Фрчковски се меша таму каде што не му е место. Не му личи на облеката. Министерот навистина учествуваше во рекомпонирање, ама на власта, а не на мелодии со фолк-ритам. Така што најпаметно би му било да се повлече и да го остави пејачот Гоце Арнаудовски спокојно да си ја носи титулата "македонски Мик Џегер". И да продолжи да си ги пее своите хитови, без да се плаши дека еден ден Фрчковски ќе запее некоја негова песна. Како на пример онаа популарната: "Оган и пламен фрлаат по мене, дека сум голем бекрија, ем мераклија..."

2. Поради нордиската турнеја, сосема оправдано е тоа што министерот за надворешни работи не беше во Скопје да го пречека министерот за надворешни

работи и потпретседателот на владата на Кина, Чиен Чичен. Кинескиот шеф на дипломатијата во Македонија дојде во возвратна посета. Ама немаше кому да му ја врати посетата. Стево Црвенковски веќе не е министер. А Фрчковски не бил во Пекинг на гости кај Чичен.

Во ситуација кога едниот домаќин е сменет, а другиот го нема, успешно влегува Љубе Трпевски. Ем потпретседател на Владата, за да му парира на гостинот, ем функционер на Социјалистичката партија која има знаме слично на кинеското.

Чиен Чичен задоволен си заминува од Македонија. Домаќините му ветија дека ќе ја поддржуваат Кина во нејзините напори да се обедини со Тајван, Макао и Хонг Конг. Без македонската поддршка Кина ќе имаше големи проблеми во меѓународната јавност да го стори тоа што го наумила. Сега, по посетата на Чичен на Македонија, Кина излегува со значително зајакнати позиции во нејзиниот спор со Тајван.

За очекување е дека сега ќе се направи нов проблем, кој особено ќе го ослаби јужното крило на НАТО. Како ќе реагира Америка, ако ние ѝ дадеме логистичка и воена поддршка на Кина во борбата против Тајван. Што ако од тајните бази на Криволак кон тајванскиот теснец полетаат ескадрилите "Ханџо 1" и "Ханџо 2", со супер модерните чешки авиони, и ги предизвикаат авионите од американскиот носач "Нимиц"? НАТО-пактот е веќе доволно ровит на ова јужно крило. Малку му е спорот меѓу Грција и Турција, па ќе му додаваме нов спор меѓу Македонија и САД!

3. Премиерот Бранко Црвенковски им вети на пензионерите дека државата во рати ќе им врати една заостаната пензија. Од јуни тие ќе добиваат цела година пензија зголемена за 8 отсто. Пензионерите, ионака научени да губат, оваа работа ќе ја пречекаат со радост. Толку ќе се радуваат што сигурно ќе заборават да прашаат каде се каматите. Нели сме пазарно ориентирана држава, нели режиските трошоци се плаќаат со камата, нели каматите за стопанството во изминатите години беа толку големи што уништија големи фирми, нели од камати добро се живее – таа филозофија не важи за пензионерите!? Колкава камата би донела најниската македонска пензија, ако пред две години била ставена во банка и орочена до јуни оваа година?

Во секој случај, овој потег на премиерот Црвенковски може да биде охрабрувачки за опозицијата. Пред некој ден беше објавено дека рускиот претседател Борис Елцин во предизборната кампања им ги зголемил пензиите на пензионерите. Дали со тоа што Бранко Црвенковски им ги зголеми пензиите на нашите пензионери не се подготвува за евентуални предвремени избори? И овој потег може да се толкува како граѓанска иницијатива за собирање на гласови. Со тоа што вакви иницијативи имаме видено – и во последниве сто години, а веројатно и порано.

4. Социјалдемократската младина на Македонија испрати соопштение во кое, по повод нападот на нивниот член Едмонд Адеми, се вели дека тие целосно ги

проследиле медиумските реакции во врска со овој настан и изразуваат задоволство од целосната осуда на овој нецивилизиран чин.

Подмладокот на СДСМ е добар ученик. Не само што ја анализираат работата на медиумите, туку си земаат за право својата оценка и јавно да ја соопштат. Дозволете ми од името на медиумите на младите социјалдемократи јавно да им се заблагодарам за позитивните оценки. И да потсетам дека народот што има таква младина не треба да се грижи за својата иднина.

Со свесен ризик дека можеби моето следно прашање ќе биде негативно оценето кај активистите на СДММ би ја поставил дилемата: дали подмладокот на СДСМ ќе реагираше исто и ако претепаа некој друг младинец, а не нивни активист? Или, дали човек мора да биде член на партија за да има кој да го брани?

# ФАЛШ ИНТОНАЦИЈА

**27 април 1996**

## • Зошто не е згодна паролата "Куала Лумпур е наш!"

1. Тоа што дури и седумгодишните деца Албанчиња од Македонија, за разлика од нивните врсници Македончиња, многу добро знаат дека спогодбата што е потпишана со СРЈ е штетна за Македонија, во никој случај не може да ја потврди тезата дека дури и малите деца сонуваат за големи држави. Меѓутоа, тоа што пратениците од албанските партии во Македонија во Собранието упорно нè убедуваат дека со спогодбата се игнорираат интересите на Косово и на Албанците во Македонија, покажува дека нив Македонија им е последна на ум.

Пратеникот Руфи Османи вели дека "владите на Јужните Словени пеат секогаш иста песна, кога се во прашање правата на Албанците". Каква врска имаат правата на Албанците во нашата јужнословенска држава што се вика Македонија со правата на Албанците во другите југословенски држави, па и несловенските, па ако сакате и со правата на Албанците во Албанија, и сето тоа во меѓусебното признавање меѓу Македонија и СР Југославија? Кога сме веќе кај песните, не ќе е лошо да ја фатиме интонацијата на песната што се пее во оваа конкретна јужнословенска држава што се вика Македонија, во чија влада унисоно настапуваат четворица министри и петмина заменици, претставници на албанското избирачко тело. Ако веќе ја фатиме нивната интонација, станува јасно дека во песната, што ја пеат здружено со своите македонски колеги, фалшираат. Не е важна Македонија, не е важно нејзиното заокружување на државноста, не е важно избегнувањето на воениот ризик. Важно е Косово. И најважно е ако може на север да нема никаква граница, да немаме дефинирана територија на државата и кога ќе дојде време да се реши албанското "прашање",

тоа да се реши – на глобално ниво. Со други зборови: "сите Албанци во една држава".

2. Баш им е гајле на Албанците што ние немаме море. И што сега сме пред тешка дилема кое пристаниште од соседните земји да го одбереме да си биде наше. Велат, сите се тепале за Македонија. Ние сега ќе треба да избираме помеѓу Солун, Драч, Бургас и Бар. Со оглед на нашата политика на еквидистанца, тоа може да излезе нерешлив проблем.

Среќа што во меѓувреме допатува малезискиот премиер со едно чудо народ. Малезијците решиле да ни ги отворат очите. Се договорија да отворат директна линија Скопје – Куала Лумпур. Тие ја туркаат идејата од скопскиот аеродром да направат база од која ќе можат да тргуваат со сите земји од овој регион. Така што и нас би можеле да нè ослободат од главоболките. Не ни требаат ни Солун, ни Драч, ни Бургас, ни Бар. Одиме за Куала Лумпур.

Единствената фалинка на ова новооткриено воздушно пристаниште е што на таму не нè влечат историските корени. Не можеме да го споредуваме со Солун. ВМРО не е основано таму. Гоце Делчев никогаш не стапнал во Куала Лумпур. Па дури ни Александар Македонски, колку и да бил мегаломан, не успеал да стигне до Малезија. Најважно од сè е што тешко ќе се привикнеме на паролата: "Куала Лумпур е наш!"

3. Либералите бараат ребаланс на функциите во Собранието. Сега, откако нивниот лидер Стојан Андов повеќе не е претседател на Парламентот, потребно им е некое претседателско место на посилна собраниска комисија.

Најавено е дека либералите ќе бараат Стојан Андов да биде претседател на Комисијата за надворешни работи. Не верувам дека Илинка Митрева, претседателката на таа комисија, ќе му даде.

Госпоѓата Митрева го научи министерот Фрчковски редовно да ѝ доаѓа на седниците на Комисијата. И Андов би сакал да му доаѓа Фрчко. Ама никако да го фати. Прво се обиде со анкетната комисија за атентатот врз претседателот Киро Глигоров. Да беше претседател на таа комисија, Фрчковски ќе мораше да му дојде, зашто на 3 октомври минатата година беше министер за внатрешни работи. Сега, како министер за надворешни работи, единствениот начин да му оди на Андов е ако овој стане претседател на Комисијата за надворешни работи. Така би излегло дека Андов и Фрчковски се судбински поврзани.

Не е јасно како на оваа најава за ребаланс на собраниските функции ќе реагира самиот министер Фрчковски. Што мислите, кога би требало тој да избира, дали би ја избрал Илинка Митрева или Стојан Андов?

4. Една куса вест од градската хроника, објавена деновиве, ме поттикна на размислување. Салонот на "Мисла" на самиот влез во Градскиот трговски центар во Скопје поради работење со загуба ќе се претвори во бутик за кожна облека.

Има најмалку две објасненија зошто книжарницата се претвора во бутик.

Едното е дека сопственикот на дуќанот, кој се наоѓа на извонредно ударно место, едноставно не знае да работи и не знае на полиците да донесе изданија кои и според изборот и според цената ќе бидат мамка за купувачите.

Второ објаснение е дека тие што купуваат книги во овој момент немаат пари тоа да го прават. Тие пак што купуваат бунди веќе измериле колку метри книги им требаат и  одамна ги ставиле во регалот. Така што и тие што купуваат бунди повеќе не купуваат книги. Оттука и пазарната логика зошто на тоа место подобро оди бутик за кожна облека отколку книжарница. Бундите излегуваат од мода, а книгите не.

## КОНСТРУКТИВЕН ПРАЗНИК 4 мај 1996

**• Влада што има ваков синдикат не треба да се грижи за својата иднина**

1. Чудно, како оваа година не беше организирана првомајска парада. Мислам дека тоа е голема грешка на претседателот на Синдикатот, Живко Толевски. Требаше да реагира веднаш кога премиерот му рече дека Владата ја смета оваа година за година на растеж. За да порасне во очите на премиерот, Толевски веднаш требаше да ги активира синдикалните организации низ целата држава и да направи грандиозна првомајска парада. На дело да покаже колку Синдикатот и власта се заеднички во борбата за остварување на националните интереси. Првомајската парада требаше да се организира под мотото: "Влада што има ваков синдикат не треба да се грижи за својата иднина!".

За жал, парада немаше. Живко Толевски направи само свечена седница на Советот на синдикатите, на којашто, како што е редот, ги покани премиерот Црвенковски и министерот за труд и социјална политика Насер Зибери. Бранко Црвенковски беше поканет да присуствува на седницата, за да им каже на синдикалците какви треба да бидат во иднина за да ѝ се допаднат на Владата. Според извештаите од свеченоста, премиетрот Црвенковски му оддал признание на Синдикатот и ја потенцирал потребата од неговото постоење! Замисли! Колку е добар премиерот! И демократ! Не само што им дозволува на синдикатите да постојат, туку вели дека и треба да постојат. Среќа што Владата го има Живко Толевски. Да го немаше, ќе требаше да го измисли.

Откако се согласија дека и на Македонија ѝ треба синдикат, премиерот стави забелешка. Внимавајте, не било каков синдикат. На државата не ѝ е потребен послушен, туку конструктивен синдикат, му порача на Толевски Бранко Црвенковски и му дообјасни дека тој синдикат треба да води сметка и за националните интереси. Ете, таков синдикат ни треба. Не некој што ќе се бори за плати, за

поголема социјална помош за невработените и тие што останале без работа, за редовна исплата на заработувачката, за пријавување на вработените на "црно", против криењето и неплаќањето придонеси...

Глупости... Со такви работи се занимаваат буржоаските синдикати, каде што капиталот е опиум за работничката класа. Ние тука правиме држава. И нашите работници се национално освестени, со висока свест за интересите на државата. Таман работа, како таму некаде во Берлин, да земат да демонстрираат за Први мај. А ваму границата со Србија неодбележана, Албанија нè признала како ФИРОМ, Бугарите не му даваат на ОМО "Илинден" да оди на гробот на Јане Сандански, а преговорите со Грција во Њујорк продолжуваат во јуни. И оди ти, беснеј, барај поголема плата!

2. И – бидна празник. Токму како што порача премиерот. Се фрли работничката класа низ цела држава на конструктивно празнување. Насекаде во светот за први мај – демонстрации. И кај нас, исто така. Имавме масовна демонстрација. На добра храна. Насекаде во светот чад од солзавец. Кај нас очи не можеш да отвориш од чадот од распалените скари.

Ова е многу значаен празник. Сигурно многу позначаен и од националниот празник "Илинден" и од Денот на независноста 8 септември, штом се слави дури пет дена. На тие пак што во понеделникот го славеа и Курбан Бајрам им се фати цел годишен одмор.

Па и вреди Денот на трудот да се прослави со пет дена неработење. И онака во државава имаме 220 илјади невработени. И уште толку пензионери. Редно е тие 350-те илјади што работат да одвојат некој денар од платите што им доцнат неколку месеци и покрај скара, со салата и ракиичка, да го величат достоинството на трудот.

Во првомајскиот проглас Сојузот на синдикатите ги повика работниците "да ја продолжат вековната борба за достоинство на трудот и овој празник да остане вечен симбол на таа борба". Доста ни е со векови да јадеме тавче гравче и ајвар. Барем на овој ден, што е симбол на вековната борба за достоинство на трудот, ќе јадеме плескавици и ќебапчиња. А за да му докажеме на премиерот дека сме национално освестени и конструктивни, ќе се фрлиме и на понекое јагне, што останало од Велигден или што не успеало да отиде во странство. Ние ги штитиме интересите на државата, јадеме македонски јагниња и водиме сметка за солидарноста со вработените во кланичката индустрија.

3. Во предвечерието на големиот празник на трудот Владата мораше да работи и да се занимава со прашањето: Кој ни подметна турски домати на пазарите? Какви се тие национално неосвестени елементи што го девалвираат трудот на македонскиот земјоделец и му ги урииваат цените на раноградинарските производи со домати од увоз? Вакво нешто и минатата година им се случуваше. Ќе влезат доматите како транзит и ќе останат во Македонија.

А Владата се чуди! Од каде ли дојдоа доматите? Да не паднаа случајно од небо. Поминале ли некаква граница, турски цариници ли стојат на нашите

гранични премини? Турско ли министерство за стопанство и турско ли министерство за надворешни работи ги издава потребните дозволи... Што ли ни прават, само да ни наштетат.

Владата ги задолжила надлежните министерства и соодветните инспекции со заеднички настап да го спречат натамошното внесување вакви производи во земјава. Тоа значи дека надлежните министерства и соодветните инспекциски служби сега ќе вршат инспекција на сопствената работа.

## СКОПСКИ ГЕМИЏИИ **11 мај 1996**

### • Само немој по глава, господине министре!

1. Кога ќе читате весник, отворете ги двете очи – четири. Никогаш не се знае кога од зад некоја страница ќе ви излезе непријател на редот и поредокот. И телевизија гледајте на штрек. Можеби веднаш зад рекламите, подмолно и злонамерно, како што тоа го можат само новинарите, ќе се појави некој прилог со којзнае каква намера и во којзнае чија функција. Кога слушате радио, безбедносната култура ви налага да се преправате како да сте глуви. Не дозволувајте да ве заведе антидржавната пропаганда на некои новинари кои имаат задача да го дестабилизираат Министерството за внатрешни работи.

Среќа што министерот Томислав Чокревски дојде на чело на полицијата и навреме го идентификува државниот непријател број еден. На Денот на полицијата им објави офанзива на новинарите. Затоа што "ова што сега се прави во некои написи во медиумите и од одредени политички структури во државата против Министерството е исто така атентат врз македонскиот поредок".

Добро е што конечно се појави Чокре да го спаси поредокот. Да му застане на патот на слободоумието на таму некои новинари од скопските медиуми. Да се пресмета еднаш засекогаш со скопските гемиџии. Еднаш засекогаш да му застане на тоа зло, на таа глупава граѓанска бесмислица од слободно новинарство, што однатре го разјадува здравото ткиво на секоја држава.

На Чокревски и му личи да застане на чело на таа борба. Човекот пред да стане прв полицаец беше активист на Форумот за човекови права. Се гордее со своето славно минато кога бил тргнат настрана поради своите либерални ставови. Има ли посоодветна личност од него, за реално да оцени во чија функција се новинарите, од кого се потплатени и што друго уште прават? Нема! Особено што министерот решил против новинарите да се бори со најмоќното оружје. Со вистината! Само немој по глава, господине министре!

2. Колку би му било убаво на министерот Чокревски да ги нема новинарите. Затоа што живее во држава во којашто безбедноста е беспрекорна. Во таква држава да се биде министер за внатрешни работи е чиста уживанција.

Со оглед на тоа што криминалот е речиси на нула, безбедноста е супер, а полицајците по улиците служат за декорација, министерот практично нема никаква работа. И од немајкаде мора да чита весници. Да не му биде бадијала читањето, министерот се занимава со мисловна анализа на текстовите. Испитува што сакал авторот да каже. Што да се прави, тешка е министерската работа, особено кога знаеш дека од тебе лично зависи поредокот. Бидејќи министерот мора некако и да си ја оправда платата, приморан е по весниците да бара атентатори. Тој едноставно знае дека ги има меѓу новинарите. Затоа што новинарите се поврзани со криминални структури. Смејте се вие, ама министерот еден ден ќе излезе и со такви податоци.

3. Среќа што Чокревски секое утро не чита и странски весници. Инаку веднаш ќе откриеше некој меѓународен заговор. Тогаш ќе мора да ја прошири офанзивата. Ќе се замеша Интерпол.

4. Премиерот Бранко Црвенковски е многу горд на Министерството за борба против новинари. Кога беше на министерот Чокревски да му го честита празникот, рече дека некои од соседните земји би посакувале такви резултати какви што бележи нашето министерство.

Мора да се признае дека кај нас е побезбедно да се живее отколку да речеме во Бугарија и Србија. Иако и тоа е релативна работа. Кај нив на пример не ти се исплати да бидеш обичен граѓанин, или полицаец, зашто таму ги убиваат полицајците. Ама досега не слушнавме дека таму некој направи атентат врз претседателот на државата.

Наградно прашање за министерот Чокревски. Кои атентатори се поопасни: оние од 3 октомври минатата година или овие против кои сега подготвува офанзива? Тој атентат од минатата година не е важен. Затоа што е лански. Многу поважен е овој што сега го прават новинарите врз поредокот на Чокревски.

Министерот искажа една генијална мисла соопштувајќи ни дека "полицијата го штити здравото ткиво на државата".

5. Претседателот Киро Глигоров денес треба да се врати од Франција. Во негова придружба неколку дена беше и министерот за надворешни работи Љубомир Фрчковски. За разлика од долгата и напорна турнеја низ Скандинавија, оваа во Париз беше куса и порелаксирана.

Шефот на дипломатијата, кога се врати од долгата турнеја, изјави дека таа била како на "Ролинг-стоунси". Овој пат Фрчковски настапуваше како придружен вокал. Доколку сакаме да опстоиме на традицијата да ги споредуваме патувањата со музички групи, овој пат ќе го споредиме со една помалку позната македонска група. Се вика "Армен и Безимени".

# ГРНЕ ЗЛАТО

**18 мај 1996**

## • Заводот за статистика води евиденција на луѓето со ампутиран мозок

1. Русите доаѓаат! И тоа прво во фабриките што имаат некаква врска со производство на оружје. Како партнери во мир да видат со кои капацитети се подготвуваме да влеземе во НАТО. Мора да се признае дека посетата на руските офицери е многу интересна во време кога Македонија ги стави во сила сите можни дипломатски и воени канали да го убеди НАТО дека сака да биде со него.

Којзнае, можеби и Русија сака да влезе во НАТО. Можеби нè одбрала токму нас, како најсериозни кандидати за прием, да се прошлепува, па кај е Македонија ќе ја примиме уште и Русија. Од таа гледна точка воопшто не е чудна и обиколката на македонските фабрики што имаат производствени линии за воена опрема. Руските офицери учеле во производните погони на "11 Октомври" во Куманово, Металскиот завод "Тито" во Скопје и "Сувенир" во Самоков. Впрочем, воопшто нема потреба ни за изненадување, ни за сомничавост во намерите на руската воена делегација. Во НАТО се влегува и со "Тито".

Тие што не се разбираат во глобалните политички прашања објаснуваат дека Русите дошле да видат што има да се купи во нашите фабрики. И дека ние, ако сме паметни, од оваа посета уште ќе излеземе и со добивка. Демек, ние ќе им продаваме. Само сосема да не им се продадеме. Дури тогаш ќе бидеме – ќар до гуша.

2. Како воздушна поддршка на руската пешадија дојдоа и Србите. Во четвртокот на скопскиот аеродром слета авион на ЈАТ. Во него имаше српски стопанственици. На аеродромот ги пречекаа македонските стопанственици. Имаше и бакнување и шампањско и многу телевизиски камери и изјави. Српскиот јазик повторно се врати како јазик за универзалната комуникација на овие простори. Такво воодушевување какво што предизвика слетувањето на авионот на ЈАТ не верувам дека би предизвикало дури ни слетување на "спејс шатл".

Се разбира за сосема нормална неконтролираната емотивна реакција на луѓето. По четири години пауза ЈАТ се врати во Скопје. По четири години на стопанствениците на Душан Петрески повторно светот им е на дланка. Затоа што ним секогаш светот им бил – Белград. А патувањето со "млекарските" линии на авионите на ЈАТ, што уште во рани зори полетуваа од Скопје за Белград, им беше врвен дострел во стопанисувањето и потврда на нивната успешност.

Во меѓувреме, како ништо да не се случило. За нив изгледа и по четири години нема други пазари освен српскиот, други јазици не им требаат кога добро знаат српски, па дури и ова македонските авиокомпании можат да се укинат, кога веќе си го имаме "нашиот" ЈАТ да нè вози до Белград и назад. Ако е веќе така, нема причина двајцата претседатели на Комората Петрески и Влајко

Стоиљковиќ да не бараат намалување на административните бариери, а стопанствениците укинување на царините. Утре ќе побараат царинска унија. Потоа ќе прашаат – а што ќе ни се и граници?

Оваа година наесен ќе треба да ја прославиме петгодишнината од независноста. Некој ќе рече: "Доста ни беше и толку!"

3. Голема штета е што Србите го сменија нивниот гувернер на централната банка Драгољуб Аврамовиќ. Тој се имаше договорено со нашиот гувернер Борко Станоевски идната сабота во Охрид да го делат златото што остана блокирано од бившата СФРЈ. Гувернерот Станоевски имаше задача да им организира полни пансиони на гувернерите од бившите ЈУ-републики покрај Охридското Езеро, а Аврамовиќ требаше да ги собере и да ги донесе во Охрид.

Арно ама, Аврамовиќ веќе не е гувернер на Југословенската народна банка, другите гувернери не го ни најавија доаѓањето во Охрид, и си остана Борко Станоевски, разочаран, осамен и несреќен и без злато. А баш си имаше купено еден ќуп на струшкиот пазар зашто грне му било мало и единствената грижа му беше дали и ќупот е доволно голем да го собере целото злато што според критериумите на Меѓународниот монетарен фонд треба да ѝ припадне на Македонија. Си остана гувернерот, без злато и со празен ќуп. Му остана само охридскиот – бисер!

4. Министерството за правда се ослободи од потписите за референдум за предвремени избори. Министерот Поповски пак му ги врати на Тито Петковски. Овој пат прочистени од Заводот за статистика. Тој откри дека околу 46 илјади потписи се со недостатоци.

Од нив, пет потписи биле на ретардирани лица, на кои со судска одлука им е одземена деловната способност. Што ти се вика сеопфатна статистика. Статистичарите дури знаат и кој е ретардиран во оваа држава. Јас пак си мислев дека проверката е едноставна работа. Или те има или те нема во избирачкиот список. Немав поим дека ако те нема, Заводот за статистика има податок и зошто те нема. Значи, независната статистика, покрај тоа што е поврзана со независното судство, поврзана е и со независното здравство.

Податоците на Заводот се основа за организирање на изборите. Што поголем број ретардирани, тоа поизвесни изборни резултати. Само не знам дали Заводот за статистика има податок колкумина нè има со ампутирани мозоци!

# 25 МАЈ

**25 мај 1996**

## • И ние Тито за папата имаме

1. Денес е 25 мај. Кога бев мал, на денешен ден се одржуваше грандиозниот слет на стадионот на ЈНА во Белград, по повод роденденот на Јосип Броз Тито. На тој ден, секоја година, во рацете на Тито завршуваше штафетата на младоста, која цел месец пред тоа, од рака до рака, се пренесуваше низ територијата на тогашна СФРЈ, а неговиот роденден се славеше како Ден на младоста.

Денес е 25 мај. Многумина што тогаш беа мали денес се пораснати. Изгледа дека им недостига тоа време. Навиките остануваат. Денес нема штафета. Меѓутоа, секогаш се наоѓа замена. На пример – статуетката "Курирче".

Некому од манифестацијата за детски литературни творби му текнало почесната статуетка "Курирче" да му ја додели на претседателот Киро Глигоров. Ако може претседателот на државата да биде почесен член на Сојузот на возачите на Македонија, зошто да не биде и "Курирче". Утре ќе почнат во своите здруженија да го примаат и пчеларите, овоштарите, девизните штедачи, риболовците, новинарите, ликовните уметници...

Претседателот е витален и активен човек, па се дружи со сите. Еве, само оваа надела успеа да оди на изложба, да го отвори саемот на автомобили, да присуствува на прогласувањето на носителот на Златниот венец на Струшките вечери, да се качи во хеликоптер на УНПРЕДЕП... Толку успеаја да јават од неговиот кабинет.

2. Верувам дека тие што му ја смислиле статуетката "Курирче" сериозно размислиле пред да решат да му ја доделат. Курирчето носи пораки. А кај нас претседателот Глигоров испраќа пораки. Секоја недела по едно интервју за странски весник. Се јавува надвор, а испраќа пораки – внатре.

Веројатно затоа што се работи за странските весници, некои работи остануваат нејасни. Па претседателот мора следната недела повторно да дава интервју за друг странски весник. За да дообјасни.

Од пораките на претседателот најмногу беа изненадени политичарите од албанската националност во Македонија. Имаа потреба да го коментираат секое интервју. За тоа не треба да им се забележува. Утре во Албанија има избори. Не може тие да поминат така, а да нема предизборна кампања во Македонија.

Проблемот во неразбирањето на пораките од странските весници е проблем на несфаќање на една опција која очигледно дава резултати. Таа е – една нација во една држава. Албанците, како и сите други нации на Балканот живеат поделени во повеќе држави. Нивните лидери сакаат да ги сместат во една. Тој принцип, се покажа, успешно функционира. И Милошевиќ сакаше сите Срби да ги собере во една држава. Затоа и ги воведе војните во Хрватска и во Босна и Херцеговина. И – успеа во тоа. Сега сите Срби живеат во – Србија.

3. Секоја година во овој период на мај, за време на Деновите на Македонија во чест на св. Кирил во Рим и Ватикан, папата Јован Павле Втори прима некој македонски политичар. Минатата година тоа беше претседателот Киро Глигоров, предминатата година премиерот Бранко Црвенковски, а оваа година претседателот на Собранието Тито Петковски.

Ете, и ние Тито за папата имаме.

4. Министерството за одбрана решило да купи неколку брзи воени авиони од типот "Албатрос". Албатрос е птица со голем клун и со големи крилја. Позната е и по тоа што ѝ треба поголем залет за да се дигне во воздух. Да се надеваме дека авионите што го носат нејзиното име не се правени и по нејзин урнек. За клунот и крилјата некако ќе се снајдеме. Ама, за залетот... Некој, додека се залета, веќе да го повреди воздушниот простор на некоја соседна земја.

Командантот на военото воздухопловство, полковникот Миле Манолев, вели дека тие се приближуваат кон стандардите на НАТО. Авионите биле од чешко производство. Тоа не е важно, затоа што велат дека имале јаки мотори. Од рускиот производител на авионите "ЈАК".

5. Велат и дека веќе длабоко сме завлегле во капитализмот. Други тоа го одрекуваат, употребувајќи го волшебниот збор "транзиција". Демек, не сме ни социјализам, ама ни капитализам, туку во транзиција.

Директорот на Електростопанството од Штип пронашол идеален начин како да ги наплати сметките за струја, а притоа да не ги исклучува нередовните плаќачи. Во зависност од тоа кој колку му должи неплатена струја, работи за Електростопанството. Така, наместо да ги плаќаат сметките, некои граѓани на Штип копаат во дворот на "Електро", садат цвеќиња и го уредуваат земјиштето.

Дворот на Електростопанството не е нечиј феуд. Директорот не е феудалец. Нередовните плаќачи на сметките не се кметови. А сето ова не личи ниту на социјализам, ниту на капитализам, ниту на транзиција, ами на – феудализам.

На Балканот ги има сите системи. Бугарија се соочува со недостиг на леб. Во граничните подрачја почна да се одвива интересна трговија меѓу македонските и бугарските граѓани. Македонците нудат три килограми леб, а од Бугарија добиваат еден килограм сирење. Тоа веќе не е феудализам. Се работи за натурална размена од првобитното општество.

Секој ден очекувам пример кој ќе ни покаже дека не сме далеку од каменото време.

# ЕВРОПСКИ ОПИНОК **1 јуни 1996**

## • Во Европа нема да загазиме како дустабанлии

1. Во време кога потпретседателот на Владата Јане Миљовски со сета своја тежина ги притискаше Европејците во Брисел да го прифатат нашето сфаќање за регионалниот пристап и еволутивната клаузула за асоцирање со Европската унија, во Собранието на Македонија конечно се случи – живот. Пратениците цели пет и пол часа поставуваа прашања од нивното секојдневие.

Во целата атмосфера на европеизација на Македонија сосема природно прозвучи прашањето на пратеникот Вељо Тантаров, зошто опинците се оданочуваат со стапка 20 од сто, а тракторските гуми само со 5 од сто? Тука веќе не станува збор за дилема: опинок или трактор? Во ова време на дискусии како побрзо да стигнеме до Европа, прашањето за опинците е од суштински карактер. Прво, да разјасниме дали се работи за кожни или за гумени опинци. Ако се кожни – добро. Тие се квалитетни и здрави за нозете. Ако ништо друго, барем во Европа нема да загазиме како дустабанлии. Ама, ако се гумени – не е добро, не се еколошки и со нив Европа не нѐ прима.

Опинците се добра основа за приспособување кон регионалниот пристап со којшто нѐ условуваат во Брисел. Гумените опинци се прават во Пирот. Вицепремиерот Беќир Жута најави формирање слободна трговска зона со СР Југославија. Пиротските опинци ќе можат да се најдат на македонските нозе, растоварени од царина. Слободната трговска зона меѓу Македонија и Србија ќе профункционира со размената на опинци. Тие ќе го пробиваат патот преку регионална соработка сѐ до Европа.

Со опинците, Европа ќе покаже разбирање и за еволутивната клаузула. Само што според спогодбата нема да може прецизно да ни каже колку чифта опинци треба да се износат за да се стигне до Брисел.

Што се однесува до нас, не постојат никакви дилеми. Затоа што кај нас веќе стана правило да не се почитува еволутивната клаузула. Кај нас од опинок веднаш се скока на – ѓон.

2. Што ти е еволуција! Некогаш оган го гореше Брезово, а денес скакулци го пустошат Мариово. Од бељa да не куртулиш. Кај го најдоа Мариово, таму нема што да се опустоши!

Чувствувам, Владата ќе има сериозен проблем да одговори на пратеничкото прашање: Кој вид скакулци го пустошат Мариово? Според логиката на нештата, скакулците ќе треба да ги лови министерот за земјоделие Паракеов. Барем во почетокот на акцијата, зашто додека во Владата се натегаат кој да лови скакулци, тие можат сѐ да испојадат. Или, не дај боже, да измутираат во некој друг вид. Што знаеш какво ќе биде летото.

Подоцна, ако се открие дека Паракеов не може сам да се пресмета со скакулците, Владата ќе прогласи вонредна состојба или елементарна непогода. Во тој случај ќе мора да се вклучи и Министерството за внатрешни работи. Министерот Чокревски за момент ќе ја прекине офанзивата за вистината и наместо да ги лови новинарите и внатрешните непријатели во Министерството, ќе му се приклучи на министерот за земјоделие во ловот на скакулци. Доколку пак, не дај боже, ситуацијата стане толку алармантна, на помош ќе притекне и Министерството за одбрана. Настапува Благој Ханџиски и неговата единица што ја тренира за НАТО-вежбите.

Така Владата ќе забележи уште еден голем успех. Ќе утврди кој вид скакулци го нападнале Мариово!

3. Има една англиска песна, "Каде и да одиш, времето со себе си го носиш". Претседателот Глигоров е европски ориентиран човек. Наместо балкански турбофолк повеќе му лежат англиските песни.

Затоа кога замина за Скандинавија и тука застуде. Зошто само на претседателот да му студи? Ако тој во Финска и Шведска мораше да носи мантил, зошто ние тука да се шетаме со куси ракави? Глигоров по два дена се врати. Нам ни се врати и топлото време.

Само да не му текне следното патување да му биде некаде во монсунските предели. Доста ни беа дождови. Башка што немаме гумени чизми, имаме само – опинци.

4. Минатата недела во Рим се одржуваше манифестацијата "Македонија во чест на свети Кирил". На чело на македонската државна делегација беше претседателот на Собранието Тито Петковски.

Минатата сабота господинот Петковски, во еден познат римски ресторан, приредил вечера за членовите на делегацијата и за новинарите. Таа сабота беше 25 мај. Сите се сеќаваме дека пред многу години на 25 мај го прославувавме роденденот на Јосип Броз Тито.

Има ли поприговден датум за претседателот на Собранието Тито Петковски да приреди вечера, отколку 25 мај? Кога, ако не на имenden? Е, па ајде, за многу години името, другар Тито!

# СОФА СОФРА

**8 јуни 1996**

## • "Албатрос" ќе го потопи "Нимиц"

1. Американците нè легнаа на СОФА. Сега можеме да се релаксираме. СОФА е името на договорот за статусот на силите што го потпишавме во САД. Објаснувајќи ни што значи тоа во практиката, министерот за одбрана Благој Ханџиски ни рече дека сега е создадена правна основа американски сили да можат да престојуваат кај нас и наши сили кај нив. Остана да го реализираме уште договорот – СОФРА.

Тоа што сега сме на СОФА е мал чекор за нас, но голем за Америка. Мал, затоа што ние ќе престанеме да се секираме дали Русија ќе стави вето, или не, за продолжување на мандатот на УНПРЕДЕП. А голем, затоа што Американците сега ќе добијат македонски сили во нивната одбранбена структура. Само нека се обидат сега Русите да поставуваат свои ракети на Куба. Ќе се соочат со македонскиот одбранбен бедем на Флорида. Допрва ќе се каат за воздржаниот глас во Советот за безбедност.

Сега, кога веќе сме решиле да им помагаме на Американците, ќе мора да правиме и заеднички воени вежби. Такви вежби прават и Јапонците. Вежбајќи, минатата недела, по грешка урнале американски борбен авион. Нам таква грешка не смее да ни се случи. Кога би се случила, штетата би била многу поголема. Замислете си, на вежбите што идниот месец ќе се одржат во Албанија да го пуштиме нашето воено воздухопловство. И по грешка, "албатросите" да го потопат носачот на авиони "Нимиц".

2. Министерот за надворешни работи на Грција Теодорос Пангалос пред неколку дена на прес-конференција во Берлин изјави: "Поздравете го Фрчковски и прашајте го за здравјето!".

Македонскиот министер за надворешни работи Љубомир Фрчковски завчера, по враќањето од Берлин, изјави дека се сретнал со Пангалос "на поминување", на некој коктел, се поздравиле и се прашале за здравјето.

Кога веќе се прашале тоа што ги интересира, зошто тогаш и нам не ни кажаа дали се здрави?

3. Министерот Фрчковски немаше коментар на прашањето што се случува со преговорите во Њујорк. Рече дека прашањето дали тие ќе се случат ден-два порано или подоцна е сосема неважно, туку е важно дека ставот останува ист.

Министерот е информиран дека преговори минатата недела немало. Тоа што новинарот на телевизијата "А1" во средата од постојаниот претставник на Македонија во ОН, амбасадорот Денко Малески, добил одговор дека преговорите се во тек, е сосема друга работа. Можеби и амбасадорот Малески, исто како и

ние тука, се потпира на информациите на грчките медиуми. На крајот на краиштата, тоа што тој е претставник во ОН не мора да значи дека мора да знае сè што се случува во Њујорк. Особено кога тоа не му е работа. Со такви минорни работи, како што се на пример преговори, се занимаваат други луѓе. Како на пример неговиот колега, постојаниот претставник на Грција во ОН, Христос Захаракис. Од каде може Малески да знае што прави во Њујорк амбасадорот Иван Тошевски, кога специјално го испраќаат од тука да се среќава со колегата на нашиот претставник во ОН.

Тоа што новинарот на "А1" добил погрешна информација, па мораше завчера да ја проверува лично кај Фрчковски, не е нешто што се случува ни прв ни последен пат. Новинарите стигнаа до таму до каде што можат да стигнат и им веруваат на изворите, убедени дека тие се компетентни.

4. Премиерот Бранко Црвенковски во четвртокот се сретна со раководството на Сојузот на пензионерите. Имаа заедничка седница на тема: "Актуелната економско-политичка состојба во РМ, со посебен осврт на пензискиот систем и пензиите". Кој смисли ваков наслов – алал да му е. Како од времето кога сегашните раководители на пензионерите беа општествено-политички раководители.

Баш сум љубопитен колку некој обичен пензионер, по можност од првата категорија, е животно заинтересиран, за актуелната политичка состојба во државата со осврт на неговата пензија.

Состанокот се одржа во зградата на Владата. И премиерот и пензионерското раководство се чувствуваа како дома. Црвенковски затоа што слезе само кат подолу од неговиот кабинет. Пензионерските раководители затоа што тоа порано беше зградата на ЦК СКМ. Во истата зграда некои од нив, како општествено-политички работници, донесуваа одлуки за задолжување во странство и потоа решаваа како да ги потрошат парите. Во истата зграда сега повторно се донесуваат одлуки за задолжување.

5. Признанието "Патент на годината" за оваа година е доделено за пронајдокот "Глобален вибро-компензационен конструктивен систем за индустријализирана градба на вибро-изолирани и сеизмо-отпорни згради".

Следи ново признание на тој што ќе успее да го дешифрира името на пронајдокот. И утешна награда за тоа што ќе го научи напамет.

# МАЈСТОРОТ И МАРГАРИТА

**15 јуни 1996**

## • Кој прв до НАТО: Фрчковски или Ханциски?

1. Добро е што конечно во државата ни се случи еден поголем скандал од областа на културата. Дејствува оптимистички, кога ќе се направи глобална оценка на состојбите во земјата. Културни скандали се случуваат во културни држави.

Дали навистина постепено стануваме здодевно место за живеење, во кое телевизиските термини до неодамна резервирани за трибини во кои политичарите ја спасуваа државата, им го препуштаат местото на трибини во кои културните дејци некултурно се навредуваат? Исто како во оние стерилни демократии, чиишто народи се отепуваат од меланхолијата на системите во кои сè функционира и бескрајно се радуваат на некој скандал, макар и културен, колку да би имале со што да ги исплакнат устите.

Скандалот на театарскиот фестивал "Војдан Чернодрински" во Прилеп пукна кога битолската претстава "Мајсторот и Маргарита" ги доби речиси сите најважни награди, кога еден дел од наградените одбија да ги примат наградите, кога артистите на Македонскиот народен театар не излегоа да ја играат завршната претстава на фестивалот, а министерот за култура Слободан Унковски поради тоа побара оставка од директорот на МНТ.

Дали ве интересира што вели претседателот на Советот на Фестивалот? Што вели жирито? А селекторот? Што велат наградените? Што велат навредените?

Ако сте биле еден од оние што купиле билет за завршната вечер на Фестивалот, сте се разочарале, бидејќи парите сте ги дале бадијала. Во тој случај не верувам дека некого би го интересирале одговорите на сите останати прашања. Главното прашање е: Зошто не сум го добил тоа за што сум платил? И тука дискусијата престанува.

Којзнае, можеби кога ќе го пронајдеме одговорот на тоа прашање, ќе станеме нормална држава на која скандали ѝ требаат колку само да не умреме од здодевност. Кога ќе го добиеш тоа за што си платил, без притоа да те тормозат со разни објаснувања за селектори, претседатели, директори, жирија, министри... Затоа што нам скандали ни се случуваат секојдневно. Затоа што секој човечки живот самиот за себе е драма, само што опкружувањето ни прави театарски игри. Како и да ја завртиш работата, пак најоштетени се тие што не се на сцената, кои можат само да аплаудираат или да свиркаат.

Само на фестивал може да се случи и мајсторот и Маргарита да добијат многу признанија. Во животот е поинаку. Многу мајстори, а Маргарита – незадоволена.

2. Започна трката за членство во НАТО. Неделава Македонија ја потпиша Индивидуалната програма за соработка со Северноатлантскиот пакт.

Програмата ја подготвуваа Министерството за одбрана и Министерството за надворешни работи. Додека министерот за одбрана Благој Хаџиски го дочекуваше Вилијам Пери, министерот за надворешни работи Љубомир Фрчковски побрза за Брисел, да ја потпише програмата. Пери си замина, по него за Брисел уште вечерта одлета и Хаџиски. Ама, Фрчко му избега од Брисел за Фиренца.

Кој прв ќе стигне во НАТО: Фрчковски или Хаџиски?

3. Што се случува? Нешто не е во ред? Поминаа веќе два дена откако не сме го виделе Вилијам Пери во Македонија.

Ја знаете онаа изрека што се употребува кога некој ќе каже нешто што сите го знаат: "Ех, ја откри Америка"! Ако продолжи вака да се појавува американскиот секретар за одбрана, почесто отколку некои наши министри, во САД ќе ја прифатат изреката: "Ех, ја откри Македонија"!

Претседателот Глигоров ни откри дека Пери не дошол три, туку четири пати во Македонија. Му го брои првиот пат, кога авионот не можеше да слета поради маглата на скопскиот аеродром и кружеше извесно време над Скопје. Тогаш Пери ја видел Македонија. Ама ја гледал низ магла. Којзнае како сме му изгледале. Потоа чекаше да дувне ветер. Да ја однесе маглата. Тоа што при неговата последна посета беше пукнало летното сонце е уште еден прилог во правецот на идната македонско-американска воена соработка. Да види Пери дека овде не е сè ветер и магла.

4. Новинарите повторно имаа проблеми со службите за обезбедување. При посетата на американската делегација во почетокот на неделава, веднаш по приемот кај претседателот Киро Глигоров, обезбедувањето пред нос им ја тресна вратата на известувачите кои сакаа да земат изјава од гостите.

Минатата недела репортерите што отидоа на аеродром да го чекаат министерот Јорго Шундовски по враќањето од Истанбул, беа "шуткани" наваму-натаму низ аеродромската зграда од страна на полицајците, додека не реагираше службеник на Секретаријатот за информации.

Слично беше и при посетата на малезискиот премиер на Македонија. Новинарите немаа пристап до платформата речиси цел час и беа задржани далеку од бесцаринската зона, како да се обични патници, небаре таму се за забава, а не по работа.

Министерот Чокревски навистина објави офанзива против новинарите, ама ние тоа го сфативме фигуративно. Сигурно и тој самиот не очекуваше полицајците да го сфатат буквално.

# ДОПИСЕН ЧЛЕН

**22 јуни 1996**

## • Македонското девојче сонува да стане "српска певаљка"

1. Македонија е на пат да стане дописен член на Европската унија. Измислен е оргинален начин на парафирање на спогодбата за трговија и соработка. Тие нам ни пишуваат писмо, ние ним им одговараме со писмо. Ова е прва фаза кон полноправно членство во Унијата. Бидејќи ние немаме намера да го менуваме името, а Грција нема намера да се помири со тоа, да сме здрави и живи, кога ќе дојде време, со писмо ќе ѝ пристапиме на Унијата. Така ќе станеме дописен член.

Повеќе немаме проблеми со регионалниот пристап. И еволутивната клаузула некако ќе ја проџваkaме. Сè зависи од тоа колку ќе патува писмото до Брисел. И дали за тоа ќе биде задолжена грчката пошта. Останува само проблемот на самите писма. Што ако некое писмо, било нашето било нивното, некаде се загуби по пат? Дали и тогаш ќе важи спогодбата? Или пак, доколку некој од деветте преведувачи на официјалните јазици на Европската унија го заборави нашето писмо во фиока!?

Среќа што си ја имаме Грција. Барем таа се грижи да не останеме заборавени. Таман се загрижиме што веќе никој не нè смета како проблем, кога еве ти го јужниот сосед, во вистински час за нас. Колку да нè потсети дека е тука.

2. Баш добро им текна на преговарачите да ја употребат оваа финта со дописното членство. Ние им предлагавме да се потпишеме како "договорна страна". Неуки и наивни, дури сега сфаќаме дека ова со писмата е многу поубаво, отколку "договорна страна". Како државјани на договорна страна, во Европа ќе нè викаа – странци. И што наслов ќе стават по парафирањето на спогодбата? Странци во возот за Европа. Или, странци во предградието на Брисел.

Ова со дописното одделение е многу поинтелигентно решение. Прво, на Европејците им докажавме дека штом пишуваме писма значи дека сме писмени. И второ, ако ѝ се налутиме на Европа, можеме нашето писмо да го преадресираме, наместо во Брисел да го испратиме во Вашингтон. Освен тоа, од возот можеме да излеземе на која било попатна станица, ама нема секаде аеродром да фаќаме авион за Америка.

3. Како што стојат работите, изгледа дека во возот нема да стигнеме многу далеку. Така некаде – до Белград. Ако патем не се откажеме уште порано, некаде кај Бујановац, Врање, Ниш, Параќин, Јагодина...

Каков европски центар!? Главниот град на Македонија сè повеќе личи на шумадиска паланка. Драгана Мирковиќ го полни градскиот стадион во Скопје. По телевизиите е главна ѕвезда. "Слатки грех" среде Скопје зборува за српска Скопска Црна Гора. Сега се најавува доаѓање и на Весна Змијанац. Којзнае како ќе ги пречекаме Цеца Величковиќ и Аркан. Така тинејџерките се трудат да личат

на Цеца Величковиќ. Фестивалите на новокомпонирана македонска народна музика се претворија во српски посела. Турбо-фолкот ечи на речиси сите фреквенции на приватните радија. Од телевизиските екрани излегуваат долгите нозе и големите гради на најуспешните српски селски забавувачки...

Какво македонско девојче, каква китка шарена... Македонското девојче сонува да стане српска "кафанска певаљка".

Не ќе е лошо министерот за култура Слободан Унковски, на враќање од Црна Гора, да скршне и да направи турнеја по Шумадија и Поморавје. Да направи избор која кафеанска група ќе има приоритет при давањето дозволи за настап низ Македонија.

Министерот е по театарот, па затоа и не треба да му се лутиме што дозволува пробив на музичка некултура од север. Затоа сите театарски дружини што доаѓаат од Белград се со уметнички вредности и можат само да ни бидат од корист. Не ми е јасно само зошто Лане Гутовиќ, кога неодамна гостуваше со "Кабарето", не ни ја повтори истата точка од пред неколку години, кога во Белград правеше мајтап со македонското осамостојување. Нас не нѐ интересира политика. Уметничка вредност си е уметничка вредност. Особено кога доаѓа од север.

Не дај боже некоја телевизија да откупи бугарска хумористична серија. Скраја да е. Тоа е само за бугарофили. Албански театар или албански пејачи и групи. На тоа ќе одат само сепаратистите. Грчка музика!? Продадени души.

Со српските гости е сосема друга работа. Тие сите изјавуваат дека кај нас се чувствуваат како дома. А ние им климаме со глава и одобруваме: "Тако је!"

4. Некако се погоди случајно, истиот ден кога Драгана Мирковиќ во Скопје беше во мисија на добра турбо-фолк-музика, да пристигне и првиот југословенски амбасадор Зоран Јанаќковиќ во мисија на добра волја.

Амбасадорот имаше неколку средби со новинарите и не пропушти да каже дека меѓу СР Југославија и Македонија нема отворени прашања. Тоа што нивна комисија уште не е формирана за да се започне со маркирањето на меѓусебната државна граница не е важно. Нема отворени прашања. Има отворена граница.

## ПАРКИРАН АВИОН — 29 јуни 1996

### • Претседателот нема кој да го чека

1. Авионот со којшто претседателот на Републиката Киро Глигоров се враќаше од Стразбур слетал на скопскиот аеродром, се паркирал на платформата, стјуардесата ја отворила вратата, ги донеле и скалите до неа и таман претседателот да излезе, протоколот го вратил назад во авионот, да си седне на своето седиште.

Претседателот немало кој да го пречека. Глигоров и министерот Фрчковски, заедно сосе соработниците и новинарската екипа што го следеше настапот на претседателот во Советот на Европа, десет минути трпеливо чекале во паркираниот авион, на триесет и кусур степени, на платформата на аеродромот, да дојде некој да ги пречека. Потоа се појавиле претседателот на Собранието Тито Петковски и претседателот на Владата Бранко Црвенковски, па Глигоров можел да стапне на скалите надвор од авионот, како и што му личи на шеф на држава.

Велат дека Протоколот не пресметал најдобро кога треба да слета авионот од Стразбур. Или Бранко Црвенковски попусто го вртел бројот на шалтерот за информации на скопскиот аеродром да праша кога ќе слета авионот, а таму било зафатено? Можеби заедно со Петковски се заглавиле во метежот низ скопските улици, или доцна тргнале од своите кабинети. Излегло дека до скопскиот аеродром побрзо се стигнува од Европа, отколку од центарот на главниот град.

Добро е што воопшто некој доаѓа да го пречека претседателот кога се враќа дома, па макар и со задоцнување. Може некој ден да му се случи на Глигоров да си отседи цел ден во паркиран авион.

2. Колку и да не сакам да размислувам за некои работи како за типично балкански, случувањата ме тераат на тоа. Дали воопшто некаде во цивилизираниот свет е можен погреб како оној на Папандреу? Дали само на Балканот најомилена забава за народот се случувањата на улица, па макар повод за тоа била и смртта на голем политичар. Се сеќавам на погребот на Тито во 1980 година. И во Атина беше слично како оној пат во Белград. Погреб што трае седум часа, на температура од 39 степени, милион луѓе на улиците, скандирање и аплаузи, плачење пред камера, потресни бакнувања на ковчегот, фотографирање на семејството на починатиот... Дали се работи за премногу емоции, за врела медитеранска крв која нè тера бурно да реагираме и во радост и во жалост, или пак за ексхибиционизам? Ај што свадбите ни се такви какви што ни се, да си простиме одбивајќи си на балканскиот менталитет, бидејќи на крајот на краиштата знаеме да се радуваме. Ама зошто и во тагата од погребите правиме циркус?

Како што е редот, кога на соседот ќе му умре некој што многу му значи, човечко е да се изрази сочувство. И претставниците на Македонија се изредија во испраќањето сочувства до Грција по повод смртта на Андреас Папандреу.

Во телеграмата со сочувство на претседателот на Социјалистичката партија на Македонија Љубисав Иванов–Ѕинго стоеше дека починатиот претседател на ПАСОК бил голем човек. Навистина, Папандреу беше голем човек за сите што благодарејќи на двегодишното ембарго, што поранешниот грчки премиер го воведе против Македонија, направија голем шверц и невидени пари во трговијата со Србија, која исто така беше под ембарго. Деновиве се гледа како тие што беа успешни за време на ембаргото сега, кога блокадите и на север и на југ се укинати, а се отворија можности за легална трговија, постепено пропаѓаат. Како на нив сега добро би им дошол некој друг "голем човек" да ни воведе барем уште две години ново ембарго, па да им тргне работата!

3. Кога ќе се погледне составот на Собранието, веднаш се гледа кои се луѓе од спортот. Пратеникот Зоре Темелковски завчера мораше да се пресоблече во летна маичка. Му личи, бидејќи е претседател на Кошаркарскиот сојуз на Македонија. Ѕинго, како газда на фудбалскиот клуб и претседател на Фудбалскиот сојуз, нормално, на седницата дојде облечен во дрес. Не ми е јасно само зошто и министерот за правда Владо Поповски ден пред тоа во Собранието се појави во маичка.

Велат дека облеката не го прави човекот. Ама има и една народна поговорка која вели: "Руба краси – руба гнаси!" Со каква руба прилега да се појави народниот избраник и претставникот на власта во највисокиот дом во државата е прашање што веројатно одамна го апсолвирале некои западни демократии, па си го ставиле и во закон.

Добро е што камерите не ги "фаќаат" пратениците и министрите подолу од половината. Им ги гледаме само маичките. Кога би можеле да ги видиме во нозете, би откриле колкумина од нив се – боси.

4. Со голема помпа беше најавена директната линија на "Малезијан ерлајнс" од Куала Лумпур за Скопје. Конечно една голема светска компанија реши да ја стави Македонија на картата на светот. Пред два месеца дојде малезиска делегација со три авиони, нивниот премиер беше примен со сите почести, компанијата реши од скопскиот аеродром да прави регионален центар за Југоисточна Европа, луѓето ќе инвестираа и во изградба на хангар за карго, ќе го купуваа нашето јагнешко, што Европа не ни го сака...

Скопскиот аеродром требало да вложи околу 400 илјади долари за дополнителна опрема за редовно слетување и полетување на интерконтинентални авиони. Тие пари ги нема. А Претпријатието за аеродромски услуги неколку години по ред е меѓу првите десет најуспешни во државата.

Изгледа дека ние сме родени да бидеме провинција. И осудени најголемата компанија што ќе слетува во Скопје да биде ЈАТ.

## ПРВА ЛИГА — 6 јули 1996

### • "Столе го виде Тито"

1. Отсега па натаму нема да можеме да се фалиме по светот дека сме извојувале самостојност без ниту еден испукан куршум. Војниците на АРМ деновиве масовно пукаат во говедата во Скопско и Велешко. Борбата против шапот и лигавката така стана дел од нашата борба за правење самостојна држава. Велат дека сме силни, а ваму дозволија болеста од Албанија да се пренесе дури до Скопје.

Пред две недели во Министерството за земјоделство држеа прес-конференција на која нè уверуваа дека кај нас нема ниту "луди крави", како во Европа, ниту шап и лигавка, како во Албанија. Сега одеднаш состојбата е алармантна. Треба ли да им се верува на информациите од таа прес-конференција? Или пак ветеринарните служби и Министерството мислеле дека Албанија е некаде во Австралија и дека тоа што таму два месеца беснее оваа болест нас нè треба да нè загрижува? Треба ли да им веруваме, кога дури сега дознавме дека Европската комисија неодамна ги известила нашите дека не е задоволна од начинот на којшто превентивно се заштитуваме од шапот и лигавката во Албанија? Треба ли да им веруваме кога знаеме дека прво дознавме за затворањето на некои гранични премини од југословенски извори, а дури другиот ден попладнето јавно беше обелоденета болеста кај нас?

Бидејќи неодамна ја парафиравме Спогодбата со ЕУ, повеќе ќе ни прилегаше некоја европска болест. На пример, како Англичаните да имаме "луди крави". Наместо тоа, ние имаме, исто како Албанците – лигави крави. Покрај толку лигуши во државата, фалеше уште кравите да ни се разлигават. Сега сме држаа за – прва лига.

2. Како дел од историјата на македонската битка за самостојност можеби некој ден на децата ќе им се препорачува расказ "Столе го виде Тито". Се работи за многу поучно четиво со наравоучение дека тркалото се врти – оној што бил горе, некогаш може да се најде долу.

Претседателот на Либералната партија, Стојан Андов, беше примен од претседателот на Собранието, Тито Петковски. Кога Андов го виде Петковски, му се пожали на односот на власта кон опозицијата. Побара Собранието да донесе деловник за работа.

Стојан Андов пет години беше претседател на Собранието и можеше кога сака да иницира донесување деловник за работа. Сега, веројатно, се почувствувал исто како Љупчо Георгиевски од ВМРО-ДПМНЕ кога на времето тие од него бараа работата на Собранието да се уреди со деловник. Георгиевски е во подобра позиција од Андов. Тој е научен да биде опозиција, за разлика од Андов што секогаш бил позиција. Затоа сега неговата партија се однесува како ВМРО-ДПМНЕ во почетна фаза.

Петковски го ислуша Андов. Му вети дека до донесувањето на деловникот Собранието ќе изготви протокол. Опозицијата ќе се однесува протоколарно. Тоа е токму вистинското решение за СДСМ. Ќе продолжат да владеат како што сакаат, а надвор ќе им се брои како да се во повеќепартиски систем. Ќе добијат протоколарна опозиција. Таа ќе биде само за покажување.

3. Предизборната кампања за локалните избори веќе почна. Стартуваа здружените политички партии на Албанците, без владејачката ПДП. Одржаа митинг во Тетово.

Митинг како митинг. Се пееше албанска химна, се виореа албански знамиња, се употребуваше терминот "Славомакедонци", државата се нарекува "БЈРМ"... Истата слика сме ја гледале многупати низ Македонија и не е за изненадување.

Мислам дека требаше да развиорат макар едно македонско знаме, колку да замачкаат очи пред светот. Вака излегува дека не само што не ја признаваат Македонија како своја држава, туку воопшто не ја признаваат ни државата. Има ли логика да бараш права од некого што не го признаваш?

4. Важно е Македонците да си ја признаваат сопствената држава. Признавањето на државата не мора задолжително да значи и почитување на македонскиот јазик.

Што ќе ни е македонски јазик, кога одлично разбираме српски? Телевизијата "Сител", веќе неколку недели по ред не наоѓа за потребно да ги титлува епизодите од белградската ТВ серија "Среќни људи". Среде Скопје, на телевизија си гледаме српски серии, без никаков превод, како да сме среде Србија и како "Сител" да не е македонска приватна ТВ станица, туку некоја локална станица на ТВ Србија.

Во оваа држава, колку што ми е познато, постои Министерство за култура, кое меѓу другото би требало да се грижи за негувањето на македонскиот јазик и култура. Мислам дека постои и Министерство за сообраќај и врски кое би требало да се грижи за фреквенциите како национално богатство. Во оваа држава постои и Влада, во која не мора баш сите министри да гледаат "Среќни људи", ама барем министрите од Социјалистичката партија ако се партиски дисциплинирани би требало да ја следат програмата на приватната станица на нивниот лидер. Или гледаат, ама не забележуваат дека нема превод. А српски, а македонски, исто им се фаќа! Конечно, во оваа држава белким постојат културни институции, културни работници, уметници и што ли уште не, кои би требало да водат некаква сметка за јазикот.

Ако денес не ни пречи тоа што нема превод на македонски јазик, зошто тогаш утре би ни пречело пак да бидеме иста држава. Само што дури и во поранешната СФРЈ ни една емисија на македонскиот простор не можеше да се емитува без превод на македонски јазик.

## ОХРИД КУМРОВЕЦ

**13 јули 1996**

**• Против политичко лудило не помагаат ни вакцини ни ветеринари**

1. Европа се бори со луди крави. Ние се бориме со лигави крави. Постепено вирусот на шапот и лигавката мутира. Добива европски карактеристики. Така

мутиран ги зафаќа и луѓето. Македонските шап и лигавка, комбинирани со европското лудило кај кравите, на овие терени се претвора во лудило. За жал, ветеринарите сè уште немаат вакцина против оваа болест.

Првото жариште е регистрирано во скопското село Арачиново.

Тамошните селани не даваат да им се убиваат кравите, зашто не им веруваат на нашите ветеринари. Арачиновските крави треба да ги прегледаат експерти од Европската унија. Затоа што се крави чии сопственици се Албанци. Општо познато е дека во Македонија се спроведува апархејд од страна на македонското мнозинство, така што многу логично е македонските ветеринари, потпомогнати од македонската полиција, да ги уништуваат албанските крави како израз на нивната етноцидна, геноцидна и анималоцидна политика кон сè што е албанско во државата.

Во наредните денови се очекува ширење на жариштето на болеста. Сопствениците на македонските крави можат да ги обвинат Албанците дека намерно го внеле заболениот добиток од соседна Албанија, за да направат политичка диверзија и да се создаде криза во државата. Се работи за класична непријателска акција насочена против интегритетот на македонското говедарство, со проѕирни сепаратистички тенденции кои ќе ги одвојат албанските од македонски крави.

Сиромашките крави. Ќе ги испотепаат и едните и другите и пак нема да им стане јасно дека политиката не е за говеда.

2. Туристичката сезона е во полн ек. Дури и претседателот на државата Киро Глигоров почна да ги посетува камповите на брегот на Охридското Езеро. Пред некој ден го посети кампот на Социјалдемократската младина на Македонија. Се очекува во наредните недели од летниот распуст да ги посети и камповите на младите либерали, на подмладокот на Демократската партија, на младите ВМРО-вчиња, скаутите на ПДПА–НДП.

Во летната школа на идни лидери на СДСМ претседателот Глигоров на надежните подмлаткари-социјалдемократи им посака успешна работа, затоа што токму "тие треба да ги наследат сегашните активисти на СДСМ и да ја понесат на свои плеќи одговорноста и можноста да влијаат и да ја определуваат иднината на нашата земја". Тоа значи дека во оваа земја иднината лежи само во активистите на СДСМ. Ако си од друга партија или, не дај боже, не си партиски определен, на тебе не може да се смета. Можеш иднината да си ја гледаш во некоја друга земја.

Во иднина правете што ќе правите, ама гледајте да си фатите женска, или дечко, од редовите на младите социјалдемократи. Само така ќе бидете сигурни дека иднината ви е загарантирана. Освен тоа, можете да станете "мистер" или "мис" на Македонија.

Добро е што партијата на власта се врати на организирање вакви школи за своите млади надежи. Се работи за проверен и сигурен метод за изградба на кадри. Како оној во Титовата школа во Кумровец. Сега во Охрид на младите политичари ќе им доаѓаат министрите да им одржат предавања. Јорго Шундовски,

како министер за урбанизам и заштита на животната средина, претпоставувам ќе им организира работна акција во расчистување на дворот. Благој Ханџиски ќе им воведе подигање на знамето пред строј за утринска и вечерна, со звуците на Интернационалата. Софија Тодорова, како министер за образование и физичка култура, ќе го држи курсот за пливачи-почетници. Таа е најдобар кадар за тоа. Досега успешно плива во три состави на Владата.

3. Во кампот нема да се појави министерот Љубомир Фрчковски. Прво, затоа што е многу фин за да се валка во песокот. И второ, не смее да го напушти кабинетот во Скопје, за да не ја загуби битката со името.

Фрчковски реши битката против референцата "БЈРМ" да ја води од дома. Затоа и не испрати делегација на министерскиот состанок во Софија. Старата тројка – Грција, Бугарија и Србија, се договори Македонија да ја нема – и Македонија ја немаше. Отсега па натаму, кога и да сакаат да нè изолираат, ќе нè повикаат да настапиме под името "БЈРМ".

Сега Фрчковски излезе најголем борец за името. Сите други што се појавуваат на најразлични собири по светот каде што стои табличката "БЈРМ" се продадени души. Тоа што, ако не се појавиш некаде, немаш шанси да те слушнат што мислиш, не е важно, зашто тоа што имаш да го кажеш, ќе си го кажеш за домашна употреба. На пример, во Софија требаше да ги испровоцираме со иницијативата за компаративна студија за малцинствата на Балканот. Место тоа ние си останавме горди во Скопје, а иницијативата ќе ја вратиме пред домашната јавност во безлични соопштенија кога ќе ни доаѓаат емисари од типот на Елизабет Рен и Макс ван дер Штул.

4. Уставниот суд ја закажа расправата за заклучокот на Собранието со кој е одбиена иницијативата за распишување референдум за предвремени избори за крајот на септември. Одлично. Таман ќе почне расправата, ќе поминат локалните избори. После тоа уставните судии ќе знаат на што се.

# ФАЌАЊЕ БОЈА

**20 јули 1996**

## •Родот на доматите како елементарна непогода

1. Не се само туристите тие што на летување фаќаат боја. Во Грција ова лето боја фаќаат и авионите. Како, на пример, оној на "Палер Македонија" што во средата слета на островот Крф со 160 патници од Македонија. Патниците во Грција отидоа за да поцрнат. Авионот – побеле.

Компанијата сè уште не знае како по две недели ќе ги врати македонските граѓани дома. Следниот пат кога нивниот авион ќе слета на крфскиот аеродром, може да се случи Грците да им наплатат поголема такса, која во себе ќе ги опфаќа

и трошоците за кантичките со боја и работната рака на молерот на аеродромот. Освен ако молерот не е доброволец и голем патриот, па да се согласи прекувремено да работи во името на одбраната на татковината од скопјаните.

Тоа што авионот на македонската компанија бил премачкуван во Грција повеќе е вест за кај нив, зашто тие се секираат за туризмот, отколку за кај нас. Ние сме научени да живееме премачкани. Политичарите порано ни беа комунисти, сега си играат позиција и опозиција. Бизнисмените порано беа социјалистички директори. Имињата на луѓето се исти и тогаш и денес. Покрај пребојосани директори и пребојосани политичари, што е чудно што имаме и пребојосани авиони. На авионот барем му  удрија бела боја. Пребојосаните политичари ни се премачкани со сите бои.

2. Туку, што правиме што сè снајде друга несреќа. Годинава богато родиле доматите. Сега не знаеме што да им правиме. И онака сме доволно заглавени во сос.

Преработувачите на градинарски производи велат дека ќе успеат да ги соберат сите домати, ама немаат во што да ги спакуваат. Од друга страна, фабриката за лименки во Битола вели дека тие се "дават" во произведени лименки, ама конзервите нема кој да ги купи. Несреќата никогаш не доаѓа сама. Ај што доматите богато родија, ај што има и доволно конзерви, ама што правиме ако преработувачите ги откупат конзервите, ги спакуваат доматите и – немаат на кого да му ги продадат. Ете ги беља. Затоа сега бараат државата да им најде пазари. Зашто директорите на ЗИК-овите можеби се пребојосани во капиталистички управувачи, ама уште размислуваат како во времето на советските колхози и совхози. Лесно беше лани. Србија под санкции, можевме и да им продаваме домати и да им дигаме цена. Годинава нека помогне државата.

Со домативе некако ќе се снајдеме. Туку, да молиме бога да не ни се случи уште некоја несреќа. Дај додека е време, нека фати некоја суша, или ако е веќе доцна, барем град да удри по полињава. Кој ќе ни ги гледа гревовите, ако покрај доматите годинава добро ќе ни родат и лозјата. Што ќе му правиме на толку грозје!?

Не е бадијала измислен вицот за Американецот што една недела шетал низ Македонија и пред да си замине рекол дека најголем впечаток му оставило тоа дека ние сме многу побожен народ. Домаќините се зачудиле и го прашале, од каде му е тој заклучок. "Па, тоа што ви дал господ, тоа го имате", им одговорил гостинот.

3. Во рамките на двонеделната турнеја на Фадил Сулејмани и неговите дојде очекуваното напуштање на Собранието од страна на пратениците на ПДПА–НДП. Тој потег доаѓа во рамките на замислената програма за создавање политичка криза во државата.

Не ми се верува дека отсуството на неколкумина пратеници, кои патем не се откажаа од пратеничките места и платите, може да предизвика политичка криза. Иако многу сум загрижен дека ова може да биде вовед во сериозна духовна криза. Зашто сега седниците на Собранието ќе бидат уште поздодевни. Со одењето на

пратеничката група на ПДПА–НДП си замина и единствениот весел персоналитет во овој состав на Парламентот, Сали Рамадани.

4. Македонија се појави на вежбата на единиците на членките на НАТО и на "Партнерството за мир" во Албанија, иако името на нашата држава во последен момент беше премачкано со коректор и врз него напишано БЈРМ.

Пред две недели ниту еден претставник на Министерството за надворешни работи не се појави на министерскиот состанок во Софија токму поради тоа што домаќинот инсистираше на табличката пред нашиот претставник да стои името БЈРМ

Ова само може дополнително да ја обнови расправата како треба да се однесуваме во меѓународната заедница, кога сакаат да ни го наметнат името што не го сакаме. Дали да се појавиме и на самото место да протестираме и да си го кажеме тоа што сме го наумиле, или гордо да си останеме дома? Што се однесува до војниците на АРМ на вежбата во Албанија, такви дилеми не постојат. Каква војска би била таа, ако се повлече?

5. На домашен терен повлекувањето оди полесно. Либералната партија ја повлече интерпелацијата за министерот Томислав Чокревски. Воопшто, на либералите им стана навика да дигнат врева и потоа да се повлечат. Рака на срце, и министерот Чокревски си ги повлече обвинувањата кон новинарите. Уште и им порача да не се плашат од министер што зборува отворено, туку од оние што молчат.

Како во народната поговорка: "Куче што лае, не каса"!. Или, "Кучињата лаат, карванот си врви"!

## ПАТУВАЧКИ ЦИРКУС 27 јули 1996

### • Во Атланта со знаме, во Сиднеј можеби и со име

1. Патувачкиот циркус на следбениците на животот и делото на Фадил Сулејмани продолжува. Самиот Сулејмани како главна личност е в затвор. Ама сеедно, останува добра тема за приказна. Вчера пред Американската амбасада во Скопје викаа: "САД, помогнете!" На транспарентите до името на Фадил беше испишано името на Мандела. Фадил стана херој на улицата. Но уште пострашно е што тие што го извикуваат неговото име не се начисто кого избрале да им биде херој. Веројатно веруваат во тоа што го прават. Во спротивно, каква сила би можела да те натера среде лето да шеташ по жешкиот скопски асфалт и да се препотуваш, викајќи и носејќи транспаренти и знамиња.

Пред некој ден, откако го испратија Фадил в затвор со сите почести и го прошетаа низ тетовските улици како да оди во војска, не можеа да се одвојат од

него и сите нагрнаа да влезат в затвор. Е кај го има тоа? Ако влезеа сите, ќе останеше "универзитетот" без студенти. Вака останаа следбениците на Фадил надвор, да го слават неговото дело и да ја продолжат неговата историска мисија. Да влезеа со него во затворот, ќе мораше да организираат часови по ќелиите. Тоа веќе не може. Камо позитивна дискриминација како при уписот на легалните факултети? Камо соодветна процентуална застапеност според националната припадност? Башка го налутија Мендух Тачи кој се загрижи кого ќе води на митинзите ако сите демонстранти ќе се најдат в затвор. Ќе мораше и тој да им се придружи. А не е сигурен дали таму ќе му дадат привилегиран третман како на Фадил Сулејмани. На пример, да влезе, па по пет минути да му дозволат пак да излезе.

2. Во дефилето на отворањето на Олимпијатата во Атланта македонските претставници се појавија под буквата "Ф". Возбудениот телевизиски коментатор со радост забележа дека ова е прва олимпијада на која Македонија се појавува со свое знаме. Пред четири години во Барцелона настапувавме под олимписко то знаме. Кој знае, можеби по четири години во Сиднеј ќе се појавиме и со своето име.

Во деновите кога се одржуваат олимписките игри не се води политика. Можеби токму затоа на ум ми паднаа некои интересни податоци за нашите спортски сојузи. Легендарниот Ѕинго е во фудбалот. Покрај него и други пратеници се претседатели на спортски сојузи. Ванчо Чифлиганец е со борачите. Зоре Темелковски со кошарката. Иван Бојков со ракометот. Во спортските сојузи се и некои министри. Јорго Шундовски е по скијањето. Димитар Бузлевски е претседател на Шаховскиот сојуз.

Покрај толку политичари во спортот, не е ни чудо што постигнуваме забележителни резултати.

3. Претставникот на Руската Федерација во Македонија, Јуриј Трушин, сè почесто се жали на некакво антируско расположение што се создава во нашата држава. Прво им делеше лекции на "русофобичните" новинари, па потоа почна турнеја по опозиционите партии за да бара согласност за своите тези. Потоа руската амбасада со соопштенија ѝ се обраќаше на македонската јавност дека опозиционите партии се согласуваат со мислењето на господинот Трушин. Благодарение на својот агилен претставник во Македонија, Русија дочека да биде бранета дури и од една мала партија каква што е Демократска партија на Македонија на пратеникот од Тетово Томислав Стојановски.

Среде битка за вистината на господинот Трушин во Скопје допатува првиот човек на рускиот "ГАС-ПРОМ" и понуди неговата фирма да влезе во македонското претпријатие за дистрибуција на гас "ГА-МА" со 40 од сто од капиталот.

Велат дека првиот човек на претпријатието за гас е еден од најбогатите луѓе во Русија. Страшна работа. Веројатно затоа рускиот богаташ беше примен и од претседателот на државата Киро Глигоров. Тој знае што е тоа што може да биде страшно.

4. Среде лето им текнало на некои странци да доаѓаат во Македонија да снимаат сцени за филмот на режисерот Стивен Спилберг. И тоа избраа каде да се сместат. Во Охрид! На охриѓани уште тие им требаат! Да им го нарушуваат мирот и спокојството во екот на туристичката сезона.

Приказната за филмот не би била комплетна, ако и во неа, како впрочем, и во други работи, не се вмеша политика. Портпаролот на екипата Сашо Ордановски им се заблагодари на министерствата за надворешни работи, за внатрешни работи и за одбрана, за поддршката што му ја дале на проектот, а на министерот за култура му порача, ако веќе не сака да помогне, барем да не одмогнува. Потоа се јави Министерството за култура со објаснение дека сè што било побарано од нив е добиено.

Филмот е само тема. А секоја тема е добра за политичка пресметка. Во соопштенијата што ги добиваме од седниците на Владата не пишува за ситните "недоразбирања" меѓу министрите. Тоа не ни го кажува ни портпаролот Ордановски. Единствено знаеме дека филмот носи наслов што може да претпостави некаква симболика во ситуацијата. Се вика "Миротворец".

5. Демохристијанската партија на Македонија од неодамна е прекрстена во Социјалистичка христијанска партија! Само со такво име можеше да се појави на трибината на левите партии и движења во Србија што ја организира Мира Марковиќ, сопруга на Слободан Милошевиќ. Останува нејасно како е направена спојката: социјалистичка–христијанска. Што нè учеа за религијата во социјализмот? Каде ли се изгуби опиумот за народот? Изгледа се претвори во – "екстази".

## ТРИ БАКНЕЖИ 7 септември 1996

### • "Нећу један, нећу два, три пољупца хоћу ја!"

1. Денеска е 8 септември 2001 година. Македонија ја слави десетгодишнината од својата независност, во првата година од Ѕинговата ера. Вчера на државната телевизија го гледав интервјуто на директорот Горан Иванов со претседателот на државата Љубисав Иванов. Се сетив на момчето во црвена маичка и црвени фармерки како во тешките времиња во 1996 година, тогаш како директор на телевизијата "Сител", физички се пресметуваше со екипата на антидржавната телевизија "А1" на стадионот на "Силекс" во Кратово. Уште тогаш знаев дека од ова момче во црвено ќе биде нешто. Не затоа што му е син на големиот Ѕинго. Едноставно, неговата воинственост, подготвеност за брза акција и непоколебливост беа својствени на човек што е предодреден во 21 век да стане генерален директор на МРТВ.

Денеска, по повод десетгодишниот јубилеј, Собранието го донесе новиот Устав на Република Македонија. Во преамбулата е наведена заслугата на другарот Љубисав Иванов што ни е вака убаво, како што ни е. Повторно е вратен вербалниот деликт, за да се стави крај на она време кога секој можеше да зборува што сака и каде што сака против личноста и делото на Другарот.

Во главниот град Кратово, на стадионот на шампионот "Силекс", вечерва ќе се одржи младински слет по повод празникот. Во почесната ложа најпочесно место ќе заземе претседателот на СР Југославија, Слободан Милошевиќ.

Утре на воениот аеродром близу Кратово ќе се одржи грандиозен аеромитинг, на којшто ќе летаат авиони, хеликоптери и едрилици од најсовремено руско производство. На граничниот премин "Табановци" претседателот Иванов, со голем камен од неговите рудници, ќе ја скрши граничната рампа и на тој начин официјално ќе профункционира бесцаринската зона меѓу Македонија и СРЈ. Веднаш потоа, во Поштата ќе биде промовирана новата серија поштански марки. На едната марка е претставен ликот на Љубисав Иванов – денес, како доживотен претседател на државата. На другата марка Љубисав Иванов игра фудбал пред половина век, како стандарден првотимец на КСК ("Куманово"). Највредната марка го претставува малиот, но напреден Ѕинго на една кратовска полјана, како тркала топка од партали како стандарден првотимец на ФК "Славко Баев".

Утревечер централната прослава ќе се одржи во Домот на културата во Кратово, со свечена академија по повод јубилејот, на којашто ќе говори другарот Љубисав Иванов.

2. Го читав писмото на претседателот на Социјалистичката партија и директор на "Силекс" Љубисав Иванов во вчерашна "Нова Македонија" до колегата Зоран Петров, со наслов "Сталинистичка пропаганда и хајка". Го прочитав делот каде што Иванов вели: "Моите ставови, моето однесување, моите резултати од работата се јасни, чисти, видливи, признати и ефектуирани". Кога стигнав до поднасловот "Зошто ја обманувате јавноста", сум заспал...

3. Се разбудив точно навреме за да видам како на телевизијата се гушкаат и се бакнуваат премиерите на Македонија и СР Југославија, Бранко Црвенковски и Радое Контиќ. По нив се избакнуваа и министрите и директорите на царинските управи и старите пријатели од бившиот секретаријат за надворешни работи и стопанствениците. Општа љубов.

Црвенковски на Контиќ му рече: "Еден бакнеж, желби рој". Ама Контиќ одговара: "Неќу један, неќу два, три пољупца оќу ја!" И така си се избакнаа "по православски". Првиот бакнеж како потврда на македонската политика на еквидистанца кон соседите. Вториот како надеж дека меѓусебната граница когатогаш ќе се исцрта. И третиот, како верување дека брзо ќе биде решено прашањето на сукцесијата и наследството на бившата СФРЈ.

4. Гувернерот на Народната банка на Република Македонија, Борко Станоевски, претставувајќи ги новите банкноти, нѐ потсети дека валутата ни е

стабилна веќе три години. Не знам што би рекол гувернерот кога би морал, враќајќи се во државата со стабилен денар, на граница, заради дезинфекција поради шапот и лигавката, да плати 5 германски марки. Притоа и на белешката што ќе ја добие од Републичката ветеринарна управа стои напишано "5 ДМ". Како би реагирал гувернерот кога би сфатил дека една државна институција не го почитува сопствениот денар и настрана што незаконски собира "туристички прилив", го крши законот кој вели дека единствено платежно средство во државата е денарот.

Минатата недела на прес-конференцијата на премиерот Црвенковски и босанскиот премиер Хасан Муратовиќ, среде Скопје, во седиштето на Владата, откако четири македонски новинари поставија прашања на српски јазик, колешката од "А1" Биљана Секуловска "наивно" праша: "Може ли јас на македонски"? Слично на тоа гувернерот Станоевски, при влезот во сопствената држава, на границата би ги прашал ветеринарите: "Може ли да платам во денари"?

5. А сега една протоколарна вест, т.е. соопштението од Министерството за образование и физичка култура.

"Денеска, на 2. 09. 1996 година, министерот д-р Софија Тодорова прими претставници на ученици од првите одделенија од основните училишта. На средбата, која мина во пријатна атмосфера..."

## НОЌНИ ПТИЦИ 14 септември 1996

**• Цветаат илјади цветови, а тезгите празни**

1. Пратениците на Собранието на Македонија станаа ноќни птици. Двата значајни закона – за локалните избори и за територијалната поделба, ги донесоа доцна во ноќта. Веднаш беа обвинети дека прават нешто тајно, затоа што ноќта е вистинско време за правење тајни работи. Уште им беше кажано дека добро се знае кој работи ноќе. Ноќта е создадена за спиење и пиење, а не за носење важни закони. Особено што во расправата за Законот за територијална поделба опозицијата ја обвини Владата дека се пазарела за територијата на западна Македонија. Се знае кој се пазари ноќе.

Овие обвинувања немаат никаква врска. Пратениците, едноставно, брзаа да ги донесат законите, за да можат што поскоро да бидат распишани локалните избори. Инаку, тие си почнале нормално со работа. Во меѓувреме ги стемнило. Што и не е толку лошо. Подобро да ги стемни нив сто и дваесетина, отколку нас два милиона.

2. За време на расправата за Законот за територијална поделба слушнавме многу интересни предлози според кои критериуми да се формира општина.

Пратеникот Газменд Ајдерага, образложувајќи зошто се залага општината Ростуше да се припои кон Дебар, појасни дека ако се пуштат коњите, тие нема да одат за Галичник, туку за Дебар. Спротивно мислење имаше пратеникот и потпретседателот на Собранието, Благоја Филиповски. Тој рече: "Пушти ги коњите, постојано ќе одат во Ростуше и Галичник. Ни еден коњ не би отишол за Дебар".

Значи коњите отсекогаш знаеле на која општина припаѓаат. А магарињата? Кога се зборува за Македонија, не треба да се земаат предвид движењата на коњите. Карактеристично животно за оваа држава, а особено за планинските предели на западна Македонија, е магарето. Затоа и не треба општините да се прават според движењата на коњите. Туку, според магарињата.

3. Што се однесува до локалните избори, ќе биде применет посовремен метод. Ќе го следиме движењето на авионите. Ако одат кон Охрид, наместо кон Скопје, значи почнала предизборната кампања.

Дирекцијата за цивилна воздушна пловидба најави затворање на скопскиот аеродром поради реконструкција на пистата за 1 септември. Потоа затворањето го одложи за 24 септември. Потоа ја промени одлуката и го најави за 4 септември. Во меѓувреме дојде најава за 10, па за 19 септември. Претседателот на управниот одбор на аеродромското претпријатие Илија Иловски соопшти дека аеродромот ќе биде затворен на 23 септември. Меѓутоа, Министерството за сообраќај утредента го демантира и "цврсто" застана зад одлуката датумот на затворање да биде 19 септември.

Нека побрза претседателот на Собранието, Тито Петковски, со распишувањето на локални избори. Белки тогаш во воздухопловната дирекција конечно ќе го определат датумот за затворање на скопскиот аеродром. Пред секои избори мора да се организира некаква работна акција. Пред минатите парламентарни избори громогласно почна изградбата на пругата кон Бугарија и на патот за Прилеп преку Бабуна. Белки со локалните избори ќе почне и реконструкцијата на пистата.

Во меѓувреме, се надевам, и Американците ќе ја направат својата редовна ротација на војниците во составот на УНПРЕДЕП. Ако тоа беше една од причините за одлагањето на затворањето на аеродромот за која господинот Илоски не сакаше посебно да елаборира.

4. "Ало, ало!" Профункционира мобилната телефонија. По повод празникот 8 Септември, првиот мобителски разговор го направи премиерот Бранко Црвенковски. Само што, наместо да направи контакт со иднината, премиерот направи контакт со минатото.

Тие денови како да се врати времето во кое премиерот носеше црвена шамија околу вратот. Коментаторот на државната телевизија, по чијшто глас како деца препознававме дали се работи за одбележување на 29 ноември или двојниот јубилеј на другарот Тито, на директниот пренос од свечената академија во МНТ ни рече дека "со нетрпение очекуваме што ќе каже претседателот на Републиката

Киро Глигоров". Имаше и аеромитинг на силната стопанска авијација на Македонија, насекаде се отвораа чешми, водоводи...

Накусо, во Македонија по повод празникот цветаа илјада цветови. Затоа и министерот за урбанизам Јорго Шундовски во Скопје го отвори цветниот пазар. На телевизијата видовме неколку куќички, без цвеќе и без продавачки на цвеќе. Таа слика сепак не се вклопи во рамките на славеничката атмосфера. Цветаат илјада цветови, а тезгите – празни.

5. Кон прославата свој придонес даде и претседателот на Германија Роман Херцог. Во понеделникот, последниот ден од продолжениот празничен викенд, германскиот претседател беше најзаслужен за добрата забава на младите скопјани. Сите полицајци претпладнето беа зафатени со обезбедувањето на значајниот гостин, така што вечерта немаше кој да ги затвори кафулињата и баровите низ главниот град. Скопје повторно заживеа по полноќ, како во добрите времиња од пред летово, кога полицијата немаше задача да прави фајронт. Сабајлето не бев на пазар, ама претпоставувам дека и таму немало полицајци да ги бркаат ситните препродавачи на дребулии од тротоарите.

Да се надеваме дека во иднина ќе имаме повеќе вакви високи гости. Да не мислиме дека полицијата забележува завидни резултати само во бркањето шверцери по пазарите и во затворањето на кафеаните.

## НОВ МЕТОД

**21 септември 1996**

**• Ако може да биде сменета наставничка затоа што се омажила за Турчин, зошто да не ја смениме министерката ако не ми се допаѓа нејзината фризура**

1. Ме учеа дека според некои стари новинарски правила текстот треба да го почнам ем со најактуелното ем со тоа што има најголема политичка тежина. Размислувајќи на таа тема, дојдов до заклучок дека треба да кажам нешто за локалните избори што се пред нас. А што да кажеш ново? Истите лидери, истите варијанти за коалиции, истата државна комисија, истите проблеми со избирачките списоци...

Бидејќи се најдов пред тешка задача, решив да се откажам од старите правила. Ќе го испробам новиот метод на цитирање. Во изминативе пет години неколку пати сум пишувал за избори, за партиите и нивните лидери. Зошто едноставно да не цитирам четириесет точки од текстовите што сум ги објавувал во минатото. Притоа, според новиот метод, нема да спменам од каде сум ги земал цитатите. Ако некому тоа му е важно, ќе организирам научна расправа.

2. На расправата не би било лошо да се појави ректорот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", проф. д-р Радмила Кипријанова. Во жестоката битка

околу изборот на нов ректор се појави и аферата дека професорката Кипријанова направила плагијат, со тоа што препишала околу 40 точки од научен труд на еден бугарски и еден руски автор. Ректорката најави научна расправа за нејзиниот труд и веднаш отпатува за Софија за да се сретне со професорот Јанко Арсов. Од таа софиска научна расправа очи в очи добивме изјава на проф. Кипријанова: "Книгата на доц. д-р Ф. Новик и д-р Јанко Арсов е наведена во трудот "Експериментален дизајн и анализа" по нов метод на цитирање, меѓу делата што се посочени како литература што се препорачува за продлабочување на знаењата од областа за која јас пишувам". И бугарскиот научник Арсов, по софиската средба со проф. Кипријанова, потпиша изјава: "По изјавата на д-р Кипријанова дека нашиот труд е вреднуван дури повисоко и од наведената основна литература во нејзината книга (според нов метод на цитирање) и може да се смета за повеќе од основна литература, сметам дека меѓу нас спор за авторство не постои". Останува нејасно дали и бугарскиот професор сфатил што се подразбира под нов метод кога завчера за телевизијата"А1" изјави: "Цврсто сум убеден дека при евентуалното следно преиздавање на научниот труд таа ќе ме цитира коректно според меѓународните стандарди".

Во Софија можеби бил пронајден нов маркетиншки метод како да се зголеми интересот за книгата на д-р Кипријанова. Сега сите ќе го купат делото за да видат што е тоа нов метод на цитирање. Тиражот брзо ќе се потроши, па книгата ќе мора да биде преиздадена. Само што тогаш, како што се обврзала ректорката, ќе мора да го наведе делото од коешто вршела цитирање. А тоа веќе не е нов метод.

3. На сцена стапуваат студентите. Раководството на Сојузот на студентите ќе му ја даде поддршката за избор на нов ректор на противкандидатот на д-р Кипријанова, проф. д-р Методи Симоновски. Потоа се јавуваат неколку студентски организации од различни факултети кои не се согласуваат со претседателот на Сојузот, Тони Мирчевски, и изјавуваат дека тие не му дале овластување на раководството да го поддржи професорот Симоновски. Во игра влегуваат и подмладоците на трите најбројни опозициони партии кои го обвинија Сојузот на студентите дека е владина организација. Потврда за тоа се автомобилот "алфа ромео", подарок од Владата, деловниот простор во зградата на "Унија" пред Студентскиот дом "Кузман Јосифовски–Питу" во Скопје, пејџерите на членовите на раководството, службените патувања во странство на име на студентска соработка...

Приказната околу изборот на нов ректор на Скопскиот универзитет се вклопува во приказните за автономија на универзитетот. Автономно дејствување на партиите, на Владата... Додека едниот кандидат ја запознава јавноста со новиот метод на цитирање, политичарите ќе го изберат ректорот според старите, добро испробани методи.

4. Родителите на учениците од основното училиште во кумановското село Романовце ги тераат своите деца да не одат на настава, затоа што нивната настав-

ничка била омажена за Турчин, па според тоа не ги воспитувала во христијански дух.

Има ли во оваа држава закон кој ќе ги казни родителите што не ги пуштаат своите деца во основно училиште? Зошто Министерството за образование воопшто не прифаќа разговор на оваа тема? Премногу е тежок зборот што би го употребил по овој повод за да му дадам вистинско име на тоа што се случува во Романовце. Нека го погодува министерката Софија Тодорова, која, веројатно, добро размислила дали ќе ја заштити наставничката што во досегашното работење како просветен работник имала позитивни оценки, или родителите кои не ги даваат своите деца на наставнички со сомнителна вероисповед? Доколку прифати разговор со нив, утре ќе треба да се разбере и со родителите коишто ќе се жалат дека наставничката ги плаши децата, бидејќи е лошо нашминкана, има дебели нозе и крив нос.

За жал, наместо родителите да платат казна, казнета ќе биде наставничката што си одбрала маж од друга вероисповед. Доаѓаат избори, не ни требаат локални проблеми, уште и меѓунационални, па најлесно е наставничката да ја прераспределат да работи со други ученици.

Ако тоа се случи, ветувам дека на ова место јавно ќе побарам оставка од министерката Тодорова. Скандалот во Романовце не мора да биде аргумент. Ќе употребам аргументи слични на родителите-заштитници на христијанството. Не ми се допаѓа фризурата на министерката. Плус ми пречи нејзиниот глас.

## СЕЛСКИ НАЧАЛНИК — 28 септември 1996

**• Ракибе е виновна за сè**

1. На Скопје не му треба градоначалник. Главниот град на државата треба да има селски началник. Сите градски проблеми што ќе треба да ги реши се – селски. Затоа сметам дека прават голема грешка тие што велат дека на Скопје му треба некој граѓанин, човек што ја познава душата на градот, човек што се чувствува градски. Ако скопјани изберат таков човек за градоначалник, ќе се каат до следните избори. Проблемите ќе им останат нерешени.

Од каде да знае граѓанинот како да се однесува со коњите на булеваро т "Јане Сандански"? Дали на кравите што пасат во Градскиот парк да им рече "Ојси", "Ќукш!", или "Иш"?

Што да им прави на овците на потегот меѓу американската амбасада и Штабот на УНПРЕДЕП? Дали да им забрани на козите да ги брстат грмушките во близината на Ректоратот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"?

Не дај боже да ни дојде таков градоначалник. Замислете да му текне да ги разбрка домаќинките што го пржат ајварот на тревниците меѓу зградите во "Карпош". Или да донесе уредба со која ќе се забрани бесење црвени пиперки и низи со кромид по балконите. Таков бездушник нема поим што е амбар, а што плевна. Тој не може да сфати колку големо задоволство е да се вари ракија на платото пред гаражите, а мирисот од чадот да се чувствува сè до десеттиот кат.

Ако сепак се избере таков човек за градоначалник, треба да се направи сè да му се загорчи животот и да си даде оставка. На пример, треба да се нападне во лифтот со домашното милениче – германскиот овчар. Или, вреќата со ѓубре постојано да му се остава пред врата. Да се извадат сите штекери на неговиот кат и да се скршат фасонките, а светилката да се украде. Навечер да се врши нужда пред неговата влезна врата, затоа што не прави разлика што е буниште, а што полски клозет. Пред гаражата секое утро да го чекаат лушпи од јајца.

Скопјани, немојте да си играте со иднината на вашиот град. Немојте да избирате градоначалник! Изберете селски кмет!

2. Од пред некој ден скопјани се гордеат со новата депонија "Дризла". Градските татковци, заедно со лидерот на ВМРО-ДПМНЕ и раководството на "Комунална хигиена" подготвени ги пречекаа првите возила со ѓубре. Отворањето на депонијата го наздравија со виски и ситни сендвичи. Имаа мала закуска на "Дрисла".

Новинарите забележаа неколку камиони на тетовското комунално претпријатие. И тие го носат ѓубрето во "Дрисла". Велат дека новата депонија е многу современа и доволно голема за да може да дава услуги и на други комунални претпријатија од Македонија.

Скопје е отворен град. Може да го собере ѓубрето од цела држава.

3. Владата пред неколку недели најави борба против шверцот и сивата економија со цигарите. Како резултат на тоа, пред неколку дена, на скопските пазари шверцерите почнаа да ги нудат и најновите цигари на "Македонија табак", "родео лајт". Разликата меѓу цигарите на пазар и во трафика не е само во цената – цената на пазар им е 20 денари, а во трафиките 25, туку и во пакувањето. Оние што ги нудат препродавачите се со кутија на која е испишано "Само за извоз", на англиски јазик.

И сега, кој е виновен што цигарите наместо во фри-шоп се нашле на зелените пазари. Полицијата, Царината, "Македонија табак", "Владата"... Изгледа дека пак ќе биде виновна некоја Ракибе, како онаа што умре од срцев удар од пендрек по глава на Зеленото пазарче во Скопје.

4. Многу убава работа се овие "Европски денови на културното наследство" на министерот Слободан Унковски. Не само што децата од основните училишта без пари прв пат ги однесоа во музеј, туку во рамките на културните денови своето однесување го сообрази и полицијата. Ете, ги фати дивите копачи и колекционери на археолошки ископини.

Со оглед на тоа што за археолошки истражувања редовно нема пари, ова е најдобар начин да стигнеме до скриеното културно наследство. Прво со години ќе ги пуштиме дивите копачи да пребаруваат по археолошките локалитети. Потоа ќе ја пуштиме полицијата да им ги фати предметите што ги откопале.

Полицијата овој пат ги фати и разбојниците. Али Баба ќе остане скриен во својата пештера, засекогаш.

5. Полн погодок на телевизијата "Сител" беше разговорот на уредникот на спортската рубрика, Бошко Трпевски, со сопственикот на телевизијата Љубисав Иванов. Во таа спортско-рекреативна емисија со работен наслов "Да го заштитиме ликот и делото на другарот Ѕинго", господинот другар Трпевски имаше проблем дали на неговиот стопан да му се обрати со господине, друже или другар. Проблемот го реши самиот Ѕинго: "Бошко, чекај! Јас сум претседател на Социјалистичка партија. Ние се ословуваме со – другар!"

Ме чуди како Трпевски не ја заврши емисијата со повикот: "Другар Ѕинго, ние ти се колнеме!" Другарот Иванов тоа сигурно го очекуваше од него. "А бе Бошко, ние добро се знаеме!

## СЕВЕР–ЈУГ

**5 октомври 1996**

### • Фрчковски и натаму му треба на Бранко

1. Минатата година, на 2 октомври, претседателот на Републиката Киро Глигоров на српскиот претседател Слободан Милошевиќ, во Белград, повторно му ја одби идејата за царинска унија меѓу Македонија и СР Југославија.

На 7 октомври оваа година на сила ќе стапи договорот за слободна трговија меѓу Македонија и СР Југославија, со размена на стоките без царински давачки.

Во меѓувреме, на 3 октомври минатата година, се случи атентатот врз претседателот Глигоров во центарот на Скопје. Неколку дена пред стапувањето на сила на бесцаринската трампа со Белград, од сите највисоки места на државата по повод годишнината од атентатот ни порачаа дека се покажало оти атентаторите не ја оствариле посакуваната цел и земјата останала стабилна.

2. На годишнината на атентатот во Македонија еуфорично се прослави укинувањето на санкциите кон СР Југославија. Не само на зборови, туку на дело. За да нема забуни, дури и државната телевизија сметаше дека веста за атентатот врз поранешниот премиер на Бугарија заслужува помалку внимание отколку веста за симнувањето на санкциите кон СР Југославија. А за спогодбата меѓу МАНУ и САНУ – нема дискусија.

Изгледа дека МАНУ ќе се вклучи во изготвувањето на изборната кампања на Слободан Милошевиќ. Затоа што, според зборовите на претседателот на

МАНУ Ксенте Богоев, МАНУ и САНУ не отвораат нова страница за соработка, бидејќи до прекин на соработката никогаш и не дошло. САНУ беше таа што со својот познат Меморандум му ја изготви програмата на Милошевиќ за да дојде на власт и да направи сè што успеа да направи за да ја реализира таа програма. Дали МАНУ соработуваше со САНУ, кога творците на идејата за "сите Срби во една држава" го подготвуваа теренот за најголемиот геноцид по Втората светска војна во Европа? Од кога нашите академици со нивните колеги кои Македонија ја есапат за јужна Србија се повикуваат на пријателски односи и партнерство?

3. Во неделата кога ја одбележавме годишнината на атентатот и министерот за сообраќај Димитар Бузлевски во Белград се договори, заедно со СР Југославија, на паневропската конференција да се афирмира коридорот север–југ и да ја поедностават процедурата на граничните премини.

Минатата година, во март, на грчкиот остров Крит, делегацијата на Министерството за сообраќај на Македонија со тешки маки успеа да го стави коридорот исток–запад во европските карти за финансирање на патишта. Дали министерот го заборави коридорот исток–запад? Тој постојано патува на работа од Ресен до Скопје, ама на патоказните табли на новиот автопат што води до главниот град на државата означена е насоката за – Белград.

Што се однесува до проблемите на граничните премини, тие наскоро ќе се решат. Бидејќи Србите и натаму одолжуваат со излегувањето на терен за обележување на границата, нема логика да има и гранични премини. Сега кога нема и царини, глупаво е за влез во СРЈ на граѓаните да им се бараат пасоши. Нема да ни требаат ни лични карти.

4. Од завчера е приземјена компанијата "Палер Македонија". Сепак, еден авион успеа да ја пробие блокадата. Тоа беше авионот за Рим, со кој завчера вечер се врати министерот за надворешни работи Љубомир Фрчковски.

Зошто министерот не се враќаше од Њујорк преку Амстердам? Таму, поради утринскиот приземјен лет останаа дваесетина прекуокеански патници. Да беше министерот со нив, ќе им помогнеше да добијат виза. Само што во тој случај ќе останеа без виза оние што ќе пристигнеа во Рим. Затоа што одлуката за приземјување важи за летовите на кои во списокот на патници не се пријавени членови на Владата.

На овој начин премиерот Бранко Црвенковски најенергично ги демантираше гласините дека во последно време не е во добри односи со Фрчковски. Да беше така, Црвенковски ќе го оставеше Фрчковски во Рим. И тоа, без виза и без членови на дипломатскиот совет, за да не може да ја напушта аеродромската зграда и да ги разгледува културно-историските и продажни знаменитости. Фрчковски на Бранко му треба во Скопје. И натаму.

5. Претседателот Глигоров го испофали неговиот најдобар министер на привремен престој во САД, Денко Малески. Рече дека бил задоволен од него. Затоа ќе му испрати зајакнување во луѓе кои ќе лобираат за членство во Советот за безбедност.

Не може сега на крајот на мандатот да се запознава и да се дружи со разно-разни амбасадори во ОН. Тоа ќе го прават други. Малески треба да остане негибнат.

6. Претседателот на Управниот одбор на Комерцијалната банка Аритон Жиков и членот Ксенте Богоев, кога го сменија директорот Александар Маневски, лобираа кај највисоките раководители против одлуката на гувернерот. Неделава, истиот ден кога Врховниот суд ја поништи одлуката на гувернерот, тие избраа нов директор на банката.

Членовите на Управниот одбор размислуваат пазарно. Дали Хари Костов, дали Александар Маневски, надоместокот за членство во Одборот не се менува.

## ЛАЖЕН СЈАЈ 12 октомври 1996

**• Паролата "Оставете нè на мир!" ја исклучува паролата "Оставете нè во мир!"**

1. "Оставете нè на мир!" беше мотото на завчерашниот митинг на "затруените" во Тетово. Државата го почитува нивното барање. Трујачите одамна се оставени на мир да прават што сакаат. За неколку дена покажаа дека кога сакаат се трујат, кога сакаат организираат митинзи, кога сакаат прогласуваат вонредна состојба, кога сакаат апсат, кога сакаат тепаат новинари, кога сакаат земаат заложници, кога сакаат не одат на училиште...

Сега треба да се очекува труењето да се прошири и кај другите слоеви на албанската националност. Сè до врвот – до пратениците и членовите на Владата. И бидејќи веќе нема да биде можно да се живее во ваква средина, каде што на "затруените" не им се дава лекарска помош во мешана болница, каде што во мешани училишта едни одат на настава, а други имаат час по улична демократија, а судството на државата не ги прифаќа законите на линчот и пратениците и министрите не се чувствуваат безбедни за своето здравје, затоа што во собранис-кото бифе или владиниот ресторан "нешто" ќе ги затруе само припадниците на албанската националност, најдобро е да си стават рампа некаде среде Скопје. Да се остават на мир. Кога веќе можат да имаат свој универзитет, зошто да немаат и своја држава!?

Интересно, како паролата "Оставете нè на мир!" во суштинско значење е сосема спротивна од паролата " Оставете нè во мир!".

2. Добро е што полицијата запленила извесно количество шишенца со средства за чистење дамки. Ќе ѝ треба. Да си ги исчисти сопствените дамки. Арно ама ни тоа не ѝ помага. По анализата откриле дека средството што го заплениле е фалсификат-средство за чистење дамки. Обичен "сјај" растворен во вода.

До полноќниот "собир на граѓани" во Голема Речица се надевав дека МВР е добар сервис, барем за затворање кафеани. Таа вечер кафеаната во селото, во коешто беа држани заложничките од Скопје, не затвори во определеното време, според законот. Полицијата не успеа да влезе во кафеаната, затоа што на патот имало блокади (!?) и затоа што на тоа подрачје власта ја контролираат челниците на партиите на албанската националност во Македонија. Тие, како што ги пофали потсекретарот на МВР Диме Ѓурев, соработувале со полицијата и ја смириле масата со голем енергетски набој. Колку да се знае кој е стопан на своето!

По ова Министерството може да им го врати фалсификат-средството за дамки на шверцерите. Колку да има кого во иднина да апси по пазарите. На МВР "сјај" не му треба. Него ништо не го пере.

3. Продолжува обновата на сестраните врски со Србија. По минатонеделното поздравување на царинската унија меѓу СРЈ и Македонија од страна на Европската унија (кој ли нѐ убедуваше дека не се работи за царинска унија и дека ЕУ во случајот со Македонија го омекнала ставот кон "регионалниот пристап"?), оваа недела – соработка и на воено поле. Министерот Благој Ханџиски отпатува за Србија. Во Ниш. Злобниците веднаш направија политички виц. Зошто Ханџиски отпатувал за Ниш, а не за Белград? За да ја обнови Третата армиска област!

Министерот се врати и опширно даде објаснување зошто се сретнал со југословенскиот министер за одбрана Павле Булатовиќ. Сега треба да очекуваме и реакција од УНПРЕДЕП. Што ли бараат превентивно распоредените мировни сили на граница што не постои, меѓу две држави кои, ете, успешно си соработуваат дури и на полето на одбраната.

4. Полека се враќаме во колонијализам. Тетовски "Тетекс" ќе ги извезува своите производи во странство, преку белградски "Југоекспорт". Во Македонија нема способна фирма што ќе извезува готови производи директно во странство и ќе увезува суровини исто така директно во Македонија. Сѐ ќе оди преку Белград.

5. Добро е што ни дојде Робер Бадинтер и што му дадовме титула почесен доктор по правни науки на Скопскиот универзитет. Во неговото доаѓање има некаква симболика. Тој беше на чело на експертската комисија на тогашната Европска заедница која оцени дека Македонија заслужува да биде независна држава. Сега можеме да му кажеме: "Ти благодариме! Не требаше!"

6. Пред некој ден во редакцијата ме посети едно старче и ми даде кусо писмо, кое тој го напишал до Американците и во кое потсетувајќи се на НОВ и на првото слушање на "Глас на Америка" во 1942 година се надева дека ќе ни помогнат да ја зачуваме државата. Кога го прашав што да правам со писмото, тој ми одговори "Не барам ништо!" На мојата очигледна зачуденост (може ли некој во ова време да не бара ништо), старчето со треперлив глас и со насолзени очи ми дообјасни: "Ништо, само да ја зачуваме златнава... " И си замина.

Вчера имавме проблем што не можевме да се договориме кој ќе напише пригоден текст за празникот 11 Октомври. Така и се сетив на случката со старчето

и неговото писмо. Затоа и решив пригодниот празничен дел од денешниов текст да му го посветам нему. Зошто ли имаше потреба некому така трогателно да му каже: "Само да ја зачуваме златнава..."

## ПОСЕБЕН ТРЕТМАН

**19 октомври 1996**

### • Претседателот ја презеде истрагата во свои раце

1. Се сеќавате ли на акцијата против шапот и лигавката? Се сеќавате ли како ги убиваа кравите во селата каде што живеат Македонци, а како во селата каде што живеат Албанци? Знаете ли дека во скопското село Чајлане сѐ уште не се уништени сомнителните крави затоа што се "албански"!?

Кога животните можат за себе да обезбедат повластен статус според националната припадност, на нивните стопани, зошто тоа да не можат да го сторат и луѓето. Еве, јас барам специјален третман ако, не дај боже, утре влезам во некоја слаткарница и добијам стомачни болки. Ако сум каснал грчка "труфа" – лесно. Ќе го решиме спорот со преговори во рамките на Привремената спогодба. Ама, што ќе правиме ако случајно се затрујам од "бакљава"? Самиот податок дека труењето настанало по заблажувањето во слаткарницата чиј сопственик е Албанаец, веќе е доволен Министерството за здравство да испрати примероци од "бакљавата" во Институтот за судска медицина во Виена. Јас не ги признавам анализите на нашите институции. И барам Владата да побара помош од Американците. Бидејќи недвосмислено ќе се утврди дека труењето настанало на национална основа, ќе мора да допатува и некој американски лекар од НАТО и да ме прегледа. Затоа што на нашите лекари не им верувам.

2. Пред еден месец, на ова исто место ветив дека ќе побарам оставка од министерката за образование и физичка култура Софија Тодорова, доколку дозволи наставничката во кумановското село Романовце да биде сменета затоа што е мажена за Турчин. Тогаш реков дека по истата логика во моето образложение за оставката на госпоѓата Тодоровска ќе биде доволно да кажам дека не ми се допаѓа нејзината фризура и гласот. Деновиве наставничката е сменета, госпоѓата Тодоровска не си ја смени фризурата, а јас си стојам на зборот.

Среќа што министерката е позната итрица, па ќе се снајде. Го дала на суд директорот што ја сменил наставничката. Откако претходно му рече сам да го реши проблемот. Човекот цели 45 дена сам го решаваше проблемот и на крајот го реши. Министерството го "намести" па сега ќе го "суди".

Не може госпоѓата министерка да се занимава со таму некоиси наставници што навреме не си избрале брачен партнер од своја вера и своја нација. Таа треба да сече ленти и одвреме-навреме да патува во странство. Освен тоа, не е минис-

терка само за образование. Таа е и по спортот. Мора да оди и на натпреварите на кои игра државната репрезентација. Кај што оди – губи Македонија.

3. Претседателот на Републиката Киро Глигоров во Охрид ги прими првите луѓе на софиската компанија "Мултигруп". Претседателот ја презеде истрагата за атентатот во свои раце.

4. Зошто претседателот на МАНУ Ксенте Богоев не се појави на собирот "Србите на Македонија" во Сремски Карловци? Една недела пред овој собир тој се договори со колегите од САНУ за работа на заеднички проекти. Меѓу нив и за испитување на историјата на Македонците. Првите прилози кон научното истражување ги слушнавме на собирот во Сремски Карловци. Бидејќи таму другарите на нашите академици рекоа дека Србите се автохтон народ, а ние "национално несвесни православни словенски елементи што сега се нарекуваат Македонци", нема потреба да се прави заедничко истражување. Впрочем, што може да се очекува од нашите академици кои сè уште не чуле за Меморандумот на САНУ?

5. Како припадник на елемент од "архаична словенска маса без национална свест" нека ми биде дозволено да забележам дека неделава пратениците ја ратификуваа спогодбата со СРЈ. Никој не се потресе што Владата избрзала со примената на Спогодбата и таа функционираше без да биде одобрена од законодавниот дом. Разните филијали за градење вазалски однос кон Белград сега добиваат легитимитет.

Пратеникот на Социјалистичката партија Јован Лазаров ја поздрави спогодбата. Неговиот претседател Љубисав Иванов–Ѕинго кога беше на дневен ред ратификацијата на слична таква спогодба со Словенија бараше таа да се одложи.

Еден ден пред ратификацијата, на членовите на Комисијата за меѓународна политика на Собранието во материјалите за спогодбата со СРЈ им беше даден само анекс на српски јазик. Ништо чудно. Истата зграда во Кралството Југославија беше седиште на Вардарска бановина.

6. Како што почнала Светската српска заедница (внимавај на ова "светска"!) да ги истражува корените на Србите, ништо чудно сега, кога ни кажаа кои сме и што сме, да им се свртат на Кинезите. За нас го решија проблемот. Името Македонци ни го наметнале Ватикан, Коминтерната, Тито, папата, Американците, НАТО.... Ама, кој ли им наметна на Србите во Кина да имаат коси очи!?

# БРАНКОВО ЧЕШМИЧЕ

**26 октомври 1996**

## • Бранко пушти вода, а Фрчко се фати на оро

1. Зошто предизборната кампања не трае подолго? Навистина, претставувањето на кандидатите за локалните избори е крајно здодевна забава. Меѓутоа, доколку некои од нив имаат повеќе време во кампањата, ќе можат докрај да ги реализираат своите активности. Токму за време на предизборната кампања во државата забележуваме големи работни победи, генијални идеи, значајни активности...

Токму деновиве во Скопје се одвива акцијата за чист град. Извршниот одбор на Градското собрание реши да им даде метли на стечајните работници (веројатно за одреден хонорар), за наместо да седат дома да работат за доброто на сите. Тоа што претседателот на Извршниот одбор е независниот кандидат за градоначалник Фуфо, нема никаква врска со изборите. Исто како што, претпоставувам, нема никаква врска тоа што "Макпетрол" преку медиумите порачува дека бензин ќе има доволно. До изборите или и по нив! Ќе ни биде соопштено преку нивната телевизиска станица, чиј директор Дарко Марковиќ е кандидат за градоначалник. Конечно ќе се поплочува и Камениот мост. Со камен од "Силекс". Ова нема никаква врска со Ѕинго. Ниту пак со фудбалот. Иако Ѕинго лично може да биде задоволен. На овој начин "Силекс" и дефинитивно ќе го премости "Вардар".

2. Врвен научно-технолошки дострел на прагот на 21-от век и на прагот на локалните избори во Македонија е – пуштањето вода. Премиерот Бранко Црвенковски подеднакво ги уважува саемот "Технома" во Скопје и селскиот водовод во новата општина Старавина во Мариово. Дури мислам дека во Мариово му беше позабавно.Таму барем се случи нешто конкретно. имаше врзано чешмиче со црвена панделка. Премиерот мораше да се помачи за да го разврзе јазолот. Видовме дека го бива и за тоа. Потоа ја одврте славината. На тој начин демантираше дека постојано ги завртува славините. Ни за милиметар не се повлече кога ја скршија стомната пред неговите нозе. Значи – непоколеблив е и не отстапува. И на крајот од свечената церемонија во Старавина настана вистинско одушевување и олеснување. Бранко пушти вода.

Баш убаво што премиерот пушти вода во Мариово. Според традиционалното верување во овие краишта – ќе ни тргне на арно. Не ќе беше лошо ако по свеченоста си ја земеше в џеб разврзаната црвена панделка со која беше закитена чешмата. Ќе му треба за вежби. Ако сè уште не научил како се врзуваат машни.

3. Од идниот скопски градоначалник бараме да ги отстрани од градските улици запрежните возила. Препорачливо е да биде добар со полицијата. Затоа што полицајците и во предизборната кампања сериозно ја сфатија пораката на скопјани дека сакаат улици без запрежни возила. Како, на пример, извесниот

Драган Анѓелковиќ, со прекар Аркан, од полициската станица во Драчево, кому му пречело запрежното возило на еден шеесетгодишен драчевчанец, па затоа му ја скршил вилицата. Два пати.

Проблем е како овој ефикасен начин на отстранување на запрежните возила од градскиот сообраќај ќе се дополни со другите служби во градот. Погледнете ги листите на кандидати за градоначалници речиси во сите општини во државата. Има многу професори и лекари. Ако професорите ги напуштат училиштата, кој ќе ги учи полицајците културно и демократски да ги кршат вилиците? А, бидејќи и болниците ќе останат без лекари, ако овие станат градоначалници, сиромашките луѓе што ќе ги претепа полицијата ќе нема кој да ги лекува.

4. Тито повторно меѓу скопјани. На џез-фестивалот концерт имаше порто-риканскиот џезер Тито Пуенте. За време на концертот во Универзалната сала можеше да се слушне скандирање: "Тито, Тито..."

Нашиот Тито не беше таа вечер во Универзалната сала. Беше во Делчево на предизборниот митинг на СДСМ. Држеше историски час за локалните избори. Тито зборуваше за Гоце Делчев.

И министерот Љубомир Фрчковски го немаше оваа година толку редовно на џез-фестивалот, како минатите години. Македонскиот Мик Џегер го сменил музичкиот правец. Станал играорец. На сцената на Домот на културата во Битола играше оро меѓу сопартијците Тито Петковски и Љубомир Поповски. Ете, и Фрчко се фати на оро.

5. Ова изборите се најлошата работа што можеше да ни се случи на нас – новинарите. Мери збор за овој, мери збор за оној, премолчи ова, премолчи она, не објавувај нешто за да не се сфати како пропаганда, не објавувај нешто за да не се сфати како критика... Како и да ја завртиш работата, сите ќе бидат незадоволни од новинарите, сите ќе лепат етикети, ќе те ставаат во непријатана позиција да се браниш и објаснуваш.....

Не се ни потрудив да ги совладам правилата на медиумско претставување на кандидатите. Многу ми беа сложени. Затоа најдобро да ги ставам настрана сите наши кандидати. Да сме здрави и живи, ќе им се осврнам кога ќе ги изберат. Сега ви ги оставам вам. Јас ќе известувам за претседателските избори во САД. Се надевам дека Клинтон и Дол нема да имаат забелешки.

# ИЗБОРЕН МОЛК

**16 ноември 1996**

## • На кафе кај Претседателот

1. Нема понепријатана ситуација од рубриката насловена со "Сакам да кажам" да се пополнува во време на предизборен молк. Не знам како ќе преживееме овие два дена без главните јунаци на телевизиите и по весниците. Ќе биде шокантно да се вратиме на нормални теми.

Имав голема среќа изборната кампања да ја преседам далеку од дома - во Америка. Таму ја следев кампањата на Клинтон и Дол и само можев да замислам што се случува дома. Прв пат во животот ми се случило моите пријатели и најблиските роднини, кога ќе се слушневме по телефон, да ми речат: "Многу сме среќни што не си тука!" Демек, се плашеле да не кажам нешто што не треба. Сега, кога се вратив, ми порачуваат за следните парламентарни избори да одам некаде уште подалеку. Има ли некој службен пат за Марс!?

Морам да признаам дека по тринеделно отсуство од државава, ова ми се виде многу убаво место за живеење. Никогаш не сме се изнагледале толку среќни луѓе по улиците, толку убаво зачувана стара архитектура, толку зеленило по градовите, толку пријателски расположена власт и работни победи. Да не беа рекламните спотови на партиите и на кандидатите за градоначалници, сè уште ќе живеев во заблуда дека живеам во некој друг град и некоја друга држава.

2. На еден брифинг во американскиот Стејт департмент одговорниот службеник за Македонија, зборувајќи пред групата од осум новинари од нашата земја, неколку пати ги употреби зборовите: импресивно, одлично, исклучително, добро... Ние со внимание ги слушавме овие фалби за Македонија и кога дојде ред на нас да поставуваме прашања, првото логично прашање кое ни дојде на ум беше: " Се извинуваме, да не сме влегле во некоја друга просторија, да не требало тука да има брифинг за некоја друга држава, дали вие зборувате за истата држава во која што ние живееме..." Не било грешка. Кога се вративме, видовме на спотовите каде живееме. Како на филм.

3. Мислам дека сега е вистинското време кога ќе почнам да се придржувам кон законитоста за молчење...

4. Претседателот Киро Глигоров не е кандидат ниту за градоначалник ниту за општински советник. Освен тоа внимаваше како да остане настрана од досегашната изборна трка, иако се обидуваа да го вклучат. Затоа за него не важи изборниот молк.

Претседателот завчера прими делегација на партијата Нова демократија. Да нема недоразбирања, не се работи за грчката силна опозициона Нова демократија, туку за некоја српска Нова демокрација, за која и во самата Србија не им е јасно со каква ориентација е, иако на последните избори влезе во победничката коалиција како приврзаник на партиите на брачниот пар Милошевиќ – Марковиќ. Претседателот на државата веројатно во текот на кампањата за локални избори немал сериозни државнички работи штом примил претседател на некоја мала партија од соседството. Можеби, зафатени со митинзите и претставувањата, лидерите на нашите партии немале време да се сретнат со гостите од Србија. Иако најверојатна варијанта е дека, едноставно, Нова демократија не можела да најде соодветна на нив македонска партија.

Дошле "дечките" од Белград и немало кој да ги прими. За да го спаси образот на Македонците како гостопримлив народ, се понудил претседателот на државата. Што е важно што посетата не била на ниво? Важно е дека кај претседателот може секој да влезе. Одиме кај Киро на кафе? Одиме!

5. Уште една авионска несреќа во која како можна причина се наведува незнаењето англиски јазик на пилотите од некогашниот Советски Сојуз. По распаѓањето на СССР и осипувањето на империјата "Аерофлот", во бившите советски републики, а и во самата Русија се формираа многу таканаречени "компании-бебиња" со чии авиони управуваат пилоти кои во старите времиња на "Аерофлот" летаа на домашни линии и не им требаше англиски јазик, како универзален во воздухопловната комуникација. Тие евтини авиони, со евтини екипажи, можат да се најдат изнајмени и надвор од границите на Русија и бившите советски републики.

На охридскиот аеродром, во гордата македонска флота на она што се нарекува македонско воздухопловство, деновиве можат да се видат три руски авиони со кои управуваат руски екипажи.

Во декември 1993 година се случи голема авионска несреќа во близината на Охрид со изнајмен руски авион, со кој управуваше руски пилот. Извештајот за причините зошто авионот го промаши аеродромот и се најде на околните охридски планини сè уште го нема. Изборниот молк трае скоро три години.

# ДЕВЕТТИОТ КРУГ

**23 ноември 1996**

## • Ако Албанците не се бунат, изборите се регуларни

1. Според резултатите од првиот круг на локалните избори, на прво место е СДСМ. На второ – ВМРО-ДПМНЕ. За да откриеме кој се наоѓа на трето место ќе организираме мала квискотека.

Јас сум "особа А", се викам Петар Гошев и мојата партија е на трето место. Јас сум "особа Б", се викам Стојан Андов и мојата партија е на трето место. Јас сум "особа Ц", се викам Љубисав Иванов и мојата партија е на трето место. Одговорете на паршањето: Која личност е лидерот на партијата што се наоѓа на трето место? Се вклучува ПДП и вложува "Квиско". Без потреба, зашто "Квиското" на ПДП ги зголемува поените на првопласираната партија. И таман кога на екранот се појавува госпоѓата претседателка на жири-комисијата Лилјана Ристова–Ингилизова, ја прекинува Оливер Млакар со најава на рекламни пораки: "Жал ми е, вашето време истече, ќе се видиме следната сабота". На госпоѓата Ингилизова ѝ олеснува. До следната сабота, Државната изборна комисија, по вонредни напори и за извонредно кусо време од само две недели, белким ќе успее да ги изброи гласачките ливчиња од сите општини во државата.

2. Изборните резултати покажуваат некои нелогичности. Во местата каде што власта се покажа како агилна во решавањето на комуналните проблеми, граѓаните ѝ ги дадоа гласовите на опозицијата. Еве, на пример, во Старавина. Премиерот Црвенковски на селаните им пушти чешма. А тие го преведоа жеден преку вода. Кандидатот на СДСМ се најде на трето место. Џабе Бранко пушташе вода.

3. Жените од Скопје завчера вечер организираа хуманитарна акција "Тортијада". Во скопскиот хотел "Гранд" се натпреваруваа која ќе направи поубава торта и потоа ги продаваа на лицитација, а собраните пари ќе бидат употребени за донација. Среде "Тортијадата" меѓу жените се појавија и кандидатите за градоначалник на Скопје, Ристо Пенов и Јовица Угриновски. Кој по слаткото, кој по жените, важно двајцата кандидати го искористија настанот за политичко претставување пред вториот изборен круг.

Зошто меѓу жените не се појави и независниот кандидат Љупчо Николовски–Фуфо? Да не се налутил оти скопјанките не се натпреваруваат во правење пици? Или веќе му е доста од сладок живот.

На четвртиот кандидат Дарко Марковиќ таму не му беше местото. Тој сака да пецка. Значи дека е по лутото. А сезоната на готвење ајвари и лутеница помина.

По вториот круг жените ќе организираат натпревар во правење расол. Таман ќе стаса расолницата за трезнење. Ќе им треба. Кому од славење, кому од разочарување. Се плашам само дека дотогаш на сите ќе ни скисне.

4. По првиот круг доаѓа втор круг. Некаде, поради поништувањето, ќе има и трет круг. На некои места можеби ќе се организира и четврти круг.

Сè уште има надеж. Има време до деветтиот круг.

5. Посматрачите на изборите од Советот на Европа беа концизни и прецизни на конференцијата за печат што ја одржаа ден по првиот круг. Тие дванаесетмина, посетиле 95 избирачки места, ама врз основа на посетата на само 13 избирачки места во општините во Тетовско, дошле до заклучок дека 25 од сто од граѓаните не биле запишани на избирачките списоци, и тоа до 12 часот. Којзнае, ако останале и попладне, можеби ќе дошле и до 50 од сто.

Гостите од Советот на Европа, научени како и досега да делат лекции на помалку демократските од нив, се појавија самоуверено пред новинарите во државата којашто цело време ја нарекуваа "вашата земја".

Тоа можеби и не им е за забележување, бидејќи со каква леснотија ги оценија изборите, ништо чудно и да не знаеле во која земја пристигнале. Им рекле: "Одете, видете дали ќе се бунат Албанците". Ако Албанците не се бунат, изборите се регуларни.

6. Досега имавме двапати парламентарни избори, сега во тек се и локални избори, во меѓувреме правевме референдум за независна држава и уште не можат да се ажурираат избирачките списоци до таа мера да не фрлаат никаква сенка врз резултатите.

Кога кај нас, со милион и четиристотини луѓе гласачко тело не можат да се средат списоците, сосема ми е јасно зошто Кина не воведува повеќепартиски систем.

7. Американците ставија вето на повторниот избор на Бутрос Гали за генерален секретар на ОН. Од јануари во Палатата на нациите во Њујорк треба да дојде нов прв човек.

Бутрос Гали треба да допатува во Македонија во јануари идната година. Рече дека ќе дојде без разлика дали ќе биде на функција.

Гали ни е кум. Тој ни го смисли прекрасното име "бивша југословенска Република Македонија". Неговото доаѓање ќе има симболичен карактер. Во "бивша..." држава доаѓа бивш генерален секретар.

## ЕСЕНСКО ЃУБРЕЊЕ

**30 ноември 1996**

### • Само цената на проститутките е фиксна

1. Конечно утре ќе избереме градоначалник и супер ќе живееме. Човеците од наше маало ќе се грижат за старите маала, ќе ни прават нови улици, ќе ни ги осветлат градовите, ќе ни направат камп за наркомани, ќе формираат градска банка, ќе изградат ѕидови за графити, ќе ни ја вратат душата, ќе се грижат за хендикепираните, за сите ќе има чашка ракиичка пред ручек, таткото во

прекрасно уредените деловни простории ќе се "фаќа" со млади и згодни секретарки, а мајките во народни носии ќе чуваат бебиња кои потоа ќе пораснат во партиски подмладок...

Одвај чекам веднаш по изборите да заврне снег. Да проработи зимската служба по градовите. Да видиме дека сме се зезнале во изборот.

2. Добро е што сите учесници во изборната трка ја разбираат пазарната економија и ја прифаќаат како свој начин на размислување. Особено меѓу двата круга имаше многу продавање и купување. Некои си ги продадоа партиите, некои си ги продадоа гласовите, некои си купуваа места за во иднина, некои се нудеа, ама не успеаја да постигнат прифатлива цена...

Изминативе денови нашиот весник објави серија текстови за проституцијата и го "ископа" податокот дека само во Скопје има околу 4 илјади проститутки. Поделени се во неколку категории, во однос на работното место. Горе-долу за сите нив цената е утврдена.

Нормално, при вакви трансакции, реагираше и берзата. Како и во секоја нормална држава кога се одржуваат изборите. Порасна вредноста на германската марка во однос на денарот.

Власта вели дека се работи за шпекулантски обид на приватните менувачници да остварат брза заработувачка. Според едно друго објаснување, скокот на марката се поврза со изборната кампања, која исфрли на виделина вишок денари. Партиите своите трошоци за изборните активности главно ги плаќаат во кеш. Тие што ги примаат парите за дадените услуги на партиите ги претвораат денарите во марки. И што добиваме како заклучок? Плаќањето во кеш обично дава широки можности за криење на вистинските износи, не се евидентира кој колку добил, па според тоа, не е јасно и кој колку треба да ѝ плати данок на државата, а може и да се "ескивира" и законското ограничување на средствата употребени за кампањата. Втората работа што логично следува како заклучок е: штом сите брзаат да ги претворат денарите во марки, значи и самите не му веруваат на денарот.

За кого да гласаш кога сите учесници во трката ни зборуваат за стабилен денар и строга финансиска дисциплина?

3. Неколку недели пред воопшто и да почне предизборната кампања за локалните избори, на влезот во зградата во која што живеам некој закачил опомена за станарите со текст "Не фрлајте ѓубре пред гаражите!" Потоа почнаа јавните трибини и соочувања за почист град, се организираше облагородување на животните средини, секаде наоколу "вриштеше" од плакати од кои ни се насмевнуваа кандидатите за градоначалници. Тоа парче хартија залепено на влезната врата им одолеа на сите лепачи на плакати, на сите полноќни пресметки на подмлаткарите на политичките партии, на сите активисти што се "муваа" низ влезот и ни делеа пенкалца и запалки, а патем ги преполнуваа поштенските сандачиња со среќни лица и купишта ветувања... И таман заврши целата оваа бркотница, неколку дена пред вториот круг, дошле луѓето од општинската и

градската изборна комисија, ги залепиле огласите за кого и под кој реден број можеме да гласаме и го тргнале ливчето: "Не фрлај ѓубре..." Им пречело.

Сега знаеме под кој реден број ни е кандидатот за кого сакаме да гласаме. Уште некој да ни каже дали смееме да фрламе ѓубре пред гаражите.

4. Јавното претпријатие за комунална хигиена во Скопје знае каде треба да го фрла ѓубрето. На забранетата депонија "Вардариште". Од пред три дена скопското ѓубре повторно се носи на старото ѓубриште. Некое возило на "Комунална хигиена" имало мала хаварија на новата депонија "Дрисла", поради "несоодветноста на патот низ депонијата". Инаку, спорот на релацијата Јавно претпријатие – Градско собрание сè уште е актуелен и по "свеченото" пуштање на "Дрисла" од пред два месеца.

Во меѓувреме, во рамките на предизборните активности, кандидатите за градоначалник на Скопје пред првиот круг отидоа на "Вардариште" и засадија дрвца. Од резултатите на утрешните избори ќе зависи дали станувало збор само за есенско ѓубрење на садниците.

5. Само во соседна Србија Слободан Милошевиќ нема гајле од изборите. Како и да е, тој си останува на власт.

Се сеќавате ли на лорд Овен, лорд Карингтон, Џани де Микелис, Торвалд Столтенберг, Ричард Холдбрук, Даглас Херд, Козирев, Мицотакис, Јасуши Акаши... Се сеќавате ли на сите можни претседавачи на Европската унија, на сите специјални пратеници, медијатори и преговарачи од цел свет?

Поминаа толку години, нив ги заборавивме... Додека тие се менуваа и си заминуваа, Милошевиќ доби три избори. Балканскиот касап што меѓународната заедница го промовира во балкански миротворец, сега може да стане и јајчар, но останува впечатокот дека политиката е – обичен сматок.

## ПОБЕДЕНИ ПОБЕДНИЦИ

**7 декември 1996**

### • На Бранко ќе му светне кога Гошев ќе набави јајца

1. Да си странски известувач од Македонија и да треба да направиш вест за резултатите од изборите, ќе останеш без класична вест. Што да им соопштам на читателите? Кој победи на изборите?

Деновиве низ градовите и селата низ целата држава се испи толку шампањско, што сериозно се доведени во прашање државните резерви за претстојната прослава на Нова година. Покрај многуте македонски специфики, по овие избори добивме уште една. Победници се – сите. Во која партија да прашаш, во било чиј штаб да се јавиш, ќе ти кажат дека тие се победници на изборите. Останува прашањето: Ако сите се победници, каде да ги бараме поразените? Логиката на

сите избори вели дека на крајот треба да се издвојат победниците од поразените. Според истата логика, многу победници треба да "формираат" и многу поразени. Ако партиите ги добија изборите, дали тоа значи дека граѓаните ги загубија?

2. На ова прашање ќе одговори еден од апсолутните победници, легендарниот Петар Гошев кој, откако со својот кандидат Ристо Пенов и со гласачката машинерија на ВМРО-ДПМНЕ го освои Скопје, се подзанесе дека ќе успее да ја освои и цела Македонија, па сигурен во својата харизма и вродено чувство за лидерство, ги повика граѓаните на Валандово и Ѓорче Петров, доколку бидат поништени резултатите од вториот круг, масовно да му се придружат во протестите на улица.

Господинот Гошев ги гледа секојдневно извештаите од Белград и се воодушевува на помислата колку би бил среќен тој да биде на чело на таков грандиозен собир, а уште посреќен кога во Скопје би го пронашол Слободан Милошевиќ, против чиј режим неговите приврзаници би фрлале јајца.

Сето тоа е добро, особено што не може никому да му се забрани да сонува соништа за себе, само што господинот Гошев има мал проблем. Ќе мора повторно да го моли Љубчо Георгиевски да му позајми дел од неговите регрути, да му го изработат протестот на Гошев, како што му ја изработија победата во Скопје. И второ, ако сака да ги имитира белградските протести, кога веќе не може да смисли ништо пооригинално, ќе мора да набави повеќе јајца. А Гошев за такви работи нема јајца.

3. Власта вчера прослави уште една голема работна победа. Беше пуштена во сообраќај обновената писта на скопскиот аеродром. И тоа со само дваесет дена задоцнување, без довршени излезни патеки и без вградено осветлување според проектот за аеродроми од повисока категорија.

Премиерот Бранко Црвенковски имаше сериозен проблем. Не знаеше како да ја "отвори" пистата. Кога пушта водоводи одвртува славини. Кога гради цармински терминали, се фаќа за лопата. Кога пушта термоцентрали притиска некакви копчиња. Кога промовира мобилна телефонија, вика "Ало!". Што требаше да направи вчера? Да полета со авион, да направи едно крукче и повторно да слета!? Не му се исплатува толкав ризик, сега кога заврши изборите. Освен тоа, вчерашното отворање беше само прелиминарна свеченост. Којзнае дали на премиерот му кажале дека напролет повторно ќе треба да ја пушти пистата. Тогаш ќе ги стават светлата. Дури тогаш ќе му светне дека тој всушност вчера пуштил во употреба недовршен објект.

Којзнае, можеби пуштањето на осветлената писта намерно е оставено за напролет. За секој случај. Можеби дотогаш Гошев ќе издејствува вонредни парламентарни избори. А пред секои избори власта мора да прослави и некоја работна победа. Тогаш ќе се потврди старото правило дека историјата се повторува. На Бранко ќе му светне кога Гошев ќе си набави јајца.

4. Веројатно требаше да дојде крај на мандатот на бугарскиот претседател Жељу Желев, па претседателот Киро Глигоров да изрази жалење дека господинот

Желев нема волја да работи на надминување на пречките меѓу двете држави. Сигурно и намерно му ја смисли лисабонската финта, да го отстрани својот преведувач од разговорите, за да може после во Софија да се пофали дека со Глигоров разговарале на бугарски јазик. Настрана што лажел дека се сретнале сами тие двајцата, кога во просторијата биле дури деветмина од двете делегации, вклучително и нашата преведувачка на англиски јазик.

Желев се пожалил дека од целиот разговор не разбрал само еден збор. Кога зборувале за царински унии, Желев не го разбрал Глигоров, бидејќи македонскиот претседател наместо, како што се занесувал Желев, да му зборува на бугарски и да рече "митница", кажал на македонски – царина. Тука доаѓа и дополнително објаснување за господинот Желев. Ние и на македонски јазик бугарските цариници ги викаме митничари. Затоа што се познати по тоа што бараат и со задоволство примаат мито. Кој не верува нека оди на практика на бугарските гранични премини.

5. Уште една белешка од Лисабон. Во текот на Самитот на ОБСЕ рускиот амбасадор во Португалија доби епилептичен напад. Веста за ова ја јавија сите светски агенции и ТВ мрежи. Она што остана скриено е дека прва помош на рускиот дипломат му укажа лекарот на претседателот Глигоров, кој токму во тој момент случајно се затекнал во близина на рускиот амбасадор.

Ете, понекогаш и малата Македонија може да ѝ биде од корист на големата Русија. Колку да се знае кога повторно ќе побараме продолжување на мандатот на УНПРЕДЕП.

## ПРИВРЕМЕНА КРШТЕВКА 14 декември 1996

**• Ако имаме сложено име, тоа значи дека не сме проста држава**

1. По сè изгледа, повторно ќе одиме во Њујорк на крштевка. Кумовите повторно размислуваат какво смешно име ќе изберат за Република Македонија. Ова "бивша југословенска итн..." им здодеа и им претставуваше проблем за изговарање. Сега се бара ново, привремено, сложено име. Во целата ситуација на барање име, нас најмногу нè радува тоа што тие размислуваат за сложено име. Што, логично, значи дека не сме проста држава.

Велат дека една од варијантите е "Република Македонија (главен град Скопје)". Ова е уште една ујдурма на партијата на власт, зашто во привременото име, што ние, нели, не го сакаме и со индигнација ќе го одбиеме, е и името на главниот град во којшто победи опозицијата. Скопје да го освоеше СДСМ, сигурно немаше ни да пристигне таков предлог. Или, уште подобра варијанта е сложеното име да стане уште посложено. На пример, "Република Македонија (главен град

Скопје, без општините Центар и Карпош)". Така Владата ќе има вистинска причина да се бори против тоа име, без самата да се убедува дека не го сака. Само, мора да им се каже на кумовите дека ние не се предаваме така лесно. Да не мислат дека ќе се задоволиме со ова привремено име. Имаме ние предлози за уште многу привремени и уште многу сложени имиња. И за нив пак да биде виновна опозицијата. Кога ќе им текне по трет пат да ни ставаат привремено име, ќе им предложиме да нè викаат "Република Македонија (со општините Струмица, Штип, Подареш, Старавина, Куклиш, Другово... и сите други каде што изгуби СДСМ)".

И така... Само да не биде врзано привременото име со привремена држава.

2. Некое фантомско здружение на Срби, Македонци и Црногорци од Тетово и Гостивар побара од македонските медиуми да прекинат со известувањето од настаните во Србија и да не се занимаваат со сè и сешто, а особено не со непринципиелни напади врз легитимната власт во СР Југославија. Тоа здружение смета дека македонските медиуми со начинот на известување можат да му наштетат на позитивниот тренд на односите меѓу Македонија и СР Југославија.

Зошто македонските медиуми известуваат за штрајковите и блокадите на земјоделците во Грција? Со тоа можат да им наштетат на преговорите за името во Њујорк. Зошто јавуваме дека бугарската војска ќе оди на принуден одмор? Да не му текне некому дека сега е вистинскиот момент да ги нападнеме. Гледај беља, не само што ќе ги победиме, туку ќе мора и да ги храниме.

Загрижените за македонско-југословенските односи можеби мислат дека македонските медиуми ги измислуваат настаните во Белград. Во Тетово и Гостивар, во истиот термин кога оди дневникот на Македоската телевизија, приватната ТВ станица "Кис" го презема дневникот на Телевизија Србија. А на нивните вести протестите на опозицијата не постојат, така што агилното здружение на Срби, Македонци и Црногорци од Тетово и Гостивар воопшто не треба да се грижи што објавуваат македонските медиуми. И натаму нека си гледаат ТВ "Кис".

3. Во сосема неблагодарна улога минатата недела се најде снимателот на ТВ "Силекс" Ѓоко Поповски. Меѓу новинарите познатиот Гањо, по сите можни војни и демонстрации што ги поминал во светот и кај нас во својот работен век, доживеа да биде нападнат во Облавце и да му биде скршена камерата од тукашни луѓе, заради едни обични локални избори.

Телевизијата "Сител" реагираше со вонредни вести. По неа следеа и официјални и неофицијални реакции во одбрана на новинарството, на правото за информирање, на правото за вистина и слично. Трагично е што овој инцидент се случи со еден високо ценет камерман, кој, без разлика на мотивите за тепачката и одбраните по неа, едноставно, си ја вршел својата работа професионално, како и многупати досега – си молчел и си снимал. Трагично е зашто врз еден професионалец се прекрши на најсликовит можен начин целото вртоверство на политича-

рите. Застанаа во одбрана на новинарството, истовремено манипулирајќи со новинарството.

Во традицијата на македонскиот народ има еден куп поговорки кои предупредуваат на тоа дека ако некому правиш лошо, лошото и тебе ти се враќа. Само два месеца пред инцидентот во Облавце сличен инцидент се случи во Кратово. Тогаш на стадионот на "Силекс" камерманот на телевизијата "А1" добиваше закани дека ќе биде натепан. Тој што ги упатуваше заканите и се "силеше" пред камерите беше токму директорот на "Сител" Горан Иванов. Припадниците на неговото обезбедување, од една приватна фирма за обезбедување, го спречија да не си ја демонстрира силата врз камерманот на телевизија "А1". Инаку, господинот Иванов е син на Љубисав Иванов–Ѕинго, претседател на Социјалистичката партија, под чиешто влијание, веруваме, случајот во Облавце се издигна на ниво на меѓупартиска пресметка на релацијата СДСМ – СПМ.

Колку што се сеќавам, немаше никакви вонредни вести, соопштенија на партии и здруженија, реакции од полицијата. Тогаш немаше политичка потреба да се брани професијата. А потреба од манипулација има во секое време.

4. Не ми е јасно зошто "А1" го стави во конкуренција за гаф на неделата тоа што министерот за одбрана Благој Ханџиски играше индијански танц со една Индијанка? Да бевме Америка, тоа ќе беше само прва вест во вестите. Министерот за одбрана во улога на главатарот Ханџо – прва томахавка, танцува со една скво.

Сите честитки за Ханџиски. Министерот има изградено критериуми. Индијанците се вистински Американци. Староседелци. Тие немаат ништо европско, па и кога играат со нас, барем играат искрено. Да беше девојката евроамериканка, сигурно ќе гледаше како да го препне министерот.

## МАЛКУ УТРЕ

**21 декември 1996**

### • Ќе му рече ли некој новинар на министерот Насер Зибери "Добро утро", за да дознаат пензионерите дали ќе им бидат намалени пензиите?

1. Почнавме да ги уживаме резултатите од завршените локални избори. Поскапе марката, па и покрај ладнокрвноста на Централната банка, не покажува намера да се спушта. Поскапе и бензинот. Велат – минимално. Нешто повеќе од 5 од сто. Масовно се поднесуваат барања за заминување во пензија, зашто, наводно, новите пензионери ќе имаат помали пензиски основици од досегашните...

Навистина, оваа вест за пензионерите беше демантирана. Ама, турканиците во Фондот за пензиско осигурување не престануваат. Што ќе се случува, ќе ни каже ресорниот министер Насер Зибери. Утре. Така барем му вети на новинарот

на телевизија "А1" пред некој ден, кога се навреди оти пред вратата на неговото министерство овој не му рекол "Добро утро!". Безобразни новинари. Наместо да ги убедуваат идните пензионери дека нема потреба да брзаат да ги поднесат документите до Нова година, тие застанале уште наутро пред врата и го чекаат министерот да излезе од автомобилот и да им даде изјава. Е, не оди така! Министерот Зибери беше новинар во "Флака е велазеримит". Постарите генерации новинари го паметат дека тој со страв влегувал и во државните институции кога требало да земе изјава. А сега, овие новиве, приватниве, без срам и перде, од кола и – оп: "Ќе ги намалите ли пензиите?" Е, не оди така! Фино му одврати министерот на неговиот нов колега: "Чекај бе дечко, кажи прво добро утро!" А изјава? Изјава – утре! Малку утре.

Не ги бидува овие новиве, приватниве... Насер Зибери кога беше новинар не правеше така. Затоа и дотурка до министер.

2. Владата во текот на изборната кампања тврдеше дека нема да дојде до покачување на цената на бензинот. Во меѓувреме рафинеријата "Окта"престана да преработува нафта. Правеле "загуба во супстанца". Тоа "загуба во супстанца" е познато од социјалистичките денови. Тогаш загубите ги правеше "Макпетрол". Се однесуваше исто како сега рафинеријата. Штом не им одговараше цената, ќе направеа редици пред бензинските пумпи. Тоа што ни го правеше "Макпетрол", сега ни го прави "Окта". "Макпетрол" беше милениче на социјалистичката држава.

3. Министерот за надворешни работи Љубомир Фрчковски вестите за скорешна реконструкција на Владата ги коментираше со зборовите "забава за народот". Додека премиерот Бранко Црвенковски избира терен и прави сценарио за општонародна журка, Фрчковски не може да чека. Посетува приватни забави. Му беше гостин на Макс ван дер Штул во скопскиот хотел "Континентал". Заедно со една поголема свита од неговото министерство и со претставници на Владата, Собранието и невладини групи.

Медиумите му се налутија на Ван дер Штул зашто му текнало кај нас да си прави тајна журка. Високиот комесар за малцинства на ОБСЕ другиот ден раскажа како си поминале. Ама, што фајде од такво раскажување? Тоа ти е како по некоја домашна забава, па кога се распрашуваш како било, а домаќинот ти одговара "Супер!". Журка како журка, не може да се опише така едноставно. Можеби луѓето таму навистина убаво си поминале, ама штом не си бил таму да видиш и други детали – бадијала озборувањата од гостите. Никому не е да му се верува. Треба со свои очи да видиш кој се опил, кој скршил чаша, кој се фаќал во мракот, на која дама ѝ се скинале чорапите, дали некој се пикал по соби, кој се појавил со "швалерка", дали бундите биле од природно или од вештачко крзно, кој се замачкал со кал на чевлите...

Глупости! Како тоа да е најважна работа на светот. Ние сме демократска држава. Кај нас секој може да си прави што сака. Само да е однадвор. И да е насекиран за правата на Албанците. За правата на Македонците секогаш има – утре.

4. А вчера речиси целиот главен град на државата беше во сообраќаен метеж. На неколку локации низ центарот на Скопје штрајкуваа различни категории штрајкувачи. На едно место градежниците, на друго студентите од Педагошкиот факултет што ја следат наставата на албански јазик, на трето бездомниците од дивовселените станови, на четврто приватните камионџии и таксистите во организација на независниот синдикат.

Истовремено, на десеттиот кат на таканаречениот Работнички дом, претседателот на Сојузот на синдикатите Живко Толевски држеше седница на претседателството со дневен ред: Актуелните прашања во врска со социјално-економската положба на вработените. Колку ли примарно изгледаат блокираните улици во Скопје погледнати од височина рамна на десет ката! Оние од Владата и да сакаат не можат да се качат повисоко од три ката.

5. Во расправата при донесувањето на Законот за заштита на човековата средина, пратеникот Игњат Богдановски рече: "Не со еден, не со два, туку со сите дваесет прсти ќе гласам за овој закон!"

Досега се сомневавме дека пратениците, како што тешко ги собираат на седница, веќе дигнале раце од сѐ. А тие сега почнаа да дигаат и нозе.

6. Сигурно сте го забележале оној мотив на двете птици на поило, што како неформален амблем за Република Македонија е отпечатен како сув жиг во внатрешноста на пасошите. Од неодамна птиците висат и врз главите на оние што држат прес-конференции во зградата на Министерството за надворешни работи.

Како што е познато, не успеавме да донесеме нов грб на државата. Дали птиците на поило, во државата со привремено име за надворешна употреба, не се – привреман грб!?

## ДЕТСКИ БОЛЕСТИ **28 декември 1996**

### • Во времето на Тито важеше онаа "Игранка после састанка"

1. Министерот за надворешни работи Љубомир Фрчковски се разболел. "Нова Македонија" пред некој ден објави дека министерот добил сипаници. Има ли поголем доказ од тоа за тврдењето дека македонската дипломатија боледува од детски болести?

2. Тате, очигледно, има разбирање за детско-адолесцентните проблеми на младите. Според своите уставни надлежности, како што е ред пред Нова година, им ги прости палавостите на децата, ако воопшто ги имало. Зашто, во суштина, се работи за примерни деца. Ама и тие, кога ќе се занесат во игра, знаат да направат беља.

При говорот на претседателот Глигоров пред Собранието ми пречеше што веднаш по него беше закажана друга седница на која се расправаше за буџетот. Па така излезе дека претседателот Глигоров му беше воведничар на министерот за финансии Таки Фити. Добро е што претседателот не остана во салата. Ќе очекувавме да ги брани и буџетските решенија.

Инаку, сега ми е уште појасно зошто во странство Владата на Македонија упорно ја нарекуваат Влада на Глигоров.

3. Пратениците не се отепаа премногу од работа преку годината, па можеа и овие две седници да ги одвојат во два дена. Ако за ништо друго, тогаш барем да му се дадеше малку посвечен и потрадиционален белег на обраќањето на претседателот на државата. Не толку заради Претседателот, ами уште повеќе за – државата. Белким во белезите на државата што ја градиме има место за една убава, државничка традиција – Претседателот да му се обраќа на Парламентот пред секоја Нова година. Или, традиционално и во иднина, шефот на државата ќе држи говор истиот ден кога треба да се изгласа буџетот за наредната година?

Народните избраници и министрите многу сериозно го сфатија обраќањето на Глигоров. Камерата ги фаќаше подзадремани. Сигурно многу читале од материјалите за буџетот претходната ноќ. Таман кога ќе дојдеше камерата до нив, некои се фаќаа за очилата, божем нешто читаат, други ги затвораа очите, божем многу се замислени за тоа што им го говори Претседателот, трети се правеа дека имаат главоболка, па се држеа за глава, само да не се забележи дека умираат за спиење, па главата ја придржуваат за да не им падне...

Оваа ситуација целосно ја оправдува употребата на пејџерите и мобилните телефони кои постојано им свиреа. Претседателот на Собранието Тито Петковски неоправдано се налути и им рече дека Собранието не е телефонска централа. Господинот Петковски не знае дека пејџерите и мобителите на пратениците и минстрите одвреме-навреме беа наштимани да ги будат за да си ги придржуваат умните и замислени глави пред камерата. Освен тоа, пејџерите се многу полезни инструменти. Додека ги немаа, пратениците се занимаваа со многу банални работи. На пример, си ги чепкаа носовите, гледаа голи женски по весниците и си ги чешаа волнените бели чорапчиња.

Не знам дали некој им кажал дека пејџерите не мора да свират, туку можат да се наместат и на вибрирање. Меѓутоа, ако пејџерот вибрира, телото се тресе. На ова се особено чувствителни министрите. Веднаш ќе помислат дека им се тресе местото. Затоа поарно им е да си свиркаат. И министрите и пратениците досега докажаа дека од свиркање немаат гајле. Ама од потреси се и тоа како исплашени.

4. Тито Петковски пронајде генијален начин како да ги натера пратениците да го изгласаат буџетот, а во меѓувреме да не се разотидат по продавниците и новогодишните тезги. Им вети дека веднаш по завршувањето на седницата ќе им приреди коктел.

На овој начин претседателот на Собранието ќе може и во иднина да го решава проблемот со кворумот. Едноставно, на почетокот на секоја седница на прате-

ниците да им вети коктел по завршувањето на седницата. Во меѓувреме да не им дава паузи – за да ги изгладнува. На тој начин и побрзо ќе завршуваат со работа. Одвај ќе чекаат да каснат и да се напијат.

Овој рецепт има само една маана. Идеолошка. Потсетува на времето на раниот социјализам. Во времето на Тито имаше една фраза: "Игранка после састанка!" Ај речи после дека и по Тито не е Тито!

5. Повеќе од две години директорот на Комунална хигиена од Скопје, Сејдо Теофиловски, малтретира над сто илјади жители од населбата Аеродром, "Јане Сандански", Ново Лисиче и Маџари, во близина на дивата депонија "Вардариште", и никој ништо не му може. Едно време викаа дека е спор на релација ВМРО–ДПМНЕ и либерали со СДСМ, па дека во прашање се пари, ама еве работата дојде и дотаму што и Министерството за градежништво и заштита на човековата средина му забрани на директорот камионите на неговото претпријатие да го исфрлаат ѓубрето на "Вардариште".

Забраната почнува да важи од 2 јануари идната година. Како што се покажа Сејдо Теофиловски со инаетењето две години, можеме да очекуваме во новата година никој да не ги празни контејнерите. Бидејќи Сејдо може да прави што сака, ништо чудно, место да му сместат кривична пријава од Министерството, да организира штрајк и да не го собира ѓубрето. Само на тој начин и натаму ќе може да одбива да го носи сметот на новата депонија "Дрисла". Освен тоа, зошто би имале проблем со ѓубрето и смрдеата само стотина илјади жители во близина на "Вардариште"? Нека се задуши во ѓубре цело Скопје.

CIP – Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

323(497.17)"1991/96"

МИХАЈЛОВСКИ, Горан
Сакам да кажам / Горан Михајловски. – Скопје : Нова Македонија, 1997. – 546 стр. : илустр. ; 24 см.

ISBN 9989-9900-0-X

а) Македонија – Политички прилики – 1991-1996

---

Според Мислење на Министерството за култура бр. 08/1-3465/2 книгата подлежи на повластена даночна стапка од 5%